КРАТКА АВТОБИОГРАФИЈА НА ПИСАТЕЛОТ

1. МОЕТО ДЕТСТВО

Родена сум во Горхам, во американската држава Мејн, 26. ноември 1827 година. Моите родители, Роберт и Евникија Хармон, со години беа населени во таа држава. Уште од својата рана младост тие станале ревни и посветени членови на Методистичко Епископалната Црква. Во таа црква тие биле истакнати верници, работејќи полни четириесет години на обратувањето на грешниците и помагајќи го Божјото дело. Во текот на тој временски период доживеале голема радост сите свои деца, а беа осуммина, да ги видат обратени и собрани во Христовото стадо. Меѓутоа, нивната цврста одлучност во поглед на учењето за второто Христово доаѓање, доведе до одвојување на семејството од Методистичката Црква во текот на 1843-та година. {1C 9.1}

Додека сè уште бев дете моите родители се преселија од Горхам во Портланд, друго место во истата држава. Во тоа место, кога имав девет години, ми се случи несреќа која се одрази на целиот мој живот. Додека поминував низ еден обичен крстопат во градот Портланд, во друштво на мојата сестра близначка и една наша школска другарка, едно тринаесетгодишно девојче, налутено поради некоја ситница, потрча по нас заканувајќи ни се дека ќе нè удри. Родителите нè научија никогаш со никого да не се караме, и доколку се најдеме во ситуација некој да нè злоставува или навредува, веднаш да побрзаме дома. Така и постапивме, трчајќи најбрзо што можевме, но ова девојче нè следеше во чекор, носејќи камен во раката. Јас се свртев да видам колку е оддалечена од нас; во истиот тој момент таа го фрли каменот и ме погоди во горниот дел од носот. Зашеметена од ударот паднав онесвестена на земјата. {1C 9.2}

Кога се освестив, видов дека се наоѓам во еден трговски дуќан. Облеката ми беше извалкана од крвта што сè уште течеше од носот разлевајќи се по подот. Еден непознат човек љубезно се понуди да нè одведе дома со својата кочија, но не сфаќајќи ја својата слабост му реков дека подобро е да одам пеш отколку неговата кочија да биде испрскана со крв. Оние кои овде се затекнаа, не сфаќајќи дека мојата повреда е мошне сериозна, ми допуштија да постапам според својата желба. Но кога поминав само неколку метри ме обзеде слабост и вртоглавица; затоа мојата сестра близначка и другарката од училиште ме однесоа до дома. {1C 10.1}

Не можам да се сетам на ништо од она што подоцна се случуваше со мене после тој несреќен случај. Мајка ми ми кажуваше дека три седмици сум била во потполна премаленост, не забележувајќи ништо околу себе. Никој, освен неа, не верувал дека можам да закрепнам, но таа чувствувала дека поради некоја причина сепак ќе преживеам. Една љубезна сосетка која била многу заинтересирана за мене, во еден момент помислила дека сум на умирање. Сакала да купи погребна опрема, но мајка ми рекла: „Не, сè уште;" бидејќи нешто ѝ зборувало дека нема да умрам. {1C 10.2}

Кога повторно се вратив при свест ми се чинеше како да бев во длабок сон. Не можев да се сетам на инцидентот и не знаев која е причината за мојата болест. Кога почна полека да ми се враќа силата, мојата љубопитност ја привлекуваа зборовите на оние што ме посетуваа. Тие со сожалување заклучуваа: „Колку тажно!" „Не би ја препознала!" и слични такви зборови. Побарав огледало, а кога го видов своето лице бев шокирана од потполната промена на мојот надворешен изглед. Секоја црта на

моето лице изгледаше поинаку отколку пред тоа. Поради скршената носна коска лицето ми беше потполно изобличено. {1C 10.3}

Ми беше неподнослива мислата дека својата несреќа ќе ја носам во текот на целиот свој живот. Не можев да видам никакво задоволство во остатокот од животот. Не сакав да живеам, но се плашев и од смртта зошто се чувствував неподготвена. Пријателите кои нè посетуваа ме набљудуваа со сожалување и ги советуваа моите родители по судски пат да бараат оштета од родителите на девојчето кое, според нивните зборови, доживотно ме унесреќило. Меѓутоа, мајка ми беше за мирно решение. Ако со тужбата би можело да ми се врати здравјето и природниот надворешен изглед тогаш би можело да се добие нешто од тоа, рече таа, но бидејќи тоа е неможно, најдобро е да не си создаваме непријатели на таков начин. {1C 10.4}

Лекарите помислувале во носот да ми вградат некоја ортопедска направа од сребрени жици за да го повратат неговиот природен облик. Тоа, меѓутоа, би било мошне болно, а се плашеле и дека малку ќе користи. Бидејќи загубив многу крв и претрпев сериозен нервен потрес, моето оздравување беше сосем неизвесно. Ако воопшто преживеам, според нивното мислење, би можела да живеам уште кратко време. Ослабнав толку многу што изгледав како костур. {1C 11.1}

Во тоа време почнав да се молам на Господ да ме подготви за смртта. Кога пријателите со христијанско убедување ни доаѓаа во посета често ја прашуваа мајка ми дали разговарала со мене за смртта. Јас тоа го слушав и бев поттикната на подлабоко размислување. Сакав да бидам вистинска христијанка и сесрдно се молев за проштавање на гревовите. По молитвата чувствував мир во душата и љубов кон сите околу мене, сакајќи на сите да им бидат простени гревовите и да почувствуваат љубов кон Христос како што чувствував и јас. {1C 11.2}

Добро се сеќавам на една зимска ноќ кога снегот ја покри земјата. Небото беше осветлено и изгледаше црвено и гневно; изгледаше како наизменично да се отвора и затвора, додека снегот наликуваше на крв. Мајка ми ме подигна од постелата и на раце ме одведе до прозорот. Мислев дека Христос доаѓа; бев среќна и копнеев да Го видам. Срцето ми беше полно, плескав со рацете од радост мислејќи дека дојде крајот на моите страдања, но набргу се разочарав - необичната појава ја снема од небесниот свод, а следното утро сонцето изгреа како и обично. {1C 11.3}

Силата ми се враќаше многу бавно. Кога повторно бев во состојба да им се придружам на моите врсници во играта, бев приморана да учам горка лекција за тоа колку нашиот личен изглед влијае на промените во однесувањето на нашите другари и познаници. Во времето кога ми се случи несреќата мојот татко не беше дома. Се наоѓаше во Џорџија. Кога се врати ги прегрна моите браќа и сестри, а потоа праша и за мене. Додека плашливо се повлекував, мајка ми се сврте кон мене, но мојот роден татко не ме препозна. Тешко можеше да поверува дека тоа сум јас, неговата мала Елена која само пред неколку месеци ја остави како здраво и среќно дете. Тоа длабоко ги повреди моите чувства. Се трудев да изгледам весело, иако срцето ми се кинеше од болка. {1C 11.4}

Во тие денови од моето детство, многу пати, мошне болно и длабоко ја чувствував својата несреќа; бев премногу чувствителна и тоа ме правеше многу несреќна. Со повредена гордост, измачена и потиштена во душата, барав некое осамено место и со мрачни мисли размислував за неволјите и тешкотиите што секој ден морав да ги поднесувам. {1C 12.1}

Бев лишена и од олеснувањето што го носат солзите. Не можев лесно да заплачам, како мојата сестра близначка; иако срцето ми беше полно со тага и ме болеше како да се раскинува на парчиња, не можев да пролеам ниту една солза. Често си помислував дека моите страдања би се намалиле кога би можела да се исплачам. Понекогаш љубезното сочувство на пријателите ја растеруваше темнината во мојата душа и за извесно време го отстрануваше товарот што го тиштеше моето срце. Колку суетни и безвредни ми изгледаа сите овоземни задоволства во тоа време! Колку непостојана наклоноста и пријателството на оние кои ме познаваа! Дури и тие мали другари и другарки не се разликуваа значајно од возрасните. И нив ги привлекува убавото лице и облека, но кога несреќата ќе го одземе сето тоа, минливото пријателство брзо се оладува и раскинува. Но секогаш кога му се обраќав на мојот Спасител, Тој ме утешуваше. Во своите страдања и тегоби сердно се обраќав на Господа во молитва и секогаш бев утешена. Се осведочив дека Исус ме сака дури и мене. {1C 12.2}

Изгледаше дека за моето оздравување не постои скоро никаква надеж. Две години не можев да дишам низ нос, а на училиште одев нередовно. Ми се чинеше дека воопшто не сум во состојба да учам, а особено не можев да помнам. Учителот за редар на одделението го постави токму она девојче што ме повреди, а нејзината должност, меѓу останатото, беше и да ми помага во пишувањето и во останатите предмети. Нејзе искрено ѝ беше жал што ми ја нанесе таа голема несреќа, иако јас највнимателно настојував да не ја потсетувам на тоа. Таа беше секогаш нежна и трпелива кон мене. Се гледаше дека е загрижена додека гледаше, како под тешки околности, се обидувам да го продолжам школувањето. {1C 12.3}

Нервниот систем ми беше потполно скршен, а раката така ми трепереше што многу тешко напредував во пишувањето и не можев да постигнам ништо повеќе од едноставно препишување со невешта рака. Бидејќи упорно настојував да го сосредоточам вниманието на учењето, буквите почнуваа да ми играат пред очите, ми течеа крупни капки пот по челото и повторно ме обземаше немоќ и вртоглавица. Ме мачеше тешка кашлица и целиот организам ми беше неотпорен. Учителите ми препорачуваа да го напуштам училиштето и да прекинам со школувањето сè додека не ми се подобри здравствената состојба. Најтешка борба во мојот млад живот беше кога, скршена од слабост, морав да се согласам да го напуштам училиштето, губејќи ја секоја надеж дека ќе стекнам образование. {1C 13.1}

Три години подоцна се обидов уште еднаш да продолжам со школувањето. Но штом повторно започнав да учам, здравствената состојба брзо ми се влоши, и стана очевидно дека школувањето ќе можам да го продолжам само по цена на животот. По својата дванаесетта година повеќе не одев на училиште. {1C 13.2}

Мојата амбиција за учење и стекнување на образование беше многу голема и кога, размислувајќи за своите неостварени надежи, сфатив дека ќе останам доживотен инвалид, не можев да се помирам со својата судбина, така што понекогаш мрморев и против Божјото провидение со кое бев толку болно погодена. Да се доверев поотворено на мајка ми таа би ме поучила, утешила и охрабрила, но јас своите мачни чувства ги криев од семејството и пријателите, плашејќи се дека нема да бидат во состојба да ме сфатат. И онаа среќна доверба во Христовата љубов, што ја имав во текот на болеста, исчезна. Изгледите дека ќе бидам радосна и задоволна на земјата беа уништени, а и небото како да беше затворено за мене. {1C 13.3}

2. МОЕТО ОБРАТУВАЊЕ

Во текот на месец март, 1840 година, Вилијам Милер го посети Портланд, Мејн, и ја одржа првата серија предавања за второто Христово доаѓање. Тие предавања предизвикаа големо возбудување, така што христијанската црква во улицата Каско, каде зборуваше господин Милер, беше преполна ден и ноќ. На тие собири немаше никакво незауздано возбудување. Напротив, длабока сериозност ги обземаше мислите на слушателите. Интересот беше голем не само во градот, туку и од околните села и места луѓето масовно доаѓаа, носејќи со себе корпи со храна, и остануваа од утрото се до завршетокот на последното вечерно излагање. {1C 14.1}

Во друштво на своите пријатели и роднини присуствував на тие состаноци и ги слушав потресните навестувања дека Христос ќе дојде во 1843-та година, значи за само неколку кратки години. Господин Милер ги изнесуваше пророштвата со таква точност која трогателно ги осведочуваше срцата на слушателите. Тој се задржуваше на одредени пророчки периоди, изнесувајќи мноштво докази за да ги поткрепи своите тврдења. Слушателите беа восхитени од неговото сериозно и силно апелирање и од поттикнувањата упатени до оние што не беа подготвени. {1C 14.2}

Беа одржувани и посебни собири на кои, на грешниците им се укажуваше прилика да го побараат својот Спасител и да се подготват за страшните настани кои треба наскоро да настапат. Сите луѓе од градот беа длабоко осведочени и обземени од чувство на страв. Беа воведени молитвени часови и настана општо будење во многу верски заедници, зошто сите, помалку или повеќе, беа под влијанието на учењето за Христовото скоро доаѓање. {1C 14.3}

Кога грешниците беа повикани да ја изразат својата загриженост и желбата за промена, стотици се одзиваа на тој повик и јас, меѓу останатите, се протуркав низ мноштвото и заседов место меѓу оние што бараа спас. Но, во срцето чувствував дека никогаш нема да бидам достојна да се наречам Божје дете. Недостатокот на самодоверба и осведочувањето дека на никого не можам да му ги објаснам своите чувства, ме спречуваа да побарам совет од своите христијански пријатели и роднини. Така талкав во темнината на очајот, додека тие, не можејќи да проникнат во причините за мојата отуѓеност, не знаеја ништо за мојата вистинска состојба. {1C 14.4}

Една вечер мојот брат Роберт и јас се враќавме дома од состанокот каде слушавме највпечатливи излагања за претстојното Христово царство на земјата, кога потоа и на христијаните и на грешниците им беше упатен најсесрден повик да се подготват за претстојниот суд и Христовото повторно доаѓање. Мојата душа беше мошне возбудена од она што го слушнав, а срцето обземено од толку длабоко осведочување што се плашев дека Господ не ќе може да ме трпи ни додека стигнам дома. {1C 15.1}

Во ушите сè уште ми одѕвонуваа зборовите: „Близу е големиот Господов ден, и бргу доаѓа! Кој ќе се одржи кога Тој ќе се појави?” Моето срце молеше: „Поштеди ме, о Господе, барем уште оваа ноќ! Не земај ме во моите гревови. Смилувај се на мене; Спаси ме!” Прв пат се обидов моите чувства да му ги објаснам на мојот брат Роберт, кој беше две години постар од мене. „Нема да се осмелам да заспијам,” му реков, „ниту ќе најдам мир додека не се осведочам дека Бог ми ги простил гревовите”. {1C 15.2}

Не ми одговори веднаш, но причината за неговото молчење набргу ми стана јасна. Сочувствувајќи со мене во мојата потиштеност, тој заплака. Тоа ме охрабри уште повеќе да му се доверам. Му кажав дека ја посакував смртта во деновите кога животот ми изгледаше претешко бреме, но му нагласив дека мислата, дека би можела да умрам во

сегашната грешна состојба и да бидам засекогаш загубена, ме исполнува со ужас. Го прашав за неговото мислење за тоа дали Бог ќе ми го поштеди животот ако оваа ноќ ја поминам во најсердна молитва. Тој одговори: „Верувам дека ќе го стори тоа ако му се обратиш во вера, а и јас ќе се молам за тебе и за себе. Елена, не смееме никогаш да ги заборавиме зборовите што ги слушнавме вечерва!” {1C 15.3}

Кога стигнавме дома, долгите часови на ноќта ги поминав во молитви и солзи. Една од причините што ме наведуваа своите чувства да ги кријам од пријателите и роднините беше стравот дека од нив ќе слушнам само зборови на обесхрабрување. Имав толку малку надеж, а и верата ми беше така слаба што, кога и другите би имале слично мислење за мојата духовна состојба, се плашев дека ќе паднам во потполн очај. Сепак копнеев да имам некој кој би можел да ми каже што треба да правам за да се спасам, кои чекори да ги преземам за да се приближам до својот Спасител и потполно да Му се предадам. Сметав дека воопшто не е лесно да се биде христијанин и дека тоа бара исклучителни напори од моја страна. {1C 16.1}

Во таква душевна состојба бев неколку месеци. Со родителите, според својот обичај, одев на состаноците на методистите, но откако се заинтересирав за скорото Христово доаѓање присуствував и на состаноците на улицата Каско. Следното лето родителите ме поведоа на методистичкиот црковен собор Бокстон, Мејн. Бев цврсто решена овде најсердно да го побарам Господ и, ако е можно, да добијам проштавање на гревовите. Со сето срце копнеев за христијанска надеж и мир што доаѓа со верувањето. {1C 16.2}

Бев многу охрабрена слушајќи го објаснувањето на зборовите на Естира: „Така подготвена ќе влезам кај царот,” „па ако треба да загинам, ќе загинам”. (Естира 4:16). Во своето излагање, говорникот ги посочи оние кои се колебаат меѓу надежта и стравот; тие копнеат, преку Христовата љубов која проштава, да бидат избавени од своите гревови, но неодлучноста и стравот од неуспех ги држат во сомневање и ропство. На таквите говорникот им препорача без одложување да му се предадат на Бога и да се доверат на Неговата милост. Така во Христа ќе најдат сочувствителен Спасител, подготвен да им го даде скиптарот на милоста, како што и Асвир во наведениот пример и укажал наклоност на Естира. Сè што се бара од грешникот кој трепери пред Божјото присуство е да го допре со раката на верата скиптарот на Неговата благодат. Самиот тој допир ќе му осигура проштевање и мир. {1C 16.3}

Оние кои очекуваат да станат достојни за божествената наклоност, пред да се осмелат да се потпрат на Неговите ветувања, се во судбоносна заблуда. Само Христос може да нè исчисти од гревот и да ни ги прости нашите престапи. Тој се заложува молитвите на оние што доаѓаат кај Него со вера, да стигнат до престолот на милоста и да бидат примени. Мнозина имаат замаглена претстава за тоа и мислат дека мора да вложат посебни напори за да ја задобијат Божјата благонаклоност. Меѓутоа, напразно е да се надеваме на своите заслуги. Грешникот може да стане Божје дете полно со надеж, само ако со вера дојде кај Христос. Во тие зборови најдов утеха и патоказ во поглед на тоа што треба да правам за да бидам спасена. {1C 16.4}

Тогаш појасно го согледав патот пред себе, а темнината почна да се повлекува. Најсердно побарав проштавање на гревовите стремејќи се со сета сила потполно да му се предадам на Господа. Сепак често душата ми беше обземена од длабока потиштеност, бидејќи не доживував духовен восхит, кој требаше според моето тогашно сфаќање да биде очевиден доказ дека Бог ме прима. Без тоа не се осмелував да сметам дека сум обратена. Колку ми недостасуваше вистинско упатство за едноставноста на тој процес! {1C 17.1}

Додека клечев пред олтарот, заедно со останатите кои го бараа Господа, во себе постојано ги повторував зборовите: „Помогни ми, Исусе! Спаси ме за да не пропаднам! Нема да престанам да се молам сè додека мојата молитва не биде примена и моите гревови простени!” Се чувствував беспомошна и слаба како никогаш дотогаш. Додека клечев молејќи се, одненадеж товарот го снема и во срцето почувствував олеснување. Ме обзеде чувство на вознемиреност, и затоа се обидов на себе повторно да го ставам бремето на потиштеност. Ми се чинеше дека немам право да бидам радосна и среќна. Но имав впечаток дека Христос ми е мошне близу; бев оспособена да Му пријдам со сите свои страдања, со несреќата што ме снајде и со неволјите, и да побарам олеснување, како што тоа го правеле болните и несреќните кога Тој бил на земјата. Во срцето чувствував сигурност дека Тој навистина ги разбира моите посебни неволји и дека сочувствува со мене. Никогаш нема да ја заборавам таа драгоцена сигурност на Христовото нежно сочувство кон некој кој е толку недостоен за Неговото внимание. Во тие неколку моменти, додека наведната клечев со останатите поклоници, научив повеќе за Христовиот божествен карактер од било кога порано. {1C 17.2}

Една од мајките во Израел дојде до мене и ме запраша: „Драго дете, дали го најде Исуса?” Само што ја отворив устата, а таа воскликна: „Да, навистина си Го нашла. Неговиот мир се гледа на твоето лице!” Постојано ми се наметнуваше прашањето: „Дали е можно тоа да е резултат на верата? Да не сум во заблуда?” Ми се чинеше дека за мене е премногу да полагам право на такво нешто; тоа би било преголемо предимство. Иако бев премногу плашлива за тоа отворено да го кажам, чувствував дека Спасителот навистина ме благослови и ми ги прости гревовите. {1C 18.1}

Набргу потоа состанокот беше завршен, и ние тргнавме дома. Душата ми беше исполнета со впечатоци, проповеди, поттикнувања и молитви кои овде ги слушнавме. Дури и во природата сè изгледаше поинаку. Додека траеше состанокот времето беше облачно и врнежливо, а и моето расположение беше слично на времето. Сега сонцето блескаше чисто и јасно, преплавувајќи ја земјата со светлина и топлина. Дрвјата и тревата изгледаа свежо зелени, а и небото имаше изразено сина боја. Целата земја како да се радуваше во Божјиот мир. Така зраците од Сонцето на Правдата навлегоа низ облаците во темнината на мојата душа, и ја растераа нејзината стушеност. {1C 18.2}

Ми изгледаше како секој да е во мир со Бог и оживеан од Неговиот Дух. Сè на што мојот поглед се задржуваше изгледаше поинаку. Дрвјата изгледаа многу поубави, а птиците пееја попрекрасно од било кога порано; со своето црцорење го славеа и фалеа Творецот. Не се осмелував да зборувам, плашејќи се да не исчезне среќата што ја доживував и да не останам без овој драгоцен доказ на Христовата љубов кон мене. {1C 18.3}

Кога се приближувавме до нашата куќа во Портланд, поминавме покрај некои луѓе кои нешто работеа на улицата. Тие меѓу себе водеа вообичаени разговори за работата, но моите уши беа затворени за сè друго освен за оддавање слава и благодарност на Бог, и нивните зборови до мене допираа како пријатно благодарење на Бога и радосно воскликнување: „Осана!” Свртувајќи се кон мајка ми кажав: „Зошто сите овие луѓе го фалат и слават Бога, а не беа со нас на црковниот собор?” Не сфатив веднаш зошто во очите на мајка ми се појавија солзи и нежна насмевка го огреа нејзиното лице, додека ги слушаше моите простодушни зборови, кои ја потсетија на искуството што и самата го доживеала. {1C 18.4}

Мајка ми беше љубител на цвеќето и со задоволство го негуваше, за својот дом да го направи привлечен и пријатен за своите деца. Меѓутоа, нашата градина никогаш не

ми изгледаше толку прекрасна како тој ден кога се вративме од состанокот. Во секоја грмушка, во секој цвет и пупка ги препознавав изразите на Христовата љубов. Сета таа убавина немо зборуваше за Божјата љубов. {1C 19.1}

Во градината имавме еден прекрасен розов цвет кој го нарековме „Саронска роза". Се сеќавам како се приближив до тоа цвеќе и со длабока почит ги допрев неговите нежни венечни ливчиња кои во моите очи изгледаа како светилиште. Срцето ми беше преполно со нежност и љубов кон тие прекрасни творби на Божјата рака. Во цвеќето што ја украсува земјата согледував божествена совршеност. Бог се грижи за нив, и Неговото око кое гледа сè, е врз нив. Тој ги создаде нив а и за тој дел од создавањето рече дека е добро. {1C 19.2}

„О," помислив, „кога Тој толку го сака цвеќето кое го украсил со нежна убавина, и се грижи за него, со колку ли поголема нежност и љубов ги чува Своите деца кои ги создал според Својот образ. Тивко повторував во себе: „Јас сум Божје дете, опкружено од сите страни со Неговата љубов и Неговата татковска грижа. Ќе бидам послушна и нема да правам ништо што не му е Нему по волја. Ќе го фалам и славам Неговото драго име и секогаш ќе го љубам Него". {1C 19.3}

Својот живот сега го гледав во сосема поинаква светлина. Болката што толку го затемни моето детство како да ми беше дадена за мое добро, моето срце да се одврати од светот и неговите измамливи задоволства, а мојата наклоност да биде насочена кон непоминливите привлечности на небото. {1C 19.4}

Набргу по нашето враќање од црковниот собор, заедно со уште неколку други бев примена на проверка за прием во членството на црквата. Што се однесува до крштавањето, бев мошне добро упатена. Иако млада, сфатив дека Светото Писмо одобрува само еден начин на крштевање, и тоа со нурнување во вода. Некои од моите сестри во методистичката црква залудно се обидуваа да ме осведочат дека и попрскувањето со вода претставува библиско крштавање. Методистичкиот проповедник се согласуваше кандидатот да го нурне во вода ако овој според својата совест тоа изрично го бара, иако според неговата изјава и самото прскање со вода е исто така прифатливо пред Бог. {1C 19.5}

И така дојде времето да пристапиме кон тој свечен обред. Денот беше ветровит кога ние дванаесетмина слегнавме во морето за да бидеме крстени. Брановите се дигаа високо заплиснувајќи го брегот, но бидејќи го прифатив тој тежок крст мирот во мојата душа беше постојан како река. Кога излегов од водата силата готово ме напушти, бидејќи Божјата сила се спушти на мене. Чувствував дека од сега веќе на припаѓам на овој свет и дека од водениот гроб воскреснав во нов живот. {1C 20.1}

Истиот ден попладне, бев примена во членството на црквата. До мене стоаше една млада жена која исто така беше кандидат за прием во членството на црквата. Душата ми беше среќна и смирена додека не ги здогледав златните прстени како блескотат на раката на таа сестра и големите упадливи обетки на нејзините уши. Потоа забележав дека и нејзината дамска шапка е украсена со вештачко цвеќе и набори од скапоцени ленти. Таквата гордост и суета на една сестра, која тврди дека е следбеничка на кроткиот и добар Исус, ја затемни мојата радост. {1C 20.2}

Очекував проповедникот да ѝ дошепне укор или совет на оваа сестра, но очевидно тој не обрнуваше внимание на нејзиниот дрзок изглед, и не ѝ упати ниту еден збор на укор. И на двете ни ги подаде рацете како знак дека сме примени во членството. Христовиот претставник ја стегна раката украсена со скапоцен накит, а нејзиното име, заедно со моето, беше запишано во црковната книга. {1C 20.3}

Тоа предизвика кај мене збунетост и мачно расположение, бидејќи на ум ми дојдоа зборовите на апостолот: „Така и жените, во пристојна облека, со срамежливост и чесност да се украсуваат, не со плетенки, ни со злато, или со бисери, или со скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им прилега на жени, кои исповедаат побожност". Беше очевидно дека оние за кои сметав дека се побожни христијани и кои по искуство беа значително постари од мене, отворено ги запоставуваат поуките дадени во овие стихови. Ако следењето на светот во расипничкото трошење пари за облекување и украси е навистина толку грешно како што јас мислам, тогаш овие христијани би морало тоа да го сфатат, и да се прилагодат на мерилата на Библијата. Што се однесува до мене лично, решив да се управувам според сопственото сфаќање на должноста. Но сепак, длабоко во себе чувствував дека употребата на времето и парите на лично украсување е спротивно на духот на евангелието - дека скромноста и самоодрекувањето повеќе им доликуваат на оние поради чии гревови Божјиот Син поднел неизмерна жртва. {1C 20.4}

---

3. ЧУВСТВО НА БЕЗНАДЕЖНОСТ И ОЧАЈ

Во текот на јуни, 1842 година, господин Милер ја одржуваше втората серија од своите предавања во Портланд. Присуствувањето на овие предавања го сметав за голема предност, бидејќи повторно бев мошне обесхрабрена и неподготвена за средба со својот Спасител. Оваа втора серија предавања, во градот предизвика многу поголемо интересирање од првата. Повеќето верски заедници, со исклучок на неколку, ја затворија вратата на своите цркви за господин Милер. Говорите што беа држени од многу проповедални имаа за цел да го истакнат тврдењето за фанатичните заблуди на овој предавач. Сепак мноштво желни слушатели присуствуваа на неговите предавања, а мнозина стоеја пред вратата не можејќи да влезат. {1C 21.1}

Состаноците вообичаено беа мирни и следени мошне внимателно. Милеровите излагања не беа накитени ниту говорнички посебно обликувани; тој користеше јасни и впечатливи факти со што неговите слушатели се будеа од безгрижната рамнодушност. Своите тврдења и теории во текот на излагањето ги поткрепуваше со докази од Светото Писмо. Неговите зборови беа пратени со јасна убедлива сила и длабоко осведочување што им даваше печат на вистинитост. {1C 21.2}

Милер беше учтив и мошне сочувствителен. Кога сите места беа зафатени, а мноштвото го покриваше подиумот и целиот простор околу катедрата, го гледав како слегува меѓу слушателите, зема за рака некој старец или старица и им наоѓа место да седнат, а потоа се враќа кај катедрата и продолжува со излагањето. Навистина со право го нарекуваа Отец Милер, бидејќи внимателно се грижеше за сите кои доаѓаа да го слушаат; беше мошне љубезен во однесувањето, со блага природа и нежно срце. {1C 21.3}

Како говорник беше интересен, а неговите поттикнувања, наменети и за христијаните и за непокајаните, делуваа силно и секогаш беа погодни. Состаноците што тој ги организираше понекогаш беа проникнати со таква изразита сериозност што присутните ги обземаше страв и грижа на совеста. Мнозина, под влијание на Светиот Дух, стануваа свесни за својата грешност. Седи старци и старици, загрижено и со треперливи чекори, бараа места на покајници. Средовечни луѓе во силата на својата мажевност, млади и деца беа длабоко возбудени. Воздишки и молитви, како и зборови

на оддавање слава и благодарност на Бога, често можеа да се слушнат пред молитвениот олтар. {1C 22.1}

Јас верував во сериозноста на зборовите што ги кажуваше овој Божји слуга, и срцето ме болеше кога противниците ги побиваа или ги изложуваа на потсмев. Често присуствував на тие состаноци, верувајќи дека Христос навистина наскоро ќе дојде на небесните облаци, но бев мошне загрижена во врска со прашањето дали ќе бидам подготвена да се појавам пред Него. Светоста на срцето беше предметот на кој постојано се задржував. Повеќе од сè друго копнеев по тој голем благослов, сакајќи да се осведочам дека Бог навистина ме прифаќа. {1C 22.2}

За процесот на посветување, кај методистите слушнав многу работи. Гледав како поединци под влијание на силно возбудување потполно ја губат својата телесна сила, и ги слушав тврдењата дека тоа е очевиден знак на посветувањето. Но не можев да сфатам што е неопходно за потполно да се посветам на Бог. Моите христијански пријатели ми велеа: „Верувај во Исус сега! Верувај дека Тој токму сега те прифаќа". Се обидов да го сторам тоа, но увидов дека е неможно да поверувам дека сум го примила благословот кој, според моето сфаќање, требаше да го потресе и воодушеви целото мое битие. Се чудев на нечувствителноста на сопственото срце кое не беше во состојба да доживее таков занес на духот како што кај другите очевидно се покажуваше. Ми се чинеше дека потполно се разликувам од нив, и дека засекогаш ќе бидам лишена од совршената радост која е резултат на светоста на срцето. {1C 22.3}

Мојата претстава за оправдувањето и посветувањето беше замаглена. Според моето тогашно сфаќање, тоа беа различни процеси, но јас не можев да воочам во што се состои разликата, ниту можев да го сфатам значењето на овие изрази, а објаснувањата на проповедниците само ги зголемија моите тешкотии. Не бев во состојба овој благослов да го барам за себе, и во недоумица се прашував: дали - доколку тоа може да се прими само кај методистите - со своето присуствување на состаноците на адвентистите самата си го затворам патот за посветување со Божјиот Дух, а всушност за тоа најмногу копнеев. {1C 23.1}

Сепак, забележав дека некои, кои за себе тврдеа дека се посветени, покажуваат огорчен дух кога ќе се спомне Христовото второ доаѓање, што по мое сфаќање беше доказ дека им недостасува светоста за која кажуваа дека ја поседуваат. Не можев да разберам зошто проповедниците од катедрата толку се спротивставуваат на учењето за близината на Христовото второ доаѓање. Проповедањето на ова верување доведе до реформа и мнозина од најпобожните проповедници и луѓе од светот го прифатија тоа верување како вистина. Сметав дека сите кои искрено го сакаат Исус подготвено ќе е ја дочекаат веста за Неговото доаѓање, радувајќи се што тој настан се приближува. {1C 23.2}

Сметав дека можам да се надевам само на она што тие го нарекуваа оправдување. Во Светото Писмо прочитав дека без светоста на срцето никој не може да го види Бога. Според тоа, постои еден повисок степен на кој морам да се воздигнам за да си осигурам вечен живот. Постојано размислував за тоа, бидејќи бев уверена дека Христос наскоро ќе дојде и се плашев да не ме најде неподготвена. Зборови на осуда ми одѕвонуваа ден и ноќ во ушите, и непрекинато се молев: „Што треба да сторам за да се спасам?" {1C 23.3}

Во мојата душа, Божјата правда ги фрлаше во сенка Неговата милост и љубов. Ме учеа да верувам во вечните маки во огнот на пеколот, и затоа постојано ме застрашуваше мислата дека моите гревови се премногу големи за да можат да бидат

простени, и дека поради тоа сум засекогаш загубена. Морничавите описи што ги слушав за загубените во бездната на пропаста, длабоко беа врежани во моите мисли. Состојбата на загубените, проповедниците од катедрата ја прикажуваа со најпотресни слики. Поучуваа дека Бог нема намера никого да го поштеди, освен оние кои се посветени. Божјото око постојано нè следи; секој грев е забележан и праведно ќ е биде казнет. Лично Бог во својата бесконечна мудрост ги пишува овие книги и секој грев што ќе го направиме ќе биде непобитен доказ против нас. {1C 23.4}

Сатаната е прикажуван како одвај чека да нè стори свој плен, а потоа нè турка во најголемите длабочини на маките за да ликува над нас гледајќи ги нашите маки во вечниот оган на пеколот, каде огромни бранови од лава после многу илјади години, бесно ги исфрлаат на површината осакатените жртви, кои ужасно викаат и бараат помош: „До кога, о, Господе? До кога?" Потоа над тој амбис на ужасот, наводно, загрмува Неговиот глас: „Низ бескрајните времиња на вечноста!" Вжарените бранови на растопената маса повторно ги голтаат загубените, носејќи ги во бескрајните длабочини на огненото море кое никогаш нема да се смири. {1C 24.1}

Додека ги слушав овие стравотни описи, во својата фантазија ги преживував на таков начин што се потев од мака, одвај воздржувајќи се од крик во очајничка агонија, бидејќи ми се чинеше дека веќе ги преживувам маките на загубените. Потоа проповедникот во своето излагање се задржуваше на несигурноста на животот, говорејќи дека овој момент можеме да бидеме овде, а следниот во пеколот, во еден момент на земјата, а следниот на небото. Дали ќе го избереме огненото езеро и друштвото на демоните или пак блаженството на небото, каде ќе се дружиме со светите ангели? Ќе го слушаме ли пискотот на преколнување и очајничко молење на загубените низ сета вечност или ќе пееме благодарни песни на Исус Христос пред неговиот престол? {1C 24.2}

Нашиот небесен Татко во мојата свест беше прикажан како тиранин кој наоѓа задоволство во агонијата на осудените, а не како нежен и сочувствителен пријател на грешниците кој ги сака Своите созданија со љубов која ја поминува моќта на сфаќањето и сака сите да бидат спасени во Неговото царство. {1C 24.3}

По природа секогаш бев многу чувствителна. Се плашев да не нанесам болка на било кое живо создание. Страдав во своето срце кога ќе видев како некој ги мачи животните. Маките и страдањата на другите многу лесно кај мене предизвикуваа сочувство, можеби затоа што и јас бев жртва на непромислена свирепост со која ми беше нанесена тешка повреда и затемнето моето детство. Но кога ќе ме обземеа страшни мисли дека и Бог наоѓа задоволство во мачењето на Своите созданија, кои се создадени според Неговиот облик, ми се чинеше дека некој мрачен превез ме одвојува од Него. На мислата дека Творецот на вселената без милост го фрла грешникот во пеколот да гори низ бескрајните времиња на вечноста, срцето ми запираше од очајнички страв, дали едно такво свирепо и тиранско суштество некогаш ќе се согласи да ме поштеди од страшното проклетство на гревот. {1C 25.1}

Очекував судбината на осудените грешници да биде и мој дел и дека во пламенот на пеколот ќе горам толку долго додека постои и самиот Бог. Овој впечаток толку длабоко навлезе во мојата свест што се плашев дека ќе го загубам разумот. Почнав да им завидувам на немите животни кои немаат душа што би можела да биде казнета после смртта. Многу пати посакував никогаш да не сум се родила и жалев што сум дошла на овој свет. {1C 25.2}

Потполно ме обзеде густа темнина од која, како што ми се чинеше, не постои никаков излез. Доколку вистината ми беше прикажана онака како што сега ја разбирам,

ќе бев поштедена од многу болки и неизвесности. Доколку повеќе ми беше укажано на Божјата љубов, а помалку на строгоста на Неговата правда, убавината и славата на Неговиот карактер ќе ме вдахнеа со длабока и сесрдна љубов кон мојот Творец. {1C 25.3}

Од тоа време сфаќам дека многу болни во душевните болници и такви слични установи таму ги довеле искуства слични на моите. Совеста им била погодена и совладана од чувството на грешност, а колебливата вера им ја одземала храброста да бараат проштевање од Бога. Опишувањето на маките на пеколот од страна на оние кои важеле за исклучителни верници, тие ги слушале сѐ додека не им замрзнала крвта во жилите и тој мрачен впечаток бил неизбришливо втиснат во нивниот ум. Дење или ноќе, будни или во сон, оваа страшна слика секогаш им била пред очите сѐ додека реалноста потполно не се изгубила во фантазијата каде постојано го гледале огненото езеро на замисленият пекол и ги слушале очајните врисоци на загубените. Разумот бил соборен од престолот, а умот бил исполнет со луди фантазии на страшните визии од соништата. Оние кои ја проповедаат науката за вечниот пекол би требало со поголема загриженост да ја преиспитаат веродостојноста на тоа страшно верување. {1C 25.4}

Никогаш не се молев јавно, а на молитвените часови плашливо ќе изговорев по некој збор. Неодоливо ми се наметнуваше впечатокот дека треба да го побарам Бога во молитва на нашите мали состаноци. Не се осмелував да ја отворам устата плашејќи се дека не ќе можам правилно да ги изразам своите мисли. Но впечатоткот за оваа должност ми се наметнуваше толку силно што ми се чинеше дека го измамувам Бога секогаш кога клекнував на тајна молитва, бидејќи не ја почитував Неговата волја. Повторно западнав во длабок очај и три долги седмици ниту еден зрак на светлина не продре низ темнината на мракот што ме обземаше. {1C 26.1}

Моите душевни страдања беа многу тешки. Понекогаш цела ноќ не се осмелував да ги затворам очите, туку чекав мојата сестра цврсто да заспие, а потоа брзо станував од постелата и клекнував на подот, молејќи се, не отворајќи ја устата, во агонија што не може да се опише. Пред очите постојано ми беа стравотиите на пеколот што гори вечно. Знаев дека во таква состојба не ќе можам уште долго да живеам, а кога ќе помислев на смртта ме обземаше ужас од страшната судбина на грешниците. Со каква завист гледав на оние за кои мислев дека се достојни да бидат примени од Бога! Колку драгоцена изгледаше надежта на вистинскиот христијанин за мојата душа која беше во агонија! {1C 26.2}

Често останував цела ноќ наведната на молитва, воздивнувајќи и тресејќи се во неискажлив страв и безнадежност која не може да се опише. „Господе, смилувај ми се!” беа молитвите на мојата душа и налик на презрениот цариник не се осмелував да ги подигнам своите очи кон небото, туку се наведнував со лицето до земјата. Бев многу ослабната и ја загубив силата, но моите страдања и очај, сепак, не ги поделив со никој. {1C 26.3}

Додека се наоѓав во таква состојба на крајна потиштеност сонував еден сон кој остави длабок впечаток во мојата душа. Во тој сон видов еден храм во кој влегуваше огромно мноштво луѓе. Само оние кои ќе побараат и ќе најдат засолниште во тој храм ќе бидат спасени кога ќе заврши времето на милоста, а сите што ќе останат надвор од него ќе бидат засекогаш загубени. Многу минувачи кои одеа по своите патишта им се потсмеваа на оние кои влегуваа во храмот, кажувајќи дека таквиот план на спасение е само лукаво измислена приказна и дека не постои никаква опасност која би требало да се избегне. Тие дури и туркаа и соборуваа на земја некои од оние кои сакаа да влезат во храмот надевајќи се дека ќе ги спречат да влезат внатре. {1C 27.1}

Плашејќи се да не бидам исмеана, помислив дека е најдобро да почекам додека мноштвото не се разотиде или додека не се појави можност незабележано да влезам во храмот. Но мноштвото наместо да се намали стануваше сè поголемо, и јас - плашејќи се да не биде предоцна - брзо го напуштив својот дом и побрзав низ мноштвото. Имав силна желба да влезам во храмот и затоа не обрнував внимание на мноштвото што ме опкружуваше. Кога влегов во градбата забележав дека тој голем храм е потпрен само на еден огромен столб на кој беше врзано едно рането Јагне чии рани сè уште крвареа. Сите кои бевме таму присутни знаевме дека тоа Јагне беше мачено и рането заради нас. Сите кои влегоа во храмот мораа да дојдат пред тоа Јагне и да ги признаат сите свои гревови. {1C 27.2}

Веднаш пред Јагнето имаше возвишени седишта на кои седеа припадници на едно друштво, кое изгледаше многу среќно. Светлоста со која беа осветлени нивните лица доаѓаше од небото и тие Го славеа Бога пеејќи радосни песни на благодарност кои одѕвонуваа како ангелска музика. Тоа беа оние кои излегоа пред Јагнето, ги признаа своите гревови и добија проштевање и сега радосно очекуваа нешто величествено да се случи. {1C 27.3}

Штом влегов во храмот, ме обзеде страв и чувство на срам што морам да се понизам пред тие луѓе. Но ми се чинеше дека просто сум принудена да одам напред, така што полека продолжив околу столбот за да застанам пред Јагнето. Тогаш одекна силен глас од труба, храмот се затресе, триумфални извици одекнаа од грлата на светите кои беа таму собрани, величествена светлина ја осветли градбата, а потоа сè исчезна во една густа темнина. Заедно со блескотната светлина ги снема и сите оние среќни лица што ги видов и јас останав сама во немата стравотија на ноќта. Се пробудив во длабока агонија и тешко можев да се убедам самата себе дека тоа беше сон. Ми се чинеше дека мојата судбина е запечатена, дека Духот на Господ ме напуштил и дека никогаш нема да се врати. {1C 27.4}

Наскоро сонував уште еден сон. Ми се пристори дека во беден очај, со лице покриено со рацете, седам и вака размислувам: „Кога Исус би бил на земјата јас би отишла кај Него и, паѓајќи пред Неговите нозе, би му ги кажала сите свои страдања. Тој не би го свртел Своето лице од мене, би ми укажал милост, а јас би Го љубела и секогаш радо би Му служела". Токму тогаш вратата се отвори и влезе една личност со прекрасен изглед и привлечно држење. Ме погледна сочувствително и рече: „Сакаш ли да го видиш Исус? Тој е тука, ако сакаш можеш да го видиш. Земи сè што имаш и појди по мене". {1C 28.1}

Го слушав со неискажлива радост. Со задоволство го собрав тоа малку што го имав, секоја ситница за која сметав дека е вредна, и тргнав по својот водач. Тој ме поведе по едни стрмни и привидно несигурни скали. Штом почнав да се качувам, тој ме предупреди постојано својот поглед да го насочувам горе за да не добијам вртоглавица и да паднам. Мнозина од оние што се качувале по овие скали паднале пред да стигнат до врвот. {1C 28.2}

Стигнавме до последната скала и овде застанавме пред една врата. Овде мојот предводник ми наложи да ги оставам сите работи што ги зедов со себе. Со задоволство го послушав. Тогаш ја отвори вратата и ме повика да влезам внатре. Во тој момент се најдов пред Исус. Толку прекрасно лице, таков израз на благонаклоност и величество, без сомнение не можеше да има никој друг. Додека ме гледаше со Своите продорни очи, наеднаш сфатив дека му се познати сите околности и секоја подробност од мојот живот, секоја мисла и секое мое чувство. {1C 28.3}

Се обидов да се ослободам од Неговиот продорен поглед, чувствувајќи се неспособна да ги поднесам Неговите испитувачки очи, но Тој ми се приближи со насмевка и спуштајќи ја Својата рака на мојата глава, рече: „Не плаши се". На звукот на Неговиот мил глас моето срце затрепери од среќа каква до тогаш не сум доживеала. Од преголема радост не бев во состојба да изговорам ниту еден збор, и совладана од чувството на неискажлива среќа, паднав пред Неговите нозе. Додека така беспомошно лежев, пред мене поминуваа сцени на убавина и слава, така што ми се чинеше дека веќе се наоѓам во сигурноста и блаженството на небото. Најпосле ми се врати силата и јас станав. Христовите очи, полни со љубов, уште беа вперени во мене, а Неговата насмевка ми ја исполнуваше душата со радост. Неговото присуство ме исполнуваше со света стравопочит и неискажлива љубов. {1C 28.4}

Тогаш мојот предводник ја отвори вратата и заедно излеговме надвор. Потоа ми нареди да ги земам сите свои работи кои претходно овде ги оставив. Кога го сторив тоа, тој ми даде една зелена врвка цврсто замотана во клопче. Ми рече тоа да го ставам до своето срце и секогаш кога ќе посакам да го видам Исус да го извадам од своите пазуви и што е можно повеќе да го одмотам. Ме предупреди врвката да не ја оставам долго замотана за да не се замрси во чворови, па тешко да може да се одмота. Ја ставив врвката до своето срце и среќна слегов низ тесните скали, фалејќи го Господа и радосно кажувајќи му на секого што ќе го сретнам каде може да го најде Исус. Овој сон ми ја врати надежта. Таа зелена врвка за мене ја претставуваше верата, и во мојата душа која до тогаш беше во темнина почна да се буди свеста за убавината и едноставноста на потполната доверба во Бога. {1C 29.1}

Тогаш сите причини за својата тага и збунетост и ги доверив на својата мајка. Таа нежно сочувствуваше со мене и ме храбреше, препорачувајќи ми за совет да се обратам на проповедникот Штокман, кој тогаш го проповедаше адвентното учење во Портланд. Имав голема доверба во него, бидејќи навистина беше предаден Христов слуга. Кога ја чу мојата исповед, нежно ја спушти својата рака на мојата глава и, додека солзи му навираа на очите, сочувствително ми рече: „Елена, ти си сè уште само дете. Твоите искуства и доживувања се потполно необични за човек на твоја возраст. Сигурно Христос те подготвува за некое особено дело". {1C 29.2}

Потоа додаде: „Да си дури и во позрели години така измачувана со сомнежи и очајание, би ти кажал: знам дека за тебе има надеж благодарение на Христовата љубов. Токму тие душевни маки што си ги поднела се доверлив знак дека Божјиот Дух се бори со тебе. Грешникот што ќе западне во беззаконие," нагласи тој, „не ја согледува сета големина на својот престап, туку си ласка дека е во право и дека не му се заканува никаква опасност. Божјиот Дух го напушта таквиот и тој станува потполно спокоен и безгрижен или дури и лекомислено бунтовен". Овој добар човек ми зборуваше за љубовта што Бог ја покажува кон Своите заблудени деца, нагласувајќи дека Тој никогаш не се радува на нивното уништување, туку копнее да ги привлече кон Себе во едноставноста на верата и потполното предавање. Посебно се задржа на големата Христова љубов и на планот на откупувањето. {1C 29.3}

За мојата несреќа во детството кажа, дека навистина било болно искуство, но ме храбреше да верувам дека Небесниот Татко, Кој сите нè сака, не ја повлекол Својата рака од мене, и дека во мојот подоцнежен живот - кога ќе ја снема маглата што ја затемнуваше мојата душа - ќе ја сфатам мудроста на провидението што изгледаше така немилосрдно и таинствено. „Тоа што Јас го правам сега вие не знаете," им кажал Исус на Своите ученици, „но подоцна ќе дознаете". Во славната иднина нема веќе да гледаме

како низ затемнето стакло, туку лице в лице ќе ни се откриваат тајните на Божјата љубов. {1C 30.1}

„Оди си слободно Елена," кажа тој на крајот, „врати се мирно во својот дом со полна доверба во Христа, зошто Тој никогаш не ја скусува Својата љубов од оние што искрено го бараат". Потоа сесрдно се помоли за мене, и имав впечаток дека Бог, иако не одговара на моите понизни молитви, ќе ја послуша молитвата на овој свет човек. Си отидов од кај него утешена и охрабрена. {1C 30.2}

За тие неколку минути, кога ги примав упатствата од проповедникот Штокман, научив за Божјата љубов, за Неговата сомилост и сочувство кон нас, повеќе од сите проповеди и поттикнувања што сум ги слушала порано. Кога се вратив дома, повторно излегов пред Господ во молитва, ветувајќи дека ќе направам и ќе издржам сè што Тој ќе го побара од мене, само насмевката на Христовото одобрување да го развеселува моето срце. Повторно ми беше предочена истата онаа должност што порано внесе немир во мојата душа - да го земам својот крст и јавно да истапам пред собранијата на Божјиот народ. Не помина долго време за да се укаже таква прилика; истата вечер се одржа еден состанок, на кој присуствував и јас. {1C 30.3}

Клечев, тресејќи се, додека другите ги упатуваа своите молитви. Откако неколкумина од нив се помолија, го подигнав и јас својот глас во молитва пред да бидам и свесна за тоа. Божјите ветувања се појавија пред мене како мноштво драгоцени бисери што можат да се добијат штом ќ е се побараат. Додека се молев, го снема мачниот товар и душевните маки што толку долго ме тиштеа, а Божјиот благослов се спушти на мене како пријатни капки роса. Му благодарев на Господ од длабочината на срцето. Сè што беше околу мене исчезна, освен Христос и Неговата слава, и јас потполно загубив свест за тоа што се случува околу мене. {1C 31.1}

Божјиот Дух се спушти на мене со таква сила што таа ноќ не бев во состојба да се вратам дома. Следниот ден, кога се вратив дома, во мојата душа настана голема промена. Ми се чинеше неверојатно дека јас сум онаа истата личност што претходниот ден тргна од татковата куќа. Во мислите постојано ми беше цитатот од Псалмот: „Господ е Пастир мој, ништо нема да ми недостасува". Срцето ми беше исполнето со блаженство и среќа, и со пригушен глас постојано ги повторував овие зборови. {1C 31.2}

Мојата претстава за Небесниот Татко значајно се измени. Сега во Него гледав добар и нежен родител, а не немилосрден тиранин што ги присилува луѓето на слепа покорност. Срцето ми копнееше по Него во длабока и огнена љубов. Покорувањето на Неговата волја ми беше најголема радост, а во службата за Него почнав да наоѓам вистинско задоволство. Никаква сенка не ја затемнуваше светлината што ми го откриваше совршенството на Божјата волја. Ја чувствував сета сигурност на постојаната заедница со Христа, сфаќајќи ја реалноста на Неговите зборови: „Кој оди по мене, нема да оди во темнина, туку ќе ја има светлината на животот". {1C 31.3}

Спокојството и среќата што тогаш ги чувствував беа во таква спротивност со мракот и душевните страдања што порано ме тиштеа, што ми се чинеше како да сум се избавила од пеколот и вознела на небото. Дури бев и благодарна на Бог за несреќата која беше проверка во мојот живот, насочувајќи ги моите мисли само на она што е неминливо и вечно. По природа горда и амбициозна, не би била наклонета потполно да Му го предадам своето срце на Христа, да не беше таа болна несреќа која, на некој начин, ме отргна од привидните успеси во животот и суетата на овој свет. {1C 31.4}

Шест месеци, ниедна сенка не ја замрачи мојата душа, ниту занемарив некоја позната должност. Целиот мој труд беше насочен во правец да ја творам Божјата волја,

а Христос и небото постојано беа пред моите очи. Бев изненадена и одушевена со јасното откровение што сега го имав за Христовите страдања. Да не ја опишувам и понатаму мојата состојба; доволно е да се каже дека старото веќе помина и сè стана ново. Немаше ниту еден облак што би можел да фрли сенка на мојата совршена среќа. Силно копнеев да ја ширам веста за Христовата љубов, но немав наклоност да се впуштам во разговор со другите луѓе. Срцето ми беше толку исполнето со љубов кон Бог и со мир што го надвишува секој ум, така што со најголемо задоволство се оддавав на побожно размислување и молитва. {1C 32.1}

Следната вечер по примањето на овој голем благослов присуствував на еден собир на адвентисти. Кога дојде времето Христовите следбеници да кажат нешто за Неговата слава, не можев да останам мирна. Станав и го раскажав своето искуство. Немав некоја претстава за тоа што треба да кажам, едноставно моите зборови за Христовата љубов течеа совршено слободно од моите усни, а срцето ми беше толку среќно што беше потполно ослободено од прангите на мрачниот очај, така што потполно ги загубив од вид луѓето што беа околу мене и како да бев потполно сама со Бога. Не ми беше тешко да го изразам чувството на совршено спокојство и среќа, но солзи благодарници ги гушеа моите зборови додека зборував за чудесната љубов што Христос ја покажа кон мене. {1C 32.2}

И проповедникот Штокман беше присутен. Тој неодамна ме виде во длабок очај, така што значајната промена во мојот изглед и чувства го трогна неговото срце. Гласно заплака радувајќи се со мене и славејќи го Бога за овој доказ на Неговата нежност, милост, добрина и љубов. {1C 32.3}

Наскоро, откако го примив овој голем благослов, присуствував на соборот на една христијанска црква во која пастор беше проповедникот Браун. Ме повикаа да го изнесам своето искуство, и не само што со голема слобода го сторив тоа, туку се чувствував и многу среќна кога го изнесував своето едноставно искуство за Христовата љубов и радоста што бев примена од Бога. И додека така зборував со покајничко срце и солзни очи, чувствував како душата ми се приближува кон небото во длабока благодарност. Божјата сила што може да го трогне и разнежи човечкото срце, се спушти на присутните. Многумина плачеа, а други го славеа Бога. {1C 33.1}

На оние што имаа желба да се молиме за нив, им беше упатен повик да станат, и мнозина одговорија на тој повик. Моето срце беше толку благодарно на Бога за благословот што ми беше даден, така што копнеев и другите да учествуваат во таа света радост. Во душата бев многу заинтересирана за оние што страдаа под товарот на гревот, стравувајќи дека се во немилост пред Бог. Додека го изнесував своето искуство, чувствував дека никој не може да ги оспори очевидните докази на Божјата љубов што проштава и во мене изврши толку чудесна промена. Реалноста на вистинското обратување ми стана толку јасна што имав желба во тој поглед да им помогнам и на своите млади пријатели. {1C 33.2}

Организирав состаноци за млади од кои, некои беа значително постари од мене, а неколкумина од нив веќе беа и во брак. На оние меѓу нив, што беа суетни и лекомислени, моите искуства им звучеа како бескорисна приказна и не се osвиваа на моите сесрдни повикувања. Меѓутоа, јас одлучив да не престанам да вложувам напори додека овие драги души, за кои толку се заложував, не пристапат кај Бога. Многу ноќи поминав во најсесрдна молитва за тие души што ги пронајдов и собрав во намера да се заложувам и да се молам со нив. {1C 33.3}

Некои доаѓаа на состаноците само од љубопитност за да чујат што ќе им кажам; други, гледајќи ја мојата упорност во напорите сметаа дека сум полудела, посебно бидејќи не покажуваа никаков интерес од своја страна. Јас сепак, на секој од тие наши мали собири продолжив да поттикнувам и да се молам за секој од нив посебно, додека сите до еден не го прифатија Христа, повикувајќи се на заслугите на Неговата љубов што проштава. Сите беа обратени кон Бога. {1С 33.4}

Тој период, секоја вечер сонував како работам на спасување на души. Во тие сонови ми беа покажани некои личности кои подоцна ги побарав залагајќи се и молејќи се за нив. Сите овие личности, со исклучок на само една, се предадоа на Господ. Некои од нашите браќа, кои беа овде само формално, се плашеа дека сум премногу ревна во работата на обратување на душите, но мене ми се чинеше дека времето е толку кратко што оние кои се надеваат на блажената вечност и го очекуваат скорешното Христово доаѓање, мора непрекинато да се борат за оние што се сè уште во своите гревови и кои се наоѓаат на самиот раб на страшната пропаст. {1С 34.1}

Иако бев мошне млада, претставата за планот на спасението ми беше толку јасна што, имајќи го во предвид значењето на сето тоа, и на темел на своето лично искуство, знаев дека непрекинатото залагање за спасение на драгоцените души, молитвата и признавањето на Христос во секоја прилика, се моја света должност. Целото свое битие го посветив во службата на Учителот. Одлучив, без обѕир на последиците, да Му угодам на Бога и да живеам како оној што вистински го очекува Спасителот да дојде и да ги награди Своите верни. Се чувствував како мало дете приоѓајќи пред Бога и прашувајќи Го како свој Татко: „Што сакаш да правам?" А потоа, кога должноста ќе ми беше објаснета, најголема среќа ми беше да ја извршам. Понекогаш бев изложена на посебни неволји. Оние што беа во верското искуство постари од мене настојуваа да ме задржат и да ја оладат огнената ревност на мојата вера, но со насмевката на Спасителот што ги одобрува моите напори и го осветлува мојот живот, и со Божјата љубов во своето срце, радосно продолжував да чекорам по својот пат. {1С 34.2}

Кога и да се сетам на своите доживувања од детството и раната младост, на ум, како незадржлива река на трогателни спомени, ми доаѓа мојот брат на кого најмногу му ги доверував своите надежи и стравувања и кој најмногу сочувствуваше со мене во моето христијанско искуство. Тој беше еден од оние за кои гревот презентира сами малку искушенија. Побожен по природа, никогаш не го бараше друштвото на младите и разуздани, туку претпочиташе да се дружи со оние христијани од чиј разговор можеше да се поучи на животната мудрост. Во сериозноста ги надминуваше своите години; беше благороден и мирољубив и секогаш обземен од побожни мисли. Оние што го познаваа, го истакнуваа неговиот живот како пример за младите и жив пример на привлечност и убавина на вистинското христијанство. {1С 34.3}

---

4. НАПУШТАЊЕ НА МЕТОДИСТИЧКАТА ЦРКВА

Нашето семејство сè уште повремено ја посетуваше методистичката црква, како и локалните состаноци што се одржуваа по куќите. Така една вечер, јас и брат ми Роберт, отидовме на еден локален состанок каде што беше присутен и старешината на црквата. Кога дојде ред на брат ми, тој сосем скромно, но сепак јасно, зборуваше за потребата од потполна подготвеност за среќавањето со Спасителот, кога Тој ќе дојде на небесните

облаци со голема сила и слава. Додека мојот брат зборуваше, на неговото, обично бледо лице, блескаше небесна светлина. Изгледаше како во духот да се вознесе над она што го опкружуваше и како да се наоѓа во присуство на Христос. Кога јас бев повикана да зборувам, станав слободна во духот, додека срцето ми беше исполнето со љубов и мир. Ја раскажав историјата за своите големи страдања поради осведочувањето за гревот, за применот благослов за кој толку многу копнеев и за потполната потчинетост на Божјата волја. На крајот ја изразив својата радост по повод веста за скорото доаѓање на Откупителот, Своите деца да ги врати во загубениот рај. {1C 35.1}

Во својата детска едноставност очекував моите браќа и сестри од методистичката црква да ги разберат моите чувства и да се радуваат со мене. Но, ме разочараа. Неколку сестри почнаа да негодуваат поместувајќи ги бучно своите столчиња, и ми го сврти грбот. Не можев ни да помислам дека моето излагање за нив би било навредливо, а зборував мошне кратко, чувствувајќи го студеното влијание на нивното неодобрување. Кога го завршив своето излагање, старешината Б. ме праша: „Зар не би било подобро да се живее долг и корисен живот, правејќи им на другите добро, отколку Христос да дојде така брзо и да ги уништи сиромашните грешници?" Одговорив дека со сето срце копнеам по доаѓањето на Спасителот, бидејќи тогаш ќе дојде крајот на гревот, и ние секогаш ќе наоѓаме уживање во светиот живот – нема веќе да постои ѓаволот да не искушува и заведува. {1C 35.2}

Тој потоа ме запраша зошто не би сакала повеќе мирно да умрам во својата постела отколку жива да поминувам низ болниот процес на преобразување од смртност во бесмртност. Мојот одговор беше: „Сакам Христос што поскоро да дојде и да ги земе Своите деца; подготвена сум да живеам или да умрам, како што ќе одреди Господ и лесно би ја поднела секоја болка што би дошла за миг. Сакам тркалото на времето што побрзо да се врти за да дојде тој долго очекуван ден кога ова ништожно тело ќе се преобрази и ќе стане слично на прославениот лик на Христос". Кажав, исто така, дека најсердно копнеев по Христовото доаѓање во оние моменти кога бев најблизу до Бога. Ова кај повеќето присутни предизвика најголемо незадоволство. {1C 36.1}

Во своето обраќање на овој состанок, старешината што водеше ја изрази својата голема радост во очекувањето на илјадагодишното царство овде на земјата, кога земјата треба да биде исполнета со познавањето на Бога како што морето е полно со вода. Тој копнееше да биде сведок на тоа славно дело. По завршувањето на состанокот почувствував дека оние што беа толку љубезни и пријателски наклонети, сега покажуваат изразито студенило кон мене. Јас и брат ми се вративме дома тажни затоа што нашите браќа толку погрешно нè сфатија и што истакнувањето на близината на Христовото доаѓање буди во нив толку огорчено противење. Сепак му бевме благодарни на Бога што ние самите можевме да ја препознаеме оваа драгоцена светлина и да се радуваме во очекувањето на Неговото доаѓање. {1C 36.2}

Наскоро, повторно присуствувавме на еден таков состанок. Очекувавме прилика да зборуваме за драгоцената Божја љубов што дава нов живот на нашата душа. Јас сакав посебно да зборувам за добрината и милоста на Господ кон мене. Во мене настана толку голема промена, што сметав за света должност во секоја прилика да сведочам за љубовта на својот Спасител. {1C 36.3}

Кога добив збор, посведочив со јасни докази дека уживам во Христовата љубов, нагласувајќи дека со радост одам во пресрет на својот Спасител. Верувањето дека Христовото доаѓање се приближува ја поттикна мојата душа уште посесрдно да тежнее за посветувањето што е плод на Светиот Дух. Овде водачот на групата ме прекина,

нагласувајќи: „Ти си го примила посветувањето преку методизмот; преку методизмот сестро, а не преку една измамлива теорија”. Се почувствував присилена јавно да ја признаам вистината дека моето срце своето ново блаженство не го примило благодарение на методизмот, туку затоа што беше поттикнато од вистината за личното појавување на Христос. Благодарение на таа вистина најдов мир, радост и совршена љубов. Така се заврши моето сведоштво - последното што го кажав пред своите браќа и сестри од методистичката црква. {1C 37.1}

Потоа зборуваше Роберт на својот вообичаен благ начин, но толку јасно и трогателно, што некои плачеа и беа трогнати, додека други со очевидна вознемиреност го покажуваа своето несогласување. Излегувајќи од просторијата каде се одржуваше богослужението повторно започнавме разговор за нашата вера, чудејќи се што нашите браќа и сестри како христијани не поднесуваат да се спомне ниеден збор за доаѓањето на нашиот Спасител. Ако тие навистина го сакаат Христос, како што Тој тоа го заслужува, ние сметавме дека не треба толку да ги вознемирува веста за Неговото второ доаѓање, туку напротив, би требало да ја поздравт со радост. {1C 37.2}

Се осведочивме дека веќе не треба да ги посетуваме методистичките состаноци. Надежта во величественото појавување на нашиот Спасител ни ја исполнуваше душата и секогаш кога станувавме да зборуваме, тоа доаѓаше до израз. Очевидно беше дека тоа распалува гнев кај присутните против две скромни деца кои, и покрај противењето на мноштвото, се осмелуваа да зборуваат за верата што нивните срца ги исполнуваше со мир и среќа. Ни стана јасно дека нема место за нас на тие состаноци, бидејќи нашите сведоштва предизвикуваа потсмевање и зајадливи зборови од браќата и сестрите што ги почитувавме и сакавме, чии зборови по завршувањето на состаноците, допираа и до нашите души. {1C 37.3}

Адвентистите во тоа време своите состаноци ги одржуваа во Бетовеновата сала. Сите членови на нашето семејство станаа редовни посетители на тие состаноци. Се очекуваше второто Христово доаѓање да биде во текот на 1844-та година. Времето што беше преостанато за спасување на душите изгледаше мошне кратко, така што и јас одлучив да сторам сè што е во моја моќ да ги доведувам грешниците кон светлината на вистината. Но едно така младо суштество, со толку нежно здравје, да направи нешто големо во таа значајна задача изгледаше неможно. {1C 38.1}

Имав две родени сестри: Сара, која беше неколку години постара и Елизабета со која бев близначка. Откако се посоветувавме меѓу себе, донесовме одлука за сите пари што заеднички ќе ги заработиме да купиме книги и весници што ќе ги делиме бесплатно. Тоа беше најдоброто што можевме да го направиме и тоа го правевме радосно и од срце. Јас можев да заработам само дваесет и пет центи дневно, но во облекувањето бев толку едноставна што ништо не трошев за украси, бидејќи суетата на надворешното украсување и секој раскош во моите очи беа грев. Така, секогаш имав еден мал фонд од кој секогаш купував соодветни книги, кои потоа преку искусните работници беа доставувани во вистински раце. {1C 38.2}

Секој лист од тој печатен материјал беше драгоцен во моите очи, бидејќи налик на гласник на светлината го предупредуваше светот да се подготви за настанот што брзо се приближува. Со денови седев на постелата потпрена на перници и со треперливи прсти го вршев својот дел од работата. Колку внимателно само го ставав на страна секој сребреник заработен на тој начин, наменет за литерарно просветлување на оние што се наоѓаа во темнината на заблудата! Не доаѓав во искушение својата заработка да ја трошам на свои лични задоволства; спасувањето на душите беше мое бреме, а срцето

ме болеше за оние што си ласкаа дека нема од што да се плашат, додека на светот му се упатуваше веста на предупредување. {1C 38.3}

Еден ден слушнав како мојата мајка и една од моите сестри разговараат за тврдењето, што неодамна го слушнале на едно предавање, дека душата нема вродена бесмртност. Повторуваа некои од стиховите кои проповедникот ги навел како доказ во прилог на ова тврдење. Се сеќавам на она што на мене остави најдлабок впечаток: „Која душа ќе згреши, таа и ќе умре" (Езекиел 18:4). „Зошто живите знаат дека ќе умрат, а мртвите не знаат ништо" (Проповедник 9:5). „Кое, кога ќе му дојде времето, ќе Го открие блажениот и единствен Владетел, Цар над царевите и Господар над господарите, Кој е единствен бесмртен и живее во непристапна светлина, Кого никој од луѓето не Го видел, ниту може да Го види. Нему нека Му е чест и слава во сите векови. Амин!" (1. Тимотеј 6:15,16) „Живот вечен на оние кои со трпение во добрите дела се стремат кон слава, чест и бесмртност" (Римјаните 2:7). „Зошто тие," рече мојата мајка наведнувајќи ги претходните цитати, „би го барале она што веќе го имаат доколку душата е природно бесмртна?" {1C 39.1}

Ги слушав овие нови идеи со длабоко и болно интересирање. Кога останав на само со мајка ми, ја прашав дали таа навистина верува дека душата не е бесмртна. Таа ми одговори: „Се плашам дека во поглед на ова, како и во поглед на некои други прашања, сме биле во заблуда". {1C 39.2}

„Но, мајко, зар навистина веруваш дека душата спие во гробот сè до воскресението? Зар мислиш дека христијанинот не заминува на небо, а грешникот во пеколот, веднаш после смртта?" {1C 39.3}

Таа ми одговори: „Библијата не дава никаков доказ дека постои вечен пеколен оган. Кога тоа нешто би постоело, тоа би било спомнато во таа Света Книга". {1C 39.4}

„Зошто, мајко," кажав зачудено, „зборуваш толку невообичаено? Ако навистина веруваш во таа туѓа теорија, не му ја кажувај на никого, зошто се плашам дека грешниците со такво верување би можеле да бидат охрабрени да не го бараат Господа". {1C 39.5}

„Ако е тоа здрава библиска вистина," возврати таа, „наместо да биде препрека во спасувањето на грешниците, таа ќе биде средство за нивно доведување кај Христос. Ако Божјата љубов не го наведе непокорниот да се потчини, никакво застрашување со вечни маки во пеколот нема да го натераат вистински да се покае. Освен тоа, ми се чини, да се повикува во помош една од најниските особини на човечката душа - тој одвратен страв - не е пат што прилега за доведување на душите кај Христос. Љубовта е таа сила што ги привлекува луѓето кај Христа, таа го потчинува и најтврдото срце". {1C 39.6}

Дури неколку месеци по овој разговор слушнав нешто повеќе за ова учење, но моите мисли сето тоа време беа обземени со размислување за тој предмет. Кога тоа го слушнав од проповедална, поверував дека тоа учење е вистинито. Во моментот кога сознанието дека мртвите спијат допре до мојата свест, ја снема таинственоста со која до тогаш беше обвиткан поимот воскресение, а воскресението доби во моите мисли ново, величествено значење. Мојот ум често беше измачуван од залудните напори, наградувањето со вечно блаженство, или пак казнувањето (со вечни маки во пеколот) во моментот на смртта, да го доведе во склад со несомнениот факт за идното воскресение и судот. Ако душата на покојниот, во моментот на смртта, заминува во вечното блаженство или во вечните маки на пеколот, зошто тогаш би било воскресението на ова ништожно и распадливо тело? {1C 40.1}

Оваа нова и прекрасна вистина ми ја откри и причината зошто вдахнатите писатели на Библијата толку го истакнувале воскресението на телото - затоа што целото битие на покојниот спие во гробот. Сега јасно ја сфатив сета заблуда на нашиот поранешен став по тоа прашање. Сосем е јасно дека конечниот суд, доколку душите на умрените се веќе осудени и во моментот на смртта предадени на својата вечна судбина, би бил потполно излишен. Сфатив дека надежта на мртвите е токму во очекувањето на величествениот ден на воскресението кога Дародавецот на животот ќе ги раскине прангите на смртта, а мртвите праведници, од затворот кој се нарекува гроб, ќе станат облечени во слава на бесмртноста. {1C 40.2}

Целото наше семејство го прифати учењето за блиското Христово доаѓање. Мојот татко долго време беше сметан за еден од столбовите на методистичката црква во местото каде живеевме, и сите ние од нашето семејство бевме активни членови на таа црква. Не го криевме нашето ново верување, иако тоа не им го наметнувавме на другите на неумесен начин, ниту покажувавме било какво непријателство кон методистичката црква. Сепак, методистичкиот проповедник нè посети и во таа прилика нè извести дека нашето верување не може да биде во склад со методизмот. Не прашуваше за причините за нашето верување, ниту се повикуваше на Библијата за да нè убеди дека сме во заблуда, туку само изјави дека сме примиле некое ново и туѓо верување кое методистичката црква не може да го прифати. {1C 40.3}

Одговарајќи на тоа, мојот татко му рече дека греши кога тоа го нарекува ново и туѓо учење, бидејќи и сам Христос, поучувајќи ги Своите ученици, проповедал за Своето второ доаѓање кажувајќи: „Во домот на мојот Татко има многу места за живеење. А да немаше зар ќе ви кажев: Одам да ви приготвам место? Кога ќе отидам и ќе ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе за да бидете и вие каде што сум Јас” (Јован 14:2, 3). Кога се вознесувал на небото пред нивните очи, додека облак Го сокривал од нивните погледи и додека тие верни следбеници втренчено гледале кон својот Учител како исчезнува, „одеднаш пред нив застанаа двајца мажи во бела облека, и рекоа: ‘Луѓе Галилејци, што стоите и гледате кон небото? Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак на истиот начин како што Го видовте да оди на небото’” (Дела 1:10,11). {1C 41.1}

Восхитен од овој предмет, мојот татко продолжи: „И вдахнатиот апостол Павле, за да ги охрабри своите браќа во Солун им напишал: А вам, на мачените, да ви возврати спокојство заедно со нас, кога Господ Исус ќе се јави од небото со ангелите на Својата сила, во распламнат оган да им се одмаздува на оние кои не Го познаваат Бога, кои не го послушаа евангелието на нашиот Господ Исус Христос. Тие со вечна погибел ќе бидат казнети далеку од лицето на Господ и од славата на Неговата моќ, кога ќе дојде Тој за да биде прославен во оној ден среде Своите светии, и да Му се восхитуваат сите оние што поверуваа, а исто така и вие, бидејќи со вера го примивте нашето сведоштво” (2. Солунјаните 1:7-10). „Бидејќи Сам Господ по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господ во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господ. Па затоа, утешувајте се еден со друг со тие зборови” (1. Солунјаните 4:16-18). {1C 41.2}

„Ова е возвишен авторитет и меродавно правило на нашата вера. Исус и апостолите со радост и триумф зборуваат за Неговото второ доаѓање и светите ангели објавуваат дека Христос, како што се вознел на небото исто така повторно ќе дојде. Нас нè напаѓаат

само затоа што веруваме во зборовите на Христос и Неговите ученици. Тоа е многу старо учење и во него нема ниту најмала трага на било каква ерес". {1C 42.1}

Проповедникот не се обиде да се повика на некој цитат од Библијата со кој би ни докажал дека сме во заблуда, туку се оправдуваше дека нема време. Нè советуваше мирно да се повлечеме од црквата и така да ги избегнеме непријатностите од јавното сослушување. Знаејќи дека и со другите наши браќа се постапува на таков начин, не сакавме да оставиме впечаток дека се срамуваме од јавното признавање на својата вера или дека не сме во состојба да ја поткрепиме со Светото Писмо; затоа моите родители полагаа право да бидат запознаени со причините за ова барање. {1C 42.2}

Единствен одговор на тоа беше, со видливо избегнување на одговорноста, изјавата дека сме постапиле спротивно на правилата на црквата, и дека најдобро е со доброволно повлекување да ги избегнеме непријатностите на јавното сослушување. Ние одговоривме дека повеќе сакаме редовно испитување, барајќи да ни се даде до знаење што ни се припишува во грев, бидејќи бевме свесни дека во тоа што го очекуваме и сакаме доаѓањето на нашиот Спасител нема ништо погрешно. {1C 42.3}

Набргу потоа бевме известени да одиме на еден состанок што ќе биде одржан во една црковна просторија. Присутни беа само неколку луѓе. Влијанието на мојот татко и на нашето семејство беше големо така што нашите противници не сакаа нашиот случај да го изнесуваат пред повеќе верници. Единствено со што не товареа беше обвинувањето дека сме постапувале спротивно на нивните црковни прописи. На нашето прашање кои се тие правила што сме ги прекршиле, одговорено е, по извесно воздржување, дека сме оделе на други собири, а сме го занемариле редовното присуствување на месните состаноци во својата црква. Образложивме дека еден дел од нашето семејство беше на село извесно време; од оние што останаа во градот никој не изостануваше од месните собири повеќе од неколку седмици, а на тоа, несомнено, биле принудени бидејќи нивното сведоштво наишло на така видливо неодобрување. Ги потсетивме на фактот дека извесни поединци повеќе од една година не присуствуваат на тие собири, а сепак сè уште се сметаат за добри членови на црквата. {1C 42.4}

Нè прашаа дали признаваме дека сме отстапиле од нивните правила, и дали сме спремни тие правила да ги почитуваме во иднина. „Не се осмелуваме да се одречеме од својата вера во светата Божја вистина, не можеме да се лишиме од надежта во скорото доаѓање на нашиот Откупител; мораме да продолжиме понатаму да му служиме на Господа на начинот што вие го нарекувате ерес" - беше нашиот конечен одговор. Во својата одбрана, мојот татко прими посебен Божји благослов. Сите ја напуштивме таа просторија со слободен дух, среќни и осведочени дека сме на вистинскиот пат и дека Христос гледа на нас со одобрување. {1C 43.1}

Следната недела, на почетокот на свеченото богослужение, проповедникот што водеше ги прочита нашите имиња, седум на број, како имиња на оние што веќе не се членови на црквата. Тој притоа нагласи дека не сме исклучени поради некое лошо или недолично однесување, дека сме биле со беспрекорен карактер и добар углед, но нашата вина е во тоа што сме дошле во судир со правилата на Методистичката Црква. Исто така изјави, дека вратата понатаму ќе биде отворена и со сите, што на сличен начин ќе ги прекршат правилата на црквата, ќе се постапува на ист начин. {1C 43.2}

Во црквата имаше мнозина други што го очекуваа Христовото доаѓање, и ова заканување беше упатено со цел да се застрашат и да се задржат во покорност. Во некои случаи со оваа тактика се постигнуваше саканата цел, и за да останат во црквата, поединци го отфрлија Божјото одобрување. Мнозина од искрено осведочените не се

осмелија јавно да ја признаат својата вера, „за да не бидат исклучени од синагогата”. Но набргу потоа, некои сепак ја напуштија црквата и се придружија на оние што го очекуваа Спасителот. {1C 43.3}

Во тоа време посебно драги и полни со надеж ни беа зборовите на пророкот Исаија: „Вашите браќа, кои ве мразат и кои ве гонат заради Моето име, велат: ‘Нека се јави Господ во Својата слава, па да ја видиме радоста ваша.’ Тој и ќе се појави, и вие ќе се радувате, а тие ќе бидат посрамени”. (Исаија 66:5) {1C 43.4}

---

5. ПРОТИВЕЊЕ НА БРАЌАТА ФОРМАЛИСТИ

Шест месеци немаше ниеден облак што би можел да се испречи меѓу мене и мојот Спасител. Кога ќе ми се укажеше погодна прилика, ги изнесував своите сведоштва, а тоа за мене беше голем благослов. Понекогаш Божјиот Дух се спушташе на мене со таква сила, што потполно ја губев силата. Тоа беше вистинска неприлика за оние што доаѓаа од црквите каде владееше формализам, така што ми беа укажувани примедби кои мошне болно ме засегаа. Многумина беа оние што не можеа да веруваат дека некој може толку да биде совладан од Светиот Дух за потполно да ја изгуби својата физичка сила. Затоа бев во мошне мачна положба. Почнав вака да размислувам: нема ли да биде подобро, совладувајќи ги чувствата, да ги задржам своите сведоштва во себе додека сум на состанок, кога постои толку големо противење во срцата на некои кои и по години и по искуство беа постари од мене. {1C 44.1}

Го усвоив планот да молчам, трудејќи се да се уверам самата себе дека тоа криење на сведоштвата нема да ме спречи да живеам во согласност со својата вера. На состаноците често се чувствував одговорна да зборувам, но се воздржував од тоа, и потоа, тоа ме исполнуваше со болно осведочување дека сум го ожалостила Божјиот Дух. Понекогаш дури и изостанував од состаноците, затоа што на некои од присутните им сметаа моите сведоштва. Настојувајќи да не ги навредам своите браќа, дозволував стравот од луѓето да ја наруши мојата постојана заедница со Бога, која претходните месеци беше најголем благослов за мојата душа. {1C 44.2}

Состаноците на вечерното богослужение се одржуваа на различни места во градот, за да им излеземе во пресрет на сите што сакаа да присуствуваат. На еден од тие состаноци присуствуваше и семејството кое најмногу се спротивставуваше на моите сведоштва. Во таа прилика, додека присутните клечеа на молитва, Божјиот Дух се спушти на присутните и еден од членовите на тоа семејство падна ничкум на земјата како мртов. Неговите домашни почнаа да плачат, масирајќи му ги рацете и помагајќи да се освести. Конечно, тој доби сила да го фали Господа, и ги смири нивните стравувања со триумфален извик, што претставуваше очевиден знак за Божјата сила што се спушти на него. Младичот не беше во состојба да се врати дома таа ноќ. {1C 44.3}

Членовите на семејството на овој млад човек поверуваа дека тоа беше манифестација на Божјиот Дух, но не се осведочија дека тоа е онаа истата божествена сила што и над мене повремено се покажуваше, лишувајќи ме од мојата природна сила и исполнувајќи ја мојата душа со спокојство и Христова љубов. Во нејзината искреност и чесност не би требало да се сомневаме - зборуваа тие - но веруваа дека се измамувам

самата себеси, сметајќи дека Божја сила е само она што е последица на моите пренапрегнати чувства. {1C 45.1}

Бев многу збунета од ова упорно противење, и кога се приближи времето за нашиот редовен состанок бев во потполна неизвесност во поглед на тоа што би било подобро: да се присуствува на таков состанок или не. Неколку дена бев многу потиштена поради таквото однесување и расположение кон мене. Конечно одлучив да останам дома и така да го избегнам критикувањето на своите браќа. Во молитва постојано ги повторував зборовите: „Господе, која е твојата волја, што треба да направам?" Одговорот што следуваше беше како налог за моето срце со доверба трпеливо да чекам да ја дознаам Неговата волја. Се предадов на Господ со полна доверба како мало дете, имајќи го на ум Христовото ветување дека оние што ќе појдат по Него нема да одат во темнина. {1C 45.2}

Чувството на одговорност, сепак, ме натера да отидам на состанокот и јас отидов, осведочена во душата дека сè ќе биде добро. Додека клечевме на молитва, моето срце се исполни со мир што само Христос може да го даде. Душата ми се зарадува во љубовта на Спасителот, но физичката сила потполно ме напушти. Единствено што со детска доверба можев да изговорам беше: „Небото е мој дом, а Христос е мој Откупител". {1C 45.3}

Еден од членовите на претходно споменатото семејство, што го оспоруваа фактот дека Божјата сила се покажува над мене, кажа дека јас само се наоѓам под влијание на силно возбудување на кое, според нивното мислење, треба да се спротивставувам, а не да го охрабрувам во себе како да е знак на Божјата наклонетост. Неговите сомнежи и противење во тој момент не ме засегнаа, бидејќи бев засолнета со присуството на Господ и воздигната над секое надворешно влијание. Меѓутоа, штом овој престана да зборува, еден силен човек, инаку побожен и скромен христијанин, падна пред неговите очи под влијание на Божјата сила, а просторијата се исполни со присуството на Божјиот Дух. {1C 46.1}

Откако дојдов на себе (по визијата), бев многу среќ на изнесувајќи го сведоштвото за Христос и зборувајќ и за Неговата љубов кон мене. Јавно признав дека имав недостаток на вера во Божјите ветувања и својата грешка што го попречував делувањето на Неговиот Дух поради стравот од луѓето. Нагласив, исто така, дека Тој, и покрај мојата намалена вера, ме опсипа со неочекувани докази на Својата љубов и ме одржа во Својата благодат. Тогаш стана братот кој многу зборуваше против мене и со солзи призна дека мислењето што го имал за мене било потполно погрешно. Барајќи проштавање во понизност, тој кажа: „Сестра Елена, никогаш повеќе, ни во најмала ситница, нема да те попречувам на твојот пат. Бог ми го откри студенилото и упорноста на моето срце со доказите на својата сила. Бев во голема заблуда". {1C 46.2}

Тогаш, свртувајќи се кон останатите, продолжи: „Мислев вака: штом сестра Елена изгледа така среќна, зошто тогаш и јас не се чувствувам така? Зошто брат Р. да не прими такво сведоштво? Осведочен сум дека тој е побожен христијанин, па сепак таква сила не се покажала на него. Се помолив најсердно во себе, доколку тоа е навистина свето влијание од Бога, и брат Р. да го доживее тоа искуство оваа вечер. {1C 46.3}

Штом оваа желба на моето срце во молитва се издигна кон Бога, брат Р. падна ничкум и под влијание на Божјата сила извикна: 'Господ нека работи!' Моето срце е осведочено дека се борев против Светиот Дух, и никогаш повеќе нема да го ожалостувам со своето упорно неверство. Добредојде, светлино! Добредојде, Исусе. Јас бев упорен во заблудата и се лутев кога било кој би го славел Бога со голема радост во

Неговата љубов, но моето непосредно доживување на реалноста е сега изменето; дојде крајот на моето противење; Исус ги отвори и моите очи; сега и самиот можам воодушевено да зборувам во Негова слава. Во својата огорченост кажав многу остри зборови против сестра Елена, а сега длабоко жалам поради сето тоа, и молам за прошка, не само од неа туку и од сите вас што сте овде присутни". {1C 46.4}

Потоа, брат Р. го изнесе своето сведоштво. Неговото лице беше осветлено со небесна слава додека го фалеше Господа за прекрасното чудо што го направи таа вечер. „Ова место," нагласи тој, „навистина заслужува стравопочитување поради присуството на Севишниот. Сестра Елена, во иднина ќе ја имаш нашата помош и поддршка наместо противењето што до сега го покажувавме. Ние бевме слепи за манифестацијата на Светиот Божји Дух". {1C 47.1}

Сите противници тогаш беа наведени да ја увидат својата заблуда и признаа дека ова дело е навистина од Господ. На еден молитвен час, набргу потоа, истиот оној брат кој јавно призна дека во своето противење бил во голема заблуда, ја искуси Божјата сила во толку голема мера, што лицето му засветли со небесна светлина, и тој немоќно падна на подот. Кога му се врати силата, повторно призна дека поттикнувајќи непријателско расположение кон мене, не знаејќи се бунтувал против Светиот Дух. На следниот молитвен час, уште еден член од истото семејство доживеа слично искуство, а потоа кажа исто такво сведоштво. Неколку седмици подоцна, додека сите членови на големото семејство на брат Р. клечеа на молитва во својата куќа, Господовиот Дух помина низ просторијата со таква сила, што сите молители паднаа ничкум на земјата. Татко ми, кој дојде малку подоцна, ги затекна сите, и родителите и децата, сè уште видливо истоштени и совладани од ненадејната манифестација на Божјата сила. {1C 47.2}

Духот на студениот формализам почна да исчезнува пред силното влијание на Севишниот. Сите кои во почетокот ми се спротивставуваа признаа дека, правејќи го тоа, го жалостеле Светиот Дух, и се соединија во наклоноста кон мене и во љубовта кон Спасителот. Срцето ми беше пресреќ но што божествената милост го израмни патот пред мене, и така дарежливо ја награди мојата вера и мојата доверба. Во народот што го чекаше доаѓањето на Господ завладеа мир и вистинско единство. {1C 48.1}

---

6. ИСКУСТВОТО НА АДВЕНТИСТИТЕ

Постојано во бдеење и стравувајќи, се приближувавме до времето кога нашиот Спасител - како што очекувавме - требаше да се појави на облаците. Најсердно се трудевме нашиот живот да го доведеме во склад со Божјата волја, за да бидеме подготвени да се сретнеме со Него кога Тој ќе се појави. И покрај огромното противење од страна на црквите и нивните проповедници, Бетовеновата сала во Портланд беше преполна секоја вечер, а посебно во недела. Проповедникот Штокман беше вистински побожен човек. Тој беше со слабо здравје, но кога стоеше на говорницата како потполно да беше воздигнат над својата физичка слабост. Неговото лице беше осветлено со осведочувањето дека на луѓето им ја проповеда светата Божја вистина. {1C 48.2}

Во неговите зборови имаше свечена, продорна сила што допираше до срцата на многу слушатели. Понекогаш ја изразуваше својата огнена желба жив да го дочека Спасителот кога ќе се појави на небесните облаци. Со влијанието на Светиот Дух тој осведочи многу грешници со својата работа и ги доведе во Христовото стадо. Состаноците сè уште се одржуваа и по куќите во различни делови на градот, и тоа со најдобри резултати. Верниците беа храбрени да се заложат за своите пријатели и роднини, така што секојдневно имаше нови и нови што се преобратуваа. {1C 48.3}

На состаноците во Бетовеновата сала сè повеќе доаѓаа луѓе од сите општествени слоеви. Богати и сиромашни, големи и мали, проповедници и световни луѓе, сите од разни причини со желба го слушаат учењето за второто Христово доаѓање. Мнозина доаѓаа, и бидејќи не можеа да најдат место, разочарани заминуваа. Собирите се одржуваа на многу едноставен начин. Обично најпрво се одржуваше еден краток и јасно насочен говор, а потоа се преминуваше на вообичаено поттикнување во верата. И покрај толку големиот број присутни, на собирите владееше совршена тишина. Господ го зауздуваше духот на противење додека Неговите слуги ги објаснуваа причините за својата вера. Понекогаш говорникот беше навистина слабо орудие, но Божјиот Дух даваше значење и сила на кажаната вистина. На собирите се чувствуваше присуството на светите ангели, и бројот на верници што се придружуваа на таа мала група, секој ден се зголемуваше. {1C 49.1}

Во една прилика, додека проповедникот Штокман проповедаше, на масата на писарот седеше проповедникот Браун, проповедник на баптистичката црква, чие име веќе е беше спомнато во ова излагање, и внимателно ја слушаше проповедта. Длабоко возбуден, тој наеднаш пребледна како мртовец, немоќно папса на своето седиште и само што не падна на подот. Проповедникот Штокман го задржа да не падне, а потоа го положи на клупата што се наоѓаше зад масата, каде потполно изнемоштен остана да лежи сè додека не заврши проповедта. {1C 49.2}

Потоа стана, сè уште со бледо лице, но осветлен од светлината на Сонцето на Правдата и изнесе едно мошне впечатливо сведоштво. Изгледаше како да прими свето миропомазание од висините. Тој обично зборуваше полека, сериозно, смирено и без никакво возбудување. Во оваа прилика, неговите свечени и одмерени зборови ги пратеше некоја нова сила, додека ги предупредуваше грешниците и своите браќа проповедници да го отфрлат неверувањето, предрасудите и студениот формализам и како и благородните Веријци да го истражуваат Светото Писмо, споредувајќи стих со стих, за да се осведочат во тоа што е вистина. Ги преколнуваше присутните проповедници да не се чувствуваат навредени поради непосредниот начин и проповедање кое предизвикува испитување на срцето, на кој проповедникот Штокман го предочи возвишениот предмет што е битен за спасение на секого од нас. {1C 49.3}

„Ние," нагласи тој, „сакаме да допреме до срцата на луѓето, сакаме грешниците да се обратат и вистински да се покајат пред да биде прекасно за нивното спасение, за на крајот да не жалат: 'Жетвата помина, летото замина, а ние не се избавивме".' Дали браќата проповедници, кои тврдат дека нашите стрели се насочени на нив, се спремни да не се поставуваат повеќе меѓу нас и народот допуштајќи да допреме до срцата на грешниците? Ако пак, самите се поставуваат како мета, немаат право да се жалат на раните што ги добиваат. Повлечете се од тоа боиште, браќа, и нема да бидете погодени!" {1C 50.1}

Своето лично доживување тој го изнесе со таква едноставност и искреност така што до солзи трогна мнозина кои до тогаш имаа многу предрасуди. Присуството на Божјиот

Дух се чувствуваше во неговите зборови и се гледаше на неговото лице. Во свет занес тој храбро изјави дека, земајќ и го Божјото Слово за свој советник, потполно е ослободен од сомневањата и дека неговата вера е цврста. Со најдлабока сесрдност ги повикуваше своите браќа проповедници, ченовите на црквите, грешниците и неверниците сами да го истражуваат Светото Писмо, посебно истакнувајќи: „Не дозволувајте никому да ве одврати од намерата лично да се осведочите во тоа што е вистина". {1C 50.2}

Проповедникот Браун ниту во таа прилика, ниту подоцна не ја раскина својата врска со баптистичката црква, така што неговите верници гледаа на него со големо почитување. Кога го заврши своето излагање, оние кои сакаа Божјиот народ да се помоли за нив беа повикани да станат. Стотици се јавија на овој повик. Светиот Дух се спушти на присутните. Небото и земјата како да се беа приближиле. Состанокот продолжи до доцна во ноќта. Господовата сила видливо се чувствуваше над сите присутни - и на младите и на постарите. {1C 50.3}

Кога се враќавме дома, од разни страни можеше да се слушне гласно оддавање на благодарност на Бог, додека од сè поголема оддалеченост, како одговор допираа гласови: „Слава на Бога! Господ царува!" Луѓето се враќаа во своите домови со благодарност на своите усни, а гласните изрази на благодарност и радост одѕвонуваа во мирната и тивка ноќ. Никој од оние што присуствуваа на тие состаноци никогаш нема да ги заборават овие длабоко впечатливи настани. {1C 50.4}

Оние што искрено го сакаат Исус можат да ги сфатат чувствата на оние што со најдлабок копнеж го очекуваа доаѓањето на својот Спасител. Долго очекуваниот настан се приближуваше. Времето во кое се надевавме да се сретнеме со Него беше штотуку пред нас. Кон тој момент се приближувавме во најголема сериозност и тишина. Вистинските верници наоѓаа потпора во слатката заедница со Бога - во вистинскиот мир што го очекуваа да настапи потоа. Оние што лично ја искусија таа вера и надеж, никогаш нема да ги заборават тие драгоцени часови на исчекување. {1C 51.1}

Земните работи во поголем дел беа напуштени неколку седмици порано. Најгрижливо ги испитувавме секоја мисла и секоја побуда на своето срце, како да се наоѓаме на претсмртна постела, како да за само неколку часови ќе ги затвориме своите очи за сè што е на овој свет. Не беа правени никакви „облеки за вознесување" за овој голем настан; чувствувавме потреба од внатрешно осведочување дека сме подготвени за средба со Христа, а бела облека за нас претставуваше чистотата на душата - карактерот очистен од гревот преку крвта на нашиот Спасител. {1C 51.2}

Меѓутоа, времето на исчекување помина. Тоа беше првата тешка неволја низ која мораа да поминат оние што веруваа и се надеваа дека Христос тогаш ќе дојде на набесните облаци. Разочарувањето на Божјиот народ што го очекуваше Христос, беше навистина големо. Потсмевачите ликуваа придобивајќи ги слабите и неутврдените во своите редови. Се покажа дека некои, за кои се мислеше дека се вистински верници, ја прифатиле веста само од страв. Кога очекуваното време помина, нивниот страв го снема и тие се соединија со потсмевачите изјавувајќи дека никогаш не биле толку глупави да веруваат во учењето на Вилијам Милер, кого го нарекуваа умоболен фанатик. Други, кои по природа беа попустливи и колебливи, тивко ја напуштија црквата. Размислував што би се случило со овие слаби и непостојани кога Христос навистина би дошол? Тие тврдеа дека го сакаат Христос и дека со задоволство го очекуваат Неговото доаѓање, но кога Тој не се појави, како тоа да го дочекаа со големо олеснување, враќајќи се во состојба на потполна безгрижност и ја напуштија вистинската вера. {1C 51.3}

Ние бевме збунети и разочарани, но сепак не ја напуштивме својата вера. Мнозина сè уште цврсто се држеа за надежта дека Христос нема долго да го одложува Своето доаѓање. Господовото Слово е сигурно и не може да остане неисполнето. Свесни дека, живеејќи во согласност со својата драгоцена вера, ја исполнувавме секоја должност, бевме разочарани, но не и обесхрабрени. Знаците на времето покажуваа дека крајот на сè навистина се приближува, и дека секој момент мораме да бидеме будни и подготвени за доаѓањето на нашиот Господ. Мораме да продолжиме да очекуваме во вера и надеж, не занемарувајќи ги состаноците со цел да се проучува, да се храбриме и тешиме меѓусебно, за нашата светлина да продолжи да свети во темнината на овој свет. {1C 52.1}

Пресметувањето на времето беше толку едноставно и јасно, така што тоа дури и децата можеа да го сфатат. Сметајќи дека од стапувањето во сила на декретот на Артаксеркс (опишано во седмото поглавје на книгата Ездра) - кој е издаден 457-та година пред Христа - 2300-те години од книгата Даниел 8:14 мораат да завршат во 1843-та година. Врз основа на тоа, ние очекувавме дека Христос ќе дојде до крајот на таа година и бевме болно разочарани кога годината помина, а Спасителот не дојде. {1C 52.2}

Во почетокот не беше забележано дека, доколку декретот не бил издаден во почетокот на 457-та година пред Христа, тогаш 2300-те години не можат да завршат до крајот на 1843-та година. Меѓутоа, утврдено е дека декретот стапил во сила пред крајот на 457-та година, па според тоа пророчениот период мора да се заврши во 1844-та година. Времето пророчено во оваа визија не било одложено, иако изгледаше дека се одолговлекува. Бевме поучени да се потпреме на зборовите на пророкот: „Зашто видението се однесува на определеното време; тоа зборува за свршетокот и нема да излаже; па, и ако се забави, чекај го, зашто ќ е наиде и нема да забави". (Авакум 2:3). {1C 52.3}

Со истакнувањето на времето во 1843-та година Бог го стави на проба Својот народ. Грешките во пресметување на пророчките периоди не ги откри веднаш ниту учените луѓе што го побиваа учењето и гледиштето на оние што го очекуваа Христовото доаѓање. Истражувачите изјавија дека господин Милер во својата пресметка на времето бил во право, иако ја оспоруваа природата на настаните со кои треба да се заврши тој период. Меѓутоа, што се однесува до пресметувањето на времето, во заблуда беа и едните и другите. {1C 52.4}

Ние сме потполно осведочени дека Бог, во Својата мудрост, допушти Неговиот народ да доживее такво разочарување, за да се покаже што им е во срцето и да го покажат својот вистински карактер оние, што тврдат дека радосно го очекуваат Христовото доаѓање. Оние што пораката на првиот ангел (Види: Откровение 14:6,7) ја прифатија од страв од Божјиот суд и Неговата казна, а не затоа што ја сакаа вистината и го посакуваа наследството во небесното царство, сега се покажаа во вистинска светлина - беа први што почнаа да ги исмеваат разочараните верници кои искрено сакаа Христос да дојде. {1C 53.1}

Оние пак, што беа разочарани, не беа долго време оставени во темнина. Истражувајќи го периодот во пророштвото, во најсердна молитва, откри каде беше грешката и продолжија да го следат пророштвото во периодот на одложување. Во радосното исчекување на Христовото доаѓање не била земена во предвид визијата за одложувањето, и тоа доведе до тажно и непредвидено изненадување. Сепак, и таа

проба беше неопходна за искрените верници уште подобро да се утврдат во вистината. {1C 53.2}

Од тогаш, нашата надеж во поглед на Христовото доаѓање беше ставена на 1844-та година. Тоа исто така беше и време за пораката на вториот ангел кој во пророштвото е прикажан како лета среде небо, кажувајќи: „Падна, падна Вавилон, големиот град". Оваа вест за прв пат Божјите слуги ја објавија летото 1844-та година и како резултат на тоа многу луѓе ги напуштија паднатите цркви. Во врска со оваа вест се слушна и полноќниот повик: „Ете го младоженецот кај доаѓа. Излезете Му во пресрет". Пораката беше објавена во сите делови на оваа земја, а повикот пробуди Илјадници. Тоа незадржливо се шириле од град во град, од село во село и до најоддалечените населби, допирајќи така не само до учените и талентираните туку, исто така, и до неуките и скромните. {1C 53.3}

Тоа беше најсреќната година во мојот живот. Срцето ми беше преполно со радосно исчекување, но чувствував големо сочувство и грижа за оние што беа обесхрабрени и кои својата надеж не ја полагаа на Христос. Како народ се соединивме во најсердна молитва Бог да ни даде вистинско искуство и несомнени докази дека Тој навистина нè прифаќа. {1C 54.1}

Ни беше потребно многу трпение, зошто многу беа оние што се исмејуваа. Тие често нè поздравуваа со подбивни зборови за нашето поранешно разочарување: „Зар сè уште не сте се вознеле на небото? Кога очекувате да се вознесете?" Со вакви и слични зајадливи дофрлувања нè опсипуваа на само нашите световни познаници, туку дури и т.н. христијани што ја прифатија Библијата, но пропуштија да ги научат нејзините големи и значајни вистини. Заслепените очи на нивниот ум само магловито и нејасно можеа да го видат значењето на сериозното предупредување дека „Бог одреди ден во кој ќе му суди на светот," и сигурното ветување дека светите ќе бидат „вознесени заедно (со воскреснатите) во пресрет на Господ, во воздухот". {1C 54.2}

Црквите кои за себе сметаа дека се правоверни ги користеа сите можни средства да го спречат ширењето на верата во Христовото скоро доаѓање. На нивните состаноци не им е давана никаква слобода на оние кои се осмелуваа да ја спомнат надежта во скорото Христово доаѓање. Оние што тврдеа дека го сакаат Исус со презир ја отфрлија веста дека Тој, како нивен најдобар пријател, наскоро ќе дојде. Не ја криеја својата злоба и гнев кон оние што ја шириеа веста за Неговото доаѓање, и кои се радуваа што наскоро ќе Го видат во сета Негова слава. {1C 54.3}

Секој миг, за мене беше исклучиво значаен. Чувствував дека од тоа што го правиме зависат нашите вечни интереси, и дека лекомислените и незаинтересираните се наоѓаат во голема опасност. Полагајќи право на драгоцените Христови ветувања, во мојата вера немаше ни најмал облак на сомневање. Тој им кажал на Своите ученици: „Барајте и ќ е најдете, сакајте и ќе ви се даде". Цврсто верував дека навистина ќе ми биде дадено сето она што ќе го побарам во согласност со Божјата волја. Во смиреност и длабока понизност клекнував пред Христос, во срцето спремна потполно да се покорам на Неговата волја. {1C 54.4}

Често посетував семејства залагајќи се со најсердни молитви за оние што беа малодушни во верата под притисокот на стравот и очајот. Мојата вера беше толку силна, што ни за момент не се сомневав дека Бог нема да ги послуша моите молитви. Благослов од небото и Христовиот мир, без ниеден исклучок, беа одговор на нашите скромни молитви, и срцата на очајните беа осветлени со светлината на радоста и надежта. {1C 55.1}

Со сесрдно преиспитување на срцето, смирено исповедање и постојана молитва се приближувавме кон очекуваниот момент. Секое утро за своја прва должност го сметавме личното осведочување дали во својот живот сме исправни пред Бога. Нашата меѓусебна заинтересираност едни за други беше сè поголема; често се молевме заедно и еден за друг. Се собиравме во овоштарниците и шумите за да разговараме со Бога и да ги упатуваме своите молитви, чувствувајќи дека Неговото присуство ни е многу поблизу, додека бевме опкружени со Неговите дела во природата. Радоста на спасението ни беше многу поважна од јадењето и пиењето. Кога облаци би го затемниле нашиот хоризонт, не си дозволувавме ниту сон, ни мирување сè додека таквите мисли не би ги оттргнале со свеста дека Господ нè прифаќа. {1C 55.2}

Моето здравје беше многу лошо; белите дробови ми беа сериозно оболени и гласот ми беше потполно загубен. Божјиот Дух често се спушташе на мене со голема сила, а моето слабо тело одвај ја издржуваше славата која просто ми ја преплавуваше душата. Ми се чинеше дека веќе ја вдишувам атмосферата на небото, и се радував на блиската средба со својот Откупител и на вечниот живот во Негово присуство. {1C 55.3}

Припадниците на Божјиот народ во своето очекување се приближија до часот во кој - како што залудно се надеваа - доаѓањето на Спасителот ќе ја надополни нивната среќа. Но времето повторно помина не одбележувајќи со ништо дека Христос дошол. Беше исклучително тешко да се вратиме на грижите на овоземниот живот за кои верувавме дека засекогаш поминаа. Горко разочарување дојде на малото стадо верници, чија вера беше толку силна, а надежта толку постојана. Меѓутоа, и самите бевме изненадени што се чувствуваме така слободни во Господа и силно поддржувани од Неговата сила и благодат. {1C 55.4}

Искуствата од минатата година се повторија во уште поголем обем. Мнозина се откажаа од својата вера. Личната гордост на некои, кои инаку беа длабоко осведочени, сега беше така повредена, што сакаа да побегнат од светот. Слично на пророкот Јона, се жалеа на Бог, а смртта им се чинеше помила од животот. Оние пак, чијашто вера се потпираше на доказите што ги примија од другите, а не на Светото Писмо, беа спремни повторно да ги изменат своите гледишта. Лицемерите, кои мислеа дека со своето лажно каење и обличје на побожност можат да го прелажат и Бога како што се лажеа самите себе, сега се ослободија од стравот од опасноста и почнаа отворено да го напаѓаат она што до неодамна го застапуваа. {1C 56.1}

Оние што беа слаби во верата се здружија со безбожниците, изјавувајќи дека не треба веќе да постои никаков страв или очекување. Времето помина, Христос не дојде, и светот ќе остане таков каков што е уште илјада години. Овој втор голем тест го разоткри безвредното мноштво што беше повлечено од силната струја на адвентистичкото верување и одредено време носено заедно со вистинските верници и сесрдните соработници. {1C 56.2}

Ние бевме разочарани, но не и обесхрабрени. Ние одлучивме трпеливо да се подложиме на процесот на прочистување кој Бог го сметаше за неопходен за наше добро, и во надеж трпеливо да чекаме Спасителот да ги откупи Своите проверени верници. {1C 56.3}

Цврсто верувавме дека проповедањето на одреденото време беше од Бог. Тоа ги наведе луѓето трудољубиво и ревносно да го проучуваат Светото Писмо и така да ги откријат оние вистини што порано не ги забележуваа. Пророкот Јона бил пратен од Бога по улиците на Ниневија да огласи дека градот ќе биде уништен за четириесет дена. Меѓутоа, Бог сепак ја прифатил понизноста и покајанието на Ниневјаните и им го

продолжил времето на милост. Пораката што Јона ја објавил, сепак била од Бога, а Ниневјаните биле ставени на проверка во склад со Неговата волја. Светот ја сметаше нашата вера за измама, а нашето разочарување како нејзина неизбежна последица. {1C 56.4}

Зборовите на Спасителот во параболата за злиот слуга можат мошне убедливо да се применат на оние што ја исмеваат верата во скорото доаѓање на Синот човечки: „Но, ако тој зол слуга си рече во своето срце: нема мојот господар уште долго време да дојде; и почне да ги бие своите другари, и да јаде и пие со пијаниците; ќе дојде господарот на тој слуга во ден кога не се надева, и во час кога не мисли, и ќе го расече на половина, и ќе му даде награда заедно со лицемерите". {1C 57.1}

Насекаде наидуваме на потсмевачи за кои Петар кажува дека ќе се појават во последните денови, кои ќе живеат според своите сопствени желби и ќе зборуваат: „Каде е ветувањето за Неговото доаѓање? Зошто уште откако умреа нашите татковци, сè стои така од почетокот на создавањето". Но оние што го очекуваа Господовото доаѓање не останаа без утеха. Проучувајќи ја Божјата реч стекнаа драгоцени сознанија. Планот на спасението им стана многу појасен. Секој ден откриваа нови убавини на страниците на Светите Списи и чудесен склад што се забележуваше во сè, при што еден стих го објаснуваше другиот, и ниеден збор не беше без значење. {1C 57.2}

Нашето разочарување, сепак, не беше толку големо како разочарувањето на првите Христови ученици. Кога Човечкиот Син триумфално влегувал во Ерусалим, тие очекувале дека ќе биде крунисан за цар. Масата народ, што пристигнувала од сите околни области викала одушевено: „Осана на Синот Давидов". Свештениците и старешините барале од Исус да го смири мноштвото, но Тој им одговорил дека ако тие молкнат, камењата ќе прозборат, зошто пророштвото морало да се исполни. Меѓутоа, само по неколку дена, истите тие ученици својот сакан Учител, за кого верувале дека ќе владее на Давидовиот престол, го гледале распнат на ужасен крст, изложен на зајадливи зборови и потсмевање на злобните фарисеи. Изгледало дека нивните надежи се потполно уништени, и ги обзела смртна темнина. {1C 57.3}

Сепак, Христовите ветувања биле вистинити. Слатка и драгоцена била утехата со која Тој го утешил Својот народ, вечна награда на оние што остануваат вистинити и верни. {1C 58.1}

Милер и неговите приврзаници претпоставуваа дека чистењето на светилиштето за кое се зборува во книгата на пророкот Даниел 8:14, значи чистење на Земјата со оган пред таа да стане дом на светите. Тоа требало да се случи при Христовото доаѓање, и затоа тој настан го очекувавме по истекувањето на 2300. денови или години. Меѓутоа, по нашето разочарување, повторно со молитва најсердно ја проучувавме Библијата и по извесен период на неизвесност и недоумица, светлоста продре низ темнината што нè обвиткуваше, а сомнежите и несигурноста ги снема. {1C 58.2}

Сега стана јасно дека пророштвото од книгата на пророк Даниел 8:14, не се однесува на чистење на Земјата, туку на завршното дело на нашиот Првосвештеник на небото, на завршетокот на Неговата откупителна мисија и подготовка на народот за да може да опстане на денот на Неговото доаѓање. {1C 58.3}

---

7. МОЈАТА ПРВА ВИЗИЈА

Набргу по истекот на времето во 1844-та година, ми беше дадена мојата прва визија. Се наоѓав во посета на една сестра во Христа, чие срце беше неразделно поврзано со моето. Ние, пет жени, клечевме смирено пред домашниот олтар. Додека се молевме, Божјата сила се спушти на мене како никогаш порано. Имав впечаток дека, опкружена со светлина, се повеќе и повеќе се издигнувам над земјата. Се свртев за да ги видам адвентистите на светот, но не можев да ги видам, се додека еден глас не ми кажа: „Погледни уште еднаш, но малку погоре". На тие зборови го подигнав мојот поглед и здогледав една права, тесна петека која се издигаше високо над овој свет. По таа патека адвентистите патуваа кон Светиот град. Зад нив, од самиот почеток на нивното патување, свети силна светлина за која ангелот кажа дека е тоа полноќниот вик. Оваа светлина ја осветлува патеката по целата нејзина должина, за нивните нозе да не се сопнат. И додека својот поглед го сосредоточуваат на Христа Кој се наоѓа токму пред нив, тие се потполно безбедни. Меѓутоа, многумина од нив се заморуваат и зборуваат дека градот е многу далеку и како тие се надевале дека многу побрзо ќе стигнат. Тогаш Исус, сакајќи да ги охрабри, ја подига Својата славна десница од која извира светлина што ги осветлува малкуте адвентисти, така што тие почнуваат да извикуваат: „Алилуја!" Некои лекомислено ја отфрлаат светлината, зборувајќи дека Бог не ги водел до тука. Затоа, зад нив ја снемува светлината и тие остануваат во потполн мрак, се сопнуваат губејќи го патоказот, исто така и Христос, и на крај паѓаат од патеката во мрачниот и зол свет - врзани за оваа земја. {1C 58.4}

Наскоро потоа го слушаме Божјиот глас, сличен на бучење на силни води, кој го објавува денот и часот на Христовото доаѓање. Живите свети, 144.000 на број, го познаваат и разбираат гласот, додека непокајаните мислат дека тоа е грмотевица и земјотрес. Објавувајќи го денот и часот, Бог ја излива на нас силата на Светиот Дух, и нашите лица светат осветлени од Божјата слава, слично на Мојсеевото лице кога тој слегувал од планината Синај. {1C 59.1}

Припадниците на групата од 144.000 се запечатени и совршено соединети. На нивните чела се запишани зборовите: „Бог, Новиот Ерусалим," и блескоти по една величествена ѕвезда во која се наоѓа Исусовото ново име. Гледајќи ја нашата среќа и светост, безбожниците се гневат и жестоко навалуваат да не се струполат во провалијата, но ние ги подигаме рацете во името на Господ и тие беспомошно паѓаат на земјата. Тогаш оние од заедницата на сатаната увидуваат дека Бог навистина нè љуби, нас кои си ги миевме нозете еден на друг и кои ги поздравувавме браќата со свет бакнеж, и доаѓаат да се поклонат пред нашите нозе. (Откровение 3:9) {1C 59.2}

Набргу нашите очи се свртуваат кон исток, привлечени од појавата на еден мал црн облак со големина од половина човечка дланка, бидејќи сите знаеме дека тоа е знакот на Синот Човечки. Во свечена тишина, сите втренчено гледаме како облакот се приближува и станува сè посветол и повеличествен, за конечно да се претвори во голем бел облак. Долната страна му е како во пламен; над него се издига виножито, додека околу него се наоѓаат десетици илјади ангели кои пеат најмилозвучни песни. На облакот седи Човечкиот Син. Косата му е бела и во кадрици се спушта до рамењата, а на главата има многу круни. Нозете Му се како разгорен оган, во десната рака држи остар срп, а во левата сребрена труба. Со очите што се како огнен пламен Тој ги преиспитува Своите деца до дното на душата. {1C 60.1}

Бледило го обзема секое лице, а лицата на оние што Бог ги отфрлил стануваат дури и црни. Секој гласно си го поставува прашањето: „Кој може да опстане? Дали мојата

облека е беспрекорно чиста?” Ангелите престануваат да пеат и за момент настанува гробна тишина, додека Исус не каже: „Ќе опстанат само оние што имаат чисти раце и чисто срце. Доволна ви е Мојата благодат!” На тие зборови на нашите лица повторно огрева светлина и радост го обзема секое срце. Ангелите повторно, и тоа уште погласно пеат, додека облакот сè повеќе се приближува кон земјата. Потоа одекнува звукот од сребрената труба додека Христос, опкружен со огнен пламен, се спушта на облакот. Насочувајќи го Својот поглед кон гробовите на заспаните верници, Тој ги подига Своите очи и раце кон небото кажувајќи со силен глас: „Пробудете се! Пробудете се! Пробудете се! вие што спиете во правот и станете!” Настанува силен земјотрес. Гробовите се отвораат и мртвите излегуваат од нив облечени во бесмртност. Припадниците на 144-те илјади радосно извикуваат „Алилуја” додека ги препознаваат своите пријатели што смртта ги отргнала од нив; во истиот тој момент ние се преобразуваме и заедно со нив се подигнуваме од земјата да се сретнеме со Господ во воздухот. {1C 60.2}

Сите заедно на облакот се вознесуваме седум дена до Стакленото море, каде Исус донесува круни и со Своите сопствени раце ги става на главите на секого од нас. Ни дава исто така и златни харфи и палми на победата. На Стакленото море стојат во совршен четириаголник 144.000. Некои имаат многу блескотни круни, а други не толку сјајни. Некои круни се потполно опсипани со ѕвезди, додека на други има значително помалку. Сепак, секој е потполно задоволен со својата круна. Сите, од глава до пети се облечени во бела облека. Ангелите се насекаде околу нас додека преку Стакленото море чекориме кон вратите на Новиот Ерусалим. Исус ја подига Својата моќна и славна рака, и ги допира бисерните порти кои бесшумно се отвораат на своите светли шарки, и Тој ни кажува: „Вие ги исправте своите облеки во Мојата крв и цврсто стоевте на Мојата вистина, влезете внатре!” Сите ние слободно влегуваме чувствувајќи дека имаме полно право на тој град. {1C 60.3}

Во градот го здогледуваме дрвото на животот и Божјиот престол. Од престолот тече една кристално бистра река, а од двете страни на реката се издига дрвото на животот. Стеблото на ова дрво се наоѓа и на едниот и на другиот брег од реката; и двете стебла се од чисто прозирно злато. Најнапред ми се чини дека гледам две дрвја. Гледајќи повторно, можам да видам дека стеблата се соединуваат во едно дрво на врвот. Така дрвото на животот се издига од двете страни на живата река. Неговите гранки се спуштаат надолу и ние можеме да ги допреме со нашите раце; плодовите се прекрасни, се преливаат во златна и сребрена боја. {1C 61.1}

Сите доаѓаме до дрвото на животот и седнуваме набљудувајќи ја величествената околина. Овде ни приоѓаат браќата Фич и Штокман, кои порано го проповедаа евангелието за царството, а Бог ги положи во гробот за да ги поштеди од понатамошните страдања, и се распрашуваат што сè ние преживеавме додека тие спиеја во гробот. Ние се обидуваме да се сетиме на најтешките неволји но, во споредба со далеку позначајната и вечна слава што нè опкружува, тие изгледаат толку ништожни, толку безначајни што за тоа не е вредно воопшто да се зборува, и сите на глас извикнуваме: „Алилуја! Лесно е да се добие небото!” Нашите прсти вешто ги допираат жиците на златните харфи, а небесните сводови одѕвонуваат од нивниот звук. {1C 61.2}

_____

8. ПОВИК ДА ТРГНАМ НА ПАТ

Оваа визија им ја раскажав на верниците во Портланд кои цврсто веруваа дека таа е од Бога. Божјиот Дух го следеше моето сведоштво, и сите бевме под свечениот впечаток на вечноста. Ме обзеде неискажлива стравопочит при помислата дека мене, вака млада и слаба, Бог ме избра да бидам орудие преку кое ќе ја упатува светлината до Својот народ. Додека бев под влијанието на Божјата сила, бев исполнета со радост и ми се чинеше дека сум опкружена со свети ангели во величествените небесни дворови, каде сè е исполнето со мир и радост, и мошне тешко ја доживував болната промена кога по визијата се враќав во реалноста на овој минлив живот. {1C 62.1}

Во втората визија, која следеше набрзо по првата, ми беа покажани неволјите низ кои ќе морам да поминам и ми беше укажано на должноста, на другите да им го пренесам она што Бог ми го откри. Покажано ми е дека во своите напори ќе наидувам на големо противење и дека срцето ќе ми биде раскинувано од болка, но и дека Божјата благодат ќе ми биде доволна утеха за да се одржам во сето тоа. Пораката што ми беше упатена во оваа визија многу ме загрижи, зашто ми укажуваше на мојата должност - дека морам да одам меѓу народот и да ја објавувам вистината. {1C 62.2}

Моето здравје, поради постојаните физички болки и душевни страдања, беше толку нарушено што, судејќи според сето тоа, ми остануваше уште само кратко време да живеам. Со само седумнаесет години, бев ситна, болежлива, ненавикната на друштво и по природа толку плашлива и повлечена, така што среќавањето со непознати лица за мене беше вистинско мачење. Се молев најсесрдно неколку денови, длабоко во ноќ та, овој товар да биде одземен од мене и да му биде даден на некој кој вистински ќе може да го понесе. Но светлината што ми беше дадена во поглед на таа должност не се измени, а во ушите постојано ми одѕвонуваа зборовите на ангелот: „Кажи им го и на другите тоа што јас ти го открив”. {1C 62.3}

Стравувајќи да не наидам на потсмев и противење, никако не можев да се помирам со повикот јавно да настапувам на собирите. Имав многу малку доверба во себе. До тогаш, кога Божјиот Дух ќе ме поттикнеше на некоја должност, се издигнував над личните чувства, заборавајќи на сите стравувања и малодушност при помислата на Христовата љубов и Неговото чудесно залагање за мене. Непоколебливото осведочување да ја вршам својата должност и да се покорувам на Божјата волја ми носеше самодоверба што и самата ме изненадуваше. Во тие моменти бев спремна да направам и да поднесам сè за да им помогнам и на другите да најдат светлина и мир во Христа. {1C 63.1}

Меѓутоа, да вршам ваква должност, која сега беше ставена пред мене, ми изгледаше потполно неможно; ми се чинеше дека самиот обид да го направам тоа ќе биде потполно промашување. Неволјите (пробите) што би го прателе тоа ми изгледаа толку тешки што не би можела да ги издржам. Како можам јас, уште дете по години, да одам од место во место и на народот јавно да им ги откривам Божјите вистини? Срцето ми се стегаше и трепереше од страв при самата помисла на тоа. Мојот брат Роберт, кој беше само две години постар од мене, не би можел да ме придружува на таквите патувања, зошто беше со уште послабо здравје и поплашлив од мене, и ништо не можеше да го наведе на таков чекор. Мојот татко мораше да го издржува семејството и поради тоа не смееше да ја напушти работата, но цврсто ме уверуваше дека Бог лично - ако Тој навистина ме повикал да работам на други места - успешно ќе го отвори патот пред мене. Меѓутоа, овие охрабрувачки зборови беа само незначителна утеха во мојата

малодушност и духовна истоштеност. Пречките што беа поставени на патот на кој бев повикана, ми изгледаа несовладливи. {1C 63.2}

Ја посакував и смртта како ослободување од одговорноста што толку тешко ме оптоваруваше. Слаткиот мир што толку долго го имав исчезна и очај повторно завладеа со мојата душа. Изгледаше дека сите мои молитви се напразни, па ја загубив и верата. Зборовите на утеха, укор или охрабрување за мене беа исти, зошто ми се чинеше дека никој не може да ме разбере освен Бог, а Тој ме напушти. Припадниците на нашата црква во Портланд не знаеја за страдањата на мојата душа што ме доведоа во состојба на очај, но гледајќи дека сум поради нешто многу потиштена сметаа дека е тоа грешно од моја страна, имајќи го во вид чудесниот начин на кој Бог ми се откри во Својата милост. {1C 63.3}

Се плашев дека Бог засекогаш ме лиши од Својата благонаклоност. Сеќавањето на светлината што порано ја осветлуваше мојата душа, ја правеше таа светлина двојно подрагоцена во споредба со темнината што сега ме опкружуваше. Во куќата на мојот татко се одржуваа верски состаноци, но мојата потиштеност беше толку длабока што одредено време воопшто не присуствував. Товарот што ме притискаше стануваше сè помачен сè додека не дојдов во состојба да верувам дека моите душевни страдања се потешки отколку што можам да издржам. {1C 64.1}

Конечно се согласив да присуствувам на еден од состаноците што се одржуваа во нашата куќа. Собирот упатуваше посебни молитви кон Бога за мене. Отец Пирсон, кој порано ја порекнуваше вистинитоста на покажувањето на Божјата сила над мене, сега најсердно се молеше за мене, и ме советуваше својата волја да ја потчинам на Божјата волја. Како нежен татко настојуваше да ме охрабри и утеши, наложувајќи ми да верувам дека Пријателот на грешниците не ме оставил. {1C 64.2}

Се чувствував премногу слаба и истоштена за да направам било каков посебен напор за себе, но во срцето се придружив на молитвите на своите пријатели. Сега малку ме загрижуваше противењето од страна на светот, и бев спремна на секаква жртва само Бог уште еднаш да ми ја укаже Својата благонаклоност. Додека верниците се молеа за мене, ја снема големата темнина што ме опкружуваше и ме осветли ненадејна светлина. Ја загубив силата, и ми се чинеше дека сум повторно во друштво на ангелите. Едно од тие свети суштества ги повтори зборовите: „Кажи им го и на другите тоа што јас ти го открив". {1C 64.3}

Најмногу ме измачуваше стравот - одговарајќи на повикот на должноста како овластена од Бога да ги објавувам визиите и откровенијата што Тој ми ги даде за другите - да не попуштам на грешниот занес и воздигајќи се над положбата што ми е дадена да не го предизвикам Божјиот гнев против себе и така да ја загубам својата душа. Имајќи на ум неколку вакви и слични случаи, срцето ми се стегаше при помислата на толку тешки проби (неволји). {1C 64.4}

Сега сердно се молев, ако морам да одам и да го објавувам она што Господ ми го покажа, да бидам сочувана од недолично возвишување. Ангелот кажа: „Твоите молитви стигнаа до Господ и ќе бидат услишени! Доколку навистина ти се заканува ова зло од кое толку се плашиш, Божјата рака ќе биде испружена да те сочува; Тој со болести и страдања постојано ќе те држи до себе, и ќе ја сочува твојата понизност. Објавувај ја верно пораката што ти е дадена. Издржи до крај и ќе јадеш од дрвото на животот и ќе пиеш жива вода". {1C 65.1}

Станувајќи повторно свесна за овоземната реалност, потполно му се доверив на Господ, спремна да го извршам секој Негов налог без оглед на последиците. Наскоро

провидението ми го отвори патот заедно со мојот зет да одам кај мојата сестра што живееше во Поленд, околу педесет километри оддалечено од мојата куќа. Овде ми се укажа добра прилика да го изнесам своето сведоштво. {1C 65.2}

Грлото и градите веќе три месеци толку ме болеа што одвај можев да зборувам и тоа само со слаб и засипнат глас. Во оваа прилика станав пред собраните и го отпочнав својот говор буквално со шепот. Така зборував пет минути, а потоа болките и тешкотиите што ги чувствував во грлото наеднаш ги снема, а гласот ми стана јасен и силен, така што продолжив да зборувам совршено лесно и без никакви препреки скоро два часа. Кога ја завршив својата порака, гласот повторно ми се фати; не можев гласно да зборувам сè додека повторно не излегов пред народот, кога ова уникатно оздравување се повтори на истиот начин. Добив цврсто осведочување дека на ваков начин навистина ја извршувам Божјата волја, и видливи резултати ги следеа моите напори. {1C 65.3}

Провидението потоа го отвори патот пред мене да одам во источниот дел на државата Мејн. Братот Вилиам Хордан и неговата сестра одеа деловно во Орингтон, и упорно ме наговараа да одам со нив. Бидејќи му ветив на Господ дека ќе одам по патот што Тој ќе го отвори пред мене, не се осмелив да го одбијам ова. Во Орингтон се сретнав со проповедникот Јаков Вајт. Тој ги познаваше моите пријатели и беше ангажиран во делото на спасување на душите. {1C 65.4}

Божјиот Дух ја следеше пораката што ја изнесував; срцата на присутните се зарадуваа во вистината, а тие што беа со паднат дух се охрабрија да ја обноват својата вера. Во Гарленд голем број луѓе, собрани од разни места, со задоволство го слушаа моето излагање. Меѓутоа, моето срце повторно беше болно погодено. Добив писмо од мајка ми во кое ме моли да се вратам дома, бидејќи за мене се шират лажни вести. Ова беше потполно неочекуван удар. На моето име никогаш немаше паднато сенка на било какво прекорување, и секогаш многу држев до мојот добар углед. Посебно ме заболе тоа што и мојата мајка мораше да страда поради мене. Таа со цело срце беше поврзана со своите деца, и во сè што се однесуваше на нив таа беше мошне чувствителна. Да имав било каква прилика, веднаш ќе се вратев дома, но тоа беше невозможно. {1C 65.5}

Во длабока болка се чувствував многу потиштена за да можам да зборувам таа вечер. Верниците ме храбреа и ме повикуваа да се надевам на Господа, а на крај почнаа и да се молат за мене. Божјиот благослов наскоро се спушти на мене, и таа вечер го изнесов своето сведоштво со голема слобода. Од куќата во која се наоѓавме одѕвонуваа гласни изрази на благодарност и победа, и присуството на Христос се чувствуваше меѓу нас. {1C 66.1}

Во својата работа бев повикана да се спротивставам на оние што со својот фанатизам му нанесуваа срам на Божјото дело. Занесени од фанатизмот, таквите мислат дека верата се состои од големо возбудување и бучни расправии. Тие зборуваат на начин што ги раздразнува неверниците, доведувајќи ги до тоа да ги мразат и нив и тоа што го проповедаат, а потоа се радуваат што се изложени на прогонство. Неверниците не можат да видат никаква доследност во нивното однесување. Во некои места поради тоа браќата беа спречени да присуствуваат на состаноците. Заедно со виновните страдаа и невините. Долго страдав и тагував поради тоа. Ми изгледаше страшно и ме болеше што тие неразумни луѓе нанесуваат толку голема штета на Христовото дело. Тоа е крајно погубно не само за сопствената душа, туку и на самото дело фрла срам што е тешко да се отстрани. Токму тоа го сака сатаната. Тој се радува кога непосветени луѓе ја злоупотребуваат вистината мешајќи ја со заблудата, за потоа и вистината заедно со

лагата да ја фрлат во прав. Тој посебно ликува кога ќе види збунетост и распад меѓу Божјите деца. {1C 66.2}

Еден од така фанатички настроените поединци имаше доста успех во залагањето моите пријатели, па дури и моите роднини, да ги наведе против мене. Затоа што верно го кажав она што ми беше покажано за неговиот нехристијански живот, тој шириеше лаги за да го уништи моето влијание и да се оправда самиот себе. Мојата судбина ми изгледаше многу тешка. Обесхрабрувањето во кое западнав беше мошне болно; таквата состојба на нашиот народ толку ме ожалости што две седмици лежев болна. Моите пријатели мислеа дека нема да преживеам, но браќата и сестрите што сочувствуваа со мене се собраа за да се молат за мене. Наскоро сфатив дека сесрдните и делотворни молитви, што беа упатувани за мене, однесоа победа. Силата на јакиот непријател беше скршена и јас, ослободена од прангите на болеста, веднаш добив една визија. Во таа визија ми е покажано дека - доколку почувствувам дека било какво човечко влијание се спротивставува на моето сведоштво, без оглед на тоа каде се наоѓам - треба само да се молам на Бога, и ангелот веднаш ќе биде пратен да ме сочува. Ангелот чувар, кој постојано е со мене, секогаш ќе ми помогне, но - ако затреба - Господ ќе прати уште еден ангел кој ќе ме воздигне над досегот на секое овоземно влијание. {1C 67.1}

---

9. ВИЗИЈА ЗА НОВАТА ЗЕМЈА

(Оваа визија ги опишува настаните што ќе се случат на крајот од 1000 години по второто Христово доаѓање. Откровение 20:21,22; Захарија 14:4)

Со Исус на чело, сите ние излегуваме од Светиот град и се спуштаме на оваа Земја, на една висока планина која не може да го држи Господ, туку при допирот на Неговите нозе се распаѓа и така настанува една голема рамница. Потоа, подигајќи го својот поглед горе го забележуваме и големиот град со дванаесет темели и дванаесет врати, по три од секоја страна, а на секоја врата стои по еден ангел. Сите гласно извикуваме: „Градот, големиот град, слегнува од Бога, од небото," и се спушта токму каде што ние стоиме. Веднаш го разгледуваме величествениот надворешен изглед на градот. Овде можев да видам најпрекрасни куќи кои изгледаа како да се од чисто сребро; аголните столбови му се украсени со бисери, што ги прави неописливо прекрасни. Во секоја од тие куќи каде треба да живеат светите има по една златна полица. Видов како многу свети влегуваат во куќите, ги симнуваат своите блескотни круни, ги стават на златните полици, а потоа излегуваат во полето, во близина на куќата, за да се занимаваат со работа во полето; но не како што ние мораме да работиме овде на Земјата, не, не. Околу главата на секој од нив блеска величествена светлина, а тие непрестано радосно извикуваат славејќи и фалејќи го Бога. {1C 67.2}

Видов, исто така, и една пољанка полна со секаков вид цвеќе, и додека го берев воодушевено извикнав: „Тоа никогаш нема да овене". Забележав и еден тревник со необична трева која имаше величествен изглед; тревата е свежо зелена со сребрено - златен одблесок, и достоинствено се поклонува во слава на Исус како Цар над царевите. Потоа наидуваме на една област полна со животни од секаков вид - лав, јагне, леопард и волк - сите заедно во совршен склад и мир. Поминуваме покрај нив, а тие мирно одат

по нас. Потоа навлегуваме во шума, но ниту малку не наликува на мрачните шуми што ги имаме овде на Земјата; не, туку светла и величествена; гранките на тамошните дрвја, за разлика од оние овде, се повиваат горе-долу, а сите ние радосно извикуваме: „Ќе живееме во ненаселени места без страв и ќ е спиеме во шумите". Поминуваме низ шумите патувајќи кон планината Сион. {1C 68.1}

Патем сретнуваме едно друштво кое исто така со голем интерес ги разгледува убавините на оваа област. Посебно го привлекува моето внимание црвената бордура на нивната облека; круните им блескотат, а облеката им е чисто бела. Ги поздравуваме, и јас го прашувам Исус кои се тие. Тоа се маченици, кажува Тој, што за Него го положиле својот живот. Со нив е и едно големо мноштво малечки дечиња, кои исто така имаат црвена бордура на својата облека. Планината Сион се простира токму пред нас; на неа се воздига величествен храм, а околу него има седум ритчиња опсипани со букети од ружи и лиљани. Ги гледав малите како се искачуваат или, пак, како со своите мали крилја летаат на врвовите на тие ритчиња и берат цвеќе што никогаш не вене. Околу храмот растат дрвја од секаков вид - шимшир, бор, елка, маслинка, мирта, калинка и смоква, повиени под товарот на зрелите плодови. На самиот влез во храмот, Исус со Својот мил глас изјавува: „Само 144.000 можат да влезат во овој простор," а ние радосно извикуваме: „Алилуја!" {1C 68.2}

Храмот е потпрен на седум столбови и сè е од прозирно злато, украсено со најубави бисери. Чудесната убавина што таму ја видов не сум во состојба да ја опишам. О, кога би знаела да зборувам со ханански јазик, дури тогаш би можела донекаде да ја прикажам славата на оној подобар свет. Таму видов и камени плочи на кои со златни букви беа изгравирани имињата на сите 144.000 спасени. {1C 69.1}

Разгледувајќи ја величественоста на храмот излегуваме надвор, каде Исус нè остава и заминува во градот. Но наскоро, повторно го слушаме Неговиот мил глас: „Дојдете, народе мој! Вие што доаѓате од големи неволји, ја извршувавте Мојата волја и страдавте за Мене, дојдете на вечера, а Јас ќе се опашам и ќе ви служам!" Со радосни извици: „Алилуја, слава!" ние влегуваме во градот. Овде е поставена трпеза од чисто злато, долга многу километри, а сепак со очи може да се согледа. На масата видов плодови од дрвото на животот, мана, бадеми, смокви, калинки, грозје и многу други видови овошје. Го замолив Исус да ми дозволи да јадам од тоа овошје, но Тој рече: „Сè уште не, зашто оние што ќе вкусат од овие плодови не се враќ аат повеќе на земјата. Ако останеш верна, наскоро ќе јадеш плод од дрвото на животот и ќе пиеш жива вода". На крајот додаде: „Мораш повторно да се вратиш на земјата и да им го пренесеш на другите сето ова што ти го открив". Потоа еден ангел полека ме спушти во овој мрачен свет. Понекогаш мислам дека овде не ќе можам понатаму да издржам; сè на Земјата изгледа толку мрачно и тажно. Овде се чувствувам мошне осамена, бидејќи ја видов подобрата земја. О, кога би имала крилја како гулаб за да одлетам и да најдам за себе спокојство и мир! {1C 69.2}

Братот Хајд, кој беше присутен кога ја изнесував оваа визија, ги состави следните стихови кои се објавувани во многу многу верски весници, а нашле место и во некои песнарки. Додека стиховите од оваа песна се печатат, читаат и пеат, малкумина се оние што знаат дека настанале од визијата на една девојка, прогонета поради нејзиното скромно сведоштво. {1C 70.1}

Слушнавме за светлата, света земја;
Слушнавме и срцата наши се радосни;
Зошто сите сме уморни патници, знај,
Уморни, исцрпени и жалосни.
Ни кажаа дека за светиите таму има дом,
И дека тие нема да талкаат веќе,
Зашто сè е прекрасно во тој крај,
Каде чистата река на животот тече. {1C 70.2}

Таму се простираат полиња зелени,
Кои никогаш не знаат за суша;
На нив растат цвеќиња шарени,
И таму цвета саронска ружа.
Птиците пеат на гранките зелени,
Се орат нивните весели песни,
И со звуците на своите песни јасни,
Ги поздравуваат ангелите со своите харфи. {1C 70.3}

Слушнавме за палмите и златните круни,
За пурпурната лента на облеката бела, За
прекрасниот град со портите бисерни, Што
е овенчан со светлина весела.
Слушнавме за ангелите и светите,
Што со харфи пеат песни слатки, За
прекрасните плодови од дрвото на животот,
За листовите што ги лечат сите болести. {1C 70.4}

Прекрасен и добар е Царот на таа земја,
Светлина е Тој и радост за овој крај;
Наскоро ќе стигнеме во земјата Негова,
Со лица што блескаат во Неговиот сјај.
Уште малку само, и ќе бидеме таму,
Да живееме во друштво на чисти и свети. Ќе
имаме палмови гранчиња, облека и круна, И
засекогаш ќе имаме почивка. {1C 70.5}

10. ЗАДРЖУВАЊЕ НА УКОРОТ

Токму тоа време бев изложена на уште една тешка неприлика. Ако било кој под влијание на Божјиот Дух би почнал на јавните собири да го велича и слави Бога, некои други веднаш би повикале дека е тоа месмеризам, и доколку Господ би видел дека е добро во текот на тој состанок да ми даде некоја визија, веднаш се пренесуваа гласови дека е тоа последица на возбудување и месмеризам. Често пати, натажена и со истоштен дух, одев на некое скришно место за својата душа да ја отворам пред Оној што ги повикува сите уморни и натоварени, во Него да најдат спокојство и мир. Штом во вера

се повикував на Божјите ветувања, имав впечаток дека Христос ми е мошне блиску. Пријатна небесна атмосфера би засветела околу мене и јас, како да сум опфатена од рацете на мојот Спасител, би била вознесена во визија. Меѓутоа, кога им зборував на другите за она што Бог ми го откри, таму каде земното не можеше да влијае на мене, бев болно погодена и изненадена од мислењата на некои, со кои инаку бев во најблиски односи, дека оние што живеат најблизу до Бога често се и најподложни на сатанските измами. {1C 71.1}

Според ова сфаќање, нашата единствена безбедност би требала да биде во нашето одвојување од Бога, во состојбата на духовното пропаѓање. О, зар толку далеку се отишло, размислував јас, оние што искрено се обраќаат на Бога повикувајќи се на Неговите спасоносни ветувања да се осудуваат дека само поради тоа се наоѓаат под гнасното влијание на месмеризмот? Дали од нашиот добар небесен Татко бараме леб само за да добиеме камен или скорпија? Ова толку го рануваше мојот дух и ми причинуваше таква душевна болка што брзо паднав во состојба на очај. Многу беа оние што сакаа да поверувам дека моите искуства не доаѓаат од Светиот Дух, и дека сето она што во тој поглед го искусиле светите Божји луѓе било само влијание на месмеризмот или сатанската измама. {1C 71.2}

Некои екстремно толкуваа некои цитати од Библијата, воздржувајќи се потполно од работа и отфрлајќи ги сите оние што не ги прифаќаа нивните идеи по ова или по било кое друго прашање што се однесуваше на верските должности. Во една визија Бог ми ги откри овие заблуди и ми кажа да ги поучам Неговите измамени деца, но мнозина од нив ја отфрлија пораката и ме обвинија дека се прилагодувам на светот. Од друга страна, номиналните адвентисти, ми припишуваа фанатизам и лажно ме претставуваа како водач на занесени, иако постојано се залагав да го спречам истото тоа зло. {1C 72.1}

Одредувани се различни датуми на Христовото доаѓање, и тоа упорно им е наметнувано на нашите верници, но на мене Господ јасно ми покажуваше дека тоа нема да биде така, бидејќи пред Христовото доаѓање мора да дојде време на голема неволја, а секој датум одреден на таков начин, кога ќе помине, само ќе ја ослаби верата на Божјиот народ. Поради тоа ми припишуваа улога на зол слуга кој кажува: „Нема мојот господар уште долго време да дојде”. {1C 72.2}

Тврдењата во врска со одредувањето на времето на Христовото доаѓање беа печатени околу триесет години порано, а книгите во кои е тоа е запишано се разнесени на сите страни; и покрај тоа некои од проповедниците, кои тврдеа дека добро ме познаваат, упорно истакнуваа дека моите визии се лажни бидејќи, наводно, неколку пати сум го одредувала времето на Христовото доаѓање, а тоа не се случило. Секако, мнозина беа оние што ги прифатија овие лажни тврдења како вистина; меѓутоа такво нешто не би можел да каже никој кој ме познава мене и мојата работа. Откако помина одреденото време во 1844-та година, моето сведоштво во врска со тоа прашање секогаш беше и ќе остане: „Некои поединци повторно и повторно ќе го одредуваат времето на Христовото доаѓање, а кога тоа нема да се оствари, последиците ќе бидат слабеење на верата меѓу Божјиот народ”. Да ми беше откриено во визија одредено време на Христовото доаѓање и да го бев изнела тоа во некое мое сведоштво, тогаш не би можела спротивно на таквото сведоштво да пишувам дека секое идно одредување на времето на Христовото доаѓање нема да се оствари, зошто пред да дојде Христос, најнапред треба да дојде време на неволја. Секако дека во последните триесет години, откако ова тврдење беше јавно публикувано, не би си дозволила грешка - повторно да го одредувам времето на Христовото доаѓање - поради која морав другите да ги

укорувам. Освен тоа, јас немав никакви визии до 1845-та година, кога веќе измина годината во која мнозина го очекуваа Христовото доаѓање. Тогаш ми беше покажано ова што сега го наведов. {1C 72.3}

Но, дали ова сведоштво се исполни во сите свои подробности? Адвентистите на првиот ден одредуваа дата по дата, и покрај повторените грешки, имаа храброст повторно да го одредуваат времето. Бог не ги водел во тоа. Мнозина од нив го отфрлија вистинското пророчко време, и го игнорираа исполнувањето на пророштвото, затоа што она што тие го очекуваа 1844-та година не се случи. Тие ја отфрлија вистината, и непријателот им ја подметна силата на измамата за да ѝ веруваат на лагата. Големата проба во поглед на одредување на времето беше 1843 и 1844 година; сите кои и после тоа го одредуваат времето, се измамуваат самите себе, измамувајќи со тоа и други. {1C 73.1}

Сè до моментот на мојата прва визија воопшто не можев да пишувам; во својата растреперена рака не можев да го држам перото. Во текот на визијата ангелот ми заповеда да го запишам тоа што ми беше покажано. Послушав и можев да пишувам без никакви пречки. Моите нерви зајакнаа и раката ми стана сосема стабилна. {1C 73.2}

За мене беше тежок крст да им го пренесам на оние што беа во заблуда она што ми беше покажано за нив. Ми предизвикуваше голема болка кога ги гледав другите загрижени и вознемирени. Кога имав обврска на поединци да им ја пренесам Божјата порака, често ја ублажував и ја прикажував во што поповолна светлина за нив, а потоа се повлекував во самотија и плачев страдајќи во душата. Гледајќи ги оние што требаше да се грижат само за својата душа, мислев дека, кога би била во нивна положба, никогаш не би мрморела. Навистина беше тешко отворено да се изнесат острите и отворени сведоштва што Бог ми ги даваше. Со страв и загриженост го чекав исходот и кога укорената личност би се побунила против укорот, а подоцна би станала и против вистината, во мојата душа се појавуваше мачно двоумење: дали ја пренесов пораката онака како што требаше? Не постоеше ли некој подобар начин за нивно спасение? Тогаш мојата душа ја обземаше таква потиштеност што често помислував дека смртта ми е добредојден гласник, а гробот место на сладок одмор. {1C 73.3}

Опасноста и грешноста на ваквото постапување не го сфатив сè додека не бев пренесена во визија во Христово присуство. Тој ме погледна со негодување и го сврте Своето лице од мене. Стравот и ужасните страдања што тогаш ги почуствував не е можно да се опишат. Паднав ничкум пред Него, но немав сила да изговорам ниту еден збор. О, колку сакав да се скријам од тој страшен поглед што го изразуваше Неговото негодување! Тогаш до некаде можев да сфатам како ќе се чувствуваат загубените кога ќе им зборуваат на планините и камењата: „Паднете на нас и сокријте нè од лицето на Оној што седи на престолот, и од гневот на Јагнето” (Откровение 6:16). {1C 74.1}

Еден ангел ми нареди веднаш да станам, а глетката што тогаш ја видов тешко е да се опише. Пред мене беше една група луѓе со замрсена коса и искината облека, чиј изглед оддаваше вистинска слика на страв и очај. Тие се приближија и почнаа да ги тријат своите облеки од мојата. Кога потоа ја погледнав мојата облека, видов дека е извалкана со крв. Повторно како мртва паднав пред нозете на ангелот што ме придружуваше. Не можев да изустам ниту еден збор на оправдување или изговор, со единствена желба што подалеку да избегам од ова свето место. Ангелот ме подигна на нозе и ми рече: „Твојот случај сè уште не е таков, но ова ти беше покажано за да знаеш каква ќе биде твојата состојба ако занемариш да им го пренесеш на другите она што Бог ти го откри. Меѓутоа, ако останеш верна до крајот ќе јадеш плодови од дрвото на

животот и ќе пиеш вода од живата река. Ќе мораш многу да претрпиш, но Божјата благодат ќе ти биде секогаш доволна поддршка". Тогаш почувствував желба да направам сè што Господ ќе побара од мене, како би го заслужила Неговото одобрување, а не оној страшен поглед на негодување. {1С 74.2}

11. БРАКОТ И ПОНАТАМОШНИТЕ НАПОРИ

Проповедникот Јаков Вајт и јас стапивме во брак на август, 1846-та година. Проповедникот Вајт стекна големо искуство во адвентното движење и неговите напори во објавувањето на вистината беа благословени од Бога. Нашите срца беа потполно соединети во ова големо дело, и заедно патувавме и работевме на спасување на душите. {1С 75.1}

Својата работа ја започнавме без пари, со малку пријатели и со нарушено здравје. Мојот сопруг наследи силна телесна градба, но неговото здравје беше ослабнато со претераната трудољубивост на студиите за време на школувањето и подоцна во предавањата. Јас, како што е тоа веќе кажано на почетокот, уште од своето детство бев со слабо здравје. Во таква состојба - без финансиски средства, без ниту едно списание или книга, и со малкумина што беа наклонети на нашите погледи - ја започнавме својата работа. Во тоа време немавме молитвени домови, а идејата да користиме шатори за таа цел не ни дојде на ум. Своите состаноци тоа време главно ги одржувавме во приватни куќи. Нашите групи беа мали. Ретко се случуваше, освен адвентистите, некој друг да дојде на нашите собири, освен некои што би ги привлекла љубопитноста да слушнат жена како говорник. {1С 75.2}

Во почетокот плашливо и без задоволство се согласив јавно да зборувам. Кога имав самодоверба и храброст, тоа беше од Светиот Дух. Кога зборував слободно и силно, тоа ми го даваше Бог. Нашите богослужениј беа водени така што во нив учествувавме и двајцата - мојот сопруг и јас. Тој обично ќе одржеше доктринален говор, а потоа се надоврзував јас со значително подолго охрабрување на присутните, настојувајќи, на мој својствен начин, да ги трогнам нивните чувства. Така мојот сопруг го сееше семето на вистината, јас го залевав посеаното, а Бог даваше да никне и порасне. {1С 75.3}

Есента, 1846-та година почнавме да ја празнуваме библиската сабота и тоа учење да го застапуваме и да го браниме. Моето внимание на значењето на саботата прв пат беше насочено кога во почетокот на годината бев во посета на Њу Бедфорд, во државата Масачусетс. Овде се запознав со проповедникот Хозеф Бејтс, кој меѓу првите ја прифати адвентната вера и беше активен соработник во делото. Проповедникот Бејтс ја празнуваше саботата и силно го докажуваше нејзиното значење. Не сфаќајќи го сè уште значењето и важноста на ова, мислев дека проповедникот Бејтс греши кога на четвртата заповед ѝ придава поголема важност отколку на останатите, но Господ ми даде едно видение за небесното светилиште. Се отвори Божјиот храм на небото и јас го видов Божјиот ковчег засолнет со престолот на милоста. Двајца ангели стојат, едниот од едната, а другиот од другата страна на ковчегот, крилата им се раширени над престолот на милоста, а лицата свртени кон него. Со тоа, ми кажа ангелот што ме придружуваше, е прикажан ставот на сите небесни суштества кои со длабока стравопочит гледаат на Божјиот свет закон, напишан со Неговиот прст. Христос го подигна капакот на ковчегот и јас ги видов камените плочи на кои се напишани Десетте Заповеди. Се восхитив кога

видов дека четвртата заповед се наоѓа во самиот центар на овие десет прописи, опкружена со ореол на блага светлина. Ангелот кажа: „Таа е единствена од десетте заповеди во која јасно е истакната дефиницијата за живиот Бог како Творец на небото и земјата и сè што е во нив. Кога се поставувани темелите на земјата, поставени се, исто така, и темелите на саботата". {1C 75.4}

Покажано ми е дека никогаш не би постоеле неверници и атеисти кога вистинската сабота би била постојано празнувана. Почитувањето на саботата би го сочувала светот од идолопоклонство. Четвртата заповед долго време била газена, затоа сме повикани, залагајќи се за погазената сабота, да ги зasидаме дупките направени во Божјиот закон. Човекот на беззаконието кој се воздигнува над Бога, настојувајќи да го промени законот и времињата, ја променил саботата како ден за одмор и наместо седмиот ден, за ден за одмор го прогласил првиот ден на седмицата. Со таа постапка тој направил „урнатина" во Божјиот закон. Пред да дојде големиот Господов ден, на жителите на светот треба да им се упати повик да се вратат на првобитната верност на Божјиот закон, кој антихристот го згазил со своите нозе. Вниманието на народот мора со поука и пример да се насочи на тие „урнатини" во Божјиот закон. Покажано ми е дека третиот ангел го претставува народот кој, објавувајќи ги „Божјите заповеди и верата Исусова," ја прифаќа оваа порака, повикувајќи ги луѓето да ги чуваат Божјите заповеди како зеницата на своето око, и дека одsивајќи се на тој повик, многу луѓе ќе ја прифатат Господовата сабота. {1C 76.1}

Кога ја примивме светлината за четвртата заповед, во државата Мејн имаше околу дваесет и пет адвентисти што ја празнуваа саботата. Меѓутоа во другите точки на учењето имаа толку различни погледи, а и по местото на живеење беа така оддалечени едни од други, што нивното влијание беше многу мало. Отприлика исто толку верници, под слични околности, имаше и во другите делови на Нова Англија. Се чувствувавме должни често да ги посетуваме во нивните домови, зацврстувајќи ги во Господа и во Неговата вистина, а бидејќи беа толку оддалечени едни од други моравме многу време да поминеме во патување. Поради недостаток на финансиски средства користевме најевтин приватен превоз, вагон од втора класа во возовите и долна палуба на бродовите. Поради слабото здравје, мене најмногу ми одговараше патување со приватен превоз. Кога патувавме со вагони од втора класа, обично бевме во атмосфера на чад од тутун, што често ми предизвикуваше несвестица. На долната палуба на бродовите тешкотии исто така ни задаваше тутунскиот чад, но и пцостите и вулгарните разговори на бродскиот екипаж и патниците од пониските општествени слоеви. Ноќе спиевме на тврд под, во дрвени сандаци и на вреќи со жито, патните торби ни служеа како перница, а палтата и шаловите како прекривки. Кога зиме ни беше ладно, шетавме по палубата за да се згрееме, а за време на жешките летни денови излегувавме на горната палуба за да вдишеме малку свеж воздух. Тоа беше премногу напорно за мене, посебно кога патував со дете во рацете. Таквиот начин на живот не произлегуваше од нашиот избор. Бог нè повика во сиромаштија и нè водеше низ печката на неволјите и страдањата за да стекнеме искуство што требаше да ни биде од голема корист на нас самите, а и да им служи како пример на другите кои подоцна ни се придружија во работата. {1C 77.1}

Нашиот Учител бил страдалник, навикнат на страдања и маки; и оние што овде со Него страдаат, со Него и ќе владеат. Кога Христос му се јавил на Савле - при неговото обратување - немал намера да му каже колку радост и среќа ќе доживее на овој свет, туку колку ќе треба да пострада заради Него. Страдањата се дел од судбината на

Божјиот народ од деновите на првиот маченик Авел. Патријарсите поднесувале неволји и страдања поради својата верност кон Бога и послушноста на Неговите заповеди. Големиот Поглавар страдал заради нас; страдале апостолите и припадниците на првата христијанска црква; страдале исто така и милиони маченици и реформатори во средниот век. Зошто тогаш ние, имајќи ја истата блажена надеж и бесмртност, која ќе стане прекрасна реалност при скорото Христово доаѓање, би се повлекле пред маките и страдањата кои се неизбежен дел од животот? Кога би било можно да дојдеме под дрвото на животот, кое се наоѓа во средината на рајот, без никакви страдања, ние не би се радувале на толку големата награда за која ништо не сме поднеле. Би се повлекле посрамени пред таа величествена глетка, срамејќи се од оние што се бореле во добрата борба на верата, ја издржале животната трка со големо трпение и така го задобиле вечниот живот. Таму, меѓутоа, ќе бидат само оние кои, налик на Мојсеј кога требало да одлучат - повеќе сакале да страдаат со Божјиот народ. Кога Јован ги видел во својата пророчка визија мноштвото откупени, запрашал: „Кои се овие?" Веднаш следувал одговорот: „Тоа се оние што доаѓаат од големата неволја, и ги испраа и избелија своите облеки во крвта на Јагнето". {1C 78.1}

Кога почнавме да ја изнесуваме светлината по прашањето на саботата, немавме јасно дефинирана претстава за пораката на третиот ангел од Откровение 14:9-12. Суштината на нашето сведоштво, кога излегувавме пред народот беше: дека големото второ адвентно движење беше од Бога, дека пораките на првиот и вториот ангел се објавени и дека сега се објавува третата порака. Забележавме дека третата порака завршува со зборовите: „Овде е трпението на светите, кои ги држат Божјите заповеди и ја имаат верата Исусова". Јасно согледавме, како што тоа и сега јасно го гледаме, дека овие пророчки зборови укажуваат на реформа во поглед на саботата, но за поимите како што се: поклонување на ѕверот, жиг на ѕверот и икона на ѕверот, кои исто така се споменуваат во таа порака, немавме јасна и одредена претстава. {1C 78.2}

Бог преку Светиот Дух ги просветли Своите слуги, и овој предмет постепено се откриваше во нивниот ум. За тоа да се разбере и поврзе - алка по алка - беше потребно многу проучување и мачни напори. Со грижлива трудољубивост и со непрекинати напори делото напредуваше, сè додека на светот не му беа предочени големите вистини на нашата порака, како јасна, поврзана и совршена целина. {1C 79.1}

Веќе напоменав како се запознав со проповедникот Бејтс. Се осведочив дека тој е вистински христијанин, благороден, учтив и секогаш љубезен. Со мене постапуваше нежно како со свое родено дете. Кога прв пат го слушна моето излагање покажа длабока заинтересираност. Штом престанав да зборувам, тој стана и рече: „Јас сум неверен Тома - не верувам во визии - но кога би можел да поверувам дека сведоштвото што оваа сестра вечерва го изнесе навистина е Божји глас упатен до нас, би бил најсреќниот човек меѓу живите. Моето срце е длабоко возбудено. Верувам во искреноста на сестрата што зборуваше, но не можам да објаснам на кој начин ѝ се покажани овие прекрасни вистини што ни ги пренесе". {1C 79.2}

Неколку месеци по склопувањето на бракот, бев заедно со својот сопруг во Топшем, во државата Мејн, на една конференција на која присуствуваше и проповедникот Бејтс. Тој тогаш сè уште не веруваше потполно дека моите визии се од Бога. Овој состанок навистина беше мошне интересен. Божјиот Дух се спушти на мене и сета обземена во визија од Божјата слава за прв пат ги видов другите планети. Кога после визијата се вратив во реалноста, им кажав на присутните што ми беше покажано. Проповедникот Бејтс ме праша дали имам студирано астрономија. „Не се сеќавам некогаш да имам

видено некоја книга од астрономијата," одговорив. „Ова е навистина од Господ," рече тој одлучно. Никогаш порано го немав видено така непристрастен и среќен. Лицето му светеше со небесна светлина, и со изразита сила ги бодреше и храбреше собраните верници. {1C 79.3}

По оваа конференција, се вратив со мојот сопруг во Горхем, каде тогаш живееја моите родители. Овде тешко се разболев и страдав до границата на мојата издржливост. Моите родители, сопругот и тамошните сестри се соединија во сесрдна молитва за мене, но јас боледував уште три седмици. Често без свест, изгледав како мртва, но како одговор на упатените молитви бев враќана во живот. Моите, готово претсмртни, маки беа толку тешки што ги преколнував сите што беа околу мене да не се молат веќе за мене, зашто мислев дека нивните молитви само ги продолжуваат моите страдања. Тогаш нашите соседи и останатите мои ближни ме препуштија да умрам. Бог сакаше извесно време да ја испита мојата вера. На крај, кога повторно моите роднини и пријатели се соединија во молитва за мене, еден од присутните браќа, на чие лице се гледаше товар на сочувство и присуство на Божја сила, стана од своите колена, помина низ просторијата и, положувајќи ја својата рака на мојата глава, рече: „Сестра Елена, те исцелува Исус Христос," а потоа совладан од Божјата сила падна на земјата. Јас поверував дека ова е Божје дело. Моите болки попуштија, а душата ми се исполни со благодарност и мир. Во срцето постојано повторував: „Нема за нас друга помош, освен помошта од Господа. Можеме да бидеме спокојни само ако во потполност се потпреме на Него и го чекаме Неговото спасение". {1C 80.1}

Утредента беснееше силна бура, и никој од соседите не дојде во нашата куќа. Станав од постелата и отидов во дневната соба. Некои од соседите, гледајќи дека прозорите на мојата соба се отворени, помислиле дека сум мртва. Тие не знаеја дека Големиот Лекар во Својата милост влегол во оваа куќа, ја истерал болеста и ме исцелил. Утредента веќе отпатувавме во Топшем, кој беше оддалечен околу шеесет километри. На прашањето на некои луѓе кога ќе биде погребот, мојот татко зачудено возвратил: „А чиј погреб?" „Па, погребот на вашата ќерка," бил одговорот. Мојот татко на тоа кажал: „Таа беше исцелена преку молитва на верата, и сега е на пат за Топшем". {1C 80.2}

Неколку седмици подоцна, на патот за Бостон, се качивме на параброд во Портланд. Наскоро се подигна жестока бура, така што се најдовме во голема опасност. Бродот страшно се лулаше, а брановите ги заплиснуваа прозорците на кабините. Во женската кабина завладеа голем страв. Многу од присутните жени почнаа да ги исповедаат своите гревови, молејќи се на Бога за милост. Некои ја повикуваа Девица Марија да се заложи за нив, додека други се заветуваа на Бога дека ќе му го посветат остатокот од животот, ако уште еднаш застанат со своите нозе на цврсто тло. Тоа беше глетка на ужасен страв и тревога. Додека бродот така се лулаше, една жена ми дојде и рече: „Зар вие не се плашите? Јас мислам, и тоа врз основа на фактичката состојба дека никогаш нема повеќе да стигнеме на брегот". Мојот одговор гласеше: „Јас свое прибежиште наоѓам во Христос, и ако мојата животна задача е завршена, сеедно ми е дали моите коски ќе останат да лежат на дното на океанот или на било кое друго место; но ако моето дело сè уште не е завршено, ни целата вода на океанот не ќе може да ме потопи". Имав голема доверба во Бог, верувајќи дека Тој безболно ќе нè доведе до брегот, ако тоа служи на слава на Неговото име. {1C 80.3}

Тогаш сфатив што значи христијанската надеж. Глетката што ја гледав пред моите очи живо ми ја предочи сликата за денот на жестокиот Божји гнев, кога Неговиот гнев непомешан со милост ќе се урне врз непокајаните. Тогаш, исто така, ќе има горко

викање за помош и солзи, признавање на гревовите и преколнување за милост, но ќе биде предоцна. „Јас викав, но вие не сакавте. Ги подавав Своите раце, но никој не се загрижува. Вие го отфрливте Мојот совет, и моето карање не сакавте да го примите; затоа и јас ќе се смеам во вашата неволја, ќе се потсмевам кога на вас ќе дојде она од кое се плашите". {1C 81.1}

Благодарение на Божјата милост сите стигнавме здрави и живи до брегот. Некои од патниците кои за време на бурата беа во голема паника, сега тоа воопшто не го спомнуваа само за својот страв да го прикажат што побезначаен. Една сопатничка, која свечено се заветува дека, ако биде поштедена и ако уште еднаш жива стапне на земјата, ќе стане христијанка, напуштајќи го бродот подбивно извикна: „Слава на Бога, се радувам што можам повторно со својата нога да стапнам на земјата!" Ја замолив да се врати во мислите неколку часови наназад и да се сети на својот завет што му го даде на Бога. Таа само со подбивна насмевка се сврте од мене. {1C 81.2}

Ова ме натера да се присетам на покајничките молитви, кои често се упатуваат на смртната постела. Некои во текот на целиот свој живот живеат само за себе и му служат на сатаната, а кога болеста ќе ги совлада и кога ќе се соочат со страшната неизвесност, почнуваат да покажуваат жалост за направените гревови и велат дека се подготвени да умрат. Со тоа, тие, своите роднини и пријатели ги наведуваат на заклучок дека навистина биле обратени и спремни за небото. Но кога би им се дала можност да оздрават, би останале исто така бунтовно непокорни на Бога, какви што секогаш и биле. Бев потсетена на Изреки 1:27,28: „Кога како пустош ќе дојде она од што се плашите, и вашата погибел кога ќе надојде како бура, кога ќе дојде на вас неволја и мака. Тогаш ќе ме викаат, но нема да слушнам; од рана зора ќе ме бараат, но нема да ме најдат". {1C 81.3}

Во Горхем, во државата Мејн, 26 август, 1847-та година, ни се роди најстариот син, Хенри Николс Вајт. Во октомври истата година, братот и сестрата Хауленд од Топшем љубезно ни понудија дел од својот стан, и почнавме да создаваме домаќинство со позајмен мебел. Бевме сиромашни и не очекуваа тешки денови. Одлучивме да бидеме независни, сами да се издржуваме и да имаме уште нешто со што би можеле да им помагаме на другите. Но не успеавме во тоа. Мојот сопруг работеше многу тешка работа истоварајќи камења на железничката пруга, но својата тешко заработена плата не ја примаше редовно. Братот и сестрата Хауленд доброволно делеа сè што можеа, но и тие беа во тешка ситуација. Тие цврсто веруваа во првата и втората ангелска вест, и великодушно приложуваа од својот имот за напредок на Божјото дело сè додека не станаа зависни само од својата секојдневна работа. {1C 82.1}

Мојот сопруг ја напушти работата на пругата и со секира во раце отиде во шумата да работи како дрвосечач. Со постојани болки во слабините работеше од рано утро до доцна вечер за да заработи околу 50 центи на ден. Од силни болки, ноќта не можеше да спие. Настојувавме со доверба во Бога да останеме храбри и постојани. Не ги искажував маките. Наутро му благодарев на Бога што не сочува во текот на уште една ноќ, а навечер му благодарев што нè одржа уште еден ден. Еден ден кога ни се намалија залихите храна, мојот сопруг отиде кај работодавачот да добие малку пари или намирници. Денот беше бурен и тој на одење и враќање мораше да препешачи околу десет километри по дожд и невреме. Се врати дома носејќи на грбот вреќа со намирница која беше поделена и врзана во неколку делови. Со тој товар мораше да помине и низ селото Брунсвик каде често држеше предавања. Кога така страшно уморен влезе во куќата, срцето ми се стегна во градите. Првото мое чувство беше дека Бог нè

напушти. „Зар дотаму стигнавме?” му кажав на својот сопруг. „Зар Господ навистина нè остави?” Не можев да ги задржам солзите и со часови гласно плачев, сè додека не се онесвестив. Кога после молитвите упатени за мене, повторно почнав слободно да дишам и го почувствував благотворното влијание на Божјиот Дух, болно зажалив за покажаната малодушност. Ние искрено сакаме да го следиме Христа и да бидеме налик на Него, но понекогаш совладани од неволјите (пробите) значајно заостануваме зад Него. Страдањата и неволјите повторно нè приближуваат до Спасителот. Огинот на вжарената печка го спалува троскотот и златото станува уште поблескаво. {1C 82.2}

Во тоа време ми беше покажано дека Господ нè води низ неволјите за наше добро, и дека на таков начин нè подготвува поуспешно да се заложуваме за другите. Тој дозволува нашето удобно живеалиште да се разбранува за да не се опуштиме потполно во леснотија. Нашата задача беше да се заложуваме за спасение на душите. Да живеевме во благосостојба, домот ќе ни беше толку угоден што не би можеле да го напуштиме. Неволјите се дозволени за да не подготват за уште потешки судири што нè очекуваат на нашите патувања. Наскоро почнавме да добиваме писма во кои нашите браќа од други држави нè повикуваа да ги посетиме, но ги немавме неопходните средства за такви патувања. Нашиот одговор беше дека патот пред нас сè уште не е отворен. Сметав дека навистина е невозможно да патувам со мало дете. Не сакавме да зависиме од никој, многу внимателно настојувајќи да живееме според своите можности. Одлучивме попрво да трпиме немаштија отколку да влегуваме во долгови. За себе и за детето трошев само нешто повеќе од половина литар млеко на ден. Едно утро, пред да замине на работа, мојот сопруг ми остави десет центи да купам млеко за три дена. Размислував дали да купам млеко за себе и за детето или да му набавам нешто облека. Се одреков од млекото и купив платно за да сошијам ракави со кои ќе ги покријам голите раце на своето дете. {1C 83.1}

Набргу потоа нашиот мал Хенри тешко се разболе. Му беше сè потешко, така што сериозно се загриживме за него. Лежеше во бунило, додека дишењето му беше забрзано и мошне тешко. Му дававме лекови но без успех. Тогаш повикавме една личност што имаше искуство со вакви блести, а таа кажа дека закрепнувањето на детето е потполно неизвесно. Се молевме за него, но немаше никакви промени. Тоа дете ни служеше како изговор дека во својата работа и залагање за другите не можеме да патуваме толку како што можевме порано, и сега се плашевме Бог да не ни го земе. Уште еднаш излеговме пред Бога во молитва да се смилува на нас и да го поштеди животот на детето, и свечено се заветувавме дека ќе појдеме со доверба во Бога секаде, каде Тој ќе нè повика. {1C 84.1}

Нашите молитви беа сесрдни и во агонија. Со вера сесрдно се повикувавме на Божјите ветувања, верувајќи дека Тој го слуша нашиот молбен глас. Светлоста испратена од небото ги растера облаците на темнината и нè осветли. Нашите молитви беа милостиво услишени. Од тој момент детето почна да закрепнува. {1C 84.2}

Додека престојувавме во Топшем добивме писмо од државата Конектикат од братот Чемберлен, кој нè повикуваше да присуствуваме на конференцијата што требаше да се одржи во април 1848-та година. Одлучивме да одиме ако имаме пари за пат. Мојот сопруг направи калкулација со својот работодавач и пресметаа дека му должи десет долари. За пет долари зедов нешто облека што ни беше најнеопходна, а потоа зашив закрпи на ракавите на палтото на мојот сопруг, така што тешко можеше да се види остаток од првобитниот материјал. Ни останаа пет долари, со кои отидовме во Дорчестер, држава Масачусетс. Сето она што го имавме беше сместено во нашите

патнички куфери, но имавме душевен мир и чиста совест, а тоа го ценевме повеќе од секаква овоземна удобност. Во Дорчестер бевме повикани во домот на братот Николс, и кога заминувавме, сестра Николс му даде на мојот сопруг пет долари со кои го плативме превозот до Мидлтаун во државата Конектикат. Бевме странци во тој град и не сретнавме никој од нашите верници во таа држава. Ни останаа од парите само уште педесет центи. Мојот сопруг не се осмели и тоа да го потроши за превоз, па го остави куферот на еден куп даски, и пеш тргнавме да побараме некој од нашите верници. Набргу го пронајдовме братот Ц. кој нè прими во својата куќа. {1C 84.3}

Конференцијата се одржа во местото Роки Хил, во голема но недовршена просторија на братот Балден. Браќата пристигнуваа од разни страни. Бевме околу педесет, но сите не ја беа прифатиле потполно вистината. Состанокот беше мошне интересен. Братот Бејтс го изложи значењето на Божјиот закон во потполно јасна светлина, и тоа го поткрепи со убедливи докази. Неговото излагање уште повеќе ги зацврсти оние што веќе ја прифатија вистината, а ги пробуди оние што не беа одлучни. {1C 85.1}

Бевме повикани следното лето да се состанеме со браќата во државата Њујорк. Тамошните верници беа сиромашни и не можеа многу да придонесат во намалувањето на нашите трошоци. Ние, исто така, не располагавме со финансиски средства неопходни за такви патувања. Мојот сопруг беше со слабо здравје, но во тоа време му се отвори можност да работи на косење ливади и тој се согласи и со таа напорна работа. Беше очевидно дека ќе мора да живееме од својата вера. Секое утро, штом ќе се разбудевме, ќе клекневме пред постелата и во молитва баравме од Бога да ни даде неопходна сила за работа во тој ден. Не бевме задоволни сè додека не бевме осведочени дека нашите молитви се услишени. Тогаш мојот сопруг заминуваше на работа - не со своја сила, туку со силата што Бог му ја даваше. А навечер, кога ќе се вратеше дома, повторно се молевме на Бога за сила да заработиме средства за ширење на Неговата вистина. Често со благодарност примавме големи благослови. Во едно писмо упатено до братот Хауленд во текот на јули 1848-та година, мојот сопруг нагласи: „Бог ми дава сила да работам тешки работи и тоа за секој ден. Нека е слава само на Неговото име! Се надевам дека ќе заработам барем неколку долари за да ги употребам во Неговото дело. Во напорите да направиме нешто добро за нашите браќа и сестри работевме неуморно, поднесувајќи болка, истоштеност, глад, студ и жештина, спремни за уште поголеми лишувања и напори доколку Бог го побара тоа. Денес се радувам што удобниот живот, задоволството и комфорот на овоземниот живот е постојана жртва на олтарот на мојата вера и надеж. Ако нашата среќа се состои во тоа другите да ги направиме среќни, тогаш сме навистина среќни. Вистинскиот Христов ученик не живее за себе и за свои лични задоволства, туку за Христос и за Неговите деца што страдаат. Својата удобност, задоволствата, лесниот живот, личните предности, сопствената волја и сите свои себични желби тој треба да ги жртвува поради Христос, инаку никогаш нема да владее со Него на Неговиот престол”. {1C 85.2}

Парите што мојот сопруг ги заработи косејќи ливади беа доволни за да ги подмириме нашите сегашни потреби и патните трошоци до западен Њујорк и назад. {1C 86.1}

Нашата прва конференција во државата Њујорк се одржа во Волни, во амбарот на еден брат. Беа присутни околу триесет и пет души - сите што можеа да се соберат во тој дел од државата. Меѓутоа, од таа бројка тешко можеше да се најдат барем двајца кои можеа во сè да се сложат. Некои од нив беа во сериозни заблуди, но секој ревносно го истакнуваше своето гледиште, тврдејќи дека е во согласност со Светото Писмо. {1C 86.2}

Тие чудни разлики во мислењето ми причинуваа мошне тешка болка, бидејќи гледав дека со тоа се обесчестува Божјото име, и поради тој тежок товар се онесвестив. Некои се уплашија дека ќе умрам, но Господ ги услиши молитвите на Своите слуги, и јас се освестив. Светлината на небото се спушти над мене и наскоро загубив од вид сè што е овоземно. Мојот ангел придружник ми ги предочи заблудите на некои поединци што беа присутни на соборот, но и вистината што беше спротивна на нивните заблуди. Тие меѓусебно спротивставени гледишта за кои тие тврдеа дека се во склад со Библијата, всушност беа во склад само со нивните лични мислења за Библијата, и тие мораа да ги напуштат своите заблуди и да се соединат во пораката на третиот ангел. Состанокот заврши победоносно. Победи вистината. Браќата ги отфрлија своите дотогашни заблуди, се соединија во пораката на третиот ангел и Бог обилно ги благослови со зголемување на бројот на верници. {1C 86.3}

Од Волни отидовме во Порт Гибсон за да присуствуваме на состанокот што требаше да се одржи во амбарот на братот Едсон. И на тој состанок беа присутни поединици што ја сакаа вистината, но слушаа и негуваа и заблуди. Господ во Својата сила и овде се зазеде за нас. Пред да заврши состанокот, во визија повторно ми беше укажано на важноста на она што се случи со браќата во западниот дел на државата Њујорк, кои ги отфрлија своите дотогашни несогласувања и спротивности и се соединија во библиската вистина. {1C 86.4}

Се вративме во Мидлтаун, каде го оставивме нашето дете за време на патувањата на запад. Сега пред нас се појави една тешка должност. Сфативме дека мораме да се лишиме од друштвото на нашиот мал Хенри поради духовното добро на душите што ги посетуваме и за да бидеме во можност потполно да се посветиме на делото. Со оглед на тоа дека и моето здравје беше слабо, тој неизбежно ќе бараше поголем дел од моето време. Тоа беше навистина тешка проба, но сепак не се согласив детето да ми биде препрека на патот на должноста. Верував дека сам Господ го поштеди во неговата тешка болест, и дека може да ми го земе ако дозволам да ме спречи да ја извршам должноста. Сама пред Господа, со најболни чувства и горки солзи, се определив на жртва: своето единствено дете, старо само една година, да го предадам на друга жена на него да ги пренесува чувствата на мајката и да ја замени. Го оставивме во семејството на братот Хауленд, во кое имавме најмногу доверба. Тие беа спремни да го прифатат тој товар, за да нè ослободат поуспешно да се посветиме на Божјото дело. Знаевме дека тие можат да се погрижат подобро за нашиот мал Хенри отколку што би можеле ние тоа да го направиме на нашите постојани патувања, и дека за него е подобро да има постојан дом и доверлив надзор. Разделбата со детето за мене беше многу болна. Тажниот изглед на неговото малечко лице додека се разделувавме од него, ми беше пред очите ден и ноќ; сепак со Божја помош успеав тоа да го потиснам од своите мисли, заложувајќи се за доброто на другите. Семејството на братот Хауленд водеше за Хенри потполна грижа цели пет години. {1C 86.5}

12. ОБЈАВУВАЊЕ НА КНИГИ И ПАТУВАЊЕ

Во текот на јуни, 1849 година, пред нас се отвори пат за извесно време да имаме свој дом во Роки Хил, во државата Конектикат. Овде на 28 јули ни се роди второто дете, Хејмс Едсон. {1C 87.1}

Додека живеевме во тоа место, мојот сопруг стекна впечаток дека треба да пишува книги за да ја шириме сегашната вистина. Беше многу охрабрен и среќен кога се одлучи на тој чекор. Меѓутоа, повторно се најде во сомневање и неизвесност, зашто немаше никакви финансиски средства. Имаше браќа што имаа пари, но повеќе сакаа да ги чуваат за себе. Обесхрабрен со тоа, тој на крајот одлучи да побара некоја ливада со косење за да заработи некој долар. Штом ја напушти куќата, на мене падна таков товар што ја загубив силата и свеста. Меѓутоа, кога беа упатени молитви за мене почувствував блаженство и веднаш во визија бев вознесена од овој свет. Покажано ми е дека пред една година Господ му даде сила на мојот сопруг успешно да коси ливади; дека тој правилно ги употребил така заработените пари; дека стократно ќе прими во овој живот и, ако остане верен, богата награда во Божјото царство, но дека сега Господ нема да му даде сила да коси ливади, бидејќи Тој има друга работа за него. Тој мора да го продолжи својот пат со вера, да пишува и печати публикации за сегашната вистина. Мојот сопруг, без одлагање почна да пишува. Кога ќе наидеше на тешко разбирлив текст, ние се обраќавме на Бога во молитва да ни го открие вистинското значење на Својата реч. {1C 87.2}

Токму во тоа време мојот сопруг почна да објавува едно мало списание со наслов Сегашна вистина. Издавачката куќа се наоѓаше во Мидлтаун, околу тринаесет километри од местото каде што живеевме и тој често одеше пеш натаму и назад, иако во тоа време куцаше на едната нога. Кога од печат излезе првиот број на нашето списание, сите ние, со солзни очи и со понизни срца, клекнавме околу списанието, барајќи од Господ благослов да ги прати овие скромни напори на Неговите слуги. Тој веднаш приготви и испрати примероци на сите за кои веруваше дека ќе ги прочитаат, и самиот во една патничка торба ги однесе до поштата. Секој следен број од Мидлтаун прво беше пренесуван во Роки Хил и ние пратките, пред да ги однесеме на поштата, ги стававме пред Господ и со сесрдни молитви и солзи побаравме Неговиот благослов да ги прати тие неми весници. Наскоро почнаа да пристигаат пари за пратените списанија и добри вести за многу души што ја прифатија вистината. {1C 88.1}

Почнувајќи со издавачка дејност, ние не престанавме да вложуваме напори и во проповедање на вистината, туку продолживме да патуваме од место во место објавувајќи ги учењата што ни донесоа толку светлина и радост, храбрејќи ги верниците, исправувајќи ги заблудените и внесувајќи ред во црквата. За да ја подобриме нашата издавачка дејност, а во исто време да ја продолжиме и нашата вообичаена работа во различните делови на нашето делување, списанието, од време на време, излегуваше на различни места. {1C 88.2}

Во 1850-та година, списанието беше објавувано во местото Париз, во државата Мејн. Овде му е зголемен бројот на страниците и дадено му е име што и денес го има: Адвентистички преглед и Саботен гласник. Пријателите на Божјото дело беа малубројни и сиромашни во овоземни добра, така што бевме приморани да се бориме со сиромаштија и големи пречки. Прекумерната работа, грижите и трпението, недостатокот на добра и соодветна храна, честите настинки на нашите долги зимски патувања - сето тоа за мојот сопруг претставуваше претешко бреме што не можеше да го издржи. Ослабна до таа мера што одвај можеше да отиде до печатницата. Нашата вера беше испитувана до крајни граници. Доброволно поднесувавме сиромаштија, тешки напори и страдања, но нашите побуди и покрај тоа беа погрешно толкувани, и доживеавме често пати да нè гледаат со недоверба и завист. Само неколкумина од оние за чие добро се изложувавме на толку маки знаеја да ги ценат нашите напори. Бевме

вознемирувани до таа мера што често не знаевме за сон и за одмор. Часовите што требаше да ги поминеме во сон за да се поткрепиме, често ги поминувавме одговарајќи на долги писма кои во најголем дел беа производ на завист, и многу бессони ноќи, додека другите мирно спиеја, ние ги поминувавме во горчливо плачење и тагување пред Господа. Конечно, еден ден мојот сопруг рече: „Жено, бесмислено е и понатаму да се трудиме. Ова целосно ме истоштува и наскоро ќе ме одведе во гроб. Не можам понатаму. Во соопштението за следниот број на списанието нагласив дека веќе нема да го издавам". Штом зачекори кон вратата тоа да го однесе во печатницата, јас се онесвестив. Враќајќи се веднаш назад, тој сесрдно се помоли за мене; неговата молитва беше услишена и јас се освестив. {1C 89.1}

Следното утро, за време на семејната молитва, во визија ми беше откриено сè што се случи во врска со овој настан. Покажано ми е дека мојот сопруг не смее да се откаже од издавање на списанието, зашто таквиот чекор би бил токму она на што сатаната сака да го наведе и на што претходно работел со своите агенти. Покажано ми е дека мора да продолжиме со издавачката дејност и дека имаме поддршка од Господ во тоа; дека оние по чија вина западнавме во толку тешкотии ќе ја согледаат тежината на своето свирепо однесување и ќе ја признаат направената неправда што Бог не може и не сака да ја одобри; дека тие не зборуваа и работеа само против нас, туку и против Оној што нè повика да го заземеме местото одредено со Неговото провидение; дека сите нивни сомневања, завидливост и тајно поткопување се верно запишани на небото и нема да бидат избришани сè додека секој поединец што учествувал во тоа не ја согледа големината на својата вина и не се врати од својот погрешен пат. {1C 89.2}

Вториот број од нашето списание Преглед печатен е во местото Саратога Спрингс, во државата Њујорк. Во текот на април 1852-та година се преселивме во Рочестер, кој е исто така во државата Њујорк. На секој чекор бевме принудени своето понатамошно патување да го продолжиме само со вера. Сè уште бевме притиснати со сиромаштија и принудени да се потчиниме на строго штедење и на најголемо самоодрекување. Ќе наведам краток извадок од писмото што го напишав на семејството на братот Хауленд, на 16 април 1852-та година: „Овие денови, штотуку се сместивме во Рочестер. Изнајмивме една стара куќа за сто и седумдесет долари годишно. Во истата куќа ни е и печатницата. Да не се согласивме со тоа, би морале да плаќаме уште педесет долари за деловен простор. Сигурно би се насмеале слатко кога би го виделе нашиот мебел. Купивме два стари кревета за педесет центи. Мојот сопруг донесе во куќата шест стари столчиња, од кои немаше ниту две исти - кои ги купи за еден долар - а наскоро ми покажа уште четири уште постари столчиња, без седиште, кои ги платил шеесет и два центи. Дрвената конструкција им е сочувана, а седишта направив јас од цврсто платно. Путерот е толку скап што ние не можеме да го купиме, а слично е и со компирот. Наместо путер користиме сос, а наместо компир репка. Место трпеза, во почетокот се служевме со една штица што ја поставивме на две празни буриња. Спремни сме да поднесуваме сиромаштво ако со тоа може да придонесеме за напредок на Божјото дело. Верувам дека Господовата рака нè доведе во ова место. Овде постои големо поле за работа, а работници има многу малку. Последната сабота имавме исклучително убав состанок. Господ нè освежи со Своето присуство". {1C 90.1}

Одвреме навреме одевме на собори во разни места од нашето поле на работа. Мојот сопруг држеше проповеди, продаваше книги и се трудеше да го прошири кругот на читатели на нашето списание. Патувавме со сопствена кочија; напладне застанувавме покрај патот да го нахраниме коњот и да ручаме. Тогаш мојот маж наместо на маса за

пишување, пишуваше статии за списанијата Преглед и Инструктор на кутијата за јадење, а понекогаш и на својата шапка. Господ обилно ги благослови нашите напори, и вистината трогна многу срца. {1C 91.1}

Летото, 1853-та година за прв пат појдовме во државата Мичиген. Само што го објави местото и времето на нашите состаноци, мојот сопруг беше нападнат од силна треска која набргу го собори. Ние се соединивме во молитва за него, но иако закрепна, тој сè уште беше мошне слаб. Бевме доведени до голема забуна и неволја. Зар поради телесните слабости ќе мора да го напуштиме делото? Зар на сатаната ќе му биде дозволено да се изживува со нас, загрозувајќ и ја нашата корисност и нашиот живот додека сме на овој свет? Од лично искуство знаевме дека Бог може да ја заузда моќта на сатаната. Можеби ќе дозволи да бидеме испитани во огнот на неволјите, но од тоа ќе нè изведе очистени и подобро подготвени за Неговото дело. {1C 91.2}

Во молитва сама ја излевав својата душа пред Господа да ја скроти болеста што го нападна мојот маж и да му даде сила да ги издржи сите напори на патот што ни претстоеше. Случајот беше итен и јас со вера се држев цврсто за Божјите ветувања. Ми беше дадено осведочување дека ќе нè следи Божјиот ангел ако го продолжиме својот пат за Мичиген. Кога му го кажав на сопругот моето мислење за тоа, ми кажа дека и тој размислувал на сличен начин, и ние се одлучивме со доверба во Бога да тргнеме на пат. Со секој поминат километар од патот, тој се чувствуваше се посилен. Господ му даваше сила. И додека ја проповедаше Божјата реч со сигурност чувствував дека Божјите ангели стојат до него и го поддржуваат во неговите напори. {1C 91.3}

На тоа патување мојот сопруг многу се занимаваше со прашањето за спиритизмот, и набргу по нашето враќање почна да пишува книга со наслов: Знаци на времето. Сè уште беше слаб и не можеше да спие, но своја потпора наоѓаше во Господа. Кога во душата се чувствуваше збунет и потиштен, паѓавме на колена пред Бога и во својата неволја молевме за помош. Тој ги услиши нашите сесрдни молитви, а мојот маж често беше благословен со такво духовно освежување што радосен заминуваше на работа. Многу пати во текот на еден ден излегувавме пред Господ во најсесрдни молитви. Тој ја напиша таа книга, но не во својата сила. {1C 92.1}

Во текот на зимата и пролетта јас многу страдав од срцето. Кога ќе легнев во постелата имав големи тешкотии со дишењето - не можев да заспијам сè додека не би ме поткренале да бидам во скоро седечка положба. Често престанував да дишам и паѓав во несвест. На капакот на левото око ми се појави еден израсток што личеше на рак. Постепено се зголемуваше повеќе од година дена, сè додека не стана мошне болно и почна да ми го загрозува видот. Додека читав или пишував бев принудена да ставам завој на тоа око. Се плашев дека ракот може потполно да го уништи. Земајќи во предвид дека многу денови и ноќи поминав во читање и корегирање на текстот, а што беше мошне напорно и исцрпувачки за моите очи, размислував вака: „Ако поради тоа го загубам видот, па дури и самиот живот, нека тоа биде жртва за Божјото дело”. {1C 92.2}

Во тоа време во Рочестер имаше еден познат лекар кој бесплатно даваше совети, и јас одлучив тој да ми го види окото. Тој го потврди мислењето дека израстокот е навистина рак. Меѓутоа, откако ми го измери пулсот, рече: „Вие сте многу болна и ќе умрете од срцев удар пред израстокот да се отвори”. Тоа не ме изненади, бидејќи бев свесна дека навистина ќе умрам, ако брзо не оздравам. Уште две жени кои со мене дојдоа за совет страдаа од истата болест. Лекарот кажа дека мојата состојба е поопасна од нивната и дека најдоцна за три седмици ќе добијам парализа. Го прашав дали

неговите лекови би можеле да ми помогнат. Не ме охрабри многу. Се обидов со лековите што тој ми ги препиша, но немаше никаква корист. {1C 92.3}

Околу три седмици подоцна паднав онесвестена на подот, и останав така во несвесна состојба скоро триесет и шест часови. Сите се плашеле дека нема да преживеам, но како одговор на сесрдните молитви се освестив. Една седмица подоцна ми се парализира левата страна. Имав некое чудно чувство на студенило и премаленост во главата и остри болки во слепоочниците. Јазикот ми беше тежок и здрвен, така што не можев јасно и разбирливо да зборувам. Левата рака и левата страна на телото ми беа потполно беспомошни. Мислев дека ќе умрам и најголема грижа ми беше во тие свои страдања да имам сигурност дека Господ ме сака. Со месеци имав јаки болки во срцето, и во душата постојано бев мошне потиштена. Порано се обидував да Му служам на Бога од принцип, а не според своите чувства, но сега и покрај своите физички страдања бев жедна за спасение и копнеев да го почувствувам Неговиот благослов. {1C 93.1}

Браќата и сестрите организираа посебен состанок само за да се молат за мене. Мојата желба беше задоволена - примив Божји благослов и бев осведочена дека Тој ме сака. Меѓутоа, болките продолжија и јас од час во час бев сè послаба. Браќата и сестрите повторно се собраа мојот случај да го изнесат пред Бога. Бев толку слаба што не можев јасно да изговорам ниту една молитва. Мојот изглед беше таков што ја слабееше верата на тие што беа околу мене. Тогаш Божјите ветувања се покажаа пред мене во таква светлина во каква никогаш порано ги немав видено. Ми се чинеше дека сатаната сака со сите сили да ме оттргне од мажот и децата и да ме положи во гроб, и сега ми се наметнаа прашањата: Можеш ли да веруваш во Божјите ветувања без воопшто да се сомневаш? Можеш ли да го продолжиш патот по кој тргна со вера без оглед на тоа како тој ќе изгледа? Верата повторно оживеа и јас му шепнав на својот маж: „Верувам дека ќе закрепнам". Тој одговори кратко: „Сакам да верувам дека ќе биде така". Таа ноќ отидов на спиење без видливо олеснување, но во вера цврсто се потпрев на Божјите ветувања. Не можев да заспијам, и затоа продолжив да се молам во себе. Заспав дури пред зазорување. {1C 93.2}

Кога сонцето изгреа, се пробудив потполно ослободена од сите маки и болки. Го снема товарот што ми го притискаше срцето, и бев многу среќна. О, каква промена! Ми се чинеше дека Божјиот ангел ме исцели со својот допир додека спиев. Срцето ми беше полно со благодарност. Славењето на Бога беше на моите усни. Го пробудив сопругот и му го раскажав чудото на добрина што Господ го направи за мене. Тој во почетокот одвај можеше да разбере што зборувам, но кога станав, се облеков и почнав да одам по куќата, тој почна заедно со мене да го фали Господа. Моето око што беше толку болно веќе не ме болеше. За неколку денови израстокот веќе не можеше да се види, а видот потполно ми се врати. Бев потполно здрава. {1C 94.1}

Повторно отидов кај лекарот. Штом го допре мојот пулс, рече: „Госпоѓо, во вашиот организам настанала потполна промена. Меѓутоа, оние две жени што го бараа мојот совет кога минатиот пат бевте кај мене, починаа". Му кажав дека не оздравев од неговите лекови, бидејќи не бев во состојба да голтнам ниту еден единствен. По моето заминување тој му кажал на еден мој пријател: „Нејзиното оздравување е тајна што јас не можам да ја разберам". {1C 94.2}

Набргу потоа, повторно го посетивме Мичиген, и јас ги издржав долгите и заморни патувања по нерамните шумски патишта и калливи котлини на мочуришните предели, не чувствувајќи никаков недостаток на сила. Почувствував дека Господ сака да го

посетам и Висконсин, па одлучивме од Хексон да тргнеме со возот во десет часот вечерта. {1C 94.3}

Додека се подготвувавме да тргнеме на станицата, нѐ обзеде мошне свечено чувство и одлучивме заеднички да се помолиме. И додека така му се доверувавме на Бога, не можевме да ги задржиме солзите. Тргнавме на станицата обземени со чувство на длабока свеченост. Влегувајќи во возот зазедовме место во предниот вагон во кој седиштата беа со големи наслони, надевајќи се дека во текот на ноќта ќе можеме да спиеме. Меѓутоа, сите места беа пополнети и ние поминавме во следниот вагон каде што имаше слободни места. Не ја симнав капата од главата - како што обично правам кога патувам ноќе - и во раката ја држев својата патничка торба, како да очекувам нешто. И двајцата зборувавме дека се чувствуваме некако необично. {1C 94.4}

Поминувајќи пет километри од градот Хексон, композицијата почна жестоко да се занесува, тргајќи се нагло и напред и назад, и конечно застана. Отворајќи еден прозорец забележав еден вагон кој не стоеше на тркалата, туку потполно подигнат на својот заден дел. Слушнав претсмртно викање за помош, и настана страшна збрка. Локомотивата беше исфрлена од колосекот, а вагонот во кој се наоѓавме ние стоеше на шините и се наоѓаше на растојание од околу триста метри зад композицијата. Вагонот со багаж не беше многу оштетен, и нашиот голем сандак со книги остана потполно неоштетен. Вагоните од втората класа беа потполно смачкани и, заедно со патниците, расфрлани од двете страни на пругата. Вагонот во кој пред поаѓањето се обидувавме да најдеме место беше потполно оштетен, и со својот еден крај се издигаше над куп рушевини. Спојниците помеѓу вагоните не беа прекинати, но вагонот во кој се наоѓавме ние беше откачен од делот на композицијата пред него, како ангел да го одвоил. Имаше четворица мртви или смртно повредени и мнозина задобија тешки повреди. Само ние единствено можевме да кажеме дека сам Бог го пратил Својот ангел за да ни го сочува животот. {1C 95.1}

Се вративме во станицата во Хексон и следниот ден се качивме на воз за Висконсин. Бог ја благослови нашата посета на таа држава. Како резултат на нашите напори многу души беа обратени. Сам Господ ми подари сила да го издржам тоа исклучително заморно патување. {1C 95.2}

Раѓањето на Вили, 29. август, 1854-та година, претставуваше нова одговорност за нашето семејство. Во тоа време некако го добивме првиот број од списанието, лажно наречено, Гласник на вистината. Оние што не напаѓаа преку тоа списание, претходно беа укорени поради своите грешки и заблуди. Тие не беа спремни да го прифатат укорот, и во почетокот тајно, а подоцна и отворено, го користеа своето влијание против нас. Ние тоа би го поднеле мирно, но некои од оние чие место беше меѓу нас потпаднаа под лошото влијание на тие луѓе. Некои во кои имавме доверба и кои беа осведочени дека нашите напори се видливо благословени од Бога, не лишија од својата наклоност и им ја подарија на овие што во поглед на вистината беа туѓинци. {1C 95.3}

Господ ми го покажа карактерот и конечната судбина на припадниците на таа група; Тој ни најмалку не ги одобрува постапките на луѓето поврзани со тоа списание, и Неговата рака е против нив. Иако тие можат привидно да имаат успех за извесно време, и да прелажат некои искрени поединци, сепак на крај вистината ќе триумфира, а секоја искрена душа ќе ја отфрли измамата во која била вовлечена ослободувајќи се од влијанието на тие безбожни луѓе. Тие сигурно ќе пропаднат, зашто Божјата рака е против нив.

Здравствената состојба на мојот сопруг повторно многу се влоши. Го мачеше кашлица, белите дробови му беа многу чувствителни, а и нервниот систем му беше многу истоштен. Постојаните стравувања на неговата душа, товарот што го носеше во Рочестер, неговите исцрпувачки напори во издавачката дејност, болестите и смртните случаи во семејството, недостатокот на разбирање од страна на оние што беа должни да му помагаат во неговите напори, заедно со неговото постојано патување и проповедање - беа претешки за неговата сила и изгледаше дека брзо се приближува смрт од туберкулоза. Тоа беше време на тешка стушеност и темнина. По некој зрак на светлина понекогаш ќе продреше низ густите и темни облаци, и тоа ни даваше малку надеж потполно да не паднеме во очај. Во таквите периоди изгледаше дека и Бог нè заборавил. {1C 96.1}

Групата на споменатиот „Гласник" измислуваше за нас лаги и клевети од секаков вид. Тогаш на ум често и неодоливо ми доаѓаа зборовите на псалмистот: „Не гневи се гледајќи ги неправедните, не завидувај им на оние што прават беззаконие. Зошто како трева брзо ќе бидат покосени, и како зелени билки ќе свенат". Некои од оние што пишуваа статии за тој весник дури и ликуваа поради болеста на мојот сопруг, велејќи дека Господ ќе се погрижи и дека ќе го отстрани од патот. Кога тој го прочита тоа на својата болничка постела неговата вера живна и тој рече: „Нема јас да умрам, а можеби дури и ќе зборувам на нивниот погреб". {1C 96.2}

Изгледаше како најмрачни облаци да го затвараат видикот околу нас. Овие зли луѓе кои исповедаат побожност, побрзаа по налог на сатаната да измислуваат секакви лаги, станувајќи против нас со сите свои сили. Да беше Божјото дело само наше дело, ние ќе се исплашевме и ќе затреперевме, но делото е во рацете на Оној што може да каже: „И никој не може да ги оттргне од рацете на Мојот Татко". Ние знаевме дека Исус живее и владее. Во молитва можевме да кажеме пред Господ: „Делото е Твое и Ти знаеш дека не се прифативме за тоа по сопствен избор, туку по Твој налог, правејќи го само она што беше наш дел и бевме должни да го направиме". {1C 97.1}

---

13. ПРЕСЕЛУВАЊЕ ВО ДРЖАВАТА МИЧИГЕН

Патот за преселување на нашата издавачка канцеларија во Батл Крик го подготвуваа браќата од Мичиген 1855-та година. Мојот маж тоа време имаше долгови некаде помеѓу две и три илјади долари, а сè што поседуваше покрај книгите беа сметките за книги, од кои некои беа потполно неизвесни. Делото очевидно беше во застој. Порачки на книги имаше малку, и тоа главно за помали книги, така што тој стравуваше дека ќе умре во долгови. Браќата во Мичиген ни помогнаа да добиеме градежно земјиште и да подигнеме куќа. Документите гласеа на мое име, така што можев по свое мислење да располагам со имотот дури и кога би починал мојот сопруг. {1C 97.2}

Тоа беа денови на загриженост и тага. Гледајќи ги своите три слаби деца кои, како што се плашев, наскоро ќе останат без татко, бев принудена вака да размислувам: Мојот сопруг умира претоварен од залагањето за сегашната вистина, а кој го сфаќа и го цени тоа што тој го претрпе; кој знае за товарите што тој со години ги носеше, кој знае за прекумерната грижа што го скрши неговиот дух и го упропасти неговото здравје, што толку рано го доведе до гробот, додека неговото семејство останува во сиромаштија и во зависност од други? Често си го поставував прашањето: Зар Бог не се грижи и за

ваквите случаи? Зар тој поминува покрај нив не забележувајќи ги? Ме тешеше сознанието дека постои Оној што праведно суди, и дека секоја жртва, секое самоодрекување и секој болен удар поднесен поради Него верно се запишуваат на небото и ќе бидат праведно наградени. Денот Господен ќе го објави и ќе го изведе на виделина сето она што овде нема да се дознае. {1C 97.3}

Покажано ми е дека Бог ќе го излечи мојот сопруг, но постепено; дека мора да имаме силна вера, бидејќи сатаната жестоко ќе нè напаѓа при секој наш напор и дека својот поглед од видливото треба да го насочиме кон невидливото и да веруваме. Три пати во денот сами излегувавме пред Бога упатувајќи најсердни молитви за оздравување на мојот сопруг. Често пати едниот од нас, совладан од Божјата сила, би паднал ничкум на земјата. Господ милостиво ги услиши нашите сердни молитви и мојот сопруг почна да заздравува. Нашите моливи во поглед на неговото оздравување да биде Божјата волја, со месеци три пати дневно се издигаа кон небото. Тоа време на молитва за нас беше многу драгоцено. Доаѓавме во света Божја присутност и одржувавме слатка заедница со Него. Своите чувства од тие денови не можам подобро да ги опишам од тоа што го изразив во изводот од писмото што го упатив до сестра Хауленд: {1C 98.1}

„Благодарна сум на Бога што сега можам да ги соберам своите деца околу себе, што со својот грижлив надзор можам да ги упатувам на вистинскиот пат. Со седмици чувствувам глад и жед за спасение и уживам во речиси непрекинатата заедница со Бога. Зошто да останеме далеку од изворот кога имаме можност да му се приближиме и да се напојуваме во изобилство? Зошто да бидеме гладни за леб кога пред нас има магацин полн со изобилство, каде можеме да се снабдиме бесплатно? Овде мојата душа се гости и секојдневно се насладува со небесна радост. Нема да молчам. Благодарноста кон Бога е во моето срце и на моите усни. Имаме можност да се радуваме во полнотата на љубовта на нашиот Спасител, и да се насладуваме на гозбата на Неговата превозвишена слава. Мојата душа сведочи за тоа. Мојата стушеност беше растерана од таа драгоцена светлина и јас тоа никогаш нема да го заборавам. Господ нека ми помогне тоа секогаш да остане во моето живо сеќавање. Сите енергии на мојата душа нека се пробудат во оддавање слава и чест на мојот Откупител за Неговата чудесна и неизмерна љубов”. {1C 98.2}

„Душите што се наоѓаат околу нас мора да се пробудат и да се спасат инаку ќе пропаднат. Сите ние неизбежно влијаеме на другите практично сведочејќи за вистината или против неа. Сакам во самата себе да носам непобитни и очевидни докази дека сум една од Христовите ученички. Нам ни е потребно и нешто друго покрај религијата и празнувањето на саботата. Потребни ни се животни начела и чувство на лична одговорност. Тоа мнозина го избегнуваат, а последица на тоа се: безгрижност, незаинтересираност и недостаток на будност и духовност. Каде е духовноста на црквата? Каде се мажите и жените полни со вера и Дух Свети? Моја постојана молитва е оваа: ‘Очисти ја својата црква, о Господе!’ Со месеци имам задоволство во слободата и цврсто сум решена во намерата сите мои разговори и сите мои потфати да бидат исправни пред Бога”. {1C 99.1}

„Нашите непријатели можат да триумфираат, можат да изговараат зајадливи и тешки зборови, да напаѓаат, да шират клевети и лаги, но ние сепак не треба да дозволиме да бидеме предизвикани. Ние знаеме во кого поверуваме. Ние не трчавме залудно, ниту залудно се трудевме. Доаѓа денот на конечната пресметка, кога на секој ќе му се суди според делата што ги направил во тело. Вистина е дека светот се наоѓа во темнина. Противниците можат силно да напредуваат. Потсмевачите и подбивачите

можат да бидат сè подрски во своето беззаконие. Сепак, и покрај тоа ние ќе останеме непоколебливи, потпирајќи се на силната рака на Семоќниот". {1C 99.2}

„Бог го решета Својот народ. Тој сака да има чиста и света црква. Ние не можеме да ги чистиме срцата на другите луѓе, но Господ предвидел средства и начини Својата црква да ја одржи чиста. Се појавуваат изопачени луѓе кои не можат да живеат со Божјиот народ. Тие ги презираат укорите и не сакаат било кој да ги поправа. Имаа можност да увидат дека тоа што го прават е само неправедно војување. Имаа време да ги отплатат своите заблуди, но на нив сопственото 'јас' им беше премногу мило за да дозволат тоа да умре. Тие го негуваа тоа зло во себе и тоа порасна и стана силно до таа мера што ги одвои од верниот Божји народ, што Тој го чисти за да го доведе во склад со Себе. Сите ние имаме причина да бидеме благодарни на Бога што е отворен патот за спасение на црквата; зашто Божјиот гнев би морал да биде излеан и на нас кога тие изопачени луѓе би останале помеѓу нас". {1C 99.3}

„Секоја искрена душа која овие незадоволници би можеле да ја заведат ќе ја сознае вистинската светлина за нив, дури и секој ангел од небото да биде пратен да го просветли нивниот разум. Во тој поглед нема од што да се плашиме. Колку повеќе се приближуваме кон судот, секој ќе го покаже својот вистински карактер и ќе стане јасно на која страна ѝ припаѓа. Решетото е во движење. Никој од нас нека не каже: 'Запри ја Својата рака, о Боже!' Црквата мора да биде очистена, и ќе биде очистена. Бог владее, нека Го слави народот. Ниту во еден момент не ми доаѓа мисла да попуштам. Имам намера да бидам исправна и да го правам само тоа што е право. Судот веќе заседава, книгите се отворени, и ќе ни се суди според нашите дела. Сите лаги што можат да бидат изнесени против мене нема да ме направат ни полоша ни подобра, туку само ќе ме поттикнат уште повеќе да се приближам кон својот Спасител". {1C 100.1}

Од моментот кога се преселивме во Батл Крик, Господ почна да нè ослободува од нашето заточеништво. Во државата Мичиген најдовме добронаклонети пријатели кои беа спремни со нас да го поделат товарот на одговорноста и да ги задоволат нашите потреби. Старите, проверени пријатели од централен Њујорк и Нова Англија, а посебно од Вермонт, искрено сочувствуваа со нас во нашата неволја и беа подготвени да ни помогнат во тешки времиња. На конференцијата одржана во Батл Крик, во текот на месец ноември, 1856-та година, сам Бог работеше за нас. Мислите на Неговите слуги беа насочени на духовните дарови ветени на црквата. Ако Бог се гневеше на Својот народ затоа што овие дарови беа омаловажени и запоставени, беше на повидок пријатна можност Неговата наклоност да нè осветли со оживување на оние дарови во црквата што со своето благотворно присуство ги храбрат изнемоштените и потклекнатите, а ги укоруваат и поправаат заталканите. Нов живот му беше дадено на нашето дело, а напорите на нашите проповедници беа проследени со успех. {1C 100.2}

Нашите списанија повторно беа барани од мнозина и се покажа дека тие се актуелна потреба. Таканаречениот „Гласник на вистината" наскоро престана да излегува од печат, а нескладните духови што зборуваа преку него се разбегаа секој на своја страна. Мојот сопруг успеа да ги исплати сите свои долгови. Престана да кашла, ја снема болката и големата чувствителност на неговите бели дробови и грлото, а неговата здравствена состојба се подобри до таа мера што лесно можеше да одржи три проповеди - две во сабота и една во првиот ден од седмицата. Тоа чудесно дело во неговото оздравување го направи само Бог, и сета слава и благодарност му припаѓа само на Него. {1C 100.3}

Кога мојот сопруг, пред нашето преселување од Рочестер, толку изнемошти од болеста, сакаше да се ослободи од одговорноста на издавачката дејност. Предложи

одговорноста за таа дејност да ја преземе самата црква, да наименува посебен одбор за публикации што ќе раководи со таа дејност, така што никој од оние што ќе бидат поврзани со таа гранка на делото не ќе може да оствари лична финансиска добивка, освен платите што ќе ги примат за својата работа. {1C 101.1}

Иако на ова прашање често беше обрнувано нивното внимание, нашите браќа не преземаа ништо во тој поглед сè до 1861-та година. До тоа време мојот сопруг беше законски сопственик на издавачката куќа и единствен раководител во таа работа. Тој уживаше потполна доверба од страна на активните пријатели на ова дело, и на негова грижа беа доверувани финансиските средства што тие од време на време, како делото напредуваше, ги приложуваа за да се изгради издавачко претпријатие. Иако преку нашето списание Преглед често беше нагласувано дека издавачката куќа е сопственост на црквата, сепак нашите непријатели - користејќи го фактот дека мојот сопруг е единствен законски раководител - подигнаа голема врева дека тој прави некои сплетки и направија сè што беше во нивна моќ за да му наштетат лично нему, а и да го спречат напредувањето на делото. Под тие околности тој го подигна прашањето за организација, а резултатот беше формирање на Издавачко Здружение на Адвентистите на Седмиот ден, во склад со законите на државата Мичиген, во пролетта 1861-та година. {1C 101.2}

Иако должностите што ги презедовме на себе во врска со издавачката дејност и другите гранки на делото повлекуваа со себе големи тешкотии и неволји, најголемата жртва што во врска со ова дело требаше да ја направам се состоаше во тоа што морав своите деца да ги препуштам на грижа на други. {1C 101.3}

Хенри беше пет години одвоен од нас, а на Едсон можевме да му посветиме само малку повеќе внимание и грижа. Нашето семејство со годините значително се прошири и нашиот дом стана сличен на попатен хотел, и голем дел од времето го поминувавме надвор од тој дом. Најмногу се грижев за тоа како своите деца да ги сочувам од лошите навики и често болно страдав кога мислев на спротивноста на мојата положба и положбата на оние што не сакаат да прифатат товар на грижи и одговорности, кои се постојано со своите деца и можат да ги советуваат и поучуваат и кои своето време во најголем дел можат да го посветат на своето семејство. Често ми се наметнуваа прашањата: Зар Бог навистина толку многу бара од нас, а другите ги остава без никаков товар? Зар тоа е рамноправно? Зар само ние мораме да бидеме така форсирани од една грижа во друга, од една гранка на делото во друга, што ни преостанува толку малку време за подигање на децата? Многу ноќи, додека другите мирно спиеја, јас поминав во горки солзи. {1C 102.1}

Планирав подобар живот за моите деца, но тогаш настанаа тешкотии што ги уништија сите мои планови. Бев мошне чувствителна на карактерните недостатоци на децата, и секоја грешка што ќе ја направеа предизвикуваше во моето срце такви страдања што тоа видливо се одразуваше и на моето здравје. Посакував некои мајки да се најдат, барем за кратко време, во состојба во која јас со години се наоѓав зошто тогаш би знаеле да ги ценат благословите што ги уживаат и повеќе би сочувствувале со мене во моите одрекувања. Ние се молевме за нашите деца, се заложувавме за нив и ги ограничувавме. Не ја занемарувавме ни прачката, но пред да ја употребиме се трудевме децата да ги увидат своите грешки, а потоа се молевме заедно со нив. Се трудевме нашите малечки да сфатат дека би го предизвикале Божјото незадоволство ако преминуваме преку нивните грешки не укажувајќи на нив. И нашите напори родија плод на нивно добро. Најголемо задоволство тие наоѓаа во тоа да ни угодат нам. Тие не беа

без недостатоци, но ние верувавме дека тие ќе бидат јагнињa во Христовото стадо. {1C 102.2}

Во 1860-та година смртта зачекори и преку нашиот праг и ја оттргна најмладата гранка од нашето семејно стебло. Нашиот мал Херберт, роден 20 септември, умре на 14 декември истата година. Колку крвареа нашите срца кога тоа нежно гранче беше оттргнато, тоа не може да го знае никој освен оние што своите нежни малечки морале да ги испратат до гробот. {1C 102.3}

Но, оф, кога нашиот благороден Хенри почина, (Смртта на Хенри Н. Вајт се случи на 8. декември 1863. година во Мејн) во шеснаесеттата година од својот живот, кога нашиот прекрасен пејач беше положен во гроб и кога веќе не можевме да ги слушаме неговите младешки песнички, нашиот дом остана тажно осамен. За двајцата родители и за двајцата преостанати синови тоа беше тежок удар. Но Бог не тешеше во нашата болна нажаленост; ние со вера храбро го продолживме делото што Тој ни го довери, во блажена надеж дека своите деца, што смртта ги оттргна од нас, повторно ќе ги видиме во оној свет каде нема веќе да има смрт и болести. {1C 103.1}

Во текот на месец август, 1865-та година, мојот сопруг ненадејно беше погоден од парализа. Тоа беше исклучително тежок удар, не само за мене и за моите деца, туку и за Божјото дело. Црквата во многу места беше лишена од неговите неуморни напори а, за извесно време, исто така и од мојата соработка. Сатаната ликуваше гледајќи дека со тоа се попречува Божјото дело. Но, фала на Бога, не му беше допуштено да нè уништи. Бидејќи на овој начин потполно бевме отсечени од активната работа, ние по петнаесет месеци повторно се здруживме во заедничката работа по црквите. {1C 103.2}

Потполно убедена дека мојот сопруг нема да закрепне од долгата болест ако остане неактивен, и свесна дека е крајно време повторно да тргнам изнесувајќи ги пред народот своите сведоштва, одлучив заедно со мажот, иако сè уште беше мошне слаб, да го заобиколам северен Мичиген и тоа по најостра зимска ладовина. Беше потребна многу морална храброст и вера во Бога за да се одлучиме на толку голем ризик, а имав впечаток и дека сатаната одлучи да ме спречи во тоа. Долго чекав нашето заточеништво да заврши и се плашев драгоцените души да не бидат загубени поради понатамошно одлагање. Да се остане и понатаму неактивен ми изгледаше полошо и од смртта, така што моравме да тргнеме па дури и да настрадаме. Така на 19 декември, 1866-та година, среде снежна бура, од Батл Крик тргнавме за Рајт, држава Мичиген. Патот од скоро сто и педесет километри мојот сопруг го издржа подобро отколку што очекував, и кога стигнавме во местото што го одредивме, изгледаше исто така добро како и при поаѓањето од Батл Крик. {1C 103.3}

Овде започна нашата прва успешна работа откако тој се разболе. Овде тој почна да работи како и во поранешните години, иако беше значително послаб. Сабота претпладне и во недела говореше по триесет до четириесет минути, а останатото време го пополнував јас, а потоа и во попладневните часови секој ден зборуваше по час и половина. Присутните нè слушаа со најголемо внимание, а јас забележав дека мојот сопруг станува сè посилен, сè појасен и по поврзан во своите излагања. И додека во една прилика час време зборуваше толку силно и јасно, и суштински беше толку поврзан со делото како и пред својата болест, моите чувства на благодарност не можеа да се опишат. Станав среде соборот и со плач скоро половина час се обидував да ги изразам тие чувства. Присутните беа длабоко возбудени. Бев осведочена дека пред нас ќе зазори подобар ден. {1C 104.1}

Во заздравувањето и закрепнувањето на мојот сопруг најочевидно се манифестираше силата на Божјата рака. За оние што ќе доживеаја таков удар не постоеја никакви изгледи за закрепнување. Сепак, лично Бог во Својата добрина и милост ги отстрани последиците од остриот удар на парализата што сериозно го погоди мозокот на Неговиот слуга, подарувајќи му нова сила на телото и душата. {1C 104.2}

Во годините што следуваа по закрепнувањето на мојот сопруг, Господ ни отвори широко поле на работа. Иако во почетокот мошне плашливо настапував како јавен говорник, сепак со доверба излегував пред многубројни слушатели кога Божјото провидение ќе ми го отвореше патот за тоа. Заедно ги посетувавме нашите црковни собори и другите големи собири од Мејн до Дакота, од Мичиген до Тексас и Калифорнија. {1C 104.3}

Делото кое во почетокот беше толку слабо и незначително, непрекинато се шириеше и јакнеше. Најочевидни докази за неговиот напредок и ширење се издавачките куќи во Мичиген и Калифорнија, и мисиите во Англија, Норвешка и Швајцарија. Место скромното издание на нашето прво списание кое од канцеларијата беше пренесувано со една патничка торба, сега од Канцеларијата за публикации секој месец се разнесуваат околу сто и четириесет илјади примероци на различни публикации. Божјата рака постојано го следи напредокот и ширењето на Неговото дело. {1C 105.1}

Подоцнежната историја на мојот живот ја опфаќа и историјата на различни потфати преземани меѓу нас, со кои моето животно дело беше тесно поврзано. Во подигањето на тие институции мојот сопруг и јас лично неуморно работевме и со перо и со жив збор. Дури и најкратките белешки за животните искуства од тие години на активност и напорна работа далеку би ги преминале границите на овој краток автобиографски осврт. Напорите на сатаната да го спречи ова дело и да ги уништи неговите поборници не престануваа, но ниту Бог не престана да се грижи за Своите слуги и за Своето дело. {1C 105.2}

---

14. СМРТТА НА МОЈОТ СОПРУГ

И покрај тешките напори, грижи и одговорности, со кои животот на мојот сопруг беше навистина претоварен, шеесеттата година од животот го затекна активен и енергичен и духовно и телесно. Три пати беше погоден од удар на парализа, а сепак, благодарение на Божјиот благослов, својата по природа силна конструкција и строгото почитување на законите на здравјето, успеваше повторно да оздрави. Продолжуваше повторно да патува, да проповеда и да пишува со својата вообичаена ревност и енергија. Рамо до рамо, соработувавме во Христовото дело триесет и шест години и се надевавме дека заедно ќе бидеме и сведоци на Неговото триумфално завршување. Но Бог не одреди да биде така. Избраниот заштитник на мојата младост, мојот животен сопатник, оној што ги делеше со мене сите мои маки и страдања конечно е оттргнат од мене, а јас останав своето животно дело и својата борба да ги продолжам сама. {1C 105.3}

Пролетта и почетокот на летото 1881-та година ги поминавме заедно во нашиот дом во Батл Крик. Мојот сопруг се надеваше дека ќе успее да ги среди своите работи за да можеме да се повлечеме на брегот на Пацификот и да се посветиме само на пишување.

Сметаше дека е погрешно што допуштивме привидните потреби на делото и молбите на нашите браќа да нè принудат на активна работа на проповедањето, додека требаше да се посветиме на пишување. Мојот сопруг сакаше поцелосно да го изложи величествениот предмет на откупувањето, а јас одамна размислував на подготовката на значајни книги. И двајцата чувствувавме дека треба, додека нашите умствени сили не се намалени, да ги комплетираме тие дела - дека тоа ни е должност и поради нас самите и поради Божјото дело, да се одмориме од жестината на битката и на нашиот народ да му ја дадеме драгоцената светлина на вистините што Бог нам ни ги откри. {1C 106.1}

Неколку седмици пред смртта на мојот сопруг, му укажував на значајноста да најдеме такво опкружување каде ќе бидеме ослободени од товарите што неизбежно нè притискаат во Батл Крик. Во својот одговор, тој набројa неколку должности што мораме, пред да заминеме, да ги пренесеме на некој друг. А потоа со длабоко чувство на загриженост запраша: „Каде се луѓето што би можеле да ја прифатат таа должност? Каде се оние што несебично би се заложиле за интересите на нашите институции и кои би се бореле за она што е право, не поведувајќи се по никакво влијание со кое би можеле да дојдат во допир?” {1C 106.2}

Додека очите му беа полни со солзи, ја изразуваше својата загриженост за институциите во Батл Крик. „Јас својот живот го посветив на подигањето на тие институции,” кажа тој. „Да се одвојам од нив ми изгледа како да одам во смрт. Тие се како мои деца, и не можам а да не им го подарам своето внимание и грижа. Тие институции се орудија во Божјата рака за извршување на посебни задачи. Сатаната настојува да го спречи или онеспособи секое средство што Господ го користи за спасение на душите. Кога големиот непријател би успеал работата на тие институции да ја прилагоди на мерилата на овој свет, неговата цел би била остварена. Затоа моја најголема загриженост и најсердна желба е секаде и во сè да се има вистински човек на вистинско место. Ако оние што заземаат одговорни положби, поради недостаток на морална сила се колебаат во принципите бидејќи се наклонети да се поведуваат по светот, мнозина лесно ќе бидат заведени. Повеќе би сакал да умрам отколку да ја гледам злоупотребата на тие институции, или насочување во спротивна насока од целта поради која се создадени”. {1C 106.3}

„Во своето учество во Божјото дело најдолго и најтесно сум поврзан со издавачката дејност. Три пати бев погоден од парализа токму поради својата предаденост на таа гранка од делото. Сега кога Бог повторно ми даде физичка и морална сила, чувствувам дека можам да послужам на Неговото дело како никогаш порано. Јас морам да доживеам да видам како издавачката работа напредува, зашто тоа е со нераскинливи врски просто вткаено во суштината на моето постоење. Ако ги заборавам интересите на тоа дело, нека ме напушти мојата сила”. {1C 107.1}

Беше договорено во сабота и недела, 23 и 24 јули, да присуствуваме на еден црковен собор во Шарлот. Бидејќи бев со слабо здравје, одлучивме да патуваме со приватен превоз. Мојот сопруг изгледаше расположен во текот на патувањето, иако видливо беше обземен од чувство на свеченост. Повеќе пати ја повторуваше својата благодарност на Господа за милоста и благословите што ги прими и слободно ги изразуваше сопствените чувства во поглед на минатото и иднината. „Господ е добар и секогаш треба да го славиме. Тој дава помош кога ни е најпотребна. Иднината изгледа мрачна и полна со неизвесност, но Господ сака ние да не се грижиме за тоа. Кога ќе дојдат неволји, Тој ќе ни даде благодат за да ги издржиме. Поради сè што Господ направи за нас треба да му бидеме многу благодарни и никогаш да не мрмориме ниту

да се жалиме. Нашите напори, товари и жртви никогаш сите нема да знаат да ги ценат во потполност. Сега согледувам дека го губев душевниот мир и Божјите благослови кога дозволував да ме вознемируваат таквите појави". {1C 107.2}

„Ми беше тешко што моите побуди погрешно се толкуваат, и што моите напори да им помогнам на своите браќа, да ги охрабрам и засилам, секогаш беа користени против мене. Требаше, меѓутоа, секогаш да се сетам на Христос и на Неговите разочарувања. Неговата душа често била болно погодена токму затоа што оние на кои дошол да им помогне не го разбирале правилно. Требаше повеќе да размислувам за Божјата милост, славејќи го за Неговата љубов, трпение и добрина, а помалку да се жалам на неблагодарноста на своите браќа. Сите свои неволји да му ги доверував само на Господ, а помалку да мислев на тоа што другите зборуваат и работат против мене, би имал повеќе мир и радост. Отсега ќе се чувам никого да не навредам ниту со збор ниту со дело, туку само да им помагам на своите браќа да се одржат на вистинскиот пат. Со искажување на маките на неправдите што ми се направени не можам да ги запрам. Очекував од луѓето повеќе отколку што требаше да очекувам. Го љубам Бога и Неговото дело, а исто така, и своите браќа". {1C 108.1}

Додека патувавме така не ни помислував дека тоа ќе биде последното патување на кое тргнавме заедно. Времето наеднаш од неподнослива горештина се промени во ледена зима. Поради таквата нагла промена мојот сопруг доби кашлица, но се надеваше дека е добар со здравјето и дека тоа нема да има сериозни последици. Зеде учество на состаноците во Шарлот, изнесувајќи ја вистината многу јасно и силно. Го нагласуваше своето задоволство што им се обраќа на луѓе што покажуваат толку големо интересирање за предметите што на него му се најдраги. „Господ навистина ја крепеше мојата душа," нагласи тој, „додека на другите им го делев лебот на животот. Во целата држава Мичиген слушателите жедно бараа помош. Колку само копнеев да им дадам утеха, охрабрување и сила со драгоцените вистини што можат да се применат и во нашето време!" {1C 108.2}

Кога се вративме дома, мојот сопруг се жалеше дека непријатно се чувствува, но сепак своите работи ги извршуваше како и обично. Секое утро одевме во една шумичка, недалеку од нашата куќа, и овде заедно се молевме. Загрижено очекувавме да дознаеме која е нашата понатамошна должност. Од разни места ни пристигаа писма со повици неодложно да одиме на тамошните состаноци. Иако претходно донесовме одлука да се посветиме на пишување, тешко беше да се одбие средбата со браќата на толку значајните состаноци. Најсердно се молевме за мудрост за правилно да постапиме. {1C 108.3}

Сабота наутро, како и секогаш, заедно одевме во шумичката и овде мојот сопруг три пати најсердно се молеше. Тој беше непоколеблив во тоа и не престануваше во молитва да бара од Бога Негово водство и благослов. Неговите молитви беа услишени и нашите срца се исполнија со мир и светлина. Тој го славеше Господа велејќи: „Сега сето тоа му го препуштам на Исус. Чувствувам блажен, небесен мир, и сигурност дека Господ ќе ни ја открие нашата должност, зашто сакаме да ја твориме Неговата волја". Ме придружуваше до молитвениот дом и го започна богослужението со песна и молитва. Тогаш за последен пат во животот заедно стоевме на проповедалната. {1C 109.1}

Следниот понеделник тој доби силна треска, а веќе утредента и јас бев погодена. Нè пренесоа и двајцата во санаториумот на лечење. Мојата здравствена состојба до петокот стана подобра. Тогаш лекарот ми кажа дека мојот маж речиси постојано спие,

и дека со страв се очекува најлошото. Веднаш ме однесоа во неговата соба; штом го видов неговото лице, знаев дека умира. Се обидов да го пробудам. Разбра сè што му кажав и на секое прашање на кое можеше да се одговори со да или не, одговори, но не беше во состојба да каже ништо повеќе. Кога му реков: мислам дека си на умирање, не покажа никакво изненадување. Го прашав дали чувствува љубов кон Христос. Тој кажа: „Да, о, да". „Имаш ли желба уште да живееш?" го прашав. Тој одговори: „Не". {1C 109.2}

Потоа клекнавме покрај неговата постела и јас се молев за него. Израз на спокојство се гледаше на неговото лице. „Христос те сака," му кажав. „Вечните раце не те напуштија". Тој одговори: „Да, да". {1C 109.3}

Потоа покрај неговата постела се помолија брат Смит и другите браќа, кои потоа се повлекоа поголемиот дел од ноќта да го поминат на молитва. Мојот сопруг кажа дека не чувствува никаква болка, но очевидно нагло слабееше. Др. Келог и неговите помошници правеа сè што беше во нивна моќ да го оттргнат од смртта. Тој полека дојде на себе, но и понатаму нагло слабееше. {1C 109.4}

Следното утро изгледаше како малку да закрепнува, но напладне повторно доби силна треска која го остави потполно онесвестен. Во сабота, 6 август 1881 година во пет часот попладне, тој мирно го заврши својот живот без ниту една потешкотија или извик. {1C 110.1}

Смртта на мојот сопруг - толку ненадејна и неочекувана беше за мене страшен и речиси неподнослив удар. Така немоќна, ја собрав сета сила за да можам да останам покрај неговата постела, но кога видов како смртта ги затвора неговите очи, исцрпената природа попушти и јас паднав како мртва. Извесно време лебдев помеѓу животот и смртта. Пламенчето на животот беше толку слабо што при секое вдишување можеше да згасне. Таа ноќ пулсот ми ослабна, а дишењето ми стануваше сè послабо и послабо, така што изгледаше дека сум на умирање. Животот ми беше спасен благодарение само на Божјата милост и неуморната грижа на внимателните лекари и болничкиот персонал. {1C 110.2}

Иако сè уште не бев станала од болничката постела, следната сабота ме однесоа во Шаторот за да присуствувам на неговиот погреб. По завршувањето на проповедта, се почувствував должна да посведочам за значењето на христијанската надеж во моментите на болна нажаленост и ненадоместлива загуба. Кога станав, добив сила и зборував околу десет минути, воздигајќи ја Божјата милост и љубов во присуство на огромното собрано мноштво. По завршувањето на погребната служба го испратив својот сопруг до гробиштата Оак Хил, каде е положен да почива додека не осамне утрото на воскресението. {1C 110.3}

Мојата физичка сила беше потполно скршена со овој удар, но Божјата благодат ме одржа во тие тешки моменти. Кога видов како мојот сопруг го испушта својот последен здив, почувствував дека Христос ми е подрагоцен од било кога порано во мојот дотогашен живот. Кога стоев покрај својот првороден син, и ги затворав неговите очи при неговата смрт, можев да кажам: „Господ даде, Господ зеде, нека е благословено името Господово". И почувствував дека во Христос имам Утешител. И кога моето последно родено дете беше оттргнато од мојата прегратка, така што не можев веќе да ја гледам неговата мала глава на перницата покрај себе, и тогаш можев да кажам: „Господ даде, Господ зеде, нека е благословено името Господово". И сега, кога оној на чии длабоки чувства секогаш можев да се потпрам и со кој соработував триесет и шест години конечно е одземен од мене, можев само да ги положам своите раце на неговите

очи, велејќи: „На Тебе, о Господе, ти го доверувам ова свое богатство додека не осамне утрото на воскресението”. {1C 110.4}

Додека гледав како умира и гледав многу пријатели како сочувствуваат со мене, размислував: каква спротивност со умирањето на нашиот Спасител додека беспомошно висел на крстот! Каква спротивност! Во часот на Неговите претсмртни маки потсмевачите се подигрувале и Го исмевале. Но Тој умрел и поминал преку гробот, осветлувајќи го и тој дел од патот за ние да можеме во надеж да се разделуваме дури и кога е во прашање смртта; за да можеме, кога нашите драги ги положуваме да почиваат во Христа, да кажеме: повторно ќе се сретнеме со нив. {1C 111.1}

Понекогаш ми се чинеше дека не можам да ја преживеам смртта на мојот сопруг. Но во мислите постојано ми одѕвонуваа зборовите: „Биди спокојна и познај дека Јас сум Бог”. Многу болно ја чувствував својата загуба, но не се осмелував да се предадам на бескорисно тагување, зошто со тоа не можев да го вратам покојниот. А дури и кога би можела, не сум толку себична од мирниот сон повторно да го враќам во борбите на овој живот. Слично на уморен патник, тој легна да спие, и јас со задоволство ќе го гледам местото на неговиот одмор. Најдобар начин на кој и јас и моите деца можеме чесно да се оддолжиме на оној што веќе не е меѓу нас, е да го продолжиме делото таму каде што тој го остави и во Христова сила да го довршиме. Ќе бидеме благодарни за правилно искористените години што му беа подарени и поради него и поради Христос, од неговата смрт ќе извлечеме поука што никогаш нема да ја заборавиме. Нека оваа болна загуба придонесе да станеме подобри, поблагородни, потрпеливи и понаклонети кон проштавање и повеќе да размислуваме за животот. {1C 111.2}

Своето животно дело го продолжив сама, со полна доверба дека мојот Откупител секогаш ќе биде со мене. Ни преостанува уште кратко време да се бориме, а тогаш ќ е дојде Христос и оваа борба ќе биде завршена. Тогаш ќе престанат и последните напори што ги вложуваме во работата за Христос и напредокот на Неговото царство. Некои од оние што се наоѓаа на првата борбена линија, спротивставувајќи се најревносно на злото што доаѓаше, паднаа на бојното поле совесно извршувајќи ја својата должност; оние што останаа во живот со болка ги гледаат тие паднати херои, но работата не смее да запре. Тие мора да ги збијат своите редови, цврсто да го преземат знамето од раката што смртта ја покосила, и со нова енергија да ја бранат вистината и честа на Христовото име. Како никогаш порано, мора да се даде најодлучен отпор на гревот и на силите на темнината. Времето бара најенергични и најодлучни активности од оние што веруваат во сегашната вистина. Ако ни се чини дека доаѓањето на нашиот Избавител мораме предолго да го чекаме; ако скршени, нажалени и преморени со тешката работа нетрпеливо го очекуваме чесното ослободување од животната борба, да се сетиме - и нека тоа сеќавање биде одлучна пречка за секое мрморење и секоја воздишка на незадоволство дека животот на земјата ни е продолжен токму затоа, за да се спротивставиме на бурите и судирите, да го усовршиме христијанскиот карактер, подобро да се запознаеме со Бога како со свој Татко, и со Христос како со Постар брат, и со својата предана работа да придобиваме души за Христос. „И разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина повратиле кон правда - како ѕвездите, во век и засекогаш”. {1C 111.3}

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

15. ЧУВАР НА СВОЈОТ БРАТ

Дваесетти ноември, 1855-та година, додека се молев, Господовиот Дух ненадејно и со голема сила се спушти на мене, и добив визија. {1C 113.1}

Покажано ми е дека Божјиот Дух изумира во црквата. Господовите слуги премногу се потпираат на силата на аргументите, а ја немаат онаа цврста доверба во Бога што треба да ја имаат. Покажано ми е дека само доказите на вистината нема да ги поттикнат душите да пристапат на остатокот, затоа што вистината не е популарна. Божјите слуги мораат да ја имаат вистината во душата. Ангелот рече: „Одушевување за верата тие треба да добијат од нејзината небесна слава, да ја носат во своите гради, и во топлината и сесрдноста на душата да ја пренесуваат на оние што ги слушаат". Малкумина се оние што се подготвени совесно да донесат одлука според тежината на изнесените докази; всушност повеќето луѓе никогаш не можат да бидат поттикнати само со теоријата на вистината. Вистината мора да биде проследена со силата на живото сведоштво за да може да ги поттикне и раздвижи слушателите. {1C 113.2}

Покажано ми е дека непријателот е многу активен во својата работа на уништување на душите. Возвишување и лична горделивост се вовлекуваат во нашите редови, а мора да се види многу повеќе понизност. Меѓу самите оние што ја носат веста премногу се попушта на духот на независност. Тоа мора да се отфрли, а Божјите слуги мораат да се зближат во своите меѓусебни односи. Многу често се покажува дух кој е олицетворение на ставот: „Зар сум јас чувар на својот брат?" „Да," кажа ангелот, „ти си чувар на својот брат. Ти си најодговорен будно да водиш грижа за својот брат, навистина да се интересираш за неговото добро, да негуваш наклоност и љубов кон него. Зближете се, зближете се!" Божја намера е човекот да биде со отворено срце и искрен, природен, кроток, скромен и едноставен. Тоа се начела на небото, и тоа Бог го бара од нас. Но несреќниот човек, наклонет кон гревот, тежи кон тоа што е сосема спротивно - да го бира сопствениот пат, сето свое внимание себично да го сосредоточи само на себе и на своите лични интереси. {1C 113.3}

Го прашав ангелот зошто едноставноста е протерана од црквата, а гордоста и самовозвишувањето сè повеќе стануваат силни и присутни. Покажано ми е дека причината е во тоа што скоро потполно сме се предале во рацете на непријателот. Ангелот рече: „Гледај, и ќе забележиш дека секаде преовладува мислењето: 'Зар сум јас чувар на својот брат?'" Ангелот повторно нагласи: „Ти си чувар на својот брат. Твоето исповедање и твојата вера бараат од тебе да се одречеш од себе и да се жртвуваш за Бога, или никогаш нема да бидеш достоен за вечниот живот, бидејќи тоа е за тебе платено скапо со смртните маки, страдања и крвта на саканиот Божји Син". {1C 114.1}

Покажано ми е дека многумина во разни краишта, и на Исток и на Запад, сè повеќе го зголемуваат својот имот, купуваат еден по друг имот, и една по друга куќа, под изговор дека тоа го прават за да можат да го помогнат Божјото дело. Со тоа самите си ставаат пранги на рацете, така што многу малку можат да придонесат за Божјото дело. Кога ќе купат еден плац, тие се принудени да работат со сите свои сили за да го отплатат. Тогаш се толку зафатени што мошне малку време можат да одвојат за молитва и служба на Бога, како би можеле од Него да добијат сила за да се спротивстават на своите

искушенија. Тие се постојано во долгови и кога на делото му е потребна нивна помош тие не можат да помогнат, зашто прво морат да ги отплатат своите долгови. Меѓутоа, кога ќе се ослободат од сегашните долгови, тие се уште повеќе оддалечени од спремноста да помогнат во Божјото дело отколку пред тоа, зашто повторно продолжуваат да го зголемуваат својот имот. Тие си ласкаат на самите себе дека се на исправен пат и дека стекнатата добивка ќе ја употребат за напредок на Божјото дело, додека всушност тие си собираат за себе богатство на овој свет. Тие ја сакаат вистината само на зборови, но не и на дело. Тие Божјото дело го сакаат толку колку што тоа го покажуваат со своите дела. Својата љубов тие повеќе му ја подаруваат на светот отколку на Божјото дело. Овоземните интереси сè повеќе ги привлекуваат, а небесните сè помалку. Зашто каде што се наоѓа нивното богатство, таму ќе биде и нивното срце. Со својот пример тие на сите околу себе им зборуваат дека нивна намера е да останат овде, дека овој свет е нивна татковина. „Ти си чувар на својот брат," повторно кажа ангелот. {1C 114.2}

Мнозина си допуштаат непотребни трошоци, само за да ги задоволат своите желби, својот вкус и око. На делото му недостасуваат токму тие злоупотребени пари, додека некои од Божјите слуги се сиромашно облечени и недобро платени затоа што недостасуваат средства. Ангелот рече: „Нивното време да направат нешто за Божјото дело набргу ќе помине. Со своите дела тие покажуваат дека себичноста е нивен идол, и дека на олтарот на тој идол тие жртвуваат сè". Сметајќи дека најпрво треба да се задоволат себе си и своите себични интереси, тие со своите чувства и постапки зборуваат: „Зар сум јас чувар на својот брат?" Мнозина се оние што слушаат опомена по опомена, но не го прифаќаат тоа. Да имаат свое задоволство е нивна најголема цел и сè друго мора да се подреди на тоа. {1C 115.1}

Покажано ми е дека духот на самоодрекување и пожртвуваност се повеќе исчезнува од црквата, своето „јас" и своите лични интереси мнозина ги ставаат на прво место, па дури потоа за Божјото дело го прават она што по нивно лично мислење можат, но не се должни да го направат. Таквата жртва, според она што ми е покажано, не е беспрекорна и е неприфатлива за Бога. Секој треба за интересите на Божјото дело со задоволство да го прави најдоброто што може да го направи. Според она што ми е покажано, оние што немаат материјални богатства, но имаат физичка сила, одговорни се пред Бога за својата сила. Тие треба да бидат трудољубиви во работата, а ревносни и огнени во духот. Видов дека и тие можат да дадат жртва, и дека се должни да го прават тоа исто така како и оние што се побогати. Меѓутоа, оние кои немаат некои големи неподвижни имоти често не сфаќаат дека и тие можат да учествуваат во самоодрекувањето на многу начини; можат помалку да трошат за своето тело, помалку да го задоволуваат својот вкус и желби, и така повеќе да заштедат за Божјото дело, вложувајќи на тој начин во небесната банка. Според она што ми е покажано, во вистината има многу привлечности и убавини, но кога ќе ѝ биде одземена Божјата сила, таа останува немоќна. {1C 115.2}

---

16. ВРЕМЕ ЗА ПОЧЕТОК НА САБОТАТА*

(Види Додаток)

Што се однесува до библискиот запис: „Од една вечер до друга празнувајте ја вашата сабота” (Броеви 23:32), покажано ми е дека тоа е всушност природната вечер кога заоѓа сонцето. Ангелот ми кажа: „Земи ја Библијата и читај како е напишано, ќе разбереш и нема да останеш во заблуда. Читај внимателно и ќе сфатиш што е вечер и кога почнува”. Го прашав ангелот дали Бог се гневеше на Својот народ затоа што саботата ја почнуваа така како што беа научени. Укажано ми е на времето кога адвентистите како Божји народ за прв пат ја прифатија саботата и ги следев од тој момент, но не видов дека Господ беше незадоволен или дека се гневеше на нив. Прашав зошто дури сега мораме да го менуваме времето на почетокот на саботата. Ангелот ми кажа: „Ќе разбереш, но сега сè уште не, сè уште не”. Потоа продолжи: „Ако светлината дојде и биде отфрлена или презрена, тогаш доаѓа и осуда и Божјиот гнев; но додека светлината не е дадена, нема ниту грев, зашто немало светлина што би можеле луѓето да ја отфрлат”. Некои мислат дека Господ ми покажа дека саботата започнува во шест часот навечер, додека на мене всушност само ми е покажано дека почетокот на саботата е „вечерта,” а тие самите извлекле заклучок дека тоа значи во шест часот попладне. Покажано ми е дека Божјите слуги мораат да се зближат меѓу себе и да ги збијат своите редови. {1C 116.1}

---

17. ПРОТИВНИЦИ НА ВИСТИНАТА*

(Види Додаток)

Покажано ми е дека Стивенсон и Хол од Висконсин, за време на нашиот престој во таа држава, во текот на месец јуни 1854 година, беа осведочени дека визиите се од Бога. Меѓутоа, кога ги преиспитале во споредба со своите погледи за Векот што доаѓа, и бидејќи визиите не се согласувале со нив, тие ги жртвуваа визиите за да ги задржат своите ставови во врска со Векот што доаѓа. И додека минатата пролет патуваа по Истокот и двајцата имаа зли намери. Нивното сфаќање за Векот што доаѓа им беше постојан камен за сопнување и беа спремни да направат сè што е во нивна моќ за да напакостат на угледот на нашето списание Преглед. Поборниците на Преглед затоа мораат да бидат будни, правејќи сè што е во нивна моќ да ги заштитат Божјите деца од оваа измама. Овие луѓе се здружиле со лицемерни и изопачени поединци. Сега и самите се осведочени во тоа. И додека формално проповедаа љубов и единство со мојот сопруг, зад грб му задаваа зајадливи удари (посебно Стивенсон) слични на каснување од змија. Додека на него му се обраќаа со мили зборови, го разгоруваа пламенот на омразата во целата своја држава против Преглед и неговите поборници. Во тоа најактивен беше токму Стивенсон. Целта им беше Преглед да ја објавува нивната теорија за Векот што доаѓа, или да го уништат неговото влијание. И додека мојот сопруг со искрено срце и без било какви сомневања настојуваше да ја отстрани секоја причина за нивната завист и отворено ги известуваше за работата на издаваштвото во настојување да им помогне, тие будно бараа да најдат само некое зло и на се гледаа со зли очи. Додека ги гледав во визијата ангелот рече: „Мислиш ли несреќен човеку, дека ќе можеш да го запреш Божјото дело? Беден смртнику, еден допир на Неговиот прст може да те собори засекогаш. Тој те трпи, но само за кратко време”. {1C 116.2}

Во визијата ми беше покажан самиот почеток на адвентистичкото учење; дури и на времето што непосредно му претходеше; и видов дека нема ништо што би можело да

се спореди со измамување, погрешно претставување и со лагите со кои се служи групата на т.н. Гласник на вистината, или такво здружение на изопачени срца под наметка на верата. Има искрени поединци што тие ги завеле и кои заклучуваат дека тие мораат да имаат барем некоја основа за своите тврдења, верувајќи дека сепак не би се осмелиле да изнесуваат толку очевидни лаги. Покажано ми е дека таквите ќе добијат сигурни докази што е вистина и во овој поглед. Божјата црква треба да продолжи право по својот пат, како вакви луѓе да не постојат на светот. Покажано ми е дека мора да се вложуваат одлучни напори за на оние што живеат нехристијански живот да им се укаже на нивните заблуди, и доколку не се реформираат треба да бидат одвоени од драгоцените и побожните, како Бог би имал чист и неизмешан народ на кој би можел да му се радува. Да не Го обесчестуваме настојувајќи да ги поврземе или соединиме чистите со нечистите. {1C 117.1}

Во врска со оние што од Исток доаѓаат на Запад, покажано ми е дека не треба да го прават тоа за да стекнуваат богатство, туку за да придобиваат души за вистината. „Покажете со своите дела," кажа ангелот, „дека на Запад не доаѓате поради чест или стекнување на земно богатство, туку за да ги одржите и воздигнете мерилата на вистината". {1C 117.2}

Покажано ми е дека оние што доаѓаат на Запад треба да се однесуваат како народ што го очекува својот Господ. „Бидете жив пример за оние што живеат на Запад," кажа ангелот. „Покажете со своите дела дека сте избран Божји народ, народ кој има посебна задача на светот да му ја објави последната вест на милоста. Вашите дела нека им зборуваат на сите што се околу вас дека овој свет не е ваша татковина". Видов дека сите оние што се заплеткале во мрежата на непријателот треба одлучно да ги раскинат неговите стапици и да се ослободат. Не собирајте за себе богатсто на оваа земја, туку со својот живот покажете дека вашето богатство е на небото. Ако Бог ве повикал да одите на Запад, Тој за вас има некоја возвишена задача што треба да ја завршите. Вашата вера и вашето искуство нека бидат вистинска помош за оние што сè уште немаат во тоа животни искуства. Не дозволувајте да ве привлече овој беден свет, кој е само една темна дамка, туку својот поглед подигнете го кон Бога, Неговата слава и небото. Не дозволувајте грижите и збунетоста околу овоземниот имот да ги обземат вашите мисли, бидејќи сигурни ќе бидете само ако за тоа размислувате онака како што Авраам размислувал. Ние треба да бидеме наследници на вечното и непропадливо наследство. Не ја подарувајте својата љубов и внимание на оваа земја, туку размислувајте само за она што е небесно. {1C 118.1}

---

18. ОДГОВОРНОСТИ НА РОДИТЕЛИТЕ

Покажано ми е дека одговорноста што ја имаат родителите е многу голема. Тие не смеат да дозволат децата да ги водат, туку тие мораат да ги водат своите деца. Ми беше укажано на Авраам кој верно и совесно управувал со својот дом. На членовите на неговото домаќинство тој им заповедал на таков начин што неговиот авторитет се почитувал и после него, и тоа пред Бога не е заборавено. {1C 118.2}

Потоа ми беше укажано на случајот на првосвештеникот Илија. Тој не ги зауздувал своите синови, така што тие станале расипани и неморални, и со својата расипаност ја

завеле на погрешен пат целата израелска нација. Кога Бог на малиот Самуил му ги открил нивните гревови и тешката клетва што морала да следува поради тоа што таткото не ги зауздувал, Тој нагласил дека нивната расипаност „нема да биде очистена ниту со жртва ниту со било каков дар довека". Кога Самуил му го пренел на свештеникот Илија тоа што Бог му го открил, Илија предано се потчинил на тоа, велејќи: „Господ е, нека прави како што му е волја". Најавената клетва набргу и се исполнила. Овие порочни свештеници биле убиени, изгинале, исто така, и триесет илјади Израелци, а Божјиот ковчег паднал во рацете на нивните непријатели. А Илија кога слушна дека е заробен Божјиот ковчег, падна на грб и умре. Сите овие зла дошле како последица на немарноста на Илија и неговиот пропуст да ги зауздува своите синови. Покажано ми е дека Бог кој така строго гледал на ваквите нешта во старозаветното време, нема да биде помалку строг ниту во овие последни денови. {1C 119.1}

Родителите мораат да владеат со своите деца, да ги искоренуваат нивните страсти и да ги потчинуваат, или Бог неизбежно ќе ги уништи непослушните деца во денот на својот гнев, а родителите што не ги зауздувале своите деца нема да бидат беспрекорни пред Бога. Посебно оние што се во Божја служба треба совесно да управуваат со своето семејство, давајќи добар пример и во тоа. Ако не управуваат добро со своето семејство тие не се спремни да расудуваат и да донесуваат исправни одлуки во прашањата што се однесуваат на црквата. {1C 119.2}

Покажано ми е дека причината што визиите во последно време не се така чести појава како порано, треба да се бара во тоа што црквата не ги почитува. Членовите на црквата скоро целосно ја имаат загубено својата духовност и вера, па укорите и опомените само незначително влијаат на нив. Мнозина од оние што тврдат дека веруваат во овие откровенија, не го потврдуваат тоа со послушност. {1C 119.3}

Некои постапуваат неразумно кога зборуваат со неверниците за својата вера кога за бараните докази, наместо на Светото Писмо, се повикуваат на некоја визија. Покажано ми е дека таквиот став е недоследен, и кај неверниците предизвикува предрасуди против вистината. Визиите немаат никакво влијание на оние што никогаш не ги виделе и немаат претстава за тоа во каков дух се тие дадени. Затоа во такви случаи не треба да се повикуваме на визиите. {1C 119.4}

19. ВЕРА ВО БОГА

Додека се наоѓав во Батл Крик, Мичиген, 5 мај, 1855 година, покажано ми е дека кај Божјите слуги, исто така и кај членовите на црквата воопшто, се чувствува голем недостаток на вера. Тие мошне лесно се предаваат на обесхрабреност и сомневање во Бога, премногу се наклонети кон верувањето дека судбината им е исклучително тешка и дека Бог ги напуштил. Тоа е, според она што ми беше покажано, навистина ужасно. Бог толку ги сака што го дал Својот сакан Син да умре за нив, и целото небо е заинтересирано за нивното спасение; но сепак, и покрај сè што е направено за нив, имаат толку малку доверба во милоста и љубовта на така добриот Татко. На оние што Му се молат, Тој - според своето ветување - со поголемо задоволство им го дава дарот на Светиот Дух отколку што земните родители им даваат добри дарови на своите деца. Видов дека Божјите слуги и припадниците на црквата многу брзо ја губат својата храброст. Кога од својот небесен Татко ќе побараат нешто што сметаат дека е неопходно да го добијат, и тоа нема да го добијат веднаш, нивата вера почнува да се колеба,

нивната храброст ја снемува и тие потполно се предаваат на чувството на незадоволство. Тоа не му е по волја на Господа. {1С 120.1}

Молитвите на секој верник кој доаѓа кај Бога со искрено срце, и своите потреби ги изнесува со сесрдна вера, ќе бидат услишени. Ако не добиете веднаш одговор на вашата молитва, никако не смеете да ја губите верата во Божјите ветувања. Доверете му се слободно на Бог, без никаков страв. Потпрете се на Неговото сигурно ветување: „Сакајте и ќе ви се даде". Бог е премногу мудар за да погреши, премногу добар за да не даде некое од Своите добра на оние што одат по вистинскиот пат. Човекот е грешен, и иако неговите молитви можат да доаѓаат од најискрено срце, тој не го бара секогаш само она што е за негово лично добро и со што ќе може да го прослави Бога. Нашиот мудар и добар Татко ги слуша нашите молитви и ги услишува, понекогаш дури и веднаш; но Тој ни го дава само она што за нас всушност е најдобро и што ќе послужи на Негова слава. Бог со задоволство ни ги дава Своите благослови, и кога би можеле да проникнеме во Неговите намери ќе ни биде сосем јасно дека Тој навистина знае што е за нас најдобро, и би виделе дека нашите молитви се услишени. Никогаш нема, наместо она што сме го побарале во молитва мислејќи дека е за наше добро, да ни се даде нешто штетно, туку само она што ни е како благослов навистина потребно. {1С 120.2}

Ми беше покажано дека ако не почувствуваме дека веднаш сме добиле одговор на својата молитва, треба и понатаму цврсто да се држиме за нашата вера, не дозволувајќи во срцето да ни се вовлече сомневање, зошто тоа би нѐ одвоило од Бога. Ако се колебаме во верата, да не очекуваме дека од Него ќе добиеме било што. Нашата доверба во Бога мора да биде постојана, и благословот како обилен дожд ќе дојде кога ќе ни биде најпотребен. {1С 121.1}

Кога Божјите слуги бараат во молитва водство од Светиот Дух и Негов благослов, одговорот некогаш доаѓа веднаш, но тоа не е секогаш така и не во секоја молитва. Кога ќе се случи така, не паѓајте во малодушност. Фатете се со вера цврсто за Божјите ветувања и тие ќе бидат исполнети. Имајте целосна доверба во Бога, и благословот што сте го барале често ќе дојде кога ќе ви биде најпотребен, неочекувано ќе примите помош од Бога додека им ја изнесувате вистината на неверниците и ќе бидете оспособени да зборувате исклучително јасно и со голема сила. {1С 121.2}

Тоа е слично кога децата бараат нешто од своите овоземни родители. Родителите знаат дека децата често го бараат и она што би им наштетило, затоа на своите малечки, наместо да им ја исполнат желбата, им го даваат само она што за нив ќе биде здраво и добро. Видов дека Бог ќе ја слушне и услиши секоја молитва упатена со вера и искрено срце. Благословот ќе се излие на оној што го бара со молитва тогаш кога ќе му биде најпотребен, а често тоа и ќе ги надмине неговите очекувања. Молитвата на секој вистински верник, кога е упатена со вера и искрено срце, ќе биде услишена. {1С 121.3}

---

20. ГРУПАТА НА Т.Н. „ГЛАСНИК НА ВИСТИНАТА"

Додека се наоѓавме во Освег, држава Њујорк, во текот на месец јуни, 1855 година, покажано ми е дека Божјиот народ е притиснат со товар на сериозни препреки; дека во логорот има и такви кои се слични на Ахан. Божјото дело само незначително напредуваше, и мнозина од Неговите слуги беа обесхрабрени што проповедањето на

вистината во државата Њујорк не беше поуспешно, и што не се доведени повеќе души во црквата. Околу т.н. „Гласник на вистината” се собра група незадоволни, и ние бевме принудени да поминеме многу маки поради нивните лажни изјави и погрешно толкување, па сепак сето тоа трпеливо го поднесувавме, бидејќи тие - затоа што се одвоија од нас - не можат да му наштетат на Божјото дело толку колку што загуби и штета би нанеле со своето негативно влијание да останеа со нас. {1C 122.1}

Црквата го предизвика Божјото негодување поради тоа што во неа се наоѓаа поединци со толку изопачени срца. Тие сакаа да бидат на најистакнати места, иако ниту Бог ниту нивните браќа не ги поставија таму. Себичност и самовозвишување го обележуваше нивниот пат. Сега е отворен простор за сите такви каде ќе можат да се собираат и да се насладуваат со такво пасиште што им одговара на сите што се на нив слични. А ние треба да го славиме Господ што во Својата милост ја ослободи црквата од таквите луѓе. На многу од нив Бог им дозволи да продолжат по сопствениот пат и да се хранат од плодовите на своите постапки. Тие ќе успеат да заведат некои што се раководат според нивното возбудување и симпатии што ги имаат кон нив, но на секоја искрена душа ќе и биде дадена можност да ја согледа вистинската состојба на таа група, и ќе остане со избраниот Божји народ, држејќи се цврсто за вистината, и во скромност ќе го продолжи својот пат не потпаѓајќи веќе под влијание на такви на кои Бог им дозволил да одат по своите патишта и да се хранат од плодовите на своите дела. Видов дека Бог им даде на тие луѓе можност да се поправат, да ја согледаат својата љубов кон себичноста и другите свои гревови, но тие не сакаа да послушаат. Не сакаа да се поправат и Бог во Својата милост ја ослободи црквата од нивното присуство. Кога Божјите слуги и членовите на црквата потполно ќе му се посветат Нему и на Неговото дело вистината со успех ќе се шири. {1C 122.2}

Покажано ми е дека Божјиот народ мора да се пробуди и да го земе сето Божје оружје. Христос доаѓа; големото дело на објавување на последната вест на Божјата милост е премногу значајно за нас за да се спуштиме ниско и да даваме одговори на таквите лаги и клевети какви што шири групата на т.н. Гласник, хранејќи се со тоа. Вистината, сегашната вистина мора да биде предмет на нашите размислувања. Ние имаме премногу работа за да слегуваме долу и да разговараме за такви ништожни работи. Сатаната стои зад сето тоа, настојувајќи нашите мисли да ги одврати од сегашната вистина и од Христовото доаѓање. Ангелот рече: „Христос го знае сето тоа”. Уште малку и ќе дојде нивниот ден. На секого ќе му биде судено според делата што ги направил во телото. Ќе замолкне секој јазик што зборува лага. „Грешниците во Сион ќе се уплашат, страв и трепет ќе ги нападне лицемерите”. {1C 123.1}

---

21. ПОДГОТОВКА ЗА СРЕДБА СО ГОСПОДА

Покажано ми е дека доаѓањето на Господ никако не смееме да го одложуваме. „Бидете подготвени,” кажа ангелот, „бидете подготвени за она што скоро доаѓа на земјата. Вашите дела нека бидат во склад со вашата вера”. Покажано ми е дека сите наши мисли треба да бидат насочени кон Бога, и со сета своја сила и влијание да се заложуваме за ширење на Неговата вистина. Кога сме безгрижни и рамнодушни ние не придонесуваме да се почитува Божјото име. Не можеме да Го славиме кога сме паднати

со духот. Мораме најсердно да се заложуваме за своето лично спасение, но исто така и за спасение на другите. Најголема важност треба да се придаде на тоа, а сето останато нека ни биде од второстепено значење. {1С 123.2}

Јас ја видов убавината на небото. Ги слушнав ангелите како восхитувачки ги пеат своите милозвучни песни, оддавајќи благодарност, чест и слава на Христовото име. Тогаш можев да сфатам нешто за чудесната љубов на Божјиот Син. Тој ја напуштил сета слава и сета чест со кои бил опкружен на небото, и толку се заинтересирал за нашето спасение што трпеливо и кротко ги поднесувал сите потсмевања и навреди кои луѓето му ги нанеле. Бил ранет, изложен на најтешки навредувања, камшикувања и конечно, распнат на крстот на Голгота, умрел со најстрашна смрт за да нè спаси нас од смртта, за сите ние, измиени со Неговата крв, да можеме да станеме и повторно да живееме со Него во дворовите што отишол да ги подготви, за да уживаме во светлината и славата на небото, слушајќи ги песните на ангелите и пеејќи заедно со нив. {1С 123.3}

Видов дека целото небо е заинтересирано за нашето спасение; зар тогаш ние да останеме рамнодушни? Треба ли да бидеме толку безгрижни како да ни е сеедно дали ќе бидеме спасени или пак изгубени? Треба ли така да ја омаловажуваме жртвата што била поднесена поради нас? Некои токму тоа го прават, поигрувајќи се со понудената милост. Таквите навистина го заслужуваат Божјото негодување. Божјиот Дух нема бесконечно да поднесува луѓето да Го ожалостуваат. Тој набргу ќе се повлече ако продолжиме по истиот пат. Ако луѓето, кога Бог ќе направи сè што е можно за да ги спаси, и понатаму продолжат во својот живот да ја омаловажуваат понудената Христова милост, смртта ќе биде нивна награда, и тоа ќе биде скапо платено. Тоа ќе биде страшна смрт, зошто смртните маки што ќе мораат да ги поднесуваат ќе бидат слични на оние што Христос ги поднесувал на крстот за да ја плати цената на откупувањето што тие ја отфрлиле. И тогаш во потполност ќе сфатат што загубиле - вечниот живот и непропадливото наследство. Големата жртва поднесена за спасение на душите ни ја покажува нивната вистинска вредност. Кога таква драгоцена душа еднаш ќе биде загубена, таа е загубена засекогаш. {1С 124.1}

Видов еден ангел како во своите раце држи вага, мерејќи ја тежината на мислите и интересите на Божјиот народ, посебно на младите. На едниот тас на вагата беа ставени мислите и интересите насочени кон оваа земја. На тој тас беше ставено читање на секакви книги, мисли за облекувањето, фалбаџиско истакнување, раскош, суета, гордост, и слично на тоа. О, колку сериозен миг беше тоа! Божјите ангели ги одмеруваат мислите и интересите на оние што за себе кажуваат дека се Божји деца, кои тврдат дека се мртви за светот и дека живеат само за Бога. Тасот на кој беа ставени овоземните мисли, суетата и гордоста нагло се спушти. Тасот на кој беа ставени мислите насочени кон небото нагло се подигна горе со иста брзина со која другиот се спушти; и, леле, колку беше лесен! Можам ова да го пренесам онака како што можев да го видам, но сериозноста и незаборавниот впечаток што таа глетка го остави на мојата душа - додека го посматрав ангелот со вагата како ги мери мислите и интересите на Божјиот народ - никогаш не ќе можам да го опишам. Ангелот рече: „Можат ли ваквите да влезат во небото? Не, не, никогаш! Кажи им дека надежта што сега ја имаат е потполно напразна, и ако со неодложно покајание не го задобијат спасението, тие ќе мора да пропаднат”. {1С 124.2}

Само со обликот на побожноста никој не може да биде спасен. Сите мораат да имаат длабоко и живо верско искуство. Само тоа може да ги спаси во времето на неволја. Тогаш ќе се покаже каков вид материјали биле применети во изградбата на своето

животно дело; ако тие биле злато, сребро и скапоцени камења, тие ќе бидат заштитени како под покривот на Господовиот шатор. Но ако нивното дело се покаже како дрво, сено или слама, ништо не ќе може да ги заштити од силата на гневот на Јехова. {1C 125.1}

Од младите, исто како и од старите, ќе се бара да дадат одговор за својата надеж. Меѓутоа, нивниот ум, кој според Божјата намера треба да се насочи на нешто што е добро и благородно, за што посовршено да му служи на Него, се занимава со минливи бесмислици, наместо со вечните интереси. Умот на младите, кој често пати е препуштен да талка натаму наваму, исто така е во состојба да ја разбере вистината, доказите од Божјото Слово во поглед на саботата и вистинскиот темел на христијанската надеж, како што брзо го забележува надворешниот изглед, манирите на другите, начинот на облекување и слично. Оние што дозволуваат нивниот ум да се занимава со смешни приказни и празни разговори, со тоа ја хранат својата фантазија, но блескавата светлина на Библијата е замрачена за нив. Мислите се одвраќаат од Бога. Интересирањето за Неговото драгоцено Слово е уништено. {1C 125.2}

Дадена ни е една книга да ни послужи како водич низ опасностите на овој мрачен свет на нашиот пат кон небото. Таа ни кажува како можеме да го избегнеме Божјиот гнев, а кажува и за сето она што го поднел Христос поради нас, за Неговата голема жртва со која ни е овозможено спасение и живот на непоминлива среќа во Божјото присуство засекогаш. И ако некои на крајот бидат загубени, откако ја слушнат вистината во оваа земја на светлината, самите ќе бидат виновни за тоа и нема да имаат никаков изговор. Божјото Слово јасно ни кажува како можеме да станеме вистински христијани и да ги избегнеме седумте последни зла. Но таквите не се интересираат да го знаат тоа. Нивните мисли се обземени од нешто сосем друго. Тие ги негуваат своите омилени идоли, а светото Божје Слово го запоставуваат и омаловажуваат. Тие т.н. христијани мислат дека можат да се шегуваат со Бога, но кога Светото Божје Слово ќе им суди во последниот ден ќе се најдат недостојни и лесни. Со тоа Слово, што тие го занемарувале поради било какви несериозни човечки измислици, ќе биде проверуван нивниот живот. Таму се мерилата и вредностите. Нивните побуди, нивните зборови, постапките и начинот на кој го поминуваат своето време - сето тоа ќе се спореди со пишаниот Божји Збор - и ако овде бидат пронајдени дека се лесни, тогаш нивната судбина ќе биде засекогаш одлучена. {1C 125.3}

Видов дека мнозина се споредуваат меѓу себе и својот живот го споредуваат со животот на другите. Тоа не треба да се прави. Никој освен Христос не може во сè да ни биде пример. Тој е нашиот вистински Пример и сите треба да се трудиме што посовесно да се угледаме на Него. Ние соработуваме или со Христос или со непријателот. Мораме целосно да се определиме: или сме христијани со сето срце, или воопшто не сме. Христос кажува: „О, да си студен или врел! Така, бидејќи си млак, не си ниту студен, ниту врел, ќе те изблујам од устата Своја". {1C 126.1}

Покажано ми е дека некои сè уште немаат никаков поим што значи тоа самоодрекување и жртва, и што значи да се страда поради вистината. Меѓутоа, никој нема да влезе во небото, ако не поднел некоја жртва. Духот на самоодрекување и пожртвуваност треба да се негува. Некои не се спремни со целото свое битие да се жртвуваат на Божјиот жртвеник. Тие подлегнуваат на својот избувлив и непостојан темперамент, го задоволуваат својот апетит и себично гледаат само на своите лични интереси, не обрнувајќи внимание на потребите на Божјото дело. Вечниот живот ќе го наследат само оние кои поради тоа се спремни на секоја жртва; за тоа навистина вреди да се страда, да се распне сопственото „јас" и да се жртвува секој идол. Вечната и од сè

попретежна слава на Новата земја надминува сè друго и ги става во сенка сите овоземни задоволства. {1C 126.2}

Број два

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

_____

22. ДВА ПАТИШТА

На конференцијата во Батл Крик, 27 мај, 1856 година, во визија ми се покажани некои подробности што се однесуваат на црквата воопшто. Пред мене поминуваше Божјото величество и слава. Ангелот рече: „Тој е страшен во Својата величественост, но вие не го сфаќате тоа; страшен во Својот гнев, а вие сепак, секој ден Го навредувате. Настојувајте да влезете на тесната врата; зошто е широка вратата и широк патот што води во пропаст, и мнозина одат по него. Но, тесна е вратата и тесен е патот што води во живот, и малкумина се оние што го наоѓаат". Овие патишта се различни, суштински раздвоени, и во потполно спротивна насока. Едниот води во вечен живот, а другиот во вечна смрт. Ја видов разликата меѓу нив, но исто така и разликата помеѓу патниците што се движат по тие патишта. Спротивноста меѓу тие патишта е голема: едниот е широк и рамен, другиот е тесен и мошне нерамен. Патниците што се движат по тие патишта суштински се разликуваат во карактерот, во животот, во начинот на облекување и во разговорите. {1C 127.1}

Оние што одат по тесниот пат зборуваат за радоста, среќата и блаженството што ги очекува на крајот од нивното патување. Лицата често им се невесели, но често и засветлуваат со света, духовна радост. Не се облекуваат како оние на широкиот пат, не зборуваат како нив, ниту се воопшто слични на нив во постапките. Тие имаат свој пример. Овој пат пред нив го отворил Човекот на тагата, запознаен со болката, зошто по тој пат и Самиот поминал. Неговите следбеници ги гледаат трагите на Неговите стапала, и тоа ги охрабрува и развеселува. Тој поминал безбедно по тој пат; исто така, можат да поминат и тие, ако внимателно одат по Неговите траги. {1C 127.2}

Патниците на широкиот пат се обземени со себе, со својот личен изглед, начинот на облекување и со разни задоволства што им се овозможуваат на патот. Тие без никакви ограничувања се оддаваат на задоволства, веселба и уживање, а на крајот на своето патување и неизбежната пропаст што тогаш ги очекува, воопшто не ни помислуваат. Тие секој ден, сè повеќе се приближуваат до својата пропаст, но пак неразумно се движат се побрзо и побрзо. О, колку страшно беше да го гледам тоа! {1C 128.1}

На тој широк пат видов и мнозина што на себе ги имаа испишано зборовите: „Мртви за светот. Крајот на сè се приближува. Подгответе се и вие". Изгледаа како и сите останати фалбаџии околу нив, освен што имаа една сенка на тага што можев да ја забележам на нивното лице. И во разговорот, исто така, не се разликуваа од мноштвото распуштени и непромислени што ги окружуваа; но понекогаш со големо задоволство укажуваа на зборовите напишани на нивната облека, повикувајќи ги и другите да им се придружат во тоа. Иако се наоѓаа на широкиот пат, тие тврдеа дека им припаѓаат на

оние што одат по тесниот пат. Меѓутоа, оние што беа околу нив велеа: „Меѓу нас и вас нема никаква разлика. Во начинот на облекување, во разговорите, во постапките, во се сме исти". {1C 128.2}

Потоа моето внимание беше насочено кон минатото, на годините 1843 и 1844. Тогаш постоеше дух на пожртвуваност, а денес веќе го нема тоа. Што се случува со т.н. својствен Божји народ? Видов дека има големо прилагодување на светот, неспремност да се поднесуваат тешкотии поради вистината и голем недостаток на потчинување на Божјата волја. Потоа повторно ми е укажано на Израеловите синови по нивното излегување од Египет. Бог во Својата милост ги избавил од Египтјаните за да можат да Го слават, служејќи Му без никакви пречки и ограничувања. Во своето залагање за нив Тој направил многу чуда, повеќе пати ги доведувал во тешка и мачна положба за да ја испита нивната вера. Меѓутоа, и после толку избавувања и толку чудесното Божје постапување со нив, кога би наишле на некој нов испит или проверка, тие мрмореле велејќи: „Подобро да изгинавме од раката Господова во земјата Египетска". Копнееле за лук и кромид што таму ги имало во изобилство. {1C 128.3}

Покажано ми е како мнозина што тврдат дека веруваат во вистината за овие последни денови се чудат што Израеловите синови мрмореле на своето патување, и сметаат дека било многу неблагодарно од нивна страна што толку брзо го заборавале сето она што Бог во Своето чудесно постапување го направил за нив. Ангелот кажа: „Вие правите уште полошо од нив". Видов дека Бог им ја дал вистината на Своите слуги толку чиста и јасна што никој не може да ѝ се спротивстави. Во секој судир вистината задобиваше сигурна победа. Непријателите не можат да ја заобиколат ниту да ја побијат со нешто убедувачката сила на вистината. Светлината блеска толку јасно што Божјите слуги можат да застанат било каде препуштајќи ѝ на вистината, јасно поврзана, самата да извојува победа. Овој голем благослов не се цени како што треба, па дури и не е согледан. Ако ненадејно се појави некоја неволја, мнозина почнуваат да се свртуваат назад, плашејќи се дека настапиле тешки времиња. Некои од т.н. Божји слуги всушност и не знаат што значи чистење во огнот на неволјите. Тие понекогаш самите си создаваат неволји, често и вообразени; лесно се обесхрабруваат и навредуваат; и во чувството на повредено самољубие брзи се да им наштетат и на себе и на другите, а посебно на Божјото дело. Сатаната им ги прикажува нивните неволји многу поголеми отколку се и постојано им предочува мисли дека, доколку попуштат во своите лични ставови, ќе го уништат своето влијание и својата корисност. {1C 129.1}

Некои паднаа во искушение да се откажат од секаква работа и не сакаат да работат со своите раце. Видов дека таквите ќе спознаат што е вистинска неволја кога Бог ќе дозволи да им се заканат болест и смрт. Страшно е да се мрмори против Бога. Тие би требало да имаат на ум дека патот по кој тргнале е пат на самоодрекување и самопожртвуваност, и не смеат да очекуваат во сè да поминат толку лесно како да се наоѓаат на широкиот пат. {1C 129.2}

Видов дека некои од Божјите слуги, дури и проповедници, многу лесно се обесхрабруваат, нивното сопствено „јас" толку брзо реагира што се чувствуваат запоставени и навредени и тогаш кога тоа не е случај. Тие мислат дека нивната судбина е посебно тешка. Таквите не сфаќаат како би се чувствувале кога Божјата рака, која постојано ги штити, би се повлекла од нив и кога би морале да поминуваат низ вистински душевни страдања. Тогаш би виделе дека нивната судбина е десет пати потешка од порано, додека, работејќи во Божјото дело, поднесувале неволји и сиромаштво, но го чувствувале Божјото одобрување. Некои што работат во Божјото

дело не се ни свесни колку им е лесен животот. Додека толку удобно го поминуваат своето време, додека се потполно слободни од душевни страдања благодарение на Божјата милост, тие толку малку знаат што значи одрекување и што значи да се поднесува товар за душите, а мислат дека нивните неволји се големи. Видов дека таквите, ако не покажат дух на самопожртвуваност и спремност сесрдно да работат, не штедејќи се себеси, Бог ќе ги отпушти од Својата служба. Тој нема да ги признае како Свои самопожртвувани слуги, туку ќе ги повика оние што ќе бидат подготвени да работат, не мрзеливо, туку најсесрдно и кои ќе знаат кога е време за пријатен живот. Божјите слуги мора да чувствуваат товар за душите, и плачејќи помеѓу тремот и жртвеникот, да бараат во молитва: „Прости му Господе на Својот народ!” {1C 129.3}

Некои од Божјите слуги го дадоа својот живот да се троши и истроши во Божјото дело, сè додека нивниот организам не премале, потполно истоштен од умствените напори, непрекинатата грижа и постојаното одрекување. Другите не беа подготвени да го поделат со нив нивниот товар. А токму таквите мислат дека имаат тежок живот затоа што никогаш и не почувствувале вистински неволји и тешкотии. Тие никогаш не зеле учество во Христовите страдања ниту некогаш ќе се крстат со тоа крштавање додека покажуваат толку мала духовна сила, а толку слабост и љубов кон личната удобност. Според она што Бог ми го покажа, меѓу проповедниците треба да се изврши такво пречистување, за сите оние што се мрзливи, што се колебаат и што се грижат само за себе да бидат отстранети, а во црквата да останат само оние што се чисти, верни и самопожртвувани луѓе што нема да мислат на својата удобност, туку верно ќе служат во Словото и науката, спремни да поднесуваат сè поради Христа, спасувајќи ги оние за кои Тој го дал Својот живот. Од Божјите слуги не се бара повеќе од тоа да чувствуваат како апостолот кога кажал: „Тешко мене, ако не го проповедам евангелието;” но сите не чувствуваат така. {1C 130.1}

---

23. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА СВЕТОТ

Видов дека некои што тврдат дека ја празнуваат саботата постојано се прилагодуваат на светот. О, видов дека со тоа ја изложуваат на потсмев верата што ја исповедаат, а со тоа се срамоти и Божјото дело. Тие лажно ја прикажуваат својата вера. Додека мислат дека не се како светот, тие се повеќе е се прилагодуваат на него, во разговорите и постапките, така што веќе како да нема никаква разлика. Видов како го украсуваат своето јадно смртно тело кое, допрено од Божјиот прст, секој миг може да легне во болничка постела. И тогаш, кога ќе се приближат до своите последни моменти од животот, смртен страв го потресува целото нивно битие и се поставува големото прашање: „Дали сум подготвен да умрам? Дали сум подготвен да излезам на судот пред Бога и да издржам на големиот испит?” Тогаш прашајте ги што мислат за украсувањето на своето тело; и ако имаат било каква претстава за тоа што значи да се биде подготвен да се излезе пред Бога тие ќе кажат дека - кога уште еднаш би можеле да се вратат во својата младост - ќе го поправат својот живот, избегнувајќи ги лудостите на овој свет, неговата суета и гордост и, украсувајќи го своето тело со пристојна облека, ќе им дадат подобар пример на сите околу себе. Тие би живееле на Божја слава. {1C 131.1}

Зошто е толку тешко да се живее скромно, со живот на самоодрекување? Затоа што т.н. христијани не се мртви за светот. Лесно е да се живее христијански живот кога сме мртви за светот. Но мнозина се оние што копнеат по египетскиот лук и кромид. Тие сакаат во облекувањето и постапките што повеќе да се прилагодат на светот, а сепак да стигнат до небото. Таквите се обидуваат на небото да се искачат по некој друг пат. Тие ја избегнуваат тесната врата и тесниот пат. {1C 131.2}

Прикажана ми е групата присутна на конференцијата. Ангелот рече: „Некои од нив ќе бидат храна на црвите, (Сестра Клариса М. Бонфои, која заспа во Исуса само три дена откако беше дадена оваа визија, беше присутна со вообичаеното здравје, и беше длабоко импресионирана дека таа е онаа која ќе влезе во гроб и ги искажа своите убедувања на другите) некои ќе бидат погодени од седумте последни зла, а некои ќе бидат живи и ќе останат на земјата за да бидат преобразени при Христовото доаѓање". {1C 131.3}

Беа тоа свечени и сериозни зборови што ги изговори ангелот. Го запрашав ангелот зошто се толку малку оние што се интересираат за своето вечно добро и кои се спремни да заминат од овој свет. Тој кажа: „Земјата ги привлекува. Нејзините богатства им се причинуваат како вредни за внимание". Нивниот ум е толку обземен од тоа, што немаат време да се подготвуваат за небото. Сатаната е спремен да ги турка сè подлабоко во тешкотиите што постојат околу нив; и штом ќе забораваат некоја неволја или несреќа, тој им подметнува несвети желби за зголемување на богатството; така времето минува и кога ќе биде предоцна тие ќе увидат дека во суштина не постигнале ништо. Се бореле да фатат нереални сенки и така го загубиле вечниот живот. Таквите нема да имаат изговор. {1C 132.1}

Мнозина се облекуваат како светот за да имаат поголемо влијание. Но тоа е жална и судбоносна заблуда. Ако навистина сакаат да вршат вистинско и спасоносно влијание, нека живеат доследно на верата што ја исповедаат, својата вера нека ја потврдат со добри дела и со суштинска разлика што треба да се види меѓу христијаните и останатиот свет. Видов дека зборовите, начинот на облекување и постапките на секој христијанин треба да сведочат за Бога. Тогаш тие ќе шират свето влијание на сите што ги опкружуваат, и сите ќе знаат дека тие биле со Исус. Неверниците ќе видат дека вистината што ние ја исповедаме има свето и возвишено влијание и дека верата во Христовото доаѓање го облагородува карактерот на мажите и жените. Ако некој сака со своето влијание да зборува во корист на вистината, тогаш живеејќи во склад со вистината, нека го прикажува Оној кој е Пример на скромноста. {1C 132.2}

Покажано ми е дека Бог ја мрази гордоста, и сите горди и безбожни ќе бидат како слама што ќе ја изгори денот што доаѓа. Видов дека пораката на третиот ангел мора да делува како квасец во срцата на многу кои тврдат дека веруваат во неа, чистејќи ги од гордоста, себичноста, лакомството и љубовта кон светот. {1C 132.3}

Христос доаѓа; и зар припадниците на Својот народ да ги затекне така прилагодени на светот? Зар Тој ќе ги признае таквите за Свои следбеници кои треба да се чисти како што е и Тој чист? О, не! Тој за Свои ќе ги признае само оние што навистина ќе бидат чисти и свети, кои облеката на својот карактер ќе ја очистат и избелат во процесот на страдањата, држејќи се до крајот одвоени и неосквернети од светот. {1C 133.1}

Кога ми е покажан страшниот факт дека Божјиот народ се прилагодува на светот, дека помеѓу многу т.н. ученици на скромниот и кроток Исус и неверниците - освен по името нема никаква разлика, мојата душа беше обземена од длабока болка. Видов дека со тоа Исус повторно е ранет и дека е изложен на јавен срам. Гледајќи со болка како т.н.

припадници на Божјиот народ го сакаат светот, покажуваат светски дух и ги прифаќаат навиките на неверниците, ангелот кажа: „Одвојте се! Одвојте се, за да не ви биде одреден дел заедно со лицемерите и неверниците, надвор од градот. Вашето исповедање на верата ќе направи вашето мачење да биде уште потешко, и вашата казна ќе биде уште потешка затоа што сте ја знаеле Неговата волја, а не сте ја извршувале". {1C 133.2}

Оние што тврдат дека веруваат во пораката на третиот ангел често му нанесуваат штета на Божјото дело со својата лекомисленост, шеги и несериозност. Видов дека ова зло сè повеќе ги проникнува нашите редови. Би требало да се види многу повеќе понизност пред Господ; припадниците на Божјиот Израел треба да ги раскинат своите срца, а не својата облека. Ретко може да се види детска едноставност; повеќе се мисли на одобрувањето на луѓето, отколку на Божјото неодобрување. Ангелот кажа: „Средете го својот живот пред Бога, и направете го тоа од срце, додека слабата нишка на животот не се прекине, за Тој да не мора да ве посети со Своите казни и да не заминете во гробот неподготвени за конечниот суд. Зошто ако не се подготвите за заминување од овој свет, помирувајќи се со Бога и раскинувајќи ја својата поврзаност со светот, срцето ќе ви стврдне уште повеќе и вие ќе се потпирате на лажен потпирач, само на едно привидно подготвување за Неговиот суд. Својата заблуда ќе ја согледате дури кога ќе биде предоцна за било каква надеж". {1C 133.3}

Видов дека оние што тврдат дека ја празнуваат саботата цели часови, кои се повеќе од загубени, поминуваат во проучување на оваа или онаа мода за да го украсуваат своето бедно смртно тело. Додека така се украсувате за да бидете послични со светот, имајте на ум дека истото тоа тело може за неколку дена да стане храна на црвите. И додека така се китите за да го задоволите својот вкус и да им угодите на очите, вашата духовност умира. Бог ја мрази вашата суетна и безбожна гордост, и ве гледа како варосан гроб полн со изопаченост и нечистотија. {1C 134.1}

Мајките им даваат пример на горделивост на своите деца, и правејќи така, тие сеат семе што ќе никне и неизбежно ќ е донесе свој плод. Тоа што го сеат, тоа и ќе го пожнеат. Сигурно е дека жетвата нема да изостане. Родители, јас знам, бидејќи тоа ми е јасно покажано, дека децата полесно се навикнуваат на гордост отколку на скромност. Додека вие со зборови и постапки своите деца ги поттикнувате на гордост во облекувањето храбрејќи ги со тоа да се дружат со несветите, сатаната и неговите ангели ви стојат од десната страна и секој таков збор или постапка го прават да биде што поделотворен. О, родители, со тоа вие во своите пазуви садите трње што често мошне болно ќе ве повредува. И кога ќе сакате да ги искорените тие грди навики што самите сте ги засадиле во душата на своите деца, ќе се уверите колку тешко е тоа. Ќе видите дека не сте во можност тоа самите да го направите. Вие можете да ги лишите од нешто со што тие ја задоволуваат својата гордост, но таа сè уште останува да живее во нивното срце, барајќи да биде задоволена; и ништо не може да ја задуши и да ја искорени од душата освен моќната сила на Божјиот Дух. Кога Тој ќ е го најде патот до срцето, Тој ќе делува на него како квасец и ќе ја искорени. {1C 134.2}

Видов дека и младите и постарите ја занемаруваат Библијата. Тие не ја проучуваат оваа книга и не ја земаат да биде правило во нивниот живот како што треба да биде. Во виновноста за таа кобна немарност посебно се истакнуваат младите. Повеќето од нив се подготвени да прочитат секоја друга книга и секогаш имаат време за тоа. Но Божјото Слово кое укажува на вечниот живот не го читаат и не го проучуваат. Таа драгоцена и значајна книга која ќе им суди во последниот ден, ретко ја земаат во своите раце.

Внимателно се читаат безвредни измислици, додека Библијата потполно се занемарува. Доаѓа ден кога ќе има облаци и темнина, кога сите ќе сакаат да бидат потполно запознаени со јасните и едноставни вистини на Божјото Слово, за да можат во кротост, но и одлучно да ги наведат причините за својата надеж. Тие причини за својата надеж тие мораат да ги имаат за да ја засилат својата душа за жестокиот судир. Без тоа тие се наоѓаат во голема духовна сиромаштија и не можат да имаат ниту цврстина ниту одлучност. {1C 134.3}

Родителите би направиле добро дело кога сите романи и измислици што се внесуваат во нивната куќа би ги запалиле уште истиот ден. Тоа би била вистинска благодат за нивните деца. Да се охрабруваат децата да ги читаат таквите книги личи на маѓепсување. Тоа го заведува и го труе нивниот ум. Родители, видов дека со својата немарност неизбежно ќе ги загубите своите деца ако не се пробудите во поглед на нивните вечни интереси. А можноста ваквите неверни родители да се спасат е многу мала. Родителите навистина треба да бидат примерни христијани. Тие треба да шират свето влијание во своето семејство. Во начинот на облекување тие треба да бидат скромни и умерени, разликувајќи се во тоа од светот што ги опкружува. Доколку ги ценат вечните интереси на своите деца, тие во нив никогаш нема да поттикнуваат гордост ниту со збор ниту со дело, туку тоа зло совесно ќе го укоруваат. О, колку голема гордост ми беше покажана меѓу т.н. Божји народ! Таа од година во година толку растела, што денес е тешко да се направи разлика меѓу т.н. адвентист и световните луѓе што го опкружуваат. Покажано ми е дека таквата гордост мора да се искорени од нашите семејства. {1C 135.1}

Многу се троши на украсни ленти и тантели за женски шешири, за јаки и други непотребни подробности за украсување на телото, додека Христос, Царот на славата, кој го дал Својот живот за да нè откупи, носел круна од трње. Така било украсено светото чело на нашиот Учител. Тој беше „страдалник, навикнат на маки и страдања". „Тој беше ранет за нашите престапи, биен за нашите беззаконија, казната падна на Него поради нашиот мир, и со раната Негова ние се исцеливме". А сепак, токму оние што тврдат дека се испрани со крвта на Христос што за нив е пролеана, го китат и украсуваат своето јадно смртно тело, и дрско тврдат дека се следбеници на Тој свет и скромен Учител, полн со самоодрекување. О, кога сите би можеле да го видат тоа онака како Бог гледа на тоа и како што на мене ми беше покажано! Ми се чинеше дека не можам да го издржам чувството на душевна болка што ја почувствував кога тоа ми беше покажано. Ангелот рече: „Припадниците на Божјиот народ се посебен народ; од таквите Бог очекува да бидат чисти како што е и Тој чист". Видов дека надворешниот изглед е всушност показател на она што е во срцето. Кога надворешноста е накитена со ленти, јаки и други непотребни украси, тоа јасно покажува дека љубовта кон сето тоа се наоѓа во срцето. Ако таквите не се исчистат од својата изопаченост никогаш нема да го видат Бога, бидејќи Него ќе го видат само оние што се со чисто срце. {1C 135.2}

Покажано ми е дека секирата треба да се постави на коренот на дрвото. Таквата гордост не смее да се поднесува во црквата. Тоа ги одвојува припадниците на Божјиот народ од Бога, а Неговиот ковчег постојано ќе биде далеку од нив. Гордоста, модата и прилагодувањето на светот смртно ги заспива припадниците на современиот Израел. Тие секој месец сè повеќе се предаваат на гордост, лакомство, себичност и љубов кон светот. Кога нивните срца ќе бидат трогнати со вистината, тие ќе умрат за светот, и така ќ е ги отфрлат украсните ленти, тантелите и јаките, а кога ќе бидат мртви за сето тоа, потсмевањето, подбивањето и презирот од страна на неверниците нема да ги поколеба.

Тие ќе чувствуваат сесрдна желба, слично на својот Учител, да бидат потполно одвоени од светот, и нема да ја имитираат светската гордост, мода и обичаи. Пред очите секогаш ќ е им биде благородната цел да Го прославаат Бога и да го задобијат бесмртното наследство. Копнеејќи само за тоа, тие ќе отфрлат сè што е од овоземна природа. Бог сака да има посебен народ кој потполно се разликува од светот. И штом некои ќе почнат да ја остваруваат својата желба да ја имитираат модата на овој свет и не се подготвени без одложување да се потчинат на Бога, Тој ќе престане да ги признава за Свои деца. Тие се деца на овој свет и деца на темнината. Тие копнеат по лукот и кромидот во Египет - сакаат да бидат што послични на светот. Правејќи така, оние што тврдат дека се накалемиле на Христа, всушност Го отфрлуваат, и покажуваат дека се туѓинци за милостивиот, кроток и благ Исус. Кога би се запознале со Него, би живееле така како што и Тој живеел. {1C 136.1}

---

24. СОПРУГИ НА ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Покажано ми е дека некои проповеднички сопруги не им помагаат во ништо на своите мажи, иако тврдат дека веруваат во пораката на третиот ангел. Наместо да ја проучуваат Божјата волја и со сесрдни молитви и доследен христијански живот да ги држат рацете на своите мажи, тие мислат само на остварувањето на сопствените желби и задоволства. Видов дека некои од нив се толку самоволни и себични што сатаната ги претвора во свои орудија, и преку нив го уништува влијанието и корисноста на нивните мажи. Тие ниту малку не се воздржуваат од јавно негодување; се жалат и мрморат ако се најдат во некоја тешкотија. Тие ги забораваат маките и страдањата што христијаните некогаш порано ги поднесувале поради вистината и, мислејќи дека нивните желби мора да бидат остварени, упорно продолжуваат по својот пат. Забораваат на страдањата на својот Учител, Кој како Човек на болката, свикнат на страдањата, немал каде да ја засолни Својата глава. Не им доаѓа на ум да се сетат на тоа свето чело рането со трнов венец. Забораваат на Оној, кој носејќи го крстот на Голгота онесвестен паднал под неговиот товар. Тоа не бил само товарот на дрвениот крст, туку товарот на гревот на целиот свет. Тие ги забораваат страшните клинови со кои толку свирепо биле прободени Неговите нежни раце и нозе и Неговиот претсмртен извик: „Боже мој, Боже мој, зошто ме напушти?" И покрај сето тоа што Христос го поднел поради нивното спасение, тие се чувствуваат потполно неподготвени да претрпат нешто за Него. {1C 137.1}

Видов дека тие жени се страшно измамени. Тие не земаат никакво учество во Божјото дело. Зборуваат дека се во вистината, но вистината не е во нив. Кога вистината, таа света и толку значајна вистина, навистина би била во нив, сопственото „јас" би умрело и тие нема да зборуваат: „Јас сакам да одам таму, не сакам да останам овде," туку искрено би го поставиле прашањето: „Каде сака Бог да бидеме? Каде ќе можеме најдобро да го прославиме и со својата заедничка работа да направиме најмногу добра?" Нивната волја треба потполно да ја снема во потчинувањето на Божјата волја. Самоволието и недостатокот на посветеност што многу проповеднички сопруги толку често ги покажуваат, претставуваат сериозни препреки на патот на грешниците и на нивната облека ќе се најде крвта на тие души. Некои проповедници изнесуваат силно сведоштво во поглед на должностите и грешките во црквата, но тоа не доведува до

саканите резултати, зашто сето тоа, така недвосмислено, треба најнапред да им се каже на нивните сопруги; така изнесените укори во најголема мера се однесуваат на самите проповедници што ги изнеле. Тие им дозволуваат на сопругите негативно да влијаат на нив, наведувајќи ги да негуваат предрасуди, со што се поткопува нивното влијание и нивната корисност. Тие стануваат малодушни и обесхрабрени, а не го гледаат вистинскиот извор на настанатите тешкотии. Изворот е, меѓутоа, во самата нивна куќа. {1C 138.1}

Овие сестри се тесно поврзани со Божјото дело бидејќи нивните мажи се повикани да ја проповедаат сегашната вистина. Овие проповедници, ако се навистина повикани од Бога, ќе го сфатат значењето на вистината што ја проповедаат. Тие стојат помеѓу живите и мртвите, и мораат будно да бдеат над душите како оние што ќе мораат за тоа да положат сметка. Нивниот повик е многу одговорен, а нивните сопруги можат да им бидат од голем благослов или, пак, на големо проклетство. Тие можат да им го вратат расположението кога се малодушни, да им дадат утеха во потиштеноста и да ги охрабрат со потполна доверба да се потпрат на Бога кога нивната вера ќе попушти. Но тие можат да делуваат и сосема спротивно, ако гледаат само на темната страна, ако мислат и зборуваат само за тешкотиите, немаат вера во Бога, своите мажи ги преоптоваруваат со своите лични проблеми и неверување, ако постојано се жалат и мрморат, и така стануваат тежок товар па дури и вистинско проклетство за нив. {1C 138.2}

Видов дека сопругите на проповедниците треба да им помагаат на своите мажи во нивната работа и строго да водат сметка за тоа какво е нивното влијание, бидејќи будно се гледа на нив и од нив се очекува многу повеќе отколку од другите. Со својот начин на облекување, со христијанскиот живот и разговори тие треба да бидат пример - мирис за живот, а не за смрт. Тие треба да бидат кротки и скромни и предметите на нивните разговори треба да бидат возвишени, така што мислите на своите соговорници секогаш ќе ги насочуваат на тоа што е небесно. Најважното прашање секогаш треба да им биде: „Како можам да ја спасам својата душа и да бидам средство за спасение на другите?” Видов дека нецелосното залагање во тој поглед е потполно неприфатливо за Бога. Тој го сака целото срце и сесрдна заинтересираност, или ништо. Со своето влијание тие одлучно и недвосмислено сведочат во корист на вистината, или против неа. Тие или собираат со Христос, или растураат. Непосветената сопруга претставува најголемо проклетство за еден проповедник. Оние Божји слуги што ја имале или сè уште ја имаат таа несреќна ситуација во нивниот дом, да владее тоа погубно влијание, треба да ги дуплираат своите молитви и својата будност, одлучно и цврсто да се спротивстават на таа сила на темнината. Тие треба уште поцврсто да се фатат за Божјата сила, одлучно да управуваат со својот дом, живеејќи така што ќе го имаат Божјото одобрување и заштитата на Неговите ангели. Но, ако продолжат да попуштаат на желбите на своите непосветени сопатнички, нивното престојувалиште ќе му биде одвратно на Господ. Во таквиот дом не може да остане Божјиот ковчег, зашто проповедниците со своето попуштање всушност ги поддржуваат своите сопруги во нивните погрешни ставови. {1C 139.1}

Нашиот Бог е Бог ревнител. Со него не можеме да се шегуваме. Страшна е и самата мисла да се направи тоа. Кога Ахан во старо време, посакувајќи го во својата лакомост тоа што не е дозволено, зел шипка од злато и вавилонска наметка, сите Израелци поразени морале да бегаат пред своите непријатели. И кога Исус Навин прашал за причината, Господ му кажал: „Стани, посвети го народот и кажи: посветете се за утре,

зошто вака вели Господ Бог Израелов: проклетството е меѓу тебе Израеле; нема да можеш да стоиш пред своите непријатели додека не го отстраните проклетството што е меѓу вас". Поради гревот на Ахан проклетството паднало на целиот народ, и Господ го уништил и него и сѐ што било негово за да го отстрани проклетството од Израелот. {1C 140.1}

Покажано ми е дека и денешниот Божји Израел мора да стане и, со обновување и држење на својот завет со Него, да ја обнови својата сила во Бога. Лакомоста, себичноста, сребролубието и љубовта кон светот сѐ повеќе земаат замав во редовите на оние што ја почитуваат саботата. Овие зла го уништуваат духот на пожртвуваност во Божјиот народ. Оние што негуваат такви желби во своето срце не се ниту свесни за тоа. Тие гревови незабележливо завладеале со нивното срце, и доколку не ги искоренат, нивната пропаст ќе биде неизбежна како што тоа било случај и со Ахан. Мнозина се оние што ја крадат жртвата од самиот Божји жртвеник. На нив им е светот во срцето, како и стекнувањето на заработка и зголемувањето на овоземното богатство; доколку во потполност не се променат, ќе пропаднат заедно со светот. Средствата со кои располагаат Бог им ги доверил на чување; тоа не е нивна сопственост, туку Тој ги направил само Свои повереници. А тие тоа го нарекуваат своја сопственост и се трудат што повеќе да ги зголемат. Меѓутоа, колку брзо - кога тој ќе ја повлече Својата заштитничка рака - сето тоа може да се развее во еден момент! Би требало да се види многу повеќе пожртвуваност за Бога, многу повеќе самоодрекување поради вистината. О, колку е човекот слаб и непостојан! Колку е слаба неговата сила! Покажано ми е дека наскоро ќе ја снема секоја човечка големина, а човечката гордост ќе биде понижена. Цареви и владетели, богати и сиромашни, на ист начин ќе бидат понижени и уништени кога Божјите казни, во времето на седумте зла, ќе се срушат на нив. {1C 140.2}

Број три

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

25. БИДИ РЕВЕН И ПОКАЈ СЕ

Драги браќа и сестри, Господ во визија ми покажа некои подробности во поглед на црквата во нејзината сегашна млака состојба, и тоа сакам да ви го пренесам. Во визија ми е покажано како ангелот ѝ зборува на црквата: „Биди ревна и покај се". Со таа задача, според она што ми е покажано, мораме најсесрдно да се зафатиме. Има нешто поради што треба да се каеме. Наклоноста кон светот, себичноста и лакомоста ја уништуваат духовноста и самиот живот на Божјиот народ. {1C 141.1}

Љубовта кон светот веќе со години претставува посебна опасност за припадниците на Божјиот народ. Себичноста и лакомоста се гревови кои произлегуваат токму од тоа. Колку повеќе стекнат на овој свет, дотолку нивната љубов кон светот е поголема, а и нивното настојување да стекнат уште повеќе. Ангелот кажа: „Полесно ѝ е на камила да помине низ иглени уши отколку на богатиот да влезе во Божјото царство". А сепак, мнозина од оние што на збор веруваат дека ние ја објавуваме последната опомена на

светот, со сите свои сили се трудат да се стават во таква положба: навистина да им биде потешко да влезат во Божјото царство отколку на камилата да помине низ игленине уши. {1C 141.2}

Кога правилно ќе се употреби, овоземното богатство може да биде од голем благослов. Оние што имаат богатство треба да сфатат дека Бог им го дал, а своите средства треба грижливо да ги вложуваат во ширењето на Неговото дело. Наградата на таквите нема да биде никаква загуба ниту овде. Божјите ангели со љубов гледаат на нив, а со самото тоа тие собираат за себе богатство на небото. {1C 141.3}

Видов колку будно сатаната ги забележува цртите на себичност и лакомост кај некои што ја исповедаат вистината, а потоа ги искушува опсипувајќи го со благосостојба нивниот животен пат и нудејќи им овоземни богатства. Тој добро знае дека тие, доколку не ги победат своите природни склоности, неизбежно ќе се сопнат и ќе паднат служејќи му на мамонот - на својот омилен идол. На тој начин тој често ја остварува својата цел. Силната љубов кон светот ја надвладува и просто ја проголтува љубовта кон вистината. Царството на овој свет им се нуди на таквите верници и тие грчевито се фаќаат за своето богатство мислејќи дека тоа е чудесен успех. Сатаната ликува, бидејќи успеал во својата намера. Поради љубовта кон овој свет, тие се одрекуваат од љубовта кон Бога. {1C 142.1}

Видов дека и оние што се толку имотни можат да ги спречат намерите на сатаната, ако ја совладаат својата себичност и лакомост и сето она што го имаат ако го стават на Божјиот жртвеник. И кога ќе видат каде се неопходни средства за ширење на вистината и за помош на вдовици, сирачиња и болни, тие треба од срце да даваат, вложувајќи на тој начин во небесната ризница. {1C 142.2}

Да го послушаме советот на Верниот Сведок. Да купиме злато пречистено во оган за да се збогатиме, бела облека за да се облечеме и очна маст за подобро да гледаме. Треба да вложиме напори за тоа. Овие драгоцени предимства нема самите да ни се наметнат без никакво наше учество. Со прифаќање на советот: „Биди ревен и покај се,” мораме да се ослободиме од својата млакост. Мораме да се пробудиме, да видиме во што грешиме, и со најсердно покајание да ги отфрлиме своите гревови. {1C 142.3}

Покажано ми е дека браќата што поседуваат имоти мораат да вложат посебен труд за да ги раскинат врските со своето земно богатство и да ја совладаат својата љубов кон светот. Мнозина од нив го сакаат овој свет и земното богатство, но не сакаат да го согледаат тоа. Тие мораат да бидат поревни и да се покајат од својата себичност и лакомост, за да можат со љубовта кон вистината да совладаат сѐ друго. Видов дека мнозина од оние што се богати пропуштаат да купат злато пречистено во оган, бела облека и маст за очи. Нивната ревност и сесрдност не се соодветни со значењето и вредноста на целта што ја поставиле пред себе. {1C 142.4}

Ги видов тие луѓе како ги вложуваат сите свои сили и се борат за земни богатства и имот. Каква ревност, сесрдност и енергија вложуваат за да стекнат земни вредности од кои наскоро ќе мора да се разделат! Колку е погрешна и ништожна проценката по која се раководат! Тие планираат и се мачат од утро до мрак, жртвувајќи ја својата сила и удобност за да стекнат земно богатство. Вложувањето на таква ревност за златото прочистено во оган, за белата облека и маста за очи, би им донело далеку повредно богатство и вечен живот во Божјото царство. Видов дека маста за очи им е најпотребна на оние што имаат земни богатства. Мнозина од нив се слепи за својата состојба, за својата потполна приврзаност за овој свет. О, кога би можеле да прогледаат и да го согледаат тоа! {1C 143.1}

„Ете, стојам на вратата," кажува Христос, „и тропам. Ако некој го слушне Мојот глас и ја отвори вратата ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене". Видов дека мнозина насобрале толку нечистотија на вратата на своето срце така што таа врата воопшто и не може да се отвори. Некои мораат да ги отстранат потешкотиите што постојат меѓу нив и нивните браќа. Други пак, треба да ги напуштат злите наклоности, себичноста и лакомоста за да можат да ја отворат вратата. Има и такви на чија врата е насобран светот што го спречува секој приод до срцето. Сета таа нечистотија мора да се отстрани за тие да можат да ја отворат вратата на Спасителот и да го примат со добредојде. О, колку е, според она што ми беше покажано во визијата, драгоцено ветувањето: „Ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене"! О, колку чудесна Божја љубов! Покрај сета наша млакост и гревови Тој сепак кажува: „Вратете се кај Мене, и Јас ќе се вратам кај вас, и ќе ве исцелам од сето отпадништво и од сите гревови ваши". „Вратете се кај Мене, и јас ќе се вратам кај вас, и ќе ве исцелам од сето отпадништво и од сите гревови ваши". Овие зборови ангелот ги повтори неколку пати. {1C 143.2}

Некои со задоволство се подготвени да се вратат. Други не дозволуваат пораката упатена до лаодикејската црква да има било какво влијание на нив. Тие подеднакво продолжуваат да паѓаат сè подлабоко и ќе бидат изблуени од Господовата уста. Божја благонаклоност ќе имаат само оние што искрено ќе се покајат. {1C 144.1}

„На оној што ќе победи, ќе му дадам да седне на престолот Мој заедно со Мене, како и Јас што победив и седнав со Својот Татко на Неговиот престол". Ние навистина можеме да победиме. Да, потполно. Во сè можеме да победиме. Исус умрел за да го отвори патот пред нас, овозможувајќи ни да ја победиме секоја наклоност кон зло, секој грев, секое искушение и на крајот да седиме на престолот заедно со Него. {1C 144.2}

Да се има вера и да се наследи спасението е предност на секого од нас. Божјата сила не е намалена. Видов дека тој со задоволство би ја покажал Својата моќ, како што тоа го правел во минатото. На припадниците на Божјата црква им недостасува сила со вера и молитва да се борат со Бога како Јаков, кога тој се молел: „Нема да Те пуштам додека не ме благословиш". Постојаноста и истрајноста во верата постојано изумира. Таквата вера мора да оживее во срцето на Божјиот народ. Божји благослов мора да се бара со сесрдна молитва. Верата, живата вера, секогаш ја воздигнува душата кон Бога и Неговата слава, а неверувањето го соборува духот во темнина и смрт. {1C 144.3}

Видов дека мислите на некои во црквата не се насочени во добар правец. Има чудаци кои за сè имаат свои посебни мерила и мислења според кои судат за своите браќа. И ако некој не се сложува со нив во секоја подробност, тие веднаш внесуваат немир и создаваат тешкотии во црквата. Таквите го цедат комарецот, а ја голтаат камилата. {1C 144.4}

На таквите често им се дозволува и предолго им се попушта. Упорно се навраќа на занемарливи ситници. И кога нема вистински тешкотии во црквата, неволјите вештачки се создаваат. На тој начин мислите на членовите и Божјите слуги се одвраќаат од Бога, вистината и небото за да се задржуваат на безвредните дела на темнината. Сатаната ужива во таквите расправии; тоа е за него вистинска гозба. Меѓутоа, тоа не се неволји со кои црквата се чисти и кои имаат за цел да ја зголемат силата на Божјиот народ. {1C 144.5}

Видов како некои духовно заостануваат. Тие долго време будно внимавале дали нивните браќа се исправни во сè. Ја забележуваа секоја нивна грешка за подоцна тоа да им го префрлаат. Меѓутоа, додека се занимавале со тоа, тие не можеле да мислат на Бога, за небото и вистината, туку за она за што сакал сатаната - за другите. Тие ја

запостауваат својата душа и ретко кога, ги согледуваат своите недостатоци, бидејќи се премногу зафатени пазејќи на туѓите грешки. Затоа немаат време да мислат за својата душа и да го преиспитуваат сопственото срце. Нивното внимание го привлекува нечија облека, капа или престилка. Тие мораат да зборуваат дека оној е онаков, а овој е оваков, и во состојба се да се задржуваат на тоа со седмици. Видов дека целокупниот верски живот на тие јадни души се состои само во тоа будно да пазат како другите се облекуваат и што прават, и да ги пронаоѓаат нивните грешки. Ако не се реформираат, за нив нема да има место на небото, зошто таквите би му нашле забелешки и на Господ. {1C 145.1}

Ангелот кажа: „Лична задача на секој поединец е да биде исправен пред Бога". Тоа е чин меѓу Бога и нашата душа. Меѓутоа, оние што толку се грижат за грешките на другите немаат време да се грижат за самите себе. Тие критичари што се настроени да изнаоѓаат ситници често и би се излечиле од своите навики кога лично би му се обратиле на оној за кого мислат дека е во заблуда. Тоа за нив би претставувало таков крст што со задоволство би се откажале од своите вообразени замерки отколку што би се согласиле да постапат исправно. Меѓутоа лесно е да се пушти јазикот неконтролирано да го напаѓа овој или оној кога обвинетиот не е присутен. {1C 145.2}

Некои мислат дека е погрешно да се воведува било каков ред или форма во начинот на богослужението. Меѓутоа, на мене ми е покажано дека во воведувањето на редот нема никаква опасност за Божјата црква. Видов дека нередот не му е по волја на Господ, и дека и во молитвата и во пеењето треба да се држиме за утврден ред и правила. Во молитвениот дом не треба да доаѓаме за да се молиме за членовите на своето семејство, освен ако на тоа не нè наведе длабоко чувство гледајќи дека Светиот Дух ги осведочува во вистината. Општо земајќи, вистинско место каде треба да се молиме за членовите на своето семејство е семејниот жртвеник. Кога оние на кои се однесуваат нашите молитви не се присутни, вистинско место каде треба да се молиме на Бога за нив е тајната молитва во скришната соба. Кога сме во Божјиот Дом треба да бараме благослов за присутните и за тоа за што сме се собрале, верувајќи дека Тој ќе ги слушне нашите молитви и дека ќе ги услиши. Таквите богослужења ќе бидат живи и интересни. {1C 145.3}

Покажано ми е дека сите треба да пеат со воодушевување, но и со разбирање. Мешавина на неразбирливи зборови и дисхармонија (фалш) не се по Божјата волја. На Него му е секогаш попријатно тоа што е правилно отколку она што е погрешно. Со правилно и хармонично пеење - колку повеќе се усовршуваме во тоа - Бог посилно се слави, црквата добива углед пред другите, и поблагопријатно влијаеме на неверниците. {1C 146.1}

Бог ми го покажа редот и совршениот поредок на небото. Додека ја слушав совршената музика на ангелите бев многу восхитена. Кога ја снема визијата, нашето пеење овде ми звучеше многу неизедначено и нескладно. Видов мноштво ангели како по групи се распоредуваат во затворен правоаголник. Секој во раката имаше златна харфа, со посебна направа за подесување на самиот инструмент и за промена на тоновите. Со своите прсти тие не поминуваа по инструментот како ќе им текнеше, туку со вешт допир на одредени жици произведуваа различни звуци. Ангелот што предводи во музиката секогаш прв ја зема харфата и го дава основниот тон, а потоа и сите останати му се придружуваат во беспрекорната изведба на милозвучни и совршено складни небесни мелодии. Таа музика не може да се опише со човечки зборови. Таа е небесно - божествена по своето потекло и делува толку мило и благотворно што на секое лице засветлува Исусовиот лик, блескајќи со неискажлива слава. {1C 146.2}

26. ИСТОК И ЗАПАД

Драги браќа, Господ во визија ми откри некои подробности во поглед на нашата работа на Исток и Запад, и сметам дека ми е должност да ви го пренесам тоа. Покажано ми е дека Бог го отвора патот за ширење на сегашната вистина на Запад. За да се пробуди народот на Исток би била потребна многу поголема сила; овде засега многу малку може да се постигне. Посебни напори во денешно време треба да се вложуваат таму каде можат да се очекуваат најдобри резултати. {1C 146.3}

Луѓето на Исток го слушаа објавувањето на второто Христово доаѓање и видоа појава на голема Божја сила, но се вратија во состојба на незаинтересираност и чувство на сигурност, така што сега е скоро невозможно да се допре до нив. После невообичаени напори, со најталентираните сили кои се вложени на Исток, само малку се постигна. {1C 147.1}

Покажано ми е дека слушателите на Запад можат многу полесно да се заинтересираат отколку оние на Исток. Тие ја немале светлината за сегашната вистина и затоа не ја отфрлиле; затоа нивните срца се понежни, поприемливи за вистината и поподложни на влијанието на Божјиот Дух. Срцата на мнозина на Запад се веќе спремни со задоволство да ја прифатат вистината; и кога Божјите слуги ќе појдат да работат на спасување на драгоцените души ќе бидат од мнозина охрабрени во својата напорна работа. Бидејќи луѓето со задоволство слушаат, а мнозина и ја прифаќаат вистината, со тоа се поттикнуваат и засилуваат способностите што Бог им ги дал на Своите слуги. Тие гледаат како нивната работа е благословена со успех. {1C 147.2}

Покажано ми е дека со исти напори, на Запад ќе се постигне десет пати повеќе отколку на Исток, и дека таму се отвора пат за уште поголеми успеси. Видов, исто така, дека сега може многу да се направи во државата Висконсин, а уште повеќе во државата Илиноис, и дека мора да се вложат напори вистината да допре и во државите како што се Минесота и Ајова. Овде може да се влијае на срцата на мнозина. Во визијата ми е предочено дека тука има големи полиња за работа, полиња каде сè уште не е појдено да се работи. Меѓутоа, нема доволно самопожртвувани помошници за да се пополнат ниту половината од местата каде луѓето се подготвени да ја слушаат вистината, а мнозина од нив и да ја прифатат. {1C 147.3}

Мора да се влегува во нови, потполно нови полиња на работа. Мнозина ќе мораат да појдат во борба на свој начин и ќе влегуваат во такви полиња прифаќајќи самите да ги сносат своите трошоци. Овде на Божјите повереници им се овозможува вистинска можност со свој придонес да им помогнат на оние што ја шират вистината во такви краишта. За нив тоа би требало да биде голема предност и прилика да му го вратат на Бога тоа што му припаѓа. Правејќи така, тие можат да извршат една библиска должност и барем делумно да се ослободат од овоземното богатство, што денес претставува само товар за мнозина што се богати. Со тоа, во исто време, тие можат да собираат за себе богатство на небото. {1C 147.4}

Покажано ми е дека нашиот шатор на Исток не треба постојано да се поставува на исто место. Оние што се задолжени тој шатор да го подигаат и пренесуваат, ако има

потреба некa направат нешто и на своја сметка. Тие треба да го подигнат шаторот на тие места каде вистината сè уште не е објавувана, и така подигнатиот шатор треба да се снабди и со потребните работници. {1C 148.1}

Видов дека е погрешно од година во година да се поминува еден ист терен со луѓе кои имаат исти способности и дарови. Колку што е тоа можно, треба да се развиваат најбараните способности. Би било подобро и повеќе би се постигнало кога состаноците под шатор би биле помали, и кога би имале посилен тим од луѓе со различни способности за работа со присутните. Тогаш би требало подолго да се останува во местото каде е пробудено интересирање. Често премногу се брза со склопување на шаторот. Состанокот оставил поволен впечаток на одделни посетители, и сега се неопходни истрајни напори тие да се осведочат и да се утврдат во вистината. Во многу места, кога се одржуваат нашите црковни собори, проповедниците остануваат сè додека не бидат срушени постојните предрасуди; но токму тогаш кога одделни личности се подготвени да слушаат без предрасуди, шаторот се склопува и се носи на друго место. Поминати се стотици километри, потрошени многу пари и време, и Божјите слуги гледаат дека за сето време на шаторската сезона малку е постигнато. Само малкумина на ваков начин ја прифатиле вистината; и Божјите слуги, наоѓајќи во постигнатата работа толку малку радост, охрабрување и поттик за поефикасна работа, наместо да добијат, тие всушност губат сила, духовност и полет. {1C 148.2}

Видов дека посебни напори треба да се вложат на Запад во одржувањето на состаноци под шатор, зошто овде Божјите ангели подготвуваат души да ја прифатат вистината. Тоа е причината зошто Господ некои од Исток ги поттикна да дојдат на Запад. Нивните способности можат многу подобро да се искористат на Запад отколку на Исток. Тежиштето на делото е на Запад, и за Божјите слуги е најважно да појдат таму каде Тој во Своето провидение им го отвора патот. {1C 148.3}

Видов дека, кога пораката што ја пренесуваме ќе има поголема сила на оние што слушаат, Божјото провидение ќе го отвори патот и на Исток и тогаш таму ќе може да се постигне многу повеќе отколку денес. Тогаш Бог некои од Своите слуги ќе ги прати во тие места каде што денес скоро ништо не може да се направи, и некои од оние што сега се потполно незаинтересирани ќе се пробудат и ќе ја прифатат вистината. {1C 149.1}

Видов како Бог ги опоменува оние што преминуваа од Исток на Запад, откривајќи им ја нивната должност. Нивната цел не смее да биде да стекнуваат богатство, туку да се залагаат за спасување на души, да живеат во склад со својата вера, сведочејќи им на тој начин на сите околу себе дека овој свет не е нивен дом. {1C 149.2}

Да ја послушале таа опомена, тоа би било доволно; но мнозина пропуштиле да го послушаат она што Бог им го открил. Тие паѓаат сè подлабоко и подлабоко, опивајќи се од духот на овој свет. „Сврти се наназад,” рече ангелот, „и забележи сè што Господ откри во врска со оние што заминуваат од Исток на Запад”. Дали ги послушавте дадените опомени? Видов дека, стекнувајќи големи имоти, постапувавте сосема спротивно на Божјото учење. И наместо вашите дела да им зборуваат на оние што се околу вас дека копнеете за подобра земја, тие сосема јасно сведочат дека вашиот дом и вашето богатство е на овој свет. Со своите дела вие потполно се одрекувате од својата вера. {1C 149.3}

Но, тоа не е сè. Љубовта што треба да постои помеѓу браќата сè повеќе исчезнува. Духот на себичност и лакомост кој сè повеќе се вовлекува во срцата се покажува во овој негативен став: „Зар јас сум чувар на својот брат?” Наместо совесно да се чуваат интересите на браќата, се покажува дух на себичност и строго затворање во себе, што

му е многу одвратно на Господ. Оние што исповедаат толку возвишена вера и се вбројуваат во избраниот Божји народ, тврдејќи со своето исповедање дека ревнуваат за добри дела, би требало да бидат благородни и великодушни, секогаш спремни укажаните можности и предности, наместо да ги задржат за себе, да ги отстапат на своите браќа. Благородноста раѓа благородност. Себичноста раѓа себичност. {1C 149.4}

Покажано ми е дека во текот на минатото лето владееше дух да се земе од овој свет што е можно повеќе. Божјите заповеди не се почитувани. Со својот ум ние треба да му служиме на Божјиот закон, но умот на мнозина од нас е потполно во служба на светот. И бидејќи нивниот ум потполно е обземен од интересите на овој свет и со служењето на себе си, тие не можат во исто време да му служат и на Божјиот закон. Саботата не е празнувана како што треба. Своите работи од шестиот ден некои ги продолжуваат и во седмиот ден. По еден час, па дури и повеќе, често се задржува за себе и на почетокот и на крајот од саботата. {1C 150.1}

Некои од почитувачите на саботата кои пред светот зборуваат дека го очекуваат Христовото скоро доаѓање и веруваат дека ја објавуваме последната порака, оддавајќи се на своите природни наклоности толку се ценкаат во трговијата, така што кај неверните се поговорка за вештината на купување и продавање, и за способностите во секоја нагодба да бидат во добивка. За таквите би било подобро малку да загубат во тој поглед и, вршејќи подобро влијание во светот и имајќи посреќна улога меѓу своите браќа, да покажат дека овој свет не е нивен бог. {1C 150.2}

Покажано ми е дека браќата треба да покажат поголема заинтересираност еден за друг. Посебно оние што се благословени со добро здравје треба љубезно да се грижат за оние што се со послабо здравје. Секогаш треба да им покажуваат наклоност и заштита, имајќи ја на ум Христовата поука за добриот Самарјанин. {1C 150.3}

„Сакајте се еден со друг," кажува Христос, „како што Јас ве сакам". Колку е тоа? Неговата љубов не може да се опише со човечки јазик. Тој ја напуштил славата што ја имал кај Таткото уште пред создавањето на светот. „Тој беше ранет за нашите престапи, мачен заради нашите беззаконија; казната за нашиот мир падна на Него, и со Неговите рани ние се исцеливме". Трпеливо ја поднесувал секоја навреда, понижување и презир. Гледајте ги Неговите душевни страдања додека во градината Гетсиманија се молел да го одмине таа чаша ако е можно, и Неговите маки на Голгота! И сето тоа поради грешниот и загубен човек. А Тој од нас очекува така да се љубиме еден со друг како што Тој нас нè љуби. Колку е тоа? Толку за да бидете подготвени да го положите својот живот за братот. Но, зар сме дошле до таму сопственото „јас" да мора да биде задоволено, а Божјото Слово занемарено? За оние што така постапуваат овој свет е нивен бог. Тие го сакаат овој свет и му служат, а Божјата љубов е далеку од нив. Ако го сакате овој свет, Божјата љубов не е во вас. {1C 150.4}

Божјото Слово, во кое на припадниците на Божјиот народ им се укажува на опасностите е занемарено. Но тие се толку збунети со овоземните грижи така што одвај наоѓаат време за молитва. А и тоа станала само празна формалност без никаква сила. Меѓутоа, колку сесрдни и силни молитви самиот Христос, како возљубен и единороден Син, упатувал до Својот Татко! {1C 151.1}

Кога Христос се молел со таква сесрдност, со таква истрајност и душевни страдања, колку повеќе на наследниците на спасението им е потребно да се чувствуваат потполно, целосно зависни од Бога, и во молитва со цело срце и душа да се борат со Него, како Јаков кога кажал: „Нема да Те пуштам додека не ме благословиш!" Но видов дека срцата

се преоптоварени со грижите на овој живот, и затоа Бог и Неговото Слово се потполно се потполно занемарени. {1C 151.2}

Видов дека навистина ѝ е полесно на камилата да помине низ иглени уши отколку на богатиот да влезе во царството небесно. „Не собирајте си за себе богатство на земјата," кажува Христос, „каде молецот и 'рѓата го јадат, и каде крадци го поткопуваат и крадат; туку собирајте си за себе богатство на небото, каде ниту молец ниту 'рѓа го расипува и каде крадци не го поткопуваат и крадат. Зошто каде што е вашето богатство, таму ќе биде и вашето срце". {1C 151.3}

Видов дека вистината треба да се покажува во сила и Дух. Само на таков начин слушателите можат да бидат доведени до конечна одлука. Укажете им на значењето на вистината - тоа е одлука: за живот или за смрт. Бидете ревни, спасувајте ги душите од огинот. Но, леле! Колку поразително влијание шират околу себе оние што тврдат дека го очекуваат Христовото доаѓање, но сепак за себе си ги задржуваат големите и привлечни имоти. Тие имоти проповедаат многу погласно, да, многу погласно од нивните слаби зборови - дека всушност овој свет е нивен дом. Денот на неволја и несреќа нема уште долго време да дојде. Мир е и нема од што да се плашиме. О, колку поразително, отровно и убиствено влијание! Таквата наклоност кон овој свет на Бога му е посебно одвратна. „Одвојте се од светот, одвојте се" - повторуваше ангелот. {1C 152.1}

Според она што ми е покажано, пред своите очи сите би требало да ја имаат само Божјата слава. Оние што поседуваат поголеми имоти најчесто се изговараат дека од тоа не можат да се одвојат поради жената и децата. Но видов дека со Бога не можеме да се шегуваме. Кога Тој нешто кажува, тоа мора да се послуша. Ако жената или децата ги спречуваат во тоа, тие треба да им го кажат тоа што Исус му го кажал на Петар: „Оди од мене, сатано". Зошто ме доведувате во искушение да му го скратувам на Бога тоа што е Негово и да ја упропастам својата душа? Имајте ја пред очите само славата на Божјото име. {1C 152.2}

Видов дека мнозина допрва треба да научат што значи да се биде христијанин - не само по име, туку да го поседуваат Христовиот Дух, потчинувајќи се во сѐ на Божјата волја. Голема задача во тој поглед посебно имаат младите кои никогаш не научиле што е одрекување или неволја, и кои секогаш ја спроведуваат само својата волја без оглед дали е тоа на Божја слава или не. Кај нив сѐ оди лесно сѐ додека не се спротивставите на нивната волја, а тогаш почнуваат да ја губат контролата над себе, бидејќи пред своите очи ја немаат Божјата волја. Тие воопшто не размислуваат за тоа како можат на најдобар начин да Го прославаат Бога, да придонесат за напредокот на Неговото дело или да им направат добро дело на другите, туку секогаш на прво место им е сопственото „јас" и како да си угодат на самите себе. Оние што имаат ваква вера ќе бидат измерени на вагата и ќе се најдат лесни, бидејќи таквата вера не вреди ни колку една сламка. {1C 152.3}

Вистинскиот христијанин во сѐ будно внимава на учењето на Божјото Слово и го очекува водството на Неговиот Дух, додека за мнозина религијата е само една празна формалност. Сѐ помалку има животворна побожност. Мнозина се осмелуваат да кажат: Ќе го направам тоа или она, но ова нема; а на стравот дали со тоа ќе го навредат Бога воопшто ни не размислуваат. Видов дека ваквите, доколку не се поправат, не можат да влезат во небото. Тие можат да си ласкаат на самите себе дека ќе бидат спасени, но нивниот живот, и тие самите не му се по волја на Бога. Нивните молитви претставуваат само навреда за Него. {1C 152.4}

Христос се уште повикува: „Бидете ревни и покајте се”. Тој љубезно и совесно им препорачува да купат злато пречистено во оган, бела облека и очна маст. На нив останува да одлучат: ќе сакаат ли поревносно да учествуваат во големото дело на спасението, или ќе бидат избluени од устата на Господ, отфрлени како оние што се одвратни во Неговите очи. Бог нема бесконечно да нè поднесува. Тој е полн со сочувство и сомилост, но сепак нема да дозволи Неговиот Дух бесконечно да биде навредуван и ожалостуван. Слаткиот глас на милоста ќе престане да повикува на покајание. Ќе замолкне и последниот звук на укорот и предупредувањето, а оние што ќе истраат во непослушноста ќе бидат оставени да продолжат по своите патишта и да се наситат од своите сопствени дела. {1C 153.1}

Покажано ми е дека оние што го очекуваат Христовото доаѓање не треба да покажуваат скржавост и ситничарски дух. Некои од оние што се повикани да ја проповедаат вистината, и да бдеат над душите како оние што ќе мораат за тоа да положат сметка, губат премногу време за да заштедат на некои ситници, додека нивното време е далеку повредно од она што на таков начин го заштедиле. Тоа не е во склад со Божјата волја. Правилната примена на штедењето е препорачлива, но некои штедењето го претвораат во скржавост само за да го зголемат своето богатство кое наскоро ќе ги проголта како оган, доколку како верни повереници не се научат подобро да раководат со добрата на својот Господар. {1C 153.2}

Број четири

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

27. МЛАДИ ПОЧИТУВАЧИ НА САБОТАТА

На 22 август, 1857-та година, во молитвениот дом во Монтерие, држава Мичиген, ми беше покажано дека мнозина сè уште не го послушале Христовиот глас, и спасоносната порака сè уште не ја трогнала нивната душа ниту направила промена во нивниот живот. Мнозина од младите не покажуваат Христов дух. Љубовта кон Бог не е во нивното срце, и затоа - наместо Божјиот Дух и стремеж за спасение - во нив преовладуваат вкоренетите пороци. {1C 154.1}

Оние што навистина ја имаат Исусовата вера нема да се срамат да го носат својот крст пред постарите што имаат поголемо искуство. Ако сесрдно сакаат да бидат исправни, тие со задоволство ќе ја прифатат секоја помош од постарите и поискусните христијани. Оние чии срца се загреани од љубовта на Бога нема да дозволуваат ништожните работи и несериозноста да ги попречуваат на нивниот христијански пат. Тие ќе зборуваат за тоа што го прави Божјиот Дух во нив. Тоа ќе го изразуваат во песните и молитвите. Меѓутоа, младите постојано паѓаат во духовноста затоа што им недостасува вера и светост на животот. Самиот нивен живот ги осудува. Тие се свесни дека не живеат како што им доликува на христијани, и затоа ја губат довербата пред Бога и пред црквата. {1C 154.2}

Зошто младите се чувствуваат послободни кога некој од постарите не е меѓу нив? Затоа што сакаат да бидат со оние што се слични на нив. Овде секој за себе мисли дека не е полош од другите. Никој од нив не ги достигнал христијанските мерила, но тие се мерат и се споредуваат меѓусебно, а при тоа го запоставуваат единственото совршено и вистинско мерило. Христос е единствениот вистински Пример. Неговиот живот на постојана самопожртвуваност е наш совршен пример. {1C 154.3}

Покажано ми е дека овој Пример малку се проучува и се воздигнува пред нив. Колку малку младите се подготвени да трпат и да се одрекуваат од самите себе поради својата вера! Одвај некој од нив и да помислува да жртвува нешто заради Христа. Во тој поглед тие воопшто не се огледуваат на Оној кој е наш Пример. Девизата на нивниот живот, според она што ми е покажано, гласи: На сопственото „јас" мора да му се угоди, гордоста мора да биде задоволена. Тие забораваат на Оној, кој на овој свет бил Човек на болката, навикнат на болки и страдања. Неговите душевни маки во Гетсиманија, Неговата пот што како крупни капки крв паѓала на земјата, венецот од трње што го прободело Неговото свето чело и лице - сето тоа нив не ги возбудува. Се однесуваат како да се зашеметени. Нивната чувствителност е отапена и тие го загубиле секое чувство за големата жртва што е дадена заради нив. Записите за Христовото распнување на крстот, колку свирепо се забивани клинците во рацете и нозете на Божјиот Син, тие можат мирно да ги слушаат, а тоа воопшто да не допре до длабочината на нивната душа. {1C 155.1}

Ангелот кажа: „Кога на таквите би им било дозволено да влезат во Божјиот град и вечно да ги уживаат сите богатства на неговата убавина и слава тие не би имале никаква претстава колку скапо е платено за нив тоа драгоцено наследство. Тие никогаш не би ги сфатиле неизмерните длабочини на Христовата љубов, зошто не ја испиле чашата и не се крстени со крштавањето на маките и страдањата. Небото би било осквернето кога на таквите би им било дозволено да влезат во него. Само оние што, поминувајќи низ големите неволји, или се соучесници во страдањата на Божјиот Син, ја испрале и избелиле облеката на својот карактер во крвта на Јагнето, ќе можат да уживаат ве неопишливата слава и неспоредливата убавина на небото". {1C 155.2}

Недостатокот на оваа толку неопходна подготовка ќе го исклучи од вечното наследство поголемиот дел од младите кои само формално ја исповедаат својата вера, зошто не се заложуваат доволно сесрдно и ревно да го заслужат одморот што е оставен за Божјиот народ. Тие не се подготвени искрено да ги признаат своите гревови, за да можат да им бидат простени и избришани од небесните книги. Тие гревови наскоро ќе бидат разоткриени во сета своја одвратност. Божјото око никогаш не спие. Тој знае за секој грев што е скриен од очите на смртниците. Виновниците точно знаат кои гревови треба да ги признаат за душата да им биде чиста пред Бога. Христос сè уште им дава можност да ги признаат и во длабока понизност да се покајат од своите гревови, покорувајќи ѝ се на вистината и живеејќи во склад со неа. Сега е време грешките да се исправат и гревовите да бидат исповедани, инаку ќе се појават пред оној што ги направил на денот на Божјиот гнев. {1C 155.3}

Родителите во повеќето случаи имаат премногу доверба во своите деца; и децата најчесто знаат да ја прикријат својата вина токму тогаш кога родителите најмногу им веруваат. Родители, стражарете будно и ревно над своите деца. Предупредувајте, укорувајте, советувајте кога станувате и кога седите, кога излегувате и кога влегувате, „заповед по заповед, правило по правило, овде малку, онде малку". Зауздувајте ги своите деца и навикнувајте ги на послушност уште додека се малечки. Кај многу

родители ова е тажно занемарено. Тие не заземаат цврст и одлучен став кон своите деца како што би требало, туку им допуштаат да бидат такви какви се и децата од светот, да ја сакаат модата, и да се дружат со оние што ја мразат вистината и чие влијание е вистински отров за верата. Правејќи така, тие во своите деца ја поттикнуваат наклоноста кон светот. {1C 156.1}

Видов дека кај христијанските родители треба да постои утврдено начело во управувањето со своите деца и секогаш да бидат потполно единствени. Во тој поглед некои родители сериозно грешат - не се единствени. Овде понекогаш греши и таткото, но најчесто мајката. Поради својата нежност, мајката е наклонета да ги разгали своите деца и да им попушта. Таткото, поради својата работа, често е одвоен од домот и од друштвото на своите деца. Влијанието на мајката е постојано присутно. Со својот пример таа најмногу влијае на формирањето на карактерот на своите деца. {1C 156.2}

Некои претерано попустливи мајки преминуваат преку такви грешки на своите деца кои не би смееле да се трпат ниту еден момент. Грешките на децата понекогаш долго се кријат од таткото. Попуштањето во поглед на облекувањето, или во било што друго, мајката често го одобрува под услов таткото да не дознае за тоа, бидејќи тој тоа сигурно би го укорил и осудил.

На овој начин децата успешно се учат да лажат. Ако таткото ги открие овие грешки тогаш се изнаоѓаат изговори со кои се кажува само половина од вистината. Мајката не е искрена во тоа и размислувајќи погрешно таа го губи од вид фактот дека и таткото е заинтересиран за доброто на своите деца како и таа самата, и дека од него не треба да се кријат грешките и лошите навики што треба да се искоренуваат кај децата додека се уште малечки. Тоа се премолчува. Децата забележуваат дека меѓу нивните родители нема вистинска слога и тоа доведува до неизбежни последици. Децата од малечки почнуваат да лажат, да прикриваат, да ги прикажуваат некои работи во поинаква светлина пред мајката, но исто така, и пред таткото. Преувеличувањето станува навика, и децата можат да зборуваат отворени лаги без никакво чувство на вина или грижа на совеста. {1C 157.1}

Овие грешки започнале со прикривање на некои факти од страна на мајката. Таткото е исто, како и таа, одговорен за формирањето на карактерот на своите деца, затоа тие треба отворено да се советуваат за сè. Меѓутоа, со спротивно постапување и со прикривање на грешките на децата, во нив се поттикнува наклоност да измамуваат, а вистинољубивоста и чесноста потполно се губат. {1C 157.2}

Единствена надеж за ваквите деца е потполното обратување, без оглед дали исповедаат вера во Бога или не. Во нивниот карактер мора да дојде до потполна промена. Знаете ли, непромислени мајки, додека ги поучувате вашите деца, дека она на што ќе ги научите во нивното рано детство ќе влијае на сето нивно верско искуство? Учете ги на послушност од нивните најмали години, навикнувајте ги да се потчинуваат на вашиот авторитет, и тогаш лесно ќе научат како да се покорат и на Божјите барања. Поттикнувајте кај нив склоност кон вистинољубивост и чесност. Никогаш не им давајте прилика да се посомневаат во вашата вистинољубивост и искреност. {1C 157.3}

Видов дека младите зборуваат за Божјата спасоносна сила, но не наоѓаат задоволство во таквите разговори. Верата и спасението се за нив поими кои потполно им недостасуваат. А со какво задоволство се препуштаат на безработица и на празни, потполно бескорисни разговори! За сето тоа се води точен и страшен записник, и на смртниците ќе им биде судено според она што го зборувале и работеле кога биле во ова тело. Млади пријатели, вашите дела и вашите празни зборови се запишуваат во

небесните книги. Вашите разговори не се однесуваат на вечните и непоминливи интереси, туку на ова или она - тоа се вообичаено земни, често и вулгарни разговори што не им доликуваат на христијани. Сето тоа верно се запишува. {1С 157.4}

Видов дека младите, доколку потполно не се обратат и не се реформираат, можат да ја загубат секоја надеж за спасение. Според она што ми е покажано, ниту половина од младите што исповедаат вера во вистината не се вистински обратени. Кога би биле обратени тие би донесувале родови на Божја слава. Мнозина негуваат лажна надеж која е заснована на претпоставки за кои нема никаков темел во Библијата. Изворот не е очистен и затоа и водата што од него тече не е чиста. Очистете го изворот, па и водата ќе биде здрава и чиста. Ако во срцето имате искрена желба да бидете исправни пред Бога, тогаш вашите зборови, начинот на облекување и постапки, сето тоа ќе биде исправно. {1С 158.1}

Вистинската побожност сè повеќе ја снемува. Не се осмелувам да го обечестам својот Учител, признавајќи дека една таква лекомислена, несериозна и непобожна личност е вистински христијанин. Не. Христијанин е оној што ги победува своите лоши склоности и своите страсти. За душата заболена од гревот постои лек. Тој лек се наоѓа во Исус Христос, драгиот Спасител. Неговата благодат е доволна и за најслабиот; но и најсилните без неа ќе мора да пропаднат. {1С 158.2}

Покажано ми е како може да се добие оваа благодат. Влезете во својата „тајна соба" и кога сте сами молете се на Господа: „Создај ми Боже чисто срце, и дух постојан обнови во мене". Бидете сесрдни и искрени. Сесрдната и постојана молитва може многу да помогне. Борете се истрајно во молитва и во душевна болка како што тоа го правел Јаков. На Христос, додека се молел во Гетсиманија, му течеле големи капки пот помешани со крв; затоа и вие мора да вложите напори. Не го напуштајте местото на молитва додека не почувствувате дека сте засилени во Господа. Потоа продолжете будно да бдеете, и се додека сте будни и истрајни во молитвата ќе ги совладувате своите лоши наклоности, и дејството на Божјата благодат јасно ќе се забележи во вас. {1С 158.3}

Да не даде Бог да престанам да ве предупредувам. Млади пријатели, барајте го Бога со сето свое срце! Доближете се до Него најсесрдно и кога ќе станете свесни дека без Негова помош сигурно ќе пропаднете, кога ќе копнеете по Него како што еленот копнее по студен извор, тогаш Тој брзо ќе ви притекне во помош и ќе ве засили. Ќе го пронајдете мирот „што го надвишува секој ум". Ако навистина сакате да бидете спасени, мора да се молите. Најдете време за тоа. Не брзајте, не бидете површни и невнимателни во своите молитви. Молете се на Бога да изврши во вас потполна промена за да можете да носите духовни родови и да блескате како запалени светилки во овој свет. Не станувајте пречка и проклетство за Божјото дело кога можете да бидете од помош и на благослов. Ако сатаната ви шепоти дека не можете да бидете спасени, не му верувајте. {1С 159.1}

Видов дека секој христијанин има предност да биде длабоко трогнат со делувањето на Светиот Дух. Тогаш сладок небесен мир ги обзема мислите и вие со љубов размислувате за Бога и за небото. Насладувајте се со величествените ветувања на Неговото Слово. Но прво морате да бидете осведочени дека сте тргнале по вистинскиот христијански пат, дека сте ги започнале првите чекори на патот во вечен живот. Немојте да се залажувате. Се плашам за вас, бидејќи знам дека многу меѓу вас не знаат што е вистинска вера. Сте почувствувале некое восхитување, некое движење на чувствата, но никогаш не сте го согледале гревот во сета негова одвратност. Никогаш искрено не сте зажалиле поради вашите престапи ниту со горка жалост сте се вратиле од своите зли патишта. Никогаш не сте умреле за овој свет, и сè уште ги сакате неговите задоволства и

уживате во неговите разговори. А кога ќе се поведе разговор за Бога и за вистината вие нема што да кажете. Зошто е тоа така? Зошто сте толку речити во светските разговори, а толку молчеливи кога станува збор за она што е од најголемо значење за вас - што би требало потполно да ви го обземе и срцето и душата? Божјата вистина не е во вас. {1C 159.2}

Видов дека мнозина од вас се навидум исправни што се однесува до формалното исповедање на верата, но внатре се изопачени. Не залажувајте се со лажно исповедање на верата. Бог гледа што е во срцето. „Устата зборува од преполнетото срце". Во срцето на таквите е овој свет, и затоа за Исусовата вера нема место. Оние христијани што го сакаат Христос повеќе отколку овој свет, со задоволство и зборуваат за Него како за свој најдобар Пријател на кого му ги подаруваат своите највозвишени чувства. Тој им помогнал кога се чувствувале загубени и беспомошни. Кога уморни и обременети од гревот Му се обратија за помош, Тој го отстрани товарот на нивната вина и гревот, ја растера нивната тага и загриженост и сите нивни чувства ги насочи по нов тек. Тие сега го мразат она што некогаш го сакале, а го сакаат она што некогаш го мразеле. {1C 160.1}

Дали во вас настанала оваа голема промена? Не се залажувајте. Ако на Христос не му го посветиме целото свое срце и сета своја љубов, подобро е никогаш да не сме го изговориле Неговото име. Треба да чувствуваме најдлабока благодарност што Тој е спремен да ја прифати оваа понуда. Тој бара сè. Кога ќе се потчиниме на Неговите барања и кога ќе му се предадеме во потполност, тогаш, и само тогаш, Тој ќе не прегрне со рацете на Својата милост. Меѓутоа што даваме ние кога даваме сè? Го даваме осквернетото со грев срце Христос да го очисти со Својата милост и да го спаси од смртта со својата ненадмината љубов. И пак некои мислат дека е тешко да Му дадеме сè. Се срамам да зборувам за тоа, се срамам да пишувам за тоа. {1C 160.2}

Дали некогаш зборувате за самоодрекување? Што оставил Христос заради нас? Ако мислите дека е тешко да се исполнат Христовите барања кога Тој бара сè, појдете на Голгота и оплакувајте ја самата таква мисла. Погледнете ги нозете и рацете на вашиот Откупител прободени со страшни клинови за да можете да се исчистите од гревовите со Неговата крв! {1C 160.2}

Оние што ја чувствуваат неодоливата привлечност на Христовата љубов не прашуваат на кој начин со што помалку труд би можеле да се задоволат Божјите барања и да се добие небесната награда. Тие не бараат најниски мерила, туку имаат цел да бидат во совршена хармонија со волјата на својот Откупител. Со искрен копнеж тие жртвуваат сè и покажуваат интерес што е во согласност со вредноста на целта кон која се стремат. Која е всушност таа цел? Тоа е бесмртноста, вечниот живот. {1C 160.3}

Млади пријатели, мнозина од вас се тажно измамени. Сте се задоволувале со нешто што е многу поразлично од чистата и неизвалкана вера. Сакам да ве пробудам. Божјите ангели се залагаат за вашето пробудување. О, кога овие значајни вистини би пробудиле во вас свест за опасноста што ви се заканува, наведувајќи ве потполно да се преиспитате самите себе! Вашите срца се уште полни со сетилност и телесни желби. Тие не се покоруваат на Божјиот закон, ниту пак можат. Необратеното срце мора да се промени, и тогаш во светиот живот ќе видите таква убавина што ќе копнеете по тоа како што еленот копнее по воден извор. Тогаш ќе го сакате Бога и Неговиот закон. Тогаш Христовиот јарем ќе ви биде благ и Неговото бреме лесно. Неволјите нема да престанат, но ако добро ги поднесете ќе направат овој пат да ви биде уште подрагоцен. Бесмртното наследство е наменето за христијани кои се подготвени на самоодрекување. {1C 160.4}

Видов дека христијаните не треба да придаваат преголема важност на среќниот полет на своите чувства, ниту пак премногу да зависат од нив. Таквите чувства не се секогаш сигурен водич. Стремежот на секој христијанин треба да биде да Му служи на Бога од принцип, а не да биде воден од моменталните чувства. Христијанинот што живее скромен и самопожртвуван живот наоѓа совршен мир и радост во Господа. Меѓутоа најголема среќа доживуваме кога им правиме добро на другите, кога другите ги правиме среќни. Таквата среќа има постојан карактер. {1C 161.1}

Мнозина од младите не се постојани и не Му служат на Бога од принцип. Тие не практикуваат вера, и бегаат од патот штом и најмалку се наоблачи. Немаат сила да се одржат и не растат во благодатта. Привидно, тие ги држат Божјите заповеди; понекогаш формално и се молат, и се нарекуваат христијани. Нивните родители толку треперат од страв над нив така што прифаќаат сè што и најмалку изгледа поволно кога станува збор за нивните деца, но не се трудат околу нив и не ги учат дека мораат да умрат за телесните желби. Тие ги поттикнуваат младите да го продолжат патот заедно со нив правејќи нешто и од своја страна за тоа; но не ги предупредуваат грижливо да го преиспитуваат своето срце, да се преиспитаат самите себе, и да сфатат што значи да се биде христијанин. Како последица на тоа, младите прифаќаат да се нарекуваат христијани без доволно да ги проверат побудите за таа одлука. {1C 161.2}

Верниот и вистински Сведок кажува: „О, да си студен или жежок! Така, бидејќи си млак, и не си ниту студен ниту жежок, ќе те изблујам од Својата уста”. Сатаната нема ништо против тоа да бидете христијани само по име, зошто така можете поуспешно да му послужите преку вас да ги оствари своите цели. Ако имате само обличје на побожност, тој може да ве искористи како мамка и другите да ги заведе на истиот пат на самоизмама. Некои сиромашни души, наместо библиските критериуми ќе ги прифатат мерилата по кои вие се владеете и нема никогаш да се воздигнат на повисоко духовно ниво. Заклучувајќи во себе дека се добри како и вие, тие остануваат задоволни. {1C 162.1}

Младите често мора да се натераат да направат нешто, што всушност им е должност; да кажат нешто на богослужението или да се помолат, да умрат за својата гордост. На секој таков чекор тие мораат да бидат натерани. Таквата вера не вреди ништо. Нека се промени необратеното срце и тогаш, студени формалисти, нема да ви биде тешко да Му служите на Бога. Ќе ја снема сета таа љубов за украсување и гордоста на надворешниот изглед. Времето што го поминувате пред огледалото дотерувајќи ја косата да биде пријатна за окото, би требало да го посветите на молитва и на преиспитување на своето срце. Во посветеното срце нема место за украсување на надворешноста, туку искрен и сесрден стремеж одвнатре да биде украсено со христијанските доблести - со плодовите на Светиот Божји Дух. {1C 162.2}

Апостолот дава совет: „Вашето украсување да не биде од надвор, во плетење на коси и во китење со злато или во облекување на облеки, туку во скриеното срце на човекот, во непропадливоста на кроткиот и тивок дух, што е скапоцено пред Бога”. {1C 162.3}

Потчинете ги телесните склоности, реформирајте го животот и тогаш тоа бедно смртно тело нема да ви биде идол. Ако реформата е прифатена во срцето, тоа ќе се види и во надворешниот изглед. Ако Христос е навистина надежта на славата во нас, ние во Него ќе откриеме таква привлечност и убавина што ќе го засакаме со целото срце и со целата душа. Прилепувајќи се неразделно за Него, ќе Го сакаме и Тој ќе биде предмет на нашето восхитување, а сопственото „јас” ќе биде заборавено. Исус ќе биде воздигнат

и славен, а сопственото „јас” понижено и отфрлено. Меѓутоа, исповедањето на верата без таа длабока љубов е само празна приказна, безживотна формалност и вистинско мачење. Мнозина од вас можеби имаат некоја претстава за верата во својата глава, но срцето не е исчистено. Тоа е само вера однадвор. Бог гледа на срцето. „Сè е голо и откриено пред очите на Оној пред кого ние треба да положиме сметка”. Дали Тој ќе биде задоволен со нешто друго, освен со делување на вистината одвнатре? Секоја вистински обратена душа носи очевиден знак дека во неа се совладани телесните склоности. {1C 162.4}

Јас зборувам отворено, и знам дека со тоа нема да го обесхрабрам ниту еден вистински христијанин. Не сакам било кој од вас да го дочека времето на неволјите лишен од добро втемелена надеж во својот Откупител. Секој одлучно нека настојува да сознае во што најмногу греши. Осведочете се дали имате право на небесното наследство. Позанимавајте се најискрено со својата сопствена душа. Имајте на ум дека Христос сака Својата црква да ја претстави пред Својот Татко без никаква мана, дамка или слично на тоа. {1C 163.1}

Како ќе знаете дали Бог ве прифаќа? Проучувајте го Неговото Слово со најсесрдна молитва. Не потиснувајте го на страна поради било која друга книга. Таа книга осведочува и ја буди свеста за гревот. Таа јасно го открива патот на спасението, ви ја покажува блескавата и славна награда, ви го открива семоќниот Откупител и ве учи дека само со Неговата бесконечна милост можете да добиете спасение. {1C 163.2}

Не запоставувајте ја тајната молитва, зошто таа е душа на религијата. Во најсесрдна молитва залагајте се ревно за чистота на душата. Молете се толку сесрдно и толку ревно како да е во прашање вашиот живот. Останете пред Бога сè додека во вас не се пробуди неискажлив копнеж за спасение на душата и додека не стекнете слатко осведочување дека ви се простени гревовите. {1C 163.3}

Надежта во вечен живот не треба да се зема лекомислено и површно. Тоа е прашање што треба да се реши меѓу Бог и вашата душа - и тоа засекогаш. Да се негува лажна надеж, а да не се прави ништо повеќе од тоа, значи да работиме на својата сопствена пропаст. Бидејќи можете да се одржите само со Божјото Слово, или во спротивно ќе паднете, во тоа Слово морате да барате докази лично за себе. Овде ќ е видите што сè се бара од вас за да бидете вистински христијани. Не одложувајте го оружјето и не напуштајте го боиштето сè додека не задобиете победа, триумфирајќи во својот Откупител. {1C 163.4}

28. НЕВОЛЈИ ВО ЦРКВАТА

Следната визија ми е дадена во местото Јулисис, држава Пенсилванија, а се однесуваше на состојбата што постоеше и на други места во државата Њујорк. {1C 164.1}

Во државата Њујорк имаше толку црковни неволји така што Бог не можеше да има ништо заедничко со сето тоа, а црквата ја загуби својата сила и не знае како да ја поврати. Ја снема меѓусебната љубов и преовладува дух на осудување и изнаоѓање грешки. Да се пронајде кај другиот сè што изгледа како зло и тоа во потполност да се открие и да се прикаже онакво какво е, се смета за доблест. Чувството на сожалување што произлегува од љубовта и сочувство кон браќата веќе не постојат. Религијата на поединци се состои во изнаоѓање грешки и укажување на сè она што изгледа како зло, сè додека благородните чувства потполно не се задушат во душата. Мислите треба да

се воздигнат на повозвишено ниво и да се размислува за сцените на вечноста, за небото, неговото богатство и слава, наоѓајќи свето и вистинско задоволство во вистините на Светото Писмо. Умот мора со љубов да се храни со драгоцените ветувања на Божјото Слово, црпејќи утеха и охрабрување од нив, и воздигнувајќи се над безвредните ништожности до она што е навистина значајно и непоминливо. {1C 164.2}

Но, о, колку поинаков дух се покажува! Се копа по најбезначајни ситници. Таквите членови на црквите за мнозина во државата Њујорк се вистинско проклетство. Така приредуваните судења ги отвораа вратите за лошите претпоставки. Потхранувани се љубомората и зависта. Постоаше дури и омраза за која не се знаеше порано. Некои погрешно мислат дека укорот треба да се дава без дух на љубов, да се наметнуваат своите идеи за она што е исправно на другите и без милост да се делува на осудениот. {1C 164.3}

Видов дека мнозина во државата Њујорк толку се грижат за исправноста на браќата, што ја запоставиле грижата за својата душа. Тие многу се плашат дека нивните браќа нема да бидат ревни и да се покајат а забораваат дека и самите имаат грешки што мораат да ги исправат. Иако и самите се непосветени во срцето тие настојуваат да ги исправат своите браќа. Единствен начин браќата и сестрите во државата Њујорк да се подигнат од пропаста е секој да обрне внимание на себе лично и да го преиспита своето срце. Ако некој брат направил јавен грев, не пренесувај го тоа на другите, туку со љубов кон душата на својот брат и со срце полно сочувство и милост укажи му на заблудениот на неговиот грев, а потоа препушти му го тоа нему и на Господ. Со тоа си ја извршил својата должност. Не е твое да изрекуваш пресуда. {1C 165.1}

Да се направи сплетка за некој брат да се заузда, осуди и да се задржи под осуда станало мошне лесно. Постои извесно ревнување за Бога, но не според разумот. Кога секој би настојувал најнапред сè да биде како што треба во неговото сопствено срце, сведоштвото на верниците би доаѓало од длабината на душата кога тие би се состанале, и тоа би имало добро влијание на оние што сè уште на ја прифатиле вистината. Таквата манифестација на Божјиот Дух би им зборувало на нивното срце дека навистина сте Божји деца. Нашата меѓусебна љубов треба да биде видлива за сите што нè опкружуваат. Тогаш таа ќе биде речита ширејќи силно влијание. {1C 165.2}

Видов дека црквата во државата Њујорк може да се воздигне. Започнете со лична задача, бидете поревни и покајте се; и откако ќе ги исправите сите познати грешки верувајте дека Бог ќе ве прими. Не жалете се, туку во молитва повикајте се на Божјите ветувања. Барајте Го истрајно и верувајте дека нема да ве отфрли. Еден дел од вашата задача е да верувате. Верен е Оној што ветил. Искачувајте се сè повисоко со вера. {1C 165.3}

Браќата од Њујорк можат да се воздигнат и да се напојуваат на изворот на спасението, исто како и сите други. Тие можат разумно да напредуваат, стекнувајќи лично искуство во оваа порака на Верниот Сведок до Лаодикејската црква. Припадниците на таа црква чувствуваат дека паднале, но не знаат како да станат. Намерите на некои можат да бидат многу добри, тие можат искрено да исповедаат вера, а сепак на нив се гледа со сомневање, се прогласуваат за престапници поради еден збор, сè додека не им се одземе и правото на спасение. Бидејќи се постојано под присмотра, тие просто не се осмелуваат да ги изразат чувствата на своето срце. Меѓутоа Бог е задоволен кога припадниците на Неговиот народ се бојат само од Него, а во меѓусебните односи имаат повеќе доверба. {1C 165.4}

Видов дека мнозина го злоупотребуваат она што Бог го открил во поглед на гревовите и пропустите на другите. Тие прифаќаат екстремно значење на она што е покажано во визија, а потоа тоа толку го нагласуваат што ја ослабуваат во срцата на мнозина верата во она што Бог го покажал, внесувајќи на тој начин потиштеност и обесхрабрување во црквата. Во меѓусебното однесување браќата треба да покажуваат нежност и сочувство. Треба да се биде исклучиво внимателен кога се во прашање чувствата на другите. Да се воочуваат грешките и пропустите на другите - тоа е најнепријатна но и најзначајна работа. Имајќи ги во вид своите слабости, таа должност треба да ја извршуваме во најголема понизност, за и самите да не бидеме искушани. {1C 166.1}

Покажана ми е големината на жртвата што Христос ја поднел за да го откупи човекот. За да ја даде таа жртва Тој не го сметал за премногу драгоцен и Својот живот. „Сакајте се еден со друг," кажува Тој, „како што Јас ве засакав". Чувствуваш ли дека можеш да го дадеш животот за братот што згрешил? Ако го чувствуваш тоа, можеш да му пријдеш и да го трогнеш неговото срце, бидејќи токму ти си оспособен да го посетиш братот. Меѓутоа, тажен е фактот што мнозина т.н. браќа не се подготвени да жртвуваат ниту едно свое мислење или пресуда за да го спасат својот брат. Овде има мошне малку меѓусебна љубов, а духот на себичноста преовладува. {1C 166.2}

Црквата е зафатена со обесхрабрување. Нејзините припадници го сакаат овој свет, и премногу се врзани за своите имоти, за својот добиток и сè останато во материјален поглед. Христос ги повикува без одложување да се оттргнат од тоа и да собираат за себе богатство на небото; од Него да купат злато прочистено во оган, бела облека и маст за очи. Тоа се навистина најдрагоцени богатства; и на тие што ќе ги поседуваат ќе им овозможат влез во Божјото царство. {1C 166.3}

Припадниците на Божјиот народ мораат да постапуваат разумно. Тие не смеат да бидат задоволни сè додека секој познат грев не биде признаен и оставен; дури тогаш можат да веруваат дека Христос навистина ги прифаќа. Тие не смеат да очекуваат други за нив да ја пробиваат темнината на неизвесноста и да задобијат победи во кои тие ќе имаат задоволство. Таквото задоволство ќе трае само додека да заврши богослужението. На Бога, меѓутоа, треба да му се служи од принцип, а не водени од чувствата. Секој ден стекнувајте нови победи во своето семејство. Не дозволувајте вашите секојдневни должности да ве задржат во тоа. Најдете време за молитва; и додека се молите верувајте дека Бог навистина ја слуша вашата молитва. Вашите молитви секогаш нека бидат проникнати со вера. Можеби нема секогаш да добиете непосреден одговор, но тоа е само за да биде испитана вашата вера. Вие сте испитувани за да се види дали имате доволно доверба во Бога, дали имате постојана и жива вера. „Верен е Оној што ве повика и што ќе го стори тоа". Продолжете по тесната патека на верата. Имајте доверба во сите Божји ветувања. Верувајте му на Бога и во мрачните моменти; токму тогаш треба да имате силна вера. Меѓутоа, вие често дозволувате со вас да господарат чувствата. Кога не се чувствувате охрабрени со Божјиот Дух, вие барате доблести во себе, и потоа очајувате затоа што не можете да ги најдете. Немате доволно доверба во Христос, драгиот Спасител. Неговите заслуги не сте ги прифатиле како доволни за сè во животот. И со најдоброто што можете да го направите со своја сила не можете да ја заслужите Божјата наклоност и Неговото одобрување. Спасението зависи само од Христовите заслуги. Само со Неговата крв можете да бидете очистени од гревот. Но треба да вложите и одредени напори. Мора да направите сè што можете од своја страна. Бидете повеќе ревни, покајте се и верувајте. {1C 167.1}

Не ја заменувајте погрешно верата со чувствата. Тие се две различни нешта. Наша задача е да ја практикуваме верата, и во тоа мораме да се обучуваме. Верувајте, верувајте. Молете се истрајно со вера за ветениот благослов, и ќе го добиете. Со таквата вера вашите чувства немаат ништо заедничко. Меѓутоа, кога верата ќе ги донесе бараните благослови во срцето и вие се радувате на тоа, тогаш тоа доживување не е веќе вера туку чувство како резултат на верата. {1C 167.2}

Припадниците на Божјиот народ во државата Њујорк мораат да бидат цврсти во одлуката да станат, да излезат од темнината и да светат со своите дела. Тие треба да бидат постојани во поглед на Божјото дело, дозволувајќи пораката на третиот ангел да делува на нивните срца. Браќа, вие со своите долги молитви во кои нема вера го обесчестувате Бога. Свртете се од сопственото „јас" кое е потполно недостојно да му се посвети било какво внимание, и воздигнувајте го Исус. Зборувајте за верата, за светлината на небото, и ќе имате вера, светлина и љубов, исто така, и мир и радост во Светиот Дух. {1C 167.3}

---

29. „НО ЧУВАЈТЕ СЕ"

Следната порака беше упатена до двајца браќа во _____, меѓутоа, бидејќи може да се примени и на многу други, ја објавуваме овде за добро на црквата. {1C 168.1}

Драги браќа, во визијата што ми беше дадена кога бев во вашето место, покажано ми е нешто за вас двајцата. Укажувајќи на вас, ангелот ги повтори овие зборови: „Но чувајте се вашите срца да не отежнат од ненаситност и пиење и од грижите нЗ овој свет и овој ден да не ви дојде ненадејно". {1C 168.2}

Покажано ми е дека и на двајцата ви претстои голема борба; ќе мора постојано да војувате за да го отфрлите овој свет, зошто со сето свое срце сте врзани за него. Мора да вложувате сериозни напори за својата љубов, наместо на овој свет, да му ја посветите на Христос и Неговото дело. Ако својата љубов и внимание главно му ги подарувате на овој свет, тоа ќе биде покажано секако и со вашите дела. Видов дека мнозина од неверниците будно гледаат на вас. Мнозина би биле мошне радосни кога би виделе дека сте паднати, но има и други што се радуваат на вашето напредување. Сатаната и лошите ангели постојано ви го предочуваат царството и славата на овој свет. Ако се согласите да се поклонувате на овој свет, служејќи му на неговото богатство, сатаната тоа ќе ви го прикаже во најпривлечни и најизмамливи бои за да ве наведе тоа да го сакате и просто да го обожавате. {1C 168.3}

Исус и ангелите што ве чуваат настојуваат вашиот поглед од овоземното богатство да го насочат кон небесното царство и вечните вредности во царството на славата. Ангелот кажува: „Вие мора да умрете за овој свет". „Не сакајте го светот, ниту она што е во светот. Ако некој го сака светот, тогаш љубовта на Таткото не е во него". {1C 168.4}

Покажано ми е дека не е грев да се има богатство, доколку е стекнато со Божјото провидение; и доколку сопственикот не бил во можност своите средства да ги употреби за напредок на Божјото дело, не е грев што сè уште го задржува својот имот. Меѓутоа, ако на браќата им се даде можност со своите средства да го прославаат Бога и да го потпомогнат напредувањето на Неговото дело, а тие ги задржат за себе, тоа за нив ќе претставува камен на сопнување. Богатството што го напластиле ќе им биде во деновите на неволја соблазна и сопка. Тогаш ќе поминат сите можности својот имот да го

употребат на Божја слава, и тие во душевна болка „ќе го фрлаат пред кртови и лиљаци". Нивното злато и сребро не ќе може да ги избави во тој ден. Тоа ќе претставува страшен товар со кој тие ќе бидат потполно скршени кога како повереници ќе мораат да дадат сметка како ги употребиле парите на својот Господар. Во своето самољубие тие верувале дека сето тоа е нивна сопственост, и дека сето тоа можеби и ќе им треба; но колку тешко тогаш ќе ги погоди сознанието дека сето тоа Бог само им го позајмил под услов да го вратат, кога ќе се укаже потреба во Неговото дело. Нивното богатство ги завело. Чувствувајќи се сиромашни и живеејќи само за себе, дошле до заклучок дека делот што можеле да го употребат за Божјото дело претставува страшен товар. {1C 169.1}

Божјиот ангел кажа: „Положете на жртвеникот сè како жива жртва паленица. Ако не можете да ја задржите на жртвеникот врзете ја со јажиња. Посесрдно посветете се на молитва. Живејте кај жртвеникот. Сила за да ги остварите своите цели барајте во Божјите ветувања". „Продајте го тоа што го имате и давајте милостиња; направете си ќесиња што нема да пропаднат, ризница на небото која никогаш нема да се испразни, каде крадец не се приближува и молец не расипува". „Не собирајте си за себе богатство на земјата, каде молецот и 'рѓата ги расипуваат и каде крадците ги поткопуваат и крадат; туку собирајте си за себе богатство на небото, каде ниту молец ниту 'рѓа ги расипуваат и крадци не ги поткопуваат и крадат". {1C 169.2}

Ако во поглед на овоземното богатство Бог ви дал повеќе од она што го имаат најсиромашните, тоа треба да ве направи понизни, зошто со тоа сте добиле и поголеми должности. На оној што му е повеќе дадено, дури и во поглед на овоземното богатство, повеќе ќе се бара од него. Овој принцип нè прави должни да бидеме поблагородни и подарежливи. Барајте прилики со она што го имате да им правите добро на другите. „Собирајте си за себе богатство на небото". {1C 170.1}

Видов дека најмалку што било кога се барало од христијаните е да бидат со дарежлив дух и да му посветат на Господ одреден дел од сите свои приходи. Секој вистински христијанин го сметал тоа за своја предност, но оние што биле христијани само по име го сметале тоа за наметнат товар; таквите никогаш не биле поттикнати од Божјата благодат и љубов да направат некое добро дело, зошто во спротивно радосно би придонесувале за напредок на Христовото дело. Меѓутоа, од христијаните што живеат во овие последни денови и кои го очекуваат доаѓањето на својот Господ, се очекува дури и повеќе од тоа. Бог очекува од нив да бидат подготвени да жртвуваат сè ако е тоа потребно. {1C 170.2}

Ангелот рече: „Исус ви остави светол пример кој треба да го следите. Одете внимателно по Неговите стапки. Соучествувајте со Него во животот на самоодрекување и самопожртвуваност овде на земјата, па заедно со Него ќе ја наследите и круната на славата". {1C 170.3}

---

30. БОГАТИОТ МЛАДИЧ

Во Монтерие, Мичиген, во визијата што ја добив на 8 октомври, 1857-та година, покажано ми е дека многу верници што ја празнуваат саботата се слични на оној младич што на Христос му го поставил прашањето: „Што треба да направам за да наследам живот вечен?" {1C 170.4}

„И ете, некој Му пристапи и Му рече: Учителе добар! Што треба да направам за да имам живот вечен? А Тој му рече: Зошто ме нарекуваш добар? Никој не е добар освен Бог. А ако сакаш да влезеш во животот, држи ги заповедите. Му рече: Кои? А Исус му одговори: да не убиваш, да не правиш прељуба, да не крадеш, да не сведочиш лажно; да ги почитуваш татко си и мајка си; и да го сакаш ближниот свој како самиот себе. Младичот му одговори: Сето тоа сум го сочувал од својата младост. Уште што ми недостасува? Исус му рече: Ако сакаш да бидеш совршен, оди и продај сè што имаш и дај им го на сиромашните и ќе имаш богатство на небото; и тогаш тргни по мене. А кога младичот го слушна тоа си отиде нажален бидејќи беше многу богат". {1C 170.5}

„Тогаш Исус им кажа на Своите ученици: вистина ви велам, тешко е за богатиот да влезе во царството небесно. И уште ви кажувам: полесно ѝ е на камилата да помине низ игленине уши отколку на богатиот да влезе во Божјото царство. А кога го слушнаа тоа, учениците многу се чудеа, велејќи: тогаш кој може да се спаси? И откако погледна на нив им рече: За луѓето тоа е невозможно, но за Бога сè е можно" (Матеј 19:16-26). {1C 171.1}

На овој млад човек Исус му ги цитирал петте од последните шест заповеди, како и втората голема заповест од која произлегуваат последните шест заповеди на Божјиот закон. Младичот мислел дека сето тоа што Исус му го кажал го извршува. Исус не ги спомнал првите четири заповеди, кои ни ја откриваат нашата должност кон Бога. Одговарајќи на прашањето на младичот: „Што уште ми недостасува," Христос кажал: „Ако сакаш да бидеш совршен, оди продај сè што имаш и дај им го на сиромашните, и ќе имаш богатство на небото". {1C 171.2}

Во тоа се состоел недостатокот на овој млад човек. Тој всушност не ги спроведувал првите четири заповеди, па затоа ниту и последните шест. Тој не го сакал ближниот како самиот себе. „Дај им го на сиромашните," нагласил Христос, допирајќи се со тоа непосредно до неговото богатство. „Продај сè што имаш и дај им го на сиромашните". Во оваа директна препорака Исус му укажал на младичот што е негов идол. Повеќе од сè друго, тој го сакал своето богатство и затоа не можел да го љуби Бога со цело свое срце, со сета своја душа и со сите свои мисли. И токму затоа што љубовта кон богатството му била на прво место, неговите очи биле затворени за потребите на неговите ближни. Тој не ги сакал ближните како што се сакал себе си, затоа и не можел да ги држи последните шест заповеди. Неговото срце било таму каде што било и неговото богатство. Дозволил овоземниот имот практично да го проголта. Го сакал своето богатство повеќе од Бог, повеќе од сето небесно богатство. Тој го слушнал условот за своето спасение од Христовите усни. Доколку продал сè и тоа им го дал на сиромашните, би имал богатство на небото. Со тоа требало да покаже дали го цени вечниот живот повеќе од земното богатство. Дали со голема желба ја прифатил можноста да го добие вечниот живот? Дали сердно се заложил да се ослободи од она што го спречувало да стекне богатство на небото? О, не; „тој си отиде нажален, бидејќи беше многу богат". {1C 171.3}

Укажано ми е на зборовите: „Полесно и е на камила да влезе низ игленине уши, отколку на богатиот да влезе во небесното царство". Христос додава: „На луѓето тоа им е невозможно, но сè му е можно на Бога". Еден ангел запраша: „Ќе допушти ли Бог богатите да влезат во небесното царство, иако тие го задржуваат своето богатство?" Друг ангел одговори: „Не, никогаш!" {1C 172.1}

Според она што ми е покажано, Божја намера е ова богатство исправно да биде употребено - со распределба да биде на благослов на сиромашните и да се даде за

напредок на Божјото дело. Оние што го сакаат своето земно богатство повеќе од своите ближни, повеќе од Бог и вистината на Неговото Слово, и кои дозволуваат срцето да им се прилепи за нивното богатство, нема да го наследат вечниот живот. Тие со поголемо задоволство би ја напуштиле вистината отколку што би го продале она што го имаат и да им дадат на сиромашните. Со тоа тие покажуваат колку го сакаат Бог и Неговата вистина; и налик на богатиот младич што е спомнат во евангелието, мнозина си заминуваат нажалени затоа што не можат да ги имаат и земното и небесното богатство. И затоа што не можат да го имаат и едното и другото, тие поради минливото овоземно богатство го жртвуваат вечниот живот. {1C 172.2}

„Полесно и е на камила да помине низ иглени уши, отколку на богатиот да влезе во небесното царство". Меѓутоа, со Божја помош сè е можно. Вистината, внесена во срцето со силата на Божјиот Дух, ќе ја протера љубовта кон земното богатство. Љубовта кон Христос и љубовта кон земното богатство не можат да живеат заедно во срцето. Љубовта кон Бога е толку повозвишена од љубовта кон богатството, така што оној што ја поседува раскинува со своето минливо богатство и сета своја наклоност му ја посветува само на Бог. Таа љубов тогаш го наведува со својот имот да го помага Божјото дело. Најголемо задоволство тој сега наоѓа во тоа исправно да располага со добрата на својот Господар. Љубовта кон Бог и кон ближните му е побитна од сè друго и, имајќи на ум дека сето она што го има не е негова сопственост, тој совесно ја врши должноста на Божји повереник. Тогаш тој навистина може да ги држи двете големи заповеди на Божјиот закон: „Љуби го Господ, својот Бог, со цело свое срце, со сета своја душа, со сите свои мисли". Љуби го ближниот свој како самиот себе.„ На овој начин и на богатиот му е можно да влезе во небесното царство". И секој што ќе остави куќа, или браќа, или сестри, или татко, или мајка, или жена, или деца, или земја поради Моето име, ќе прими сто пати повеќе, и ќе добие и живот вечен. Но мнозина први ќе бидат последни, а последните први.„ {1C 172.3}

Тоа ќе биде награда за сите оние што жртвуваат за Бог. Тие ќе примат сто пати повеќе во овој живот, и ќе наследат вечен живот во царството на славата. „Но мнозина први ќе бидат последни, а последните први.„ Покажани ми се некои од оние што ја прифатиле вистината, но не живеат според неа. Тие се неразделиво прилепени за својот имот и не се подготвени било што да дадат за напредок на Божјото дело, бидејќи немаат вера да се потпрат на Бога. Љубовта кон светот практично ја уништила нивната вера. Бог бара еден дел од нивниот имот, но тие не се осврнуваат на тоа. Тие сметаат дека сето она што го имаат го стекнале со активна работа, и затоа тоа не можат да му го позајмат на Господ, бидејќи и самите би можеле да западнат во немаштија. „О, зошто сте толку маловерни?„ Бог кој се грижел за Илија во времето на страшна суша и глад, нема да остави никој од Своите самопожртвувани деца. Оној што знае за секое влакно на нивната глава, секогаш ќе води грижа за нив, и во денови на глад нивните потреби ќе бидат задоволени. И додека сите безбожници околу нив ќе умираат од глад, на нив и лебот и водата ќе им бидат обезбедени. Оние што грчевито се држат за своето овоземно богатство и не управуваат како треба со она што Бог само им го позајмил, ќе го загубат богатството што би можеле да го имаат на небото, а ќе го загубат и вечниот живот. {1C 173.1}

Бог во Своето провидение ги раздвижил срцата на одделни богати луѓе, и ги обратил во вистината за да можат со своите средства да придонесат за напредокот на Божјото дело. И ако оние што располагаат со материјални добра не сакаат да ја исполнуваат Божјата намера, Тој ќе помине покрај нив и ќе подигне други што ќе ги пополнат нивните места и со своите средства, со задоволство ќе ги задоволат потребите на Неговото дело.

На тој начин последните ќе бидат први. Бог ќе пронајде такви што ќе бидат подготвени да се заложат за напредок на Неговото дело. {1C 174.1}

Бог би можел од небото да прати средства за спроведување на Неговото дело; но тоа не е во склад со Неговите намери. Тој сака луѓето да бидат орудија во Неговата рака. Бидејќи толку голема жртва е принесена поради нив, тие треба да учествуваат во делото на спасување, поднесувајќи жртви едни за други, покажувајќи со тоа колку ја ценат жртвата што била принесена поради нив. {1C 174.2}

Укажано ми е на зборовите од посланието на Јаков 5:1-3: „Одете сега, вие богати, плачете и ридајте поради лутите неволји што доаѓаат на вас. Вашето богатство изгни, и вашите облеки ги изедоа молци. Вашето злато и вашето сребро се претвори во ‘рѓа, и таа ќе биде сведоштво против вас и ќе го изеде вашето тело како оган. Стекнавте богатство во последните денови”. {1C 174.3}

Покажано ми е дека овие страшни зборови посебно се однесуваат на оние богаташи кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина. Господ ги повикува своите средства да ги употребат за ширење на Неговото дело. Постојано им се укажуваат можности за тоа, но тие ги затвораат очите пред потребите на делото и грчевито се држат за своето земно богатство. Нивната љубов кон светот е поголема од нивната љубов кон вистината, кон ближните и кон Бог. Тој ги бара нивните средства, но тие себично и лакомо го задржуваат сето она што го имаат само за себе. Од време на време можеби даваат по нешто за да ја смират својата совест, но не можат да ја победат својата љубов кон светот. Тие не се подготвени вистински да се жртвуваат за Бога. Затоа Бог, подигнува други кои го ценат вечниот живот и сфаќајќи ја барем малку вредноста на душата, со задоволство даваат средства за напредок на Божјото дело. Делото се ближи кон својот крај, и средствата на оние што упорно го задржуваат своето богатство, своите големи имоти, стока и останато, наскоро веќе нема да биде потребна. Видов како Господ им се обраќа на таквите во Својот гнев, повторувајќи ги зборовите: „Одете сега, вие богати!” Тој ве повикувал, но вие не сакавте да слушнете. Љубовта кон светот го задуши Неговиот глас. Сега повеќе не сте Му потребни и Тој ве препушта да одите по своите сопствени патишта, велејќи: „Одете сега, вие богати!” {1C 174.4}

О, видов колку е страшно да се биде напуштен од Господ страшно е да се задржува пропадливото овоземно богатство, кога Тој рекол дека со продажба и со давање прилози можеме да собираме богатство на небото. Видов дека, кога делото ќе се приближи кон својот крај и кога вистината ќе добие голема сила, тие богати ќе ги донесуваат своите средства пред нозете на Божјите слуги, молејќи ги да го примат тоа. Одговорот на Божјите слуги ќе биде: „Одете сега, вие богати! Вашите средства веќе не се потребни. Додека со тие средства можевте да придонесете за напредокот на Божјото дело, вие ги задржувавте за себе. Сиромашните страдаа, бидејќи не можеше да им се помогне затоа што вие ги задржувавте средствата. Сега Бог веќе не може да го прими вашето богатство”. {1C 175.1}

Тогаш ми беше укажано на овие зборови: „Ете, вика платата на вашите работници кои работеа на вашите ниви, а вие ги задржувавте нивните плати. Молитвите на жетварите дојдоа до ушите на Господ Саваот”. Видов дека сите богатства што ги стекнуваат луѓето не се од Бога. Во стекнувањето на богатство сатаната често прави далеку повеќе отколку Бог. Многу богатство се стекнува со задржување на платите на наемниците. По природа, лакомите богаташи своето богатство го зголемуваат експлоатирајќи ги своите наемници, и користејќи туѓа работна сила тие си насобираат богатство што ќе „го изеде нивното тело како оган”. {1C 175.2}

Оние на кои строгата чесност и чесното однесување не им биле доблести мораат потполно да го променат својот животен пат, и одлучно да работат на тоа да го откупат тоа што го пропуштиле. Во тоа грешат и мнозина од оние што ја празнуваат саботата. Некои ги искористуваат дури и своите сиромашни браќа. Оние што живеат во изобилство бараат за она што го продаваат повеќе од реалната вредност, повеќе од тоа колку тие би платиле, додека нивните браќа се оптоварени со долгови и измачени со немаштија. Бог знае за сето тоа. И за секоја себична постапка, за секое лакомо изнудување, луѓето ќе примат соодветна плата. {1C 176.1}

Видов дека невнителноста кон ситуацијата во која се наоѓа нашиот брат е вистинска свирепост и неправда. Ако тој и покрај сета своја трудољубивост западнал во немаштија и неволја, тоа треба да се земе во предвид; и кога нешто купува од оние што се побогати не би требало дури и да му наплатат, туку како браќа да имаат срце и сожалување кон него. Таквите постапки на добрина и љубов Бог ги одобрува, и нема да останат ненаградени. Но против многу од оние што ја празнуваат саботата се пишуваат страшни извештаи поради нивните себични и лакоми постапки. {1C 176.2}

Укажано ми е на времето кога беше мал бројот на оние што беа подготвени да ја слушаат и да ја прифатат вистината. Тие немале многу средства и световни добра. Оние што можеле да приложат средства за потребите на делото биле малку. Сфаќајќи ги потребите на делото, некои ги продавале своите куќи и купувале поскромни кои им служела само како засолниште, додека своите средства великодушно ги давале за ширење на вистината по пат на печат, и на разни други начини го потпомагале напредувањето на делото. Гледајќи ги тие самопожртвувани верници, видов дека тие се лишувале од многу нешта во интерес на Божјото дело. Видов како ангелот стои пред секој од нив и, насочувајќи го нивниот поглед нагоре, нагласува: „Вашето богатство е на небото! Вашето богатство е на небото, богатство кое не пропаѓа. Бидете истрајни до крајот, и голема ќе биде вашата награда”. {1C 176.3}

Бог ги поттикнал срцата на мнозина. Вистината за која само неколкумина се жртвувале со цел таа да допре до другите, триумфално допираше до срцата на искрените луѓе, и мнозина ја прифатија. Бог во Своето провидение ги поттикна оние што располагаат со средства и ги доведе до вистината, за да можат да бидат задоволени потребите на делото кои се зголемуваат во сразмер со брзината на неговото ширење. Многу средства на тој начин се внесени во редовите на оние што ја почитуваат саботата, и видов дека сега Бог не бара од припадниците на Својот народ да ги продаваат куќите во кои живеат, освен да се заменат скапите куќи со поевтини. Но ако оние што живеат во изобилство не се подготвени да го послушаат Неговиот глас, да раскинат со светот и дел од својот имот да жртвуваат за Бога, Тој ќе помине покрај нив и ќе ги повика оние што се подготвени да жртвуваат сè заради Христос, па дури и да го продадат покривот над главата ако тоа го бараат потребите на делото. Оние што приложуваат за напредок на Божјото дело треба да го сметаат тоа за предимство. {1C 176.4}

Некои даваат од своето изобилство, но поради тоа не чувствуваат никаков недостиг. Тие не се лишуваат од ништо посебно заради Христос, бидејќи сè уште го имаат сето она што срцето би можело да им го посака. Тие даваат доброволно и од срце и Бог тоа го цени, бидејќи пред Него е сè откриено, и делата, и побудите, и сето тоа верно се забележува во небесните книги. Наградата нема да изостане. Вие што немате можност да дадете толку обилно не морате да се притеснувате што не сте придонеле толку многу како некои други. Направете го тоа што можете. Одречете се од она без што може да се живее и жртвувајте го тоа за Божјото дело. Како сиромашната вдовица, приложете ги и

вие своите „две лепти”. Со тоа всушност ќе дадете повеќе од сите што даваат од своето изобилство, и ќе почувствувате колку големо е духовното задоволство кога се одрекувате од себе, кога давате на оној кому му е потребно, кога жртвуваате за вистината и така собирате богатство на небото. {1C 177.1}

Покажано ми е дека младите, посебно младите момчиња што ја исповедаат вистината, треба да се учат на самоодрекување. Кога повеќе би се жртвувале за вистината, тие би знаеле повеќе и да ја ценат. Таа би влијаела на нивните срца, би го облагородила нивниот живот, и би им била помила и посвета. {1C 177.2}

Младите не сакаат да го преземат на себе товарот за Божјото дело, ниту пак чувствуваат некаква одговорност во тој поглед. Дали Бог ги ослободил од тоа? О, не! Тие самите се ослободуваат! Товарот што тие не сакаат да го прифатат дополнително ги оптоварува другите. Тие не сфаќаат дека не се свои. Нивната сила и нивното време не им припаѓа само на нив. Тие се откупени со висока цена. Непроценлива жртва е принесена за нив, и ако не поседуваат дух на самоодрекување и пожртвуваност, никогаш нема да го наследат бесмртното наследство. {1C 178.1}

31. ПРЕДНОСТИ И ДОЛЖНОСТИ НА ЦРКВАТА

Ова се однесува на месната црква во Батл Крик, но ја опишува состојбата и предностите на браќата ширум светот: {1C 178.2}

Видов дека ги обвиткува густ темен облак, но неколку зраци на Христовата светлина сепак го пробиваат облакот. Барајќи да ги видам оние што ја примиле оваа светлина, забележав како некои сесрдно се молат за победа. Тие навистина се трудеа да му служат на Бога. Нивната истрајност во верата не беше напразна. Нив ги осветлуваше небесна светлина, додека над повеќето членови на црквата лебдеше темен облак. Тие беа умртвени и мрзливи. Големи беа страдањата на мојата душа додека го гледав тоа. Го запрашав ангелот дали таа темнина можеше некако да се избегне. Тој рече: „Погледни!” Тогаш забележав како припадниците на црквата почнуваат да стануваат и да упатуваат сесрдни молитви на Бога, како зраци на светлина продираат низ таа густа темнина, а облакот го снемува. Чиста небесна светлина засветлува над нив и тие со света доверба своето внимание го насочија кон небото. Ангелот рече: „Тоа е нивна предност и должност”. {1C 178.3}

Сатаната слегувајќи на земјата работи со голема сила бидејќи знае дека му е кратко времето. Неговите ангели се многу активни, и мнозина од Божјиот народ дозволуваат да бидат од нив успиени. Повторно почнаа да се собираат облаци и ги покрија собраните верници. Покажано ми е дека таа несреќа може да се отстрани само со сесрдни напори и истрајна молитва. {1C 178.4}

Потресните вистини на Светото Писмо ги поттикнуваат понекогаш до извесна мера припадниците на Божјиот народ. Овде или таму тие вложуваат по некој напор со цел да победат, но брзо се заморуваат и повторно запаѓаааат во истата состојба на млакост. Видов дека им недостасува истрајност и цврста одлучност. Кога во борбата за спасение на душите тие би вложувале иста таква енергија и сесрдност каква што вложуваат за да стекнат овоземно богатство, целта сигурно би била постигната. Видов дека припадниците на црквата можат исто така добро да пијат од полна чаша како што сега ја држат празна на своите усни. {1C 179.1}

Не е во склад со Божјите планови некои без никаква загриженост да ги отфрлаат одговорностите, додека другите се преоптоварени со работа. Некои го чувствуваат товарот на одговорностите за напредок на делото и ја гледаат потребата да собираат со Христос, а не да растураат. Други, спротивно на тоа, ги отфрлаат од себе сите одговорности, постапувајќи на начин како да немаат никакво влијание или одговорност во делото. Таквите всушност растураат. Бог секого ќе го награди според неговите дела. Сите оние што овде учествуваат во Неговото дело на спасението и сакаат подоцна да го наследат и царството на славата, мораат да собираат со Христа. Секој мора да чувствува дека е одговорен пред Бога за својот сопствен случај како и за влијанието што го вршат на другите. За оние што ќе опстанат на патот на христијанството, Христос ќе биде надежта на славата и тие со задоволство ќе зборуваат за Неговата слава, за со тоа да се освежуваат и поткрепуваат. Делото на нивниот Учител секогаш ќе им биде драгоцено, и тие ќе настојуваат да го унапредат и да му укажат чест со својот свет начин на живот. „Секој талент," кажува ангелот, „Бог ќе го бара со добивка". Користејќи ги своите способности добиени од Бога, секој христијанин мора постојано да напредува од сила во сила. {1C 179.2}

---

32. РЕШЕТАЊЕ

На 20-ти ноември, 1857-та година, покажано ми е како во Божјиот народ доаѓа до големо и силно решетање. Видов некои кои со силна вера и постојана молитва, сериозно и со страв се борат со Бога. Нивните лица беа бледи и на нив се гледаше длабоко неспокојство и загриженост, израз на нивната тешка внатрешна борба, но и голема одлучност и сериозност додека од челата им капат крупни капки пот. Понекогаш светлина ги осветува нивните лица, што се знаци на Божјото одобрување, а потоа повторно ги обзема истиот израз на свечена сериозност и загриженост. {1C 179.3}

Лошите ангели се собираа околу нив обвиткувајќи ги со густа темнина и обидувајќи се нивниот поглед да го оттргнат од Христос и да го насочат само кон темнината што ги опкружува, за да се посомневаат во Бога и да почнат да мрморат против Него. Нивната сигурност е во тоа постојано својот поглед да го насочуваат горе. На Божјите ангели им е дадена наредба будно да бдеат над припадниците на Неговиот народ, и додека отровната атмосфера на злите ангели ги обвива тие вознемирени души, небесните ангели постојано мавтаат над нив со своите крилја растерувајќи ја густата темнина. {1C 180.1}

Мнозина, како што ми е покажано, воопшто не учествуваат во таа борба и сериозна молитва. Тие изгледаат потполно рамнодушни и безгрижни. Воопшто не се спротивставуваат на темнината што ги обвива и потполно се потонати во густиот мрак. Ангелите чувари ги напуштаат таквите и одат да им помогнат на оние што сесрдно се молат. Видов како Божјите ангели брзаат да им помогнат на оние што со сите сили се борат да се спротивстават на злите ангели, и настојуваат да добијат помош со истрајна молитва повикувајќи го Бога. Оние пак што не вложуваат никакви напори за да добијат помош од Бога, ангелите ги напуштаат, и повеќе не ги видов. Додека оние што се молат продолжуваат да ги упатуваат своите сесрдни молитви, до нив од време на време

допираат зраците на Христовата светлина што ги охрабрува нивните срца и ги осветлува нивните лица. {1C 180.2}

Прашав што претставува ова решетање и ми беше кажано дека тоа го предизвикал Верниот Сведок со Своето директно сведоштво што го упатил до Лаодикејската црква. Ова сведоштво ќе влијае на срцата на оние што ќе го прифатат и тие ќе постават пред себе висока цел и ќе ја објавуваат директната вистина. Некои нема да го прифатат ова директно сведоштво туку ќе го отфрлат сметајќи дека не се однесува на нив, ќе станат против него, и тоа ќе доведе до решетање меѓу Божјиот народ. {1C 181.1}

Покажано ми е дека сведоштвото на Верниот Сведок слабо се прифаќа. Ова свечено и сериозно сведоштво од кое зависи судбината на црквата многу малку се цени, но не е потполно отфрлено. Ова сведоштво мора да предизвика длабоко каење и секоја душа која навистина ќе го прими, ќе го послуша неговиот совет, ќе се исчисти од своите гревови. {1C 181.2}

Ангелот ми рече: „Слушај!" Набргу слушнав гласови што се слеваа во совршена хармонија слично на акорди на многу музички инструменти. Тоа ја надминуваше секоја музика што ја имав слушнато, изразувајќи потполна среќа, сочувство и света радост што ја воздига и облагородува душата. Ова длабоко го трогна целото мое битие. Потоа ангелот ми рече: „Погледни!" Тогаш ми беше свртено вниманието на споменатата група што беше силно решетана. Ми беа покажани оние што претходно ги видов како плачат и се молат во душевен страв и болка. Бројот на ангели што ги чуваа стана двоен, и тие, облечени во „сето Божје оружје" од глава до пети, се движат во совршен ред, слично на чета војници. На лицата им се гледаат траги од претрпениот душевен страв и тешката борба низ која поминуваат. Но тие лица, на кои порано можеше да се види тешка внатрешна борба, сега се осветлени со светлина и слава од небото. Тие извојуваа победа, и тоа во нив буди чувство на најдлабока благодарност и светлина на духовна радост. {1C 181.3}

Бројот на припадниците на оваа група се намалува. Некои, бидејќи се изрешетани, застануваат на патот. Безгрижните, рамнодушните - не придружувајќи се на оние што се молат и истрајно се борат за победа и спасение - не успеваат да извојуваат победа и застануваат во темнина, а нивните места веднаш ги пополнуваат други што ја прифаќаат вистината и влегуваат во редовите на адвентистите. Злите ангели сè уште се околу нив, но немаат веќе никаква сила над нив. {1C 182.1}

Ги слушнав оние што беа облечени „во сето Божје оружје" како ја објавуваат вистината со голема сила и силно влијание. Мнозина сè до тоа време ќе бидат врзани - жени за своите мажи, а децата за родителите. Меѓутоа, искрените души кои порано биле спречени да ја слушнат вистината, сега сесрдно ја прифаќаат. Го снемува секој страв од родниците и блиските, бидејќи вистината им е поважна од сè друго. Тие чувствуваат вистинска глад и жед за вистината, бидејќи таа им станува помила и подрагоцена од животот. Запрашав која е причината за ваквата голема промена. Еден од ангелите одговори: „Тоа е позниот дожд, освежување од лицето на Господ, и гласниот вик на Третиот ангел". {1C 182.2}

Голема сила ги следи овие избрани. „Погледни!" рече ангелот. Тогаш ми беше свртено вниманието на безбожниците и неверниците. Сите се многу вознемирени. Ревноста и силата на Божјиот народ ги возбудува и го распалува нивниот гнев. На сите страни настанува збрка и тревога. Видов како се преземаат мерки против припадниците на црквата што ја имаат светлината и Божјата сила. Темнината што ги обвива станува уште погуста, но тие стојат цврсто надевајќи се во Бога и свесни за Неговото одобрување.

Видов дека и нив ги снаоѓаат неволји и дека се збунети, а потоа слушнав како сесрдно го повикуваат Бога во молитва. Дење и ноќе тие не престануваат да молат: „Нека биде Твојата волја, о Боже! Ако е тоа на прослава на Твоето име, отвори го патот за избавување на Твојот народ. Ослободи нè од незнабошците што нè опкружуваат. Тие донеле одлука да нè уништат, но Твојата рака може да ни донесе спасение!" Тоа е сè што можев да запомнам. Видов како сите тие длабоко ја чувствуваат својата недостојност, подготвени потполно да се покорат на Божјата волја. Но сепак, слично на Јаков, секој поединец без исклучок, сесрдно се моли и бори со Бога за своето ослободување. {1С 183.1}

Тие наскоро почнуваат да повикуваат толку сесрдно што ангелите, поттикнати од сочувство, сакаат да ги ослободат. Но еден висок ангел заповедник не го дозволува тоа. „Божјата намера сè уште не е потполно остварена, - кажува тој. Тоа е чаша што тие мораат да ја испијат, крштавање со кое морат да бидат крстени". {1С 183.2}

Наскоро потоа го слушнав Божјиот глас што го потресе небото и земјата. Настанува силен земјотрес. На сите страни зградите почнуваат да се лулаат и да се рушат. Потоа слушнав силен, мошне милозвучен и јасен извик на победа. Ги гледам припадниците на црквата кои до пред малку беа така потиштени и заробени. Дојде крај на нивното робување. Величествена светлина ги осветлува нивните лица. Колку прекрасно сега изгледаат! Ја снемува секоја трага на грижа и изнемоштеност, а здравје и убавина светат на секое лице. Нивните безбожни непријатели што се насекаде околу нив, паѓаат како мртви на Земјата, зашто не можат да ја издржат светлината што свети од лицата на ослободените верници. Оваа светлина и слава останува на нив сè додека Исус не се појави на небесните облаци, и тогаш испитаните припадници на црквата во еден момент, додека затрепери окото, се преобразуваат од слава во слава. Гробовите на верниците се отвораат и тие излегуваат облечени во бесмртност, и извикуваат: „Победа над смртта и гробот!" Потоа, заедно со живите свети, се вознесуваат во пресрет на Господ во воздухот, додека силен глас на слава и победа складно одѕвонува од секој јазик на бесмртното мноштво спасени. {1С 184.1}

Број пет

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

33. ЛАОДИКЕЈСКАТА ЦРКВА

Драги браќа и сестри, Господ повторно ме посети со многу милост. Изминатите неколку месеци бев мошне потиштена. Ме притискаше тешка болест. Со години страдав од дропсија и болест на срцето, што постојано ги ослабнуваше моите духовни сили и ја поткопуваше мојата вера и храброст. Пораката упатена до Лаодикеја не доведе меѓу Божјиот народ до сесрдно покајание што очекував да го видам, и тоа многу ме збунуваше и ми задаваше тешка болка. Болеста земаше се повеќе сила, и ми се чинеше дека неизбежно ќе морам да умрам. Немав веќе никаква желба да живеам и затоа немав ниту сила ниту волја со вера да се молам за своето оздравување. Често, при

заминување на ноќен одмор, бев живо осведочена дека сум во опасност да умрам пред да се раздени. Во таква состојба, една ноќ потполно изнемоштев и паднав во несвест. Веднаш се повикани браќата Ендрус и Лофбороу, кои најсесрдно се молеле на Бога за моето оздравување. Ја снема депресијата и тешкиот товар што толку болно го притискаше моето срце, и во визија ми беа покажани подробностите што сега ви ги изнесувам. {1C 185.1}

Видов дека токму сатаната беше тој што сакаше да ме обесхрабри на таков начин во очај да ја побарам смртта од животот. Според она што ми е покажано, Божјата намера не е уште сега да прекинам со работа и да одам во гроб, бидејќи во таков случај непријателите на нашата вера би ликувале, а срцата на Божјите деца би биле ожалостени. Видов дека често ќе бидам изложена на душевна болка и многу страдања, но сепак ми е дадено и ветување дека моите од моето најблиско опкружување ќе ме храбрат и ќе ми помагаат за да не се обесхрабрам и изнемоштам под немилосрдните удари на сатаната. {1C 185.2}

Покажано ми е дека сведоштвото за Лаодикеја се однесува на припадниците на Божјиот народ во ова наше време, а причината што тоа не извршува подлабоко влијание е бесчувствителноста на нивните срца. Но Бог остава време пораката да го изврши своето дело. Срцето мора да биде исчистено од гревовите кои толку долго време ја затворале вратата за Исус. Таа застрашувачка порака ќе го изврши своето дело. Кога беше првпат објавена, доведе до внимателно преиспитување на срцето и признавање на гревовите. Божјиот народ насекаде беше поттикнат. Скоро сите веруваа дека таа порака ќе се заврши со гласниот вик на Третиот ангел. Но пропуштајќи да го видат нејзиното силно влијание, за кратко време мнозина ја загубија од вид и самата смисла на пораката. Видов дека целта на оваа порака не може да се оствари за неколку кратки месеци. Нејзина цел е да ги разбуди припадниците на Божјиот народ, и - разоткривајќи го нивното духовно пропаѓање - да ги доведе до сесрдно покајание, за со благодатта на Исусовото присуство да се подготват за гласниот вик на Третиот ангел. Во срцето на оние на кои оваа порака делуваше дојде до длабока понизност пред Бога. Ангелите беа праќани на сите страни за да ги подготват срцата на неверниците за вистината. Божјото дело почна да напредува, и Неговиот народ беше запознаен со својата духовна состојба. Доколку советот на Верниот Сведок беше во потполност прифатен, Бог со поголема сила ќе се залагаше за Својот народ. Сепак откако оваа порака почна да се објавува, вложените напори ги пратеше Божји благослов и многу души се изведени од темнината на заблудата за да се радуваат на вистината. {1C 186.1}

Бог ќе го провери Својот народ. Трпеливо поднесувајќи ги, Христос не сака веднаш да ги „изблуе" од Својата уста. „Бог го одмерува Својот народ," кажа ангелот. Доколку објавувањето на пораката траеше толку кратко како што мнозина од нас претпоставуваа, немаше да има време одредени поединци да го развијат својот карактер. Мнозина од оние што оваа свечена и застрашувачка порака ги поттикна, се раководеа од чувствата, а не од начелата и верата. Таа делуваше на нивните чувства и пробуди страв во нив, но не ја оствари својата од Бога одредена цел. Бог го чита срцето. За припадниците на Божјиот народ во поглед на својата состојба да не се измамуваат самите себе, Тој остава време возбудувањето да помине, а потоа ги проверува за да се види дали навистина го прифатиле советот на Вистинскиот Сведок. {1C 186.2}

Бог ги води припадниците на Својот народ, чекор по чекор. Тој ги доведува во различни положби и околности за да се покаже што им е во срцето. Таквата проверка некои успешно ја издржуваат во еден поглед, но паѓаат на друго место. При следната

проверка срцето се изложува на посериозен испит. Но припадниците на Божјиот народ чувствуваат отпор во своето срце кон овој сосем оправдан процес, што треба да ги осведочи дека во тој поглед мора да извршат одлучна промена ако не сакаат да бидат изблуени од устата Господова. Според зборовите на ангелот: „Бог сè погрижливо ќе го проверува секој поединец во Својот народ". Некои со задоволство прифаќаат една работа, но кога Бог ќе ги стави на проверка во нешто друго, тие застануваат и се враќаат назад, бидејќи тоа го погодува некој нивен омилен идол. Овде им се дава можност да увидат што е тоа во нивното срце што му ја затвора вратата на Исус. Тие нешто друго ценат повеќе од вистината, и не се подготвени да го примат Христос во своето срце. Поединци долго се испитуваат и се проверуваат за да се види дали ќе ги жртвуваат своите идоли и дали ќе го послушаат советот на Вистинскиот Сведок. За оние што не сакаат со послушност кон вистината да бидат очистени од своите гревови и да ја победат својата себичност, гордост и сите лоши склоности, Божјите ангели имаа налог: „Тие неразделно се приврзани за своите идоли, оставете ги," и тие ќе ја продолжат својата задача препуштајќи ги таквите - заедно со нивните гревови и несовладани склоности – на контролата на злите ангели. Оние што успешно ќе ги поминат сите проверки, и ќе излезат како победници, без оглед на цената, значи дека го послушале советот на Вистинскиот Сведок, па ќе го примат позниот дожд и така ќе бидат подготвени за преобразување. {1C 187.1}

Бог го проверува Својот народ во овој свет. Тоа е место на потребната подготовка за да се јавиме во Негова присутност. Овде, на овој свет, секој поединец во овие последни денови покажува која сила делува на неговото срце и ги контролира неговите постапки. Ако е тоа силата на Божјата вистина, таа го поттикнува секој човек што ќе ја прими да прави добри дела, го воздигнува и го прави благороден и великодушен каков што бил и неговиот божествен Учител. Меѓутоа, ако во срцето господарат злите ангели, тоа ќе се одрази на сосем поинаков начин. Плодовите ќе бидат: себичност, лакомост, гордост и зли страсти. {1C 188.1}

Срцето е измамливо повеќе од сè друго и е очајно зло. Оние што ја исповедаат верата често не се подготвени внимателно да се преиспитуваат самите себе за да видат дали се навистина во верата или воопшто не се, и многу страшен е фактот што мнозина негуваат лажна надеж. Некои се повикуваат на своите стари искуства што ги стекнале пред многу години, но сега кога сите се повикани самокритички да го преиспитаат своето срце и да ги изнесуваат своите секојдневни искуства, тие немаат што да кажат. Тие изгледа мислат дека самото исповедање на вистината ќе ги спаси. Но, само кога ќе ги победат своите гревови што му се одвратни на Бог, Христос ќе може да вечера со нив и тие со Него. Тогаш од Него ќе примат божествена сила за да израснат во Него, и ќе бидат во состојба во света радост да кажат: „Благодарност само на Бог, кој ни даде победа преку нашиот Господ Исус Христос". Господ би бил позадоволен кога таквите млаки исповедници на верата никогаш не би се нарекле со Неговото име. Тие претставуваат постојан товар и пречка за оние што инаку би биле верни Христови следбеници. Тие се камен за сопнување за неверниците, а злите ангели ликуваат над нивното недолично однесување и тоа зајадливо им го дофрлаат на Божјите ангели. Таквите претставуваат проклетство за Божјото дело, во својата куќа или било каде да се најдат. Тие со устата се приближуваат до Бога, но со своето срце се далеку од Него. {1C 188.2}

Покажано ми е дека припадниците на Божјиот народ не треба да ја прифаќаат модата и обичаите на овој свет. Правејќи го тоа, некои трајно го загубиле оној особен

свет карактер по кој, како Божји народ, треба да се разликуваат од светот. Насочувајќи го моето внимание на Израелците во старо време, ангелот ми рече нивната облека да ја споредам со модерниот начин на облекување во овие последни денови. Каква разлика! Каква промена! Тогаш жените не биле толку нескромни како денес. Кога би се појавиле на јавно место тие го засолнувале своето лице со шамија. Во овие последни денови модерниот начин на облекување е срамен и недоличен. Тоа е нагласено и во пророштвото. Најпрво тоа го вовеле оние што биле под потполна контрола на сатаната, „кои оставајќи ја чесноста се предадоа на бесрамноста, за правење на секаква нечистотија и срамни уживања". Кога оние што тврдат дека се Божји народ не би биле толку далеку од Него, разликата во начинот на облекување меѓу нив и останатиот свет би била многу по очевидна. Малите женски шешири што го покажуваат лицето и челото, покажуваат недостаток на скромност. Кринолините се срам.* Населението на светот е сè побројно и сè повеќе се изопачува, и разликата помеѓу нив и Божјиот Израел мора да биде видлива, или проклетството што ќе ги погоди тие поклоници на минливите задоволства ќе паднат и на народот кој исповеда дека е Божји. {1C 188.3}

Ми беше укажано на следните стихови кои, според зборовите на ангелот „претставуваат упатство за Божјиот народ". „Така и жените во пристојна облека, со срамежливост и чесност да се украсуваат себеси, а не со плетенки, ниту со злато, или сребро, или со скапоцена облека, туку со добри дела како што им прилега на жени кои исповедаат побожност" (1. Тимотеј 2:9,10). „Вашето украсување да не биде надворешно, односно во плетењето на косите, китењето со злато или облекување на облеки, туку - внатрешна, во срцето на скриениот човек, во постојаност и тивок дух, што е драгоцено пред Бога. Зашто така некогаш се украсуваа и светите жени, кои се надеваа на Бога". (1. Петрово 3:3-5). {1C 189.1}

Млади и стари, Бог ве проверува сега, во овој живот. Сега носите одлука за вашата вечна судбина. Вашата гордост, вашата наклоност кон модата и обичаите на овој свет, вашите безначајни разговори, празните зборови и себичноста, сето тоа се става на вага, и тежината на злото страшно сведочи против вас. Вие сте сиромашни, бедни, слепи и голи, бидејќи злото што во вашето срце пушта сè подлабок корен истовремено го задушува доброто семе што овде било порано посеано и ангелите наскоро ќе мораат да кажат дека вашите гревови веќе не можат да бидат очистени со „никаква жртва и принос довека," како што било кажано за домот на првосвештеникот Илија. Видов дека мнозина кои немаат во себе ниту еден зрак на светлина од Христос си ласкаат дека се добри христијани. Тие не знаат што значи да се биде препороден од Божјата благодат, ниту имаат искуство во животот што му е угодно на Бога. Видов дека Божјиот меч е наостren за да ги истреби. О, кога сите што се така млаки во својот духовен живот би можеле да сфатат какво чистење ќе направи Бог меѓу оние што тврдат дека се Негов народ! Драги пријатели, не се залажувајте во поглед на својата духовна состојба. Вие не можете да го излажете Бога. Верниот и Вистински Сведок кажува: „Ги знам твоите дела". Третиот ангел ги води припадниците на Божјиот народ чекор по чекор, воздигнувајќи ги на сè повисоко духовно ниво; и на секој од тие чекори тие ќе бидат проверувани. {1C 189.2}

Планот на систематско добродетелство* е по Божја волја. Укажувајќи ми на деновите на апостолите, Господ ми покажа дека планот на систематско помагање е прифатен набргу по излевањето на Светиот Дух врз апостолите, и Тој преку Духот на пророштвото тоа му го препорачувал на Својот народ. Учество во тоа земале сите, давајќи од своите овоземни добра на оние што им служеле во нивните духовни потреби.

Поучувани се исто така дека вдовиците и сирачињата со право треба да се потпираат на нивната милост. Чистата и беспрекорна вера бара да ги посетуваме вдовиците и сирачињата во нивните неволји, внимавајќи се да не бидеме опоганети од светот. Покажано ми е дека тоа не значи да им се укажува наклоност само со утешни зборови, туку да им се помага, ако е потребно и со материјални средства. Младите мажи и жени на кои Бог им дал благодат на добро здравје можат да примат голем благослов помагајќи им на вдовиците и сирачињата во нивните неволји. Видов дека Бог очекува од младите повеќе да се жртвуваат за доброто на другите. Тој од нив бара повеќе отколку што се тие подготвени да направат. Кога тие би се чувале подалеку од светот за да не се опоганат, и кога не би се поведувале по модата, штедејќи го тоа што љубителите на уживањата го трошат за бескорисни работи и за задоволување на гордоста, а давајќи го тоа на сиромашни што се достојни да примат помош или за напредок на Божјото дело, тие би го заслужиле одобрувањето на Оној што кажува: „Ги знам твоите дела”. {1C 190.1}

На небото владее совршен ред и Бог ги одобрува напорите на Својот народ во настојувањето во Неговото дело на земјата да се воведат ред и систем. Покажано ми е дека редот треба да биде воспоставен и во Божјата црква, и дека е неопходен систем за да може последната порака на милоста со успех да се објави на светот. Планот на систематско добродетелство е од Бог, и тоа е токму една од оние точки во кои Бог го воздига Својот народ и која некои најмногу ќе ги погоди. За некои е тоа исто како и да се отсече десната рака и да се извади десното око, но за други тоа е голема помош. На оние што по природа се благородни и дарежливи овие барања им изгледаат мошне скромни, и тие не можат да бидат задоволни ако прават толку малку. На некои пак, кои се мошне богати, кога од своето изобилство со кое Бог ги обдарил ќе издвојат нешто за добротворни цели, им изгледа дека тој дар и прилог е многу голем. Себичното срце својот скромен дар го истакнува како нешто многу големо, и малата сума ја прикажува исто така како да е многу голема. {1C 191.1}

Ми беше укажано на почетокот на ова дело во последното време од историјата на Земјата. Тогаш некои на кои вистината им беше во срцето постојано можеа да зборуваат за пожртвуваност. Тие многу приложуваа во Божјото дело, за вистината да може да се однесе на другите. Таквите благовремено го испратиле своето богатство на небото. Браќа, вие кои подоцна ја прифативте вистината и имате големи поседи, Бог ве повика во оваа црква не за сами да уживате во оваа вистина, туку и со своите средства да помогнете ова големо дело да напредува. И ако навистина сте заинтересирани за ова дело, вие ќе имате и храброст нешто да вложите во него за со вашите напори и други да бидат спасени, и сите заедно да ја примите конечната награда. Поднесени се големи жртви и вложени големи напори за вистината со така јасна светлина да допре до вас. Сега Бог ве повикува, за возврат да вложите големи напори и жртви за вистината да допре до оние што се сè уште во темнина. Тоа Бог го бара од вас. Вие тврдите дека верувате во вистината; посведочите го тоа со своите дела. Без дела, вашата вера е мртва. Само живата вера ќе може да ве избави во страшните неволји што се токму пред вас. {1C 191.2}

Покажано ми е дека треба брзо и одлучно да делуваат оние што имаат големи имоти. Време е да приложуваат не само затоа што Бог денес ги помага туку и затоа што и порано ги помагал. Во деновите на апостолите, во планирањето посебно се водело сметка да не се случи некои да бидат многу натоварени, а други да бидат ослободени од секој товар. Должностите биле така распоредени за сите да учествуваат подеднакво

во носењето на товарите на црквата, секој според своите можности. „Секирата мора да се стави на коренот на дрвото," кажа ангелот. Оние чие срце, како и срцето на Јуда Искариотски, е приврзано за овоземното богатство, ќе негодуваат исто така како што и тој го правел тоа. Тој во срцето се полакомил за скапоценото миро што Марија го излеала на Христовите нозе, а потоа својата себичност сакал да ја сокрие под плаштот на побожна и совесна грижа за сиромашните. „Зошто ова миро не се продаде за триста гроша и тоа да им се даде на сиромасите?" Тој сакал тоа миро да дојде во неговата рака и тогаш немало толку расипнички да се троши на Спасителот. Тој би го употребил за себе или би го продал за пари што имал намера некако да ги присвои за себе. Тој својот Учител го ценел толку малку што за само триесет сребреници го продал на безбожните луѓе. И како што Јуда ги користел сиромашните како изговор за својата себичност, така и овие т.н. христијани, додека скријат под плаштот на некоја совесна постапка. Плашејќи се дека ќе станеме слични на другите цркви ако го прифатиме системот на редовно давање дарови и прилози - систематско добродетелство - тие се повикуваат на Христовите зборови: „Да не знае твојата лева рака што прави твојата десница". Тие изгледа сакаат совесно и буквално да се придржуваат на Библијата, но само на начин како што тие ќе сфаќаат во врска со ова прашање; но притоа, јасно го занемаруваат толку јасниот совет на Христос: „Продајте ги своите имоти и давајте милостиња". {1C 192.1}

„Пазете да не правите милостиви дела пред луѓето за тие да ве видат". Некои мислат дека овој стих значи дека своите дела на милосрдност и добродетелство треба да ги прават во тајност. Меѓутоа, Христос им го објаснил тоа на Своите ученици со следните зборови: „И затоа, кога даваш милостина, не разгласувај пред себе, како што прават лицемерите по синагогите и по улиците, луѓето да ги фалат. Вистина ви велам, тие веќе ја примиле својата награда". Тие даваат само затоа луѓето да ги сметаат за благородни и дарежливи. Тие примаат пофалба само од луѓе и тоа е, според Христовите зборови сè на што можат да се надеваат. Кај мнозина пак, левата рака не знае што прави десната рака, зошто десната всушност не прави ништо што би го заслужило вниманието на левата рака. Оваа Христова поука претставува укор за оние што сакаат само пофалба и слава од луѓето. Таквите својата милостиња со најголемо задоволство ја даваат на јавните собири, а пред да го направат тоа нивната дарежливост јавно се изнесува пред народот; и мнозина даваат големи суми само затоа луѓето да го воздигаат нивното име. А парите што така се даваат често пати се изнудени од другите, со експлоатација на најмените работници и со угнетување на сиромашните. {1C 193.1}

Покажано ми е дека овие цитати не се однесуваат на оние на кои Божјото дело им е навистина во срцето, и кои со своите средства на не фалбаџиски начин го потпомагаат неговото напредување. Ми беше укажано и на следните стихови: „Нека светлината на вашите светилки така свети пред луѓето за тие да можат да ги видат вашите добри дела, и да Го слават вашиот Татко кој е на небесата". „По нивните родови ќе ги познаете". Покажано ми е дека смислата на наведените стихови е во потполна согласност ако правилно ги разбереме. Добрите дела на Божјите деца претставуваат најгласната проповед за оние што не припаѓаат на нашата вера. Врз основа на тоа тие заклучуваат дека мора да постојат многу силни мотиви што ги поттикнуваат христијаните на такво самоодрекување да ги вложуваат своите средства за спасение на ближните. Тоа е во потполна спротивност со духот на овој свет. По таквите „родови" се препознаваат вистинските христијани. Тоа покажува дека тие постојано се стремат кон богатството што никогаш нема да пропадне. {1C 193.2}

Секој пат кога дава дар, дародавецот треба да има јасна и одредена цел. Никогаш не треба да се потпомага нечие безделничење, ниту да се дава за луѓето да ве видат и да ве величаат, туку Бог да се прослави со ширење на Неговото дело. Некои даваат големи прилози за Божјото дело додека некој сиромашен брат, во нивна непосредна близина, можеби е во оскудица од сè, а тие не прават ништо за да ги намалат неговите страдања. Со мали дела на љубов и добрина кон некој брат, направени без да забележи јавноста, срцата можат цврсто да се поврзат меѓу себе, и тоа ќе биде забележано на небото. Видов дека во формирањето на цените и во висините на платите оние што се богати треба да прават разлика во корист на бедните, вдовиците и достојните сиромаси. Меѓутоа, мошне често се случува богатите да ги експлоатираат сиромашните, задржувајќи ја сета можна добивка само за себе, и извлекувајќи им ја од рацете и последната пара. Сето тоа е запишано на небото пред Оној што кажува: „Ги знам твоите дела". {1C 194.1}

Најголемиот грев што сега постои во црквата е лакомост. Поради нивната себичност, Бог со неодобрување гледа на оние што тврдат дека се Негов народ. Неговите слуги го жртвуваат своето време и сила за да им го однесат словото на животот, но мнозина од нив со своите постапки покажуваат дека тоа многу малку го ценат. Ако се во можност понекогаш да му помогнат на некого од Божјите слуги тие тоа понекогаш и го прават; но најчесто го пуштаат да продолжи понатаму правејќи за него мошне малку. Ако изнајмиле некој работник, тие мораат да му платат цела дневница, но со самопожртвуваните Божји слуги тоа воопшто не е така. Тој се заложува за нив и со збор и со поука, го носи тешкото бреме на одговорностите на својата душа, со помош на Божјото Слово трпеливо укажува на опасните заблуди што ја доведуваат душата во опасност, ја нагласува неопходноста неодложно да се искорне каколот и плевелот што го гуши доброто семе, изнесува од ризницата на Божјото Слово и ново и старо за правилно да ги храни овците и јагнињата во Божјото стадо. Сите признаваат дека работата на мисионерот била благотворна за нив, но отровниот плевел лакомост толку длабоко е вкоренет во нивното срце што го пуштаат Божјиот слуга да си замине не давајќи му ништо од своите овоземни добра. Таквите со својот однос всушност покажуваат колку ја ценат неговата макотрпна работа. „Ги знам твоите дела," кажува Верниот и Вистинскиот сведок. {1C 194.2}

Покажано ми е дека Божјите слуги не се надвор од досегот на сатанските искушенија. Тие се често пати мета на најсилните сатански напади и мораат да водат тешка борба. Кога би можеле да бидат ослободени од својата професија, тие со задоволство би работеле со своите раце, Работата што сега ја работат ја прифатиле на повик на своите браќа, но кога ќе видат како таа малку се цени паѓаат во малодушност. Вистина е дека тие својата конечна награда ја очекуваат во вечноста и тоа ги држи, но нивните семејства мораат да имаат храна и облека. Нивното време им припаѓа на црквата и тие не можат да располагаат со него по своја волја. Тие се лишуваат од друштвото на своите домашни за да служат на благослов на другите, па сепак некои од оние за кои нивната работа е толку добротворна се потполно рамнодушни кон нивните овоземни потреби. Видов дека е погрешно да им се дозволи на ваквите да продолжат по својот пат, мамејќи се самите себе. Тие мислат дека Бог го одобрува нивниот став, но Тој ја осудува нивната себичност. Тие себични луѓе ќе бидат повикани пред Бог да положат сметка не само за тоа како ги трошеле своите пари што Тој им ги доверил, туку на сметката на тие неверни повереници ќе бидат ставени и сите душевни страдања што ги предизвикале кај избраните Божји слуги, попречувајќи ги нивните напори. {1C 195.1}

„Ги знам твоите дела," кажува Верниот и Вистински Сведок. Луѓето со себични и лакоми срца ќе бидат испитани. Некои не се подготвени да му посветат на Бога ниту мал дел од приходите на овоземните добра. А со каков ужас би се повлекле кога би им ја спомнале главнината? Што жртвувале тие за Бог? Ништо. Тие тврдат дека веруваат во Христовото доаѓање, но со своите дела тоа го негираат. Секој живее во склад со она во што верува. На оние што тврдат дека веруваат, но не се искрени во своето срце Христос им порачува: „Ги знам твоите дела". Тој ги мрази вашите скржави дарови, вашите осакатени жртви. {1C 195.2}

---

34. МОЛИТВЕНИ ДОМОВИ

Покажано ми е дека мнозина од оние на кои Бог им доверил финансиски средства сметаат дека можат слободно да ги користат за украсување на своите овоземни домови; меѓутоа, кога подигаат дом во кој треба да се молат на возвишениот Бог што живее во вечноста, тие не се подготвени за него да ги употребат средствата што Тој им ги позајмил. Во изразувањето благодарност на Бога за примената вистина, и во подготовката на место што одговара за богослужение тие не се трудат да ги надминат другите, туку гледаат да направат што помалку, сметајќи дека средствата вложени во подготовката на местото каде треба да се среќаваат со Севишниот се фрлени пари. Таквиот прилог претставува осакатена жртва, жртва со мана и неприфатлива е за Бога. Видов дека на Бога би му било помило кога Неговиот народ во подигањето на молитвените домови би покажал барем иста разумност како и при подигањето на своите куќи. {1C 196.1}

Жртвите што ги принесувале Израеловите синови морале да бидат без никаква мана и недостаток, најдоброто од целото стадо, и од секој Израелец се барало да земе учество во тоа. Божјото дело во времето во кое ние живееме ќе стане многу опсежно. Кога се подига дом за богослужение и молитва, не навредувајте го Господ со давање на нешто што личи на осквернета жртва. Во приложувањето за дом кој треба да се подигне за Господ, направете најдобро што можете. Покажете интерес тој дом да биде удобен и по својата функционалност и по изгледот. Некои мислат дека тоа не е битно, бидејќи времето е кратко. На таквите би им кажала: Тогаш така постапувајте и при средувањето на вашите куќи и во сите свои земни потфати. {1C 196.2}

Видов дека Бог може да го заврши делото без било каква помош од страна на човекот, но тоа не е во склад со Неговиот план. Животот на овој свет е сцена на проверка на човекот. Карактерот што ќе го понесе во вечноста, човекот го обликува на овој свет. Пред него се изнесува и добро и зло, и од изборот што самиот ќе го направи, ќе зависи неговата вечна судбина. Христос дошол да го измени текот на неговите мисли и неговите склоности. Неговото срце не треба да биде врзано за овоземното богатство, туку за непропадливото богатство на небото. Со своето самоодрекување и подготвеност на жртва ние придонесуваме за слава на Божјото име. Голема жртва е поднесена за спасение на човекот, и тој сега е испитуван да се види дали, според примерот на Христос, ќе се жртвува за своите ближни. Сатаната и неговите ангели се здружуваат во своите напори против припадниците на Божјиот народ, а Христос настојува да ги очисти и да ги направи слични на Себе. Тој со право очекува тие да го унапредуваат Неговото дело. На припадниците на Својот народ на овој свет Бог им оставил доволно средства

без тешкотии да го продолжат Неговото дело, и Негова намера е правилно да бидат употребени средствата што Тој им ги доверил. „Продајте го тоа што го имате и давајте милостиња," нагласено е во Светото Писмо. Божјите слуги мораат да одговорат на повикот: „Повикувај со сиот глас, не замолкнувај, подигни го својот глас како труба и објави му ги на Мојот народ беззаконијата негови, и на домот на Јаков гревовите негови". Божјото дело станува сè поопсежно, и ако припадниците на Божјиот народ го послушаат Неговиот совет, во нивните раце нема да остане многу од нивниот имот што ќе пропадне во последниот пожар. Сè ќе биде вложено во небесната ризница каде ниту молец ниту 'рѓа го нагризуваат; и срцето со тоа нема да им биде врзано за оваа земја. {1C 196.3}

---

35. ПОУКИ ОД ХРИСТОВИТЕ ПАРАБОЛИ

Покажано ми е дека параболата за талентите не се сфаќа во потполност. Оваа значајна поука е дадена на учениците за добро на христијаните што живеат во овие последни денови. Тие таленти не ги претставуваат само способностите да се проповеда и да се поучува од Светото Писмо. Оваа парабола се однесува и на земните средства што Бог му ги доверил на Својот народ. Слугите во споменатата парабола кои добиле по пет или по два таленти, тргувале и го удвоиле тоа што им било доверено. Од оние што поседуваат богатство и имот Бог бара своите пари да ги вложат во каматен интерес за Него - да ги вложат во ширењето на вистината. И ако вистината живее во срцето на оној што ја прима, тој со своите средства исто така ќе придонесе вистината да се однесе и на другите. Така, благодарение на неговите напори, неговото влијание и неговите средства, други души ќе ја примат вистината и тие ќе почнат да работат за Бога. Видов, меѓутоа, дека многу од оние што тврдат дека се Божји народ постапуваат слично на слугата што добиениот талент го сокрил во земјата. Со своите средства тие не го помагаат Божјото дело. Тие тврдат дека тоа е нивна сопственост и дека можат со тоа да располагаат по свое лично мислење, додека непредупредени пропаѓаат душите кои со разумно користење на тие средства би можеле да бидат спасени. Ангелите верно ги запишуваат делата на секој поединец. И кога судот ќе започне од Божјата куќа, пресудата за секој ќе биде запишана до неговото име, и на ангелот ќе му биде наредено таквите неверни слуги без притеснување да ги погуби во времето на погубување. Она што им било доверено ќе им биде одземено. Нивното овоземно богатство ќе го снема и тие ќе загубат сè. Круните што би им припаднале ним кога би останале верни, ќе бидат ставени на главите на тие што се спасени со верното залагање на оние чии средства непрекинато се употребувани во Божјото дело. А сите оние што со своите средства го потпомагаат делото на спасување на души, додаваат со тоа нови ѕвезди на своите круни во царството на славата и ја зголемуваат својата вечна награда. {1C 197.1}

Покажано ми е дека параболата за неверниот повереник, исто така, претставува поука за нас. „Создајте си пријатели со неправедно богатство за кога ќе осиромашите да ве примат во вечните живеалишта". Со правилна употреба на своите земни средства на слава на Бога, ние вложуваме во небесната ризница. И кога ќе го снема сето тоа што го поседува на овој свет, верниот повереник ги има за свои најблиски пријатели Исус и ангелите кои ќе го примат во вечното царство. {1C 198.1}

„Кој е верен во малку, верен е и во многу”. Оној што е верен во располагањето со својот земен имот, макар да е тоа и нешто најскромно, користејќи го совесно тоа што Бог му го позајмил овде, ќе биде исправен и во својот верски живот. „Кој е неверен во малку и во многу е неверен”. Оној што не е подготвен да му го врати на Бога она што му е дадено само на користење, ќе се покаже како неверен и во сè друго што Бог бара од нас. „И така, ако бевте неверни во неправедното богатство, кој ќе ви го даде вистинското?” Ако се покажеме неверни во управувањето со она што Бог овде ни го позајмил, Тој никогаш не ќе може да ни го даде бесмртното наследство. „И ако во туѓото бевте неверни, кој ќе ви го даде вашето?” Исус го платил откупот за нашето спасение и тоа ни припаѓа нам, но мораме да бидеме проверени за да се види дали сме достојни за вечен живот. Бог ни го доверува земното богатство за да ја провери нашата верност. Бесмртното наследство Бог може да ни го довери само ако се покажеме верни во управувањето со она што ни е овде позајмено, ако од тоа со задоволство даваме и на другите и го помагаме напредувањето на Божјото дело. „Не можете да му служите на Бог и на мамонот”. „Ако некој го сака светот, нема љубов од Таткото во него”. {1С 198.2}

На Бога не му е по волја што многу од оние што тврдат дека се Негов народ така немарно ги водат своите земни работи. Тие изгледа ја губат секоја претстава дека имотот со кој се користат му припаѓа на Бога, и дека пред Него ќе мора да дадат сметка како располагале со него. Некои своите земни работи ги оставаат потполно несредени. Сатаната сето тоа будно го следи и ја користи секоја прилика преку своите агенти да задржи за себе многу средства од редовите на оние што ја држат саботата. Луѓе во поодминати години често не се подготвени да го средат своето земно наследство, и неочекувано се разболуваат и умираат. Имотот го преземаат нивните деца што не се заинтересирани за вистината. Сатаната тоа препредено го поместува како што му одговара на неговите планови. „И така, ако бевте неверни во неправедното богатство, кој ќе ви го довери вистинското? И ако во туѓото не бевте верни, кој ќе ви го даде вашето?” {1С 199.1}

Покажан ми е ужасниот факт дека во средувањето на имотот на мнозина од т.н. Божји народ многу удел има сатаната и неговите зли ангели отколку Бог. Повереницте кои живеат во последното време не се мудри. Тие дозволуваат со нивните материјални добра да управува сатаната и тој во своите редови го префрла она што би требало да биде дадено за Божјото дело. Бог ве набљудува, неверни повереници, и ќе ве повика да Му дадете сметка. Видов дека Божјите повереници можат да бидат уредни, совесни и точни во поглед на средувањето на своето наследство и своите овоземни поседи, ако се верни. Посебна предност и должност на постарите, изнемоштените и оние што немаат деца е своите средства така да ги распоредат за во случај на нивна ненадејна смрт да можат да бидат употребени во Божјото дело. Но меѓутоа, видов како сатаната и неговите ангели ликуваат поради неуспехот на мнозина во овој поглед. И оние кои како наследници на спасението би требало да постапат мудро, често, скоро по своја волја, дозволуваат да им бидат одземени од рака парите што му припаѓаат на Господ и така да преминат во редовите на непријателот. На тој начин тие го јакнат царството на сатаната, и тоа го прават без никаква грижа на совеста. {1С 199.2}

---

36. ПОТПИШУВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА НЕВЕРНИЦИ

Видов дека не е според Божјата волја припадниците на Неговиот народ да даваат гаранција за неверниците. По тој повод ми беше насочено вниманието на стиховите: „Не биди од оние што брзо даваат рака, кои гарантираат за долговите на други". „Лошо ќе помине оној што дава гаранција за туѓинец, а кој го избегнува тоа, ќе биде без грижи". Луѓето постапуваат како неверни повереници кога гарантираат за она што не е нивно, што припаѓа на нивниот небесен Татко, а сатаната подготвено им помага на оние што се на негова страна и тоа да го оттргнат од рацете на оние што би требало да бидат Божји повереници. Оние што ја почитуваат саботата не треба да влегуваат во било каква заедница со неверниците. Припадниците на Божјиот народ премногу им веруваат на непознати лица, барајќи и примајќи нивни совети и препораки и тогаш кога тоа не треба да го прават. Таквите непријателот ги користи како свои агенти да внесуваат збунетост и да ги извлекуваат парите од припадниците на Божјиот народ. {1C 200.1}

Некои не знаат како мудро да управуваат со своите овоземни работи. Им недостасуваат способности неопходни за такви деловни занимања и сатаната тоа го користи како своја предност. Таквите не треба да бидат оставени во незнаење во врска со нивните недостатоци. Пред да се впуштат во остварување на своите деловни планови таквите треба да бидат доволно скромни да се посоветуваат со своите браќа во чиј суд би можеле да имаат доверба. Укажано ми е на следниот библиски совет: „Носете ги бремињата еден на друг". Некои од недостаток на скромност не им дозволуваат на поупатените да проценуваат и планираат за нив, туку ги спроведуваат своите планови и потоа запаѓаат во тешкотии. Дури тогаш тие ја сфаќаат потребата за совет и расудување од страна на своите браќа, но колку е сега веќе потешко да се биде добар советник отколку во почетокот! Браќата, во меѓусебните спорови, не треба да се обраќаат на земните судови ако е тоа можно на било каков начин да се избегне, зошто со тоа би му дале на непријателот голема можност да ги збуни и да ги вовлече во уште поголеми неволји. Подобро е да се даде согласност за разумно израмнување на сметките дури и со извесна загуба. {1C 200.2}

---

37. ЗАКОЛНУВАЊЕ

Видов дека некои од Божјите деца заземаат погрешен став во поглед на заколнувањето, со што му даваат можност на сатаната да ги угнетува и да ги извлекува од нивните раце парите што инаку му припаѓаат на Господ. Покажано ми е дека зборовите на Христос: „Не колнете се никако," не се однесуваат на заклетва пред суд. „Вашиот збор нека биде: да, да; не, не; а сè што е повеќе од тоа од лукавиот е". Ова се однесува на секојдневен разговор. Некои претеруваат во своите изјави; се колнат со сопствениот живот, а некои и со својата глава: Се колнам во животот, во мојата глава. Некои ги земаат и небото и земјата за сведоци дека она што го кажале е навистина така. Некои други пак кажуваат: „Бог нека ме убие ако не ја зборувам вистината". Исус ги предупредил Своите ученици против таквите заколнувања во вообичаените и секојдневни разговори. {1C 201.1}

Во секоја земја постојат надлежни органи на управата и закони според кои тие управуваат со населението. Да ги нема тие закони, состојбата во светот би била многу полоша отколку што е сега. Некои од тие закони се добри, но некои не се. Сè повеќе има

лоши закони и затоа ние можеме да бидеме доведени во тешка положба. Но Бог припадниците на Својот народ ќе им помогне да бидат постојани и да живеат според начелата на Неговото Слово. Кога човечките закони ќе дојдат во судир со Божјото Слово и со Неговиот закон, ние треба да се покоруваме на Божјиот закон било какви да се последиците. На законот на оваа земја кој бара од нас избеганиот роб да го предадеме на неговиот господар, ние не треба да се покоруваме, и мораме да ги сносиме последиците поради таквото непокорување. Робот не е сопственост на ниеден човек. Само Бог е негов законски Господар, и човекот нема никакво право едно Божје создание да го зема во своите раце и да постапува со него како со своја лична сопственост. {1C 201.2}

Видов дека Господ сè уште влијае на усвојувањето на земните закони. Додека Христос се наоѓа во светилиштето и властодршците и народот чувствуваат дека Божјиот Дух сè уште ги задржува. Но населението во светот е во голем дел под контрола на сатаната, и кога на земјата би немало закони и норми, ние би страдале многу повеќе. Покажано ми е дека како Божји деца не го престапуваме Неговото Слово кога постои вистинска потреба и кога сме повикани, на законски пропишаниот начин, свечено да го повикаме Бог за сведок дека она што го изјавуваме е вистина и само вистина. {1C 202.1}

Човекот станал толку изопачен што мора со закон да биде обврзан да сноси одговорност за своите постапки. Постојат луѓе што не се плашат да ги измамуваат своите ближни, иако се поучувани и осведочени од силното влијание на Светиот Дух дека е страшно да се лаже пред Бога. Во случајот на Ананија и неговата сопруга Сафира имаме изразит пример за тоа. Тоа не е решавано само пред луѓето туку и пред Бог. Според тоа, ако некој сведочи лажно, тој тоа не го прави само пред луѓето туку и пред Сезнајниот Бог, кој го чита срцето и точно ја знае вистината во секој случај. Нашите закони го третираат кривоклетството како тешко злосторство. И Бог, кривоклетниците често ги посетувал со Своите судови, така што ангелот сотрувач би ги уништувал додека сè уште клетвата им била во устата. Тоа би требало да биде најсериозно предупредување за престапниците. {1C 202.2}

Видов дека ако постои некој на земјата што би можел под заклетва да сведочи за вистинитоста на своите зборови, тогаш тоа е токму христијанинот. Тој живее во светлината на Божјото лице, и се развива благодарение на Неговата моќ. И кога се донесуваат одлуки за важни прашања врз основа на одредени закони, никој не може со таква сигурност да се повика на Бог како христијанинот. Ангелот ми го привлече вниманието на фактот дека и сам Господ се заколнувал со Себе: Битие 22:16; Евреите 6:13,17. Тој му се заколнал на: Авраам (Битие 26:3), на Исак (Псалм 105:9; Еремија 11:5), и на Давид (Псалм 132:11; Дела 2:30). Од Израеловите синови Бог барал своите тврдења да ги потврдат со заклетва (Излез 22:10,11). И самиот Христос се потчинил на заклетвата за време на своето сослушување. На зборовите на првосвештеникот: „Те заколнувам во живиот Бог, кажи ни: дали си Ти Христос, Син Божји". Исус одговорил: „Ти кажа". Ако Исус мислел на судската заклетва кога ги поучувал Своите ученици Тој би го укорил првосвештеникот и со тоа би го потврдил своето учење за доброто на Своите следбеници во чие присуство го кажал тоа. На сатаната му одговара што некои положувањето на заклетва го гледаат во толку погрешна светлина, зашто тоа му дава можност да ги угнетува и да им ги зема парите што му припаѓаат на Господ. Божјите повереници треба да бидат поразумни во создавањето на своите планови, и поподготвени да се спротивстават на сатанските лукавства, бидејќи тој ќе биде сè поупорен во своите напори. {1C 202.3}

Видов дека некои имаат предрасуди против надлежните органи на власта и постоечките закони; но кога не би постоеле тие закони светот би бил во ужасна состојба. Бог ги зауздува владетелите на овој свет, бидејќи срцата на сите се во Негови раце. Постојат граници преку кои тие не можат да поминат. Мнозина од властодршците се под контрола на сатаната; но Бог дури и помеѓу нив има свои орудија. И некои од нив ќе се обратат и ќе ја прифатат вистината. Тие сега ја играат улогата што Бог им ја наменил. Сатаната преку своите агенти поттикнува да бидат преземени такви мерки кои, во случај да бидат прифатени, би биле вистинска пречка за Божјото дело предизвикувајќи големи зла. Добрите ангели ги поттикнуваат срцата на оние што се орудија во Божјите раце на тие предложени мерки да изнесат толку силни докази што го докажуваат спротивното, така што агентите на сатаната не можат да ги побијат. Неколкумина такви кои претставуваат орудија во Божјите раце ќе имаат сила да ја надвладеат огромната маса на зли луѓе. Така делото ќе продолжи сè додека пораката на третиот ангел не ја одигра својата улога, и при гласниот вик на третиот ангел овие луѓе што претставувале орудија во Божјите раце ќе имаат прилика да ја прифатат вистината. Некои од нив ќе се обратат и заедно со светите ќе го издржат времето на неволјите. Кога Христос ќе ја напушти светињата над светињите, Неговиот Дух кој сè уште го задржува злото ќе се повлече и од владетелите и од народот и тогаш тие ќе останат потполно препуштени на контролата на злите ангели. Тогаш под надзор и поттик на сатаната ќе бидат прогласени такви закони под кои – кога времето не би се скратило - никој не би можел да опстане. {1C 203.1}

---

38. ЗАБЛУДИ ВО ПОГЛЕД НА ИСХРАНАТА

Драги брате и сестро А: Господ виде дека е добро во Својатамилост да ми подари една визија во која, покрај останатото, ми откри и нешто за вас. Видов дека кај вас не е сè во ред. Непријателот настојува да ве уништи, а преку вас се обидува да влијае и на другите. Видов дека и двајцата заземате висока положба на која Бог никогаш не ве поставил, и за себе сметате дека во духовен поглед сте далеку понапред од Божјиот народ. Видов дека на Батл Крик гледате со љубомора и сомневање. Би сакале своите раце да ги ставите и овде за постапките и потфатите на сите да ги обликувате онака како што вие сметате дека е исправно. Се задржувате на ситници што и вие не ги разбирате и со кои немате никакво заедничко нешто, и кои не ве засегаат на никаков начин. Своето дело во Батл Крик Бог им го доверил на Своите избрани слуги. На Божјите ангели им е дадена наредба да вршат надзор над сето тоа, и ако не оди сè како што треба, ќе бидат опоменати водечките луѓе, и Божјото дело ќе продолжи по Божјиот налог без да се вмеша ниту еден поединец. {1C 204.1}

Според она што ми е покажано, Бог бара своето внимание да го свртите кон самите себе, да ги преиспитате своите побуди. Вие сте во заблуда во поглед на својата духовна состојба. Покажувајќи скромен изглед вие делувате на другите и со тоа ги наведувате на заклучок дека во христијанскиот живот сте далеку подобри отколку што сте, но кога некој ќе допре во вашите необични поими, сопственото „јас” веднаш се бунтува и вие

покажувате своеволие и тврдоглавост. Тоа е очевиден доказ дека ви недостига вистинска скромност. {1C 204.2}

Видов дека во тоа што ги мачите своите тела, лишувајќи се од хранливи продукти, имате погрешно мислење. Со тоа наведовте некои во црквата на заклучок дека Бог е сигурно со вас, инаку во спротивно не би се жртвувале толку и не би се одрекувале од себе си. Покажано ми е, меѓутоа, дека сето тоа нема да ве направи посвети. Сето тоа го прават и незнабошците но за тоа нема да добијат награда. Она што пред Бог има голема вредност, тоа е смиреност и покајнички дух. Покажано ми е дека вашите сфаќања во овој поглед се погрешни; вие будно внимавате во црквата да укажете на некои ситници, додека би требало повеќе внимание да посветите на интересите на својата душа. Товарот на одговорностите за Своето стадо Бог не го ставил на вас. Вие мислите дека црквата назадува затоа што во неа верниците не гледаат на сите работи така како што вие гледате, и затоа што не се прифаќаат некои крути ставови и погледи кои, според ваше мислење, би требало да бидат прифатени. Видов дека сте измамени во поглед на своите лични должности и должностите на другите. Некои одат во крајност во поглед на исхраната. Држејќи се строго за своите ставови, тие живеат толку едноставно со што го загрозуваат своето здравје; болест го зафаќа целиот организам и Божјиот храм е ослабен. {1C 205.1}

Укажано ни е на нашето поранешно искуство додека живеевме во Рочестер, во државата ЊуЈорк. Во својата исхрана не користевме хранливи и соодветни продукти, и болеста за малку ќе нè одведеше во гроб. Видов дека Бог кој „на Своите мили има дава сон," сака исто така да им подари и соодветна храна, за да го одржат своето здравје и силата на својот организам. Нашите побуди, меѓутоа, беа чисти. Бевме во скудност за со така заштедените пари да можеме да продолжиме со издавање на нашето списание. Бевме сиромашни. Видов дека тогаш грешката беше на страната на црквата. Оние што располагаа со средства беа лакоми и себични. Да дадеа таквите свој придонес нашиот товар ќе беше намален, но бидејќи тие не ја извршија својата должност ние пропаѓавме под товарот додека во исто време другите живееја во изобилство. Видов дека Бог не бара од никој толку да биде во скудност за со тоа да го поткопа и загрози здравјето на своето тело, што претставува Негов храм. Во Божјото Слово постојат должности кои бараат од членовите на црквата да се понизат и да ја мачат својата душа, и затоа не е потребно да се прават никакви крстови и да се измислуваат должности за со мачење на телото да се изнуди понизност. Сето тоа не е во склад со Библијата. {1C 205.2}

Времето на неволја е токму пред нас; и тогаш суровата реалност ќе бара од Божјиот народ такво одрекување што ќе се јаде само за да се одржи животот; но Бог ќе нè подготви за тоа време. Во тој тежок час нашата потреба ќе претставува за Бог вистинска прилика со Својата семоќна сила да го одржи нашиот живот. Меѓутоа, сега Бог од припадниците на Својот народ бара да работат со своите раце и одреден дел од тоа со што Тој ги благословил да одвојуваат на страна, како со својот придонес би можеле да помогнат во ширењето на вистината. Ова е должност на сите кои не се посебно повикани сето време да работат на објавувањето на спасението со збор и поука. {1C 206.1}

Оние што работат со своите раце мораат со правилна исхрана да ја одржуваат својата сила за да можат работата добро да ја извршуваат, а и оние што работаат на ширење на евангелието мораат својата сила да ја одржуваат на ист начин, бидејќи сатаната и неговите ангели војуваат против нив тежнеејќи да ги ослабнат и уништат нивните сили. Тие треба кога е тоа можно да го одморат телото и умот од тешките

напори, и со правилна и квалитетна исхрана да ја одржуваат својата сила, бидејќи ќе бидат принудени да ја употребат сета сила со која располагаат. Видов дека Бог ниту малку не се слави ако било кој од Божјиот народ си создава сам за себе време на неволји. Времето на неволји е пред Божјиот народ, и Тој ќе нè подготви за тој страшен судир. {1C 206.2}

Видов дека со своите сфаќања во поглед на свинското месо не би нанеле никаква штета кога тоа би го задржале само за себе, но вие по сопствено расудување и мислење од ова прашање направивте критериум (пробен камен), и со своите постапки јасно покажувате дека тоа е суштината на вашата вера. Кога Господ ќе побара од припадниците на Својот народ да прекинат со употреба на свинското месо, Тој и ќе ги осведочи и ќе ги увери во тоа. Тој исто така е подготвен на Своите искрени деца да им ја открие нивната должност, како што укажува на должностите на поединци на кои не го ставил товарот на Своето дело. Кога црквата како целина ќе биде должна да ја прекине употребата на свинското месо, Бог ќе го открие тоа, и тоа нема да го прифатат само двајца или тројца. Тој ќе ѝ укаже на црквата на нејзината должност. {1C 206.3}

Бог води еден народ, а не неколку издвоени поединци овде или таму, од кои едни веруваат вака, а други онака. Божјите ангели верно ги извршуваат задачите што им се доверени. Третиот ангел води еден народ и го прочистува, и сите припадници на тој народ треба како целина сложно да одат по него. Некои истрчуваат пред ангелите што го водат народот, но таквите треба да се вратат назад и смирено да ги следат ангелите, не побрзо отколку што водат тие. Видов дека Божјите ангели ги водат припадниците на Неговиот народ, но не побрзо отколку што тие можат да ги прифатат значајните вистини што им се доверени и да живеат според нив. Меѓутоа, некои поединци со немирен дух само до половина ги извршуваат своите задачи. Додека ангелите ги предводат, тие истрчуваат по нешто ново, и без Божје водство одат во крајности, внесувајќи на тој начин збунетост и неслога во редовите на Божјиот народ. Нивните зборови и постапки не се во склад со учењата на црквата. Видов дека вие двајцата мора без одложување да се вратите назад, и да бидете подготвени да бидете водени, а не вие да водите, или сатаната ќе ве одведе по својот пат да ги слушате неговите совети. Некои обрнуваат внимание на вашите сфаќања и ги сметаат за очевиден доказ на понизноста. Но тие се лажат. Вие и двајцата треба да се покаете. {1C 207.1}

Брате А, по природа ти си скржав и лаком. Ти даваш десеток од нане и копар, но ги занемаруваш многу поважните нешта. Кога богатиот младич дошол кај Христос со прашањето што треба да направи за да добие вечен живот, Христос му кажал да ги држи заповедите. Младичот му одговорил дека сето тоа веќе го држи. Тогаш Христос му кажал дека сепак има нешто што не направил. „Уште едно нешто ти недостасува. Оди и продај сè што имаш и дај им го на сиромасите, и ќе имаш богатство на небото". Како резултат на тоа, младичот нажалено си отишол, зашто имал големо богатство. Покажано ми е дека вие имате погрешни сфаќања. Бог од припадниците на Својот народ бара да бидат штедливи, но некои штедењето го претвораат во дребничавост. Би сакала да ја видите својата состојба онаква каква што навистина е. Вие не поседувате дух на вистинска побожност што му е угоден на Бога. Вие будно ги посматрате другите и ако тие не се придржуваат строго за правецот по кој вие одите, сметате дека за нив ништо не може да се направи. Вашите души свенуваат под разорувачкото влијание на вашите заблуди. Полни сте со фанатичен дух, а вие сметате дека тоа е Божји Дух. Вие се лажете самите себе. Едноставното и остро сведоштво не го поднесувате. Сакате само да ви се угодува, но штом некој ќе укаже на вашите грешки, колку брзо се пробудува сопственото

„јас”! Вашите духови не се понизни. Има многу што да поправите... Таквите постапки и таквиот дух се плодови на вашите заблуди и вашите настојувања својот суд и сфаќања да ги наметнувате на другите како правило, и да станувате против оние што Бог ги повикал да работат во Неговото дело. И двајцата ја пречекорувате границата на дозволеното. {1С 207.2}

Видов како мислевте дека овој или оној е повикан да работи во Божјото дело, додека за тоа прашање не знаевте ништо. Вие не можете да читате ничие срце. Да нурневте подлабоко во вистината на третата ангелска вест, не би зборувале толку слободно кој е, а кој не е повикан од Бог. Секој врши одредено влијание и тоа влијание треба да го употреби во служба на Бог; а прашањето дали овој или оној треба сето свое време да го посвети во залагање за спасување на души е прашање од најдлабоко значење, и никој освен Бог не може да одлучува кој треба да биде ангажиран во оваа сериозна работа. Во времето на апостолите имало добри и побожни луѓе, луѓе кои можеле сесрдно да се молат и убедливо да зборуваат; па сепак апостолите, кои имале власт да изгонуваат зли духови и да исцелуваат болни, не се осмелувале само со своја мудрост да издвојат некој за светото занимање да зборува Божји зборови. Тие чекале несоборлив доказ за присуството на Светиот Дух. Видов дека Бог им ја доверил на Своите избрани проповедници должноста да одлучуваат кој е погоден за оваа света служба; и тие - во согласност со црквата и покажаните докази на Светиот Дух - треба да одлучат кој треба да појде, а кој не е погоден за тоа. Кога неколку поединци овде или онде би требало да одлучуваат кој ги исполнува условите за оваа голема задача, видов дека тогаш би дошло до голема збунетост и раздор во Божјиот народ. {1С 208.1}

Бог не само еднаш има покажано дека личности кои не дале несоборливи докази дека Тој ги повикал не треба да бидат охрабрувани да ја прифатат таа работа. Товарот за грижата на Своето стадо Бог нема да го довери на несоодветни поединци. Оние што Бог ги повикува мора да бидат луѓе со длабоко искуство, испитани и проверени, луѓе со здраво расудување, луѓе кои не се плашат да го осудат гревот во дух на кротост, луѓе кои знаат како се чува и храни Божјото стадо. Бог ги познава срцата на луѓето и знае кој да го избере. Одлучувајќи по ова прашање, брате и сестро А, вашиот суд може да биде потполно погрешен, бидејќи е несовршен и лишен од сите очевидни докази неопходни за да се донесе таква одлука. Покажано ми е дека се оддалечувате од црквата, и ако продолжите така, Бог ќе допушти да се наситите од тоа и да страдате одејќи по патот што самите сте го избрале. {1С 209.1}

Сега Бог ве повикува да се поправите, да ги преиспитате своите побуди, и одлучно да одите напред во склад со Неговиот народ. {1С 209.2}

Мансвил, држава ЊуЈорк, {1С 209.3}

21 октомври, 1858.

Број шест

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

39. МЛАКОСТА И НЕМАРНОСТА УКОРЕНИ*

Драги браќа и сестри, Господ во Својата милост повторно ме утеши во моментите на нажаленост и голема тага. Во визијата што ми е дадена на 23 декември, 1860 година, покажани ми се заблудите на одредени поединци, кои штетно влијаат на Божјото дело. Не се осмелувам да ја лишам црквата од ова сведоштво само за да ги поштедам поединците од негативни чувства. {1C 210.1}

Покажано ми е дека Божјиот народ се наоѓа во многу неповолна положба. Не се одвојува Бог од Својот народ, туку народот се одвојува од Него и станува млак. Како народ, адвентистите ја имаат теоријата на вистината, но им недостасува нејзината спасоносна сила. Бидејќи се приближуваме кон крајот на времето, сатаната работи со голема сила, знаејќи дека времето што му преостанува е многу кратко. Својата сила тој посебно ќе ја насочи кон припадниците на остатокот. Војувајќи против нив тој ќе настојува да ги разедини и растури, за да ги ослаби и конечно да може да ги уништи. Припадниците на Божјиот народ треба разумно да постапуваат и во своите напори да бидат единствени. Тие треба да бидат еднодушни и единствени во расудувањето и тогаш во своите напори нема да се разидуваат секој на своја страна, туку силно и успешно ќе се залагаат за ширење на сегашната вистина. Мораме да се придржуваме до утврден ред и поредок и во тоа да бидеме единствени, за да не му даваме предност на сатаната. {1C 210.2}

Видов дека непријателот ќе настојува на сите можни начини да ги обесхрабри припадниците на Божјиот народ, ќ е сака да ги збуни и вознемири, и затоа тие треба разумно да постапуваат и подготвено да ги дочекаат неговите напади. Имотот што го има црквата не смее да остане во несредена состојба. Мораат да се преземат неопходни мерки да се обезбеди имотот на црквата и да се користи само за потребите на делото, за работата да не заостанува при своето напредување, и средствата што поединци сакаат да ги посветат на делото да не бидат однесени во редовите на непријателот. Видов дека припадниците на Божјиот народ треба да постапат мудро, не оставајќи од своја страна ништо што не би било средено, за имотно правните односи на црквата секогаш да бидат врз сигурна основа. Дури кога ќе сторат сè што е во нивна моќ, тие можат со доверба да го препуштат тоа на грижата на Господ, за сатаната да не може да го користи она што му припаѓа на остатокот на Божјиот народ. Ова е време кога на сатаната сè уште му се дозволува да работи по своја волја. Пред нас е бурна иднина и црквата треба будно да преземе сè што е во нејзина моќ за да биде безбедна од неговите подмолни планови. Време е да се преземе нешто во тој правец. На Бога не му е по волја што имотно - правните прашања на црквата остануваат нерешени, и на тој начин му се дозволува на непријателот да се користи со тоа добивајќи ги постапките на свое најголемо задоволство. {1C 210.3}

Покажано ми е дека ставот на братот Б во поглед на организацијата, изнесен во списанието Преглед, е потполно погрешен и врши многу збунувачко влијание. Тој не го одмерил доволно значењето и важноста на ова прашање. Неговите статии во потполност се напишани за да предизвикаат збунетост, да наведат на погрешни заклучоци и да охрабрат мнозина во нивниот немарен пристап при решавањето на имотно - правните односи во Божјото дело. Оние што не го чувствуваат товарот на одговорноста во делото, не чувствуваат ниту потреба било што да се преземе со цел да се воведе ред и поредок во црквата. Оние пак, кои одамна го носат тој товар гледаат во

иднината и ја сфаќаат важноста на тоа прашање. Тие се осведочени дека мора да се преземат одредени чекори за црквата во тој поглед да се доведе во безбедна положба, а на сатаната да му се оневозможи да ги користи нашите пропусти. Објавените статии на братот Б ги наведуваат сите оние што се плашат од редот со сомневање да гледаат на сугестиите на оние што се поттикнати со посебно Божје провидение да укажат на важноста на имотно - правните работи во црквата. И кога тој виде дека неговото гледиште е неодржливо, пропушти отворено да ја признае својата заблуда и искрено да работи на отстранување на лошото влијание што го направи со тоа. {1C 211.1}

Покажано ми е дека братот Б на тоа материјално прашање гледа мошне лекомислено и со омаловажување. Му недостасува енергичност, и тој смета дека е доблест да се препушти Бог да го направи сето тоа што ние треба да го направиме. Господ за нас ќе интервенира само во случај на итна и најголема потреба. Ние мораме да ги извршуваме задачите што ни се доверени, да го носиме товарот на одговорностите и на тој начин да стекнуваме искуства. Братот Б покажува исти особини и во духовен поглед како и во своите овоземни работи. Му недостасува ревност и сесрдност да го заврши до крај тоа што ќе го започне. Во Божјото дело сите мораат да работат со поголема внимателност и мудрост отколку што покажуваат во имотно - правното обезбедување на својата лична сопственост. {1C 212.1}

Меѓутоа, иако припадниците на Божјиот народ се во право кога настојуваат имотот на црквата да го осигурат на законски начин, тие мора при тоа да се трудат да го сочуваат својот посебен и свет белег. Видов дека некои непосветени личности, користејќи се со ставот што црквата неодамна го зазеде, ги пречекоруваат границите на дозволеното, одат во крајности и така му нанесуваат штета на Божјото дело. Некои постапуваат немудро и непромислено, водат судски постапки што би можеле да се избегнат, се мешаат со светските луѓе и го попримаат нивниот дух, влијаејќи и на другите да се угледаат на нивниот пример. Христијанинот што исповеда вера во сегашната вистина, постапувајќи несовесно, нанесува голем срам и штета на делото. Злото пушта корен многу полесно и побрзо отколку доброто, и непречено, бујно расте и цвета, додека она што е добро и благородно брзо се исушува и венее ако постојано не му се укажува грижлива нега. {1C 212.2}

Обѕрнувајќи се на минатото, видов дека во секое позначајно движење и при секоја важна одлука што ја донесуваше Божјиот народ, се појавуваа поединци кои одеа во крајност и се однесуваа невообичаено, што предизвикуваше гнасење кај неверниците, го жалостеше Божјиот народ и му нанесуваше штета на угледот на Неговото дело. Токму такви појави му задаваат болка на народот што Бог го води во овие последни денови. Многу од тие зла би можеле да се избегнат кога Христовите проповедници би биле еднодушни во своите планови на работа и единствени во своите напори. Кога тие би биле единствени, поддржувајќи се еден со друг во укорувањето и осудата на сето она што е погрешно, тоа набргу би го снемало. Меѓутоа, контролата во тие појави во најголемиот број случаи ја има сатаната. Поедини челнови, па дури и проповедници, соучевствуваат со незадоволните што биле укорени поради своите грешки, и поделеност на чувствата е неизбежна последица на сето тоа. Оној што истапил храбро и, исполнувајќи ја својата непријатна должност, совесно ги разоткрил грешките и заблудите, е ожалостен и навреден затоа што го нема целосното одобрување на своите браќа во проповедничка служба. Тој ја губи храброста да ги извршува тие мачни должности, го положува својот крст, и престанува да изнесува толку одлучно сведоштво. Неговата душа се затвора во темнина, а црквата е лишена од она сведоштво што според

Божјата намера треба да го пробуди и оживее Неговиот народ. Со ваквото задушување на верното сведоштво сатаната ја остварува својата цел. Оние што се подготвени да сочувствуваат со укорениот, бранејќи го злото, тоа го сметаат за доблест; но не се свесни дека со тоа вршат уништувачко влијание и придонесуваат да се остварат плановите на сатаната. {1C 212.3}

Видов дека многу души се уништени со немудрото сочувство на своите браќа, додека нивната единствена надеж била во тоа потполно да ги увидат и да ги отфрлат своите грешки. Прифаќајќи го посакуваното сочувство на овие немудри браќа, тие стекнуваат впечаток дека биле малтретирани; дури и да преземат некој чекор да се вратат од погрешниот пат, го прават тоа само половично. Одговорноста за настанатата ситуација ја одредуваат според своите природни чувства, префрлајќи ја вината на оној што ги укорува и така ја премолчуваат целата работа. Бидејќи оние кои згрешиле не го испитале проблемот од корен и проблемот не е решен, тие повторно паѓаат во истата грешка, бидејќи не се понизиле пред Бога ниту Му дозволуваат повторно да ги изгради. Оние што на ваквите им укажуваат лажно сочувство постапуваат потполно спротивно на Христовиот Дух и на мисијата на небесните ангели. {1C 213.1}

Христовите проповедници треба да се разбудат, ангажирајќи се во Божјото дело со сите свои сили и способности. Ако во изнесувањето на сведоштвата не се јасни и одредени за тоа нема да имаат никаков изговор. Тие се должни да го укорат и да го осудат злото и не смеат да трпат грев кај своите браќа. Овде морам да наведам дел од писмото упатено до братот Ц: {1C 213.2}

„Ми беше покажано нешто што се однесува на тебе. Видов дека живото и одредено сведоштво се задушува во црквата. Ти си против изнесувањето на непосредно сведоштво. Се колебаше одлучно да станеш против злото, и доаѓаше во судир со оние што се чувствуваа принудени да го направат тоа. Оние што се чувствуваа погодени од јасните сведоштва, ја имаа твојата наклоност и сочувство. Тоа направи да бидеш слаб и пристрасен. Не го одржуваше јасното и строго сведоштво што беше упатено до поединци. {1C 214.1}

Божјите слуги немаат изговор ако избегнуваат да изнесат одредено и јасно сведоштво. Тие мораат да го укорат и да го осудат злото, и не смеат да трпат грев кај братот. Ти често ги подаваше своите раце за да заштитиш одредени личности од укорот што го заслужуваат и од опомените што им се упатуваат по Божји налог. Ако тие личности не се реформираат, нивниот пропуст ќе биде припишан во твоја вина. Наместо, бдеејќи будно над нив, да ги забележиш опасностите што им се закануваат и да ги предупредиш, своето влијание го искористи против оние кои, вршејќи ја совесно својата должност, ги предупредуваат и укоруваат заблудените. {1C 214.2}

Ова се опасни времиња за Божјата црква, а најголемата опасност се крие во самоизмамата. Поединци кои тврдат дека веруваат во вистината се слепи за опасносите што им се закануваат и за своите грешки. Достигнувајќи го мерилото на побожност што го поставиле нивните пријатели и тие самите, тие се придружуваат на црквата и се задоволни, иако ниту од далеку не го достигнуваат мерилото на евангелието, што сам Господ го поставил. Ако тие кријат беззаконие во своето срце, Господ нема да ги слушне. Меѓутоа, кај мнозина тоа не се крие само во срцето, туку отворено се покажува и во животот, па и покрај тоа, во многу случаи, престапниците поминуваат без осуда и јавен укор. {1C 214.3}

“Повторно ми беше укажано на _____. Твоите впечатоци овде беа погрешни. Требаше да стоиш цврсто на страната на проповедникот Д и, постапувајќи

исправно, да ги укориш и осудиш грешките на поединците. Ти беше должен сам да го понесеш товарот што го префрли на проповедникот Д. Немаше морална храброст да укажеш на злото. Падна под влијанието на другите. Доброто дело што според Божјата намера требаше да се направи за одредени поединци не е направено, и сатаната ги вдахна со гордост. Во тоа време, да се придржуваше за Божјиот совет ќе извршеше позитивно влијание во корист на Божјото дело. Господовиот Дух беше ожалостен. Тој недостаток на единство ги обесхрабри оние што беа одговорни да опоменуваат и укоруваат. {1C 214.4}

Покажано ми е дека не беше во право укажувајќи му сочувство и наклоност на престапникот Е. Со своето држење во однос на него му наштети на своето влијание, а во голема мера и на угледот на Божјото дело. За него не постои никаква можност да стане член на Божјата црква. Тој самиот се доведе во таква положба црквата навистина да не може да му помогне, да нема заедница со црквата ниту глас во неа. Тој отворено се спротивстави на светлината и вистината; упорно одеше по својот пат, одбивајќи да го послуша гласот на укорот. Поведувајќи се по склоностите на своето изопачено срце, го прекрши Божјиот свет закон и го осрамоти делото на сегашната вистина. Ако и најсесрдно се кае за сето тоа, црквата мора да го препуши на него самиот. Ако го продолжи својот пат кон небото, мора да продолжи сам, без да биде член на црквата. Тој мора да остане под постојан укор на Бог и црквата, за знамето на моралот да не биде соборено во правот. Со твоето држење во тој поглед Господ не е задоволен. {1C 215.1}

Му нанесе штета на угледот на делото. Продолжувајќи упорно по тој пат ти ги рануваш срцата на Божјиот народ. Со таквиот пример поттикнуваш состојба на млакост во црквата. Би требало да изнесуваш живо и одредено сведоштво. Тргни се од патот и не го задржувај Божјото дело, не се поставувај помеѓу Бог и Неговиот народ. Предолго ги прикриваше острите сведоштва и се спротивставуваше на строгите укори што Бог ги упатуваше на одредени престапници. Бог ќе продолжи да го поправа, проверува и чисти Својот народ. Тој не прифаќа неодредено и благо сведоштво. Проповедниците мораат да го подигнат својот глас не колебајќи се. На тебе Господ ти даде силно сведоштво што треба да ја засилува црквата и да ги пробуди неверниците. Но споменатите пропусти мораш да ги поправиш, инаку во спротивно твоето сведоштво нема да има никаква сила, а твоето влијание ќе му нанесува само штета на Божјото дело. Луѓето од тебе очекуваат да им покажеш пример. Немој да ги заведуваш. Настојувај со своето влијание да ги поправиш настанатите пропусти и во своето семејство и во црквата. {1C 215.2}

Покажано ми е дека Господ го оживува острото и одредено сведоштво, неопходно за развојот на карактерот и за чистење на црквата. Но, иако од нас се бара да се одвоиме од светот, тоа не значи дека во своите предупредувања треба да бидеме неугледни, груби и сурови, спуштајќи се на ниво на обични изрази. Вистината го воздигнува оној што ја прифаќа, го облагородува неговиот вкус и го посветува неговото расудување. Мораме да вложуваме непрекинати напори во своето однесување да се прилагодуваме да бидеме во друштво на оние на кои наскоро треба да им се придружиме, - друштвото на ангелите кои никогаш не паднале во грев. Светоста на карактерот, пријатното однесување и непорочниот јазик - во тоа мора непрекинато да се усовршуваме, чекор по чекор, сè додека не бидеме достојни за вознесение. {1C 216.1}

---

40. ДОЛЖНОСТИ КОН ДЕЦАТА

Покажано ми е дека родителите, општо земено, не заземаат исправен став кон своите деца. Не ги ограничуваат како што треба, туку им дозволуваат да растат во гордост и да се поведуваат по своите склоности. Во старите времиња авторитетот на родителите бил почитуван и уважуван; децата биле потчинети на своите родители слушајќи ги со стравопочитување; меѓутоа, во ова последно време работите се наопаку поставени. Мнозина родители се потполно потчинети на своите деца. Тие не се осмелуваат да се спротивстават на волјата на своите деца, и затоа им се потчинуваат. Меѓутоа, додека се под кровот на своите родители и зависат од нив, децата се должни да се потчинуваат на контролата на родителите. Родителите мораат да бидат одлучни, барајќи нивните гледишта и расудување да се уважуваат. {1C 216.2}

Илија бил должен да ги зауздува своите безбожни синови, но се плашел од нивното незадоволство. Дозволувал да продолжат во својата непослушност сè додека не станале проклетство за целата израелска нација. Од родителите со право се бара да ги зауздуваат своите деца. Спасението на децата многу зависи од правецот по кој одат нивните родители. Во својата погрешно сфатена љубов и во приврзаноста кон децата родителите се често премногу попустливи и тоа на штета на самите деца. Украсувајќи ги со накити и украси тие ја потхрануваат нивната гордост и ги наведуваат на суетни мисли дека облеката го прави човекот. Но, оние што се дружат со такви деца, по кратко дружење увидуваат дека надворешниот изглед не може да ја сокрие изопаченоста на срцето кое е лишено од христијански доблести, преполно со самољубие, гордост и неконтролирани страсти. Оние што ја сакаат смиреноста, кротоста и доблеста треба да го избегнуваат друштвото на таквите, дури и кога се тоа деца на оние што ја празнуваат саботата. Дружењето со нив е вистински отров, нивното влијание води во смрт. Родителите не го согледуваат деструктивното влијание на семето што го сееле. Тоа семе никнува, а нивниот плод ќе биде презирање и непочитување на родителскиот авторитет. {1C 217.1}

Дури и кога ќе пораснат, синовите и ќерките се должни да ги почитуваат своите родители и да им бидат поткрепа во нивната старост. Тие се должни да ги слушаат советите на своите побожни родители и не треба да сметаат дека се ослободени од должноста кон родителите само затоа што се неколку години постари. Заповедта почитувај го татко си и мајка си, за оние што вистински и се покоруваат, претставува и ветување. Непослушноста и непочитувањето на децата кон родителите, во овие последни денови е толку изразено, како што е тоа посебно нагласено во Светото Писмо, и тоа претставува знак дека навистина сме се приближиле до крајот. Тоа покажува дека сатаната има скоро потполна контрола над умот и мислите на младите. Мнозина од нив веќе воопшто не ги почитуваат постарите. Се губи од вид фактот дека почитувањето на постарите потекнува од најодамнешните времиња. Бог за Авраам рекол: „Знам дека ќе им заповеда на синовите свои и на целиот свој дом”. {1C 217.2}

Во старо време на децата не им било дозволено да стапуваат во брак без одобрување и согласност на родителите. Тие го правеле изборот за своите деца. Се сметало за злосторство младите да стапат во брак само по свое лично мислење и одговорност. Предлогот најпрво се изнесувал пред родителите, и тие одлучувале дали личноста што треба толку блиску да се поврзе со нив е достојна, и дали идните сопружници се подготвени да основаат семејство. За најважно го сметале тоа, поклониците на вистинскиот Бог да не стапуваат во брачни врски со идолопоклоници, за нивните семејства да не се оддалечат од Бог. Дури и по стапувањето во брак, децата

имале најсериозни обврски кон своите родители. Се сметало дека нивното расудување не е доволно без совет и согласност од страна на родителите. Се сметало, исто така, дека непослушноста и непочитувањето на желбите на родителите значи прекршување на Божјите барања. {1C 218.1}

Повторно ми беше обрнато внимание на состојбата во која се наоѓаат младите денес. Децата не се држат под соодветен надзор и контрола. Родители, имајте на ум дека првите поуки за дисциплината што треба да им ги дадете на своите деца мораат да започнат уште додека ги држите во своите раце. Учете ги дека својата волја мораат да ја потчинат на вашата волја. Тоа може да се постигне со смиреност, но исто така и со соодветна цврстина. Родителите мораат совршено да владеат со своите чувства, и благо, но одлучно да ја насочуваат волјата на детето сè додека тоа не навикне дека не може да очекува ништо друго освен да се потчини на вашата волја. {1C 218.2}

Со ова, обично, родителите не започнуваат на време. Првото покажување на непослушност не се задушува на време, и децата стануваат инаетливи и упорни во своето, што -паралелно со нивното растење - сè повеќе се развива и зајакнува. Некои деца, како стануваат постари, сметаат дека е сосема природно да имаат своја сопствена волја и дека родителите мораат да се покоруваат на нивните желби. Тие очекуваат нивните родители да им служат. Не поднесуваат никакво ограничување, и кога доволно ќе пораснат за да им бидат од помош на своите родители, не ги прифаќаат должните обврски. Таквите деца биле ослободувани од секоја одговорност, и кога ќе пораснат не се од никаква корист ниту во куќата ниту надвор. Обично немаат ниту сила, ниту издржливост. Родителите ги преземаат сите товари на себе, а на децата им дозволуваат да растат во безделничење, потполно ненавикнати на работа, трудољубивост и штедење. Тие деца не се навикнати на самоодрекување, бидејќи им се попушта во сè, се задоволуваат сите нивни желби и затоа се со мошне слабо здравје. Со своите постапки и однесување се непријатни за оние околу себе. Тие се несреќни и сите околу себе ги прават несреќни. И додека се уште само деца, додека треба да бидат строго потчинети на дисциплината на родителите, им се дозволува да одат во друштво, да се дружат со оние што се слични на нив, и така еден на друг вршат негативно влијание што го изопачува карактерот. {1C 218.3}

Божјото проклетство и неодобрување неизбежно ќе ги стигне неверните родители. Со таквиот свој однос кон децата тие не само што сеат трње што ќе ги ранува во овој живот, туку со своето неверство ќе мора да се соочат и на Божјиот суд. Многу деца тогаш ќе ги осудуваат своите родители што не ги ограничувале и ќе ги обвинуваат за својата пропаст. Лажната наклоност и слепата љубов ги наведуваат родителите да изнаоѓаат изговори за грешките на своите деца и молкум да преминуваат преку тоа; и како последица на тоа децата се загубени, но нивната крв ќе се бара од неверните родители. {1C 219.1}

Младите на кои им е така дозволено да пораснат во незаузданост, мораат сето тоа што го пропуштиле дополнително да го научат, ако сакаат да бидат Христови следбеници. Целиот нивен верски живот е под влијание на тоа што го научиле во детството. Самоволие, недостаток на самоодрекување, неподнесување на укори, неприфаќање на совети и мислења на другите, немарност, избегнување на товар и неприфаќање на одговорностите, и многу други негативни особини од детството, многу често во подоцнежниот живот доаѓаат до израз. Сето тоа се одразува и на нивните односи со браќата и сестрите во црквата. Можно е таквите сето тоа и да го победат, но колку тешка борба мораат да водат! Колку остри судири со самите себе! Колку е тежок

патот на дисциплинирање по кој мораат да поминат за да се воздигнат на ниво на христијански карактер! И тогаш, доколку конечно сето тоа го победат, ќе им биде дозволено да согледаат како пред своето обратување биле над самиот раб на провалијата на вечната пропаст, поради недостатокот на исправно воспитување во младоста, поради пропустот во детството да бидат научени на послушност. {1C 219.2}

41. СИСТЕМАТСКО ДОБРОДЕТЕЛСТВО

Укажано ми е на Израелевите синови во старото време. Од секој од нив, било да е богат или сиромашен, Бог барал жртва во сооднос со она со што Тој ги дарувал. Сиромашните не биле исклучени од тоа затоа што во материјален поглед немале толку, колку што имале нивните побогати браќа. Тоа од нив барало штедење и подготвеност за самоодрекување. Ако некој поради потполна сиромаштија, болест или несреќа бил потполно лишен од можноста да принесе жртва на Господ, од имотните луѓе се барало да им овозможат скромен прилог, за да не излезат пред Господа со празни раце. Ваквите преземени мерки биле од корист и за двете страни. {1C 220.1}

Планот на систематско добродетелство некои не го прифаќаат, под изговор дека не се слободни од долгови. Тие, притоа, се повикуваат на библиското правило: „Не бидете никому ништо должни". Меѓутоа, самиот факт дека се во долгови не ги ослободува од нивните обврски: „Дајте му го на царот царевото, а Божјото на Бога". Некои мислат дека, затоа што совесно се држат за правилото: „Не бидете никому ништо должни", Бог не треба од нив ништо да бара додека не ги исплатат своите долгови. Со тоа тие, не давајќи го на Бога тоа што е Негово, се лажат самите себе. Секој е должен да му принесе на Господ соодветна жртва или прилог. Тие што имаат долгови треба износот на своите обврски да го издвојат од тоа што вистински го поседуваат, и да даваат во сооднос со она што е навистина нивно. {1C 220.2}

Некои сметаат дека имаат свети одговорности кон своите деца, - на секое свое дете да му дадат негов личен дел, и дека поради тоа не се во можност да го помагаат Божјото дело. Така должноста кон децата се користи како изговор. Исправно е да се чувствува својата должност кон децата, но должноста кон Бога е на прво место. Дајте му го царевото на царот, а Божјото на Бога. Не задржувајте ги од Бог своите десетоци и дарови. Прва и света должност е да му го вратиме на Бога она што во сооднос со својот имот сме му должни. Не дозволувајте било кој со своите барања да ве наведе да задржувате од Бога. Не дозволувајте им и на своите деца поради своите лични интереси да го крадат тоа што сте го ставиле на Божјиот жртвеник како своја жртва. {1C 220.3}

Покажано ми е дека лакомството и во старо време ги наведувало поединците да го скратат од Бога она што по правило Му припаѓа, намалувајќи ги своите давања. Сето тоа било запишано на небото и проклетство ја погодувало нивната жетва и нивните стада - токму во она што го задржувале од Бог. Некои биле погодени и со тешки загуби во семејството. Бог не прима осакатена жртва. Таа морала да биде беспрекорна, најдоброто од стадото и најдоброто од земјоделските производи. Прилозите морале да бидат потполно доброволни за Господ да ги излее Своите благослови на нивните семејства и на нивниот имот. {1C 221.1}

Како илустрација за проклетството што ќе ги снајде оние што својот имот го прикажуваат со помала вредност од вистинската, прикажан ми е случајот на Ананија и Сафира. Тие глумеле дека доброволно го даваат својот имот на Господа. На прашањето

на Петар: „Кажи ми, дали за толку ја продадовте нивата?" одговорот бил: „Да, за толку". Некои во ова лошо време можеби не би го сметале тоа за лага. Но Господ тоа токму за тоа го сметал. Тие ја продале нивата за значајно повисока цена. Тврдејќи дека сè му посветуваат на Господа, тие се обиделе од Него да ја прикријат вистината, и ги стигнала казна без никакво одложување. {1C 221.2}

Видов дека со воведување на систематското добродетелство всушност се проверуваат и испитуваат нашите срца. Тоа е постојано, доживотно проверување - за самите да се осведочиме: дали во нашето срце преовладува вистината или љубовта кон овој свет. Овде посебно се испитуваат оние што по природа се себични и лакоми. Тие ќе настојуваат својот имот да го прикажат што помал. Тоа е всушност затајување и лицемерие. „Проклет да е оној што неверно и лажливо работи во Божјото дело," нагласи ангелот. Ангелите будно го следат развојот на карактерот, и постапките на ваквите ги бележат на небото. Некои Бог ќе ги посети со Своите судови поради тоа, и имотот што на ваков начин го зголемувале ќ е се намали на вредноста што самите ја истакнувале: „Еден раздава штедро и сè повеќе има, а друг преку мера е скржав и пак е сиромав. Добротворната душа ќе биде наситена, и кој напојува други, и самиот ќе биде напоен" (Изреки 11:24,25). {1C 221.3}

Во ова треба сите да учествуваат. Оние што употребуваат тутун, чај и кафе, треба да ги отфрлат тие свои идоли, а парите што со тоа ќе бидат заштедени треба да се приложат во Божјата ризница. Има и такви кои се мртви за сè што Бог бара од нив и никогаш ништо не жртвувале за Неговото дело. Некои од најсиромашните мораат да водат тешка борба за да се ослободат од тие опојни средства. Оваа лична жртва не се бара затоа што недостасуваат средства за Божјото дело, туку затоа што на таков начин секој треба да биде проверен и да го докаже развојот на својот христијански карактер. Тоа е животно начело што Божјиот народ треба да го спроведува во својот секојдневен живот. {1C 222.1}

„Зар човек ќе задржува од Бога? А вие задржувате од мене; и велите: во што задржуваме? Во десетокот и приносите. Проклети сте зошто крадете од Мене, вие, целиот народ. Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот; зар нема да ги отворам отворите небесни за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек? Заради вас ќе им забранам на оние, што ги изедуваат плодовите земни, и лозата ваша во полето нема да остане без плод, вели Господ Саваот". Видов дека овие стихови погрешно се применувани во говорите при давање прилози и во молитвите на верските собири. Ова пророштво посебно се однесува на последните денови, и на припадниците на Божјиот народ им укажува на нивната должност, она што доброволно го приложуваат на Господа да биде во сооднос со нивните вистински приходи. {1C 222.2}

---

42. ИМЕТО НА НАШАТА ЦРКВА

Што се однесува до називот или името што остатокот на Божјиот народ треба да го има, покажано ми е следното: предочени ми се две страни. На едната се големите верски организации на т.н. христијани. Тие, прифаќајќи една папска институција, го згазиле Божјиот закон под своите нозе. Тие првиот ден од седмицата го празнуваат како

Господов ден. На другата страна се наоѓаат малубројните верници кои - покорувајќи се на Големиот Законодавец - ја држат и четвртата заповед. Посебни и истакнати белези на нивната вера се празнувањето на седмиот ден и очекувањето на Христовото доаѓање. {1C 223.1}

Судирот е помеѓу Божјите барања и барањата на sверот. Првиот ден на седмицата што папството го вовел и кој е во директна противречност со четвртата заповед, sверот со два рога еден ден ќе го воспостави како критериум за целиот свет. Спротивно на тоа, во страшната Божја опомена се најавува казна за сите оние што се поклонуваат на sверот и на неговата икона. Тие „ќе пијат од виното на Божјиот гнев, кое е неразблажено, излеано во чашата на Неговиот гнев". {1C 223.2}

Не можеме да прифатиме ниту едно друго име освен она, што во склад со нашето исповедање, ја изразува нашата вера и нè означува како „посебен народ". Името Адвентисти на Седмиот ден претставува постојан укор за протестантскиот свет. Овде е истакнат знакот за распознавање помеѓу оние што му се поклонуваат на Бог и оние што му се поклонуваат на sверот и го примаат неговиот жиг. Во тек е голем судир помеѓу Божјите заповеди и барањата на sверот. Змевот води војна против светиите токму затоа што тие ги држат сите десет Божји заповеди. Кога тие би го спуштиле критериумот и би престанале да ги истакнуваат посебните обележја на својата вера, змевот би ги оставил на мир; но тие го предизвикуваат неговиот гнев токму со својата храброст да го воздигнат мерилото и да го развеат своето знаме наспроти протестантскиот свет, кој поданички ја уважува институцијата на папството. {1C 223.3}

Во името: Адвентисти на Седмиот ден на прво место се истакнуваат вистинските обележја на нашата вера, и тоа ги осведочува оние што ја бараат вистината. Тоа, како стрели од Господовиот лак, ги погодува престапниците на Неговиот закон, наведувајќи ги да се каат пред Бога и да веруваат во нашиот Господ Исус Христос. {1C 224.1}

Покажано ми е дека скоро секој фанатик што се појавува, тежнеејќи да ги скрие своите вистински намери за да може да ги заведува другите, обично тврди дека припаѓа на Божјата црква. Таквото име веднаш би предизвикало предрасуди, зашто често се користи за да се прикријат најапсурдни заблуди. Таквото име за остатокот на Божјиот народ би било потполно неодредено. Тоа само би го поттикнувало сомневањето дека имаме некоја вера што сакаме да ја прикриеме. {1C 224.2}

---

43. ЗА СИРОМАШНИТЕ

Некои од оние што се сиромашни во добра од овој свет подготвени се секое непосредно сведоштво да го префрлат на грбот на побогатите во црквата. Но притоа, не сфаќаат дека и тие треба да преземат нешто. Бог и од нив бара да бидат подготвени на жртва, повикувајќи ги да ги отфрлат своите омилени идоли. Тие треба да ги остават штетните стимулативни средства, како што се: тутунот, кафето, чајот. Ако и покрај настојувањето да направат сè што е во нивна моќ, сепак западнат во тешки околности, нивните побогати браќа треба со задоволство да им помогнат за да излезат од своите тешкотии. {1C 224.3}

На мнозина им недостасува мудрост во раководењето и разумното штедење. Тие не умеат добро да ги проценат своите постапки и да бидат внимателни. Таквите не треба да се потпираат на своето слабо расудување, туку треба за совет и мислење да се

обратат кај своите поискусни браќа. Меѓутоа, токму оние што не знаат да бидат економични и немаат здраво расудување најчесто не бараат совет. Тие обично мислат дека знаат како треба да ги водат своите овоземни занимања, и не се подготвени да послушаат совет од било кој. Се впуштаат во погрешни потфати поради кои подоцна страдаат и имаат лоши последици. Гледајќи како страдаат поради тоа, нивните браќа се ожалостени и им помагаат да се извлечат од тешката ситуација. Со така неразумното водење на своите работи тие ставаат товар и на црквата, бидејќи за нив треба да се трошат средства од Божјата ризница кои се предвидени за ширење на сегашната вистина. Ако оние што се во таква слаба имотна состојба ги послушаат советите на своите поискусни браќа своите потфати да ги доведат во склад со своите скромни можности, а сепак западнат во големи финансиски тешкотии, браќата се должни со задоволство да им помогнат да излезат од настанатите тешкотии. Но ако тие, потпирајќи се на своето сопствено расудување, упорно продолжуваат по својот пат, треба да бидат препуштени да ги почувствуваат сите последици на својот немудар избор и, после скапо платеното искуство, да сфатат дека „во мноштвото советници е сигурноста". Припадниците на Божјиот народ треба да се чувствуваат зависни едни од други. Тие треба да се советуваат и да се помагаат меѓусебно, така што недостатокот на едниот да биде надоместен со вишокот на другиот. Покажано ми е дека Божјите повереници не се должни да ги помагаат оние кои упорно продолжуваат да употребуваат тутун, чај и кафе. {1C 224.4}

---

44. ШПЕКУЛАЦИИ ЗА БРЗА ЗАРАБОТКА

Видов дека некои поединци својот пропуст да учествуваат во помагањето на Божјото дело го оправдуваат со своите наводни долгови. Кога внимателно би го преиспитале своето срце, би увиделе дека вистинската причина што своите прилози не ги даваат доброволно на Бога е всушност нивната себичност. Некои вечно ќе останат во долгови. Поради нивната лакомост, Божјата рака што овозможува напредок и успех нема да биде со нив, ниту ќе може да ги благослови нивните потфати. Љубовта кон светот во нивното срце е посилна од љубовта кон вистината, и затоа не се ниту достојни, ниту подготвени за Божјото царство. {1C 225.1}

Кога ќе се појави некој нов изум, оние што тврдат дека веруваат во вистината изнаоѓаат начин како своите средства да ги вложат во таков проект. Бог го познава срцето на секој поединец. Нему му е позната секоја себична побуда, и дозволува да настанат прилики во кои припадниците на Неговиот народ ќе покажат што им е во срцето. Во некои случаи Господ им дозволува на луѓето да продолжат по своите патишта и да доживеат потполн неуспех. Неговата рака е против нив за да ги оневозможи нивните очекувања и да го растури она што е стекнато на таков начин. Оние што се навистина заинтересирани за Божјото дело и се подготвени да ризикуваат нешто за неговото напредување, ќе се осведочат дека тоа е навистина сигурно и безбедно вложување. Некои ќе добијат стократно во овој живот, и вечен живот на Новата земја. Но сите нема да го примат стократно зголемен својот влог во овој живот, затоа што сите тоа не би можеле да го поднесат. Кога би им се доверило толку многу, тие би станале немудри повереници. Господ тоа им го скратува за нивно лично добро; но нивното

богатство на небото ќе биде сигурно. Колку е таквото вложување посигурно од овоземното! {1С 225.2}

Желбата на некои наши браќа брзо да дојдат до пари ги наведува да се впуштаат во нови потфати и во тоа да ги вложуваат своите средства, но нивните очекувања да остварат добивка често пати не се остваруваат. Тие на тој начин ги губат парите што би можеле да ги дадат во Божјото дело. Постои вистинска побудаленост во врска со тие потфати. Иако во тоа учествувале толку пати, и пред себе го имаат примерот на други што ги вложиле своите пари и доживеале потполн неуспех, сепак мнозина мошне бавно извлекуваат вистинска поука. Сатаната ги намамува и опива со лажлива надеж за лесна добивка. А кога сите надежи ќ е се срушат тогаш доживуваат болна обесхрабреност поради толку неразумниот ризик. Неуспехот во остварувањето добивка таквите го доживуваат како своја лична несреќа и како своја загуба. Меѓутоа, тие треба да имаат на ум дека парите со кои ракуваат како повереници не се нивни, и дека на Бог не му е по волја така немудрото ракување со средствата што би можеле да бидат употребени за ширење на сегашната вистина. На денот на конечната пресметка неверниот повереник ќе мора да даде сметка како располагал со она што му било доверено. {1С 226.1}

---

45. НЕЧЕСЕН ПОВЕРЕНИК

Покажано ми е дека Божјиот Дух имал сè помало и помало влијание на Ф, сè додека тој потполно не ја изгубил силата дадена од Бога, без која не е можно да се извојува победа. Кај него, веќе подолго време, видливо се покажува себичност и личен интерес. Гордост во срцето, самоволие, непопустливост и неподготвеност да се признаат и отфрлат сопствените грешки, го доведоа во оваа страшна состојба во која сега се наоѓа. Од неговиот неразумен став Божјото дело долго време трпеше голема штета. {1С 227.1}

Со своите претерани барања, тој во црквата поттикнуваше дух на изнаоѓање на грешки кај другите. Беше премногу строг во она за што не беше надлежен, господарејќи над оние над кои се осмелуваше да покажува авторитет. Со своите молитви и поттикнувања ги наведуваше браќата во него да гледаат вистински христијанин, што всушност беше само подготовка да ги заведе на погрешниот пат по кој и самиот одеше. Беше вообразен, и неговите своевидни идеи на мнозина оставаа неповолен впечаток. Имаше и такви кои во својата слабост се угледаа на неговиот пример. Божјото дело имаше многу повеќе штета отколку корист од него. {1С 227.2}

Да ги прифатеше пораките дадени од Бога и да се согласеше да се поправа, можеше да задобие победа над своите лоши навики кои беа негово вистинско искушение. Но тој толку долго им попушташе на своите навики, така што тој моќен непријател, на крајот потполно го совлада. Неговото работење беше некоректно. Оддавајќи се на нечесност, тој почна од ризницата да зема пари на кои немаше право и да ги користи за сопствени цели. Сметаше дека знае подобро од своите браќа како треба да располага со парите. Кога некој ќе му дадеше пари за одредена цел именувајќи ги и лицата за кои се наменети, тој си земаше слобода да постапува по свое лично мислење, и наместо да ја почитува желбата на дародавецот, ги користеше тие пари за остварување на лична корист. Бог негодува поради таквото постапување. Овој човек тргна по патот на

нечесноста. Сметајќи се за Божји повереник, мислеше дека по свое лично мислење може да располага дури и со туѓите пари. Секој поединец како повереник, треба совесно да управува со она што му е доверено. {1C 227.3}

Презирајќи ги советите на своите браќа, раководејќи се само по сопствена волја и продолжувајќи така во своја сила, тој ја отфрли секоја можност да се поправи. Кога беше укоруван, не му беа по волја ниту начинот ниту лицата што во тоа учествуваа, така што пред себе ги затвори сите можности да се реформира. Господ веќе подолго време не ги прифаќа неговите напори. Тој работеше многу повеќе за своите лични интереси отколку за интересите на делото. {1C 228.1}

Кога за прв пат ќе дојде во некое место, неговите молитви и поттикнувања оставаат впечаток, и браќата стекнуваат претстава дека тој е совршен христијанин. Тој ужива наклоност од другите затоа што го сметаат за проповедник. Но колку се разочарани од неговата себичност, раздразливост, свирепост и настраност штом ќе го запознаат! Скоро секој ден тој се задржува на некоја безначајна ситница. Неговиот ум е постојано обземен со измислување на нешто што ќе одговара на неговите лични интереси. Тогаш во тоа што ќе го науми вовлекуваше и други за успешно да извлече корист за себе, а потоа ќе продолжеше да смислува нешто ново. Таквото негово работење и планирање имаше многу штетно и разурнувачко влијание за Божјото дело. Со своите постапки делуваше разорно, и скоро секаде нанесуваше голема штета. Каков пример за стадото? Во своите постапки беше мошне себичен, настојувајќи од секого, со кого ќе дојдеше во контакт, да извлече некоја лична корист. Неговите постапки Бог не може да ги одобри. Доброто дрво се познава по своите родови. {1C 228.2}

---

46. ФАНАТИЗАМ ВО ДРЖАВАТА ВИСКОНСИН

Видов дека минатата есен Господ имаше посебна намера да го испрати мојот сопруг на запад наместо на исток, како што и тој самиот одлучи на почетокот. Во Висконсин постоеја заблуди кои требаше да бидат срушени. Сатаната имаше успех во своето делување, и ако сето тоа не биде соодветно осудено можат да бидат уништени многу души. Господ виде дека е добро да го избере оној што имаше искуство со фанатизмот во минатото и беше сведок на делувањето на силата на сатаната во тој поглед. Оние што го прифатија ова орудие што Бог го избра беа излечени од злото и душите беа спасени од стапиците што сатаната ги постави. {1C 228.3}

Видов дека тој сатански план не би бил толку лесно прифатен во Висконсин кога тамошните верници би биле и со срце и со душа единствени во делото. Духот на љубомора и сомневање сè уште постоеше во срцата на мнозина. Семето посеано од страна на групата што се собра околу списанието „Гласник" сè уште не беше потполно искоренето. Иако на зборови ја прифатија пораката на Третиот ангел, сè уште не беа ослободени од своите стари сфаќања и предрасуди. Нивното поранешно изопачено верување ги подготви со задоволство да ја прифатат и таа сатанска измама. Оние што се затруени со духот на споменатата група на списанието „Гласник" мораат потполно да раскинат со тоа, да го искоренат секое делче од тоа и да го прифатат духот на третата ангелска вест, или тоа ќе се прилепи за нив како лепра и тие лесно ќе се одвојат од своите браќа во сегашната вистина. Со задоволство ќе ја прифатат идејата дека на

небото можат да одат и сами, како независна група, и така лесно ќе паѓаат во стапиците на сатаната. Сатаната ниту малку не сака да ја напушти својата тврдина во Висконсин, и подготвува нови измами за оние што не се цврсто соединети со црквата. {1C 229.1}

Видов дека личностите што беа толку обземени од темнината на заблудата, така што сатаната го контролираше не само нивниот ум туку и нивното тело, треба да заземаат најскромно место во Божјата црква. Грижата за припадниците на своето стадо Бог нема да ја довери на немудри пастири, кои би можеле да се излажат и наместо здрава храна да му даваат отров на стадото. Бог сака за припадниците на Неговото стадо да се грижат луѓе кои можат да ги хранат со чиста и добро просеана храна. О, колку голем срам и исмевање му нанесуваат на Божјото дело тие фанатички движења. Во оние што упорно се држат за тој мрачен фанатизам, и покрај така јасните докази дека тоа е дело на сатаната, не можеме да имаме доверба. На нивниот суд и размислување не треба да им се оддава никакво значење. Сам Бог ги прати Своите слуги кај братот и сестрата Г, но тие го презреа секој совет и одлучија да продолжат по својот пат. Братот Г беше завидлив и тврдоглав, и неговиот пат понатаму мора да биде одбележен со длабока понизност, бидејќи покажа дека е недостоен за довербата што му ја укажа Божјиот народ. Тој не е исправен пред Бога во своето срце, ниту беше, веќе подолго време пред тоа. {1C 229.2}

Видов дека тоа беше намера на сатаната, споменатите личности во Висконсин да ги вовлече во тежок фанатизам. Тој го контролираше нивниот ум наведувајќи ги да постапуваат во согласност со измамата во која веќе беа вовлечени. А кога ја оствари својата цел, кога тие го претрчаа целиот пат што тој им го одреди, одлучи да им открие колку е погрешен патот по кој одеа, за да ги турне во потполно спротивна крајност - да ги порекнуваат даровите на Божјиот Дух и Неговото делување. Фактот дека братот и сестрата Г не се соединети со телото на црквата, сатаната го искористи како свое предимство. Тие сакаа да бидат потполно независни и да водат, а не да бидат водени. Братот Г, завидлив по природа и наклонет кон целосна независност, се одвои од другите, бидејќи со таков дух навистина не можеше да влече во ист јарем со своите браќа проповедници. Сестрата Г, исто така е многу љубоморна и поседува многу цврстина. Во недостаток на верско искуство, не беше здрава во верата ниту беше поврзана со црквата. Отворено стануваше против даровите во црквата. Во статиите наменети за издавање што ги доставуваше до списанието „Преглед” се забележуваше недостаток на кротост и понизност. {1C 230.1}

Изгледаше дека сè е подготвено за специјалното делување на сатаната. Тој мнозина наведе да го отфрлат разумот и здравото расудување и да се поведуваат само по моменталните впечатоци. Господ очекува од припадниците на Својот народ да се раководат според разумот, а не според минливите впечатоци. Неговото дело можат да го сфатат сите Негови деца. Неговото учење е такво што секој може да го разбере, ако го примени здравиот разум. Тоа има за цел да го воздигне и облагороди умот. Божјата сила не се покажува во секоја прилика. Потребите на човечките суштества претставуваат за Бог прилика да им помогне. {1C 230.2}

Покажани ми се групи во кои, под влијание на лошите духови, владееше голема збунетост и голема бркотија. Сите се молеа во исто време и доста гласно, викајќи секој на свој начин, така што не можеше да се разбере што е овде фрула, што е харфа. „Бог не е Бог на нередот туку на мирот”. Очигледно е дека дошол сатаната и продолжил да владее според својата волја. Здравјето и разумот се жртвувани на таа негова измама. {1C 230.3}

Од припадниците на Својот народ Бог не бара да ги имитираат Вааловите пророци - да го мачат своето тело, да викаат на цел глас молејќи и фрлајќи се по земјата, без водење никаква сметка за јавниот ред, се додека потполно не изнемоштат поради исцрпеност. Религијата не се состои во создавање на голема врева. Кога душата е исполнета со Господовиот Дух таа го фали и слави Бога со мирни и милни изрази на срцето. Некои тврдат дека имаат длабока вера во Бога, и дека, како одговор на своите молитви, имаат некои посебни дарови, иако за тоа немаат никакви докази. Своето вообразување тие погрешно го сметаат за вера. Молитвата со вера никогаш не е напразна, но да се тврди дека таа секогаш ќе биде услишена и тоа токму онака како што ние очекуваме - претставува пречекорување на дозволеното. {1C 231.1}

Кога Божјите слуги поради оваа измама посетија некои места во државата Висконсин, извршено е темелно испитување и дадени се очевидни докази дека тоа дело е лажно. Но духот на фанатизмот остана упорен, и дадената светлина не беше прифатена. О, да беа подготвени измамените да ги послушаат советите на Божјите слуги и да се поправат! Бог

да согледаат дека беа водени од лажен дух. Тогаш тие, врз основа на признавање на своите грешки, би биле спасени од тоа да продолжат во спроведувањето на плановите на сатаната и во оваа кобна измама. Но тие не сакаа да го примат осведочувањето. Братот Г имаше доволно светлина за да стане против фанатизмот, но тој не го направи тоа и покрај тежината на наведените докази. Светлината што ја донесоа Божјите слуги тој тврдоглаво ја отфрлуваше, бидејќи гледаше на нив со сомневање, следејќи ги постојано со окото на љубомората и недовербата. {1C 231.2}

Колку е поголема светлината што луѓето ја отфрлаат, толку ќе биде поголема и силата на измамата и темнината на која ќе ѝ бидат препуштени. Отфрлањето на вистината ги прави луѓето немоќни робови на измамите и лагите на сатаната. После конференциите во извесни места во Висконсин, оние што беа жртви на таа измама, беа водени во уште подлабока темнина, за да прифатат уште потешки заблуди и да му нанесат на Божјото дело таков срам што долго време не ќе може да се отстрани. Страшна одговорност за тоа паѓа на братот Г. Тврдејќи дека е пастир, тој го пушти волкот во стадото и гледаше како тој ги голта овците. Неизбежно ќе го стигне Божјиот гнев, зошто не бдееше будно над душите како оној што ќе мора за нив да даде сметка пред Бога. {1C 232.1}

Покажано ми е дека веќе подолго време неговите напори не ги следи Божји благослов. Господовата рака не беше со него за да ја воздигнува црквата и да ги приведува душите кон вистината. Тој во своето срце не е исправен пред Бога. Никогаш не ја сфати, во вистинска смисла, пораката на Третиот ангел. Својата врска и љубовта кон Божјиот народ тој ја загуби уште пред да се појави оваа измама, и тоа е една од причините зошто падна во толку длабока темнина. Своите верни и пожртвувани слуги Бог не ги остава во незнаење кога е во прашање еден ваков фанатичен дух, и тие се должни да го подигнат својот глас и да го предупредат народот. Кога Божјите слуги, носејќи ја светлината го подигнаа својот глас против споменатите измами, братот

Г не го препозна во тоа гласот на Вистинскиот Пастир, туку во својата љубомора и упорност го сметаше за глас на туѓинец. Пастирите на стадото се должни, пред сите други, да го препознаат гласот на Поглаварот на пастирите. Бог сака Неговиот народ да биде свет и постојан народ. Кога срцето е полно со светост и совршена љубов, тогаш работата меѓу оние што го исповедаат Христовото име - слично на огнот на печката за претопување - го уништува троскотот и ја растерува темнината. Спротивно на тоа, она

што доаѓа од духот на сатаната секогаш станува во одбрана на сопственото зло, и со самото тоа уште повеќе го забрзува своето уништување. Меѓутоа, вистината ќе триумфира. {1С 232.2}

---

47. ПРЕМОЛЧУВАЊЕ НА УКОРОТ

Што се однесува до однесувањето на одредени личности како што се: Х и И, покажано ми е дека тие, иако беа укорени, не ги поправија своите грешки. Божјиот народ, посебно во државата Њујорк, често е вознемируван со нивниот погрешен начин на работа. Нивното влијание нанесе голема штета на Божјото дело. Во последните десет години често во визија ми беше укажувано на нивниот погрешен став, и јас им пишував за тоа. Но тие, плашејќи се за својот углед, грижливо го криеја од своите браќа фактот дека беа укорени. Кога оние што беа погодени со нивната погрешна работа и беа на таков начин вознемирувани би знаеле за овие укори, тоа за нив би била вистинска благодат. Требаше тие пораки да ги испратам до разумните браќа во црквата за, кога ќе се укаже потреба, сите да можат да ги дознаат и разберат упатствата што Господ ги дава на Својот народ. Но, кога се обидов пораките што ми беа дадени за овие браќа да ги пренесам на било кој или на нив самите, тие ме осудуваа на најсуров начин. Тоа ми задаваше толкава болка во душата што почнав да го премолчувам она што Бог ми го откри за неисправноста на одредени личности. {1С 233.1}

Гордоста на срцето беше причината за толку големиот страв кај овие браќа, другите да не дознаат дека биле укорени. Да ги признаеја своите грешки пред црквата ќе потврдеа дека веруваат во визиите, и црквата ќе беше охрабрена да го прифати нивното признавање. Меѓутоа, тие учители продолжуваат да стојат на патот на стадото што им е доверено. Тие им даваат лош пример на верниците што гледаат во нив и кои - кога самите би биле укорени - го поставуваат прашањето: „Зошто не ги укорите овие проповедници, кога токму тие нѐ учат да го правиме тоа?” На тој начин на сатаната му се отвора вратата да подметнува сомневање во вистинитоста на визиите. {1С 233.2}

На тој начин верниците се прелажани и злоупотребени. Верувајќи дека ние сме во единство со овие учители, тие ги прифаќаа нивните упатства дури и кога тие беа потполно погрешни. Со болка во душата им пишував на тие проповедници гледајќи какви рани му задаваат на Божјото дело со своите неразумни постапки. Со каква загриженост очекував да видам какво ќе биде дејството на овие пораки. Меѓутоа, тие го отфрлија сето тоа, не дозволувајќи останатите верници да дознаат било што, и така не можеа да се користат со поуките што беа дадени според Божјото упатство. {1С 233.3}

Гледајќи дека она што требаше да се изврши според Божјата намера не се прифаќа, бев многу обесхрабрена. Често во својата загриженост се прашував: За што служат сите мои напори? Ставот на овие браќа беше следниот: ние веруваме во визии, но сестра Вајт додека пишува додава и свои зборови; затоа го прифаќаме оној дел за кој сметаме дека е од Бога, а останатото го отфрламе. Продолжувајќи во тој дух, тие станаа непоправливи. Тврдеа дека веруваат во визиите, но со своите постапки го покажуваа спротивното. Со својот пример и влијание ги наведуваа и другите да се сомневаат. За делото на сегашната вистина ќе имаше помалку штета овие двајца проповедници отворено да се изјаснеа против даровите (Духот на пророштвото). Тогаш народот немаше да биде

измамуван, ниту доведуван во збунетост од страна на овие слепи учители. Се надевавме дека сепак тие ќе можат да се поправат и да вршат добро влијание на стадото, затоа и се молевме за тоа; но секоја надеж исчезна и ние не можеме и не смееме молчејќи да поминеме преку тоа. Направивме грешка кон Божјата црква што ова уште порано не го разоткривме. {1C 234.1}

---

48. ДЕЛОТО ВО ДРЖАВАТА ОХАЈО

Од времето на нашата посета на државата Охајо, пролетта, 1858 година, Х правеше сè што е во негова моќ да ги спречи нашите напори; и на сите, за кои претпоставуваше дека се подложни на неговото влијание, им пишуваше со цел да создаде негативно мислење и расположение кон нас. Кога пролетта, споменатата година стигнавме во Охајо, ми беше дадена порака за него и неговото семејство. Тоа сведоштво му беше доставено, но малкумина беа оние што знаеја дека имам порака за него. Слично на многу други што беа укорени, тој стана против сведоштвото тврдејќи дека, под влијание на други, имам предрасуди против неговото семејство; додека нивните пропусти - нагласени во оваа визија - ми беа покажани многу пати во последните десет години. Тој кажа дека верува во визиите, но дека сум била под влијание на други додека сум пишувала. {1C 234.2}

Каков заклучок! Господ делува на посебен начин преку личноста за која се знае дека поседува дар на пророштво, а дозволува упатената порака да биде фалсификувана пред да стигне до оној до кого е наменета, со единствена цел да се поправи. Од каква корист се визиите за оние што ги гледаат во таква светлина? Тие ги конструираат по свое лично мислење, и се чувствуваат слободни да го отфрлат сето она што не одговара на нивните склоности. Х знае дека секој збор од визијата дадена за него во Охајо беше верно пренесен. И кога веќе не можеше да ја крие пораката од црквата (бидејќи беше побарана и прочитана минатата есен на конференцијата во _____), призна дека целиот текст е вистина. Но, пак продолжи слепо да војува против она, што самиот призна дека е вистина. {1C 235.1}

Тој не управуваше добро со својот дом и поради тоа во текот на последните десет години беше повеќе пати укорен. Бог не ги одобрува неговите постапки, зашто не ги зауздуваше своите деца. Тие деца поради својата изопаченост станаа изрека за јавноста, и шириа изопачено влијание секаде каде што живееја. Секојпат кога ми беа прикажани, тоа ме потсетуваше на првосвештеникот Илија, изопаченоста на неговите безбожни синови и страшната казна што Бог ја допуштил. Видов дека семејството Х предизвикува згрозување кај неверниците и го изложува на срам делото на сегашната вистина. Пораката што пролетта 1858 година ми беше дадена за Охајо, а посебно за _____, мнозина не ја прифатија. Таа порака засечува длабоко, и срцата што не се длабоко проникнати со вистината, природно стануваат против неа. {1C 235.2}

Проповедниците што работеа во таа држава не вршеа добро влијание на другите. Претпоставките и дошепнувањата што се шириа за братот и сестрата Вајт и останатите што раководеа со делото во Батл Крик, со задоволство мнозина ги прифатија, а посебно лековерните и оние што сакаат да озборуваат. Сатаната добро знае како и на кого да ги насочи своите напади. Тој најнапред настојува во срцето на поединци да поттикне завист и незадоволство против оние што се наоѓаат на чело на делото. Потоа

се доведуваат во прашање нивните способности и таленти, а упатствата дадени во визијата потполно се занемаруваат. {1C 236.1}

За создавање на незадоволство во државата Охајо најмногу придонесоа тамошните проповедници. Х во тоа падна многу ниско. Дишејќи со дух на незадоволство, тој со задоволство ги слушаше лажните гласови, ги собираше и буквално зборуваше: „Кажете, ... и ние ќе го кажеме тоа понатаму". Тој тоа го работеше на многу подмолен начин, ширејќи лажни гласови во поглед на нашето облекување и нашето влијание во Охајо, поттикнувајќи и мислење дека братот Вајт се занимава со разни шпекулации. Тој ниту малку не беше поврзан со нас. А зошто зборуваше така? Едноставно, само затоа што го изнесов она што ми беше откриено во врска со неговото семејство, кое го води на толку немарен и неодговорен начин што го предизвика против себе Божјото неодобрување и Неговиот оправдан гнев. Тој со злоба, завист и дух на непомирливост гледа на улогата што ние ја имаме во делото на сегашната вистина. {1C 236.2}

Верниците во Охајо беа охрабрувани со недоверба и сомневање да гледаат на оние кои се задолжени да го водат делото во Батл Крик, и беа поттикнувани да станат против нив. Братот Ј цврсто се држеше за овој став независно од ставот на црквата. Тој вообрази дека злото доаѓа од центарот и дека тој мора да се бори против тоа. Така се подготвуваше за војна кога воопшто немаше потреба од војна. Се подготвуваше одлучно да се спротивстави на нешто што никогаш не се појавило. Многу од браќата во Охајо негуваа слично расположение, ставајќи се во опозиција на нешто што никогаш не постоеше. Нивната војна беше бесмислена. Беа подготвени да викаат: „Вавилон," сè додека самите не станаа вистински Вавилон. {1C 236.3}

Проповедниците стоеја непосрдено на патот на Божјото дело во државата Охајо. Тие треба да се тргнат од патот за Бог да може да допре до Својот народ. Тие се поставуваат меѓу Бог и Неговиот народ, спречувајќи го остварувањето на Неговите намери. Братот Ј во Охајо шири влијание на кое, по својата должност, би требало да се спротивставува. Видов дека во Охајо има такви кои би зазеле исправен став кога би биле исправно поучени. Тие сакаат да го поддржат делото на сегашната вистина, но гледајќи дека многу малку се спроведува во дело, ја загубија храброста. Нивните раце се ослабнати и потребна им е поддршка. Видов дека напредокот на Божјото дело на може да се овозможи со изнудени прилози. Таквите прилози Бог не ги прифаќа. Тоа прашање треба во потполност да се препушти на секој поединец за самиот да одлучи за себе си. Своите прилози и жртви за Божјото дело тие треба да ги принесуваат не само еднаш во годината туку седмично или секој месец. Таа обврска секоја седмица и секој месец претставува проверка за секој верник. Покажано ми е дека системот на десеток придонесува за развој на карактерот и покажува каков е всушност човекот во своето срце. Да им беше изложено ова прашање на верниците во Охајо во вистинска светлина, со препорака самите да донесат одлука, тие ќе ја сфатеа мудроста и исправноста на уредбата за десетокот. {1C 237.1}

Проповедниците не треба да вршат притисок на поединците и со строго предупредување просто да им ги извлекуваат парите од рацете. Ако некој не дава онолку колку според мислењето на другите треба да даде, тие не треба да го осудуваат и да дигаат раце од него. Со трпение и долго поднесување тие треба да се угледаат на Христос и Неговите ангели. Христос и ангелите будно внимаваат на развојот на карактерот и ги одмеруваат моралните вредности на човекот. Господ има големо трпение со заблудените во Својот народ. Вистината ќе се изнесува сè поодредено, изобличувајќи ги идолите еден по еден, сè додека во срцето на оние што сакаат да бидат

посветен Божји народ не владее само Тој како единствен и најголем Авторитет. Видов дека прилозите што ги дава Божјиот народ мораат да бидат потполно доброволни, и секој поединец мора сам да одлучи дали ќе даде повеќе или помалку. Тоа верно ќе биде запишано. На секој верник треба да му се даде време да го развие својот карактер. {1C 237.2}

Одреденото сведоштво треба да го изнесуваат токму проповедниците. Живите вистини на Божјото Слово треба да се изнесуваат така за тие да допрат до срцата на слушателите. И кога овој толку важен предмет ќе им се предочи на верниците во Охајо, тие чии срца се наклонети кон Божјото дело, со задоволство ќе ги приложуваат своите средства да го потпомогнат делото. Господ го испитува и проверува Својот народ. Оние што не се со цело срце во делото и ги скусуваат своите прилози на Господ, Тој понекогаш ги посетува со одредени казни; но ако тие и понатаму грчевито се држат за својата лакомост, Тој ќе ги одвои од Својот народ. Покажано ми е дека мора да постои систем со кој ќе бидат сите опфатени. Младите мажи и жени, кои се здрави и имаат сила, многу незначително го чувствуваат товарот на делото. Својата сила и способности тие ги примиле од Бога, и би требало доброволно да ги донесуваат своите прилози. И ако тие не сакаат со задоволство да го направат тоа, Тој може да ја повлече раката што им донесува благослов и успех. {1C 238.1}

Видов дека Божјата рака не го следеше напредувањето на делото во Охајо. Овде нешто недостасува. И проповедниците и верниците треба највнимателно да ги преиспитаат своите срца за да видат поради што во толку голема мера им недостасува влијанието на Божјиот Дух. Нивните жртви и прилози речиси пресушија. Зошто вистината на Божјото Слово не ги загрева срцата и не доведува до самоодрекување и пожртвуваност? Проповедниците нека се преиспитаат и нека видат какво влијание вршеле на верниците. Братот J ширеше дух на независност што Бог не го одобрува. Со своето влијание тој не придонесуваше да се воспостави единство во Божјиот народ ниту да напредува делото. {1C 238.2}

Покажано ми е дека оние што во делото на сегашната вистина имаат искуство од само неколку години, не се соодветни да раководат со делото. Таквите треба да бидат многу внимателни да не се спротивставуваат на судовите и мислењата на оние што се осведочени поборници на сегашната вистина од самиот почеток и чиј живот, како нишките при ткаењето, е нераздвојно испреплетен со неговото напредување. Луѓе со толку мало искуство Бог не ги бира да предводат во ова дело. На таква положба Тој не ги доведува оние што не доживеале страдања, неволји, спротивставувања и лишувања поднесени поради делото, додека тоа не беше подигнато на нивото на кое сега се наоѓа. Денес, во споредба со некогашните услови, е лесно да се проповеда пораката на Третиот ангел. Оние што се сега повикани на работа да ја пренесат вистината на другите, ги имаат сите погодности за тоа. Тие не преживуваат такви лишувања какви што преживуваа оние што се залагаа за оваа вистина пред нив. Вистината што тие ја проповедаат веќе е изнесена. Сите аргументи веќе се подготвени. Таквите треба да бидат многу внимателни за да не се возгордеат, зашто гордоста обично доаѓа пред пропаста. Тие исто така треба строго да се чуваат од мрморење против оние што толку многу поднеле на самиот почеток на делото. {1C 238.3}

Бог ги цени искусните работници што се мачеа под товарот на делото, кога беа малку оние што беа подготвени да помогнат. Чувајте се да не им префрлате и да не мрморите против нив; бидејќи тоа сигурно ќе ви се запише како грев, и Божјата рака што носи напредок нема да биде со вас. Некои од браќата кои немаат никакво искуство,

бидејќи не почувствувале никаков товар и не направиле скоро ништо за напредокот на ова дело, ниту пак знаат било што за ситуацијата во Батл Крик, први се да критикуваат и изнаоѓаат грешки во врска со тоа како таму се води делото. И оние што немаат никаков ред во своите овоземни работи, ниту можат да управуваат со своите семејства, најмногу се противат на системот со кој треба да се обезбеди ред во Божјата црква. Тие ниту во овоземните работи немаат смисол, ниту вкус за тоа што е исправно и убаво, и на сè што е такво тие се противат и во црквата. Гласот на таквите не треба да се слуша при донесувањето на одлуки што се важни за црквата, ниту треба да се придава било какво внимание на нивното влијание. {1C 239.1}

49. ПОТПОЛНА ПОСВЕТЕНОСТ

Драги брате и сестро К, во мојата последна визија ми се откриени некои подробности што се однесуваат на вашето семејство. Господ во Својата милост ви го сака само доброто и не сака да се одрече од вас доколку вие не се одречете од Него. Л и М се наоѓаат во состојба на духовна млакост. Тие мораат да се пробудат и да преземат одредени напори за своето спасение, или ќе го загубат вечниот живот. Тие мора да ја почувствуваат личната одговорност и да стекнуваат сопствени искуства. Неопходно е Светиот Божји Дух да делува на нивните срца, наведувајќи ги пред сè да го сакаат и бараат друштвото на Божјиот народ, и да се одвојат од оние што немаат никаква духовност во своето срце. Исус бара беспрекорна жртва и потполна посветеност. Л, и М, вие не сфаќате дека Бог ја бара вашата лична наклоност и љубов. Вие свечено дадовте завет на Бога, а се спуштате на нивото на оние кои само исповедаат дека се христијани. Го сакате друштвото на младите кои воопшто не се интересираат за светите вистини што вие ги исповедате. Вие сакате да бидете слични на оние со кои се дружите и се задоволувате со вера која ве прави да бидете пријатни за сите што ве опкружуваат, не предизвикувајќи ничие негодување. {1C 240.1}

Христос бара сè. Ако би барал помалку од тоа, тогаш жртвата што ја поднел за ние да се воздигнеме до тоа ниво би била прескапа и преголема. Нашата света вера бара да се одвоиме од светот. Ние не треба да се прилагодувме на светот или на оние што безживотно ја исповедаат верата само на зборови. „Туку променете се со обновување на својот ум,” кажува апостолот. Тоа е пат на самоодрекување. И кога ќе помислите дека тој пат е премногу тесен, дека тесната патека бара премногу самоодрекување, и донесете заклучок дека е тешко да се остави сè, - тогаш запрашајте се: Што сè Христос оставил заради нас? Тоа прашање го фрла во сенка сето она што ние би можеле да го наречеме самоодрекување од наша страна. Гледајте го во Гетсиманската градина облиен со пот која на земјата паѓа како големи капки крв. Само еден ангел се симнува од небото да го охрабри Божјиот Син. Следете го на патот до судницата, додека избезумената толпа му се потсмева, го навредува и малтретира. Гледајте Го наметнат со стара царска облека. Слушнете го простачкото задевање и свирепото исмевање. Гледајте како на тоа благородно чело стават трнов венец, а потоа свирепо удираат по тој венец така што трњето му се забодува во слепоочниците додека крвта тече низ тоа свето чело и лице. Слушнете како тој убиствен џган викајќи ја бара крвта на Божјиот Син. Пилат го предава во нивните раце и тие, благородниот Страдалник така блед и изнемоштен, го водат на распнување. Распнувајќи го на дрвен крст, со страшни клинови ги прободуваат Неговите раце и нозе. Гледајте го како во тие страшни часови на смртни

страдања виси на крстот, додека ангелите го кријат своето лице пред таа ужасна глетка, и сонцето ги сокрива своите светлосни зраци за да не го гледа тоа. Имајќи го на ум сето тоа, прашајте се: дали овој пат е премногу тесен? Не, не! {1C 240.2}

Во поделениот и половичниот живот секогаш ќе наидувате на сомневање и мрак. Во таквиот живот нема да можете да ја најдете утехата на верата ниту оној мир што не може да го даде овој вознемирен свет. Не седете на мекото столче на неактивноста што ви го препорачува сатаната, туку станете и бидете истрајни во стремежот да достигнете висока цел -тоа е предноста што ви е дадена. Благословена е предноста да се одречеме од сè заради Христос. Не угледувајте се на оние што не тежнеат кон духовно напредување и воздигнување. Само еден е вистинскиот и непогрешен Пример. Сигурни ќе бидете само кога го следите Христа. Раскинете одлучно со оние што се наклонети кон духовна мрзеливост, и без застанување продолжете со усовршување на христијанскиот карактер. Изградувајте карактер што небото може да го прифати. Не спијте на борбена положба. Постапувајте верно и совесно со својата душа. {1C 241.1}

Вие му попуштате на злото што се заканува да ја уништи вашата духовност, и да ја фрли во сенка сета убавина на Светото Писмо и секој интерес за негово проучување. Тоа зло е љубовта кон романите, измислените приказни и слични четива што негативно влијаат на оние што се на било кој начин посветени на службата на Бога. Тоа доведува до лажно и нездраво возбудување и ја распалува фантазијата, а умот го прави неспособен за она што е корисно во животот, а посебно за било какви духовни напори. Тоа ја одвраќа душата од молитва и љубовта кон духовните вредности. Меѓутоа, читањето литература што ги објаснува Светите Списи и ја поттикнува желбата за трудољубиво проучување на истите, не е опасно, туку делотворно. Прикажани сте ми како го одвраќате својот поглед од Светото Божје Слово и напрегнато читате возбудливи книги што се смрт за верата. Кога почесто и потрудољубиво би го читале Светото Писмо, тогаш тоа би ви било многу поприврлечно и не би наоѓале задоволство во читањето на таа безвредна литература. Секојдневното проучување на Светото Писмо ќе има посветувачко влијание на умот и вие ќе ја вдишувате атмосферата на небото. Поврзете се со цело срце за таа драгоцена книга. Таа ќе се покаже како ваш вистински пријател и патоказ во секоја тешкотија. {1C 241.2}

Вие во својот живот сте си поставиле одредени цели, и колку упорно и неуморно сте се залагале тоа и да го остварите! Сте калкулирале и планирале сè додека вашите очекувања не биле остварени. Сега е пред вас цел за која вреди неуморно да се вложуваат истрајни напори во текот на целиот живот. Таа цел е спасение на душата - вечниот живот. А тоа бара самоодрекување, пожртвуваност и внимателно проучување. Морате да поминете низ процесот на чистење и облагородување. Ви недостасува спасоносното влијание на Божјиот Дух. Сè уште се мешате со припадниците на своето старо друштво заборавајќи дека се нарековте со Христовото име. Ниту во постапките, ниту во облекувањето вие не се разликувате од нив. {1C 242.1}

Сестро К, пред тебе е голема задача. Мораш да умреш за гордоста и во потполност да се посветиш на вистината. Од патот по кој сега ќе тргнеш зависат твоите вечни интереси. Ако сакаш да го наследиш вечниот живот мораш да живееш за тоа и да ја отфрлиш себичноста. Излези од светот и одвој се. Карактеристики на твојот живот треба да бидат: умереност, будност и молитва. Ангелите будно внимаваат на развојот на карактерот и ја проценуваат моралната вредност. Сите наши дела и зборови се испитуваат пред Бог. Времето е многу сериозно. Надежта во вечен живот на треба да се потпира на недоверлив темел, туку на цврстата поврзаност меѓу Бога и нашата душа. За

да не се мачат со внимателно испитување на својата сопствена душа, мнозина со поголемо задоволство се потпираат на судот и искуствата на другите, и така минуваат месеци и години и тие не примаат никакво осведочување од Светиот Дух, ниту докази дека Бог ги прифаќа. Тие се измамуваат самите себе, негувајќи лажна надеж, бидејќи им недостасуваат најважните христијански особини. Таквите прво мораат да доживеат темелна промена во своето срце и дури тогаш ќе бидат во состојба да изградат возвишен и благороден карактер што е обележје на вистинските Христови следбеници. За да ја потврдиме својата вера со животот потребни се напори и морална храброст. {1C 242.2}

Припадниците на Божјиот народ се посебен народ. Тие не можат да се сложат со духот и влијанието на овој свет. Ти не би сакала да го носиш христијанското име, а да не си достојна за тоа име. Ти не сакаш да го следиш Христос само на зборови и да бидеш измамена во едно така важно прашање. Темелно преиспитај ги основите на својата надеж. Размисли најискрено за својата душа. Надежта заснована на претпоставка никогаш нема да ти донесе спасение. Дали сериозно размисли за резултатот на сето тоа? Се плашам дека не размисли. Сега треба да одлучиш дали ќе бидеш Христов следбеник, без оглед на цената. Тоа, меѓутоа, не можеш да го сториш додека наоѓаш задоволство во друштвото на оние што не го ценат тоа што е божествено и свето. Во духот не може да се согласиш со нив како што маслото и водата не можат да се измешаат и да станат едно. {1C 243.1}

Голема е предноста да се биде Божје дете и сонаследник со Христос. Ако е тоа и твоја предност, ќе го прифатиш и учеството во Христовите страдања. Бог гледа што има во срцето. Покажано ми е дека мораш посердно да го бараш Бога и да се воздигнеш на повисоко ниво на побожност, во спротивно сигурно ќе го загубиш вечниот живот. Можеби ќе го поставиш прашањето: „Дали сето ова навистина ѝ било покажано на сестра Вајт?" Да, го видов сето тоа и се обидувам на овој начин да ти ги пренесам впечатоците што ги добив. Господ нека ти помогне да послушаш. {1C 243.2}

Драги браќа и сестри, внимавајте будно на своите деца. Духот и влијанијата на овој свет ја уништуваат во нив секоја желба да бидат вистински христијани. Употребете го своето родителско влијание да ги одвоите од друштвото на младите кои не оддаваат никакво значење на она што е божествено и свето. И тие мораат нешто да жртвуваат доколку сакаат да го задобијат небото. {1C 243.3}

---

50. ЛИЧНО ИСКУСТВО

На 20 септември, 1860 година, се роди моето четврто дете, Џон Херберт Вајт. Кога имаше три седмици, мојот сопруг чувствувајќи дека тоа му е должност, замина на пат. Според одлуката на конференцијата братот Лофбороу требаше да појде на запад, а тој на исток. Неколку денови пред поаѓањето, мојот сопруг беше мошне потиштен во душата. Едно време помислуваше да не тргне на пат, но сепак се плашеше да постапи така. Чувствуваше дека треба нешто да направи, но беше обвиен со темни облаци. Обземен со постојана вознемиреност и грижа, не можеше да спие ниту да се одмори. Им кажа за својата загриженост на браќата Лофбороу и Корне и заедно клекнаа пред Господ од Него да побараат совет. Тогаш облаците се разотидоа, и јасно светна светлина. Мојот сопруг дојде до сознание дека Господовиот Дух него го праќа на запад,

а братот Лофбороу на исток. После тоа и на двајцата им беше јасно што треба да прават и така и направија. {1C 244.1}

Во отсуство на мојот сопруг се молевме Господ да го поддржи и засили, и добивме осведочување дека Господ ќе биде со него. Околу седум дена пред неговото пристигнување во Маустон, во државата Висконсин, од сестра Г стигна писмо со барање да го објавам во нашиот печат. Таа тврдеше дека тоа е визија која штотуку ја примила од Господ. Читајќи го ова бевме загрижени, бидејќи бевме осведочени дека тоа не доаѓа од вистинскиот извор. А бидејќи мојот сопруг не знаеше на што ќе наиде во Маустон, чувствувавме дека неочекуваното соочување со фанатизмот може обесхрабрувачки да делува на неговиот ум. Во текот на нашите поранешни патувања често наидувавме на такви сцени и многу страдавме од таквите немирни и нескротливи духови, така што со незадоволство доаѓавме во контакт со нив. Побарав од членовите на месната црква во Батл Крик да се молат за мојот сопруг, а и ние во нашето семејство исто така се молевме за него. Со смирени срца и со солзи настојувавме со вера цврсто да се потпреме на Божјите ветувања, верувајќи дека Тој ќе ги слушне нашите молитви и ќе го закрепне мојот сопруг давајќи му вистински совети и својата мудрост. {1C 244.2}

Додека барав во Библијата стих за Вили да го научи напамет за саботното училиште, моето внимание го привлекоа зборовите: „Добар е Господ, тврдина во денот на неволја; Тој ги познава оние што се потпираат на Него". Заплакав над овие зборови кои беа вистински одговор на мојата молитва. Голем товар што ја притискаше мојата душа беше грижата за мојот сопруг и за црквата во државата Висконсин. Мојот сопруг почувствува дека во Висконсин го прати Божјиот благослов. Господ навистина беше негова тврдина во денот на неволја, поддржувајќи го изобилно со својот Дух додека изнесуваше одлучно сведоштво против дивеењето на тамошниот фанатизам. {1C 245.1}

Од Макфорт, едно место во државата Висконсин, мојот сопруг ми напиша едно писмо кое велеше: „Се плашам дека дома не е сè во ред. Имам некој чуден впечаток за детето". Додека се молел за семејството, имал претчувство дека детето е многу болно. Му се чинело дека тоа лежи пред него со отечено лице и глава. Кога го примив писмото детето сè уште беше добро, но веќе следното утро многу се разболе. Беше тоа исклучително силно изразен еризипел на лицето и на главата. Кога мојот сопруг стигнал кај братот Викс недалеку од Раунд Гров, во државата Илиноис, ја добил телеграмата дека детето е болно. Откако ја прочитал, на присутните им кажал дека таа вест не го изненадила, бидејќи Господ го подготвил за тоа, откривајќи му дека болеста посебно ќе го зафати лицето и главата на детето. {1C 245.2}

Моето драго новороденче беше многу болно. Дваесет и четири дена грижливо бдеевме над него, правејќи сè што е во наша моќ да му ги намалиме страдањата, и најсердно се молевме на Господ за негово оздравување. Понекогаш, гледајќи како се мачи, не можев да ги совладам своите чувства. Многу време поминавме во солзи и понизно обраќање кон Бога. Но, нашиот небесен Татко виде дека е добро да го земе нашиот сакан. {1C 245.3}

На 14 декември на детето му стана уште полошо, па ме повикаа уште еднаш да го видам. Кога го наслушнав неговото тешко дишење и го насетив неговиот сè послаб пулс, знаев дека ќе умре. Тоа веќе беше во ледените раце на смртта. Тоа за мене беше момент на тешка болка и агонија. Го наслушнувавме неговото слабо, испрекинато дишење сè додека целосно не застана, и можевме само да почувствуваме благодарност што дојде крајот на неговите страдања. Кога умре детето, не можев да плачам. Моето срце го раскинуваше болка, но не можев да пуштам ниту една солза. На погребот паѓав во

несвест. Бевме разочарани што братот Лофбороу не можеше да дојде да ја изврши погребната служба и затоа пред мноштвото собрани во таа прилика мораше да зборува мојот сопруг. Потоа нашето дете го испративме до гробиштата Ок Хил, овде да почива сè додека не дојде Дародавецот на животот за да ги раскине прангите на гробот и да го повика во бесмртност. {1C 246.1}

Кога се вративме од гробиштата, куќата ми изгледаше тажно осамена. Се помирив со Божјата волја, но останав мошне потиштена и обземена од чувство на стушеност. Не успевавме да се издигнеме над обесхрабрувањето што нè снајде тоа лето. А бевме и во голема неизвесност поради состојбата во која се наоѓаше Божјиот народ. Сатаната здоби контрола над некои кои, бидејќи беа тесно поврзани со нас во делото, беа добро запознаени со нашата мисија, и кои гледајќи ги плодовите на нашата работа беа, не само сведоци на често појавување на Божјата сила, туку влијанието на тоа го почувствуваа и лично на себе. На што можевме да се надеваме во иднина? Додека детето ми беше живо, мислев дека знам што ми е должност. Го прегрнував детето на своите гради радувајќи се што барем една зима ќе бидам ослободена од некоја тешка одговорност, бидејќи со толку мало дете не ќе можам да патувам во зимски услови. Но, бидејќи детето ми беше одземено, повторно се најдов во голема збунетост и недоумица. {1C 246.2}

Состојбата во која се наоѓаше Божјото дело и Неговиот народ, скоро потполно нè скрши. Нашата среќа секогаш зависеше од тоа во каква состојба се наоѓа Божјото дело. Кога Неговиот народ духовно напредуваше ние се чувствувавме слободни, но кога доаѓаше до духовно назадување и неслога, ништо не можеше да нè израдува. Целиот наш животен интерес беше неразделно поврзан за појавата и ширењето на третата ангелска вест. Бидејќи бевме толку тесно поврзани со делото, ние во душата силно страдавме кога во него немаше напредок. {1C 246.3}

Во тоа време мојот сопруг, со оглед на сè што до тогаш проживеа, почна да ја губи довербата во сите околу себе. Мнозина од оние со кои тој настојуваше да се спријатели се однесуваа кон него како непријатели, а некои на кои најмногу им помогна со своето влијание и со своите и така скудни средства, постојано се обидуваа да му наштетат, правејќи го неговото бреме уште потешко. Едно саботно утро, додека одеше на местото на богослужение, беше во голема мера совладан од чувството на неправдите што му се нанесуваа; се сврте на другата страна и гласно заплака додека собраните верници чекаа да го започне богослужението. {1C 247.1}

Од самиот почеток на нашата работа бевме повикани да изнесуваме јасно и одредено сведоштво, без притеснување да ја осудиме и укориме секоја неправда. И секогаш имаше такви што стануваа против нашето сведоштво и одеа по нас, за зборувајќи ласкави зборови, премачкувајќи со кал (Езекиел 13:10), да го уништат влијанието на нашата работа. Секогаш кога Господ ќе нè повикаше да изнесеме некој укор, имаше поединци кои се поставуваа меѓу нас и народот кои имаа за цел да го уништат успехот на нашето сведоштво. Во многу визии што ми беа дадени беше нагласено дека Господовите совети треба да се изнесуваат одлучно, и дека без притеснување мораме да работиме на пробудување на народот кој спие во своите гревови. Меѓутоа, малкумина беа оние што во тоа со одобрување ни беа наклонети. Повеќето го одобруваа гревот и беа на страната на оние што беа укорени. Тоа потполно нè скрши, и мислевме веќе да не изнесуваме никакво сведоштво во црквата. Не знаевме на кого би можеле да се потпреме. И кога сето ова се сруши на нас, почнавме да ја губиме надежта. На спиење заминувавме на полноќ, но сон не ни доаѓаше. Чувствував

остра болка во срцето, никако не можев да се смирам и повеќе пати паѓав во несвест. {1C 247.2}

Мојот сопруг ги повика браќата Амадон, Келог и К. Смит. Нивните сесрдни молитви беа услишени. Настапи олеснување и јас се вознесов во визија. Тогаш ми беше покажано дека морам и понатаму да ја продолжам својата работа, изнесувајќи ги сведоштвата јасно и потполно одредено. Укажано ми е на поединци што ги избегнуваа ваквите сведоштва, и видов какво влијание вршеа со своето учење меѓу Божјиот народ. {1C 247.3}

Покажано ми е исто така и во каква духовна состојба се наоѓаат припадниците на нашиот народ во _____ Тие ја имаат теоријата на вистината, но не се посветени со неа. Видов дека работата на нашите гласници кога ќе дојдат во ново место е потполна загуба ако не изнесуваат јасно и одредено сведоштво. Тие треба јасно да ја истакнат разликата помеѓу Христовата црква и оние што формално исповедаат безживотна побожност. Во тој поглед се грешеше токму во ова место. Проповедникот Н се плашеше да не навреди некого, се плашеше да не ја открие особеноста на нашата вера; беше спуштано мерилото на побожноста за да се зголеми бројот на приврзаници. На слушателите требаше јасно да им се нагласи дека ние ја имаме вистината која има животно значење и дека нивните вечни интереси зависат од одлуката што сега ја носат; дека посветени со вистината можат да бидат само ако ги отфрлат своите идоли, ги признаат своите гревови и носат родови достојни за покајание. {1C 248.1}

Оние што ќе се посветат на сериозната задача да ја објавуваат пораката на Третиот ангел, тоа мора да го прават одлучно. Вистината која сече и задава болка, тие мора да ја проповедаат без страв, во Духот и силата на Бог. Возвишеното мерило на вистината тие треба да го држат високо, повикувајќи ги слушателите да се воздигнат до него. Тоа мерило многу често се спушта за да се задоволат склоностите на слушателите кои се наоѓаат во темнината на заблудата и гревот. Само јасното и одредено сведоштво може слушателите да ги доведе до одлука. Со изнесување на угодни зборови, со порака што го уверува човекот дека не му е потребна промена, не може да се постигне тоа. Такви излагања луѓето можат да слушаат од популарните проповедални, но Божјите слуги на кои Тој им ја доверил свечената и застрашувачка порака за народот да се подготви за Христовото доаѓање, мораат да изнесуваат јасно и одредено сведоштво. Вистината што ни е на нас доверена е посериозна од она што го проповедаат номиналните христијани и тоа толку колку што е небото повисоко од земјата. {1C 248.2}

Луѓето спијат во своите гревови и треба да бидат предупредени за опасноста што им се заканува за да се разбудат од таа нечувствителност слична на смртта. Пријатни и слаткоречиво конструирани излагања тие слушаат од своите проповедници, но Божјите слуги што на светот му ја носат вистината што има животна важност, мораат да зборуваат јасно, не притеснувајќи се, за вистината да ја раскине облеката на лажната сигурност и да допре до срцето. Проповедниците во _____ не сакаа да изнесуваат непосредно сведоштво; семето на вистината е посеано во трње и трњето го задуши. Склоностите кон злото растеа и напредуваа во срцата на мнозина, додека благодатите што небото ги дава тажно изумираа. {1C 249.1}

Божјите слуги мораат да изнесуваат одредено сведоштво што го погодува непрепороденото срце и го развива карактерот. Браќата Н и О во текот на својата работа во _____ беа потполно ограничени. Со такви проповеди какви што се одржуваа таму никогаш нема да се оствари Божјата намера. И така е веќе премногу тоа, што

проповедниците на номиналните цркви ги прикриваат вистините што го разобличуваат гревот. {1C 249.2}

Ако луѓето искрено не ја прегрнат пораката и не се подготвени да ја прифатат во срцето, подобро е да ги оставиме на мир. Покажано ми е дека припадниците на црквата во _____ треба да стекнат ново искуство, но тоа ќе биде значително потешко отколку кога би им било упатено одлучно сведоштво на самиот почеток, кога за прв пат сфатија дека се во заблуда. Тогаш беше многу полесно да се искорени плевелот и трњето. Покажано ми е дека во _____ сепак има искрени души кои ќе бидат проверувани во поглед на сегашната вистина. Ако тамошните верници се пробудат и обратат, Господ ќе го сврти своето лице кон нив и ќе им го даде Својот Дух. Тогаш нивното влијание ќ е сведочи во прилог на вистината. {1C 249.3}

_____

51. СОСТОЈБАТА НА ДЕЛОТО НА ЗАПАД

Покажано ми е дека на Запад честити луѓе ја прегрнале вистината и дека таму тие ќе бидат столбови на делото. Кога своите овоземни работи ќе ги средат за да можат слободно да располагаат со своите средства, тие со задоволство ќе учествуваат во помагање на делото. Видов исто така дека има и такви кои со задоволство ја прифаќаат вистината што дошла до нив со работата на пожртвуваните браќа од Исток, додека нив самите тоа ништо не ги чини. Браќата на Запад треба да се пробудат во тој поглед и сами да ги сносат трошоците за делото во своето поле на работа. Тоа Бог го бара од нивната рака, и тие тоа треба да го сметаат за своја предност. Господ сака да ги провери во тоа, да види дали се подготвени да го лишат светот од својата наклоност, и својата вера да ја усовршат со дела. {1C 250.1}

Покажано ми е дека Божјата рака е сè уште испружена да ги собере искрените души на Запад. Тој праќа луѓе што се во состојба вистината да им ја пренесат на другите, луѓе кои се чувствуваат должни да ја однесат веста во нови полиња. Ако оние, што од Исток отишле на Запад и ги издржале сите тешкотии околу прилагодувањето во новата земја, со разбирање ја прифатат сегашната вистина, тие и во тој поглед ќе покажат иста истрајност и одлучност како и во стекнувањето на овоземно богатство, и со цело срце ќе се залагаат за ширењето на вистината. Ако иста таква ревност не се огледа и во нивниот духовен живот, тоа значи дека вистината во нив сè уште не го извршила своето спасоносно и посветувачко влијание. {1C 250.2}

Ми беше укажано на еден состанок во _____. Братот П ја чувствуваше сета тежина на делото, додека Р покажуваше дух на противење. Со своето излагање тој покажуваше дека не е соединет со Божјото дело и им нанесуваше тешка болка на оние што се залагаа за напредок на делото. Меѓутоа, за делото ќе беше подобро браќата да имаа поголемо трпение со него, поднесувајќи ја збунетоста што тој ја внесуваше. Видов дека брат П не постапи мудро во својот случај. Со тоа им е дадена предност на непријателите на нашата вера и на самиот Р. Требаше братот П да почека додека Р во потполност не покаже во што всушност верува. Тој набргу ќе беше принуден или да се соедини со Божјиот народ на остатокот или ќе беше препуштен на самиот себе. Меѓутоа, на овој начин тој стекна наклоност и сожалување поради своите години. Тој беше под влијание на групата околу т.н. списание „Гласник” и целиот негов животен пат беше

затемнет со тоа. Неговата сопруга беше нервозна, со чемерен дух и мошне ревна во ширењето лажни вести. За својот сопруг таа беше она што Езавела била за Ахав, подбуцнувајќи го да станува против Божјите слуги што беа повикани да изнесуваат отворено сведоштво. {1С 250.3}

Со своето влијание на Исток тие отворено и се спротивставуваа на вистината и на оние што својот живот го посветија на нејзиното ширење. На Исток имаше уште една група истомисленици кои тврдеа дека веруваат во вистината, но потајно негуваа чувства на незадоволство против оние што го носат товарот на делото. Вистинските чувства на таквите не се покажуваат додека не се појави некоја струја насочена против Божјото дело и тогаш го покажуваат својот вистински карактер. Тогаш спремно прифаќаат, поддржуваат и шират вести кои немаат никаква вистинска основа, само за да го поткопаат влијанието на оние што работат во Божјото дело. Секој што сака да ја напушти црквата ќе најде прилика за тоа кога ќе искрсне нешто што ќе биде проверка на неговата верност и предаденост. Времето на големото решетање е токму пред нас. Оние што љубоморно и ревно изнаоѓаат туѓи грешки, кои будно внимаваат да го забележат злото кај другите, ќе бидат изрешетани. Таквите го мразат укорот и ги презираат опомените. Оние на кои
на Третиот ангел им е во срцето не можат да имаат ништо заедничко со духот што го покажуваат Р и неговата сопруга. {1С 251.1}

---

52. ОДГОВОР НА ПРАШАЊЕТО НА КРИТИЧАРИТЕ

Оние што потпаѓаат под влијание на моите непријатели често го поставуваат прашањето „Зар сестра Вајт не стана горделива? Се слуша дека носи капа начичкана со панделки и украси”. {1С 251.2}

Се надевам дека не станувам горделива. Во својот начин на облекување со години не сум се менувала. Се противам на носењето кринолини и на носење на непотребни машни и ленти. Две години носам една иста капа од сомот, од која ги симнувам врвките само за да ги исперам со сапун и вода. Сега истиот тој сомот го употребив при шиењето на нова капа, и таа иста капа повторно ја носам оваа зима. Верувам дека оние што ја почитуваат саботата треба да бидат едноставни и штедливи во својот начин на облекување. Оние што сакаат да озборуваат, ќе го прават тоа иако не им даваме никаков повод. Не очекувам дека со својот начин на облекување ќе го задоволам сечиј вкус, но верувам дека треба да се облекувам квалитетно, чисто и уредно, раководејќи се притоа од својот личен вкус доколку не е во спротивност со Божјата реч. {1С 251.3}

Број седум
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

53. СЕВЕР И ЈУГ

На четврти јануари, 1862 година, ми беа покажани некои подробности во врска со нашата нација (САД). Бев повикана да обрнам внимание не бунтот на Јужњаците. Тие се подготвуваа за жесток судир, додека оние од Север не ни сонуваа за нивното вистинско расположение. Жителите на Југ стекнаа поповолна положба уште пред претседателот Линколн да стапи на должност. Луѓето од претходната администрација плански им овозможуваа на оние од Југ да се снабдуваат со воена опрема, додека оние од Север во тоа беа попречувани. Тие при тоа имаа две цели: 1. да се испланира одлучен бунт и да се биде подготвен за тоа; 2. кога бунтот ќе почне, оние од Север да бидат затекнати потполно неподготвени. Со тоа тие би добиле во време, додека со своите дрски заплашувања и безобѕирни постапки би ги заплашиле оние од Север да се согласат со сите нивни барања. {1C 253.1}

Жителите на Север не ја согледаа огорчената и страшна омраза на Јужњаците кон нив, и не беа подготвени да се спротивстават на нивната грижливо подготвена завера. Се фалеа со својата сила, сметајќи ја за смешна и самата мисла дека Југот би можел да ја напушти Унијата. Го сметаа тоа за застрашување од страна на едно самоволно и тврдоглаво дете, мислејќи дека Јужњаците брзо ќе се свестат, ќе ја отфрлат идејата за одвојување како нездрава и, со смирено извинување, ќе се вратат на својата поданичка покорност. Жителите на Северот немаа вистинска претстава за силата на проклетиот ропски систем. Во тоа, и само во тоа, беше вистинската причина за војната. Барањата на Јужњаците беа сè поголеми и поголеми. Сметаа дека се потполно во право кога водат трговија со робови, тргувајќи и со душата и со телото на своите робови. Се лутеа и стануваа мошне раздразливи ако не им се овозможеше да влезат во некоја нова област, сметајќи дека е тоа нивно право. Бараа укинување на границите, за да можат да ги водат своите робови каде ќе посакаат, изложувајќи ја на тој начин на проклетство целата земја со ропската работа. Зборуваа на заповеден начин, а оние од Север не преземаа соодветни мерки за да ги замолчат. {1C 253.2}

Бунтот беше подготвен толку промислено и толку итро што мнозина кои на самиот почеток беа обземени од ужас при самата помисла на бунт паднаа под влијание на бунтовниците и почнаа да сметаат дека тоа е исправно и оправдано. Така на Јужната конфедерација и се придружија мнозина кои тоа не би го направиле кога Сојузната влада, иако неподготвена за војна, во самиот почеток на бунтот би презела брзи и соодветни мерки. На Север, од тогаш почнуваат подготовките за војна, но бунтот сè повеќе се шири, така што изгледите да се задуши бунтот сега не се ништо подобри отколку што беа месеци порано. Илјадници луѓе го загубија животот, а мнозина се вратија дома осакатени за цел живот, губејќи го засекогаш и здравјето и секој изглед за успех во овоземниот живот. А колку малку е постигнато! Илјадници се намамени да се запишат во доброволци мислејќи дека оваа војна ќе го укине ропството, а сега, бидејќи веќе не можат назад, гледаат дека се измамени, дека целта на оваа војна не е да се укине ропството, туку - напротив - да се сочува ропството во неговиот сегашен облик. {1C 254.1}

Оние кои - со цел да се укине ропството - ризикуваа да го напуштат домот и да го загубат животот, се разочарани и незадоволни. Тие гледаат дека војната не носи никакво добро, освен зачувувањето на заедничката држава, и дека поради тоа мораат да се жртвуваат толку многу животи и толку многу домови да останат пусти. Голем е бројот на луѓето што изгинаа и умреа по болниците, додека други паднаа во рацете на бунтовниците - што е судбина полоша и од смртта. Имајќи го во вид сето тоа, тие го

поставуваат прашањето: „Што ќе добиеме и ако успееме да го задушиме бунтот?” Како одговор на тоа прашање со обесхрабрување може само да се каже: „Ништо”. Она што беше причина за бунтот не е отстрането. Системот на робовладетелство што ја уништи оваа нација оставен е и понатаму да постои и да поттикнува нови бунтови. Илјадници војници се крајно огорчени. Тие поднесуваат најголеми одрекувања и подготвени се да поднесат сè, но согледуваат дека биле измамени, и затоа се потиштени. Водечките луѓе на нацијата се најдоа во тешка недоумица, нивните срца треперат од страв. Не се осмелуваат да прогласат слобода на робовите, бидејќи со тоа би предизвикале огорченост кај оние Јужњаци што не се придружија на бунтот, но беа за опстанок на робовладетелскиот систем. Од друга страна се плашеа и од влијанието на оние кои се одлучно против ропството, а се наоѓаат на командни места и одговорни положби. Се плашеа дека одлучно и смело истапување само би ја разгорело силната желба на Илјадници луѓе да се уништи причината на овој страшен бунт - угнетените да се ослободат и „да се скрши секој јарем”. {1C 254.2}

Мнозина од оние што се наоѓаат на високи и одговорни положби не се посебно совесни и благородни луѓе; тие својата власт можат да ја употребат и за уништување на своите потчинети, а никој на тоа да не обрне внимание. Таквите команданти можат, злоупотребувајќи го авторитетот, на своите потчинети да им дадат наредба да заземат опасни положби каде ќе бидат изложени на страшни судири со бунтовниците, без да постои и најмал изглед за победа. На тој начин тие можат да пратат во смрт честити и храбри луѓе, како што Давид го пратил Урија. 2 Самоил 11:14,15. {1C 255.1}

На тој начин се жртвувани животите на драгоцени луѓе за да се задуши нивното силно антиропско влијание. Ги нема веќе всушност оние луѓе што во овие критични денови му се најпотребни на Северот, чии услуги би биле од најголема вредност. Тие се неодговорно жртвувани. Иднината на нашата нација е повеќе од обесхрабрувачка, бидејќи на одговорни положби се наоѓаат луѓе кои во срцето се бунтовници. Има воени старешини чии симпатии се на страната на бунтовниците. Иако сакаат да се сочува заедничката држава, тие ги презираат сите што се против ропството. Голем дел од одделните армии се составени токму од така настроени луѓе; тие се толку меѓусебно спротивставени така што во многу воени формации навистина не постои единство. {1C 255.2}

Оваа војна ми е прикажана како најчудна и најнеизвесна од сите војни што било кога се воделе. Голем број од оние што се пријавиле како доброволци, тргнале длабоко убедени дека резултат на војната ќе биде укинување на ропството. Други тргнале во војна со намера ропството да се одржи токму во таков облик каков што е сега, но да се задуши бунтот и да се сочува заедничката држава. И за ситуацијата да биде уште посложена и понеизвесна, некои од офицерите на истакнати положби потполно се за тоа да се одржи ропството и се наклонети на Југот, а сепак се противат на одвојувањето од заедничката држава. Нема никаков изглед војната успешно да биде водена, бидејќи мнозина од редовите на регуларната војска постојано работат во корист на бунтовниците од Југот и многу воени формации се разбиени и немилосрдно уништени само затоа што со нив раководеле луѓе наклонети на ропството. И некои од водечките луѓе на Конгресот исто така постојано работат во корист на Југот. Под такви околности, на нацијата официјално и се упатуваат повици за пост и молитва за оваа војна брзо да биде завршена и со поволни резултати. По тој повод, ми беше укажано на следните зборови на пророкот Исаија: „Таков ли е постот што Јас го определив: човек да ја изнемоштува душата своја во денот кога ја наведнува главата како трска и под себе

простира вреќиште и пепел? Тоа ли ќе го наречеш пост и ден угоден на Господ? Ете го постот, што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот, и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните, и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол, - облечи го, и од крвните сродници не крај се" (Исаија 58:5-7). {1C 256.1}

Покажано ми е дека ваквите национални постови претставуваат навреда за Јехова. Таквите постови Тој не ги прима. Ангелите што водат записник за сè, за оние што така постат, пишуваат: „Ете вие постите за караници и расправии, и да биете со рака безбожно". Покажано ми е како водечките луѓе во Америка постапувале со сиромашните робови што од нив барале заштита. Ангелите го запишале сето тоа. Наместо да го скршат јаремот на ропството и да ги ослободат угнетените, овие луѓе нивниот јарем го направиле уште потежок отколку што бил додека им служеле на своите тирански господари. Копнежот за слобода ги навела тие јадни робови да ги напуштат своите господари и во борбата за слобода да го ризикуваат дури и својот живот. Да немале толку силен копнеж за слобода, како што е всушност со секого од нас, не би се осмелиле да ги напуштат своите господари и да се изложат на опасностите и стравотиите што ги очекуваат ако бидат фатени. Одбегнатите робови издржале неискажливи страдања и опасности за да дојдат до слобода и како своја последна надеж во силната љубов кон слободата, побарале заштита од Американската влада; но на нив се гледало со краен презир. Мнозина од нив биле подложени на најсвирепо мачење, наводно поради страшното злосторство што имале храброст да вложат такви напори за своето ослободување. Големи луѓе, кои на зборови мошне се залагаат за хуманост и сожалување, ги гледале тие робови речиси голи и изгладнети, злоставувајќи ги и потоа ги враќале на нивните свирепи господари во безнадежно ропство, за тие да ги изложат на најнехумана свирепост само затоа што се осмелиле да бараат слобода. Некои од тој несреќен сталеж се фрлани во влажни затвори, без никакво сочувство дали ќе живеат или ќе умрат. Ги лишувале од слобода и чист воздух, од што небото никого никогаш не го лишило, и ги оставале овде да умираат без храна и облека. Гледајќи и одобрувајќи го сето тоа, прогласувале национален пост. О, каква навреда и исмевање на Бог! Преку пророкот Исаија Господ порачува: „Иако секој ден ме бараат и сакаат да знаат за Моите патишта, како народ што бара правда и не ги остава судовите на својот Бог". {1C 257.1}

На своите робови кои во бегство барале спас, господарите им зборувале дека луѓето од Северот сакаат само да ги фатат за свирепо да ги експлоатираат - дека оние што се за укинување на ропството ќе постапуваат со нив полошо од самите робовладетели. Дошепнувани им се најстрашни приказни за да го замразат Северот, но тие сепак имале некоја нејасна претстава за тоа дека на Север постојат луѓе кои со сочувство гледаат на нивните страдања и кои ќ е преземат нешто за да им помогнат. Тоа била единствената ѕвезда на надежта што со својата треперлива светлина ја растерувала темнината на нивниот очај и стушеноста на нивното ропство. Начинот на кој овде се постапувало со нив како сиромашни робови ги наведувал да поверуваат дека нивните господари ја зборувале вистината. А сега, згора на сето тоа, е објавен и национален пост! Да видиме што кажува Господ за тоа: „А не е ли овој постот што Јас го избрав: да ги раскинеш оковите на неправдата, да ги одврзеш врските на јаремот, и угнетените да ги пуштиш на слобода и да го скршиш секој јарем?" Кога нашата нација ќе го прифати постот што го избрал Бог, тогаш Тој ќе ги слушне и услиши молитвите за војната, но сега тие молитви не допираат до Неговото уво. Тој не ги прима таквите молитви зашто му се одвратни. Оние што „постат за да се караат и расправаат и да удираат со раката безбожна,"

најчесто осудуваат, не сакаат да ги вршат своите одговорности и систематски ги уништуваат своите неистомисленици кои сакаат да бидат разрешени врските на тешките бремиња и да се скрши секој јарем. {1C 258.1}

Кога целта на оваа војна би била укинување на ропството и кога тоа искрено би било посакувано, видов дека Англија би му помогнала на Северот. Меѓутоа, во Англија многу добро им е познато расположението во Американската влада; знаат дека војната не се води за да се укине ропството, туку само за да се сочува заедничката држава, а тоа не и е во интерес на Англија. Нашите владетели беа многу горделиви и независни. Претставниците на оваа нација се воздигнуваат до небото и од висина гледаат на монархистичките влади, ликувајќи во својата фалбаџиска слобода, а во исто време допуштаат институцијата на ропството, која е илјада пати поужасна од секоја монархистичка тиранија, и понатаму да постои и љубоморно да се чува. Во оваа земја на голема светлина се одржува систем што на еден дел од човечкото општество му дозволува да ги поробува другите, деградирајќи милиони човечки суштества на ниво на животни. Нешто слично на овој ужасен грев не може да се најде дури ниту во незнабожечките земји. {1C 258.2}

„Чујте ги, о, небеса, молитвите на угнетените", кажа ангелот „и дајте им на угнетувачите двојно повеќе според нивните дела". Оваа нација ќе биде понижена во прав. Во Англија размислуваат дали постои добра можност да ја искористат сегашната слабост на нацијата и да тргнат во војна против неа. Тие ја одмеруваат тежината на ситуацијата, настојувајќи да ги доловат намерите на другите народи, бидејќи се плашат дека, доколку се впуштат во војна ќе ослабнат, што другите нации би можеле да го искористат против нив. Останатите нации мирно, но активно се подготвуваат за војна, сакајќи Англија да завојува против нашата нација, бидејќи тоа би им дало можност да се одмаздат за сè што оваа држава им направила во минатото и за сите неправди што им ги нанела. Еден дел од поданиците на кралицата чекаат само поволна прилика за да се ослободат од нејзиниот јарем. Меѓутоа, кога Англичаните би биле сигурни дека тоа ќе им биде од полза, тие ниту за миг не би чекале да ја искористат оваа прилика и со примена на сила да ја понижат нашата нација. Кога Англија би објавила војна, сите народи што во тоа би виделе интерес, би се вмешале и би можело да дојде до сеопшта војна и голема конфузија. Во Англија се добро запознаени со противречните стремежи на оние што се трудат да го задушат овдешниот бунт. Тие добро ја познаваат сета сложеност на ситуацијата во овдешната влада и со чудење го набљудуваат продолжувањето на оваа војна - бавните, несоодветни потези, неактивноста на армиите и пустошното исцрпување на нашата нација. Слабоста на американската влада стана потполно очевидна пред другите народи и тие сега заклучуваат дека тоа е така затоа што немаме монархистичко уредување. Тие се восхитуваат на сопственото уредување и од висина гледаат - некои со сожалување, а некои со презир - на нашата нација за која сметаа дека е најмоќна на земјата. Да останеше единствена, оваа нација навистина ќе беше силна, но на ваков начин разединета, мора да доживее неуспех. {1C 259.1}

---

54. ДОАЃААТ ГОЛЕМИ НЕВОЛЈИ

Видов дека на Земјата доаѓаат поголеми и потешки неволји од оние на кои бевме сведоци досега. Слушнав викање за помош и крикови на очај, и видов големи војски во

остар судир. Слушнав татнеж на топови и звечкање на оружје, борба гради во гради, викање и молитви на оние што умираа. Земјата беше покриена со тела на ранети и мртви. Ја видов очајничката нажаленост на многу семејства и страшната беда во многу населби. И сега многу семејства поднесуваат тешка сиромаштија и скудност, но тоа сè повеќе ќе се влошува. Видов многу лица, исплашени, бледи и потполно испиени од гладување. {1C 260.1}

Видов дека Божјиот народ треба да биде потесно поврзан со јажињата на христијанското братство и љубов. Само Бог може да биде наша заштита и сила во деновите на нашите национални катастрофи. Припадниците на Божјиот народ треба да се пробудат. Тие треба да ја искористат приликата што сега им се укажува за ширење на вистината, бидејќи тоа нема уште долго да трае. Покажано ми е како земјата ја потресуваат неволји, немири, глад и скудност. Сатаната сега настојува припадниците на Божјиот народ да ги задржи во состојба на неактивност, да не учествуваат во ширењето на вистината, за кога ќе бидат мерени на мерилата да се најдат лесни и така да го загубат вечниот живот. {1C 260.2}

Божјиот народ мора да го прифати ова предупредување и да ги препознае знаците на времето. Знаците на Христовото доаѓање се мошне јасни за во тоа да има сомневање; имајќи го тоа во предвид, секој оној што тврди дека ја познава вистината треба тоа да го проповеда со својот живот. Бог ги повикува сите, и проповедниците и народот, да се пробудат. Цело небо е во движење. Настаните на овоземната историја се ближат кон својот крај. Опкружени сме со опасностите на последните денови. Ни претстојат уште поголеми опасности, а ние сè уште не сме се пробудиле. Недостатокот на активност и сесрдност во Божјото дело е застрашувачки. Ова мртвило е од сатаната. Тој завладеал со умот на напосветените почитувачи на саботата и ги наведува да завидуваат еден на друг, еден со друг да се озборуваат и да се критикуваат. Тој посебно работи на тоа христијаните да ги раскара и меѓусебно да ги оддалечи, за Божјите слуги своето влијание, сила и време - што треба да го посветат на објавување на вистината на неверните - да ги трошат во измирување на ситни меѓусебни караници меѓу непосветените членови на црквата. {1C 260.3}

Видов дека припадниците на Божјиот народ очекуваат некаква промена - некоја сила што ќе ги потчини и која треба да ги обземе. Но тие ќе се разочараат, бидејќи во тој поглед се во заблуда. Тие мораат активно да се позанимаваат со самите себе и сесрдно да повикаат кон Бога, за да можат со Негова помош да стекнат вистинска претстава за самите себе. Настаните што се случуваат пред нашите очи се доволно значајни во нас да пробудат свест за неодложната потреба да ја пренесеме вистината до секое срце што сака да слуша. Жетвата на земјата скоро ќе започне. {1C 261.1}

Покажано ми е колку е важно проповедниците што се ангажирани во светото и одговорно дело на објавувањето на третата ангелска вест да бидат чисти и исправни. Господ не е ограничен во поглед на средствата и орудијата преку кои треба да го изврши своето дело. Тој може да прозборува во секое време и преку кого сака, и Неговото Слово силно ќе делува, и среќно ќе го изврши она за што е наменето. Но ако рацете и срцето на оној што ја врши оваа света должност не се посветени со вистината, тој е подложен да зборува во согласност со своето несовршено искуство и доколку тој зборува според изборот на неговото непосветено срце, неговите совети нема да доаѓаат од Бог, туку од него самиот. Како што оној што е повикан од Бога е повикан да биде свет, така и оној што е препорачан од страна на луѓе и издвоен за таа света служба мора да даде докази

за својот свет повик, покажувајќи ја со побожни разговори и со однесување што прилега на предаденоста на Оној што го повикал. {1C 261.2}

Страшно проклетство ќе падне на оние што ја проповедаат вистината, а не се посветени со неа, но исто така и на оние што такви несвети луѓе примаат и ги задржуваат да служат во Словото и науката. Загрижена сум за припадниците на Божјиот народ што тврдат дека веруваат во оваа света и значајна вистина, бидејќи знам дека мнозина од нив не се обратени, ниту посветени со таа вистина. Луѓето можат да ја слушнат вистината и да ја запознаат во потполност, а сепак да не знаат ништо за силата на побожноста. Нема сите што ја проповедаат вистината да бидат и спасени со неа. „Очистете се вие што ги носите Господовите садови," нагласи ангелот. {1C 261.3}

Дојде времето оние што го избрале Господ да им биде нивниот дел и во овој и во идниот живот, да му се доверат само на Него. Сите оние што на зборови исповедаат вера и побожност мораат тоа да го потврдат и со своето животно искуство. Ангелите записничари водат точни извештаи за делата и зборовите на Божјиот народ. Тие будно го следат развојот на карактерот и тежината на моралната вредност. Оние што тврдат дека веруваат во вистината треба и самите да бидат исправни, и со своето влијание да ги просветлуваат другите, придобивајќи ги за вистината. Нивните зборови и дела треба да бидат канали низ кои чистите начела на вистината и светоста ќе допираат до светот. Тие треба да бидат сол на Земјата и светлина на светот. Ако својот поглед постојано го насочуваме кон небото секогаш ќе гледаме светлина и мир; ако гледаме кон светот, ќе видиме како секое наше засолниште неизбежно се руши, а сè што е добро брзо го снемува. Нашата помош е само во Бога. Во сегашната состојба на овоземна збунетост ние можеме да бидеме цврсти, постојани и безбедни само со силата на живата вера. Спокојни можеме да бидеме само ако во потполност се потпреме на Бога, чекајќи го Неговото спасение. Светлината што денес нè осветлува е поголема од светлината што ја имале нашите татковци. Ние од Бога не можеме да очекуваме признание и пофалба ако правиме само онолку колку што правеле нашите татковци. За да бидеме од Бога прифатени и благословени мораме да земеме пример од нивната верност и ревност - користејќи ја денешната светлина како што тие ја користеле онаа што ја имале во нивното време - и правејќи го тоа што тие би го правеле кога би живееле во нашите денови. Мораме да живееме во склад со светлината што денес не осветлува, инаку таа светлина ќе стане за нас темнина. Бог бара од нас со својот карактер и дела пред светот да покажеме дух на единство и слога, нашиот живот да биде во согласност со светите вистини што ги исповедаме и со духот на пророштвата што се исполнуваат во овие последни денови. Вистината што допрела до нашата свест и ни ја осветлила душата, ќе ни биде судија и ќе не осуди, ако се одвратиме од неа и одбиваме да ја следиме. {1C 262.1}

Што треба да кажам за да го пробудам остатокот од Божјиот народ? Покажано ми е дека пред нас се страшни настани: сатаната и неговите ангели ги собираат сите свои сили за да ги употребат против припадниците на Божјиот народ. Тој знае дека тие, ако и понатаму продолжат да спијат, ќе бидат негов сигурен плен, и дека нивната пропаст во тој случај е сосема сигурна. Ги предупредувам сите што тврдат дека се христијани сериозно да се преиспитаат самите себе, признавајќи го во потполност секој грев, за да се подготват за судот, и ангелот записничар покрај нивното име да може да запише дека им се простени гревовите. Браќа мои и сестри, ако не ги искористите овие драгоцени моменти на милост, нема да имате за тоа никаков изговор. Ако не вложите никакви посебни напори за да се пробудите, ако во каењето не бидете поревни, овие златни

моменти наскоро ќе поминат, и вие ќе бидете измерени на вагата и ќе се најдете лесни. Тогаш никакво викање по помош и болни молитви нема да ви бидат од никаква корист. Тогаш ќе се исполнат зборовите на Господ: „Јас викав, а вие не послушавте; ја протегав Својата рака, но никој не ја забележа; вие ги отфрливте моите совети, не внимававте кога ве изобличував. Затоа ќе се смеам на вашата погибел; ќе се зарадувам кога ќе ве снајде ужас, кога ќе ве нападне ужас како бура, и зло како виор ќе мине над вас, кога ќе ве снајде неволја и мака. Тогаш ќе Ме викаат, но Јас нема да чујам; ќе Ме бараат и нема да Ме најдат. Затоа што го намразија знаењето и не го примија стравот Господов; затоа што не го примија Мојот совет и ги презреа Моите разобличувања. Поради тоа тие ќе јадат од плодовите на своите патишта и ќе се наситуваат од своите замисли. Зашто неразумните ќе ги убие нивната упорност, а глупавите ќе ги погуби нивната негрижа; но кој Мене ме слуша, ќе живее безопасно и спокојно, не плашејќи се од злото". (Изреки 1:24-33) {1C 263.1}

---

55. РОПСТВОТО И ВОЈНАТА

Ропството е големо злосторство поради кое Бог ја казнува американската нација. Судбината на нацијата е во Негови раце; Југот мора да биде казнет поради својот грев што го одобрува и поддржува ропството, а Северот поради тоа што толку долго дозволуваше таквото влијание да преовладува и да загосподари. {1C 264.1}

На конференцијата во Розевелт, во државата Њујорк, 3. август, 1861. година, бидејќи денот беше посветен на покајание, пост и молитва, Господовиот Дух се спушти на нас, и на мене ми беше во визија покажано дека ропството е грев кој веќе долго време претставува проклетство за народот во Соединетите Американски држави. Законот за одбегнатите робови беше пресметан во срцето на луѓето да го уништи секое благородно чувство на сомилост што требаше да постои кон угнетените и измачени робови. Тоа е во потполна спротивност со Христовото учење. Жителите на Северот сега ги стигна Божјата казна затоа што толку долго се трпеше одржувањето на робовладетелскиот систем. Тие ги поддржуваа оние од Југот во нивниот грев, дозволувајќи ропството да продолжува, со што во голема мера придонесоа нацијата да се најде во сегашната загрижувачка состојба. {1C 264.2}

Покажано ми е дека мнозина не ја сфаќаат сета тежина на злото во кое се наоѓаме. Тие си ласкаа на самите себе дека тешкотиите во кои западна нацијата брзо ќе се средат и дека така, брзо ќе дојде крај на војната и конфузијата, но сега сите согледуваат дека ситуацијата е далеку посериозна отколку што се предвидуваше. Мнозина очекуваа дека Северот со еден силен воен удар ќе го заврши овој судир. {1C 264.3}

Вниманието ми беше насочено кон Израеловите синови кога биле затвореници во египетското ропство. Господ ги ослободил преку Мојсеј и Арон. Пред фараонот се направени чуда за да се осведочи дека овие луѓе се навистина испратени од Бога да бараат ослободување на Израел. Но фараонот во своето срце жестоко се спротивставил на овие Божји гласници и наспроти осведочувањето, ги отфрлил чудата што тие ги направиле. Тогаш Египтјаните морале да ги почувствуваат Божјите казни. Биле изложени на ударите на страшните зла, и додека страдањата биле присутни, фараонот се согласуваал Израелците да заминат. Но штом страдањата ќе престанале, неговото срце повторно се стврднувало. Неговите советници и големци, во своето пркосење

против Бога, се обидувале овие зла да ги прикажат како последица на природни причини. Секоја следна Божја казна била потешка од претходната, но тие сепак не ги пуштиле Израеловите синови сè додека Господовиот ангел не ги убил сите првенци во Египет. Извици на болка и тажење се слушале во секое семејство, од царот на престолот до најнискиот поданик во царството. Тогаш фараонот заповедал Израелците да бидат ослободени, но штом Египтјаните ги погребале своите мртви, царот се покајал што го направил тоа. Неговите советници и големци се обиделе да најдат објаснување за оваа загуба. Не сакале да признаат дека таа несреќа ги снашла како Божја казна и затоа одлучиле да појдат во потера по Израеловите синови. {1C 264.4}

Кога Израелците ги здогледале египетските коњаници, војните коли и големата вооружена војска, срцето им папсало. Пред нив било Црвеното море, а египетската војска зад нив. Немало никаков излез. Египтјаните триумфално повикале мислејќи дека Израелците се веќе потполно во нивна власт. Израелците ги обзеде голем страв. Но Господ му заповеда на Мојсеј, подигнувајќи го стапот и испружувајќи го во правецот на морето, да ја раздели водата. Мојсеј направи така, и ете, морето се раздели и Изреловите синови го продолжија патот по неговото потполно суво дно. Фараонот толку долго му пркосел на Бог што неговото срце потполно стврднало за Неговите силни и чудесни дела, така што во своето слепило побрзал по патот што Бог со чудо го отворил за Својот народ. Откако Израелците поминаа, Господ повторно му кажа на Мојсеј да ја испружи својата рака на морето. Силните бранови на морето се вратија на своето природно ниво и ја покрија египетската војска, и така сите загинаа. {1C 265.1}

Оваа сцена ми е прикажана како илустрација на себичната наклонетост кон ропството и очајничките мерки што луѓето од Југот ги преземаат за да се одржи тој систем, а и сите стравотии што ќе мора да ги поднесат додека не се потчинат. Ропскиот систем ги деградира човечките битија на ниво на животни, и повеќето робовладетели така и постапуваат со своите робови. Совеста на таквите господари станала толку бесчувствителна и мртва како совеста на фараонот, и тие, кога ќе бидат принудени да ги ослободат своите робови, ќе останат такви какви што се, стремејќи се својата угнетувачка моќ да ја применат секаде каде што ќе можат. Изгледа дека сè уште не може да биде укинато ропството. Само Бог може да ги истргне робовите од рацете на нивните немилосрдни господари кои се подготвени да направат сè за да ги задржат. За злоставувањето и свирепоста што се прават над робовите треба да бидат повикани на одговорност сите оние што се согласуваат со ропскиот систем, без оглед дали се тие од Северот или од Југот. {1C 266.1}

Прикажани ми се жителите и на Северот и на Југот. Оние од Север беа во заблуда во врска со оние од Југ, бидејќи овие беа повеќе подготвени за војна отколку што се претпоставуваше. Повеќето од нив се вешти во ракувањето со оружје, независно дали тоа искуство го стекнале во борбите или во вообичаени спортови. Тие во тој поглед имаат предност над оние од Север, но се поинфериорни во поглед на храброста и издржливоста. {1C 266.2}

Покажана ми е страшната битка кај Манасас, во Вирџинија. Беше тоа многу тешка и жална глетка. Војската на Југот ги имаше сите предимства и беше подготвена за овој страшен судир. Војската се движеше триумфално, не сомневајќи се ниту малку во својата победа. Мнозина безгрижно и фалбаџиски маршираа како победата веќе да е здобиена. Кога стигнаа на бојното поле, многу беа оние што беа премалени од исцрпеност и глад. Не очекуваа толку жесток судир. Јуришаа во борбата, борејќи се храбро и очајнички. На сите страни лежеа мртви и ранети. И Северот и Југот имаа тешки

загуби. Јужњаците почнаа да потклекнуваат, и уште малку да потраеше судирот ќе беа уште повеќе потиснати. Војниците од Северот упорно напаѓаа иако со големи загуби. Тогаш се спушти еден ангел и замавна со раката наназад. Веднаш настана метеж во редовите. На војниците од Северот им се чинеше дека нивните трупи отстапуваат, но во реалноста не беше така, и така во збрката почна брзо повлекување. Тоа ми изгледаше многу чудно. {1C 266.3}

Тогаш ми беше објаснето дека Бог сè уште не ја тргнал Својата рака од овој народ и затоа не дозволува победата да биде извојувана побрзо од она што Тој го одредил, и нема да дозволи луѓето од Север да имаат поголеми загуби од оние што Тој во Својата мудрост определи дека е потребно, за да ги казни за нивните гревови. Кога северната војска во тогашната нејзина состојба на исцрпеност би продолжила да продира на Југ, би наишла на уште пожестоки судири и уништување што би предизвикало чувство на триумф кај Јужњаците. Бог не сакаше да го допушти тоа, и затоа испрати еден ангел да се вмеша. Ненадејното повлекување на трупите од Северот остана тајна за сите. Никој не знаеше дека се замеша Божјата рака. {1C 267.1}

Загубите на страната на јужната војска беа толку големи, така што никој немаше храброст да се фали. Пребројувањето на мртвите, ранетите и оние што беа на умирање не влеваше храброст за триумф. Луѓето од Југот беа запрепастени од фактот дека имаа толку загуби во моментот кога сите предимства во војната беа на нивна страна, додека оние од Северот имаа само пречки. Тие знаеја дека противниците од Северот сигурно ќе извојуваа победа ако условите на војување им беа исти. Затоа нивна единствена надеж беше да заземат положби на кои тешко може да им се приде и да имаат тешко вооружување, за да можат да пустошат и уништуваат на сите страни. {1C 267.2}

Откако го отпочнаа својот организиран бунт, бунтовниците од Југ во голема мера зајакнаа. Да беа преземени благовремени активни мерки на Север, тој бунт брзо би бил задушен. Но бунтот кој во почетокот изгледаше мал и назначителен се шириеше во силата и во бројот на оние што се согласуваа со него се додека не стана силен. Другите народи внимателно следат што се случува во оваа земја и - не знам со какви намери - прават големи подготовки за некој очекуван настан. Меѓу водечките луѓе во оваа земја сега владее голема неизвесност и страв. Меѓу нив самите постојат луѓе кои се наклонети на системот на ропството и кои се предавници на интересите на нацијата. Додека јавно се декларираат дека се за заедничка држава, со своето влијание тие ги поддржуваат одлуките што се во корист на Југ. {1C 267.3}

Покажани ми се жителите на земјата во најголема збрка. Војни, крвопролевања, скудност, сиромаштија, глад и заразни болести ја преплавуваат Земјата. Опкружени со вакви појави, припадниците на Божјиот народ почнуваат да ги збиваат своите редови заборавајќи на своите незначителни тешкотии. Длабока понизност го зазема местото на славољубивото истакнување на сопственото „јас". Страдањата, загриженоста и скудноста придонесуваат разумот повторно да го заземе своето владејачко место и избувливите и неразумните стануваат разумни, постапувајќи претпазливо и мудро. {1C 268.1}

Моето внимание потоа беше оттргнато од оваа сцена. Како да имаше кратко време на мир. Уште еднаш ми беа покажани жителите на Земјата, и повторно сè се најде во страшна конфузија. Борби, војни, крвопролевања, пратени со глад и тешки епидемии - беснеат на сите страни. Гледајќи го сето тоа, „луѓето ќе умираат од страв и од чекањето на тоа што ќе доаѓа на Земјата" (Лука 21:26). {1C 268.2}

56. ВРЕМЕ НА ГОЛЕМИ ОПАСНОСТИ

Неверниците наскоро ќе мораат да мислат и на нешто друго, а не само на своето облекување и својот надворешен изглед. И кога неволјите и грижите ќе ги обземат сите нивни мисли, тие ќе немаат на кого да се обратат. Тие се затвореници без надеж и затоа ја немаат Тврдината во која би можеле да побараат заштита. Срцето ќе им изнемошти од постојано викање за помош и страв. Тие не барале на време засолниште во Бога, и Тој тогаш не ќе може да им биде утеха, туку ќе се смее на нивната неволја, потсмевајќи им се кога ќе ги снајде она од што се плашат. Тие не престануваат да ги презираат светите вистини на Божјото Слово фрлајќи ги под своите нозе. Тие без никакво ограничување се оддаваат на раскош во облекувањето и целиот живот го поминуваат во веселба и задоволства. Тие сеат ветар и затоа ќе мораат да жнеат бура. Во времето кога неволји и зло ќе ги снајдат народите, ќе има многу такви кои не се потполно предадени на изопаченото влијание на светот и на служба на сатаната, и таквите ќе се понижат пред Бог барајќи го со цело срце и ќе најдат мир и проштевање. {1С 268.3}

Оние меѓу почитувачите на саботата што не се подготвени на никаква жртва, туку попуштаат на влијанието на светот ќе мора да поминат низ тешки испити и проверка. Ние веќе сме изложени на опасностите на последните денови, и пред младите се неволји какви воопшто не очекуваат. Тие ќе се најдат во најтешка неизвесност. Вистинитоста на нивната предаденост на верата ќе биде ставена на тешка проба. Тие тврдат дека го очекуваат доаѓањето на Човечкиот Син, а сепак некои од нив даваат многу лош пример на неверниците. Тие не се подготвени да се одречат од овој свет, туку со задоволство учествуваат на излети и на други собири поради задоволство, ласкајќи си дека тоа се невини забави. Меѓутоа, покажано ми е дека токму таквото попуштање ги одвојува од Бога и ги прави деца на овој свет. Оние што ги бараат задоволствата на овој свет Бог не ги признава за Свои следбеници. Тој не ни ги дава таквите за пример. Само оние што се подготвени на самоодрекување, кои живеат живот на умереност, смиреност и светост се вистински Христови следбеници. А таквите не наоѓаат уживање во лекомислените и празни разговори на оние што го сакаат овој свет. {1С 269.1}

Денот на маки и болки што го раскинуваат срцето е пред нас. Покажано ми е дека јасното сведоштво треба да се изнесува, и дека оние што ќе работат за Господ ќе го примат Неговиот благослов. Меѓутоа, токму оние што ја почитуваат саботата треба да извршат една задача. Кринолините се вистинска одвратност и секој што ја почитува саботата, користејќи го своето влијание, треба да ја осуди таа смешна мода која претставува само маска за изопаченоста и потекнува од една париска куќа позната по зло. Укажано ми е на поедини личности што ќе ја презрат оваа порака иако е таа испратена од небото; таквите ќе најдат изговор да ги отфрлат и најодредените сведоштва, и наспроти сè поголемата светлина ќе носат кринолини само затоа што тоа е сега во мода, без оглед на последиците по верата. {1С 269.2}

Предочено ми е дека пророштвото од третото поглавје од книгата на пророкот Исаија, каде е упатен укор до ќерките на Сион кои мислат само на облекувањето и својот надворешен изглед, може да се примени на овие последни денови. Да го читаме стихот 25: „Мажите твои ќе паднат од меч, а јунаците твои - во битка”. Покажано ми е дека ова пророштво во потполност ќе се исполни. Најтешко ќе бидат испитани токму младите мажи и жени кои тврдат дека се христијани, но немаат никакво христијанско

искуство, бидејќи не сакале да го понесат товарот на личната одговорност. Кога нивната гордост ќе биде фрлена во прашината на понижувањето, тие силно ќе копнеат за живо искуство во практичната побожност што пропуштиле да го стекнат на време. {1С 270.2}

Под воен шлем, гледај, сите се подготвуваат за бој! О, Боже, заштити го сега - неподготвениот народ Свој! {1С 270.2}

---

57. ОРГАНИЗАЦИЈА

На трети август, 1863 година, покажано ми е како некои од централен Њујорк се плашат дека нашата црква ќе се претвори во Вавилон ако месните цркви се организираат; меѓутоа, токму тие во Њујорк станаа вистински Вавилон, збрка. Ако црквите и групите организациски не се поврзат така што во работата да може да се воведе поредок и ред, тогаш нема на што да се надеваат во иднина; ќе останат расфрлени и неповрзани групи. Поранешните сфаќања ги подржуваа елементите на разединетост. Повеќе внимание се обрнуваше на будно следење и осудување, отколку на духовно подигнување и изградба на карактерот. Кога проповедниците би биле поединствени во овој поглед и поодлучно би се држеле за исправните ставови, тие со своето влијание значително би придонеле да се изгради единство меѓу Божјиот народ. Оградите што сега ги разделуваат поединците и групите би биле срушени. Срцата на верниците би се зближиле меѓу себе и би се стопиле во едно како водените капки. Тогаш силата што би ги пратела редовите на оние што ја почитуваат саботата би го преминало сето она што до сега е видено. {1С 270.3}

Срцата на Божјите слуги се ожалостени кога на патот од црква до црква наидуваат на противречни влијанија од страна на оние што исто така се ангажирани во делото. Има и такви кои се подготвени да го спречат секој чекор на напредување што го презема Божјиот народ. Срцата на оние што се осмелуваат да тргнат напред исто се тажни и очајни поради толку очевидната неслога и неактивност на нивните соработници. Ние живееме во мошне сериозно време. Делувањето на сатаната и на неговите зли ангели, кое е инаку проследено со голема сила, го потпомага и целиот свет, додека оние што ја празнуваат саботата и тврдат дека веруваат во оваа свечена и значајна вистина, го соединуваат своето влијание со силите на темнината за да го попречуваат и рушат она што според Божјата намера треба да се изградува. Влијанието на таквите се бележи во Божјите книги како назадување и попречување на напредокот на Божјиот народ. {1С 271.1}

Штом беше поставено прашањето за организација, се покажа голем недостаток на морална храброст кај проповедниците. И некои од оние што се осведочени дека залагањето за воспоставување организација е сосем исправно, немаа храброст да застанат во одбрана на тоа, туку само им кажаа на некои дека тоа го одобруваат. Зар тоа е сè што Бог бараше од нив во врска со тоа? Не! Тој е незадоволен од нивното кукавичко молчење и недостаток на акција. Тие се плашеа од одговорностите и од противењето на другите. Будно го проверуваа мислењето на мнозинството наместо одлучно да се заложат за она за што беа убедени дека е исправно. Верниците очекуваа по ова прашање да го слушнат мислењето на своите омилени проповедници, и кога од нив

немаше поволен одговор, дојдоа до заклучок дека заложувањето за организација е погрешно. {1C 271.2}

На таков начин влијанието на некои проповедници беше против организација, иако тие тврдеа дека се за организација. Тие се плашеа само да не го загубат своето влијание. Меѓутоа, некој мораше да ја понесе оваа одговорност и да го ризикува своето влијание. И кога оној што токму така постапуваше беше изложен на осудување и забелешки, беше оставен сето тоа сам да го поднесува. Неговите соработници, наместо да пријдат да му помогнат и да понесат дел од товарот, чекаат да видат како тој ќе успее во својата осамена борба. Но Бог ги гледа сите негови страдања, стравувања, солзи и очај, додека неговиот дух е преоптоварен преку границата на издржливост. И кога е веќе готов да падне, Бог го подигнува укажувајќи му на одморот и ветената награда на верните; и тој повторно го става својот грб под бремето на тешките одговорности. Покажано ми е дека секој ќе биде награден според своите дела. Оние што сега ги избегнуваат одговорностите на крајот ќе бидат губитници. Проповедниците треба да ги згуснат своите редови токму тогаш кога борбата е најтешка. {1C 271.3}

---

58. ДОЛЖНОСТ КОН СИРОМАШНИТЕ

Често ми се поставуваат прашања за нашите должности кон сиромашните што ја прифатиле веста на Третиот ангел; а и нас самите нè загрижува тоа како да постапуваме мудро со случаите на сиромашните што ја прифатиле саботата. Меѓутоа, на трети август, 1861 година, додека се наоѓав во Розевелт, држава Њујорк, покажани ми се некои подробности во врска со сиромашните. {1C 272.1}

Бог не бара од нашите браќа да ја преземат грижата за секое сиромашно семејство што ја прифаќа веста на Третиот ангел. Ако се постапува така, проповедниците би морале да престанат да одат во нови полиња, бидејќи фондовите на црквата би се испразниле. Мнозина станаа сиромашни затоа што им недостасува трудољубивост во работата и штедењето, и затоа што не знаат исправно да го користат тоа што го имаат. Укажувањето помош само би им наштетило. Има такви кои секогаш ќе бидат и ќе останат сиромашни. На таквите не би можело да им се помогне и кога би им биле овозможени и најголемите предимства. Тие не умеат да ги распоредат своите приходи и би го потрошиле сето тоа што ќе им дојде во раката, независно дали е тоа малку или многу. Некои од нив не сакаат ниту да слушнат за самоодрекување и штедење, за да ги избегнат долговите и да создадат една мала залиха за време на скудност. Кога црквата би им помагала на таквите, наместо да ги препушти да се потпрат на сопствените сили и извори, таа всушност само би им наштетела. Очекувајќи помош од други тие не се учат на самоодрекување и штедење бидејќи има други што ќе работат за нив. И доколку оваа помош понекогаш изостане, тие подлегнуваат на искушенијата на сатаната, стануваат љубоморни и многу критични кон своите браќа, плашејќи се дека тие не ја вршат совесно својата должност кон нив. Грешката е, всушност, на нивна страна. Тие се во самоизмама, и не спаѓаат во оние сиромашни на кои според Божјата намера треба да им се помогне. {1C 272.2}

Упатствата дадени во Библијата во поглед на помагање на сиромашните не се однесуваат на вакви случаи, туку на оние што се вистински несреќни и нажалени. Бог во Своето провидение дозволува некои поединци да западнат во сиромаштија и неволја

за тоа да биде проверка на верноста на другите. Вдовиците и немоќните во црквата се затоа за да бидат од благослов за неа. Тие претставуваат орудија во Божјите раце за развојот на вистинскиот христијански карактер во животот на Христовите следбеници, за во пракса да ги покажат оние драгоцени особини што го краселе нашиот сочувствителен Откупител. {1C 273.1}

Мнозина кои и како самци одвај преживуваат, се одлучуваат за брак и основаат семејство, а знаат дека не се во состојба да го издржуваат. А што е уште полошо, немаат никакво семејно воспитување и ред. Целокупниот начин на живот на таквото семејство носи белег на распуштеност и немарност. Тие не можат да владеат со себе, лесно се возбудуваат, нетрпеливи се и мошне зајадливи. Кога таквите ќе ја прифатат пораката, сметаат дека имаат апсолутно право на помош од страна на своите побогати браќа; и доколку нивните очекувања не се остварат, тие се жалат на црквата обвинувајќи ги сите дека не живеат во согласност со својата вера. Кој во овој случај треба да носи одговорност? Треба ли со одвојување на средства да се запре делото во неговите разни гранки за да се издржуваат вака немудро зголемени сиромашни семејства? Не. Последиците од својот избор нека ги носат родителите како основачи на таквите семејства. Нивната сиромаштија, општо земено, не е зголемена со прифаќање на саботата. {1C 273.2}

Меѓу некои од сиромашните постои едно зло што неизбежно ќе ги одведе во пропаст ако не го победат. Тие ја прифатиле вистината, но имаат груби, горделиви и непрефинети навики, и мора да помине одредено време за тие да ја согледаат својата груба природа и да сфатат дека тоа не е во согласност со Христовиот карактер. Оние што се поуредни и поотмени тие ги сметаат за горди, и често можеме да слушнеме како кажуваат: „Вистината сите нас ќе нè спушти на исто ниво”. Меѓутоа сосем е погрешно да се мисли дека вистината го понижува оној што ќе ја прифати. Напротив, таа го воздигнува, го облагородува неговиот вкус, го посветува неговото расудување, и ако вистински се применува во животот, таа ќе го удостои за друштво со светите ангели во Божјиот град. Вистината има за цел сите нас да нè воздигне на повисоко ниво. {1C 274.1}

Оние што се побогати треба секогаш да постапуваат благородно и великодушно со своите посиромашни браќа. Тие треба да им дадат добар совет, препуштајќи ги потоа самите да ја водат својата животна борба. Меѓутоа, покажано ми е дека света должност на црквата е да покаже посебно внимание на сиромашните вдовици, на децата без родители и на инвалидите. {1C 274.2}

---

59. МОЌТА НА ПРИМЕРОТ

Во посланието на апостол Павле до Тит, 2 поглавје, 13 и 14 стих, го читаме следното: „Да чекаме да се исполни блажената надеж и да се јави славата на великиот Бог и Спасител, нашиот Исус Христос, Кој се даде самиот себе за нас, за да нè избави од секакво беззаконие и да нè очисти, та да Му бидеме народ избран, ревносен кон добри дела”. Ова големо дело треба да се изврши само за оние што се расположени да бидат очистени, да бидат избран народ кој е ревносен кон добри дела. Колку многу се оние што не сакаат да поминат низ процесот на чистење! Таквите не се подготвени да живеат

според вистината и не сакаат да изгледаат како чудаци во очите на светот. А токму тоа мешање со светот ја уништува нивната духовност, чистота и ревност. Сатаната ги користи сите сили припадниците на Божјиот народ духовно да ги умртви, за совеста да не ги обвинува за ништо и карактеристиките што ги одвојуваат од светот потполно да исчезнат. {1C 274.3}

Во писмата што ми беа упатувани често е поставувано прашањето како треба да се облекуваме, и некои не го сфатија правилно мојот одговор. Токму оние што ми се покажани како приврзаници на модата, со големо негодување го прифаќаат повикот на реформа. Оние пак, што немаат вкус и се секогаш неуредни во облекувањето, ги користеа моите писма за да одат во спротивна крајност, сметајќи дека се слободни од секоја суета додека за оние што се облекуваат чисто и уредно велеа дека се горди. Има и такви кои немарноста и своевидноста во облекувањето го сметаат за посебна доблест. Таквите потполно го уништуваат своето влијание кај неверните со своето однесување. Тие предизвикуваат гнасење кај оние на кои треба да им бидат од благослов. {1C 275.1}

Она што во визиите ми беше покажано претставува укор не само за оние што се наклонети на гордоста и модата на овој свет, туку исто така и за оние што на својот надворешен изглед, облекување и чистота не обрнуваат никакво внимание. Посебно ми е укажано на фактот дека оние што тврдат дека веруваат во сегашната вистина треба да посветат посебно внимание на својот изглед кога во сабота излегуваат пред Господа, за со тоа да го покажат своето почитување кон Творецот кој го посветил и го направил славен тој ден. Сите што ја ценат саботата, треба тој ден да водат сметка и за личната хигиена и за чистотата и уредноста на својата облека, зашто излегуваат пред Господ кој е Бог ревнител. Нечистотата и неуредноста се навреда за Него и Тој го забележува секој знак на непочитување. Некои сметаат дека е погрешно ако жената носи на главата било каква шапка освен против сонце. Таквите одат во крајност. Не може да се нарече суета ако некој носи едноставна и уредна сламена или свилена шапка. Нашата вера, ако навистина живееме според неа, ќе нè наведе и во уредноста во облекувањето и во ревнувањето за добри дела да се истакнеме како својствен народ. Меѓутоа, кога ќе ја запоставиме уредноста во облекувањето и личната хигиена, ние всушност се оддалечуваме од вистината, бидејќи вистината никогаш не ги понижува луѓето, туку напротив ги воздигнува и облагородува. Неверниците обично мислат дека адвентистите ги понижува нивната вера, и оние од нашите редови што се неуредни во облекувањето, груби и недобро воспитани во однесувањето со тоа уште повеќе ги утврдуваат неверниците во таквото нивно мислење. {1C 275.2}

Оние што во опасностите на овие последни денови тврдат дека се Христови, а не се угледуваат на Христа како пример на скромност и самоодрекување, самите се стават во редовите на непријателот. Тој ги смета за Свои поданици и тие ги исполнуваат неговите намери подобро од неверниците, бидејќи носат име дека се живи, а всушност се мртви. Други го следат нивниот пример и така го губат спасението, додека тоа не би било случај кога не би се декларирале дека се христијани. Овие т.н. верници не се свесни за својата одговорност и за своето негативно влијание. Тие ја прават уште потешка борбата на оние што навистина сакаат да бидат избран Божји народ. Во своето послание до Тит 2:15. мислејќи на оние што го очекуваат Христовото доаѓање, Павле нагласува: „Ова зборувај го, советувај и изобличувај со полна власт; никој да не те презира”. {1C 276.1}

Секогаш кога изнесуваме сведоштво против гордоста и попуштањето на модата на овој свет наидуваме на изговори и оправдувања. Мнозина од укорените се повикуваат

на примерот на други. Таа сестра носи кринолина; ако е погрешно тоа што јас го носам, тогаш тоа важи и за неа. Децата се повикуваат на примерот на други деца чии родители ја празнуваат саботата. Братот А е ѓакон во црквата. Неговите деца носат кринолини, и тогаш зошто јас да бидам повеќе за осудување од нив? Оние што со својот непосветен пример даваат аргументи против оние што се стремат да бидат избрани, стануваат камен на сопнување за слабите, и ќе мораат пред Бог да дадат сметка за тоа. Често ми се поставува прашањето: „Што мислиш за кринолините?" Јас повторувам: ја пренесував само светлината што ми беше дадена во врска со тоа. Покажано ми е дека кринолините се вистински срам, и дека во никој случај не треба да го поддржуваме ширењето на таа мода која е смешна поради својата претераност. {1C 276.2}

Се зачудив кога слушнав како се зборува: „Сестра Вајт кажува дека во носењето на помали кринолини нема ништо лошо". Никој никогаш не можел да го слушне тоа од мене. Бидејќи ми беше јасно покажано каков треба да биде мојот став во поглед на кринолините, ништо не може да ме наведе да охрабрам некој така да се облекува. Тешките наметки и кринолините се потполно непотребни. Намерата на Творецот никогаш не била со носењето кринолини и слични измислици да го деформираме своето тело и својот изглед. Меѓутоа, припадниците на Божјиот народ толку долго се поведуваат по изумите и модата на овој свет, така што немаат ниту сила, ниту волја да се ослободат од тоа. Кога внимателно го проучувам Светото Писмо, ме обзема страв за припадниците на Божјиот Израел во овие последни денови. Предупредувањето упатено до нив гласи: „Бегајте од идолопоклонството". Се плашам за оние што спијат духовно и толку се заведени од суетата на овој свет, така што е тешко да се направи разлика меѓу оној што Му служи на Бога и оној што не Му служи. Оддалеченоста меѓу Христос и припадниците на Неговиот народ е сè поголема, а растојанието меѓу нив и овој свет е сè помало. Карактеристиките по кои припадниците на т.н. Божји народ се разликуваат од светот речиси не постојат. Слично на Израел во старо време, тие се поведуваат по гнасотиите на оние што ги опкружуваат. {1C 276.3}

Според она што ми беше покажано, кринолините се вистинска гнасотија. Недолични се за една христијанка, и припадниците на Божјиот народ грешат ако и во најмала мерка се поведуваат според оваа мода. Оние што тврдат дека се избран Божји народ треба да ги отфрлат кринолините и со својот пример да бидат жив укор за оние што ги носат. Некои жени можеби ќе кажат дека таквите здолништа им се практични и удобни. Јас многу патувам и знам колку непријатности и незгоди може да направи носењето на такви здолништа. Жените што тврдат дека ги носат од здравствени причини, ги носат и во зимен период кога тие многу помалку штитат од студот и болестите, отколку здолништата со обичен раб. Во текот на патувањата со кола и други превозни средства бев принудена да извикнам: О, чедност, каде си да поцрвениш од срам. Гледав како во преполните коли, за да се добие уште малку простор, кринолините мораат да се подигнат и да се стават во потполно недоличен облик. Жените што носат кринолини десет пати повеќе се изложуваат на опасност да се откријат отколку оние што не ги носат. Кога тоа не би било во мода, жените што така непристојно го откриваат своето тело би биле јавно исмеани. Но и скромноста и пристојноста мораат да се жртвуваат на богот на модата. Нека Бог го ослободи Својот народ од овој тежок грев! Бог нема да има сожалување кон оние што се доброволни робови на модата. Ако претпоставиме дека во носењето кринолини и постои некоја практичност, дали тоа значи дека треба да се носат? Кога модата ќе се промени, практичноста или наводната удобност на тоа веќе нема ни да се спомнува. Должност на секое Божјо дете е да се запраша: „Во што јас се

одвојувам од овој свет?” Ако е потребно да се изложиме и на неудобност и презир за да бидеме на сигурната страна, треба да го направиме тоа. Каков крст носат припадниците на Божјиот народ? Тие се мешаат со овој свет, покажуваат ист дух и во својот начин на облекување, разговори и постапки не се разликуваат од светот. {1C 277.1}

Да го прочитаме текстот од 1. Тимотеј 2:9,10: „Исто така и жените, облечени пристојно, со срамежливост и чесност да се украсуваат, не со плетенки, ни со злато, со бисери или со скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им прилега на жени кои исповедаат побожност”. Да читаме исто така и 1. Петрово 3:3-5: „Вашата убавина да биде не надворешна, односно во плетењето на косите, китењето со злато или облекување на облеки, туку - внатрешна, во срцето на скриениот човек, во постојаност и тих дух, што е драгоцено пред Бога. Зашто така некогаш се украсуваа и светите жени, кои се надеваа на Бога и им се покоруваа на своите мажи”. {1C 278.1}

Моќта на личниот пример е навистина голема. Сестра А се изложува на опасност да облече поскромна кринолина. Сестра Б кажува: кога сестра А може да носи кринолина, зошто да не можам и јас, па ќе облече побогата. Сестра Ц, угледувајќи се на примерот на споменатите сестри, облекува уште пораскошна кринолина, а сите тврдат дека нивните кринолини се скромни. {1C 278.2}

Родителите што сакаат да ги поучат своите деца колку е погрешно човек да се поведува по модата и обичаите на овој свет мораат да водат тешка борба, соочувајќи се со вакви и слични ставови: „Како мајко, сестрите А, Б и Ц носат кринолини; ако е тоа за мене неморално, тогаш тоа е неморално и за нив”. Што кажуваат родителите на тоа? Тие на своите деца треба да им дадат достоен пример, и покрај тоа што негативните примери на т.н. Христови следбеници ги наведуваат децата да донесат заклучок дека нивните родители се престроги. Бог сепак ќе ги благослови напорите на тие совесни родители. Ако родителите не заземат одлучен став, струјата на раширеното зло ќе ги повлече и нивните деца, бидејќи сатаната и неговите лоши ангели влијаат на нивните мисли, а примерот на т.н. верници ги прават нивните напори да се задобие победа уште потешки. Но сепак, со вера во Бога и сесрдни молитви, верните родители треба одлучно да продолжат по патот на должноста кој воопшто не е лесен. Патот на крстот води само нагоре и само напред. И колку повеќе напредуваме на тој пат, стремејќи се кон она што е подобро, мораме сè повеќе да се оддалечуваме и одвојуваме од она што е земно и минливо. И додека светот и т.н. верници безгрижно трчаат по надолниот пат на стрмнината во пропаст, тие што се искачуваат по стрмнината на духовното напредување мораат да вложуваат непрекинати напори, бидејќи заедно со нив ќе бидат повлечени надолу. {1C 278.3}

Синовите на овој свет Библијата ги нарекува синови на темнината. Заслепени со духот на овој свет тие доброволно се согласуваат да ги води кнезот на темнината. Во она што е небесно тие не наоѓаат никакво задоволство. Синовите на светлината својата љубов ја посветуваат на она што е горе. Тие им го свртуваат грбот на привлечностите на овој свет и го извршуваат налогот: „Затоа излезете од нивната средина и одделете се”. Тоа е условот за исполнување на ветувањето: „И Јас ќе ве примам”. Своите избрани, уште од самиот почеток, Христос ги повикува да се одделат од светот и да немаат ништо заедничко со бесплодните дела на темнината. Ако го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди, тие нема да покажуваат никаква наклоност кон задоволствата на овој свет. Помеѓу Христос и Велијар нема никаква согласност. {1C 279.1}

Пророкот Ездра и другите верни слуги на еврејската црква биле многу изненадени кога кнезовите им кажале: „Народот Израелов и свештениците и левитите не се одвоија од народите на другите племиња и продолжуваат со нивните гнасотии". Во својата молитва по тој повод Ездра нагласува: „И по сè што не снајде поради лошите дела наши и поради големата вина наша и, - зошто Ти, Боже наш, нè поштеди не според беззаконието наше, туку ни даде такво избавување, - зар пак ќе ги нарушуваме Твоите заповеди и ќе влегуваме во роднински врски со тие одвратни народи? Нема ли да се разгневиш на нас сè додека не нè погубиш, па да нема живи и да нема спасени? Господи, Боже Израелов! Ти си праведен, зашто ние бевме нажалени до денес; и еве, ние сме во беззаконијата свои пред Твоето лице, макар што по сето тоа не би требало да стоиме пред Твоето лице". (Ездра 9:1:13-15) {1С 279.2}

„Па и сите началници над свештениците и над народот ги зголемија своите престапи, следејќи ги сите гадотии на незнабошците, и го осквернуваа домот на Господ, што Тој беше го осветил во Ерусалим. Господ, Бог на нивните предци, им испраќаше свои гласници уште во рано утро, зашто Му беше жал за Својот народ и Своето живеалиште. Но тие се подбиваа со испратените од Бога и не се грижеа за зборовите Негови, ги понижуваа пророците Негови, додека гневот на Господ не падна врз народот Негов, та немаше за него спасение" (2. Летописи 36:14-16). {1С 280.1}

„А вие пазете ги сите Мои закони и сите Мои повелби и не вршете ниедно од сите оние гнасотии, ниту вие овдешните, ниту придојдените што живеат меѓу вас, зашто сите тие гнасотии ги правеа луѓето на таа земја, што беа пред вас, и земјата се оскверни" (Левит 18:26,27). {1С 280.2}

„Со туѓи богови Го раздразнија и со одвратностите Го разгневија: им принесуваа жртви на злите духови, а не на Бога; на боговите, што не ги познаваа, на боговите нови и непознати, кои предците ваши не ги знаеја. А Карпата, кој те родил, ти Го остави, и Бога, Кој те создал, го заборави. И Господ виде, па се разгневи и ги отфрли синовите Свои и ќерките Свои, и рече: 'Ќе го свртам лицето Свое од нив и ќе го видам крајот нивни: бидејќи тие се развратен род, синови во кои нема верност; со лажни богови ја предизвикаа Мојата ревност, со идоли тие ме разгневија, и Јас ќе ја повредам нивната гордост со безвредни луѓе, со ништо и никаков народ Јас ќе ги разгневам; зашто оган се разгори од јароста Моја; продира тој сè до најдлабокиот пекол, ја јаде земјата и плодовите нејзини, основите планински ги фрла во оган'" (Второзаконие 32:16-22). {1С 280.3}

Овде ги читаме опомените и предупредувањата што Бог им ги дал на Израелците во старо време. На Него не му било мило тие толку долго да талкаат по пустината. Да му се предале со желба Тој да ги води, Тој веднаш би ги одвел во ветената земја. Но затоа што толку често го гневеле во пустината, тој се заколнал во Својот гнев дека нема да влезат во Неговиот мир, освен двајца што во сè се држеле за Него. Од припадниците на Својот народ Тој барал да се потпираат само на Него, и не сакал да примаат помош од оние што не Му служеле. {1С 281.1}

Да читаме во книгата на Ездра 4:1-5: „Непријателите Јудини и Венијаминови слушнаа дека вратените од пленството градат храм на Господ, Бог Израелов; и дојдоа кај Зоровавел и кај поглаварите на народот и им рекоа: 'Да градиме и ние, зашто и ние како вас Му се поклонуваме на вашиот Бог, и Нему Му принесуваме жртви од дните на Есар-Хадон, асирскиот цар, кој нè пресели овде.' Зоровавел, Јешуа и другите кнезови на родовите израелски им одговорија: 'Не може да градите заедно со нас дом на нашиот Бог; ние сами ќе градиме дом на Господ, Бог Израелов, како што ни заповеда Кир, царот

персиски.’ Тогаш народот на онаа земја, почна да му ги ослабува рацете на јудејскиот народ и да му пречи во градењето; и поткупуваа советници против нив за да ја расипуваат намерата нивна во текот на сето време од владеењето на Кир, царот персиски, до царувањето на Дариј, цар персиски”. {1C 281.2}

„Тогаш објавив”, кажува Ездра, „таму пост при реката во Ахава за да се смириме пред лицето на нашиот Бог и да измолиме од Него успешен пат за себе, за децата свои и за целиот имот, бидејќи ми беше срам да барам од царот војска и коњаници да нè чуваат од непријателите по патот, зашто ние, кога зборувавме со царот, рековме: ‘Раката на нашиот Бог е благодатна за сите, а силата Негова и Неговиот гнев стои над сите што го оставаат!’ И така, ние постевме и го молевме нашиот Бог за тоа, и Тој нè послуша”. (Ездра 8:21-23) {1C 282.1}

Ездра и кнезовите на родовите израелски овие Самарјани не ги сметале за поклоници на вистинскиот Бог; и иако тие покажале пријателство и желба да им помогнат, Јудејците не смееле да се соединат со нив во ништо што се однесувало на службата на Бог. Кога тргнале за Ерусалим да го изградат храмот и да го обноват богослужението на вистинскиот Бог, тие не сакале од царот да бараат помош и заштита на патот, туку во пост и молитва побарале помош од Господ. Верувале дека Бог ќе ги заштити во нивните напори да Му служат на Него. На Творецот на сè што постои не му е потребна помошта на Неговите непријатели за одржување на Неговата служба на Земјата. Тој не бара жртви од безбожниците ниту ги прима даровите на оние што имаат и други богови покрај Него. {1C 282.2}

На нас често ни се замерува со зборовите: „Премногу сте исклучителни”. Како народ, ние сме подготвени на секоја жртва за спасување на душите и ширењето на вистината. Но да создаваме пријателство со оние што го сакаат светот, прифаќајќи ги нивните погледи и да го сакаме тоа што тие го сакаат, не се осмелуваме, зошто тогаш ќе бидеме Божји непријатели. {1C 282.3}

Читајќи ги следните стихови ќе видиме за каков народ Бог ги сметал припадниците на стариот Израел: {1C 282.4}

„Зашто Господ го избра Јаков за Себе, Израел за Свој сопствен посед” (Псалм 135:4). {1C 282.5}

„Зашто вие сте свет народ на Господ, вашиот Бог, и Господ вас ве избра од сите народи, што се на земјата, за да бидете Негов народ” (Второзаконие 14:2). {1C 282.6}

„Зашто ти си свет народ на Господ, Твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш Негов сопствен народ меѓу сите народи што се на земјата. Не затоа, што сте побројни од сите народи, ве прими Господ и ве избра, бидејќи вие сте помалубројни од сите народи” (Второзаконие 7:6,7). {1C 283.1}

„Зашто по што ќе познаеме дека јас и народот Твој сме нашле милост пред Тебе, освен по тоа што Ти одиш со нас? И по тоа ќе се разликуваме и народот Твој од сите други народи што се на земјата” (Излез 33:16). {1C 283.2}

Колку често Израелците се бунтувале против Бога, и во колку чести казни гинеле Илјадници затоа што не ги слушале заповедите на Оној што ги избрал за Свој народ! Мешајќи се со светот, и Израелот во последните денови е во постојана опасност да го загуби сето она што го прави да биде избран Божји народ. Прочитајте повторно во посланието до Тит 2:13-15. Ние живееме во последните денови кога Бог за себе чисти еден народ. Зар ќе Го гневиме и жалостиме како што правел стариот Израел? Зар да го навлечеме Неговиот гнев на себе одвојувајќи се од Него, мешајќи се со светот и прифаќајќи ги гадотиите на оние што нè опкружуваат? {1C 283.3}

Оние што се побожни Бог ги издвојува за себе. Посветеноста на Бога и одвојувањето од светот изрично е заповедано и во Стариот и во Новиот Завет. Сам Бог го подигнал ѕидот на раздвојување помеѓу световноста и оние што тој ги избрал од светот и ги посветил за Себе. Божјиот народ е по својот повик, карактер и изглед посебен народ, и по таа своја посебност тој се разликува од сите други народи. Сите припадници на Божјиот народ, од почетокот до крајот на времето, претставуваат едно тело. Тоа тело има свој Поглавар што го води и управува со него. Истиот налог што му е даден на стариот Израел да се оддели од светот важи и за денешниот Божји народ. Големиот Поглавар на телото не се променил. Искуството на христијаните во овие последни денови многу е слично на патувањето на старозаветниот Израел. Прочитајте го текстот од 1. Коринтјаните 10, посебно стиховите 6-15: {1C 283.4}

„А тоа беа примери за нас, за да не бидеме похотливи по злото, како што тие беа похотливи. Не бидете ниту идолослужители, како некои од нив, за кои е напишано: Народот седна да јаде и да пие, па стана да игра... И да не го искушуваме Христос, како што некои од нив го искушуваа, и загинаа од змии. Не мрморете, како што некои од нив мрмореа, па загинаа од истребителот. Сето тоа ним им се случуваше за да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите. Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне. Друго искушение вас не ве зафати, освен човечкото; но верен е Бог, Кој нема да допушти да бидете искушувани повеќе од силата ваша, а заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да издржите. Затоа, возљубени мои, одбегнувајте го служењето на идолите. Ви зборувам како на разумни: расудете сами за ова што ви го кажувам". {1C 284.1}

„Гледајте колку голема љубов ни дал Таткото - да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме! Затоа светот не нè знае, зашто не го позна Него" (1. Јованово 3:1). {1C 284.2}

„Не љубете го светот и сè што е во него. Ако некој го љуби светот, во Него нема љубов од Таткото. Зашто, сè што е во светот - желбата на телото, желбата на очите и горделивоста на животот, не е од Таткото, туку е од овој свет. А светот поминува и желбите негови, а оној што ја извршува волјата Божја, останува довека". (1. Јованово 2:15-17). {1C 284.3}

„Зашто ако ги избегнале световните нечистотии преку познанието на Господ и Спасителот наш Исус Христос, и пак се плеткаат во нив и бидуваат победени, тогаш за таквите последното ќе им биде полошо од првото" (2. Петрово 2:20). {1C 284.4}

„Прељубодејци и прељубодејки, не знаете ли дека пријателството со овој свет е непријателство на Бога? Зашто, кој сака да му е пријател на светот, му станува непријател на Бога" (Јаков 4:4). {1C 285.1}

„Чиста и непорочна вера пред Бога Таткото е оваа: да се грижиш за сираци и вдовици во нивните маки и да се пазиш да останеш неосквернет од светот" (Јаков 1:27). {1C 285.2}

„Бидејќи се јави Божјата благодат, спасителна за сите луѓе. Таа не учи да ги отфрлиме нечесноста и желбите од овој свет, чесно, праведно и побожно да поживееме во овој век" (Тит 2:10,11). {1C 285.3}

„Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е Божјата волја: што е добро, благоугодно и совршено" (Римјаните 12:2). {1C 285.4}

„Јас им го предадов Твоето слово, и светот ги замрази, зашто тие не се од светот, како и Јас што не сум од него. Не се молам да ги земеш од светот, туку да ги запазиш од

злото... Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина" (Јован 17:14,15,17). {1C 285.5}

„Блажени ќе бидете кога ќе ве намразат луѓето и ќе ве отфрлат и ќе ви нанесат срам, и ќе го разгласат името ваше како лошо, заради Синот Човечки! Зарадувајте се во оној ден и заиграјте од радост, зашто голема е наградата ваша на небото. Зашто и нивните татковци така постапуваа со пророците" (Лука 6:22,23). {1C 285.6}

„Вие не Ме избравте Мене, туку Јас ве избрав вас и ве поставив да одите и да бидете плодоносни, и плодот ваш да остане, та, што и да посакате од Таткото, во Мое име, да ви даде. Оваа заповед ви ја давам: да се љубите еден со друг. Ако светот ве мрази, знајте дека Мене светот уште пред вас ме замрази. Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето; но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот - затоа светот и ве мрази" (Јован 15:16-19). {1C 285.7}

„Вие сте, чеда, од Бога и нив сте ги победиле; зашто Оној, кој е во вас, е поголем од оној што е во светот. Тие се од светот, затоа и световно зборуваат, светот ги слуша" (1. Јованово 4:4,5). {1C 285.8}

„А кој го пази Словото Негово, во него Божјата љубов навистина е совршена: по тоа знаеме дека сме во Него. Кој вели дека во Него пребива, должен е да постапува така, како што постапи и Тој" (1. Јованово 2:5,6). {1C 286.1}

„Но вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина" (1. Петрово 2:9). {1C 286.2}

Наведените цитати од Светото Писмо јасно покажуваат дека Божјиот народ мора да биде посебен народ, јасно разликувајќи се од неверниците со кои е опкружен. Нашата положба е значајна и тешка. Живееме во последните денови, и мошне е важно да го следиме и покажуваме Христовиот пример, живеејќи онака како што живеел и Тој. „Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека тргне по Мене". Не можеме да се раководиме според човечките мислења и мудроста на овој свет, зашто луѓето секогаш сакаат да го избегнат носењето на крстот. Овој свет не е татковина за Христовите слуги, ниту пак овде се наоѓа нивното богатство. О, кога би можеле сите да сфатат дека во мир и безбедност живееме меѓу своите непријатели само затоа што Господ владее со сите. Не е наше да бараме некои посебни права и наклоност во овој свет. Мораме да се помириме со тоа да бидеме сиромашни и презрени меѓу луѓето, сè додека од борбата што сè уште се води не излеземе како победници. Христовите следбеници се повикани да излезат од светот и да го раскинат секое пријателство со неговиот дух и обичаи. Нивната сила и сигурност се наоѓаат во тоа што се избрани и прифатени од Бог. {1C 286.3}

Божјиот Син бил наследник на сè, и сета власт, слава и царство на овој свет Му припаѓале на Него. Но, сепак, кога се појавил на овој свет немал никакво богатство ниту раскош. Светот не можел да ја разбере Неговата врска и единство со Таткото; возвишеноста и славата на Неговиот божествен карактер биле сокриени од луѓето. Затоа „беше презрен и отфрлен меѓу луѓето," а „ние мислевме дека е поразуван, казнуван и понижуван од Бога". Како што поминал Христос на овој свет, така мораат да поминат и Неговите следбеници. Тие се Божји синови и Христови сонаследници; и сета власт и царството им припаѓа и на нив. Светот не може да го разбере нивниот карактер и нивниот свет повик; не сфаќа дека тие се примени во Божјото семејство. Нивната поврзаност и заедништво со Таткото и Синот не се покажува видливо и, посматрајќи ги

во нивната скромност и отфрленост, светот не може да види што се тие и што ќе бидат. За овој свет тие се само странци и туѓинци, и затоа побудите со кои тие се раководат воопшто не се ценат. {1C 286.4}

Светот созрева за уништување. Бог нема да може уште долго да ги поднесува човечките гревови и беззаконија. Тие ќе мораат да ја испијат до дно чашата на Неговиот гнев неизмешан со милост. Божји наследници и Христови сонаследници ќе бидат само оние кои се посебен народ. Да, така посебни што Бог ќе може да ги обележи како Свои. Мислите ли дека Бог ќе прифати и признае еден народ кој толку се меша со светот така што од него се разликува само по името? Читајте го повторно посланието до Тит 2:13-15. Наскоро ќе се знае кој стои цврсто на страната на Господ и кој не се посрамил од Исус. Оние што немаат морална сила совесно да го заземат својот став наспроти неверниците, да ја отфрлат модата и навиките на овој свет и да го земат за пример Христовиот живот полн со самоодрекување, се посрамиле од Христос и не го следат Неговиот пример. {1C 287.1}

---

60. ПОСВЕТЕНОСТ

Народот Божји ќе биде испитан и проверен. Оние што ја празнуваат саботата мора да поминат низ процес на строго преиспитување. Колку често, слично на стариот Израел, го забораваме Бога и Неговите чудесни дела и се бунтуваме против Него! Некои постојано гледаат на овој свет, ги следат неговите обичаи и мода и учествуваат во неговите задоволства, како што и синовите на Израел се сеќавале на Египет, копнееле по јадењата во кои таму уживале, а од кои Бог ги лишил за да ја испита нивната верност кон Него. Сакал да види дали тие, службата на Него и слободата што на чудесен начин им ја овозможил, ќе умеат повеќе да ја ценат од оддаденоста на минливите задоволства додека во Египет му робувале на тиранскиот идолопоклонски народ. {1C 287.2}

Сите вистински Христови следбеници треба да бидат подготвени на жртви. Бог ќе ги става на проверка за да се покаже дали нивната вера е вистинска. Покажано ми е дека вистинските Христови следбеници нема да учествуваат на излети, приредби или други собири поради задоволство. Тие таму не можат да го најдат Исус ниту влијание што би ги воздигнало нивните мисли и би ги направило подуховни. Божјото Слово, ако го слушаме, ќе нè наведе да го избегнуваме сето тоа и да се држиме одделени од светот. По привлечностите и уживањата на овој свет копнеат само оние што не сакаат да го земат својот крст и во духовна смисла да го следат распнатиот Спасител. {1C 288.1}

Меѓу нас има какол и затоа сме толку слаби. Некои постојано се стремат кон светот. Според своите погледи и расположение тие се многу повеќе наклонети на духот на овој свет отколку на самоодрекувањето на Христовите следбеници, и сосем е природно што со поголемо задоволство сакаат да бидат во друштво на оние чиј дух е во согласност со нивниот. А таквите често имаат најголемо влијание меѓу Божјиот народ. Тие се дел од тој народ, го носат Неговото име, а се постојана тема на разговорите на неверниците и на слабите и непосветените во самата црква. Така, лицемерните личности, секогаш се бунтуваат против отвореното и одредено сведоштво со кои се осудуваат гревовите и заблудите на поединците. Таквите во овие денови на чистење мораат или потполно да

се обратат и да се посветат со покорување на вистината или ќе бидат оставени заедно со светот, каде и припаѓаат за заедно со нив да ја примат и својата награда. {1C 288.2}

„По родовите нивни ќе ги познаете". Сите Христови следбеници носат плодови во Негова слава. Со својот живот тие покажуваат дека Божјиот Дух извршил во нив добро дело, и плодовите на тоа се гледаат во нивната посветеност. Нивниот живот е облагороден и чист. Оние што не донесуваат такви родови, немаат никакво искуство во верскиот живот. Тие се како прачки отсечени од Лозата. „Пребивајте во Мене", кажува Христос „и Јас ќе пребивам во вас. Како што прачката не може да донесе род сама од себе ако не остане на лозата, така ниту вие, ако не останете во Мене. Јас сум Лозата, а вие сте прачките. Кој останува во Мене и Јас во него ќе донесе многу род; зошто без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15:4,5). {1C 289.1}

Ако сакаме да бидеме духовни поклоници на Исус Христос, мораме да ги жртвуваме сите свои идоли, во потполност држејќи ги првите четири заповеди. „А Исус му кажа: Љуби го Господа, својот Бог, со цело свое срце, со сета своја душа, со сите свои мисли. Ова е првата и најголема заповед" (Матеј 22:37,38). Првите четири заповеди бараат својата љубов да му ја дадеме само на Бог. Не смееме да дозволиме нешто друго да не одвои од Бог или на било што да му посветиме поголемо внимание отколку на Него. Сето она што ги одвојува нашите чувства од Него и ја бара онаа возвишена љубов што само на Него му ја должиме, ни станува идол или друг бог. Нашето телесно срце грчевито се држи за своите идоли и се стреми да ги задржи, но ние не можеме да напредуваме сè додека не ги отфрлиме тие идоли, бидејќи тие нè одвојуваат од Бога. Големиот Поглавар на црквата избрал за себе народ од овој свет и Тој бара Неговиот народ да биде одделен од светот. Да се љуби Бог и да се држат Неговите заповеди е далеку повозвишено од љубовта кон задоволствата и наклоноста кон светот. Меѓу Христос и Велијар нема ништо заедничко. Божјиот народ во потполна сигурност може да се потпре на Бог и без никаков страв да продолжи по патот на послушноста. {1C 289.2}

---

61. ФИЛОЗОФИЈА И ПРАЗНА ИЗМАМА

Покажано ми е дека мораме будно да внимаваме на секој чекор, одлучно спротивставувајќи се на примамливостите и лукавството на сатаната. Претворајќи се во ангел на светлината, тој заведува Илјадници човечки суштества и ги прави свои робови, користејќи се во голема мера со науката и со психологијата на човечкиот ум. Овде тој, незабележливо како змија, се вовлекува за да го попречува Божјото дело. Дури и чудата што Христос ги правел тој се обидува да ги прикаже како производ на човечката вештина и моќ. Кога тој отворено и дрско би го напаѓал христијанството, христијанинот во таква опасност и мака би паднал пред нозете на својот Откупител, и неговиот силен и моќен Ослободител би го присилил дрскиот напаѓач да се повлече. Затоа тој се преторува во ангел на светлината и делува на умот на човечките суштества, примамувајќи го да скршне од единствениот вистински и сигурен пат. Френологијата, психологијата и месмеризмот се науки со чија помош сатаната непосредно се приближува на денешната генерација и работи со онаа сила што ќе биде карактеристична за неговите напори пред крајот на времето на милоста. {1C 290.1}

Читајте 2. Солунјаните 2:8-12: „Тогаш ќе се открие и беззаконикот, кого што Господ Исус ќе го убие со здивот на Својата уста и преку појавата на Своето доаѓање ќе го

истреби. Доаѓањето на тој беззаконик ќе биде по дејство на сатаната, со секаква сила и знаци и лажни чудеса, и со секакво неправедно измамување меѓу оние кои загинуваат, затоа што не ја примиле љубовта на вистината, та да би се спасиле. И затоа Бог ќе им испрати сила на заблуда за да поверуваат на лагата, та да бидат осудени сите кои не поверуваа во вистината, а ја засакаа неправдата". {1C 290.2}

Со посредство на споменатите науки, сатаната незабележливо се приближува до луѓето и труејќи го умот на илјадници љубопитни луѓе, ги турка на почвата на неверувањето. Сознанието дека тие науки сè повеќе се шират му причинува посебно задоволство. Тоа е планот што токму тој го измислил за да може да најде пристап до умот на заинтересираните и така да влијае на нив според својата волја. И додека се верува дека умот на едно човечко суштество може толку силно да делува на другите, сатаната подготвено чека да се наметне делувајќи со сите свои сили на измамата од сите страни. И додека оние што се посветуваат на изучување на тие науки до небото го воздигаат позитивното влијание што тие науки, според нивното тврдење го извршиле на нив, тие всушност го воздигаат и слават самиот сатана кој на тој начин делува со сите свои сили, знаци и лажни чуда за да ги прелаже сите оние што се определуваат за неправдата. Ангелот кажа: „Внимавајте на тоа влијание. Судирот меѓу Христос и сатаната сè уште не е завршен". Ваквиот пристап до умот на човекот со посредство на науката претставува лукаво измислен план не неговото сатанско величество за во душата и умот на Илјадници луѓе да ја уништи верата во Христос како Месија и Божји Син. {1C 290.3}

Укажано ми е на Божјата сила што се покажала преку Мојсеј кога Бог го пратил да излезе пред фараонот. Знаејќи ја добро својата задача, сатаната веднаш се нашол на местото на случувањата. Тој добро знаел дека Мојсеј е избран од Бога да ги ослободи синовите на Израел од јаремот на ропството, и дека тоа негово дело е всушност претслика на првото Христово доаѓање со цел да ја скрши власта на сатаната над поробениот човечки род и заробениците да ги ослободи од неговата сила. Сатаната знаел дека Христос, кога ќе се појави на Земјата, ќе прави силни чуда, за светот да познае дека Таткото го пратил, и затоа како узурпатор се исплашил за својата власт и се советувал со своите ангели како да постигне двојна цел: 1. да го уништи влијанието на чудата што Бог ги направил преку Својот слуга Мојсеј, со тоа што преку своите агенти ги фалсификувал вистинските чуда што Бог ги направил преку Мојсеј; 2. преку маѓепсниците да изврши влијание кое, протегајќи се низ вековите, во душата на многу луѓе ќе ја уништи вистинската вера во силните чуда што ќе ги прави Христос кога ќе дојде на овој свет. Тој знаел дека неговото царство ќе биде разнишано, зашто Христос ќе ја потчини неговата моќ со која до тогаш владеел над човечкиот род. Силата со која Мојсеј ги правел чудата пред фараонот не била човечка сила. Тоа била Божја сила. Тие знаци и чуда се направени преку Мојсеј за фараонот да се осведочи дека Големиот „ЈАС СУМ" преку него му упатува повик да ги пушти Израеловите синови за Него да му служат. {1C 291.1}

Фараонот ги повикал маѓепсниците да ги применат своите магии. Тие исто така покажале знаци и чуда, бидејќи сатаната бил нивен помошник и делувал преку нив. Меѓутоа, дури и во тоа Божјото дело се покажало надмоќно над силата на сатаната, зошто вражачите не можеле да ги имитираат сите чуда што Бог ги направил преку Мојсеј. Можеле да фалсификуваат само некои од тие чуда. И стаповите на маѓепсниците се претвориле во змии,* но стапот на Арон ги проголтал. Кога се обиделе да создадат вошки и не успеале, маѓепсниците преку Божјата сила биле принудени дури и пред фараонот да признаат: „Ова е Божји прст". Правејќи го тоа преку маѓепсниците, сатаната

настојувал срцето на тиранскиот владетел уште повеќе да го стврдне пред чудесното појавување на Божјата сила. Се надевал дека Мојсеј и Арон ќе се посомневаат во божественото потекло на својата мисија и дека тогаш вражачите како негови агенти ќе бидат во предност. На сатаната не му било по волја Израелците да се ослободат од египетското ропство за да можат непречено да Му служат на Бог. Кога во својот обид и тие на чудесен начин да создадат вошки не успеале, маѓепсниците веќе не можеле да ги имитираат постапките на Мојсеј и Арон. Бог не му дозволил на сатаната да го продолжи своето измамничко влијание, и затоа маѓепсниците ниту самите себе не можеле да се заштитат од казните што доаѓале. „И маѓепсниците не можеа да стојат пред Мојсеј поради струпјето (чиреви), зашто струпје имаше и на маѓепсниците и на сите Египтјани" (Излез 9:11). {1C 292.1}

Божјата владејачка сила во овој случај ги погодила и орудијата со кои се служел сатаната, така што Божјиот гнев го почувствувале дури и оние преку кои сатаната така чудесно делувал. Така на фараонот му се дадени доволно докази да верува, кога би сакал да верува. Чудата што Мојсеј ги покажал се направени со Божја сила. Она што маѓепсниците се обиделе да го направат направено е не само со нивна вештина, туку со ѓаволската сила на нивниот бог, кој лукаво го спроведувал нивниот измамнички чин имитирајќи ги Божјите дела. {1C 292.2}

Како се приближуваме кон крајот на времето, човечкиот ум станува сè поподложен на сатанските лукавства. Тој ги наведува измамените смртници и Христовите чудесни дела да ги припишуваат на резултатот на делувањето на општите принципи. За да ја наметне својата власт и своите барања, тој секогаш настојува да ги имитира Христовите дела. Тој тоа обично не го прави отворено и дрско. Во својата препреденост тој знае дека на паднатиот и јаден човек најдобро ќе успее да му се приближи ако му се појави како ангел на светлината. Во пустината кога го искушувал, тој му се приближил на Христос во облик на прекрасен млад човек - посличен на суверен владетел отколку на паднат ангел - и тоа со цитати од Светото Писмо. „Пишано е," биле неговите први зборови. Но Спасителот, иако измачен од долгиот и исцрпувачки пост, подготвено го дочекал со одговор од Библијата, нагласувајќи ги, исто така, зборовите: „Пишано е". {1C 293.1}

Читајте во евангелието според Матеј 4:8-11: „Потоа ѓаволот го одведе на многу висока планина и Му ги покажа сите царства на светот и нивната слава и Му рече: „Сето ова ќе Ти го дадам, ако паднеш и ми се поклониш". Но, Исус ми рече: „Бегај од Мене, сатано, зашто е напишано: 'На Господ, твојот Бог, да Му се поклонуваш, и само Нему да Му служиш!' Тогаш ѓаволот Го остави и веднаш дојдоа ангели и му служеа.„ {1C 293.2}

Овде сатаната Му го покажал на Христос овој свет во најпривлечна светлина, навестувајќи Му дека не е потребно толку многу да страда за да го задобие царството на оваа земја. Сатаната нагласил дека ќе се одрече од сите свои права што ги имал како владетел на овој свет само ако Христос падне и му се поклони. Незадоволството на сатаната започнало уште на небото затоа што не можел да биде прв и најголем заповедник - рамен на Бог и над Христос. Започнувајќи бунт против Бог, ја загубил својата положба и заедно со своите соучесници бил исфрлен од небото. Кога во пустината му пристапил на Христос кој бил ослабен и изнемоштен од постот, се понадевал дека Христос сега ќе му укаже почитување какво на небото не можел да добие. Но Христос, иако премален и истоштен, ниту за момент не попуштил пред искушението на сатаната, туку - покажувајќи ја Својата надмоќност и авторитет - му наредил на непријателот: „Бегај од Мене сатано". Сатаната бил збунет и поразен. Потоа

почнал да планира како својата цел - честа што Христос не му ја укажал ниту на небото ниту на земјата - би можел да ја оствари преку човечкиот род. Кога сатаната во својот обид да Го искуша Христос би успеал, планот на спасението би бил скршен и човечкиот род би останал во потполна безнадежност. Меѓутоа, она што при искушувањето на Христос не успеал да го оствари, успеал искушувајќи го човекот. {1С 293.3}

Кога сатаната ќе успее умот на смртниците да го наведе на претпоставката дека во нив самите постои природна сила и способност за големи и добри дела, тие престануваат да се чувствуваат зависни од Бог за она што мислат дека и самите можат да го направат со своја сопствена сила. Таквите не признаваат никаква сила која е над нив. Тие ниту на Бог не му ја оддаваат славата што Му припаѓа и што ја должат на Неговата големина и возвишеност. Целта на сатаната на тој начин се остварува, и тој ликува кога вообразените луѓе се воздигаат самите себе како што и тој самиот се воздигнувал и поради тоа бил исфрлен од небото. Тој знае дека пропаста на човекот што се воздигнува самиот себе е неизбежна исто така како што знае дека и самиот ја проиграл својата среќа токму поради тоа. {1С 294.1}

Искушувајќи го Христос во пустината, сатаната не успеал. Планот на спасението е спроведен. Платена е големата цена за откуп на човекот. И сега сатаната настојува да ги поткопа темелите на христијанската надеж наведувајќи ги мислите на луѓето на заклучок дека за своето спасение не им е потребна таа голема жртва. Со сета своја „измама на неправдата," тој на паднатиот човек му подметнува верување дека може да му биде добро и без делото на помирување, дека на треба да зависи од распнатиот и воскреснат Спасител, и дека со своите сопствени заслуги може да ја заслужи Божјата благонаклоност. А потоа ја уништува довербата на човекот во Библијата знаејќи дека, доколку успее во тоа, сигурно ќе го уништи единственото средство што го разоткрива него самиот. Тој го утврдува умот на луѓето во измамата дека воопшто не постои ѓавол, и оние што ќе поверуваат во тоа не вложуваат никакви напори да се спротивстават на оној кој, според нивното верување, не постои. Така јадните и заслепени смртници на крајот ја прифаќаат поговорката: „Сето она што постои, какво и да е, е исправно". Тие не признаваат никакво правило според кое би го одмерувале своето однесување. {1С 294.2}

Сатаната мнозина наведува на заклучок дека молитвата упатена на Бога е бескорисна и дека претставува само формалност. Тој добро знае колку на Христовите следбеници им е потребно побожното размислување и молитвата за да ги препознаат неговите лукавства и да се спротивстават на тоа. Со своите измами тој го одвраќа умот од овие важни активности, за душата да не се потпре на помошта од Семоќниот и од Него да прими сила за да се спротивстави на нападите на искушувачот. Укажано ми е на сесрдните и делотворни молитви на Божјиот народ во дамнешното минато. „Илија беше смртен човек како и ние, и сесрдно се помоли на Бога". Даниел се молел на Бога три пати на ден. Сатаната беснее кога ќе го слушне гласот на сесрдната молитва, бидејќи знае дека ќе доживее неуспех. Даниел бил поставен над сите старешини и управници „зашто во него имаше одличен дух". Паднатите ангели се плашеле дека неговото влијание ќе ја ослабне нивната контрола над управителите на царството, бидејќи Даниел уживал голем углед. Затоа поттикнувале завист и љубомора во срцата на старешините и управителите кои будно го следеле Даниел за да најдат во него нешто со што би го обвиниле пред царот, но сè било напразно. Тогаш овие агенти на сатаната смислиле како повод за негово уништување да ја искористат неговата вера во Бога. Злите ангели создале план, а овие тоа подготвено го спровеле во дело. {1С 295.1}

Царот не знаел за таа подла завера против Даниел. Даниел не престанал да се моли на Бога, и тоа пред отворени прозорци, дури и тогаш кога дознал за царскиот декрет. Тој упатувањето на молитви кон Бога го сметал за толку важно, што со поголемо задоволство би го жртвувал својот живот отколку да се одрече од тоа. И само затоа што се молел на Бога бил фрлен во лавовска јама. Дали на лавовите им било дозволено да го растргнат? Дали Бог го заборавил? О, не! Христос - моќниот заповедник на небесните војски - испратил ангел да ги затвори устите на тие гладни лавови и тие ниту најмалку не го повредиле овој Божји човек кој се молел, и за сето време на неговиот престој мир имало во страшната јама на лавовите. Осведочувајќи се дека Даниел е жив, царот наредил да го извадат од јамата и му укажал најголеми почести. Сатаната и неговите ангели биле многу разјарени поради овој нивен пораз, додека неговите агенти биле осудени на истата страшна смрт што во својата завера ја подготвувале за Даниел. {1C 295.2}

Молитвата со вера претставува голема сила со која христијанинот секогаш, со сигурност, може да му се спротивстави на сатаната. Токму затоа тој секогаш ни дошепнува дека молитвата не ни е потребна. Името на нашиот Застапник Исус Христос, сатаната најмногу го мрази, и кога ние во сесрдна молитва во тоа име бараме помош, војските на сатаната се вознемируваат. Кога ја занемаруваме молитвата го правиме токму она што тој го сака, бидејќи тогаш многу полесно ги прифаќаме неговите лажни чуда. Она што не успеал да го постигне искушувајќи го Христос, сатаната се обидува да го оствари со своето лукаво измамување на луѓето. Тој понекогаш се појавува во облик на мошне привлечно младо суштество или како некое прекрасно привидение. Тој прави чудесни дела на исцелување, и затоа измамените смртници го слават како добротвор на човечкиот род. Френологијата и месмеризмот премногу се воздигаат. Тие научни дисциплини се добри во своите граници, но често сатаната ги користи како свои најмоќни орудија во своето настојување да ги измами и уништи душите. Неговите вештини и лукавства се примаат како да доаѓаат од небото, а верата во Библијата, која го разоткрива сето тоа, се уништува во умот на Илјадници луѓе. На тој начин на сатаната му се укажува божествено почитување што му годи на неговото сатанско величество. Илјадници се обраќаат за совет на тој демонски бог, и постапуваат во согласност со неговите учења. Светот никогаш не бил толку изопачен како сега кога се претпоставува дека месмеризмот и животинскиот магнетизам можат да донесат голема среќа. Токму со посредство на тоа, сатаната ги уништува доблестите и ги положува темелите на спиритизмот. {1C 296.1}

Укажано ми е на библискиот цитат кој особено се однесува на современиот спиритизам: „Браќа, пазете некој да не ве заведе со филозофија и со празна измама што се потпира на човечкото предание, на стихиите на светот, а не по Христос” (Колосјаните 2:8). Покажано ми е дека со филозофирање за френологијата и животинскиот магнетизам Илјадници луѓе се упропастени и доведени до неверство. Ако умот се насочи во тој правец скоро сигурно е дека ќе ја загуби рамнотежата и ќе падне под контрола на демоните. „Празни измами” ги окупираат умовите на јадните смртници. Тие се занесуваат со претпоставката дека во самите нив постои сила со која можат да направат големи дела и не гледаат дека им е неопходна една повозвишена сила. Принципите по кои тие се раководат се засновани на „човечкото предание, на стихиите на светот, а не по Христос”. Таквата филозофија Христос на никој не му ја препорачува. Во Неговото учење не може да се најде ништо слично на тоа. Мислите на сиромашните смртници Тој никогаш не ги насочувал во правец на мислењето дека човекот има сила

што постои во него, туку ги насочувал извор на мудрост и сила да бараат кај Бога, Творецот на вселената. Посебно предупредување е дадено во стихот 18 од истата глава: „Никој своеволно да не ве мами со смиреномудрост и служење на ангелите, впуштајќи се во она што не го видел, гордеејќи се залудно со својот телесен ум". {1C 297.1}

Учителите на спиритизмот се приближуваат до луѓето на симпатичен и заводлив начин за да ве измамат, и ако ги слушате нивните измислици ќе бидете маѓепсани од непријателот на правдата и сигурно ќе го загубите спасението. Кога еднаш ќе паднете под восхитувачкото влијание на архиизмамникот ќе бидете затруени со тоа, и неговото смртоносно учење ќе ја уништи во вас верата во Христос како Божји Син и вие ќе престанете да се потпирате на заслугите на Неговата крв. Оние што се заведени со ваква филозофија, восхитени се од наградата која е всушност само сатанска измама. Тие се потпираат на сопствените заслуги и доброволно поднесуваат понижување. Дури се подготвени и да се жртвуваат, а го жртвуваат својот здрав разум верувајќи во потполна бесмислица, прифаќајќи најапсурдни идеи преку некои за кои веруваат дека се нивни умрени роднини и пријатели. Сатаната толку ги заслепува нивните очи и го изопачува нивното расудување така што не го забележуваат злото, и прифаќаат упатства кои, наводно, доаѓаат од нивните мртви роднини и пријатели кои се сега ангели во некоја повисока сфера. {1C 297.2}

Најпривлечната измама со која се служи сатаната е замислена така, да ја придобие наклоноста на оние кои своите мили и драги ги положиле во гроб. Лошите ангели се појавуваат во облик на тие драги покојници и прераскажуваат настани од нивниот живот па дури и прават некои работи што покојниците ги правеле додека биле живи. На тој начин тие ги измамуваат роднините на мртвите, така што овие навистина почнуваат да веруваат дека нивните покојници сега се ангели што ги заштитуваат со своите крилја и разговараат со нив. Тие свои наводни роднини тие почнуваат да ги обожаваат и на она што тие го кажуваат му придаваат поголемо значење отколку на пишаната Божја реч. Тие зли ангели, претворајќи се во обликот на драгите покојници, Божјото слово или потполно го отфрлаат како измислена приказна или, доколку тоа повеќе одговара на нивните цели, издвојуваат битни цитати што сведочат за Христос и укажуваат на патот за небото, а потоа ја изменуваат смислата на Божјата реч прилагодувајќи ја на своите изопачени сфаќања, и така ги упропастуваат душите. Сите што тоа го сакаат, ако внимателно ја проучуваат Библијата, можат да се осведочат дека тоа е заблуда измислена за да ги уништи душите. Божјата реч јасно сведочи дека „мртвите на знаат ништо". „Зашто живите знаат дека ќе умрат, а мртвите ништо не знаат, и веќе за нив нема награда, зашто и споменот за нив е предаден на заборавот, и љубовта нивна, и омразата нивна и љубомората нивна веќе исчезнале, и ќе немаат дел довека во ништо, што се случува на земјата" (Проповедник 9:5,6). {1C 298.1}

Измамените смртници ги обожаваат злите ангели, верувајќи дека тоа се духовите на нивните мртви роднини и пријатели. Во Божјата реч изрично е нагласено дека мртвите немаат учество во ништо што се случува под сонцето. Спиритистите тврдат дека мртвите знаат сè што се случува под сонцето, дека тоа им го соопштуваат на своите пријатели на Земјата, давајќи им драгоцени информации и правејќи чуда. Псалмистот, спротивно на тоа, кажува: „Не ќе Те слават мртвите, Господи, ниту оние што слегуваат во местото на молкот" (Псалм 115:17). Претворајќи се во ангел на светлината, сатаната ги користи сите можни „измами на неправдата". Тој, кој бил во состојба Божјиот Син - кога Тој ја примил човечката природа и станал малку понизок од ангел - да го одведе на врвот од храмот а потоа на висока планина, за да Му ги покаже царствата на овој свет,

таа своја сила многу полесно може да ја примени во искушувањето на луѓето, кои во силата и мудроста се далеку пониско од Божјиот Син, дури и тогаш кога Тој на Себе ја зел човечката природа. {1C 298.2}

Во ова изопачено време сатаната стекнува власт над сите што ќе застранат од вистинскиот пат осмелувајќи се да стапнат на негов терен. Својата моќ над таквите тој ја покажува на мошне загрижувачки начин. Насочено ми е вниманието на зборовите „впуштајќи се во она што не го виделе, гордеејќи се залудно со својот телесен ум". Покажано ми е дека некои, сакајќи да ја задоволат својата љубопитност, се сплеткуваат со ѓаволот. Тие всушност не веруваат во спиритизам, и со ужас би побегнале при самата мисла дека треба да бидат медиум. Но сепак се изложуваат на опасност, ставајќи се сами во положба во која сатаната може да ја примени на нив својата сила. Тие немаат намера да навлегуваат во тоа, но не се свесни што всушност прават. Тие ризикуваат да дојдат на теренот на сатаната и просто го повикуваат да ги стави под своја контрола. Тогаш овој моќен сотрувач ги смета за свој законски плен и ја применува на нив својата сила против нивна волја. А кога ќе посакаат повторно да владеат со себе, тоа веќе не можат да го сторат. Тие го потчиниле својот ум на сатаната, и тој веќе нема да ги пушти од својот затвор. Така уловената душа, никаква сила не може да ја ослободи, освен Божјата сила како одговор на најсесрдна молитва на Неговите верни следбеници. {1C 299.1}

Единствената наша сигурност се наоѓа во тоа вистината откриена во Божјата реч да ја бараме како сокриено богатство. Значењето на саботата, природата на човекот и сведоштвото на Исус претставуваат големи и значајни вистини што треба да ги разбереме. Ќе се покаже дека тие вистини претставуваат сидро за кое Божјиот народ треба да се држи во овие последни времиња. Но поголемиот дел од човечкиот род со презир ги отфрла вистините откриени во Библијата, и со поголемо задоволство ги прифаќаат човечките измислици. „Затоа што не ја примиле љубовта на вистината, та да би се спасиле. И затоа Бог ќе им испрати сила на заблуда за да поверуваат на лагата" (2. Солунјаните 2:10,11). {1C 300.1}

Најдрски и најизопачени се оние на кои најмногу им ласкаат тие сатански духови, за кои тие веруваат дека се всушност духовите на нивните мртви роднини и пријатели. Таквите најмногу „залудно се гордеат со својот телесен ум и не се придружуваат кон Главата, од Која целото тело, поддржано преку зглобови и врски, расте со растење според Бога" (Колосјаните 2:18,19). Тие се одрекуваат од Оној што му дава сила на телото за секој негов дел да се развие со развојот одреден од Бог. {1C 300.2}

Празна филозофија. Членовите на едно тело треба да бидат под контрола на главата. Спиритистите го отфрлаат Оној што ја претставува главата и веруваат дека сите членови треба да делуваат самостојно и утврдени закони да ги водат кон напредок и усовршување, без посредување на главата. Меѓутоа, Христос, го кажува спротивното: „Јас сум вистинската Лоза, а мојот Татко е лозарот. Секоја прачка на Мене што не раѓа род ја сече, а секоја што раѓа род ја очистува за да донесе повеќе род... Останете во Мене и Јас ќе останам во вас. Како што прачката не може да донесе род сама од себе ако не е на лозата, така ни вие ако не останете во Мене. Јас сум Лозата, а вие сте прачките. Кој останува во Мене и Јас во него, тој ќе донесе многу род, зашто без Мене не можете да сторите ништо. Кој не останува во Мене, ќе биде исфрлен надвор како прачката што е отсечена и ќе се исуши, ќе ја фрлат во оган и ќе ја изгорат" (Јован 15:1,2,4-6). {1C 300.3}

Христос е извор на нашата сила. Тој е Лозата, а ние сме прачките. Ние мораме да примаме храна од живата Лоза. Лишени од силата и храливоста на таа Лоза ние сме слични на членовите на телото што нема глава и се наоѓаме во состојба во која сатаната сака да бидеме, за тој да може да нѐ контролира според својата волја. Тој работи со „секоја измама на неправдата меѓу оние што гинат, зашто не ја примија љубовта на вистината за да се спасат. Затоа Бог ќе им ја испрати силата на заблудата, за да веруваат на лагата". Спиритизмот е лага. Тој е и заснован на првата голема лага: „Нема вие да умрете". Илјадници го отфрлаат Христос Кој е глава, а како резултат на тоа, со телото, чии членови работат без Христос како своја глава, мора да управува некој друг, а тоа е сатаната. {1С 301.1}

Покажано ми е дека сатаната не може да владее со умот на човечките суштества, ако тие не се потчинат под негова контрола. Оние што застрануваат од вистинскиот пат сега се наоѓаат во сериозна опасност. Тие со тоа се одвојуваат од Бог и будното бдеење на Неговите ангели, и сатаната, кој одвај чека да ја уништи душата, веднаш е тука да ги изнесе своите измами. Таквите се наоѓаат во најголема опасност, и ако го согледаат тоа и се обидат да се спротивстават на силите на темнината за да се ослободат од стапиците на сатаната, нема тоа да им биде ниту малку лесно. Тие се осмелиле да зачекорат на негова почва, и тој сега полага право на нив. Тој не се притеснува да ги вложи сите свои енергии, повикувајќи ги на помош сите војски на злото, за едно единствено човечко суштество да го оттргнат од рацете на Христос. Оние што просто го повикувале ѓаволот да ги искушува, ќе мора да вложуваат очајнички напори за да се ослободат од неговата сила. Но штом ќе почнат да се залагаат за своето ослободување, Божјите ангели што тие ги жалостеле со своето застранување, веднаш ќе им помогнат. Сатаната и неговите ангели никогаш не се помируваат со тоа дека можат да го загубат својот плен. Тие се препираат и се борат со светите ангели, и таа борба е многу остра. Но кога оние што застраниле од вистинскиот пат ќе продолжат да се молат и во длабока понизност да ги признаваат своите гревови, Божјите ангели кои се надмоќни победуваат и ги ослободуваат од силата на злите ангели. {1С 301.2}

Кога се подигна завесата и кога ми беше покажана изопаченоста на луѓето во овој век, срцето ме заболе и скоро го снема духот во мене. Видов дека жителите на Земјата ја преполнуваат чашата на своите беззаконија. Божјиот гнев сè повеќе се разгорува и нема да се смири сè додека грешниците не бидат збришани од Земјата. Сатаната е Христов личен непријател. Тој е зачетник и водач на сите бунтови и на небото и на Земјата. Жестокоста на неговиот гнев е сè поголема и ние не сме свесни за неговата сила. Кога нашите очи би биле отворени да видат што прават паднатите ангели со оние што се лекомислени и безгрижни, не би се чувствувале толку сигурни. Злите ангели ни се зад пети секој момент. Ние обично очекуваме само лошите луѓе да постапуваат според сугестиите на сатаната, но додека ние своите мисли не ги чуваме грижливо од неговите невидливи агенти тие на нов и неочекуван начин прават големи чуда пред нашите очи. Дали сме подготвени да им се спротивставиме со Библијата, единственото оружје што со успех можеме да го употребиме? {1С 302.1}

Некои ќе паднат во искушение тие чуда да ги прифатат како да доаѓаат од Бога. Ќе се прават големи чуда, и болни ќе бидат исцелувани пред нашите очи. Дали сме подготвени за искушенијата што нѐ очекуваат кога сатаната ќе ги покажува своите лажни чуда со уште поголема сила? Нема ли мнозина да бидат изненадени и фатени во таа стапица? Отстапувајќи од јасните прописи, од Божјите заповеди и прифаќајќи човечки измислици, мнозина несвесно се подготвуваат да ги прифатат тие лажни чуда. Сега е

време да се вооружуваме за борбата што наскоро ни претстои. Верата во Божјата реч, трудољубивото проучување на Библијата со молитва и нејзината практична примена ќе биде наша заштита од силата на сатаната и ќе нè направи победници преку Христовата крв. {1С 302.2}

Број осум

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

62. ВЕРА ВО СЕМЕЈСТВОТО

Покажано ми е колку возвишена и одговорна положба треба да заземат припадниците на Божјиот народ. Тие се сол на земјата и светлина на светот, и мораат да живеат онака како што живеел Христос. Ќе мора да поминуваат низ големи тешкотии и неволји. Ова е време на војување и тешкотии. Нашиот Спасител кажува: „На оној што победува ќе му дозволам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Таткото свој на Неговиот престол" (Откровение 3:21). Оваа награда не им се дава на сите што тврдат дека се Христови следбеници, туку на оние што ќе победат како што победил и Тој. Мораме да го проучуваме Христовиот живот и да научиме што значи тоа да го признаеме Него пред светот. {1С 303.1}

За да бидеме христијани мораме да го имаме Христос во срцето. Никој не може вистински да го признае Христос и да исповеда вера во Него ако не го поседува Христовиот ум и Дух. Кога само обличјето на побожноста или познавањето на вистината би значело христијанство, тогаш би можеле да кажеме: „Широк е патот што води во живот и мнозина се тие што го наоѓаат". Мораме да сфатиме што значи тоа да го признаеме Христос, и во што или со што се одрекуваме од Него. Можно е со устата да го признаваме Христос, но да се одрекуваме од Него со своите дела. Духовните родови покажани во секојдневниот практичен живот претставуваат вистинско признавање на Христос. Ако сме се откажале од сè поради Христос, нашиот живот ќе биде скромен, нашите разговори ќе се однесуваат само на тоа што е небесно, а нашето однесување ќе биде беспрекорно. Моќното и облагородувачко влијание на вистината во душата, Христовиот карактер откриен во животот - тоа претставува признавање на Христос. Ако зборовите на вечниот живот се посеани во нашето срце, плодовите на тоа ќе бидат праведност и мир. Од Христос во животот можеме да се одречеме ако копнееме само по удобност и благосостојба, ако сме склони кон самољубие, шеги, потсмевање, како и стремеж за чест во овој свет. Можеме да се одречеме од Него со својот надворешен изглед, со прилагодување на светот, преку гордоста и со скапоцено украсување на облеката. Само со непрекината будност, со истрајна и речиси непрекината молитва ќе бидеме во состојба со својот живот да го прикажеме Христос и посветувачкото влијание на вистината. Мнозина со своето нетрпение и избувливост го изгонуваат Христос од своето семејство. На таквите им е потребно многу повеќе самосовладување. {1С 303.2}

Покажано ми е колку човечкиот род до денес е ослабен во секој поглед. Секое поколение е сè послабо, и човештвото денес страда од секакви болести. Илјадници несреќни смртници, осакатени од болести, со слаби нерви и стушен дух одвај опстануваат во животот. Власта на сатаната над човечкиот род е сè поголема и сè

посилна. И кога Христос не би дошол наскоро да ја уништи таа негова власт, Земјата наскоро би станала потполно пуста. {1C 304.1}

Покажано ми е дека сатаната својата сила посебно ја насочува кон Божјиот народ. Мнозина ми се прикажани во состојба на тешка неизвесност, сомневање и очај. Слабостите и немоќноста на телото неминовно ја погодуваат и душата. Лукавиот и моќен непријател нè следи во чекор користејќи ја својата сила и вештина за да нè заведе од вистинскиот пат. Премногу често се случува Божјиот народ, поради недостаток на будност, да не ги забележи неговите лукавства. Тој користи средства со кои најдобро може да се маскира, и благодарение на тоа често ја постигнува својата цел. {1C 304.2}

Браќата често ги вложуваат своите пари во патентни права или други потфати, разбудувајќи интерес за тоа и кај други кои не се дораснати на сложеноста во управувањето со такви потфати. Преоптоварувањето на умот со такви грижи го погодува нивното и така немоќно тело и тие стануваат потиштени и на крајот запаѓаат во потполн очај. Ја губат сета доверба во самите себе, мислејќи дека Бог ги оставил, и не се осмелуваат да веруваат дека Тој некогаш ќе сака да им ја укаже Својата милост. Тие сиромашни души нема да бидат препуштени на власта на сатаната. Тие ќе го пронајдат патот низ густата темнина и со треперлива рака повторно ќе се фатат за Божјите ветувања. Тој со задоволство ќе ги ослободи, претворајќи ја нивната тага и болка во мир и радост. Но таквите, од тие свои страдања и маки треба да извлечат поука и веќе да не се впуштаат во патентни права и слични потфати. Тие не треба дури ни да им дозволат на своите браќа да им ласкаат вовлекувајќи ги во такви потфати, бидејќи нивните очекувања нема да се остварат, а невооружени за борба. Средствата што би требало да се вложат во Божјата ризница за ширење на Неговото дело, не треба да се вложуваат во тие современи потфати, бидејќи тоа е полошо отколку да сте ги загубиле. Ако некој од оние што ја исповедаат вистината се чувствува слободен своите пари да ги вложи во патенти и нови пронајдоци нека го прави тоа со неверниците, а не во тоа да ги вовлекува своите браќа. Немојте со својата припадност во адвентистичката вера да ги мамите на тоа своите браќа кои сакаат своите средства да Му ги посветат на Бога; туку одете кај оние што се во светот и кои не ги интересира напредувањето на Божјото дело; тие нека го вложуваат својот капитал во такви потфати. {1C 304.3}

Укажано ми е на потребата вратите на своите куќи и на своите срца да Му ги отвориме на Господ. Кога ќе почнеме посердно да се заложуваме за своето спасение и за спасението на своите семејства, Бог ќе ни ја даде Својата помош. Покажано ми е дека празнувањето на саботата и молитвите наутро и навечер не претставуваат доволни докази дека сме христијани. Можеме строго да се придржуваме на тие надворешни формалности, а сепак да ни недостасува вистинска побожност. Вдахнатиот апостол кажува дека Христос „се даде самиот Себе за нас, за да не избави од секакво беззаконие и да не очисти, та да Му бидеме народ избран, ревносен кон добри дела” (Тит 2:14). Сите кои тврдат за себе дека се Христови следбеници мораат да владеат со својот дух, не дозволувајќи си да зборуваат налутено и со нетрпение. Сопругот и таткото треба да се воздржи од секој збор што би можел во нетрпеливост да го каже. Тој треба да го одмерува влијанието на своите зборови за да не остава зад себе тага и болка. {1C 305.1}

Болестите и немоќноста најчесто ги погодуваат жените. Среќата на семејството во голема мерка зависи од сопругата и мајката. Ако таа поради преоптовареност од грижи и работа е слаба и нервозна, духот паѓа во депресија бидејќи сочувствува со преморено тело; и во такви случаи таа пречесто се среќава со студената, нељубезна воздржаност на својот сопруг. Бидејќи во животот не оди сè како што тој би сакал, тој за

сето тоа најчесто ја обвинува сопругата и мајката на своите деца. На него му се скоро потполно непознати нејзините грижи и товари, и често ни самиот не знае како да сочувствува со неа. Постапувајќи така, сопругот не сфаќа дека со тоа го потпомага големиот непријател во неговото разурнувачко дело. Би требало со вера во Бога да го подигне знамето наспроти сатаната, но тој постапува како да е потполно слеп и за своите и за нејзините интереси. Не знаејќи што всушност работи, тој се однесува потполно рамнодушно кон неа. На тој начин тој работи потполно спротивно на сопствената среќа, а ја уништува и среќата на своето семејство. Сопругата станува очајна и потполно обесхрабрена. Во нејзиното срце ја снемува надежта и ведрината. Своите секојдневни должности и работи таа ги извршува механички, зашто знае дека тоа мора да го прави. Недостатокот на ведрина на нејзиното лице и храброст во нејзиното срце се чувствува во целото семејство. Во редовите на оние што ја празнуваат саботата има многу такви несреќни семејства. Ангелите чувари носат тажни вести на небото, а ангелите записничари сето тоа верно го запишуваат. {1C 306.1}

Сопругот е должен да посвети големо внимание на своето семејство. Тој посебно треба да биде многу нежен кон чувствата на својата сопруга, како кон послабо женско суштество. На тој начин може да ја затвори вратата за многу болести. Љубезни, ведри и охрабрувачки зборови ќе се покажат поделотворни и од најефикасните лекови. Така ќе се врати храброста во срцето на очајната и обесхрабрена сопруга, а среќата и ведрината внесени во семејството со љубезното однесување и охрабрувачките зборови десеткратно ќе ги наградат вложените напори. Сопругот не смее да заборави дека поголемиот дел од товарот за воспитувањето на децата е на мајката, зашто таа мора да направи најмногу во обликувањето на нивната идна личност. Тоа би требало во него да пробуди најнежни чувства, наведувајќи го грижливо да ги олесни нејзините товари. Охрабрувајќи ја со доверба да се потпре на неговата длабока наклоност кон неа, тој треба нејзините мисли да ги насочи кон небото од каде очекуваме сила, мир и спокојство за сите што се уморни и натоварени. Сопругот никогаш не треба да влегува во куќата со намрштено лице, туку со своето присуство секогаш во семејството да внесува ведрина, охрабрувајќи ја и сопругата својот поглед да го насочи горе и да верува во Бога. Соединети, тие можат да се повикуваат на Божјите ветувања и да измолат обилни благослови за своето семејство. Нељубезноста, префрлувањето и лутината ја затвораат вратата за Христос. Видов дека Божјите ангели бегаат од куќата во која се слушаат непријатни зборови на расправање и кавга. {1C 306.2}

Покажано ми е, исто така, дека и сопругата прави големи грешки. Таа не вложува доволно силни напори за да владее со своите склоности и да го направи домот среќен. Нерасположеноста и постојаното жалење често доаѓаат токму од неа. Доаѓајќи од работа уморен и збунет, сопругот често и во својата куќа наидува на намрштено лице наместо на добри и охрабрувачки зборови. Бидејќи и тој е само човек, неговите чувства се отуѓуваат од таквата сопруга, љубовта кон домот исчезнува, неговиот животен пат е затемнет и неговата храброст уништена. Тој ја губи самодовербата и она достоинство што според Божјата намера би требало да го сочува. Сопругот е глава на семејството, како што Христос е глава на црквата, и на Бог не му е мило кога жената на било кој начин го намалува влијанието на својот сопруг и го наведува да се спушта од тоа достоинство и одговорна положба. Сопругата е должна со своите желби и волја да се потчинува на својот сопруг. И двајцата треба да бидат подготвени на попуштање, но Библијата дава првенство на расудувањето на сопругот. Сопругата нема да загуби ништо од своето женско достоинство ако му попушти на оној што го избрала за свој животен советник,

застапник и заштитник во животот. За својата положба во семејството да ја одржи на вистинската висина, сопругот секогаш треба да покажува благост, но и одлучност. Некои поставуваат прашање: морам ли секогаш да бидам свој стражар и постојано подготвен на самосовладување? Покажано ми е дека пред нас е навистина голема задача постојано да го преиспитуваме своето срце и будно да стражариме над себе. Треба да утврдиме во што сме правеле пропусти и да се чуваме од тоа. Мораме во потполност да владееме со себе. „Но оној што во зборови не греши, тој е совршен човек, кој може да го заузда и целото свое тело". Светлината што го осветлува нашиот животен пат, вистината што ја прифаќаме со својата совест, ќе ја посвети и преобрази нашата душа, или ќе ја осуди за уништување. Живееме премногу блиску до крајот за да можеме да се задоволиме со површна работа. Истата благодат која до сега ни се чинеше доволна, нема да може сега да нè одржува. Нашата вера мора постојано да се засилува и мораме да стануваме сè послични на Христос во однесувањето и склоностите, за да можеме успешно да се спротивставиме на искушенијата на сатаната. Божјата благодат е доволна за секој Христов следбеник. {1C 307.1}

Во своите напори да се спротивставиме на нападите на сатаната мораме да бидеме одлучни и постојани. Тој ги користи сите сили и итрини за да не одврати од вистинскиот пат. Тој нè демне на секој наш чекор барајќи прилика да не собори и уништи. Тој најуспешно делува во мракот, задавајќи им удари на оние што не се во состојба да проникнат во неговите лукавства. Кога методите на неговите напади би ни биле познати, сатаната не би можел така лесно да стекне предимство. Орудијата што тој ги употребува за остварување на своите цели и преку кои ги пренесува своите разгорени стрели често се членовите на нашето семејство. {1C 308.1}

Оние што ги сакаме можат да кажат и да направат нешто непромислено и тоа може силно да нè засегне. Тие можеби не го кажале или направиле тоа намерно, но сатаната тие нивни зборови и постапки ги преувеличува во нашите очи, и така од својот арсенал пушта стрела што нè прободува. Ние се подготвуваме да му се спротивставиме на оној за кој мислиме дека нè навредил, и правејќи така ние всушност го повикуваме сатаната да нè искушува. Наместо да се молиме на Бога за сила да се спротивставиме на сатаната, ние самите си ја поткопуваме среќата настојувајќи по секоја цена да го направиме тоа што го нарекуваме „наши права". Со тоа на сатаната всушност му овозможуваме двојна предност. Се раководиме според нашите повредени чувства, и сатаната нè користи како свои агенти да ги рануваме и жалостиме оние што немале намера да нè навредат. Барањата на сопругот можат понекогаш да ѝ изгледаат неразумни на сопругата. Меѓутоа, кога таа спокојно и непристрасно би зазела друго гледиште, гледајќи го спорното прашање во светлина поповолна за него, би увидела дека ако го прифати неговото расудување - дури и ако е тоа во противречност со нејзините чувства - ќе се поштеди себе си и него од непријатности и ќе задобие голема победа над искушенијата што сатаната им ги подметнал. {1C 308.2}

Покажано ми е како непријателот се бори да ја уништи не само корисноста туку дури и животот на побожните луѓе, и тој нема да престане да го нарушува нивниот мир сè додека живеат на овој свет. Но неговата сила е ограничена. Тој може многу да ја зажари печката, но Исус и ангелите будно бдеат над верните христијани, внимавајќи да не изгори ништо друго освен троскотот. Огинот што сатаната го разгорува нема сила да го уништи благородниот метал. Битно е да ги затвориме сите приоди преку кои сатаната би можел да ѝ дојде на душата. Предност на членовите на секое семејство е така да живеат за сатаната да не може да се користи со ништо што тие го зборуваат или прават.

Секој член на семејството треба да има на ум дека треба да прави сè што е во негова моќ да му се спротивстави на злиот непријател, и со најсердни молитви и непоколеблива вера да се потпре на заслугите на Христовата крв, повикувајќи се на Неговата спасоносна сила. {1С 309.1}

Силите на темнината упорно ја опкружуваат душата настојувајќи да го засолнат Христа од нашиот поглед, и единствено што понекогаш можеме да направиме е во тага и вчудовиденост да чекаме да бидат растерани облаците. Таквите доживувања се понекогаш навистина ужасни. Ни се чини дека нема никаква надеж и нè обзема очај. Во тие страшни часови мораме да научиме да се повикуваме само на Христовото страдање, фаќајќи се во сета своја немоќ само за заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител. Никогаш нема да пропаднеме додека правиме така - никогаш! Кога светлината ќе го осветли нашиот пат не е некое големо доживување да се биде силен во силата на Божјата благодат. Но да се чека трпеливо со надеж тогаш кога сме опкружени со облаци и кога сè околу нас е во темнина - за тоа е неопходна вера и потполно потчинување на својата волја на Божјата волја. Ние премногу често паѓаме во обесхрабрување, и најсердно молиме за ослободување од неволјите тогаш кога би требало да упатуваме молитви за трпение да издржиме и благодат да победиме. {1С 309.2}

Без вера не е можно да Му се угоди на Бога. За Божјото спасение да можеме да го доживуваме во семејството, во тоа мораме да веруваме, да живееме за тоа и со постојана доверба во Бога да останuваме во Него. Мораме да ја зауздуваме својата избувливост, да ги контролираме своите зборови и на тој начин да задобиваме големи победи. Ако не ги контролираме своите зборови и својата природа ќе станеме робови на сатаната, и тој ќе полага право како такви законски да нè држи како свои затвореници. Секој неубав, нетрпелив и нељубезен збор претставува понуда за неговото сатанско величество. А тоа се прескапи жртви, многу поскапи од оние што му ги принесуваме на Бога, бидејќи тие го уништуваат мирот и среќата на цели семејства, поткопувајќи го здравјето, а можат да доведат и до загуба на вечниот живот. Ограничувањата што ни се дадени во Божјата реч се во наш интерес. Тие ја зголемуваат среќата на нашето семејство и на сите што се околу нас. Го облагородуваат нашиот вкус, го посветуваат нашето расудување, ни носат душевен мир и на крајот вечен живот. Благодарение на тоа свето воздржување, ние растеме во благодатта и понизноста и ќе ни биде многу полесно да не грешиме во своите зборови и да ја зауздаме својата избувлива природа. Спасителот, живеејќи постојано во нас, ќе ни дава сила во секој момент. Ангелите чувари, престојувајќи со задоволство во нашиот дом, ќе носат на небото радосни вести за нашето напредување во животот угоден на Бога, а ангелите записничари тоа радосно ќе го внесуваат во небесниот записник. {1С 310.1}

---

63. ЉУБОМОРА И ИЗНАОЃАЊЕ НА ТУЃИ ГРЕШКИ

Брате Г, во _____ ти ми постави некои прашања за кои многу размислував. Од разговорот со тебе се осведочив дека ти не си свесен за улогата што ја одигра и какви рани му нанесе на Божјото дело. Она што ми беше порано покажано во однос на тебе, постојано ми излегува пред очи и, споредувајќи го тоа со она што неодамна ми беше откриено и објавено во сведоштвото број шест, не можам да најдам никакво оправдување за твоите постапки. Ти беше некоректен во Божјите очи и пред да го

насочиш своето влијание и да станеш соучесник во фанатизмот што неодамна се појави во државата Висконсин. {1C 311.1}

Брате Г, да ја следеше искрено добиената светлина, никогаш не би тргнал по патот по кој сега одиш. Ти тврдоглаво и упорно продолжи по својот пат и, потпирајќи се само на своето расудување, не дозволи никој друг да те води. Господ ти испраќаше помош, но ти одби да ја прифатиш. Што повеќе можеше небото да направи за тебе од она што го направи? Мислејќи дека на другите им се укажува поголема почит отколку на тебе почна да покажуваш незадоволство и раздразливост и стана непристапен како разгалено дете. Сакаше да бидеш високо ценет и почитуван, но тргна во насока која многу те понижи во очите на оние од кои очекуваше да добиеш одобрување и пофалби. {1C 311.2}

Уште пред да се поведеш по фанатизмот ти покажуваше љубомора кон оние што се во Батл Крик и со своите навестувања поттикнуваше сомневање. Беше љубоморен и во однос на мојот сопруг и на мене и секогаш насетуваше некое зло. Во себе ги обедини зависта и сомневањето што го сееше. Под маска на совесност ги наведуваше другите да се сомневаат во постапките на оние што го носеа товарот на Божјото дело во Батл Крик и ставаше примедби во поглед на прашањата за кои воопшто не беше упатен и за кои не си способен да носиш исправен суд. Товарот на тамошното дело не беше ставен на тебе. Покажано ми е дека Бог никогаш не би го ставил товарот на одговорноста на човек каков што си ти според своето умно устројство, ниту би те повикал на некоја поистакната положба, бидејќи во својата вообразеност би се воздигнал до таа мерка што би се упропастил и самиот себе, а и Божјиот народ. Да не се ценеше толку многу, не ќе беше толку љубоморен и полн со сомнежи. {1C 311.3}

Брате Г, да се соединеше потполно со црквата, соработувајќи во љубов и слога со оние што Бог сметаше дека се соодветни да стојат на чело на делото, да ги прифатеше даровите што Бог ги даде во црквата и да покажеше доверба во нив, да се утврдеше во сите точки на сегашната вистина, поврзувајќи се поцврсто со оние што имаат искуство во Божјото дело, и ти и твоите ќе бевте потполно ослободени од оваа заблуда. Би имале сигурна котва - за што да се држите. Но ти, за да не им угодиш на оние што со цело срце и душа се во делото, зазеде неодреден став. Бог бара од тебе цврсто и одлучно да стоиш на иста платформа заедно со своите браќа. Бог и светите ангели не се задоволни од твоите постапки и нема повеќе да ја поднесуваат твојата неразумност. Ќе бидеш препуштен да се раководиш според своето расудување што толку многу го цениш, сè додека не посакаш да бидеш поучлив, без љубомора, тврдоглавост и обвинување на другите да се поучуваш од оние што навистина го чувствуваат товарот на Божјото дело. Ти отсекогаш се стремеше кон некои оригинални, свои ставови и кон тоа од црквата да издвоиш група независни кои би се согласувале во сè со тебе, воздигнувајќи те, сè додека Бог не допушти да ја покажеш својата мудрост со која секогаш се воздигнуваше над другите, и во својата заслепеност да отидеш во најлош фанатизам што како вистинско проклетство ја зафати црквата во државата Висконсин. {1C 312.1}

Покажано ми е дека ти сè уште не сфаќаш какво влијание на делото вршеше во минатото, ниту својата сегашна состојба и должност во поглед на тоа зло што се нарекува фанатизам. Наместо да направиш сè што е во твоја моќ да се ослободиш од тоа и да го неутрализираш влијанието што го вршеше, ти од сето тоа излегуваш оправдувајќи се себе си и осудувајќи ги оние што Бог ги испрати да те опоменат и поучат. Подготвен да даваш наредби, ти дури навестуваше дека постои можност Господ преку Своите слуги да те запре на твојот пат доколку тие постапеле поинаку од начинот на кој

постапиле. Меѓутоа, твоето расудување беше изопачено под влијанието на силата на сатаната, и во таков духовен мрак беше неспособен да судиш за тоа што би било најдобро да се направи кон тебе. Да знаеше навистина на кој начин можеа Божјите слуги да ти помогнат, би знаел како и самиот да излезеш од тоа зло. Бог ти даде можност да избереш: ќе сакаш ли да тргнеш по патот на кој Тој те упатуваше преку Своите слуги, или самоволно ќе продолжиш по својот пат за на крајот да завршиш во збунувачкиот лавиринт на фанатизмот. {1C 312.2}

Ти одлучи да продолжиш по својот сопствен пат и за тоа можеш да се обвинуваш само себе. Тврдиш за себе дека си стражар на ѕидовите на Сион и пастир на Божјото стадо, а сепак мирно гледаше како сиромашните овци се уништувани и гонети од стадото - а не кажа ниту еден збор на предупредување. „Сине човечки," кажува Господ, „јас те поставив за стражар на Израеловиот дом, да ги слушаш зборовите од Мојата уста и да ги опоменуваш од Мене. Кога ќе му кажам на безбожникот 'Бездруго ќе загинеш!', а ти не го опоменеш и не зборуваш, за да го одвратиш беззаконикот од неговиот грешен пат, за да биде жив, - тогаш тој беззаконик ќе умре во беззаконието свое, но крвта негова Јас ќе ја барам од рацете твои. А, ако го опоменеш беззаконикот и тој не се откаже од беззаконието свое и од грешниот свој пат, беззаконикот ќе умре во беззаконието свое, а ти ќе си ја спасиш душата своја. Ако го опоменеш праведникот, за да не греши, и тој не греши, тогаш и тој ќе биде жив, затоа што си го предупредил и ти ќе си ја спасиш душата своја" (Езекиел 3:17-19,21). {1C 313.1}

Гревот на оние во државата Висконсин кои западнаа во фанатизам те обвинува тебе брате Г, повеќе од било кој друг. Ти беше неверен стражар. Во недостаток на вера не го препозна злото. Бог ги испрати Своите верни стражари кои, прифаќајќи ја светлината од Него, можеа да го препознаат злото и да те опоменат и тебе и стадото што талкаше во заблуда. Да ја прифатеше тогаш опомената, можеше да се избегне големо зло. Ќе го сочуваше своето влијание да не претставува пречка за сведоштвото на Божјите слуги што требаше да допре до расеаните овци на Божјото стадо. Меѓутоа, оние што беа во заблуда не беа подготвени да го слушнат Божјиот глас кој им зборуваше преку Неговите избрани слуги. Ги гневеа опомените што им ги упатуваа стражарите, и неразумно продолжуваа по патот на самоизмама. Ниту пастирот не беше послушен. Го навредуваше одлучноста што се покажа во осудувањето на фанатизмот во кој и самиот беше вовлечен. Тој не гледаше никаква опасност во тоа, ниту потреба од брзо делување. Дадена му е доволна светлина за да може да се одлучи, но беше премногу самоволен и сомничав кон Божјите слуги за да го прифати нивното сведоштво. {1C 313.2}

Брате Г, ти чекаше фанатизмот во потполност да се развие, и сето тоа се одвиваше токму така како што сакаше сатаната сè додека раширеноста на тоа зло не доведе до страшни последици. Не постоеја никакви логични ниту видливи знаци по кои можеше да се види дека тоа дело е од Бога. Господовите слуги ја извршија својата мисија, и нивната облека е чиста од крвта на душите што беа таму при што и самите се чуваа да не паднат под тоа проклето влијание, додека ти носиш страшна одговорност за гревовите што се последица на тој одвратен фанатизам. Ти длабоко го сожалуваш тоа зло и сè уште не ја согледуваш својата вина во врска со тоа. Ти го обвинуваш своето слабо и заталкано стадо што те заведе на тој пат. Која друга должност ја има стражарот освен будно да го забележува злото и да го предупредува народот? Која е должноста на пастирот освен будно да бдее над секоја овца за да не стане плен на гладните волци? Може ли да се прифати како изговор за пастирот тврдењето дека овците го завеле на погрешен пат? Зар тие би го оставиле доброто пасиште за да го заведуваат и пастирот?

Таквото оправдување би бил вистински доказ за неспособноста на пастирот да води грижа за стадото. Во него веќе не би можело да се има доверба дека како верен пастир ќе го чува стадото и ќе ги враќа заталканите на вистинскиот пат. {1C 314.1}

Тешката одговорност за срамот што сестра А му го нанесе на делото е токму твоја. Ти премногу ја истакнуваше нејзината верност и нејзиното искуство. Таа беше слаба, но сепак до извесна мерка ги вршеше своите домашни должности, држејќи ги своите деца кај себе. Меѓутоа, набргу по излегувањето од семејниот круг нејзиниот разум беше соборен од престолот.

Отпадништвото на т.н. верници во _____ те наведе да влијаеш на сестрата А да го напушти своето семејство на кое толку му беше потребна, и да оди во _____ за со своето влијание да им помогне на тамошните верници. Сите нејзини постапки беа пратени со едно нездраво восхитување и на тој начин мнозина од неискусните беа измамени. Скромните умни способности на сестра А беа изложени на претерани напори и таа доживеа пореметување во мозокот. На Божјиот Дух со тоа му е зададен болен удар и Му е нанесен тежок срам. На братот А исто така му е направена неправда и сега тој мора трајно да страда зошто му е растурено семејството. Оние што со своето влијание придонесоа да настанат такви жални последици сега се должни со искрено признавање на своите гревови и неправда што му ја нанесоа, да ги олеснат страдањата на неговата душа и да го неутрализираат злото колку што е можно.

Да ги прифатеше Божјите совети признавајќи ги даровите на Неговиот Дух кои исправно го заземаат своето место во црквата, да беше со срцето и душата приврзан на списанието „Преглед” кој е заснован на несоборливите вистини за ова време, и да му даваше храна на време на Божјиот народ, твоето влијание во _____ и околината ќе беше сосема поразлично. Ти би изнесувал одредено сведоштво и би бил во хармонија со оние кои предводеа во ова големо дело. {1C 315.1}

Поединците што грешат и шират заблуди би биле укорени. Со совесно залагање од твоја страна тамошните верници би се воздигнале на повисоко духовно ниво и не би заостанувале зад другите месни цркви. Меѓутоа, тие сега мораат скоро сè да учат од почеток. Беше должен со одредено сведоштво да им укажеш на неопходноста од пожртвуваност, на потребата секој да го понесе својот дел од товарот во делото. Требаше да ги навикнеш на систематко добродетелство, за секој од своја страна да придонесува за непредувањето и ширењето на сегашната вистина. Со својот неодреден став и потполна немарност во _____ ширеше лошо влијание. Твоето противење на организацијата и напредувањето на Божјиот народ што го покажуваше со своето однесување и со своите зборови донесе свои плодови кои сега можат да се видат на многу места на север од државата Висконсин. {1C 315.2}

Да се држеше како сесрден и предаден работник за Божјото провидение, плодовите од твојата работа што сега се покажуваат би биле потполно поинакви. Слушателите одлучно би се изјаснувале или за Божјите заповеди и верата Исусова како составен дел на третата ангелска вест, или против тоа. Тие не би биле поставени на приодите кон Сион за да ги попречуваат оние што би можеле да бидат вистински верници. Меѓутоа, ти не ја извршуваше својата задача верно, одлучно и темелно. Не се држеше цврсто за правилото дека секој во црквата со практичен пример во животот треба да го потврди тоа што го исповеда. Мнозина, иако со задоволство ја слушаат вистината не се подготвени било што да направат за нејзиниот напредок. Тие го сакаат Божјото дело со својот јазик и зборови, но не со дела и вистина. {1C 316.1}

Со својот став ти наведе мнозина во _____ и околината за списанието „Преглед” да стекнат полошо мислење од она што би го имале да не беше твоето влијание, и тие сега многу лекомислено ги примаат вистините што во него се изнесуваат. Затоа „Преглед” на нив го немаше тоа влијание што требаше да го има според Божјата намера. Секој продолжи по својот пат, правејќи го она што според своето лично мислење го смета за исправно; затоа сите назадуваат во верата, и доколку за нив не се изврши посебно дело тие ќе бидат измерени на вагата и ќе се најдат лесни. {1C 316.2}

Покажано ми е дека ти настојуваш одговорноста за последиците од своите грешки да ги префрлиш на други, но Бог тебе те смета за одговорен. Должен си во најдлабока понизност да ги признаеш грешките направени во _____, _____, _____, и во други места каде со своето влијание се постави во судир со Божјите слуги. Фанатизмот во кој западна најмногу им наштети на братот и сестрата Б. Со таа сатанска измама тие беа во толкава мерка и телесно и духовно збунети што им се закануваше опасност да бидат наполно уништени. Брате Г, ти толку длабоко се впушташе во тој беден фанатизам така што со тоа беше обземено целото твое суштество, а сега настојуваш вината за тоа да ја префрлиш на другите. Ти немаш вистинска претстава за состојбата во која се наоѓаш и за твоето делување во минатото. Ти со задоволство го признаваш тоа што другите го направиле без твое присуство, но не го признаваш тоа што ти го направи. {1C 317.1}

Твоето влијание во _____ е уништувачко. Беше против организација и тоа на неодреден начин го изнесуваше во своите проповеди. Тоа не го правеше така дрско како што некои други би го правеле, но во тоа одеше толку далеку колку што имаше храброст. На тој начин ја задоволуваше својата завист, внесувајќи недоверба и неизвесност во срцата на мнозина кои би те презреле кога би истапил отворено, и тогаш не би бил во можност да нанесеш толку штета на Божјото дело. Кога беше обвинет дека застапуваш гледишта спротивни на верата на црквата тоа не го признаваше, туку го прикриваше својот вистински став прикажувајќи го тоа како браќата погрешно да ги разбираат твоите зборови, иако знаеше дека тие обвинувања беа оправдани. Сега се најде во состојба во која црквата не може со доверба да се потпре на тебе. Кога ќе покажеш плодови на коренита реформа и ќе дадеш докази дека си обратен победувајќи ја својата завист, Бог повторно ќе ти ја довери грижата над Неговото стадо. Но додека не поправиш сè, најдобро е да останеш дома и во „работата да не бидеш мрзелив”. {1C 317.2}

Со својот став на недоверба и учество во тој кобен фанатизам ти му нанесе на делото во Висконсин повеќе штета отколку што си направил добри дела во целиот свој живот. Нашата вера стана одвратна за неверниците, на Божјото дело му е нанесена неизлечива рана, а сепак мнозина - меѓу кои спаѓаш и ти, зачудено се прашуваат зошто толку се зборува и разговара за тој фанатизам. Посеано е зло семе што ги пушта своите корени, расте и донесува обилни плодови за неизбежна жетва. Злото напредува и расте без никаква нега, додека доброто семе мора да се залее, грижливо да се негува и постојано да се одржува за да не пропадне. Сатаната, лошите ангели и безбожните луѓе вложуваат непрекинати напори во настојувањето да го искоренат и уништат доброто, и затоа е потребна најголема будност и постојана грижа за тоа да живее и да напредува. Лошото семе кога еднаш ќе се посее, не е лесно да се искорени. Тоа се шири и незадржливо расте на сите страни задушувајќи го доброто семе. И ако го оставиме така тоа се повеќе ќе напредува засолнувајќи ги зраците на светлината да не допрат до благородните билки, кои во такво опкружување ќе мора да изумрат. {1C 317.3}

Со последиците од твоето влијание се сретнавме и во _____ . Раздорот што таму постои не би се појавил ако ти заземеше исправен став, прифаќајќи го Господовото

слово упатено до тебе преку Неговите слуги. Но, ти не постапи така и Божјите слуги мораа јасно да го осудат твојот став како погрешен. Да заземаа поцврст став и поостро да го осудеа патот по кој појде ќе го имаа Божјото одобрување. Би било подобро воопшто и да не си бил во _____, бидејќи секогаш кога Божјите слуги сакаа да го разобличат тој фанатизам осудата паѓаше на братот Г и ти веднаш реагираше чувствувајќи се навреден, запоставен и слично на тоа. Продолжувајќи слепо по својот пат ги вовлече во тоа и некои семејства во _____. Настојувајќи да ја придобиеш нивната наклоност поттикнуваше во нив непријателски чувства против браќата Ц, Д и Е. Чувствувајќи се измачен и омаловажен, говореше и постапуваше во согласност со твоите чувства и со тоа во срцата на мнозина поттикнуваше љубомора и недоверба кон Божјите слуги кои имаа посебна порака за тебе. Со своите постапки ја уништуваше силата на нивното сведоштво што би влијаело на умот на некои; но сепак имаше и такви кои беа благодарни за примената светлина со чија помош ги раскинаа стапиците на сатаната и се ослободија од тоа зло. Други останаа упорни, спротивставувајќи се на изнесеното сведоштво и така настана поделба во црквата. Одговорноста за тоа е твоја. Ние со тага во срцето моравме да се заложуваме за верниците во _____ за да го неутрализираме лошиот впечаток што ти го остави. Овде мораш лично да се заложиш. {1C 318.1}

Видов како некои ревно се заземаат за тебе, плашејќи се браќата да не постапат неправедно со тебе. Таквите би требало да се тргнат од патот и свесно да ги признаат своите грешки, препуштајќи товарот на укорот и осудата да падне на тебе. Тоа според Божјата намера треба да остане така сè додека не се покаеш и искрено не побараш да ти биде простено. Тие што покажуваат такво сочувство, со тоа ништо не можат да ти помогнат. Тие нека ревнуваат во покајување од своето назадување, а тебе нека те препуштат сам да одговараш за себе си. Отиде предалеку на својот пат, и сè додека во потполност на ги признаеш своите заблуди, не престанеш да ги осудуваш своите браќа и додека не покажеш подготвеност да примаш поуки, не можеш да имаш ништо заедничко со Божјиот народ. {1C 319.1}

Ти се воздигнуваш над оние на кои Бог го ставил товарот на Своето дело. Додека мојот сопруг го носеше товарот на должноста кој требаше да го носат тројца, го истоштуваше со своите постојани забелешки и зли навестувања, помагајќи им на сличните уште повеќе да го напаѓаат. Мораш да бидеш подготвен да го согледаш сето тоа. Никогаш не си примил на себе никаков посебен товар, настојувајќи секогаш да имаш доволно време за размислување и проучување, за одмор и сон, додека мојот сопруг мораше со денови да работи, а често и до доцна во ноќта. Понекогаш, кога ќе легнеше да се одмори, не можеше да заспие, туку само плачеше и воздивнуваше поради интересите на Божјото дело и поради неправдите на неговите браќа кон него, како кон човек кој целиот свој живот и работа го посвети на Божјото дело. {1C 319.2}

Тој беше одговорен за административните работи во канцеларијата и се грижеше за издавачката дејност, но исто така и за верниците во разни држави. Па сепак, некои од неговите соработници во служба на црквата со своите немудри постапки постојано придонесуваа неговата загриженост и болка уште повеќе да се зголемат. Ти, заедно со уште некои, гледаше во братот Вајт деловен човек кој не е многу загрижен за верата. Оние што мислат така всушност воопшто не го познаваат. Сатаната мнозина измами во тој поглед. Бог во него виде човек на кого ќе може да го стави товарот на одговорноста за Своето дело и го избра да предводи во разни потфати. Го избра затоа што во него виде човек кој има големо сочувство кон несреќните, совесен, но и независен човек кој не го покрива гревот туку брзо го согледува злото, го осудува и жигосува, дури и ако

поради тоа мора да остане и потполно осамен. Тоа се причините поради кои тој толку многу патеше. Неговите браќа не знаат ништо за овие тешки должности, и некои не им обрнуваат никакво внимание, туку со своите немудри и подли постапки само ги зголемуваат неговите грижи и тешкотии. Сето тоа е запишано на небото. Луѓето кои не преземаат на себе никаков товар на одговорноста, кои имаат часови на леснотија со никаква посебна работа, кои можат да размислуваат, проучуваат и подобрат своите умови - на таквите им е полесно да бидат умерени. Нив ништо не ги наведува да покажат посебна ревност, и тие се во состојба цели часови да поминуваат во лични разговори. Некои, таквите ги сметаат за најдобри и најсвети луѓе на Земјата. Но Бог не гледа онака како што гледа човекот. Тој гледа на срцето. Оние кои бараат така удобна положба во животот ќе бидат наградени според своите дела. {1C 320.1}

Одговорностите доверени на мојот сопруг го доведуваат во многу незавидна положба. Тоа бара најголемо внимание, грижливост, и исклучителни умствени напори, здраво расудување и мудрост, самоодрекување, залагање со цело срце и цврста одлучност поставените цели да се остварат до крај. На толку значајна положба, според Божјата намера треба да се наоѓа човек кој има храброст да се изложи на опасност, одлучно да се заложи за правдата без оглед на последиците, храбро да ги совладува пречките, да не се колеба дури и кога животот е во прашање. {1C 320.2}

Тежината и одговорноста на таа положба бараат голема грижливост, многу непроспиени ноќи и многу најсесрдни молитви упатени во агонија на душата. Мојот сопруг мораше да зазема одговорни положби, една по една, но во тоа го водеше Господ. Осудувањето и критикувањето од страна на неговите браќа болно ја измачуваше неговата душа, но сепак, тој не смееше да се колеба и да ја загуби својата храброст. Неговите соработници, скриени под наметката на побожноста, се спротивставуваа на секој напредок што тој го постигна со Божја помош, и тој своето драгоцено време мора да го троши патувајќи од место до место и со болка во душата од црква во црква да ги поправа погрешните гледишта и учења на оние кои исповедаат дека се браќа. Јадни смртници! Тие не се свесни за сериозноста на своите постапки и не знаат што значи да се биде вистински христијанин. Оние на кои им е доверено да изнесуваат јасно и одредено сведоштво, во Божји страв да го осудат и да го разоткријат злото, со сите свои сили да работат на подигнувањето на духовната свест на Божјиот народ, утврдувајќи го во значајните прашања на сегашната вистина, премногу често, наместо на разбирање и помош, наидуваат на осуда, додека оние што заземаат рамнодушен став се сметаат за побожни и добри луѓе. Но, Бог не ги гледа како такви. Кога се појавил Христовиот претходник бил многу отворен во своите настапи. Ги осудувал гревовите нарекувајќи ги со нивното вистинско име. Тој ја ставил секирата при коренот на дрвото. На оние кои, тврдејќи дека се обратени, дошле кај него на реката Јордан да ги крсти им кажал: „Породи змиини, кој ви кажа да бегате од гневот што доаѓа? Донесете род достоен за покајание. Веќе и секирата стои на коренот на дрвото; секое дрво кое не раѓа добар род, се сече и се фрла во оган”. {1C 321.1}

Во ова страшно време, непосредно пред второто Христово доаѓање, верните Божји проповедници мораат да изнесуваат уште поодредено сведоштво од она што го изнесувал Јован Крстител. Пред нив е одговорна, важна и значајна задача, и Бог нема да ги признае за Свои пастири оние што зборуваат ласкаво и со мил глас. Таквите ќе ги снајде тешко проклетство.

Овој необичен фанатизам во Висконсин се појави како резултат на лажната теорија за светоста, теорија што ја застапува братот К потполно независно од пораката на

Третиот ангел и од сегашната вистина. Сестра Г, примајќи го од него тоа лажно учење го спроведува како свое, и ревно го пренесува на другите. Тоа во неа скоро потполно ја задуши љубовта кон светите и значајни вистини за ова време, вистини кои за неа, доколку се придржуваше за нив со љубов и послушност, би претставувале сигурно сидро да се одржи на вистинскиот темел. Меѓутоа, таа заедно со многу други и придава многу голема важност на оваа лажна теорија за посветувањето, а останатите вистини од Божјата реч, колку и да се значајни, имаат малечко значење за неа „ако само срцето е чисто". Така, сиромашните души, оставени без сигурно сидро, се раководат според своите чувства, а тогаш сатаната, загосподарувајќи со нивниот ум, им наметнува впечатоци и сфаќања што на него му одговараат. Разумот и здравото расудување се презираат, и Божјото дело е изложено на тежок срам. {1C 322.1}

Фанатизмот во кој сте вовлечени никогаш не дозволува прво да го преиспитате, па дури потоа да донесете суд за тој изглед на посветување. Изгледот не е позитивен доказ дека карактерот е навистина христијански. Ти и останатите постојано се плашите да не бидете укорени повеќе од тоа што според ваше мислење го заслужувате, и затоа будно барате кај другите некоја заблуда или грешка, сметајќи дека тие ве запоставуваат и затоа се чувствувате навредени. Ти премногу бараш од другите. Не беше во право и се измамуваше самиот себе. Кога другите погрешно те осудуваа, тоа не беше повеќе од она што можеше да се очекува, со оглед на тогашните околности. Ти треба со најголема тага и понизност да го оплакуваш своето страшно застранување од правиот пат, што беше причина за толку различни чувства, погледи и мислења за тебе. И ако мислиш дека не се постапуваше коректно со тебе во сите подробности, мораш да дозволиш тоа да помине не осудувајќи ги другите. Ти мораш да ги признаеш своите заблуди не обвинувајќи за тоа никој друг, и да престанеш да се жалиш на своите браќа дека те запоставуваат. Тие ти посветија поголемо внимание од тоа што го заслужуваш, со оглед на положбата што ја заземаше. Кога би можел да го видиш сето тоа онака како што Бог го гледа никогаш повеќе не би се жалел и понизно би се наведнал пред Божјата рака. „Ете, послушноста е подобра од жртвата и покорноста подобра од угоено теле. Зошто непослушноста е како грев од вражање и непокорноста како суеверие и идолопоклонство". {1C 322.2}

---

64. ЕДИНСТВО ВО ВЕРАТА

Т.н. верници во _____ и околината не ги спроведуваат во практичниот живот вистините кои ги исповедаат. Делото во северен Висконсин е изложено на многу штетно влијание. Кога сите тие би ја имале онаа наклоност кон списанието Преглед што според Божјата намера треба да ја имаат, би биле благословени и упатени во вистините што таму се изнесени. Би имале исправно верување, би биле утврдени во вистината за ова време, и тоа би ги сочувало од овој кобен фанатизам. Чувствителноста на многу тамошни верници е отапена, лажното возбудување им ја уништила моќта на расудување и го замрачил нивниот духовен вид. За нив сега е најбитно да се вратат на здравиот разум, за сатаната да не може да ја оствари својата цел, во потполност да ги совлада оние што веќе успеал да ги измами. {1C 323.1}

Кога ќе се осведочат дека погрешиле, оние што биле вовлечени во некоја лажна наука, сатаната тоа го користи како предност, предочувајќи им ја постојано таа нивна грешка, за веќе никогаш да не се осмелат да се впуштат во било каква духовна активност. На тој начин тој се обидува да ја уништи нивната вера и вистинска побожност. Бидејќи еднаш биле прелажани, тие се плашат од секој напор со сесрдна и огнена молитва да побараат помош и победа од Бог. Сега целта на сатаната е да ги турне во студен формализам и неверување, а тие тоа во никој случај не смеат да го дозволат. Тие мора да ја имаат на ум вистината дека цврсто стои Божјиот темел. Само Бог е извор на вистината, а секој човек лажливец. Нивната единствена сигурност се наоѓа во тоа да застанат на цврсто утврдената платформа, верувајќи во пораката на Третиот ангел, ценејќи ја и покорувајќи ѝ се на вистината. {1C 323.2}

Христос предводи еден народ, доведувајќи ги неговите припадници до единство во верата, да бидат едно како што е Тој едно со Својот Татко. Разликите во мислењата мора да се напуштат, за во црквата сите да бидат единствени, имајќи еден дух и едно расудување. „Ве молам браќа во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборуваате исто, и меѓу вас да нема раздори, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во исто мислење" (1. Коринтјаните 1:10). „А и Бог на трпението и утехата да ви даде да бидете во едномислие меѓу себе, според примерот на Христос Исус, та еднодушно и со една уста да Го славите Бога и Таткото на нашиот Господ Исус Христос". (Римјаните 15:5,6) „Исполнете ја мојата радост, бидете со една мисла, бидејќи имате една и иста љубов, и бидете еднодушни и едномислени". (Филипјаните 2:2) {1C 324.1}

Сите припадници на Божјиот народ треба да бидат заинтересирани за Неговото дело. Меѓу браќата во Висконсин не постоеше таков интерес. Се чувствува исто така и недостаток на енергичност. Некои мислат дека не е грев да го поминуваат своето време во безделничење, додека други, на кои делото на вистината им е во срцето, го штедат и времето напрегајќи ги сите свои сили да обезбедат удобен живот за своето семејство и покрај тоа нешто и да им остане за да вложат во Божјото дело, за да собираат богатство на небото, придонесувајќи за напредокот на Божјото дело. Првите не треба да се стремат да го отфрлат секој товар, а вторите не треба да се преоптоварат. Бог бара од оние што имаат здравје и физичка сила да прават сè што е во нивна моќ своите сили да ги посветат во Негова слава, бидејќи всушност не си припаѓаат на себе си. Тие пред Бог ќе мора да дадат сметка како го користеле своето време и сила што небото им ги подарило. {1C 324.2}

Должноста да се шири Божјото дело не им е дадена само на богатите. Во тоа треба сите да учествуваат. Човекот кој своето време и животна сила ги користи за да го зголемува својот имот, ќе мора да даде сметка како располагал со тој имот. Ако некој има здравје и сила тоа е негов капитал и должен е исправно да го употреби. Доколку тој го поминува своето време во безделничење, во непотребни посети и празни разговори, тоа значи дека е мрзелив во работата, а тоа Божјото слово го забранува. Секој треба да работи за да биде во состојба да го снабдува своето семејство и од тоа со што Бог го благословил да одвои и за добротворни цели. {1C 324.3}

Ние не сме дошле на светот за да се грижиме само за себе, туку сме повикани да соработуваме во големото дело на спасението, следејќи го Христос во Неговото самоодрекување и самопожртвуваност. Оние кои повеќе ја сакаат личната удобност од Божјата вистина, нема ревно да се трудат своето време и сила да ги употребат за да придонесат во ширењето на вистината. Многу млади во Висконсин не чувствуваат никаков товар за делото ниту потреба нешто да жртвуваат за напредок на тоа дело. Тие

не можат да стекнат сила сè додека не го променат својот начин на живот и не вложат посебни напори во ширењето на вистината и спасување на душите. Некои во своето самоодрекување се подготвени да работат и двојно повеќе, и со своите неуморни напори го помагаат делото што им е во срцето. Тие потполно ги поистоветуваат своите интереси со интересите на Божјото дело. Доколку делото страда, страдаат и тие; а кога делото напредува тие се среќни. {1C 325.1}

„Давај Му принос на Господ од имотот свој и од првините на плодовите од твоите придобивки, и твоите житници ќе се исполнат до врвот, а твоите преси ќе се прелеваат од вино" (Изреки 3:9,10). Оние што се мрзеливи во својата работа можеби се смируваат со мислата дека Бог не бара ништо од нив, бидејќи нивните приходи не се зголемуваат. Тоа нема да ги оправда; зашто да го користеле трудољубиво своето време и во своите работи да не биле мрзеливи, нивните приходи би се зголемиле. Одлучно да се потруделе да заработат пари за нешто да приложат и во Божјата ризница, пред нив би бил отворен патот и тие би имале што да приложат во Божјото дело, собирајќи на тој начин за себе богатство на небото. {1C 325.2}

---

65. СЕВЕРЕН ВИСКОНСИН

Додека бев во Розевелт, во државата Њујорк, на 3 август, 1861 година ми беа покажани различни цркви и семејства. Овде се шириле секакви влијанија чии обесхрабрувачки и тажни последици ми беа покажани. Како свои агенти сатаната користеше поединци кои тврдеа дека веруваат во еден дел од сегашната вистина, додека војуваа против друг дел. Таквите тој може поуспешно да ги користи од оние што отворено војуваат против сè во што ние веруваме. Со своето вешто вовлекување во заблуда, преку оние што делумно веруваат во вистината, тој завел мнозина, ги збунил и ја уништил нивната вера. Тоа е причината за раздорот во северен Висконсин. Поединци прифаќаат еден дел од пораката, а другиот го отфрлаат. Некои ја прифаќаат саботата, а ја отфрлаат веста на Третиот ангел; а затоа што ја прифатиле саботата тврдат дека спаѓаат во црквата на оние што веруваат во целокупната сегашна вистина. Таквите се мошне активни во настојувањето и другите да ги вовлечат во темнината на заблудата во која самите се наоѓаат. Тие имаат некоја своја независна вера, и на никого не одговараат за ништо. Сепак, на таквите им се дозволува да го шират своето влијание, иако не треба да бидат примени во црквата, колку и да се прават дека се искрени. {1C 326.1}

Искрените души ќе ја согледаат потполната поврзаност на сегашната вистина, ќе согледаат како таа складно, како алките во синџирот, се вклопува во една голема целина и ќе ја прифатат. Сегашната вистина не е тешко да се разбере, и народот кој дозволува Бог да го води ќе се соедини на таа цврста платформа. На Него не му се потребни поединци со различно верување, мислења и гледишта за да шират неслога и раздор. Небото и ангелите работат на тоа сите да ги доведат до единство на верата, во едно тело. Сатаната работи спротивно од тоа. Тој е одлучен во намерата да внесува неслога и раздор, да ги наведе луѓето да имаат различни мислења, за да остане неуслишена Христовата молитва: „Не молам само за нив, туку и за оние што ќе поверуваат во Мене преку нивните зборови. Да бидат сите едно, како што си Ти, Татко, во Мене и Јас во Тебе, и тие да бидат едно во нас, за и светот да поверува дека Ти си ме пратил" (Јован

17:20,21). Христова намера е Неговиот народ да биде единствен во својата вера. Ако еден проповеда едно, а друг - затоа што има различно мислење - истакнува нешто друго, тогаш како оние што ќе поверуваат преку нивните зборови можат да бидат едно? Секаде каде се работи на таков начин разликите во мислењето ќе останат. {1C 326.2}

Видов дека народот во Висконсин, доколку сака да напредува, мора да заземе одлучен став во поглед на ова прашање, спречувајќи го влијанието на оние што создаваат раздор, внесувајќи учења и мислења спротивни на верата на црквата. Тие се ѕвезди што талкаат, кои изгледаат како да зрачат малку светлина. Тие тврдат дека веруваат донесувајќи и малку вистина и со тоа ги измамуваат неискусните. Сатаната им го дава својот дух, но Бог не е со нив и Неговиот Дух не може да биде во нив. Христос се молел за Своите ученици да бидат едно како што Тој е едно со Таткото: „За и светот да поверува дека Ти си ме пратил". Единството и слогата меѓу припадниците на верниот Божјиот остаток претставува за светот силно осведочување дека тие ја имаат вистината, дека се навистина посебен и од Бога избран народ. Тоа единство го вознемирува непријателот, и затоа тој најодлучно работи на тоа единството да не постои во нашите редови. Сегашната вистина, прифатена во срцето и потврдена во животот, ги прави припадниците на Божјиот народ единствени и им дава моќно влијание. {1C 327.1}

Кога т.н. верници во Висконсин искрено и сесрдно би настојувале да ја исполнат Христовата молитва: да бидат единствени како што Тој е едно со Таткото, делувањето на сатаната би било спречено. Да се стремеа за вистинско заедништво во црквата, фанатизмот што му нанесе толку голем срам на делото на сегашната вистина во северен Висконсин, не би се ни појавил, бидејќи тој е природна последица на одвојувањето од црквата, стремеж по некоја изворна и независна вера, без да се земе во предвид верата на црквата. {1C 327.2}

Во последната визија што ми беше дадена во Батл Крик покажано ми е дека во _____ немудро тргнавте по лош пат во поглед на визиите дадени во времето на огранизирањето на тамошното дело. Овде имаше поединци кои се искрени Божји деца, но сепак се сомневаат во визиите. Други пак, не го прифаќаат тој став но не се осмелуваат да заземат одлучен став во тој поглед. Некои за своите сомнежи во тој поглед имаа доволно причини. Лажните визии, фанатичката занесеност и тажните последици што произлегоа од тоа оставија свое влијание на делото во Висконсин, и луѓето почнаа да се сомневаат во сè што го носи името визија. Сето ова треба да се земе во предвид и претпазливо да се постапува. Не треба да се вложуваат напори да се влијае на оние кои никогаш не ја виделе личноста што ги добила визиите, и кои немаат никакво лично сознание за влијанието на визиите. Таквите не треба да се лишуваат од благодетите и привилегијата да бидат членови на црквата, доколку во својот христијански живот се коректни, изградувајќи добар христијански карактер. {1C 327.3}

Некои, како што ми е покажано, се подготвени да ги прифатат визиите во печатен облик судејќи за дрвото според неговите родови. Други, слично на неверниот Тома, не можат да веруваат ниту во објавените Сведоштва, ниту ги прифаќаат доказите врз основа на сведочењето на другите, туку мораат лично да видат и самите да се осведочат. Таквите не смееме да ги отфрлиме, туку мораме трпеливо да им укажеме братска љубов сè додека не заземат одреден став: за или против. Ако тие стануваат против визиите иако немаат вистински сознанија за нив, ако во своето противење одат толку далеку што се противат на нешто за што немаат никакво искуство и гневно негодуваат кога оние што веруваат дека визиите се од Бога зборуваат за тоа на богослуженијата, тешејќи се со поуките добиени на тој начин, - тогаш црквата треба да знае дека тие не се на

вистинскиот пат. Божјиот народ не треба да попушта, жртвувајќи ја својата слобода поради таквите незадоволни личности. Бог и дал дарови на Својата црква за таа да има полза од нив; и кога т.н. верници ќе се спротивставаат на тие дарови и стануваат против визиите, тогаш и искрените души се во опасност да паднат под нивно влијание и треба да се работи со нив за да не бидат заведени на погрешен пат. {1C 328.1}

За Божјите слуги беше многу тешко да работат во _____, бидејќи овде имаше многу самоправедни, говорливи и бунтовни луѓе кои го попречуваа Божјото дело. Кога таквите би биле пуштени во црквата тие би ја распарчиле на ситни парчиња. Тие не би се потчиниле на никакви правила на црквата и никогаш не би биле задоволни, освен кога управувањето со црквата би било во нивните раце. {1C 329.1}

Братот Г се трудеше да постапува многу внимателно. Тој знаеше дека оние што се противат на визиите не се во право, дека тие не се вистински и искрени верници. И затоа, за да се ослободат од таквите кои се само пречка за делото, тој предложи во црквата да не се примаат оние што не веруваат во третата ангелска вест и во визиите. Со тоа беа лишени од гостопримство и некои искрени поединци кои не се впуштаа во борба против визиите. Тие не се осмелуваа да пристапат на црквата од страв да не се обврзат на нешто што не го разбрале и во што потполно не поверувале. А имаше поединци кои подготвено ја искористија приликата, кај овие искрени верници да поттикнат предрасуди, претставувајќи ја целата ситуација во најлоша светлина. Некои се чувствуваа навредени и погодени поради ваквото условување за прием во членство на црквата и нивното незадоволство стануваше сè поголемо од времето на основањето на организацијата во црквата. Паднаа под влијание на силни предрасуди. {1C 329.2}

Покажан ми е случајот на сестрата Х. На неа силно една сестра која имаше големи предрасуди против мојот сопруг и мене, а исто и против визиите. Водена од таков дух, таа со задоволство слушаше лажни вести за нас и против визиите, и сето тоа и го пренесувала на сестра Х. Со горчина во душата војуваше против мене, иако никогаш не ме видела лично. Иако немаше никаква вистинска претстава за моите напори, негуваше најлоши чувства и предрасуди против мене, влијаејќи така и на сестра Х, а потоа заеднички продолжија со зајадливите примедби и озборување. Личноста поврзана со сестра Х покажана ми е како жена со силен ум, самоуверена и многу вообразена. Сметаше дека нејзините гледишта се секогаш исправни и дека другите мораат да ги прифатат нејзините зборови, иако со своите зборови само шириле темнина, покажувајќи го духот на змевот и неговите сојузници во војната против оние што Божјите заповеди ги сметаат за неразделни од Исусовото сведоштво. {1C 329.3}

Откако беше во _____ сестра Х почна да ги презира визиите и да ги прераскажува гласовите што таму ги слушна, како да е сигурна дека сето тоа е вистина. Таа не се спротивставуваше на влијанието што се појавуваше со цел да ми биде нанесена неправда. Таа за визиите на можеше да знае ништо друго освен дека се од Бога; таа дури ни не го познаваше скромното орудие преку кои доаѓаа, а сепак се здружи со непосветените во _____ огнено да шири негативно влијание против мене. Тие взаемно се поддржуваат, прифаќајќи и ширејќи лажни гласови од разни извори и потхранувајќи ги на тој начин своите предрасуди. Таквиот дух нема ништо заедничко со духот на пораката што Господ ја смета за добра за благосостојбата на својот скромен народ. Духот што живее во нив не може да биде во согласност со светлината дадена од Бога. {1C 330.1}

Многу јадни души не знаат што прават. Тие го здружуваат своето влијание со агентите на сатаната и им помагаат во нивното дело. Во своето слепо противење и борба

против визиите тие се мошне ревни и сесрдни, како навистина да му служат на Бога. Сите кои сакаат, можат овие визии да ги препознаат според нивните родови. Веќе седумнаесет години Господ гледа дека е добро да ги поддржува и засилува наспроти силите на сатаната и влијанието на човечките орудија што му помагаат на сатаната во неговото дело. {1C 330.2}

Покажани ми се и други жени во _____ кои војуваат против вистината. Вниманието ми беше насочено кон една од нив која прифатила некои вистини, но не го продолжила својот пат со Божјиот народ на остатокот. Таа се воздигна во своите очи, мислејќи дека разбира и знае сè. Чувствувајќи се разумна, постојано се повикуваше на едно старо искуство; бидејќи во минатото примила извесна светлина, таа се воздигна сметајќи дека има доволно светлина и знаење да ја поучи целата црква. Нејзиното верување е несредено и неповрзано. Многу нејзини претстави за вистината се потполно погрешни, па сепак таа, фалејќи се, тврди дека е во право. Со големо задоволство сака да ги поучува другите, а таа самата не е подготвена да прими поуки. Таа со презир го отфрла учењето што Бог го упатува преку Своите слуги. Покажано ми е како ја истакнува својата праведност, побожност и живот посветен на молитва. Слично на фарисејот од Христовите денови, таа ги набројува своите добри дела: „Боже, Те фалам што не сум како другите луѓе: изнудувачи, неправедници, прељубници, или како овој цариник. Постам два пати во неделата; давам десеток од сè што имам". Молитвата на овој фарисеј не била земена во предвид, но јадниот митник, кој единствено можел да каже: „Боже биди милостив кон мене грешниот," го пробудил Божјото сожалување. Неговата молитва била услишена, додека молитвата на фарисејот што се фалел со својата праведност била отфрлена. „Бидејќи секој што сам се воздига ќе биде понижен, а кој сам ќе се понизи ќе биде воздигнат". {1C 330.3}

„Зошто велиш: Богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба, а не знаеш дека си беден и мизерен, сиромав, слеп и гол; те советувам да си купиш од Мене злато низ оган пречистено, за да се збогатиш; и бела облека за да се облечеш, и да не се гледа срамот на голотијата твоја, и со очна маст намачкај ги очите твои за да гледаш" (Откровение 3:17,18). {1C 331.1}

За личноста чие лице го препознав штом ја здогледав, кажано ми е дека тоа е госпоѓа И. Видов дека нејзиниот живот не е обележан со онаа скромност која секогаш треба да ги карактеризира Христовите следбеници. Кога јадните смртници, какво и да е нивното исповедање на верата, ќе станат праведни во своите очи, тогаш Христос ги препушта на нив самите и тие продолжуваат да се измамуваат самите себе. {1C 331.2}

Покажано ми е дека таа жена влијаела и на други, и некои ѝ се придружиле во настојувањето да ги исмеваат визиите. Тие ќе мора да одговараат пред Бога за сето тоа, зошто на небото се запишува секој збор на потсмев и игнорирање на светлината што Тој ја упатува на начин што самиот го избрал. Покажана ми е една жена која не е соединета со Божјиот народ што Бог го издвоил од светот. Духот на вистината не живее во нејзиното срце, и таа е мошне активна во делото што го радува непријателот, внесувајќи збунетост и раздор. (Ја препознав таа жена на последниот ден од соборот; си отиде пред да заврши соборот). Таа е многу говорлива, секогаш подготвена да слушне и каже нешто ново, задржувајќи се постојано на грешките на другите, и своите зли претпоставки ги нарекува остроумно забележување. Таа, светлината ја нарекува темнина, а темнината светлина и, глумејќи побожност, долго се моли. Мислејќи дека секогаш е во право, сака да прими одобрување и пофалба, и измамила некои. Сметајќи дека е поучена од Бога

повеќе од останатите, таа сака да ги поучува другите. Но во нејзиното срце нема место за вистината. {1C 332.1}

Покажани ми се уште неколку личности кои, заедно со споменатите, шират негативно влијание, правејќи сè што е во нивна моќ некого да одвојат од црквата и да создадат збунетост; и поради таквите, Божјата вистина е често озлогласена. Исус и светите ангели ги воздигаат и соединуваат припадниците на Божјиот народ за сите да бидат еднодушни и едномислени. И додека тие се воздигнуваат во единство на верата за да можат да ја согледаат сериозноста и значењето на вистината за ова време, сатаната сака да го спречи нивното напредување. Христос преку Своите орудија ги собира и соединува верниците, додека сатаната преку своите агенти работи само на тоа да ги раздвои и разедини. „Зошто, ете, Јас ќе заповедам и ќе го растурам меѓу сите народи Израеловиот дом, како што се растура жито во решето за ниту едно зрно да не падне на земјата". {1C 332.2}

Бог сега го проверува и испитува Својот народ. Сега е време да се развие карактерот. Ангелите ја одмеруваат моралната вредност и верно ја запишуваат секоја постапка на човечките синови. Меѓу оние што тврдат дека се Божји народ има и луѓе со изопачено срце; но и тие ќе бидат проверени и испитани. Бог го чита срцето на секој поединец и ќе ги изнесе на виделина скриените дела на темнината, дела кои најчесто се појавуваат таму каде најмалку се сомневаме, и така ќе се отстранат камењата за сопнување што го попречуваат напредувањето на вистината; и Бог за објавување на Своите закони и Своите судови ќе има чист и свет народ. {1C 332.3}

Војводата на нашето спасение ги води припадниците на Својот народ чекор по чекор, чистејќи ги од гревот и подготвувајќи ги за вознесение, а оставајќи да одат по своите патишта оние кои се склони да се одвојуваат од црквата, и кои не сакаат да бидат водени, задоволувајќи се со својата правда. „И така, ако светлината што е во тебе стане темнина, тогаш колкава ли ќе е темнината". Нема поголема измаменост од онаа што заведените ги наведува да се предаваат на духот на самоувереност, верувајќи дека се во право и дека имаат светлина, а во исто време се одвојуваат од Божјиот народ. Светлината што толку ја ценат и воздигнуваат всушност е темнина. {1C 333.1}

Припадниците на оваа генерација кои се одвојуваат од телото на црквата, негуваат и покажуваат многу огорчени чувства кон оние што Бог ги користи како свои орудија за Својот народ да го соедини на една вистинска платформа. Духот што тие го покажуваат е спротивен на Божјото дело. Со своето влијание тие му нанесуваат срам на Неговото дело и придонесуваат неверниците да ја презираат нашата вера, а сатаната ликува. Оние што се исправни во црквата, трудејќи се да му служат на Бога, можат за извесно време да бидат вознемирувани од оние кои се неисправни меѓу нив и кои ми се прикажани како фалбаџиски фарисеи; но ако останат трпеливи, одејќи смирено пред Бога и молејќи се сесрдно за силата на Светиот Дух, тие ќе напредуваат, а оние што претставуваат само пречка за напредувањето во верата ќе бидат оставени на патот. {1C 333.2}

Покажано ми е дека не му е по волја на Господ патот по кој брат J продолжува да оди. Тој е непостојан. Неговиот ум е замаглен од теоријата за Векот што доаѓа, и бидејќи помеѓу таа теорија и пораката на Третиот ангел нема ништо заедничко, тој ја загуби својата прва љубов и верата во таа порака. Сега самиот факт дека за пораката на Третиот ангел се зборува толку многу во него го разгорува гневот. Меѓутоа, Третиот ангел им ја објавува најсериозната вест на жителите на Земјата, и зар избраниот Божји народ може да остане рамнодушен, не придружувајќи го својот глас во објавувањето на сериозна

опомена? Затоа што е заведен, братот Ј ги заведува и другите. Тој зборува многу за посветувањето, додека во своето срце не е исправен пред Бог. Неговиот дух е во недоумица. Тој нема сигурно сидро за кое би можел да се фати, и така талка непостојан во верата. Најголемиот дел од своето време тој го поминува во прераскажување на она што кажал оној или овој и во зборување измислици замислени да ги збунат неутврдените во вистината. Многу зборуваше против мојот сопруг и мене, а посебно против визиите. Тој се држи за познатиот став „кажете... и ние ќе го кажеме тоа понатаму". Бог сигурно не го испратил во таква мисија. Тој не знае на кој му служи. Сатаната го користи за да внесе збунетост во умот на непостојаните. Она мало влијание што го имаше го употреби за да предизвика предрасуди против пораката на Третиот ангел. Ги претставуваше визиите во лажна светлина, и слабите души кои сè уште не се во сè утврдени во сегашната вистина се хранеа со тоа наместо со чиста и просеана храна. Тој е во потполна заблуда во поглед на посветувањето. Доколку без одложување не го промени својот правец на движење, согласувајќи се да биде поучуван и да ја цени добиената светлина, Бог ќе го пушти да продолжи по својот пат и да се раководи по своето несовршено расудување сè додека не доживее потполн бродолом во својата вера и додека со своето немудро однесување не стане знак за предупредување за оние што се одлучиле да патуваат независно од црквата. Бог ќе им ги отвори очите на искрените души за да го препознаат жестокото дело на оние што сеат раздор. Тој ќе ги изобличи таквите, за секоја искрена душа да може да ги избегне овие стапици на сатаната. {1C 333.3}

Братот Ј ја прими од проповедникот К лажната теорија за посветувањето која нема ништо заедничко со пораката на Третиот ангел и која, во сите што ќе ја прифатат, ја уништува љубовта кон таа порака. Покажано ми е дека брат Ј се наоѓа на опасна почва. Тој не е во единство со третиот ангел. Некогаш уживаше во овој Божји благослов, но сега тоа веќе не е случај, зошто не знаеше да ја цени светлината на вистината што го осветлуваше неговиот пат. Тој ја прими методистичката теорија за посветувањето и ја истакнува на прво место, придавајќи и поголемо значење од вистините наменети за наше време. Одејќи по сопствената светлина, тој тонеше во сè подлабока темнина и сè повеќе се одвојуваше од вистината, така што таа веќе нема на него никакво влијание. Сатаната загосподари со неговиот ум и тој му нанесе голема штета на делото на вистината во северен Висконсин. {1C 334.1}

Сестра Г токму таа теорија за посветувањето, што ја прими од проповедникот К и која се обидуваше да ја следи, ја одведе во страшен фанатизам. Со оваа своја теорија за посветувањето проповедникот К забуни мнозина. Сите што ќе го прифатат тоа учење во голема мерка ја губат заинтересираноста и љубовта кон пораката на Третиот ангел. Таквата претстава за посветувањето е само привлечна теорија. Таа лажно ги оправдува јадните души кои се наоѓаат во темнината на заблудата и гордоста. Таа им дава изглед на добри христијани кои изгледаат посветени, додека срцата им се полни со изопаченост. Тоа е теорија која има за цел да им даде мир на оние што спијат во гревот, а не го разоткрива злото, не го укорува и осудува гревот. Таа ги „лечи површно раните на ќерките на Божјиот народ, говорејќи: мир, мир, а мирот го нема. Така мажите и жените со изопачено срце се покриваат со наметката на светоста, и стадото гледа на нив како на свет пример, додека тие всушност се агенти на сатаната преку кои тој ги намамува и заведува на погрешен пат искрените души, за да не ја почувствуваат силата и да не го согледаат значењето на свечените вистини што ги објавува Третиот ангел. {1C 335.1}

На проповедникот К се гледа како на пример, додека тој, всушност, само му нанесува штета на Божјото дело. Неговиот живот не е беспрекорен. Неговите патишта не се во согласност со светите Божји заповеди, ниту со беспрекорниот живот на Христос. Тој никогаш не ја победил својата изопачена природа, иако толку зборува за посветувањето и со тоа измамува многу. Покажана ми е неговата работа во минатото. Тој немаше успех во доведувањето души во вистината и не можеше да ги утврди во пораката на Третиот ангел. Учењето за посветувањето тој го истакнува како прашање од најголемо значење, додека не посветува никакво внимание на средствата преку кои го добиваме тој благослов. „Посвети ги со Својата вистина. Твоето Слово е вистина". На сегашната вистина, која е тоа средство, тој не само што не и посветува никакво внимание, туку ја гази со своите нозе. Луѓето можат да нагласуваат: Светост! Светост! Посветеност! Посветеност! Посветеност! Посветеност! а сепак, за тоа што зборуваат, да не знаат од лично искуство ништо повеќе од она што го знае еден грешник со сите свои изопачени склоности. Господ наскоро ќе ги раскине тие вештачки украсени облеки на т.н. посветување, со кои личностите со непрепороден ум се наметнуваат за да ја скријат грдотијата на својата душа. {1C 335.2}

На небото се водат точни записи за секоја постапка на човечките синови. Ништо не е сокриено пред погледот на Возвишениот и Светиот. Некои живеат во потполна спротивност од барањата на Божјиот закон, а потоа, за да ги прикријат тие свои гревови, проповедаат потреба од посветување. Тоа посветување што тие толку многу го нагласуваат не може да се види во нивниот секојдневен живот. Тоа не ги воздигнува нивните мисли и не ги наведува да се отстрануваат од „сè што изгледа како зло". Ние сме глетка „во која гледаат светот, ангелите и луѓето". Нашата вера се срамоти поради недоличното однесување на оние што се непрепородени и кои телесно мислат. Тие делумно ја исповедаат вистината и со тоа задобиваат влијание, но не се сложуваат со оние што веруваат во целата вистина и кои таа ги соединува. Какво влијание шири проповедникот К? Какви се плодовите од неговата работа? Колку се оние што тој ги довел и утврдил во сегашната вистина? Колкумина се оние што ги соединил во верата? Тој воопшто не собира со Христос. Со своето влијание тој само растура. Има голем недостаток во своето проповедање, и на неговите обратеници им недостасува токму она што би им било засолниште и одбрана во денот на Божјиот гнев. Во неговото проповедање недостасува она што е толку значајно како солта во јадењето. Тој не ги доведува до потполно обратување душите со кои работи, ниту им укажува на значењето да се одвојат од светот и да се соединат со избраниот Божји народ. Оние што ќе се обратат со неговата работа немаат постојано сидро за кое би се држеле, туку се оставени да пловат по водата, сè додека мнозина од нив не заталкаат и не се загубат во светот. {1C 336.1}

Проповедникот К не знае каков дух има во него. Со своето влијание, заедно со мноштвото привржаници на змевот, се спротивставува на оние што ги држат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво. На него му претстои една тешка борба. Во поглед на празнувањето на саботата, тој го зазема истиот став како и баптистите на седмиот ден. Одвоено од пораката на Третиот ангел, истакнувањето на саботата ја губи својата сила. Меѓутоа, силата што го прати заедничкото проповедање на овие вистини, ги осведочува неверниците и им дава сила да ја прифатат вистината, да живеат според неа, да растат и да напредуваат во Господ. Време е Божјиот народ во Висконсин да заземе одреден став. Прашањето на искусните и совесните верници: „Кој ќе застане на Господова страна?" треба да одѕвонува во секое место. Бог бара од нив да станат и

одлучно да раскинат со сите оние влијанија што предизвикуваат меѓусебна поделба и ги држат одвоено од големата платформа на вистината на која лично Бог го поставил Својот народ. {1C 337.1}

Покажан ми е случајот на господин Л. Тој секогаш има многу што да каже за посветувањето, но всушност се измамува и самиот себе, а и другите. Неговото посветување можеби трае додека е на богослужение, но тоа не може да ја издржи пробата. Библиското посветување го чисти животот, но срцето на овој човек не е чисто. Злото што постои во срцето, се покажува во секојдневниот живот и тоа на непријателите на нашата вера им дава можност да ги срамотат оние што ја празнуваат саботата. Тие за стеблото на дрвото судат според неговите родови. {1C 337.2}

„Но се одрековме од прикриени срамни дела, не постапуваме со лукавство, ниту ја изопачуваме Божјата реч, туку со јавувањето на вистината се препорачуваме на секоја човечка совест пред Бога" (2. Коринтјаните 4:2). {1C 337.3}

Мнозина постапуваат сосема спротивно на овој библиски цитат. Тие постапуваат лукаво и ја извртуваат Божјата реч. Тие не ја потврдуваат вистината со својот примерен живот. Посебно, многу зборуваат за посветувањето, додека го отфрлаат Божјото слово. Тие се молат во своите молитви за посветување, за посветувањето пеат со задоволство и тоа мошне силно го истакнуваат во своите излагања. Луѓето со изопачено срце се покриваат со наметката на невиност и за себе тврдат дека се посветени, но тоа не е никаков доказ дека тие се навистина такви. Нивните дела сведочат против нив. Совеста веќе воопшто не ги опоменува. Но, се приближува денот на судот, кога секое дело ќе се покаже такво какво што навистина е и секој ќе прими плата според своите дела. {1C 338.1}

Укажувајќи на Л, ангелот кажа: „Зошто ги кажуваш моите уредби и го носиш мојот завет во твојата уста? А ја мразиш мојата наука, и ги отфрлаш моите зборови. Кога ќе видиш крадец се сложуваш со него, и со прељубниците стануваш соучесник. И дозволи на својата уста да говори зло, и твојот јазик смислува измами". Ако оние што тврдат дека ја прифаќаат целата вистина застанат цврсто на Божјата страна, Тој ќе ги растера сите што вршат вакво штетно влијание и ќе го ослободи Својот народ од таквите. {1C 338.2}

Оние што отфрлаат и најмал дел од вистината не можат да имаат библиско посветување. Во Божјото слово е дадена доволна светлина, и никој не мора да остане во заблуда. Вистината е толку возвишена што и се восхитуваат најголемите умови на светот, но во исто време е и толку едноставна што и најскромното и најслабото Божје дете може да ја сфати и да се поучи. Оние што не ја согледуваат убавината на вистината и не и оддаваат никаква важност на пораката на Третиот ангел, нема да имаат никаков изговор, зашто вистината е потполно јасна. {1C 338.3}

„Ако, пак, е и покриено нашето евангелие, тоа е покриено за оние што пропаѓаат: за оние на кои богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на Благовестието за славата на Христос, Кој е слика на невидливиот Бог" (2. Коринтјаните 4:3,4). {1C 338.4}

„Посвети ги со Својата вистина, Твоето слово е вистина". „И за нив Јас се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вистината" (Јован 17:17,19). {1C 339.1}

„Откако ги очистивте душите свои со послушност кон вистината преку Духот, за нелицемерно братољубие, сакајте се еден со друг постојано со чисто срце" (1. Петрово 1:22). {1C 339.2}

„И така, возљубени, имајќи вакви ветувања, да се очистиме од секоја нечистотија на телото и на духот, усовршувајќи светост во страв Божји" (2. Коринтјаните 7:1). {1C 339.3}

„Затоа, возљубени мои, како што секогаш нè слушавте, не само во мое присуство, туку многу повеќе сега, кога сум отсутен, со страв и трепет градете го своето спасение, зашто Бог е оној, Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја. Правете се без мрморење и двоумење, за да бидете прави и чисти, непорочни чеда Божји, сред изопачено и развратно поколение, во кое светите како светила во светот" (Филипјаните 2:12-15). {1C 339.4}

„Вие сте веќе чисти преку словото, што сум ви го проповедал" (Јован 15:3). {1C 339.5}

„Вие, мажите, сакајте ги жените свои, како што Христос ја засака црквата и се предаде себе за неа, за да ја освети, очистувајќи ја со водна бања преку словото; та да ја претстави пред Себе како славна црква, која нема осквернување, или порок, или нешто слично, туку да биде света и непорочна" (Ефесјаните 5:25-27). {1C 339.6}

Овде е истакнато библиското посветување. Посветувањето, значи, не е само надворешен облик на побожност, туку вистинска светост која се добива со посредство на вистината. Тоа е всушност вистината прифатена со срцето и практично применета во секојдневниот живот. {1C 339.7}

Како човек, Христос бил во сè совршен, а сепак расте во благодатта. Записот во евангелието кажува: „Исус, пак, напредуваше во мудроста и возраста и во благонаклоноста кај Бога и кај луѓето" (Лука 2:52). Дури и најсовршениот христијанин може постојано да напредува во знаењето и Божјата љубов. {1C 339.8}

„Затоа, возљубени, додека го очекувате тоа, погрижете се пред Него да излезете спокојни, неосквернети и непорочни". „Туку да напредувате во благодатта и во познанието на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Нему слава и сега и за вечни времиња. Амин". (2. Петрово 3:14,18). {1C 340.1}

Посветувањето не е дело на еден момент, еден час или еден ден. Тоа е непрекинато растење во благодатта. Ние никогаш не знаеме колку тешка ќе биде нашата утрешна борба. Сатаната живее и многу е активен; и затоа секој ден најсердно треба да се обраќаме на Бога за сила и помош, за да бидеме во состојба да се спротивставиме на секое искушение. Додека постои владеењето на сатаната ќе мораме да се бориме со нашето сопствено „јас" и против сите можни искушенија, зашто не постои место каде би можеле да застанеме и да кажеме: Достигнавме сè. {1C 340.2}

„Велам така не затоа што веќе достигнав, или дека веќе постигнав совршенство, туку се стремам да го достигнам она со кое Христос ме достигна мене" (Филипјаните 3:12). {1C 340.3}

Животот на христијанинот претставува непрекинато напредување. Христос седи како оној што ги облагородува и прочистува припадниците на Својот народ, и дури кога Неговиот лик совршено ќе може да се види во нив, тие ќе бидат совршени и свети, подготвени за вознесување. Пред христијанинот има голема задача. Апостолот нè опоменува и храбри да се очистиме од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. Од ова можеме да видиме во што се состои нашата најголема задача. Од христијанинот се бара постојана активност. За секоја прачка да донесува род, мора постојано да добива сила и живот од својата изворна лоза. {1C 340.4}

---

66. МОЌТА НА САТАНАТА

Со падот во грев човекот станал законски заробеник на сатаната. Христовата мисија на Земјата била да го ослободи човекот од власта на неговиот голем непријател. Човекот по својата природа е наклонет да подлегнува на сугестиите на сатаната, и затоа не е во состојба успешно да се спротивстави на толку страшниот противник доколку Христос, како силен Победник, не живее во него, насочувајќи ги неговите копнежи и давајќи му сила. Само Бог може да ја ограничи силата и власта на сатаната. Сатаната слободно се движи на сите страни на Земјата, се подига над неа и повторно се спушта. Тој ниту за момент не ја намалува својата будност, плашејќи се да не пропушти некоја шанса за уништување на душите. За Божјиот народ многу е важно да го има тоа на ум, за да може да ги избегне неговите стапици. Своите измами сатаната ги подготвува толку вешто за припадниците на Божјиот народ, во последниот судир со него, да не можат да го препознаат. „И не е никакво чудо, зошто и самиот сатана се преторува во ангел на светлината" (2. Коринтјаните 11:14). Додека некои измамени души го застапуваат мислењето дека сатаната не постои, тој ги држи во свое ропство и успешно работи преку нив. Тој знае дури и подобро од припадниците на Божјиот народ, каква моќ тие можат да имаат во борбата со него, ако својата сила ја добиваат од Христос. И најслабиот верник, кога цврсто ќе се потпре на Христос и понизно побара помош од Него како од моќен Победник, може со голем успех да го одбие сатаната и сите негови помошници. Сатаната е премногу итар за со своите искушенија да настапи отворено и дрско, бидејќи заспаните сили на христијанинот тогаш би се пробудиле и тој би се потпрел на силата на својот моќен Ослободител. Затоа тој се приближува незабележливо, и делува маскиран преку синовите на непослушноста кои исповедаат побожност. {1C 341.1}

Сатаната сè поинтензивно ќе ја употребува својата моќ за да го напаѓа, искушува и заведува Божјиот народ. Тој, кој во својата дрскост се осмелил лично да излезе пред нашиот Господ за да го заведува со своите искушенија и кој имал моќ да го однесе на врвот од храмот и на многу висока планина, ќе ја покажува во уште поголема мерка својата сила над припадниците на сегашната генерација, кои по својата мудрост се многу далеку поназад од својот Учител и кои во поглед на препреденоста и моќта на сатаната се во речиси потполно незнаење. Тој располага со чудесна вештина да влијае на оние кои се природно наклонети да ја извршуваат неговата волја. Тој ликува кога луѓето го замислуваат како некоја измислена личност. Исто така, му одговара кога го спомнуваат со потсмев и го прикажуваат со детинести или како некое животно. Замислувајќи го така безначаен и безопасен, луѓето се потполно неподготвени да се спротивстават на неговите лукаво замислени планови, и тој, скоро секогаш успева да ги измами. Кога би имале вистинска претстава за неговата моќ и препреденост, мнозина би биле подготвени со успех да му се спротивстават. {1C 341.2}

Сите треба да го знаат фактот дека сатаната некогаш бил возвишен ангел. Поради својот бунт тој е исфрлен од небото, но неговата моќ не е уништена, ниту со самото тоа се претворил во животно. По своето паѓање, тој сета своја сила и власт ја користи да се спротивстави на небесното владеење. Во своето настојување човечките синови да ги искушува на сите можни начини и во тоа да има успех, тој станува сè повешт. {1C 342.1}

Разните измислици со кои луѓето се заведуваат, всушност се измислени од него. Својата војна против темелот на Божјото владеење тој ја започнал уште на небото, и по своето паѓање не престанува да се бори против Божјиот закон. Големото мноштво христијани денес ги наведува да ја отфрлат четвртата Божја заповед која на посебен начин ни укажува на живиот Бог. Саботата, како првобитен ден на одморот тој ја

исфрлил од Декалогот, и место неа вовел еден од обичните работни денови во седмицата. {1C 342.2}

Големата лага што прв пат ѝ ја кажал на Ева во Едем: „Нема вие да умрете," било првото учење за бесмртноста на душата. Ова тврдење било крунисано со успех и тоа нема да престане да донесува страшни последици. Тој го заведува човечкиот ум тоа да го прифати како вистина, проповедниците да го проповедаат, а верниците да пеат и да се молат за тоа. {1C 342.3}

Приказните дека по првото Христово доаѓање нема повеќе ниту ѓавол, ниту искушение се мошне популарни. Светото Писмо, меѓутоа, јасно кажува дека судбината на секој поединец засекогаш ќе биде одредена дури при второто Христово доаѓање: „Кој прави неправда, нека прави уште неправда, кој е нечист, нека се оскврнува уште, кој е праведен, нека прави правда и понатаму, и кој е свет, нека се осветува уште. Еве доаѓам скоро и платата Моја е со Мене, за да му дадам секому според делата негови" (Откровение 22:11,12). {1C 342.4}

Овие популарни приказни сатаната ги користи како предност за да се скрие зад нив. На сиромашните и измамени смртници тој им се приближува преку модерниот спиритизам кој не им поставува никакви граници на оние што телесно мислат, и кога на таков начин ќе најде пристап, тој ги раздвојува семејствата, создава завист и омраза и им дава слобода на склоностите на човечката природа што најмногу ги понижуваат човечките суштества. Светот многу малку знае колку е разорно и уништувачко дејството на спиритизмот. Завесата се подигна и ми беа откриени многу од неговите страшни дела. Видов како некои кои биле вовлечени во спиритизмот, а потоа успеале да се повлечат назад, просто затреперуваат од страв при самата мисла дека биле на работ на пропаста. Вовлекувајќи ги дотаму да ја загубат сета контрола над себе, сатаната ги наговорил да го прават тоа од што самите се гнаселе. Меѓутоа, дури и таквите имаат само бледа претстава за тоа што е всушност спиритизмот. Вдахновени од сатаната, проповедниците со своите говорнички способности можат да го украсуваат ова грозно чудовиште, прикривајќи ја неговата грозотија и правејќи го на таков начин привлечен за мнозина. Но, спиритизмот доаѓа така, непосредно од неговото сатанско величество, така што тој полага право да има потполна контрола над оние што му се предаваат на таков начин, бидејќи се осмелиле да стапнат на забранета почва и со тоа се откажале од заштитата на својот Творец. {1C 343.1}

Поедини сиромашни души, неодоливо привлечени од слаткоречивоста на спиритистичките учители, потпаѓаат под вијание на тоа зло; и кога подоцна ќе го согледаат уништувачкиот карактер на сето тоа и ќе се обидат да се ослободат, обично не успеваат во тоа. Сатаната цврсто ги држи со својата сила и не им дозволува да се ослободат. Тој знае дека сигурно ќе бидат негови сè додека ги држи под таа своја специјална контрола, и дека никогаш повторно не ќе може да ги вовлече во спиритизмот ако некогаш се ослободат од неговата сила. Единствен начин на кој овие јадни души можат да се ослободат е да ја согледаат јасната разлика меѓу чистата библиска вистина и човечките измислици. Со признавање и уважување на барањата на вистината тие се стават во положба каде ќе може да им се помогне. Тие треба да им се обратат на оние што имаат искуство во верата да се молат за нив на моќниот Ослободител. Борбата ќе биде тешка. Сатаната ќе им прати засилување на своите зли ангели кои владееле над таквите души, но молитвите на светите, упатени во пост и длабока понизност, ќе ги надвладеат силите на злото. Исус ќе им наложи на светите ангели да му се спротивстават на сатаната, и тој ќе биде потиснат, а неговата моќ над

вака застрашените души ќе биде скршена. Христос кажува: „Овој род со ништо не може да се истера, освен со молитва и пост” (Марко 9:29). {1C 343.2}

Популарните проповедници не се во состојба успешно да се спротивстават на спиритизмот. Тие немаат ништо со што би можеле да го заштитат своето стадо од неговото разорно влијание. Одговорноста за жалните последици од спиритизмот, во голема мерка е на проповедниците на нашето време, бидејќи ја отфрлиле вистината, а место неа прифатиле човечки измислици. Учењето за бесмртноста на душата што сатаната ѝ го проповедал на Ева кажувајќи ѝ: „Нема вие да умрете” - тие го повторуваат од своите проповедални и народот тоа го прифаќа како чиста библиска вистина. Тоа е основата на спиритизмот. Во Светото Писмо никаде не е запишано дека душата на човекот е бесмртна. Бесмртност има само Бог. „Кој е единствен бесмртен и живее во непристапна светлина, Кого никој од луѓето не Го видел ниту може да Го види. Нему нека Му е чест и сила во сите векови. Амин!” (1. Тимотеј 6:16). {1C 344.1}

Заштита од спиритизмот може да даде само исправно сфатеното и одлучно применетото Божје слово. Теоријата за вечниот пекол што гори што на народот му се проповеда од јавните говорници, лажно го прикажува Божјиот карактер и Неговата милост и добрина. Таа го прикажува како најголем тиранин во вселената. Таа распространета догма претворила Илјадници луѓе во потполни неверници и атеисти. Библијата е јасна. Таа претставува вистински синџир на вистини, и ќе се покаже како сигурно сидро за душите на сите што се подготвени да ја прифатат, дури и ако поради тоа мораат да ги жртвуваат своите омилени измислици. Таа ќе ги спаси од страшните измами на ова катастрофално уништувачко време. Сатаната ги наведува проповедниците од разните цркви упорно да се држат за своите популарни заблуди, како што во свое време ги навел и Евреите во својата заслепеност да се држат за жртвите, а во исто време да ја барат Христовата смрт. Отфрлањето на понудената светлина и вистина, ги прави луѓето слепи робови на измамите на сатаната. Доколку е поголема светлината што ќе ја отфрлат, дотолку поголема ќе биде силата на измамата и темнината што ќе ги обземе. {1C 344.2}

Покажано ми е дека припадниците на вистинскиот Божји народ треба да бидат сол на Земјата и светлина на светот. Бог бара од нив постојано да напредуваат на патот на светлината и на познавањето на вистината. Тогаш ќе го забележат секој обид на сатаната да им се приближи и, во Христова сила, ќе бидат во состојба да му се спротивстават. Сатаната ги повикува на помош легионите свои ангели за да го спречи духовното напредување на една единствена душа, и ако некако е можно, да ја оттргне од рацете на Христос. {1C 345.1}

Видов како злите ангели се борат за душите и како Божјите ангели им се спротивставуваат. Тоа е страшна борба. Лошите ангели ја загадуваат атмосферата со своето отровно влијание и се натрупуваат околу тие души за да ја опијат и умртват нивната чувствителност. Светите ангели грижливо бдеат, чекајќи момент да ја натераат на повлекување војската на сатаната. Но, добрите ангели немаат задача да владеат со умот на искушуваните спротивно на нивната волја. Ако овие му попуштат на непријателот и престанат да се спротивставуваат, тогаш Божјите ангели не можат да направат ништо повеќе освен да ги задржат војските на сатаната, искушуваните да не ги уништат, додека не им биде дадена нова светлина за да се пробудат, и од небото да побараат помош. Исус не им дава наредба на светите ангели да ги избавуваат оние што не вложуваат никаков напор за да си помогнат самите на себе. {1C 345.2}

Кога сатаната ќе види дека постои опасност една душа да побегне од неговите раце, тој прави сè што е во негова моќ за да ја задржи. И кога заробеникот, сфаќајќи ја состојбата во која се наоѓа, сесрдно ќе побара помош од Христос, сатаната се плаши дека ќе загуби еден заробеник и ги повикува на помош своите ангели да ја опкружат таа јадна душа и така да формираат околу неа ѕид од темнина, за небесната светлина да не може да допре до неа. Но, ако оној што ќе се најде во таква опасност биде истраен, повикувајќи се во својата беспомошност на заслугите на Христовата крв, Спасителот ќе ја слушне сесрдната молитва упатена со вера и ќе ги прати оние ангели кои со својата сила се надмоќни да го избават. Сатаната не може да опстои кога неговиот моќен Противник ќе биде повикан во помош, бидејќи се плаши и трепери од Неговата сила и Неговото величество. На сесрдно упатената молитва целата војска на сатаната се тресе. За да ја оствари својата цел, тој сепак продолжува да ги повикува своите легиони зли ангели. Но, кога ангелите што се надмоќни и снабдени со небесно оружје ќе дојдат да ѝ помогнат на немоќната и прогонета душа, сатаната и неговите војски се повлекуваат, добро знаејќи дека за нив битката е загубена. Доброволните поданици на сатаната се активни и единствени во заедничката цел. Иако меѓусебно се мразат и војуваат едни против други, сепак ја користат секоја прилика за да ги остварат своите заеднички интереси. Но, големиот Заповедник на небото и Земјата сепак ја ограничува моќта на сатаната. {1С 345.3}

Моето искуство беше уникатно, и со години страдав поради необичните неволји на мојата душа. Духовната состојба на Божјиот народ и мојата поврзаност со Божјото дело често ме притискаа со товар на тага и обесхрабрување што тешко можат да се изразат. Со години на гробот гледав како на место на сладок одмор. Во својата последна визија го прашав мојот ангел чувар зошто морам да поднесувам толку душевни страдања и зошто толку често сум поставена на бојното поле на сатаната. Најсесрдно се молев, ако морам да бидам така тесно поврзана со делото на вистината, барем да бидам ослободена од тие тешки неволји. Моќните Божји ангели располагаат со исклучителна сила, и сесрдно се молев да ме заштитат. {1С 346.1}

Тогаш ми беше покажано како сатаната во нашиот поранешен живот се обидуваше, на сите можни начини, да ја уништи нашата корисност. Многу пати создаваше посебни планови за да нè отстрани од Божјото дело и ги користеше сите можни патишта и средства за да ги оствари тие свои цели; но Божјите свети ангели успеаја да го спречат сето тоа. Видов како при нашите патувања од едно до друго место често ги праќаше своите зли ангели предизвикувајќи инциденти за да го уништи нашиот живот; но светите Божји ангели беа овде за да нè заштитат. Во многу од тие инциденти, мојот живот и животот на мојот сопруг беа во голема опасност и само со чудо бевме спасени. Покажано ми е дека бевме посебна мета на нападите на сатаната токму поради нашата поврзаност со Божјото дело. Кога ја согледав сета грижа што Бог во секој момент ја покажува кон оние што се бојат од Него и Го љубат, бев исполнета со доверба и сигурност во Бога, чувствувајќи се укорена поради честиот недостаток на вера. {1С 346.2}

---

67. ДВЕ КРУНИ

Во визијата добиена во Батл Крик, држава Мичиген, 25 октомври, 1861 година, ми беше покажана оваа земја опкружена со темнина и стушеност. Ангелот рече: „Гледај внимателно!" Потоа ми беа покажани жителите на Земјата. Околу едни се наоѓаа Божјите ангели, додека други беа во потполна темнина, опкружени со зли ангели. Видов една рака како се протега од небото држејќи едно златно жезло. На работ на жезлото се наоѓаше круна, сета опсипана со дијаманти. Од секој дијамант зрачеше блескава, јасна и прекрасна светлина. На круната беа напишани овие зборови: „Среќни се оние што ќе ме задобијат, тие ќе имаат вечен живот". {1C 347.1}

Под оваа круна се наоѓаше уште едно жезло и на него, исто така, се наоѓаше и круна во чија средина беа скапоцени камења, злато и сребро, што исто така одразуваше извесна светлина. Натписот на оваа круна гласеше: „Земно богатство. Богатството е моќ. Сите што ќе ме задобијат ќе имаат чест и слава". Видов мнозина како навалуваат за да ја дофатат оваа круна. Беа мошне бучни. Некои во својата желба и нетрпение како да беа лишени од разумот. Се туркаа едни со други, потиснувајќи ги назад послабите од себе и газејќи ги оние што паѓаа во своето брзање кон круната. Мнозина, зграпчувајќи го богатството содржано во круната, грчевито го држеа не испуштајќи го од својата рака. Главите на некои беа бели како сребро, а лицата избраздени од грижа и вознемиреност. Своите роднини, коска од своите коски и месо од своето месо не ги почитуваа; и додека овие со молбен глас им се обраќаа да им дадат нешто, тие уште поцврсто го држеа своето богатство плашејќи се дека во момент на невнимателност би можеле нешто да загубат или да бидат принудени сепак нешто да им дадат. Своите копнежливи и гладни очи често ги насочуваа кон земната круна, пресметувајќи ги повторно и повторно нејзините драгоцени вредности. Глетки на беда, несреќа и подмолност се појавуваа во тоа мноштво што незаситно копнееше по богатството и потклекнуваше без надеж, додека посилните ги соборуваа послабите кои во очај се повлекуваа. Сепак, ниту овие не се откажуваа лесно од саканата цел, туку целото мноштво деформирани, болни и стари упорно продолжуваше во својата борба да дојде до овоземната круна. Некои и умираа во своите залудни копнежи да стигнат до неа. Некои паднаа токму во моментот кога таа им беше на дофат на раката. Мнозина паднаа кога веќе цврсто ја држеа во своите раце. Телата на мртвите ја покрија земјата, но толпата продолжи напред газејќи преку паднатите мртви тела на своите сопатници. Секој кој ќе успееше да дојде до круната стекнуваше право на привилегиите што произлегуваат од тоа, и сите заинтересирани околу него гласно му аплаудираа. {1C 347.2}

Огромното мноштво зли ангели беа многу зафатени. Сатаната беше среде нив и сите со задоволство ликуваа, гледајќи го мноштвото луѓе, кои се напрегнуваа да стигнат до круната. Се чинеше дека тој најмногу ги маѓепсува оние што најмногу жеднееја по круната. Мнозина од оние што се стремеа кон земната круна исповедаа христијанство. Некои од нив, очевидно поседуваа и извесна светлина. Тие копнежливо го свртуваа својот поглед и кон небесната круна и често беа восхитени од нејзината убавина, но немаа вистинска претстава за нејзината вредност и слава. Додека со едната рака жедно посегнуваа кон небесната круна, другата копнежливо ја испружуваа кон земната, решени никако да не ја испуштат; и во својата силна желба и трчање кон овоземното го загубија од вид небесното. Иако поради тоа останаа во темнина и допирајќи со рацете го бараа патот, сепак ревно се бореа за овоземната круна. На некои им стана одвратно гледајќи го мноштвото што така побеснето се напрегнуваше. Кога станаа свесни за опасноста во која се наоѓаат, тие се одвоија од нив и почнаа сесрдно да копнеат кон

небесната круна. Изразот на нивното лице наскоро, наместо мрак и стушеност, почна да одразува светлина, ведрина и света радост. {1C 348.1}

Тогаш видов една група како се пробива низ мноштвото, чии очи беа постојано насочени кон небесната круна. Додека тие ревно се пробиваа низ раздвиженото мноштво, ангелите одеа со нив и им го пробиваа патот. Додека така се приближуваа кон небесната круна, светлината што зрачи од неа ги осветли, растерувајќи ја темнината, блескајќи сè посилно и посилно, така што тие изгледаа препородени и слични на ангелите. Тие не го свртеа ниту еднаш својот поглед кон земната круна. Тогаш оние што трчаа кон земната круна почнаа да им се потсмеваат фрлајќи на нив некои црни топки. На оние чии очи беа постојано насочени кон небесната круна тие топки не можеа да им направат ништо, но на оние што обрнуваа внимание на тие црни предмети ги погодуваа оставајќи на нив црни дамки. Укажано ми е на библиските стихови: {1C 349.1}

„Не собирајте богатства на земјата, каде што ги јаде молецот и ‘рѓата, и каде што крадците ги поткопуваат и крадат; но собирајте си богатства на небото, каде што ни молец, ниту ‘рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат. Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше. Светило за телото е окото. И така, ако твоето око биде здраво и целото твое тело ќе биде светло; ако пак твоето око биде лошо, целото тело ќе ти биде темно. И така, ако светлината, што е во тебе е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината? Никој не може да им слугува на двајца господари: зошто, или едниот ќе го замрази, а другиот ќе го засака; или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе го презре. Не можете да им служите на Бога и на Мамон” (Матеј 6:19-24). {1C 349.2}

Тогаш она што го видов ми беше објаснето на следниот начин. Мноштвото што толку жедно тежнееше кон земната круна го сочинуваат оние што ги сакаат богатствата на овој свет и се прелажуваат со нивните лажни и краткотрајни привлечности. Видов дека и некои од т.н. Христови следбеници се толку амбициозни во борбата да стекнат овоземни богатства така што ја губат љубовта кон она што е небесно, постапувајќи исто како и останатиот свет. Таквите Бог не ги смета дека се поразлични од неверниците во светот. Тие тврдат дека копнеат кон небесната круна и богатството на небото, меѓутоа нивниот интерес и главна грижа е како да стекнат овоземни богатства. Оние чиешто богатство е на овој свет и кои со своето срце се поврзани за своето богатство, не можат да имаат љубов кон Исус. Тие можат да мислат дека се исправни пред Бог, но држејќи се така грчевито како најголеми циции за своите имоти, тие не можат да согледаат дека парите им се подраги од Божјото дело или небесното богатство. {1C 350.1}

„И така, ако светлината што е во тебе е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?” Имало моменти во животот на таквите кога им била дадена светлина, но тие не ја ценеле и таа се претворила во темнина. Ангелот кажа: „Не можете да го сакате земното богатство и да му служите, а во исто време да го поседувате и небесното вечно богатство”. Кога богатиот младич дошол кај Христос и го прашал: „Учителе добар, што треба да направам за да добијам вечен живот?” Исус му препуштил самиот да избере: ќе сака ли да се одвои од својот имот и да го заслужи вечниот живот, или да го задржи својот имот, а да го загуби вечниот живот. За него, овоземното богатство било повредно од небесното богатство. Условот дека мора да се откаже од своето богатство и да им го даде на сиромашните за да може да стане Христов следбеник и да го задобие вечниот живот не бил во согласност со желбите на неговото срце и затоа нажален си отишол. {1C 350.2}

Оние што ги видов во визијата како бучно се борат за овоземната круна ги претставуваат оние што не бираат никакви средства во стекнувањето на имот. Тие се

просто луди по тоа. Сите нивни мисли и енергии се насочени кон тоа да стекнат овоземно богатство. Тие ги фрлаат под своите нозе правата на другите, ги експлоатираат сиромашните и му ја скусуваат на наемникот неговата заработувачка. Ако на сметка на оние што се посиромашни и помалку итри од нив тие можат да го зголемат своето богатство, тие ниту за момент нема да се притеснуваат да ги угнетуваат, па дури и да ги доведат до просјачки стап. {1C 350.3}

Луѓе со седи глави и лица избраздени од грижи, што ги видов во визијата, кои и покрај својата изнемоштеност жедно се стремат кон богатството на земната круна, ги претставуваат старците и стариците на кои им преостануваат само уште неколку години од животот, но сепак, сè уште скржаво го чуваат своето овоземно богатство. И колку повеќе се приближуваат кон гробот тие сè погрчевито се држат за него. Од тоа богатство немаат никаква корист ниту нивните најблиски роднини. Тие дозволуваат дури и членовите на нивните семејства да се напрегнуваат преку своите сили за да заработат нешто пари. Парите што ги натрупале не сакаат да ги трошат за ничие, па дури ниту за свое добро. Се задоволуваат само со сознанието дека имаат сè повеќе и повеќе пари. Кога ќе им се укаже на должноста да им помогнат на сиромашните во нивните потреби и да помогнат во напредокот на Божјото дело, тоа ги разжалостува. Со задоволство го прифаќаат вечниот живот како дар од Бога, но не се подготвени ништо да жртвуваат поради тоа. Условите што Бог ги поставил им изгледаат премногу тешки. Авраам, меѓутоа, бил подготвен да го жртвува и својот син единец. Во својата послушност кон Бог тој со поголемо задоволство се сложил да го жртвува тоа дете на ветувањето, отколку што мнозина денес се сложуваат да жртвуваат нешто од својот земен имот кога ќе се побара од нив. {1C 351.1}

Болно сум погодена кога ќе ги видам оние кои секој ден би можеле да бидат сè поподготвени за славата на бесмртноста, како се напрегнуваат со сите сили за да го задржат своето овоземно богатство. Видов дека таквите не ја сфаќаат вредноста на небесното богатство. Преголемата наклоност кон сето она што е овоземно ги наведува со своите дела да покажат дека не се подготвени да жртвуваат ништо за да го добијат небесното наследство. Богатиот младич ја изразил својата подготвеност да ги држи Божјите заповеди, но нашиот Спасител го потсетил на она што му недостасувало. Тој го сакал вечниот живот, но повеќе од тоа го сакал својот имот. Мнозина се измамуваат самите себе. Тие не ја истражуваат вистината како сокриено богатство. Своите сили не ги користат на најдобар начин. Иако во својата душа би можеле да бидат осветлени со небесна светлина, тие остануваат збунети и ожалостени. „Грижите на овој свет и измамите на богатството го задушуваат словото и останува без род!” „Таквите,” кажа ангелот, „нема да имаат изговор”. Видов како светлината се повлекува од нив. Тие не сакаат да ги сфатат сериозните и значајните вистини за ова време, мислејќи дека се доволно добри и без тоа. Светлината што ги осветлувала ја снемува и тие талкаат во темнината. {1C 351.2}

Мноштвото деформирани и болни што ги видов како се туркаат околу земната круна, ги претставуваат оние чии интереси и богатство се наоѓаат на овој свет. Иако разочарувања и неуспеси ги следат на секој чекор, тие својата љубов не ја посветуваат на небото, ниту настојуваат таму за себе да си осигурат дом и богатство. Тие не успеваат да насоберат богатство на Земјата, но во својот непрекинат копнеж по него, го губат и небесното. Иако разочарувањето, несреќниот живот и смртта се сето она што успеваат да го постигнат оние што целиот свој живот го посветуваат на стекнување земно богатство, сепак мнозина продолжуваат по тој ист пат. Тие лудо го продолжуваат својот

поход, не осврнувајќи се воопшто на бедниот крај на оние чиј пример го следат. {1C 352.1}

Оние што ги видов како сепак успеваат да ја дофатат земната круна и примаат аплаузи од останатите, ги претставуваат оние што во стекнувањето на овоземно богатство - што и била единствена цел на нивниот живот - успеале. Тие ја примаат честа што овој свет им ја укажува на богатите, уживаат почитување во светот, имаат углед и влијание. Сатаната и злите ангели се задоволни, знаејќи дека ваквите се потполно на нивната страна и дека, додека живеат во бунт против Бога, ќе бидат нивни успешни помошници. {1C 352.2}

Оние на кои им стана одвратно да одат со мноштвото што се напрегаше да ја досегне земната круна, ги претставуваат оние што согледуваат каков е животот и крајот на сите што се борат за овоземно богатство. Тие сфаќаат дека таквите не само што никогаш не се задоволни, туку се и несреќни, и тоа ги наведува да се пробудат, да се одвојат од тие несреќници и да почнат да го бараат вистинското и непропадливо богатство. {1C 352.3}

Оние што ги видов како во друштво на ангелите се пробиваат низ мноштвото, стремејќи се кон небесната круна, ги претставуваат верните припадници на Божјиот народ. Нив ги предводат ангелите инспирирајќи ги со желба ревно да се борат за небесното богатство. {1C 353.1}

Црните топки што беа фрлани на светите, ги претставуваат навредите и невистините што за Божјиот народ ги шират оние ја сакаат и творат лагата. Да настојуваме најсердно да живееме беспрекорен живот, чувајќи се дури и од она што изгледа дека е зло, а потоа да одиме храбро напред, не осврнувајќи се на навредите, срамотењето и лагите што за нас ги шират безбожниците. Додека праведниците својот поглед го држат постојано насочен кон непроценливото небесно богатство, тие стануваат се послични на Христос, и благодарение на тоа ќе бидат преобразени и подготвени за вознесување. {1C 353.2}

---

68. ИДНИНАТА

При своето преобразување, Христос бил прославен од страна на својот Татко. Да слушнеме што кажува Тој за тоа: „Сега се прослави Човечкиот Син и Бог се прослави во Него". Со тоа, Тој бил закрепнат и зајакнат за страшните страдања што го очекувале за време на предавството и распнувањето. Кога припадниците на Христовата црква ќе се приближат кон периодот на својот последен судир - времето на „Јакововите маки," тие ќе достигнат раст на совршенство во Христос и ќе ја примат полнината на Неговиот Дух. Кога пораката на Третиот ангел ќе прерасне во гласен повик и кога завршетокот на делото ќе биде пратен со голема сила и слава, припадниците на верниот Божји народ ќе учествуваат во таа слава. Тие ќе поминат низ времето на неволјата освежени и закрепнати со позниот дожд. Нивните лица ќе бидат осветлени со онаа слава што го следи третиот ангел. {1C 353.3}

Видов дека Бог на чудесен начин ќе ги сочува припадниците на Својот народ за време на неволјата. Како што Христос се молел во Своето душевно страдање во Гетсиманија, така тие со најсердни молитви, ден и ноќ, ќе преколнуваат за ослободување. Од нив, со општ декрет и закана со смртна казна, ќе се бара наместо

саботата од четвртата заповед да го празнуваат првиот ден; но тие нема да се согласат со почитување на институцијата на папството да ја погазат Господовата сабота. Војските на сатанските ангели и безбожните луѓе ќе ги опколат од сите страни и ќе ликуваат над нив, бидејќи ќе изгледа дека се наоѓаат во потполно безизлезна положба. Но среде нивниот триумф и ликување, почнуваат најстрашни грмежи. Небото се прекрива со црни облаци, и само на едно единствено место се појавува блесок на светлина и неопишлива небесна слава. Одовде допира гласот на Творецот од Неговото свето живеалиште. {1C 353.4}

Земјата почнува да се тресе од своите темели, градбите се лулаат и со страшен тресок се уриваат на земјата, водата во морињата почнува да врие како во зовриен лонец, и целата Земја е во страшна вознемиреност. Заробеништвото на праведниците засекогаш престанува и тие со мил и свечен глас си дошепнуваат едни на други: „Ние сме слободни. Ова е Божјиот глас!" Со свечено стравопочитување тие продолжуваат да го слушаат словото на Божјиот глас. И безбожниците слушаат, но воопшто не можат да ги разберат зборовите на Божјиот глас. Тие треперат во најголем страв додека светите се радуваат. Сатаната и неговите ангели, заедно со безбожниците кои до пред малку ликуваа затоа што Божјиот народ се наоѓа во нивна власт осуден да биде збришан од лицето на земјата, сега се очевидци на славата подарена на оние што го почитувале Божјиот свет закон. Тие ги гледаат лицата на праведниците како се осветлени од светлината која доаѓа од Христовото лице. Оние кои толку посакувале да ги уништат светите, сега не можат да ја издржат славата и светлината која свети од ослободените и како мртви паѓаат на земјата. Сатаната и неговите ангели бегаат, бидејќи не можат да ги гледаат светите во нивната слава. Нивната моќ да ги мачат и малтретираат веќе е засекогаш уништена. {1C 354.1}

Број девет

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

69. БУНТ ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ*

Страшната состојба во која се наоѓа американската нација ги повикува припадниците на Божјиот народ на длабока понизност. Умот на секој поединец денес треба да биде обземен со прашањето од најголемо значење: дали сум подготвен за Господовиот ден? Можам ли да опстанам во времето на проба што ми претстои? {1C 355.1}

Видов дека Бог ги чисти и проверува припадниците на Својот народ. Тој ќе ги пречистува како што златото се пречистува во оган сè додека не изгори сиот плевел, така што во нив ќе може да се види Христовиот лик. Немаат сите дух на самоодрекување и подготвеност да поднесуваат неволји и да страдаат за вистината, како што тоа Бог со право од нив го очекува. Тие не ја потчинуваат својата волја на Божјата волја, и не се посветуваат до таа мера, творењето на Неговата волја да им причинува најголемо

задоволство. Духовност и вистинска побожност им недостасува и на проповедниците и на народот. Сè што може да се изрешета треба да биде изрешетано. Божјиот народ ќе биде изложен на најтешки положби и сите ќе мора да бидат проверени, вкоренети и утврдени во вистината, или сигурно ќе застранат од вистинскиот пат. Ако Бог со Своето постојано присуство е утеха и поддршка на нашата душа, ќе издржиме, колку и да е патот мрачен и трнлив, бидејќи темнината наскоро ќ е ја снема и вистинската светлина засекогаш ќе засветли. Стиховите од книгата на пророкот Исаија 58:1-15; и Еремија 14:10-12 ми се прикажани како опис на сегашната состојба на американската нација. Народот од оваа нација го отфрли и заборави Бога. Луѓето си избраа други богови и продолжија по своите зли патишта сè додека Бог не се сврте од нив. Жителите на оваа земја го погазија Божјиот закон и го раскинаа вечниот завет. {1C 355.2}

Покажано ми е возбудувањето што меѓу нашиот народ го предизвика статијата под наслов „Нацијата" објавена во списанието Преглед. Едни го сфатија на еден, а други на друг начин. Потполно јасното излагање беше извртувано и на текстот му е придавана смисла што писателот ја немал во своите мисли. Тој тоа го прикажал во најдобрата светлина што тогаш ја имал. Беше неопходно нешто да се каже. Вниманието на мнозина беше свртено кон оние што ја почитуваат саботата поради тоа што беа незаинтересирани за војната и не одеа во војната како доброволци. На некои места дури постоеше мислење дека тие се на страната на бунтовниците. Дојде времето да се изнесе нашиот вистински став по прашањето на ропството и бунтот. Беше потребно мудро да се постапува за да се отстранат сомневањата кои постоеја кон оние што ја почитуваат саботата. Моравме да бидеме многу внимателни. „Ако е можно, колку стои до вас, бидете во мир со сите луѓе". Во настојувањето да го послушаме овој совет, ние не мораме да жртвуваме ниту едно начело на нашата вера. Сатаната и неговите војски се во постојана војна против оние што ги држат Божјите заповеди, и тие работат на тоа да ги доведат во тешка положба. Затоа не треба со своето невнимание самите да се изложуваме на такви искушенија. {1C 356.1}

Покажано ми е дека некои, во поглед на споменатата статија, беа многу невнимателни. Таа статија можеби не одговараше во секој поглед на нивните сфаќања, но наместо мирно да го разгледаат целото прашање, осветлувајќи го од сите страни, тие се возбудија, почнаа да разговараат за тоа, а некои дури почнаа и да пишуваат впуштајќи се пребрзо во заклучоци што не би ја издржале повнимателната критика. Поведувајќи се по своите бунтовни чувства, го направија токму она на што сатаната постојано ги наведува. {1C 356.2}

Во Ајова со тоа се одеше толку далеку, така што тоа ги доведе до фанатизам. Тие ревнувањето и фанатизмот погрешно го толкуваа како совесност. Наместо според разумот и здравото расудување тие се раководат според своите чувства. Тие се подготвени да станат и маченици за својата вера. Меѓутоа, дали сите тие чувства ги водат поблиску до Бог и во поголема понизност пред Него? Дали тоа ги наведува да се предадат на Бога осведочени дека Тој со Својата сила може да ги ослободи од мачната положба во која западнаа? О, не! Наместо своите молитви да ги упатуваат само на небесниот Бог потпирајќи се само на Неговата сила, тие се обраќаат кон надлежните владетели и не се поддржани. Со тоа само ја покажуваат својата слабост и недостатокот на вера. Сето тоа придонесе на оние што ја почитуваат саботата да се гледа како на чуден народ, да се сврти вниманието кон нив и во разни места да се изложат на притисокот на оние што и така и така не ги сакаат. {1C 356.3}

Некои се секогаш подготвени да изнаоѓаат грешки и да се жалат на секоја ситница. Малкумина беа оние што во тие најмачни денови имаа мудрост да размислуваат без предрасуди и отворено да кажат што треба да се прави. Покажано ми е дека оние што истапуваат и така одлучно зборуваат против војната обврска не знаат што зборуваат. Кога би биле повикани во војска, и одбивајќи да се покорат би биле изложени на опасност од затвор, мачење, па дури и смрт, тие би потклекнале, сфаќајќи дека се неподготвени за таква неприлика. Тие не би можеле да го издржат испитувањето на нивната вера, а тоа што го сметале за вера би се покажало дека е само фанатичко претерување. {1C 357.1}

Оние што се подготвени, доколку тоа е потребно, со поголемо задоволство да го жртвуваат животот отколку да бидат непослушни на Бог, најмалку зборуваат. Таквите не се фалат. Тие длабоко чувствуваат, многу размислуваат и упатуваат најсесрдни молитви кон небото барајќи мудрост за исправно да постапуваат и благодат за да истрајат. Оние кои во Божји страв сметаат дека нивната совест не им дозволува да учествуваат во оваа војна, ќе бидат мошне ќутливи, а кога ќе бидат запрашани, едноставно ќе го кажат она што мораат да го кажат на оној што им поставува такво прашање, и тогаш јасно ќе се види дека тие немаат никаква наклоност кон овој бунт. {1C 357.2}

Во редовите на оние што ја празнуваат саботата има и такви кои се наклонети кон робовладетелите. Кога ја прифатиле вистината не се ослободиле од сите заблуди што требало да ги отфрлат. На нив им е неопходно попотполно сознание од чистиот извор на вистината. Некои ги задржале своите стари политички предрасуди кои не се во согласност со начелата на вистината. Тие тврдат дека робот е сопственост на господарот и дека не треба да му се одзема таа сопственост. Споредувајќи ги тие јадни робови со стоката, тие тврдат дека господарот ќе биде оштетен ако му биде одземен робот исто како што би бил оштетен и кога би му ја одзеле стоката. Покажано ми е дека нема никакво значење тоа колку господарот го платил својот роб; Бог не му дава никакво право да биде сопственик на друго човечко суштество и тој нема никакво право робовите да ги смета за своја лична сопственост. Христос умрел за сите припадници на човечкиот род, без оглед на тоа дали се тие бели или црни. Бог го создал човекот да биде морално слободно суштество, независно дали е тој со бела или црна боја на кожата. Со институцијата на ропството тоа е отфрлено, а на човекот му е дозволено да применува власт над своите ближни која Бог никогаш не му ја дал, и која му припаѓа само на Бога. Робовладетелот дрско се осмелува над своите робови да ја презема одговорноста што му припаѓа само на Бога, и затоа пред Бог ќе биде одговорен и за гревовите, незнаењето и пороците на своите робови. Тој ќе биде повикан да даде сметка за власта со која господарел над робовите. И припадниците на обоената раса се Божја сопственост. Само Творецот е нивен Господар, и оние што се осмелуваат да ги држат во пранги телото и душата на своите робови, држејќи ги во понижена положба како стоката, ќе примат плата според своите дела. Божјиот гнев, иако сè уште се одложува, нема да изостане и ќе се излие неизмешан со милост. {1C 358.1}

Некои се толку невнимателни што јавно ја покажуваат својата наклонетост кон робовладетелскиот систем, систем кој не е од небесно потекло туку произлегува од доминацијата на сатаната. Со таквите свои зборови и постапки тие немирни духови му нанесуваат срам на Божјото дело. Го наведувам овде текстот упатен до братот А од областа Освег, држава Њујорк: {1C 358.2}

„Покажано ми е дека во врска со некои прашања ти се прелажуваш самиот себе. На непријателите на нашата вера им даваш повод да ги хулат и срамотат поборниците на

саботата. Со своите непромислени постапки ти им ги затвораш ушите на оние што би сакале да ја слушнат вистината. Покажано ми е дека ние треба да бидеме мудри како змии а безопасни како гулаби. {1C 359.1}

Сатаната бил првиот голем водач на бунтот. Бог го казнува Северот затоа што дозволи проклетството на ропството толку долго да опстане, бидејќи ропството во очите на небото е грев со најмрачни последици. Бог не е ниту со оние од Југ и на крајот и нив страшно ќе ги казни. Сатаната е поттикнувач на секој бунт. Брате А, покажано ми е дека дозволи твоите политички гледишта да го уништат твоето расудување и твојата љубов кон вистината. Тоа ја уништува вистинската побожност во твоето срце. Ропството како институција никогаш не си го согледал во вистинска светлина и твоите гледишта по тоа прашање те турнаа на страната на бунтот што го поттикнуваат сатаната и неговите помошници. Твоите погледи за ропството не се во согласност со светата и толку значајна вистина на нашето време. Мораш да ги отфрлиш или своите погледи или вистината. Овие две спротивности не можат да живеат во едно исто срце, бидејќи се во постојана меѓусебна војна. {1C 359.2}

Тоа сатаната го поттикнува во тебе и нема да те остави на мир се додека потполно не застанеш на страната на силата на темнината, поткрепувајќи ги на тој начин рацете на безбожниците кои се под Божје проклетство. Го искористи своето влијание на погрешна страна, залагајќи се за оние чие животно дело е да сеат трње и да им нанесуваат несреќа на другите. Видов дека го губиш своето влијание затоа што се заложуваш за едно деградирано општество, општество што го отфрла Бога и кое Неговите ангели со негодување го напуштаат. Видов дека си потполно измамен. Да ја следеше светлината што Бог ти ја даде и да ги слушаше упатствата и советите на своите браќа, ќе ја спасеше својата душа, а драгоценото дело на вистината ќе беше поштедено од срам. Но, и покрај сета светлина што ти беше дадена ти јавно ги покажуваше своите чувства. Ако не раскинеш со тоа што го правеше, Божјиот народ ќе биде должен јавно да те лиши од својата наклоност и да те исклучи од членството, за да се спаси угледот што како народ мораме да го чуваме. Мораме јавно да кажеме дека таквите не се веќе членови на нашата црква и дека со нив немаме ништо заедничко. {1C 359.3}

Ти го загуби посветувачкото влијание на вистината. Ја раскина својата врска со небесните ангели. Стапувајќи во сојуз со првиот голем бунтовник ти го предизвикуваш Божјиот гнев против себе, бидејќи поради тоа Неговото свето дело е изложено на срам и вистината станува одвратна во очите на неверниците. Му нанесе болка на Божјиот народ и го презре советот на Неговите претставници на Земјата кои соработуваат со Него и во Христово име ги повикуваат душите да се помират со Бог. {1C 360.1}

Покажано ми е дека како Божји народ мораме да бидеме многу повнимателни во поглед на влијанието што го вршиме на својата околина. Мораме да внимаваме на секој свој збор. Кога со зборови или со дело се ставаме на почвата на непријателот ние ги гониме светите ангели, а ги охрабруваме и привлекуваме злите ангели да се натрупуваат околу нас. Токму тоа го правиш ти, брате А. Со својот невнимателен став и со своето самоволие ги наведуваш неверниците со недоверба да гледаат на сите што ја почитуваат саботата. Покажано ми е дека зборовите: „Кој вас ве слуша, Мене ме слуша, и кој од вас се одрекува, од Мене се одрекува, а кој се одрекува од Мене, се одрекува и од Оној што ме испрати, се однесуваат на Божјите слуги. Бог нека ти помогне мој заблуден брате, да ја согледаш својата вистинска состојба, за да може повторно да ја задобиеш наклоноста и љубовта на црквата”. {1C 360.2}

Нашето царство не е од овој свет. Ние очекуваме нашиот Господ да дојде од небото со сила и слава, да ги укине сите овоземни сили и власти и да го воспостави Своето вечно царство. Земните власти и сили се мошне разнишани и не можеме, ниту треба да очекуваме да постои слога меѓу народите во светот. Положбата на сегашната генерација е, според ликот што го видел Навуходоносор, прикажана со меѓусебно раздвоени прсти на нозете, кои се составени од толку трошен материјал што не е можно да се одржат заедно. Пророштвото покажува дека големиот Божји ден е мошне близу, и дека нагло се приближува. {1C 360.3}

Според она што ми е покажано, наша должност е во сè да се покоруваме на законите на својата земја, освен кога тоа е во спротивност со повисоките заповеди што Бог ги изговорил со јасен глас од планината Синај, а потоа со Својот прст ги запишал на камен. „Ќе ги ставам Моите закони во нивните мисли и ќе ги напишам во срцата нивни, и ќе им бидам Бог, и тие ќе бидат Мој народ". Оние, кај кои Божјиот закон е запишан во нивното срце, со поголемо задоволство ќе Му се покоруваат на Бог, отколку на луѓето и попрво ќ е ја откажат својата послушност на секој човек, отколку и најмалку да отстапат од Божјите заповеди. Поучени од вдахновеното Слово и водени од сознанието дека треба да живееме според секој Божји збор, припадниците на Божјиот народ ќе го сметаат Неговиот закон, кој е всушност запишан во нивното срце, за единствен авторитет што тие можат да го признаат и доследно да му се покоруваат. Мудроста и меродавноста на Божјиот закон е над сè друго. {1C 361.1}

Покажано ми е дека припадниците на Божјиот народ, кои претставуваат Негово посебно богатство, не можат да учествуваат во оваа кобна војна, бидејќи тоа е во спротивност со сите начела на нивната вера. Тие за време на својата служба во војската не можат во исто време да се покоруваат на вистината и на наредбите на своите претпоставени. Тие во тој случај би морале постојано да ја газат својата совест. Луѓето од овој свет се водат според принципите на светот. Тие не ги уважуваат, ниту можат исправно да ги сфатат другите. Светската политика и јавното мислење се начела според кои тие се раководат во своите постапки и заклучоци во врска со тоа што е исправно, а што не е. Но, припадниците на Божјиот народ не можат да се раководат од таквите побуди. Она што одвнатре ги поттикнува и ги наведува да бидат послушни и да се покоруваат се Словото и Божјите заповеди запишани во душата, кои претставуваат дух и живот. Десетте заповеди на Јехова претставуваат основа на сите праведни и добри закони. Оние што ги љубат Божјите заповеди ќе се прилагодат на секој добар закон на својата земја. Меѓутоа, ако барањата на властите доаѓаат во судир со Божјите закони, единствено прашање што во тој момент треба да биде решено е: дали да се покоруваме на Бог или на човек? {1C 361.2}

Како последица на долготрајниот и сè поизразен бунт против небесното устројство и Божјите закони, смрт и темнина како мртовечка прекривка ја прекрива Земјата. Земјата се тетерави под товарот на натрупаните гревови и смртниците на сите страни се принудени да го поднесуваат проклетството кое е неизбежна последица на гревовите. Покажано ми е дека луѓето, остварувајќи ги со своето лукавство и лажење намерите на сатаната, го предизвикаа страшниот удар на несреќата што неодамна ги снајде. Со право може да се каже: „Правдата стои далеку, зашто вистината падна на улицата и правдата не може да помине... и секој што се отстранува од злото станува плен". Во некои од т.н. слободни држави мерилото на моралот паѓа сè пониско и пониско. На луѓето со изопачени желби и нечесен живот им се дава можност да триумфираат. За владетели се избираат непринципиелни и нечесни луѓе кои немаат сила да се спротивстават на злото

што постои и на желбите на изопачените луѓе, туку им дозволуваат да прават сè што сакаат. Ако само оние што под влијание на алкохолот се спуштаат на ниво на животни и би биле единствените кои страдаат поради тоа, и кога само тие би ги жнееле плодовите на своите постапки, злото не би било толку големо. Меѓутоа, многу се оние, навистина многу, кои се принудени да поднесуваат неописливи страдања поради нивните гревови. Жените и децата на таквите, иако невини, чашата на горчината често мораат да ја испијат до дното. {1C 362.1}

Лишени од Божјата благодат, луѓето имаат склоност да прават само зло. Тие талкаат во темнината и немаат сила да владеат со себе. Попуштајќи на своите страсти и желби тие ги губат сите благородни чувства и стануваат слични на животни. На таквите им е неопходна некоја повисока владетелска сила просто да ги принуди на покорност. Ако владетелите не применат сила за да влеат страв во овие злосторници, тие ќе се спуштат на ниво на животни. Изопаченоста во светот станува сè поголема и поголема. {1C 362.2}

Мнозина беа заслепени и потполно измамени на последните избори и благодарение на тоа на власт се доведени луѓе кои се потполно слепи за неправдите, кои мирно можат да го гледаат појавувањето на злото и присуството на човечките страдања, луѓе со изопачени начела, чии симпатии се на страната на Југот и кои сакаат системот на ропството да остане таков каков што е. {1C 363.1}

На најистакнатите положби во војската на Северот се наоѓаат луѓе кои се бунтовници во своето срце и во чии очи животот на еден војник не вреди повеќе од животот на еден пес. Тие можат мирно и без никакво возбудување да гледаат како Илјадници од тие луѓе се растргнати на парчиња, остануваат доживотни инвалиди или умират во големи маки. Офицерите на армијата од Југот постојано добиваат информации за плановите на војската од Северот. На офицерите од војската на Северот им се доставувани точни извештаи за движењето и приближувањето на бунтовниците, но сите тие информации со презир се отфрлани само затоа што оние што ги доставувале информациите биле црнци. Поради тоа, силите на заедничката држава биле изненадени и потполно разбиени, или што е уште полошо, мнозина од несреќните војници биле заробени и изложени на мачење полошо и од смртта. {1C 363.2}

Да имаше слога во војската на Северот, бунтот брзо би бил совладан. Бунтовниците знаат дека во војската на Северот има многу луѓе кои им се наклонети. Страниците на историјата стануваат се поцрни и поцрни. Предани и честити луѓе кои немаа никаква наклоност кон бунтот, ниту се за системот на ропството што го предизвика овој бунт, беа вовлечени во тоа. Нивното влијание е искористено за на власт да се доведат луѓе со сосема спротивни гледишта. {1C 363.3}

Сè се подготвува за големиот ден на Божјиот суд. На жителите на Земјата не им останува уште многу време да ја преполнат чашата на своето беззаконие, и тогаш Божјиот гнев, кој толку долго е одложуван, конечно ќе пламне, и оваа земја ќе мора да ја испие чашата на Божјиот гнев неизмешан со милост. Со сила што сотрува и уништува, Бог ќе ја опустоши земјата. Меч, глад и заразни болести ќе ги истребат жителите на оваа Земја. {1C 363.4}

Многу луѓе на одговорни положби, војсководители и офицери постапуваат во согласност со упатствата добиени со посредство на духови. Ѓаволски духови, прикажувајќи се како духови на војници и славни војсководители кои веќе не се меѓу живите им се јавуваат на владетелите и контролираат многу од нивните потфати. Еден војсководител, прифаќајќи такво упатство извел посебен маневар и тоа му овозможило ласкави надежи за успех. Друг примил упатства кои во потполност се разликувале од

оние дадени на првиот. Понекогаш оние што се раководат според ваквите упатства задобиваат победа, но најчесто се случува да доживеат пораз. {1C 363.5}

Тие духови понекогаш на луѓето на водечките положби им даваат исцрпни информации за настаните што ќе се случат во текот на битката што им претстои, како и за поединците што ќе бидат убиени. Понекогаш и се остварува тоа што овие духови го кажале и тоа уште повеќе ја утврдува верата на оние што веруваат во манифестација на духови. Следниот пат, меѓутоа, се покажува дека добиените информации не се точни, но духовите на измамата изнаоѓаат некои објаснувања што обично се прифаќаат. Измамата во која на таков начин ќе западнат е толку силна така што мнозина од измамените не се во состојба да проникнат во измамите на овие лажни духови што ги водат во неизбежна пропаст. {1C 364.1}

Врховниот водач на бунтот, сатаната, мошне добро е упатен во водењето на оваа војна, и тој им наредува на своите ангели да земат лик на некој од паднатите војсководители, да ги имитираат нивните манири, да ги покажат познатите црти и особини на нивниот карактер. И на таков начин, водечките луѓе во војската вистински веруваат дека ги водат пријателските духови на нивните загинати војници кои се сметаат за татковци на оваа револуционерна војна. Да не беа под најсилниот занес на таа измама, ќе се осведочеа дека тие наводни воени херои, кои божем се наоѓаат на небото, не ги манифестираат добро и успешно своите воени вештини, или заборавиле поради што на Земјата биле толку славни. {1C 364.2}

Водечките луѓе во оваа војна наместо да се потпрат на Израеловиот Бог насочувајќи ги и своите војници да се доверат на Оној кој единствено може да ги ослободи од нивните непријатели, најчесто за совет се обраќаат на кнезот ѓаволски и нему му ја подаруваат својата доверба. (Второзаконие 32:16-22). Ангелот кажа: „Како Бог може да им подари успех и напредок на припадниците на таков народ? Да се потпреа со потполна доверба на Него, очекувајќи Тој да им помогне заради Своето славно име, Тој тоа со задоволство би го сторил”. {1C 364.3}

Покажано ми е дека Бог нема да дозволи војската на Северот потполно да биде предадена во рацете на бунтовниците, бидејќи тие во потполност би ја уништиле. Укажано ми е на стиховите од Второзаконие 32:26-30: „Јас реков: во прав ќе ги сторам, споменот за нив меѓу луѓето, Јас ќе го збришам; само се плашев од злобата непријателска; да не се излажат противниците негови, па да кажат: Победата е наша; не е тоа од Господовата рака направено! Зашто се сој безрасуден, народ без ум. Само малку ум да имаа, лесно ќе ја сфатеа иднината своја; Како би можел еден да гони илјада и двајца - десет илјада, ако нивниот Бог не би ги предал, и Господ не би ги дал?” {1C 365.1}

Во војската има генерали кои се потполно предани на својот повик, и со сите сили се трудат да го запрат тој страшен бунт и таа неприродна војна. Но повеќето офицери и водечки луѓе имаат свои себични цели и си служат на себе си. Секој ја гледа само својата сопствена корист и мнозина од чесните и решителни војници поради тоа стануваат малодушни и обесхрабрени. Тие благородно ги извршуваат своите задачи кога ќе се најдат во судир со непријателот; меѓутоа третманот што го доживуваат од своите старешини е навистина брутален. Меѓу војниците има луѓе со исклучително префинети чувства и самостоен дух. Тие не се навикнати да се мешаат со толку унижени луѓе кои војната ги собира на едно место и ги принудува да живеат заедно, и не се навикнати со нив да се постапува така тирански и нечовечки како со животни. Тие многу тешко го поднесуваат сето тоа. Мнозина од офицерите се многу свирепи според својата природа

и кога ќе им се даде авторитет, тоа е за нив вистинска прилика дивјачки да се изживуваат со потчинетите. Тие ги угнетуваат своите потчинети исто така како што робовладетелите на Југот ги угнетуваат своите робови. Поради тоа е многу тешко да се придобијат луѓе за војска. {1C 365.2}

Во некои случаи, кога војсководителите ќе се најдат во најстрашен судир и кога војниците паѓаат како снопови, засилувањето во луѓе во вистински момент би донело сигурна победа. Но другите генерали ниту малку не се загрижени поради толку големиот број загубени животи и наместо да им притрчат во помош на оние што се на борбена положба - со кои имаат заеднички интерес - тие ги лишуваат од потребната помош, плашејќи се дека честа за успешното одбивање на нападот нема да им припадне на нив туку на некој друг. Во својата завист и љубомора, тие дури ликуваат кога непријателот ќе задобие победа, потиснувајќи ги силите на Унијата. Јужњаците покажуваат пеколен дух во овој бунт, но и оние од Северот не се слободни од тоа. Мнозина од нив се преполни со себичност и завист плашејќи се дека на други ќе им припадне поголема слава и чест отколку на нив. О, колку Илјадници животи се жртвувани поради тоа! Водечките луѓе на другите нации имаат само една цел кога ќе појдат во војна. Тие без никакви лични и себични побуди ревно се борат да победат или да бидат победени. Водечките луѓе во борбата за независноста на Америка настапуваа сложно и предано и така е добиена самостојноста. Меѓутоа, денешните луѓе постапуваат како демони, а не како човечки суштества. {1C 366.1}

Сатаната преку своите ангели делуваше на офицерите, кои инаку беа доверливи луѓе, и ги наведуваше - жртвувајќи го своето расудување - слепо да ги следат лажните духови во тие тешки судири од кои беа принудени да се повлекуваат со најголеми загуби. На неговото сатанско величество му годи кога ќе види на земјата колежи и крвопролевања. Тој ужива гледајќи ги несреќните војници како на бојното поле паѓаат како покосена трева. Покажано ми е дека бунтовниците често биле во положба кога можеле да бидат совладани без поголеми напори; но информациите примани преку духовите ги воделе генералите на Северот и ги заслепувале нивните очи сè додека бунтовниците не се нашле надвор од нивниот досег. Некои генерали со поголемо задоволство дозволувале бунтовниците да се извлечат од нивното опкружување отколку да ги совладаат, бидејќи повеќе мислеле на омилениот систем на ропството отколку на благосостојбата на нацијата. Тоа се некои од причините поради кои војната толку долго трае. {1C 366.2}

Информациите што нашите генерали ги праќаат во Вашингтон во поглед на движењето на воените сили, телеграфски, исто така, директно им се испраќаат и на силите на бунтовниците. Во самото срце на централната власт има луѓе чии симпатии се на страната на бунтовниците. Оваа војна се разликува од секоја друга војна. Големиот недостаток на единство и подготвеност за акција изгледите за доаѓање до излез ги прави мрачни и обесхрабрувачки. Многу војници ја отфрлиле воздржливоста и тонат во загрижувачка состојба на деградација. Како Бог може да се заложува за една така изопачена војска? Можат ли поразите на нивните непријатели и нивните победи да придонесат да се прослави Неговото име? Овде владее неслога и борба за положба и чест додека илјадници несреќни војници гинат на бојното поле или умираат од добиените рани, од исцрпеност и во големи страдања. {1C 367.1}

Оваа војна е најнеобична, но во исто време и најстрашна и најужасна. Припадниците на другите нации со негодување ги посматраат воените походи и на Северот и на Југот. Тие гледаат како се вложуваат најодлучни напори војната да се

продолжи со огромно жртвување на човечки животи и материјални средства, додека со тоа всушност ништо не се постигнува. На нив тоа им изгледа како натпреварување кој повеќе луѓе ќе убие и се гнасат од тоа. {1C 367.2}

Покажано ми е дека бунтот станува се посилен и дека никогаш не бил поодлучен отколку во сегашниот момент. Мнозина кои тврдат дека се за заедничка држава и се наоѓаат на одговорни положби, во своето срце не се предани на тоа. Стапувајќи во војна нивна единствена цел беше да се сочува заедничката држава таква каква што е, но исто така и да се задржи системот на ропството. Само кога би им се дала можност, тие со задоволство би ги оковале робовите во нивното чемерно ропство до крајот на нивниот живот. Симпатиите на таквите во потполност се на страната на Југот. Крвта толку долго е пролевана како вода и тоа поради ништо. Во секој град или село има такви кои оплакуваат некого поради оваа војна. Жените ги оплакуваат своите мажи, мајките своите синови, а сестрите своите браќа. Но и покрај сите свои страдања тие не се обраќаат кон Бога. {1C 367.3}

Покажано ми е дека на овој начин се казнети и оние на Север и оние на Југ. Во врска со оние на Југ укажано ми е на стиховите од Второзаконие 32:35-37: „Моја е одмаздата и Моја наградата, кога ќе им се затресе ногата нивна, зошто денот на загинувањето нивно е блиску, брзо ќе настапи подготвеното за нив. но Господ ќе го оправда својот народ и ќе се смили над слугите Свои, кога ќе ги види ослабени, беспомошни и изнемоштени. И ќе рече тогаш Господ: Каде се боговите нивни, каде е карпата зад која се засолнуваа?” {1C 368.1}

---

70. ОПАСНОСТИ И ДОЛЖНОСТИ НА ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Покажано ми е дека со работа повеќе може да се постигне во оние места каде веќе има неколку пробудени, отколку во потполно ново поле, освен ако почетокот е многу добар. Неколку такви пробудени личности во разни места, ако навистина веруваат во вистината, можат да извршат позитивно влијание и да ги поттикнат луѓето да прашуваат за нивната вера. И доколку е примерен нивниот живот, тие ќе бидат запалени светилки околу кои ќе се соберат и други. Покажани ми се, исто така, и местата во кои вистината сè уште не е објавена и кои што поскоро треба да бидат посетени. Меѓутоа, големата задача што сега стои пред нас е да се пробуди нашиот народ за да се ангажира во делото и да врши свето влијание. Сите треба да учествуваат во делото. Мудро, внимателно и со љубов, сите треба да се залагаат за спасение на своите соседи и пријатели. Премногу се покажува чувство на непристапност. Крстот не се зема со задоволство и не се носи како што треба. Секој поединец треба да чувствува дека е чувар на својот брат, носејќи голема одговорност за душите што се наоѓаат околу него. Браќата грешат кога целиот товар на делото го стават на проповедниците. Жетвата е голема, а работници има малку. Оние што уживаат добар глас, кои живеат во согласност со својата вера, можат да бидат добри работници. Тие можат да разговараат со другите укажувајќи им на важноста и значењето на вистината. Тие не треба, чекајќи на проповедниците, да ја занемарат јасната должност што според Божјата намера и самите треба да ја извршуваат. {1C 368.2}

Некои од нашите проповедници со незадоволство го преземаат на себе товарот на Божјото дело и не работат со несебично човекољубие што го обележувало животот на нашиот божествен Учител. Членовите, општо земено, духовно повеќе напредуваат од одделни проповедници. Тие веруваат во Сведоштвата што на Бога му беше угодно да ги даде и постапуваат во согласност со тоа, додека некои проповедници далеку заостануваат зад нив. Тие тврдат дека веруваат во Сведоштвата и некои дури предизвикуваат и штета претворајќи ги во железни правила за оние што немаат искуство во тоа, но самите не ги спроведуваат на дело. На нив повеќе пати им се упатувани Сведоштва, но тие потполно ги презреле. Животниот пат на таквите проповедници е потполно недоследен. {1C 369.1}

Припадниците на Божјиот народ, општо земено, чувствуваат единствен интерес во ширењето на вистината. Тие со задоволство ги помагаат оние што ја проповедаат Божјата реч со своите доброволни прилози. Според она што ми е покажано, оние што се одговорни за средствата што се доброволно собрани мораат да внимаваат тие средства да не се растураат непотребно. Некои од така дарежливите браќа и сестри својот имот го стекнувале со мошне напорна долгогодишна работа и така ги уништиле своите нерви и своето здравје; и сега кога со задоволство приложуваат дел од така напорно стекнатиот имот, должност на оние што работат во Божјото дело е во своите напори да покажат иста таква ревност и пожртвуваност каква покажале овие нивни браќа. {1C 369.2}

Божјите слуги мораат да истапуваат слободно. Тие мораат да знаат на кого се потпираат. Во Христа и во спасението што Тој ни го дава се наоѓа сила што ги прави слободни; зошто кога не би биле слободни во Него, тие не би можеле да ја изградуваат Неговата црква собирајќи ги душите. Може ли Бог да испрати некого да ги избавува душите од стапиците на сатаната кога и самите негови нозе се сè уште заплетени во таква мрежа? Божјите слуги не смеат да се колебаат. Како тие на исплашениот можат да му кажат: „Биди силен” ако и самите се наоѓаат на лизгав пат? Бог очекува од Своите слуги да ги зајакнат рацете на изнемоштените и да ги утврдат оние што се колебаат. Оние што не се подготвени така да постапат, подобро е прво да се испитаат самите себе и да се молат сè додека не добијат сила од висините. {1C 369.3}

Бог е незадоволен од недостатокот на самоодрекување кој го покажуваат некои од Неговите слуги. Тие не го чувствуваат товарот на Божјото дело. Тие изгледаат толку бесчувствителни како да се мртви. Божјите ангели се запрепастени и посрамени поради толку големиот недостаток на самоодрекување и истрајност. Додека живеел на земјата поради нашето спасение и страдал заради нас, и сам Христос целиот Свој живот го поминувал во самоодрекување, тешки напори и сиромаштија. Тој Своите денови на земјата можел да ги поминува во удобност и изобилство, уживајќи во невините задоволства на овој живот; но Тој никогаш не сакал да си угодува на самиот Себе. Тој живеел само за на другите да им прави добро. Страдал за другите да ги спаси од страдањата. Издржал до крај и така ја завршил задачата што Му била доверена. Сето тоа го сторил за да нè избави од пропаста. И сега, можеме ли ние кои сме недостојни за таа голема љубов, да се стремиме во овој живот да поминеме полесно и поудобно од нашиот Учител? Во секој миг од нашиот живот ние учествуваме во благодатта на Неговата голема љубов, и токму тоа е причината што не можеме наполно да ја сфатиме длабината на незнаењето и бедата од која нè избавил. Можеме ли да го гледаме Него, Кој е прободен за нашите гревови, а да не бидеме подготвени да ја испиеме горчливата чаша на понижувањето и болката? Можеме ли, гледајќи го бесконечното понижување

на нашиот Господ, да посакаме во Неговото царство да влеземе по некој друг пат, а не преку оној што поминува „низ многу неволји”? {1C 370.1}

Не се сите проповедници оддадени на Божјото дело како што Тој очекува од нив. Некои ја сметаат за тешка судбината на проповедниците затоа што мораат да се одделуваат од своите семејства. Тие забораваат дека порано беше потешко да се работи отколку денес, бидејќи пријатели и приврзаници на делото имаше многу малку. Тие забораваат на оние што по Божји налог го носеа товарот на делото во минатото. Тогаш малкумина беа оние што како резултат на тешките напори ја прифаќаа вистината. Работниците избрани од Бог го стекнуваа јасното разбирање на вистината со многу молитви и солзи за потоа со многу лишувања и самоодрекување да ја пренесат на другите. Патот што Бог им го отворал во Своето провидение тие го продолжувале чекор по чекор. Тие не размислуваа за некоја своја удобност ниту се повлекуваа пред тешкотиите. Со посредство на тие луѓе Бог го подготви патот и вистината ја направи разбирлива за разумот на секој искрен слушател. Сè беше подготвено за работата на проповедниците што подоцна ја прифатија вистината, па сепак некои од нив со незадоволство го земаат на себе товарот на делото. Тие сакаат лесен животен пат, повик кој бара помалку самоодрекување. Оваа Земја не е место на одмор за христијанинот, а уште помалку за проповедниците избрани од Бог. Тие забораваат дека Христос ги оставил сите богатства и славата на небото и дошол на оваа земја да умре, а на нас ни заповеда да се љубиме еден со друг како што Тој нè засака. Тие забораваат на сите оние за кои „светот не беше достоен... кои одеа во козји кожи и кожуви, во скудност, во неволја, во страдање заради Христос”. {1C 370.2}

Ми беа покажани Валденжаните и сè што морале да поднесуваат поради својата вера. Тие совесно го проучувале Божјото слово и живееле според светлината што во тоа време ги осветлувала. Тие биле прогонувани и лишувани од своите домови; одземуван им е сиот имот што го стекнувале со тешка работа, а куќите им биле спалувани. Биле принудени да бегаат во планините каде што биле изложени на неверојатни тешкотии. Страдале од глад, изнемоштеност, од студ и недоволно облека. Единствената облека што мнозина од нив можеле да ја имаат биле кожи од животни. Па сепак, овие протерани бескуќници со задоволство се собирале за да ги здружат своите гласови оддавајќи Му благодарност и слава на Бога, бидејќи се удостоиле да страдаат заради Христовото име. Се храбреле и тешеле едни со други, благодарни и за најбедното засолниште што би го пронашле. Мнозина од нивните деца се разболеле и умреле од глад и студ, но родителите ниту за миг не помислувале да се одречат од својата вера. Љубовта и Божјото одобрување тие го ценеле многу повеќе од сите овоземни добра и богатството на овој свет. Наоѓајќи ја својата утеха во Бога, со радост ја очекувале својата идна награда. {1C 371.1}

Потоа ми беше покажан Мартин Лутер кој бил повикан од Бог да изврши една посебна задача. Колку драгоцено било за него познавањето на вистината што го добил од Божјото слово, Библијата! Тој во својата душа копнеел по нешто на што со сигурност би можел да се потпре и да стекне сигурна надеж дека Бог навистина ќе биде негов Татко, а небото негов дом. Новата и драгоцена светлина што заблескала од Божјото слово била за него од непроценлива вредност, и тој бил уверен дека - ако истапи со неа - ќе успее да го осведочи целиот свет. Се спротивставил на изопаченоста на паднатата црква и ги храбрел оние што заедно со него се наслаѓувале со богатството на вистините содржани во Библијата. Лутер бил орудие што Бог го избрал за да ја раскине облеката на лицемерството од папската црква и да ја разоткрие нејзината изопаченост. Тој ревно

го подигнал својот глас и во силата на Светиот Дух ги жигосал гревовите на тогашните верски водачи. Против него биле објавени јавни прогласи со наредба да биде убиен каде и да биде најден; и изгледало дека е препуштен на милоста и немилоста на суеверниот народ кој сè уште го слушал поглаварот на римската црква. Но тој не се грижел за својот живот. Знаел дека никаде не е сигурен, но не се плашел. Светлоста што ја здогледал и која била радост на неговиот живот, била за него повредна од сите богатства на овој свет. Тој знаел дека сите земни богатства ќе пропаднат, додека богатството на вистината што му било откриено на неговиот ум и го обзело целото негово срце, ќе остане да живее и дека тоа, ако биде послушен ќе го одведе во бесмртност. {1C 372.1}

Се јавил на повикот да оди во Аугсбург и да одговара за својата вера. Тој осамен човек кој против себе го предизвикал гневот на целото свештенство и народот се нашол како обвинет меѓу оние од кои се плашел целиот свет, - смирено јагне опкружено со разјарени лавови; сепак, во Христово име и во име на Неговата славна вистина стоел храбро, и со света речитост со која само вистината може да ги вдахне своите поборници, ги наведувал причините за својата вера. Непријателите на разни начини се обидувале да го замолчат овој храбар борец на вистината. Прво му ласкале со ветувања дека ќе биде поставен на висока положба и дека ќе ужива голема чест. Но за него, животот и честа биле безвредни, ако тоа требало да се плати со жртвување на вистината. Божјото слово уште поблескаво засветило во неговиот ум давајќи му повпечатлива претстава за заблудите, изопаченоста и лицемерството на папството. Тогаш неговите непријатели се обиделе да го заплашат и да го натераат да се одрече од својата вера, но тој храбро стоел бранејќи ја вистината. Бил подготвен да умре за својата вера, ако Бог тоа го бара, но да попушти и да се одрече - никогаш. Бог го сочувал неговиот живот. Тој им наредил на ангелите да го следат на секој чекор, спречувајќи ги намерите на неговите разбеснети непријатели, и неповреден да го вратат од оваа страшна борба. {1C 372.2}

Силата на спокојството и достоинството на Лутер ги понизила неговите непријатели и му задала најстрашен удар на папството. Овие моќни и горделиви властодршци сметале дека тој мора со својата крв да ја надомести штетата што им ја нанел. Тие веќе ги направиле своите планови, но Лутер го штител Оној кој е посилен од нив. Неговата задача сè уште не била завршена. На инсистирање на своите пријатели, Лутер го напуштил Аугсбург уште истата ноќ, јавајќи на еден коњ, без никаков прибор за јавање, без узди, без оружје, без чизми или мамузи. Иако толку изморен, тој го продолжил патот сè додека не се нашол меѓу своите пријатели. {1C 373.1}

Бесот на папството повторно се пробудило и тие одлучиле да ја затворат устата на овој храбар поборник на вистината. Цврсто решени да го земат на одговорност поради неговите наводни лудости, сега го повикале во Вормс. Иако со слабо здравје, не се колебал да дојде. Добро знаел каква опасност му се заканува. Знаел дека неговите моќни непријатели ќе направат сè за да го замолчат. Тие ја барале неговата крв исто толку жедно како што Евреите ја барале Христовата крв. Меѓутоа, тој се предал во рацете на Оној што ги сочувал тројцата достојни млади луѓе во вжарената печка на вавилонскот цар. Тој не се плашел за себе, ниту се обидувал да помине што е можно полесно. Негов единствен страв бил вистината, што на него му била толку драгоцена, да не биде изложена на навредување и исмевање на безбожниците. Бил подготвен со поголемо задоволство да умре отколку да дозволи неговите непријатели да ликуваат. Додека влегувал во Вормс, Илјадници луѓе се туркале околу него и оделе по него. Ниту самите владетели и великодостојници немале толку голема придружба. Возбудувањето

било големо, а еден човек во мноштвото со продорен и тажен глас пеел погребна песна за да го предупреди Лутер на она што го очекува. Но реформаторот веќе бил подготвен своето сведоштво да го запечати со својата крв ако Бог одредил така. {1C 373.2}

Требало да се појави пред еден величествен собир за да одговара за својата вера, и Лутер со вера барал сила од Бог. За едно кратко време неговата храброст и вера биле ставени на тешка проба. Му биле предочени сите опасности и тој многу се растажил. Облаците што се насобрале над него го сокриле Божјото лице. Сакал да настапи со цврсто осведочување дека Бог е со него. Не можел да биде задоволен сè додека не добие јасно осведочување дека нашол прибежиште во Бога. Со треперлив глас ги упатувал своите молитви до небото. Некое време изгледало дека паднал со духот во малодушност и непријателите во неговата фантазија станувале сè посилни и побројни, и тој затреперил пред таа голема опасност. Покажано ми е дека Бог со Своето мудро провидение на овој начин го подготвил да не заборави во кого треба да се надева и во својата самодоверба да не оди дрско во опасност. Бог, како Свое орудие, го подготвил за големата задача што била пред него. {1C 374.1}

Молитвата на Лутер била услишена. Неговата храброст и вера се вратиле кога излегол пред своите непријатели. Кроток и смирен како јагне стоел опкружен од земните великодостојници кои како гладни волци ги насочиле своите погледи кон него со надеж дека ќе го поколебаат со својата слава и величество. Но тој добил сила од Бог и не се исплашил. Зборовите на својата одбрана ги кажал со такво достоинство и сила, така што неговите непријатели не можеле да му се спротивстават. Бог прозборувал преку Лутер, и Тој ги собрал владетелите и т.н. мудреци за пред целиот свет да докаже колку е ништожна нивната мудрост, а колкава сила и цврстина може да има еден смртник кога ќе се потпре на Бога, неговата вечна Карпа. {1C 374.2}

Кроткото однесување на Лутер било во најостра спротивност со страста и гневот на тие т.н. великани. Не можеле да го заплашат и да го натераат да се одрече од вистината. Во својата благородна едноставност и цврстина стоел како карпа. Противењето на неговите непријатели, нивниот бес и закани се нафрлиле на него како силни бранови, но немоќ но се растуриле пред неговите нозе. Тој останал спокоен и неподвижен. Разгневени што на нивната сила, пред која се треселе царевите и властодршците на светот, со таков презир се спротивставува еден така скромен човек, сакале да го стават на мачење додека не умре за да го почувствува нивниот гнев. Но за тој храбар сведок се грижел Оној кој е посилен од сите силници на оваа земја. Бог имал за него уште една задача што морал да ја заврши. Морал сепак и да страда поради вистината. Морал да ја види згазена и изложена на крвави прогонства, облечена во вреќишта и посрамена поради екстремните испади на фанатиците. Морал да доживее да го види нејзиното триумфирање над заблудите и суеверието на папството. Лутер во Вормс задобил победа која значително ја ослабила силата на папството. Новостите за таа победа се ширеле незадржливо од народ до народ. Тоа била значајна победа во корист на Реформацијата. {1C 375.1}

Како очевидна спротивност на животот на водечките луѓе од времето на Реформацијата, предочен ми е животот на некои од проповедниците кои ја проповедаат сегашната вистина. Посебно бев повикана да го споредам животот на преданиот и ревен Лутер со животот на некои од нашите проповедници. Со својата непоколебливост, храброст и самоодрекување тој ја докажал својата непрекината љубов кон вистината. Бранејќи ја вистината, тој поднесувал неволји и жртви, а понекогаш се наоѓал и во најтешка душевна мака, но никогаш не мрморел. Го

прогонувале како што дивите ѕверови го прогонуваат својот плен, но тој сето тоа радосно го поднесувал поради Христос. {1C 375.2}

Последната порака на милоста доверена им е на понизните и верни Божји слуги во нашето време. Бог продолжува да ги води само оние што не ги избегнуваат одговорностите, им доверува тешки должности и преку нив му го предочува на Својот народ планот на систематско добродетелство во кој сите можат да учествуваат, работејќи во хармонија и слога. Овој систем беше прифатен и имаше чудесно дејство. Дарежливо е помагано проповедањето на евангелието и Божјото дело како целина. Штом проповедниците престанаа да се спротивставуваат тргајќи се од патот, народот со цело срце одговори на повикот и го прифати овој систем. Сето тоа има за цел да им се олесни работата на проповедниците, за ослободени од грижи, да можат во потполност да се посветат на делото. Нашиот народ ова го прифати доброволно и со поголема заинтересираност отколку било што друго. Затоа проповедниците што сè уште се жалат и ја пропуштаат можноста со сите сили да се посветат на ова значајно дело, го предизвикуваат Божјото незадоволство и Неговото неодобрување. Тие немаат никаков изговор за тоа; сепак некои се измамуваат дека многу се жртвуваат и дека многу им е тешко, додека всушност воопшто не знаат што значи да се трпи, да се одрече од нешто и да се биде во скудност. Тие можеби често се чувствуваат изморени; но исто така би се чувствувале кога би се издржувале работејќи со своите раце. {1C 375.3}

Некои мислат дека би им било полесно да работат со своите раце и често ја изразуваат намерата така и да постапат. Таквите не знаат што зборуваат. Тие се измамуваат самите себе. Некои имаат големи издатоци за издржување на своето семејство, бидејќи им недостасува умешност во раководењето. Тие не сфаќаат дека за своето домашно огниште и за сè што имаат се должни на Божјото дело. Тие сè уште не сфаќаат колку се големи трошоците за животот. Кога би се занимавале со физичка работа никогаш не би биле слободни од грижи и умор. Издржувајќи ги членовите на своето семејство со својата работа тие никогаш не би имале време со нив да седнат околу топлата печка. Човекот што со својата работа мора да го издржува семејството може да одвои малку време за да биде со своето семејство. Некои од проповедниците што ја избегнуваат секоја напорна работа, покажуваат потполно несфатливо незадоволство. Бог го забележува секое чувство на незадоволство, секоја мисла и секој збор на мрморење. Ваквото покажување на слабост и недостаток на верност кон Божјото дело претставува навреда за небото. {1C 376.1}

Слушајќи ги дошепнувањата на искушувачот и покажувајќи неверување, некои му нанесуваат голема штета на Божјото дело. Сатаната полага право на таквите, зошто не се ослободиле од неговите стапици. Тие се однесуваат како деца кои сè уште не ги познаваат лукавствата на искушувачот. Имале доволно искуства за да можат да го препознаат неговото делување. Тој им дошепнува мисли на сомневање, а тие, наместо веднаш да ги отфрлат, полемизираат и преговараат со архиизманикот слушајќи ги неговите измислици, како старата змија да ги маѓепсала со својата итрина. Неколку стихови кои не се толку лесни за да бидат разјаснети на таков начин за да го задоволат нивното љубопитство, беше доволно да ја потресе целокупната структура на вистината и да ги замрачи најјасните факти од Божјото слово. Тоа се измамени смртници. Своето знаење тие не го усовршиле со потполно познавање на Библијата. Некои библиски текстови ја надминуваат моќта на човечкото сфаќање и сè додека Бог во Својата мудрост не види дека е добро тоа, нема да им го открие значењето на овие текстови на луѓето. Сатаната некои поединци ги заведува преку искушенија кои завршуваат со потполно

неверство. Тие дозволуваат неверството да ја замрачи вистината во нивната душа која е дадена во така хармоничен и прекрасно поврзан синџир. Потоа, како да е тоа нивна задача, се обидуваат да ги разјаснат сите тешко разбирливи подробности во Светото писмо, и ако нашата вера не им го овозможува да го направат тоа, ја прогласуваат за погрешна. {1C 377.1}

Покажано ми е дека оние што имаат зло срце на неверување ќе продолжат да се сомневаат, сметајќи дека сомневањата во врска со Светото Писмо се доблест и отменост. Тие што мислат дека таквото надмудрување е доблест ќе имаат обилни можности да не веруваат во вдахновеноста и вистинитоста на Библијата. Бог никого не го принудува да верува. Тие можат или да се потпрат на доказите што Бог ги дава, или да се сомневаат, надмудруваат и на крајот да пропаднат. {1C 377.2}

Покажано ми е дека оние што сè уште се измачувани од сомнежи и неверување не треба да се испраќаат да работат на спасението на другите. Она што е во мислите сигурно ќе се покаже. Таквите воопшто не сфаќаат каков е ефектот на само едно навестување или најмал израз на сомнеж. Сатаната тоа го користи како отровна стрела. Тоа е слично на отров со забавено дејство кој, уште пред жртвата да стане свесна за опасноста, го зафаќа целиот организам, го поткопува одбранбениот систем и конечно доведува до смрт. Токму тоа се случува и со отровот на сомневањето и неверството во фактите на Светото Писмо. На оние, преку кои може успешно да делува и на другите, самиот сатана им дошепнува дека во Светото писмо има големи противречности, и така, на итро смислен начин, како да открил некоја чудесна тајна која била со векови сокриена од верните и светите луѓе, ги обзема со најмрачни заблуди и со најгуста темнина мислите и на другите. Тие ја губат наклоноста кон вистината што порано ја имале и стануваат неверници. Сето тоа е резултат на неколку кажани зборови кои имаат прикриена моќ, бидејќи изгледаат обвиени со таинственост. {1C 377.3}

Тоа е дело на препредениот татко на лагата, ѓаволот. Оние што се измачувани од сомнежи и кои не можат да се ослободат од тоа, не смеат во таква збунетост да вовлекуваат и други кои се со слаб и неодлучен дух. Само невестувајќи или зборувајќи за своето неверување, луѓето не можат да насетат што всушност со тоа направиле. Во некои случаи семето на неверството веднаш изртува, додека во други останува закопано подолго време сè додека, така инфицирани тргнувајќи по погрешен пат светлината не се повлече и не му се даде место на непријателот со ‘ртење на семето на неверството да го уништи човекот со своите искушенија. Семето на неверството кое толку одамна било посеано, изртува и никнува. Сатаната го потхранувал и тоа сега донесува свој плод. Сè што доаѓа од проповедникот кој треба цврсто да стои во светлината, има силно влијание. Но кога тие не стојат цврсто во јасната Божја светлина, тогаш сатаната ги користи како свои агенти и преку нив со своите огнени стрели го погодува умот на оние што не можат да се спротивстават на она што доаѓа од нивните проповедници. {1C 378.1}

Покажано ми е дека проповедниците, исто така како и членовите на црквата, мораат да се борат за да му се спротивстават на сатаната. Кога оној што тврди дека е Христов проповедник, слушајќи ги дошепнувањата на искушувачот, ќе му дозволи на сатаната да му ги зароби мислите за да може да го искористи за да ги постигне своите цели - тој се наоѓа во многу опасна положба. Најтежок грев во Божјите очи проповедникот прави кога, зборувајќи за своето неверување и со тоа насочувајќи ги во тој мрачен правец и мислите на другите, му овозможува на сатаната искушувајќи го него да постигне двојна цел. Внесувајќи несигурност и немир во душата на оној кој со своите погрешни ставови

го поттикнува да го искушува, сатаната успева истото тоа да го внесе и во мислите на многу други. {1C 378.2}

Време е стражарите на ѕидовите на Сион да ја сфатат својата одговорност и светоста на нивната мисија. Тешко на нив ако не ја завршат задачата што Бог им ја дал -тие мораат тоа најсериозно да го сфатат. Изневерувајќи го својот свет повик, тие ја загрозуваат безбедноста на Божјото стадо, го загрозуваат делото на вистината и го изложуваат на потсмев пред нашите непријатели. О, колку е страшно да се биде виновен за такво нешто! Платата за тоа сигурно нема да изостане. На некои од проповедниците, како и на многу членови од црквата, навистина им е потребно потполно обратување. Тие треба да бидат скршени на парчиња и да бидат наново создадени. Нивната работа во месните цркви е само голема загуба. И би било подобро, а и на Бога помило кога во својата сегашна состојба на потполна несигурност би престанале да се залагаат за другите, и да работат со своите раце сè додека не се обратат. Дури тогаш ќе бидат во состојба да ги храбрат и своите браќа. {1C 379.1}

Проповедниците мораат да се пробудат. Тие тврдат дека се генерали во војската на Големиот Цар, а во исто време се приврзаници на големиот водач на бунтот и на неговата војска. Некои од нив го изложуваат Божјото дело и светите вистини на Неговото слово на подбив на бунтовничката војска. Тие симнале еден дел од оклопот и токму овде сатаната ги гаѓа со своите отровни стрели. Тие со тоа ги зајакнуваат рацете на бунтовниците, така што сатаната и неговите слуги дрско ги подигаат главите во триумф и ликуваат поради победата што овие проповедници им ја овозможиле. О, колку голем недостаток на мудрост! Колку голема заслепеност! Какво безумие од страна на водството кое своите најслаби места ги открива пред своите смртни непријатели! Колку тоа се разликува од патот по кој одел Лутер? Тој бил подготвен да го жртвува и својот живот ако е тоа потребно, но вистината никогаш. Неговите зборови биле: „Единствено нешто што треба да нè загрижува е евангелието да не биде изложено на потсмев кај безбожниците; и попрво треба да бидеме подготвени да ја пролееме и својата крв во одбрана на евангелието отколку да дозволиме тие да триумфираат. Кој може да каже дали мојот живот или, пак, мојата смрт повеќе ќе придонесе за спасение на моите браќа?” {1C 379.2}

Бог не зависи од ниту еден човек кога е во прашање напредокот на Неговото дело. Тој подигнува и оспособува луѓе кои треба на светот да му ја однесат Неговата порака. Својата сила тој најдобро ја покажува во човечката слабост. Силата доаѓа од Бог. Подготвеноста за проповедничка служба, говорничките способности и големите таленти не можат да обратат ниту една душа. Напорите од проповедалната можат да го поттикнат умот на размислување, јасно изнесените факти можат да осведочат, но само Бог може да направи посеаното семе да никне и да порасне. Спасоносно влијание ќе имаат само побожните, верните и свети луѓе, луѓе кои она што го проповедаат практично и го спроведуваат во својот секојдневен живот. Силно изнесената проповед може да ги поттикне душите, но една мала невнимателност од страна на проповедникот, недостаток на сериозност во говорот и вистинската побожност може да го спречи неговото влијание и да го уништи добриот впечаток што можел да го остави на оние што го слушаат. Обратените гледаат на него и во најголемиот број случаи не се трудат да се воздигнат повеќе од својот проповедник. Нивното обратување не е потполно и од цело срце. Делото е направено само површно, и нивното влијание ќе биде штетно и опасно за оние што вистински го бараат Господ. {1C 380.1}

Успехот на проповедникот многу зависи од неговото однесување кога не е на катедрата. Неговата работа, кога по проповедта ќе ја напушти катедрата не е завршена, туку допрва започнува. Она што го проповедал тој мора да го спроведе во дело. Не смее да биде невнимателен, туку будно мора да внимава на себе да не каже или направи нешто што непријателот би можел да го искористи да го изложи Христовото дело на срам и навреди. Проповедниците никогаш не можат да бидат претерано внимателни, посебно пред младите. Тие не смеат да бидат лекомислени во својот говор, да употребуваат вообичаени шеги и смешки, туку секогаш мора да имаат на ум дека се Христови претставници и дека со својот пример го прикажуваат Неговиот живот. „Зашто ние сме Божји соработници". „А соработувајќи со Него, ве молиме да не ја примите напразно Божјата благодат". {1C 380.2}

Покажано ми е дека корисноста на младите проповедници, и на женетите и на неженетите, често ја уништуваат младите жени со својата наклоност кон нив. Таквите личности не сфаќаат дека очите на другите се свртени кон нив, и дека со таквиот начин на однесување можат во многу голема мерка да наштетат на влијанието на проповедникот на кого му обрнуваат толку големо внимание. Кога тие би биле подготвени строго да ги почитуваат правилата на скромноста, тоа би било многу подобро и за нив и за нивниот проповедник. Со своето однесување тие го доведуваат проповедникот во непријатна положба и ги наведуваат другите да го гледаат во непријатна светлина. Видов дека одговорност за тоа имаат и самите проповедници. Тие морат да покажат дека тоа им е одвратно, и ако продолжат по патот по кој Бог сака да одат, нема да бидат долго вознемирувани. Тие треба да се чуваат и од она што изгледа дека е зло, и кога некоја млада жена е премногу дружељубива, проповедникот е должен да и покаже дека тоа му е непријатно. Секое такво слободно однесување тој мора да го одбие дури и кога поради тоа би изгледало дека е неучтив. Таквите појави мора да бидат осудени за Божјото дело да не биде изложено на потсмевање и срам. Младата жена која навистина се обратила на Бога и вистината, ќе го послуша прекорувањето и ќе се поправи. {1C 381.1}

Својата јавна работа проповедниците мораат да ја продолжат со свои лични напори, лично залагајќи се за каде ќе им се даде можност за тоа, разговарајќи со нив во кругот на семејството, повикувајќи ги да се стремат кон она од што зависи нивниот мир. Нашата работа на овој свет наскоро ќе заврши, и секој ќе прими награда според своите дела. Покажано ми е дека наградата на светите ќе биде непропадливото наследство, и дека оние што претрпеле најмногу заради вистината нема да сметаат дека имале тежок живот, туку ќе дојдат до сигурен заклучок дека небото може лесно да се добие. {1C 381.2}

---

71. ПОГРЕШНА УПОТРЕБА НА ВИЗИИТЕ

Покажано ми е дека некои поединци, посебно во Ајова, ги земаат визиите за критериум и со нив мерат сè, и така тргнуваат по пат по кој јас и мојот сопруг никогаш не сме оделе. Некои, пак, кои не ме познаваат и не се запознаени со мојата работа, се мошне недоверливи кон сè што се нарекува визија. Сето тоа е резултат на човечката природа и може да се победи само со сознание што може да се добие преку искуство.

На оние што во поглед на визиите не се утврдени не треба да се врши притисок. Кон нив треба да се постапува онака како што е изложено во Сведоштвото број 8, на страна 328 и 329, кои се надевам сите ќе ги прочитаат. Проповедниците не можат да постапуваат исто во секој случај. Кон некои треба да се покаже сожалување, додека други треба со страв да се спасуваат, извлекувајќи ги од огнот. Проповедниците што Бог ги праќа треба да имаат мудрост на секого да му го дадат она што за него ќе претставува вистинска храна, постапувајќи различно со различни личности во согласност со нивните потреби. Ставот што во поглед на визиите го заземаат некои во Ајова, кои мене воопшто не ме познаваат, не е ниту разумен, ниту доследен. Со оние на кои визиите им беа потполно непознати се постапуваше исто како и со оние што во тој поглед имаа многу повеќе светлина и искуство. Од некои е барано да ги прифатат визиите, кога тие според својата совест сè уште не беа подготвени да го сторат тоа, и на тој начин некои искрени души беа наведени да заземат став против визиите и против црквата, кој никогаш не би го зазеле кога со нив би се постапувало разумно и благо. {1C 382.1}

Некои од нашите браќа имаат долгогодишно искуство во вистината и запознаени се со влијанието на моите визии. Тие се осведочени во вистинитоста на тие сведоштва и ја потврдиле својата вера во нив. Тие го почувствувале моќното влијание на Божјиот Дух кој ги осведочил во вистинитоста на визиите. Ако таквите станат против визиите кога со посредство на истите бидат укорени, со нив треба да се постапува мошне внимателно, бидејќи тие со своето влијание можат да им нанесат штета и да ги загрозат оние на кои им недостасува искуство во тој поглед. {1C 382.2}

Проповедниците на сегашната вистина, кога ги укоруваат поединците изнесувајќи одлучни сведоштва, со цел идолите да бидат исфрлени од логорот на Израел, треба да бидат мошне трпеливи. Тие треба да ја изнесуваат вистината во сето нејзино достоинство и значење, и ако така најдат пат до срцата, ќе направат за оној што ја прима повеќе, од она што би можело да се стори на било кој друг начин. Доколку вистината кажана со присуство на влијанието на Духот не ги искорени идолите, нема да има никаква корист од осудувањето и напаѓањето на поединците. Може да изгледа дека поединците неразделно се поврзале со своите идоли, сепак, според она што ми е покажано, тие јадни и заведени души не треба да се напуштаат сè додека има надеж. Не смееме никогаш да го губиме од вид фактот дека сме сите смртници кои грешат и дека Христос многу нè сожалува поради нашите слабости и нè љуби иако сме грешници. Кога Бог би постапувал со нас како што ние често постапуваме едни со други, Тој одамна би нè уништил. Кога проповедниците изнесуваат јасни вистини кои сечат и го рануваат срцето, тие треба да допуштат вистината да сече и ранува, а не тие. Секирата на Божјото Слово тие треба да го стават на коренот на дрвото и тогаш нешто ќе се постигне. Изнесувајте го сведоштвото онака јасно и одредено како што тоа е запишано во Божјото Слово, говорете со срце полно со топло и оживувачко влијание на Неговиот Дух, во благост и копнеејќи по душите, и таквата работа меѓу Божјиот народ ќе се покаже како успешна. Причината што Божјиот Дух толку малку делува е во тоа што проповедниците се научени да работат без Него. На нив им недостасува Божјата благодат, трпение и долго поднесување, им недостасува дух на посветување и пожртвуваност; и тоа е единствената причина што некои се сомневаат во доказите што се изнесуваат од Божјото Слово. Тешкотиите не се наоѓаат во Божјото Слово, туку во нив самите. На нив им недостасува Божјата благодат, преданост, лична побожност и посветување. Тоа ги наведува да бидат непостојани и често се наоѓаат на бојното поле на сатаната. Покажано ми е дека луѓето, независно од тоа колку силно ја бранат и ја застапуваат вистината,

колку и да изгледаат побожни, кога ќе почнат да покажуваат неверување во некои библиски стихови, тврдејќи дека тие ги наведуваат на сомневање во вдахновеноста на Библијата - од таквите треба да се плашиме, бидејќи Бог е многу далеку од нив. {1C 383.1}

---

72. РОДИТЕЛИ И ДЕЦА

Покажано ми е дека родителите, кои од страв да не го навредат Бога ги ограничуваат своите деца, треба да ги проучуваат склоностите и природата на своите деца, настојувајќи сепак да ги задоволат сите нивни вистински потреби. Некои родители мошне внимателно се грижат за овоземните потреби на своите деца; љубезно и нежно ги негуваат кога се болни и сметаат дека со тоа ја исполниле својата родителска должност. Тоа е заблуда. Нивната задача со тоа штотуку започнала. За духовните потреби на децата треба постојано да се води грижа. Потребна е мудрост за душата ранета од гревот да се најде и исправно да се примени соодветниот лек. Децата имаат свои неволји кои се исто така тешки и болни како и неволјите на постарите. И самите родители не се чувствуваат секогаш исто. Тие често се чувствуваат збунети во душата и се раководат според погрешни сфаќања. Сатаната ги напаѓа од сите страни и тие подлегнуваат на неговите искушенија. Во таква состојба тие зборуваат раздразливо и на начин кој предизвикува лутина кај нивите деца, а понекогаш се во своите барања многу строги и гневни. Истиот тој дух се пренесува и на несреќните деца а родителите не се во состојба да им помогнат, бидејќи всушност тие се причината за настанатите тешкотии. Понекогаш изгледа дека сè оди на лошо. Сите се раздразливи, нерасположени и несреќни. Родителите за сето тоа ги обвинуваат своите деца сметајќи дека се непослушни, незауздани и најлоши деца на светот, додека причината за неволјите се наоѓа во самите нив. {1C 384.1}

Некои родители, во недостаток на самосовладување, често поттикнуваат голема бура на незадоволство. Наместо од децата љубезно да побараат да направат ова или она, тие им наредуваат со налутен глас, ги караат и укоруваат и тогаш кога децата тоа не го заслужиле. Родители, со таквите постапки кон децата вие ја уништувате нивната ведрина и полет. Децата ги слушаат вашите наредби, но не од љубов, туку затоа што не се осмелуваат да постапат поинаку. Тие не го прават тоа од срце. Тоа за нив е мачење, а не задоволство, и тоа често ги наведува да не ги уважуваат вашите упатства, што уште повеќе ја зголемува вашата раздразнетост, а положбата на децата ја прави уште потешка. Постојано им изнаоѓате грешки и нивното погрешно однесување го прикажувате во претерана светлина, сè додека не ги обземе обесхрабрување до таа мера што им станува сеедно: дали вие сте задоволни со нивното однесување или пак не. Духот на безгрижност, во стилот: „Не ми е грижа," ги обзема таквите деца и тие својата радост и задоволство почнуваат да ги бараат надвор од домот, далеку од своите родители, бидејќи во својот дом тоа не можат да го најдат. Се мешаат со децата од улицата и наскоро стануваат слични на најлошите. {1C 384.2}

Кој е одговорен за овој голем грев? Кога родителите би го направиле домот привлечен и би покажале повеќе разбирање и љубов за своите деца, кога внимателно би им пронашле некое корисно занимање, поучувајќи ги со љубов како да се покоруваат

на желбите на родителите, тие би ја допреле соодветната жица во нивното срце и тоа би вродило плод децата да бидат подготвени да послушаат. Ако родителите, контролирајќи се самите себе, зборуваат љубезно и ги пофалуваат своите деца кога тие се трудат да прават добро, тие ги охрабруваат во тој правец, ги прават среќни и семејниот круг го осветлуваат со привлечност што ја растерува секоја сенка на темнината. {1С 385.1}

Својот погрешен начин на постапување родителите понекогаш го оправдуваат со тоа што не се чувствуваат добро. Тие се нервозни и сметаат дека во таква состојба не можат да бидат трепеливи, смирени и пријатни. Тие со тоа се измамуваат самите себе, а на сатаната му овозможуваат да ликува што тие не успеале да ги совладаат своите природни слабости преку Божјата благодат што им е понудена во изобилство. Тие се должни во секој момент да владеат со себе. Тоа Бог го бара од нив. Тие мораат да сфатат дека со попуштањето на својата лутина и нетрпеливост им нанесуваат страдања и неволји на другите. Духот што тие го покажуваат ги обзема сите што ги опкружуваат, и доколку тие возвратат со ист таков дух, злото се зголемува и сè тргнува наназад. {1С 385.2}

Родители, кога се чувствувате нерасположени, немојте да го труете целото семејство со таа опасна болест што се нарекува раздразнетост, бидејќи тоа е голем грев. Во миговите на такво расположение вооружете се двојно повеќе со будност и со цврста одлука да не грешите со својата уста, да изговарате само пријатни и охрабрувачки зборови. Кажете си самите на себе: „Нема да ја нарушувам среќата на моите деца со ниту еден раздразлив збор". Со такво самосовладување ќе станете посилни. Вашиот нервен систем нема веќе да биде толку чувствителен. Принципот да бидете исправен и свеста дека верно ги исполнувате своите должности ќе ви даде нова сила. Божјите ангели со радост ќе ги поздравт вашите напори и ќе ви помагаат. Кога ќе го загубите трпението, вие премногу често мислите дека причина за тоа се вашите деца и ги укорувате и тогаш кога тоа не го заслужуваат. Во некоја друга ситуација, кога децата прават исто нешто, тоа воопшто не ве засегнува. Децата ги забележуваат тие неправилности и возвраќаат на сличен начин. Понекогаш се подготвени да го прифатат така променливото расположение, а понекогаш и самите се нервозни и налутении не поднесуваат прекори. Нивниот дух се бунтува против тоа. Родителите бараат да им се укаже должното почитување, земајќи го во предвид и нивното душевно расположение, но не ја согледуваат секогаш потребата дека исто така треба да се постапува кога се во прашање и нивните деца. Тие си го дозволуваат она што кај своите деца, кои немаат долгогодишно искуство и дисциплина, строго би го осудиле. Некои родители имаат нервозна природа и кога се изморени од работа или притиснати со грижи, не се во состојба да го сочуваат својот мир, туку кон оние што треба да им се најдраги на светот се однесуваат налутено и нетрпеливо. Тоа го предизвикува Божјото неодобрување и темни облаци надвиснуваат над целото семејство. Децата често треба да се смируваат со нежно сочувство во нивните неволји и проблеми. Со взаемна љубезност и трпение родителите и децата можат својот дом да го претворат во рај и да ги привлечат светите ангели во својот семеен круг. {1С 386.1}

Мајката може и треба да направи многу повеќе во поглед на совладувањето на своите нерви и склоности кога е потиштена; дури и кога е болна, таа може, само ако има добра волја за тоа, да биде пријатна и ведра, поднесувајќи врева и немир околу себе повеќе отколку што мислела дека може. Таа не смее да дозволи децата да ја почувствуваат нејзината слабост, ниту со своето нерасположение да фрли сенка на

нивните млади и чувствителни души, така што куќата ќе им изгледа на некој гроб, а собата на нивната мајка најнепријатно место на светот. Волјата му дава нова сила на умот и го менува расположението. Моќта на волјата во многу случаи ќе се покаже како многу моќно средство за смирување на нервите. {1C 387.1}

Не дозволувајте никогаш вашите деца да ве видат со намрштено лице. Ако во нешто попуштат на искушението, а потоа го согледаат тоа и се покајат, простете им со исто задоволство со кое сакате вам да ви прости вашиот небесен Татко. Поучувајте ги нежно и врзете ги за вашето срце. Живееме во време полно со опасности за децата и младите. Влијанијата со кои се опкружени имаат за цел да ги одвојат од вас, но вие можете да го спречите тоа. Научете ги секогаш со задоволство да ви се доверуваат, откривајќи ви ги сите свои неволји и радости. Ако успеете во тоа, ќе ги сочувате од многу стапици кои сатаната ги подготвува за нивните неискусни нозе. Во постапувањето со своите деца не применувајте само строгост, заборавајќи на сопственото достоинство и дека децата се сепак само деца. Не очекувајте од нив веднаш да бидат совршени и во сè да се однесуваат како возрасните. Барајќи да бидат совршени, вие ја затворате вратата преку која би можеле да им се приближите, и ги наведувате да се отворат за штетните влијанија што ќе ги отрујат нивните млади души пред и да станете свесни за опасностите во кои се наоѓаат. {1C 387.2}

Сатаната и неговата војска вложуваат најголеми напори да загосподарат со умот на младите, и затоа со децата мора да се постапува искрено, со христијанска нежност и љубов. Така на младите се врши силно влијание, и тие чувствуваат дека со неограничена доверба можат да се потпрат на вас. Потрудете се децата и младите да ја почувствуваат привлечната сила на домот и на вашето друштво. Ако успеете во тоа, тие нема толку да бидат жедни за друштвото на своите млади врсници, преку кои сатаната ги остварува своите цели, наведувајќи ги да се изопачуваат едни со други. На тој начин тој најуспешно ги остварува своите зли намери. Младите имаат силно влијание едни на други. Предметот на нивните разговори не е секогаш избран и возвишен. Овде се дошепнуваат зли работи кои, ако не им се спротивставите најодлучно, наоѓаат свое место во срцето, пуштаат корен, донесуваат свој род и го расипуваат доброто однесување. Поради злата што се повеќе преовладуваат во светот и неопходноста децата да се ограничуваат, родителите мораат да вложат двојни напори децата и младите да ги врзат за своето срце за да можат да ги осведочат дека навистина им посакуваат само среќа и добро. {1C 387.3}

Родителите никогаш не треба да го заборават своето детство, колку топло копнееле по сочувство и љубов и колку се чувствувале несреќни кога ги укорувале и карале. Би требало да го освежат своето сеќавање од младоста и да се спуштат до своите деца, за да можат да ги разберат нивните потреби. Но сепак, со цврстина и здрави чувства на љубов треба да бараат послушност од своите деца. Зборовите на родителот мораат безусловно да се слушаат. {1C 388.1}

Божјите ангели со најдлабоко интересирање го следат развојот на карактерот кај децата и младите. Кога Христос би постапувал со нас како што ние често постапуваме едни со други и со своите деца, ние одамна би паднале во состојба на крајна обесхрабреност. Видов дека Христос ги познава нашите слабости, бидејќи поминал низ сите наши искуства освен во гревот. Тој за нас подготвил пат што одговара на нашата сила и на нашите можности и, како некогаш патријархот Јаков, Тој оди полека, со темпо што можат да го издржат и децата, за да може постојано да нè храбри и утешува со Своето присуство и да ни биде постојан Водач. Тој не ги презира, не ги запоставува и не

ги остава далеку зад Себе дури ни децата што припаѓаат на Неговото стадо. Тој не оди толку брзо за да нè остави зад Себе нас кои имаме деца. О, не. Тој веќе го направил патот во животот толку рамен, што и децата можат сигурно да стигнат до целта. Од родителите се бара во Негово име да ги водат и децата по тесната патека. Бог ни укажува на патот што одговара на силата и можностите на нашите деца. {1C 388.2}

---

73. РАБОТА НА ИСТОК

Покажано ми е дека е дојдено времето за поуспешна работа на Исток. Веќе и таму се чувствува потреба за организација и поредок. Тамошните проповедници нема веќе да бидат принудени да работат под такви обесхрабрувачки околности како порано. Ангелот на милоста сè уште лебди и над Истокот. „Засилувајте го она што преостанува. Објавувајте ја пораката на оние до кои таа сè уште не допрела," нагласува ангелот. На Исток има поединци кои ќе се најдат во опасност да одат во крајност кога Господ ќе го оживее Своето дело меѓу нив. Тие не смеат да забораваат како Господ Своето дело, што започна меѓу нив, го пренасочи кон Запад за да ги понижи, потчинувајќи го нивниот бунтовнички дух на независност, и за да ги наведе повеќе да ги ценат напорите на Неговите верни слуги. {1C 389.1}

Број десет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

74. ОПАСНОСТИ ШТО ИМ СЕ ЗАКАНУВААТ НА МЛАДИТЕ

На шести јуни, 1863 година, покажани ми се некои од опасностите што им се закануваат на младите. Сатаната настојува да завладее со умот на младите и нивните неискусни нозе да ги заведе на погрешен пат. Тие не се во состојба да проникнат во неговите лукавства, и затоа родителите во овие опасни времиња мораат да бидат мошне внимателни за да го одбијат непријателот при неговото прво приближување. Тие треба да ги поучуваат своите деца кога излегуваат и кога влегуваат, кога стануваат и кога легнуваат, заповед по заповед, правило по правило, овде малку, онде малку. {1C 390.1}

Задачата на мајката започнува кога новороденчето е во колевката. Таа треба да ја потчини волјата и природата на своето дете, да го научи на послушност и не смее да му попушта на детето кога тоа расте. Секоја мајка мора да најде време за да ги вразумува своите малечки, да ги поправа кога ќе погрешат и трпеливо да ги упатува на вистинскиот пат. Христијанските родители треба да ги упатуваат и советуваат своите деца како да станат Божји деца. Целокупното верско искуство на тие деца зависи од поуките што ги добиваат во своето детство кога се формира нивниот карактер. Ако волјата на детето тогаш не се потчини на волјата на родителот, таа задача многу тешко може да се оствари во подоцнежните години. Каква тешка борба, какви судири за волјата, која никогаш не попуштала, да се потчини на барањата на Божјиот закон! Родителите што ја

занемаруваат оваа своја значајна должност се во голема заблуда, и тие грешат и против своите несреќни деца и против Бога. {1C 390.2}

Децата и младите што се под строг надзор понекогаш ги обзема чувство на незадоволство. Поради постојаните ограничувања, тие стануваат нетрпеливи, сакајќи да бидат самостојни, да заминуваат и да доаѓаат кога тоа на нив им одговара. Посебно кога се помеѓу десеттата и осумнаесеттата година од животот, тие често мислат дека во одењето на излети и други собири на младите нема никакво зло; но искусните родители во тоа можат да ја видат опасноста. Тие најдобро го познаваат темпераментот на своите деца и знаат каков впечаток ќе остави тоа на нивниот ум, и затоа, бидејќи се заинтересирани за нивното спасение, ги одвраќаат од тие возбудливи забави. Какво олеснување за грижливите родители, кога децата самите ќе одлучат да раскинат со задоволствата на овој свет и да станат Христови ученици! Сепак, залагањето на родителите дури ни тогаш не смее да престане. На децата и младите не треба да им се препушти да одат по своите патишта и самите да одлучуваат за тоа. Тие штотуку ја започнуваат сериозната борба против гревот, гордоста, страстите, злобата, љубомората, омразата и сите други зла што непрепороденото срце ги носи во себе. Затоа родителите треба будно да бдеат над младите, советувајќи ги и донесувајќи одлуки место нив, за да им покажат дека доколку не се подготвени да се покорат на своите родители, нема да бидат подготвени да се покорат и на Бога, ниту да бидат вистински христијани. {1C 391.1}

Родителите треба да ги охрабруваат своите деца слободно да им се доверуваат, и така да се растоварат од своите секојдневни непријатности и неволји. На тој начин тие ќе научат да сочувствуваат со своите деца, да се молат со нив и за нив, доверувајќи ги на Божјото водство и на Неговата заштита. Тие треба да им укажат на Христос како на најдобар Пријател и Советник, кој е трогнат со чувството на нивната слабост, кој во сè бил искушуван како и ние, но сепак останал безгрешен. {1C 391.2}

Сатаната ги наведува децата и младите да не им се доверуваат на своите родители, туку на своите млади и неискусни истомисленици кои не можат да им помогнат, туку можат да им дадат само лош совет. Девојчиња и момчиња се собираат и разговараат, се смеат и се задеваат и со своите бесмислици го гонат Христос и светите ангели од своето срце и својата присутност. Бескорисни разговори за постапките на другите, кратки забелешки за некој младич или девојка, ги потиснуваат благородните и побожни мисли, изгонувајќи ги од срцето добрите и свети желби и тоа станува студено и потполно лишено од вистинската љубов кон Бога и Неговата вистина. {1C 391.3}

Децата и младите би биле поштедени од многу зла кога би биле поинтимно поврзани со своите родители. Родителите треба да ги охрабруваат во своите деца склоностите да бидат поотворени и поинтимни со нив, да им ги доверуваат своите тешкотии и да бараат совет кога ќе се најдат во некоја недоумица. Кој подобро може да ја процени ситуацијата и да укаже на опасноста од добрите родители? Кој може подобро да го разбере темпераментот и посебните склоности на нивните деца? Мајката која од детството ја следи секоја промена во развојот на карактерот и која најдобро ги познава природните склоности на своите деца, е најповикана да им даде вистински и најдобар совет. Затоа родителите најдобро знаат кои карактерни црти и склоности на своите деца треба да ги зауздуваат и отстрануваат. {1C 392.1}

За децата и младите што имаат христијанско воспитување, љубовта и одобрувањето на богобојазливите родители ќе има многу поголемо значење од секој овоземен благослов. Тие секогаш ќе ги сакаат и почитуваат своите родители. Една од основните преокупации во нивниот живот е мислата како да ги направат среќни своите родители.

Во овој бунтовен век, децата на кои им недостасува добро воспитување и семејна дисциплина имаат многу слабо чувство на должност кон своите родители. Често се случува децата да се толку по неблагодарни и по неучтиви кон своите родители, колку што повеќе нивните родители направиле за нив. Децата и младите кои биле разгалувани и на кои секогаш им е угодувано очекуваат тоа постојано да им се прави; и кога нивните очекувања нема да се остварат, тие стануваат незадоволни и обесхрабрени. Таквите склоности ќе ги следат во текот на целиот нивен живот. Чувствувајќи се беспомошни, тие секогаш ќе зависат од другите, очекувајќи да им се укажува помош и наклоност. Дури и кога ќе станат возрасни мажи и жени, штом некој ќе им се спротивстави, тие ќе сметаат дека со тоа им е нанесена неправда. Затоа, тешко ќе можат да се пробијат во животот, одвај способни да го носат своето животно бреме, мрморејќи и лутејќи се на сè што не им поаѓа од рака. {1C 392.2}

Во заблуда се оние родители што на своите деца им даваат такви поуки кои ќе се покажат убиствени за нив и кои претставуваат само трње пред нивните нозе. Тие се надеваат дека, задоволувајќи ја секоја желба на своите деца и дозволувајќи им да се поведуваат по своите склоности, ќе ја задобијат нивната љубов. Каква голема заблуда! Децата и младите на кои така им се попушта, растат без никакво ограничување во своите желби и склоности, и стануваат себични, секогаш незадоволни, желни за власт, - вистинско проклетство и за себе и за сите што ги опкружуваат. Родителите во голема мера ја држат во своите раце идната среќа на своите деца. Тие имаат многу значајна задача да го формираат карактерот на своите деца. Поуките примени во детството ќе ги следат во текот на целиот нивен живот. Родителите сеат семе кое, кога ќе никне, ќе донесе и свои плодови: или добри или зли. Своите синови и ќерки тие можат да ги направат среќни или, пак, несреќни. {1C 393.1}

Младите од најрано детство треба да се поучуваат да бидат корисни во животот, помагајќи си и на себе и на другите. Многу ќерки на денешното време можат без никаква грижа на совеста да гледаат како мајките им се изнемоштуваат од готвење, перење и пеглање, додека тие седат во дневната соба и читаат романи, разговараат или везат. Нивните срца се бесчувствителни како камен. Но од каде потекнува тоа зло? Кој е најчестиот виновник за сето тоа? Сиромашните измамени родители. На нив им бега од поглед идното добро на нивните деца и во својата слепа љубов им дозволуваат на своите ќерки да седат без работа или да се занимаваат со она што не е од никаква корист или не бара никаков напор на умот и мускулите, а потоа како изговор за мрзеливоста на тие свои ќерки ја наведуваат нивната наводна слабост. Но што ги направило да бидат толку слаби? Во најголемиот број случаи е погрешниот став на родителите. Работа што им одговара во куќата ќе придонесе за здравјето на умот и телото. Меѓутоа, децата се лишени од тоа поради погрешните ставови за работата, се додека таквите активности не им станат потполно одвратни затоа што не се во сообразност со нивните идеи за елегантноста. Се смета дека миењето садови, пеглањето или перењето облека не само што не е отмено туку дури е и недолично. Тоа е модерно сфаќање на кое се поучуваат децата во овој несреќен век. {1C 393.2}

Начелата според кои се раководи Божјиот народ треба да бидат повозвишени од сфаќањата на оние што сите свои постапки ги прилагодуваат на современата мода. Богобојазните родители треба да ги подготвуваат своите деца за корисен живот. Тие не смеат да дозволат нивните начела во воспитувањето на децата да бидат ниту најмалку расипани од распространетото сфаќање дека мораат да се прилагодат на обичаите и прифатените мислења во светот. Тие не смеат да дозволат нивните деца и млади сами

да го избираат своето друштво. Научете ги дека изборот на нивното друштво е дел од вашите должности. Подгответе ги да носат товар додека се сè уште млади. Ако не стекнат на време работни навики, брзо ќе се заморуваат. Ќе се жалат на болки во слабините и рамената и замор на нозете, и вие ќе дојдете во искушение попрво сами да ја завршите работата, отколку и тие малку да се потрудат. Товарот на обврските што го ставате на нив во почетокот треба да биде мошне лесен, и секој ден зголемувајте го по малку додека не бидат во состојба да ја извршуваат својата работа без да се заморуваат. Неактивноста е најчестата причина за болките во слабините и рамената кај децата. {1C 394.1}

Во овој век постои цела класа млади госпоѓици кои се потполно бескорисни созданија, способни само да дишат, јадат, да се облекуваат, да разговараат и да прераскажуваат бесмислици додека во раката држат вез или плетило. Многу малку од нив имаат здрав разум и исправно расудување. Тие живеат живот на пеперутка без никаква цел. Кога такво друштво ќе се собере, се слушаат само бесмислени забелешки за облеката или некој друг безначаен предмет, а потоа настанува смеење поради тие безначајни забелешки, а присутните сметаат дека се мошне духовити. Тоа често се случува и во друштво на постари личности кои таквиот недостаток на почитување кон нивните години може само да ги растажи. Младите со такви сфаќања како да го загубиле секое чувство за пристојност и убаво однесување, но благодарение на начинот на нивното воспитување сепак мислат дека се отмени. {1C 394.2}

Тој дух е сличен на заразна болест. Божјиот народ мора да го бира друштвото за своите деца, поучувајќи ги да се отстрануваат од друштвото на тие лекомислени љубители на овој свет. Своите ќерки, мајките треба да ги водат со себе во кујната и трпеливо да ги поучуваат. Со таква работа нивниот организам ќе зајакне, нивните мускули ќе добијат нова сила и цврстина, а нивните размислувања на крајот на денот ќе бидат посмирени и повозвишени. Тие можеби ќе се заморат, но колку е сладок одморот по корисната работа! Сонот, како пријатно природно обновување, го закрепнува и засилува измореното тело и го подготвува за утрешните должности. На наведувајте ги децата на заклучок дека е сеедно дали работеле или не. Учете ги дека нивната помош е неопходна, дека нивното време е скапоцено и дека зависите од нивната помош. {1C 395.1}

Покажано ми е дека многу гревови се само последица на неактивност. Рацете и мислите кои се постојано зафатени со корисна работа немаат време да го слушаат секое дошепнување на непријателот, додека со невработените раце и невработениот ум тој чека да загосподари. Кога не е вработен со она што треба, умот се задржува на недолични и несакани мисли. Родителите треба да ги научат своите деца дека мрзеливоста е грев. Укажано ми е на следниот библиски текст: „Ете во каква состојба е беззаконието на сестра ти Содом и на ќерките нејзини: во гордост, во презаситеност и во безгрижен мир, и раката нејзина не помагаше сироти и бедни” (Езекиел 16:49). {1C 395.2}

Децата треба да бидат свесни за своите должности кон родителите кои ги одгледувале во детството и ги негувале кога биле болни. Тие мораат да имаат на ум дека поради нив нивните родители имале многу грижи. Посебно совесните и побожните родители прават најдобро што можат за своите деца да ги поведат по вистинскиот пат. Колку тешко би им било во срцето кога би виделе дека нивните деца грешат! Кога децата би можеле да ги видат душевните страдања кај своите родители кои тие ги причиниле, сигурно би се промениле. Кога би ги виделе солзите на својата мајка, би ги

слушнале нејзините молитви упатени до небото за нив и нејзините придушени воздишки, сигурно би побрзале да ги признаат своите гревови и да бараат простување. Во тој поглед претстои сериозна задача и за старите и за младите. Родителите мораат подобро да се оспособат за должностите што ги имаат кон своите деца. Некои родители немаат разбирање за своите деца и навистина не ги познаваат. Често помеѓу родителите и децата постои голема одвоеност. Кога родителите би биле подготвени да ги сфатат чувствата на своите деца и да доловат што им е во срцето, тоа би делувало на децата многу благотворно. {1C 395.3}

Родителите треба многу внимателно да постапуваат со душите што се доверени на нивна грижа. Тие не смеат кај своите деца да поттикнуваат гордост, претерување и љубов кон упадливо облекување. Не смеат да ги навикнуваат на мала нељубезност или надуеност што можеби изгледа како остроумност кај малите деца, но од што ќе мора да се одвикнуваат и да бидат поправани кога ќе пораснат. Навиките стекнати во детството тешко се забораваат. Родители, своите малечки мора да почнете да ги дисциплинирате уште од најрано детство за да можат да станат вистински христијани. Сите ваши напори нека бидат сторени со цел да бидат спасени. Со оние што се доверени на вашата грижа постапувајте како со скапоцени камења кои треба на крајот да заблескаат во Божјото царство. Чувајте се да не ги заспивате над провалијата на пропаста со погрешното сфаќање дека не се доволно возрасни за да дадат сметка за своето однесување, да се покајат од своите гревови и да го прифатат Христос. {1C 396.1}

Укажано ми е на многу драгоцени ветувања дадени на оние кои уште од мали години ќе почнат да го бараат Спасителот: „Но, спомнувај си за својот Творец во дните на младоста своја, додека не дошле тешки денови, додека не настанале години, за кои ќе речеш: ‘Не ми се мили’” (Проповедник 12:1). „Ги сакам оние што Мене ме сакаат, и кои Ме бараат ќе ме најдат” (Изреки 8:17). Големиот Пастир на Израелот сè уште порачува: „Оставете ги децата да доаѓаат кај Мене и не пречете им, зашто на такви е Божјото царство” (Марко 10:14). Научете ги своите деца дека младоста е најдоброто кога треба да го бараат Господа. Тогаш товарот на животот не ги притиска толку болно, а нивниот млад ум не е толку преморен со грижи, и додека се така слободни треба своите најдобри сили да му ги посветат на Бога. {1C 396.2}

Живееме во време кое е посебно несреќно за децата. Силата на злото како надојдена река силно влече во пропаст, и за да може да се плива наспроти нејзиниот тек потребно е нешто многу повеќе отколку што е силата и искуството на едно дете. Изгледа дека младите, општо земено, се робови на сатаната, и како неговите ангели да ги водат во неизбежна пропаст. Сатаната и неговите војски водат непрекината војна против Божјото владеење, и сите кои сакаат своето срце да Му го предадат на Бога и да ги држат Неговите заповеди, сатаната настојува да ги збуни со своите искушенија за да ја загубат храброста и да се откажат од борбата. {1C 397.1}

Родители, помогнете им на своите деца. Пробудете се од нечувствителноста што ве обзела. Стражарете будно за да ја запрете реката што надоаѓа и да ги одбиете брановите на злото со кои сатаната сака да ги потопи вашите деца. Децата не се во состојба тоа самите да го сторат, но родителите можат да направат многу. Со сесрдна молитва и со жива вера можат да се задобијат големи победи. Некои од родителите не ја сфаќаат сета тежина на своите одговорности и го занемаруваат верското воспитување на своите деца. Првата мисла на христијанинот секое утро треба да биде мисла за Бога. Овоземните работи и интереси треба да дојдат на второ место. Децата треба да се научат да го почитуваат часот на молитва. Пред да појдат на работа, сите членови на

семејството треба да се соберат, и таткото, или пак мајката ако е тој отсутен, треба сесрдно да се помоли на Бога сите да ги сочува тој ден. На молитвата треба да ѝ се пристапи со длабока понизност, со срце полно со нежност и свест за опасностите кои евентуално ви се закануваат на вас и на вашите деца. Врзете ги децата со вера за Божјиот жртвеник, доверувајќи ги на Негова грижа. Ангелите ќе ги чуваат децата што се така посветени. Христијанските родители се должни со сесрдна молитва и жива вера да подигнат ограда околу своите деца. Тие треба трпеливо да ги поучуваат, упатувајќи ги благо и неуморно како да живеат за да му угодат на Бога. {1C 397.2}

Нетрпеливоста кај родителите предизвикува нетрпеливост и кај децата. Страстите што ги покажуваат родителите создаваат исти страсти и кај децата, и го поттикнуваат сето она што е зло во нивната природа. Некои родители покажуваат строгост и нетрпение, а често и гнев кога ги укоруваат и сакаат да ги поправат своите деца. Настојувајќи да отстранат едно зло, тие создаваат друго. Постојаното казнување и тепање ги прави децата да бидат одбојни кон родителите и тоа ги оддалечува од нив. Родителите треба прво да научат како да се зауздуваат себе си, па дури тогаш ќе можат да ги зауздуваат своите деца. Секој пат кога ќе загубат контрола над себе, зборуваат и постапуваат нетрпеливо, тие грешат против Бога. Тие прво треба да се обидат да ги вразумат своите деца, јасно укажувајќи им на нивните грешки и осведочувајќи ги дека со тоа не грешат само против своите родители, туку и против Бога. Со понизни срца и полни со сочувство и сомилост кон своите заблудени деца, помолете се со нив пред да ги казните. Тогаш казнувањето нема во нив да предизвика омраза кон вас. Децата ќе видат дека не ги казнувате затоа што ви создале непријатности, или затоа што сакате на нив да го покажете своето незадоволство; туку затоа што чувствувате дека сте должни да го сторите тоа за нивно добро, за да не бидат препуштени да растат во грев. {1C 398.1}

Некои родители пропуштаат да им дадат на децата верско воспитување, а во исто време го занемаруваат и нивното школско образование. Не треба да се занемарува ниту едното, ниту другото. Детскиот ум копнее по активности, и ако не бидат вработени со некои физички напори или учење, тие ќе бидат изложени на лошо влијание. Родителите грешат ако дозволат децата да растат во незнаење. Тие треба да ги снабдуваат со корисни и интересни книги и да ги привикнуваат на работа. Треба да им се одредат часови за физичка работа и часови за учење и читање. Родителите мораат да се стремат да го подигнуваат духот на своите деца и да ги развиваат нивните умствени способности. Умот што не е просветен и е препуштен на самиот себе си, обично останува онеспособен, склон кон сетилност и изопаченост. Сатаната ја користи можноста што му се дава на тој начин и оние што не го вработиле својот ум тој ги воспитува на свој начин. {1C 398.2}

Родители, ангелот записничар го запишува секој брз и нетрпеливо изговорен збор што го упатувате на своите деца. Секој пропуст да им дадете соодветна поука и да им укажете на сета тежина на гревот и неговите конечни последици, се забележува покрај вашето име. Секој непромислен збор изговорен пред нив, безгрижно или во шега, секој збор што не облагородува и воздигнува, ангелот записничар го запишува како дамка на вашиот христијански карактер. Секоја ваша постапка, независно дали е добра или лоша, се запишува. {1C 399.1}

Родителите не можат успешно да управуваат со своите деца сè додека не се во состојба совршено да владеат со себе си. Тие прво мораат да научат да владеат со себе, да го контролираат секој свој збор, па дури и самиот израз на лицето. Тие не смеат да дозволат во нивниот глас да се почувствува возбуденост или гнев. Дури тогаш ќе имаат

одлучувачко влијание на своите деца. Децата и младите можеби имаат најискрени намери да бидат добри, да бидат послушни на своите родители и на оние што се грижат за нив, но на нив сепак им е потребна помош и охрабрување од постарите. Тие можат да донесуваат добри одлуки, но ако нивните начела не се зајакнати со вера и со влијанието на Божјата благодат што оживува, тие нема да успеат да ја остварат својата цел. {1C 399.2}

Родителите треба да ги удвојат своите напори за спасение на своите деца. Тие треба верно и совесно да ги поучуваат децата и младите, не препуштајќи ги самите да се воспитуваат како што најдобро знаат и умеат. Не младите не треба да им се дозволува во исто време да учат и добро и зло, под претпоставка дека во некој среќен момент во иднината доброто ќе надвладее, а злото ќе го загуби своето влијание. Всушност, злото ќе расте многу побрзо од доброто. Може да се случи злото што го учеле и да биде искоренето по многу години, но кој ќе ризикува тоа да го препушти на случајот? Времето е кратко. Многу е полесно и посигурно во срцата на децата и младите да се сее добро семе, отколку подоцна да се корне плевелот. Должност на родителите е да внимаваат влијанијата од околината да не им наштетат на нивните деца. Другари за своите деца треба да избираат тие, а не децата. Кој ќе ја преземе оваа задача ако не родителите? Може ли некој друг да покаже толкав интерес за доброто на вашите деца како што можете вие самите? Може ли некој друг толку сесрдно да се грижи за нив и да ги сака толку длабоко како што можат родителите? {1C 399.3}

Децата на оние што ја празнуваат саботата можат да станат тврдоглави и нетрпеливи, мислејќи дека нивните родители се премногу строги; во срцето на младите можат да се родат непријатни чувства и тие можат да станат незадоволни и несреќни, обвинувајќи ги за тоа оние што се грижат за нивното сегашно, идно и вечно добро. Но само неколку години подоцна тие ќе им бидат благодарни на родителите за оваа строгост, грижа и буден надзор во времето кога сè уште немале искуство. Родителите треба да им го објаснат планот на спасението на своите деца на толку едноставен начин за нивниот млад ум тоа да може да го разбере. Децата од осум, десет или дванаесет години веќе се доволно големи за да може да им се зборува за прашањата на личната вера. Кога ги поучувате своите деца не им укажувајте на некое идно време кога ќе бидат доволно големи да се покајат и да веруваат во вистината. Ако исправно се поучуваат, децата уште сосем млади можат да стекнат вистинска претстава за својата грешност и за начинот на спасение преку Христос. Проповедниците најчесто не посветуваат внимание на спасението на децата и не им се обраќаат лично, а тоа се должни да го сторат. Често се пропуштаат златните прилики да се влијае на чувствителната детска душа. {1C 400.1}

Злите влијанија што ги опкружуваат нашите деца се скоро неодоливи и тоа ги изопачува нивните мисли и ги води во пропаст. Младите според својата природа се лекомислени; и во својата рана возраст, додека карактерот им е уште неоформен, а расудувањето незрело, тие често го избираат друштвото на оние кои штетно ќе влијаат на нив. Некои поради наклоноста кон спротивниот пол се спротивставуваат на желбите и молбите на своите родители и со тоа непочитување на родителскиот авторитет ја престапуваат петтата заповед. Родителите се должни будно да внимаваат кога нивните деца излегуваат од дома и кога се враќаат. Тие треба да им пронајдат задоволства што ќе ги врзат за родителскиот дом, и да ги уверат дека како родители се навистина заинтересирани за нивното добро. Тие треба да го направат домот пријатен и привлечен за своите деца. {1C 400.2}

Татковци и мајки, зборувајте љубезно со своите деца; сетете се колку сте и самите чувствителни и колку тешко го поднесувате секое прекорување; сфатете дека вашите деца по својата природа се исти како вас. Не ги изложувајте на она што ни самите вие не го поднесувате. Ако вие не можете да поднесете укор или опомена, не можете нешто подобро да очекувате и од своите деца кои се уште послаби од вас и не можат ниту толку да поднесат. Вашите пријатни и ведри зборови секогаш нека делуваат како сончеви зраци во вашето семејство. Владеењето со себе, промисленоста и вниманието покажано од ваша страна, стократно ќе се врати. Родителите немаат право со постојано изнаоѓање грешки и со преостро осудување да ја затемнуваат среќата на своите деца. Вистинските престапи и гревови треба на децата да им се прикажат во вистинска светлина, и да се заземе цврст и одлучен став за тоа веќе да не се повторува. На децата и на младите треба да им се предочи сета тежина на нивните престапи, но не треба да ги оставите во беспомошна состојба, туку охрабрете ги дека можат да се поправат и повторно да ја придобијат вашата доверба и наклоност. {1C 401.1}

Има и такви родители кои грешат давајќи им на своите деца преголема слобода. Тие имаат толку голема доверба во своите деца што најчесто не ги забележуваат нивните грешки. Погрешно е да им се дозволува на децата на туѓ трошок да одат во далечни посети без присуство на родителите или други што се грижат за нив. Тоа може да има лошо влијание на децата и на младите. Тие почнуваат да сметаат дека се повозвишени, и дека предноста да се има доверба во нив е нивно вистинско право и кога тоа нивно право не се почитува тие мислат дека им се нанесува неправда. Тогаш спомнуваат други на кои исто така им е дозволено слободно да заминуваат и да се враќаат дома и имаат многу други права, додека тие се лишени од сè. {1C 401.2}

И мајката, не сакајќи децата да ја сметаат за неправедна, ги исполнува сите нивни желби, додека на крајот не се види дека со тоа им нанела само штета. Младите кои одат во такви посети, каде ги нема родителите да бдеат со своето око што би ги забележало и исправило нивните грешки, често стекнуваат такви впечатоци што со месеци не можат да се неутрализираат. Укажано ми е на некои родители кои имале добри и послушни деца, и кои, имајќи потполна доверба во одредени семејства, им дозволувале на децата да одат во посета на тие пријатели кои далеку живеат. Од тоа време тие забележале потполна промена во однесувањето и карактерот на своите деца. Порано тие деца и млади биле задоволни во родителската куќа и не копнееле многу по друштвото на своите врсници. А сега, кога повторно се вратиле кај своите родители им се чини дека ограничувањата на кои се овде изложени се неоправдани и домот почнува да им личи на затвор. Таквите немудри постапки на родителите можат да имаат пресудно влијание на карактерот на нивните деца. {1C 402.1}

За време на таквите посети некои од младите склопуваат такви врски кои на крајот ќе бидат причина за нивната пропаст. Родители, држете ги своите деца близу до себе колку што е тоа можно, и бдејте над нив со најголема загриженост. Кога ги пуштате да посетуваат оддалечени места тие почнуваат да размислуваат дека се доволно зрели сами да одлучуваат за своите постапки. Младите, кои се така препуштени на самите себе, најчесто водат разговори кои не воздигнуваат и облагородуваат, ниту ја зголемуваат нивната љубов кон верскиот живот. Колку повеќе им се овозможуваат вакви посети, тие се повеќе копнеат по тоа, а семејниот дом им изгледа сè помалку привлечен. {1C 402.2}

Деца, Бог видел дека е добро да ве довери на грижата на вашите родители, а на нив им дал задача да ве поучуваат и да ве дисциплинираат и на тој начин да дадат свој

придонес во формирањето на вашиот карактер за небото. Сепак, ваша е одлуката дали ќе развиете вистински христијански карактер, оправдувајќи ја со тоа на најдобар начин предноста што сте имале побожни, верни и богобојазливи родители. И покрај сета своја загриженост и верност, самите родители од своја страна не се во состојба да ги спасат своите деца. Постои задача што и децата од своја страна мораат да ја извршат. Секое дете во тоа има свој личен удел што не може да се препушти на никој друг. Побожни родители, пред вас е одговорна задача чекорите на своите деца и млади исправно да ги насочувате, дури и во нивното верско искуство. Ако навистина Го љубат Бога, тие со најголема почит ќе ви бидат благодарни за грижата и вниманието што сте им го посветиле, и за вашата верност во ограничувањето на нивните желби и потчинувањето на нивната волја. {1C 402.3}

Во светот владее мислење дека младите треба да бидат препуштени да се владеат според склоностите на својот ум. И кога младите се потполно незауздани во детството, родителите се тешат со претпоставката дека тие подоцна ќе се поправат, дека кога ќе имаат шеснаесет или осумнаесет години, врз основа на сопствен заклучок ќе ги напуштат своите лоши навики и ќе станат корисни мажи и жени. Колку голема заблуда! Тие на таков начин со години дозволуваат непријателот да ја обработува и засејува градината на детското срце; тие дозволуваат лошите навики и сфаќања да се вкоренат, и во најголемиот број случаи секој подоцна вложен труд на таква почва останува потполно бескорисен. Сатаната е вешт и упорен работник - смртен непријател. Секогаш кога ќе се каже некој невнимателен збор на штета на младите за да им се ласка, или да се наведат со помала одговорност да гледаат на некој грев, тоа сатаната го искористува како прилика да засее зло семе кое брзо пушта корен и дава богата жетва. Некои родители им дозволуваат на своите деца да стекнуваат лоши навики чии траги подоцна се гледаат во текот на целиот понатамошен живот. За таквиот грев одговорни се родителите. Таквите деца можат да се нарекуваат христијани, но без посебно делување на Божјата благодат во нивното срце и коренита реформа во животот, навиките од минатото ќе се покажуваат во сите нивни постапки и карактерот ќе им остане таков, каков што го формирале нивните родители. {1C 403.1}

Мерилото на побожноста меѓу оние што тврдат дека се христијани е спуштено на толку ниско ниво, што оние што искрено сакаат да го следат Христос мораат да се трудат и да се залагаат многу повеќе. Влијанието на оние на кои овој свет им е во срцето многу штетно делува на младите. Многу таканаречени христијани во црквата систематски ја отстрануваат линијата што ја покажува разликата помеѓу христијанинот и останатиот свет, и додека тврдат дека живеат за Христос, тие всушност живеат за овој свет. Нивната вера скоро во ништо не ги ограничува да им се препуштаат на задоволствата. Иако тврдат дека се деца на светлината, тие одат во темнина и всушност се синови на ноќта и мракот. Оние што одат во темнина немаат Божја љубов, ниту искрена желба да го слават Бога. Тие не се просветлени за да можат да ја препознаат убавината и славата на она што е небесно и затоа тоа воопшто не ги привлекува. Тие се нарекуваат христијани за да се претстават дека се достојни за почитување, но не сакаат да го земат и да го понесат крстот. Нивните побуди се најчесто себични. Некои од тие таканаречени христијани одат во сали за забава и учествуваат во сите задоволства што таму можат да се најдат. Други не одат толку далеку, но сепак одат на другарски вечери, седенки, добротворни приредби и претстави. Ниту најпроникливото око, во таквите самонаречени христијани не може да открие ниту еден белег на христијанство. Според нивниот надворешен изглед тие во ништо не се разликуваат од најлошите неверници. Таканаречениот

христијанин, распуштеникот, отвореният потсмевач, безверникот и безбожникот - сите заедно се дружат помеѓу себе. И Бог смета дека се исти и во духот и во практичниот живот. {1С 403.2}

Исповедањето на христијанство без соодветна вера и дела не е од никаква корист. Никој не може да им служи на двајца господари. Децата на безбожниците се слуги на својот господар на кого му се потчинети и кого го слушаат, и тие не можат да бидат Божји слуги сè додека не раскинат со ѓаволот и со сите негови дела. За слугите на небесниот Цар не може да биде добро и не опасно учествувањето во задоволствата и забавите во кои учествуваат слугите на сатаната, иако тие постојно повторуваат дека таквите забави се невини. Бог ги открил светите и возвишени вистини за припадниците на Својот народ да ги одвои од непобожните и да ги очисти според својот Пример. Адвентистите на седмиот ден мораат да живеат во согласност со својата вера. Оние што ги држат Десетте Божји заповеди, на сегашната состојба во светот и на верата гледаат од потполно поразлично гледиште за разлика од оние што се препуштаат на задоволствата, го избегнуваат крстот и ја престапуваат четвртата заповед. Во состојбата во која денес се наоѓа општеството, на родителите не им е ниту малку лесно да ги сочуваат своите деца, учејќи ги исправно, според прописите на Светото Писмо. Таканаречените верници толку се оддалечуваат од Божјото Слово така што, кога би се вратиле на светите прописи на Светото Писмо и кога би се обиделе во воспитувањето на своите деца -како Авраам во старо време – „да им заповедаат на своите синови" нивните сиромашни деца и млади ќе мислат дека нивните родители се премногу строги во поглед на изборот на нивните другари. Тие природно се стремат да се поведуваат по оние што го сакаат овој свет и неговите задоволства. {1С 404.1}

Прогонството и потсмевањето поради Христос во нашите денови се речиси непозната појава. Со малку пожртвуваност и самоодрекување можеме да добиеме обличје на побожност и право нашето име да биде запишано во книгата на црквата, но да се живее на таков начин нашиот животен пат да биде според Божјата волја и името да ни биде запишано во книгата на животот, тоа бара постојана будност и молитва, самоодрекување и жртви од наша страна. Таканаречените христијани не можат да им бидат пример на младите во она во што самите не го земаат за пример Христос. Несомнени плодови на вистинската побожност се само соодветните дела. Судијата на целата Земја на секого ќе му даде плата според неговите дела. Одвојувајќи се од светот и живеејќи живот каков што живеел Христос, тие секој ден мораат да го носат својот крст. {1С 405.1}

---

75. НАПРЕДУВАЊЕ ВО СВЕТЛИНАТА

Покажано ми е дека припадниците на Божјиот народ предолго се задржуваат во мрачната сенка на сомневањето. Божја волја не е тие да живеат во неверување. Христос е светлина и во Него нема никаква темнина. Неговите следбеници се деца на светлината. Тие се повикани од темнината во Неговата чудесна светлина и обновени во Неговиот лик. Тој е светлина на светот, а тоа исто треба да бидат и тие што Го следат. Тие не треба да талкаат по мракот бидејќи им е дадена светлината на животот. И колку повеќе и посесрдно се стремат да го следат Христовиот пример, дотолку поупорно ќе ги прогонува непријателот; но благодарение на својата тесна поврзаност со Христа тие

добиваат сила да се спротивстават на лукавиот непријател кој настојува што повеќе да ги оддалечи од Христа. {1C 405.2}

Покажано ми е дека премногу често се споредуваме еден со друг земајќи ги за пример грешните смртници, а имаме толку верен Пример во Оној кое е безгрешен и совршен во сè. Ние не треба да се споредуваме со светот, според некои човечки мислења, ниту според тоа какви би биле кога не би ја прифатиле вистината. Туку напротив, својот раст во верата и својата духовна состојба треба да ги споредуваме со она што би можеле да бидеме кога постојано би напредувале од времето кога тврдиме дека сме Христови следбеници. Тоа е единствено исправно споредување што можеме да си го дозволиме. Секое друго би било вистинска измама. Ако моралната и духовната состојба на припадниците на Божјиот народ не одговара на благословите, предностите и зраците на светлина што ги примиле, тие ќе бидат измерени и ќе се најдат лесни. {1C 406.1}

Некои, изгледа, воопшто не се свесни за својата вистинска духовна состојба. Тие ја здогледуваат вистината, но не го сфаќаат нејзиното значење и сето она што таа го бара од нив. Тие го слушаат проповедањето на вистината, но не ја разбираат во потполност затоа што не живеат во согласност со таа вистина, и затоа всушност и не се посветени со неа. Меѓутоа, тие сепак се толку спокојни и задоволни како облакот дење и столбот од оган ноќе да се постојано над нив и како да ги имаат сите докази на Божјото одобрување. Тие тврдат дека Го познаваат Бога, но се одрекуваат од Него со своите дела. Тие се вбројуваат во избраниот Божји народ, но Неговото присуство и Неговата спасоносна сила ретко се покажуваат меѓу нив. Тие се наоѓаат во голема темнина, но не се свесни за тоа. Светлината блескаво свети, но тие тоа не го забележуваат. Да верувате дека сте во право и дека Бог го прифаќа тоа што го правите, додека всушност грешите против Него - тоа е најтешка измама што може да го обземе човечкиот ум. Таквите ја заменуваат силата и духот на побожноста со надворешната форма. Тие мислат дека се богати, и дека ништо не им треба, додека всушност се сиромашни, несреќни, слепи и голи, и им недостасува сè. {1C 406.2}

Има и такви кои тврдат дека се Христови следбеници, но не вложуваат никакви напори во духовна смисла. Во напорите да ги остварат овоземните потфати тие покажуваат амбиции и ја остваруваат поставената цел; но во залагањето за вечен живот, каде е во прашање сè и каде од нивниот успех зависи вечното блаженство и среќа, тие се толку рамнодушни како да не се морални суштества и како некој друг да може да ја одигра нивната животна улога, додека тие само треба да го почекаат резултатот. О, каква лудост! Какво безумие! Кога само онаа амбиција, ревност и сесрдност што ги внесуваат во овоземните потфати би ја покажале и во борбата за вечен живот, тие сигурно би биле победници. Покажано ми е дека во животната борба секој има свој удел и задача кој сам за себе мора совесно и верно да ја изврши. Сатаната будно ја посакува приликата да ги пропуштиме драгоцените благослови што ни се дадени, зошто во тој случај ќе мораме да водиме тешка борба со силите на темнината за да ги задржиме, или повторно да ја придобиеме небесна благодат ако во недостаток на будност сме ја загубиле. {1C 407.1}

Покажано ми е дека на христијаните им е дадена сила од Бога да можат секој драгоцен дар што го добиле и да го задржат. Небото ја слуша и ќе ја услиши секоја искрена и огнена молитва. Кога Христовите слуги ќе го земат штитот на верата за да можат да се бранат и духовниот меч за да можат да се борат, во логорот на непријателот претчувствуваат опасност и сигурно е дека ќе преземат нешто. Прогонството и

исмевањето чекаат да бидат повикани во акција кога ќе почнат да се појавуваат оние што се „облечени со сила од висините”. Штом верниците ќе дозволат вистината во својата едноставност и сила да преовладува меѓу нив и таа да се проповеда наспроти духот на овој свет, ќе стане јасно дека помеѓу Христос и Велијар нема ништо заедничко. Христовите ученици треба да бидат жив пример каков бил животот и духот на нивниот Учител. {1C 407.2}

Судири и борби ги очекуваат и младите и старите. Тие ниту еден миг не смеат да попуштат во својата будност, бидејќи лукавиот непријател постојано демне за да ги совлада и заведе. Оние што веруваат во сегашната вистина мораат исто така да бидат претпазливи како и нивниот непријател, мудро спротивставувајќи се на неговите лукавства. Дали тие постапуваат така? Дали се истрајни во таа борба? Дали грижливо го избегнуваат секое зло и секоја неправда? Од Христос можеме да се одречеме на многу начини. Можеме да се одречеме кога зборуваме невистина, кога зборуваме лошо за другите, кога зајадливо и непромислено изговараме празни зборови, бидејќи со тоа покажуваме голем недостаток на остроумност и мудрост. Ние со тоа духовно слабееме, нашите напори да се спротивставиме на големиот непријател опаѓаат и конечно сме совладани. „Зашто устата зборува од преполнетото срце,” и со тој недостаток на будност ние покажуваме дека Христос не е во нас. Оние кои се колебаат потполно да се посветат на Бог, бедно ја извршуваат должноста како Христови следбеници. Тие Го следат на толку голема оддалеченост, што многу често и не знаат дали одат по Неговите стапки или ги следат трагите на својот голем непријател. Зошто толку тешко се одрекуваме од нашата приврзаност кон овој свет, и зошто со големо незадоволство го земаме Христос да биде единствена цел во нашиот живот? Зошто толку сакаме да го задржиме пријателството со оние што се непријатели на нашиот Учител, и зашто ги прифаќаме нивните обичаи и нивните мислења? Мораме потполно и безрезервно да се потчиниме на Бога и да раскинеме со наклоностите кон светот и со сите овоземни интереси, или во спротивно не можеме да бидеме Христови следбеници. {1C 408.1}

Христовиот живот и Неговиот Дух се единствен критериум на беспрекорноста и совршенството, и наш единствен сигурен пат е да го следиме Неговиот пример. Ако постапиме така, Тој ќе биде наш верен Водач и Советник овде на земјата, а потоа ќе не одведе во Својата слава. Меѓутоа, за да одиме по Христовиот пат мораме да бидеме подготвени на сесрдно залагање и на тешки страдања. Бог со нетрпение чека да работи за нас и да нѐ надари со Својот Дух, само ако ние копнееме по тоа, живееме за тоа и веруваме во тоа; и тогаш навистина ќе можеме да напредуваме во светлината како што и Тој е во светлина. Можеме уште сега да се насладуваме на Неговата љубов и да пиеме од изобилството на Неговото богатство. {1C 408.2}

---

76. БОЖЈОТО ДЕЛО НА ИСТОК

Фанатизмот што во текот на последните години беснееше на Исток, таму остави опустувачки последици. Покажано ми е дека со одредувањето на времето во 1844 година Бог го испита Својот народ, но и дека ниедно одредување на времето после таа година не носи Негов белег. После 1844 година Тој веќе не го проверува Својот народ со никакво посебно пресметување на времето. Ние го очекувавме, и сѐ уште трпеливо го

очекуваме времето на Христовото доаѓање. Значително возбудување е предизвикано со одредување на времето во 1854 година, и мнозина сметаа дека тоа движење е од Бога затоа што беше прилично опсежно, а некои очевидно и се обратија по тој повод. Но таквиот заклучок не мора да е точен. Многу се проповедаше дека одредувањето на времето во 1854 година е логично и точно. Некои заедно со вистината, искрено ја прифатија и заблудата и жртвуваа многу од својот имот за да го помогнат ширењето на таа заблуда, а по своето разочарување ја отфрлија и вистината и заблудата, и сега многу тешко може со вистината да се допре до нив. Некои што го издржаа разочарувањето согледуваат дека сегашната вистина е заснована на сигурни докази, ја прифаќаат веста на Третиот ангел и се трудат да ја спроведат во својот живот. Меѓутоа, ако верувањето дека во 1854 година истекува времето на милоста за еден било благотворно, за десетици од нив таквото верување било штетно, и мнозина од нив се доведени во таква положба во која вистината веќе не може да ги осведочи, колку јасно и да им биде изложена. {1C 409.1}

Објавувањето на идејата дека времето истекува во 1854 година, беше пратен со дух што не е од Бога. Сето тоа се случуваше во дух на врева, непромисленост и возбудување. Мнозина сметаа дека дигањето врева е битно обележје на вистинската вера, и постоеше тенденција сè да се спушти на ниво на некоја лажна скромност. Мнозина тоа го сметаа за понизност, но штом некој ќе се спротивставеше на нивните чудни сфаќања, тие за миг би пламнале, покажувајќи дух на властољубивост и осудувајќи ги своите неистомисленици дека се горди и дека се спротивставуваат на вистината и Божјата сила. {1C 409.2}

Светите ангели со неодобрување, па дури и со гнасење гледаат на непочитувањето што мнозина го покажуваат додека го изговараат името на големиот Јехова. Тоа свето име ангелите го изговараат со најголемо стравопочитување, засолнувајќи ги дури и своите лица кога го изговараат името Бог, а Христовото име за нив е толку свето, така што секогаш се поклонуваат со најголемо почитување додека го изговараат. Колку е спротивен на тоа духот што го следеше движењето во 1854 година. Некои кои сè уште се под влијание на тоа зборуваат за Бога како што би зборувале за некој коњ или за некој друг безначаен предмет. Во своите молитви зборовите „Семоќен Боже" тие ги изговараат на сосема вообичаен начин и без никакво почитување. Тие што така се однесуваат воопшто немаат претстава за возвишениот карактер на Бога и Христа и за светоста на тоа што е небесно. {1C 410.1}

Ми беше покажано дека кога Бог во старите времиња ги праќал Своите ангели да разговараат со луѓето или да направат нешто за нив, луѓето, сфаќајќи дека виделе Божји ангел и дека разговарале со него, биле преплашени мислејќи дека мора да умрат. Тие имале толку возвишена претстава за страшното величество и силата на Бога така што мислеле дека ќе бидат уништени и при самото среќавање со некој што доаѓа непосредно од Неговата света присутност. Укажано ми е на следните библиски стихови: „И ангелот Господов стана невидлив за Маное и жената негова. Тогаш Маној дозна дека тоа беше ангел Господов. И и рече Маное на жената своја: 'Бездруго ќе умреме бидејќи Го видовме Бога'" (Судии 13:21,22). „И виде Гедеон дека тоа беше ангел Господов и рече Гедеон: 'Помогни Господе Боже, зашто видов лице на ангел Господов.' Господ му рече: 'Мир на тебе, не плаши се, нема да умреш!'" (Судии 6:22, 23). „Кога Исус се наоѓаше близу до Ерихон, погледна и виде, и ете, пред него стои човек, со изваден меч во раката. Исус се приближи до него и рече: 'Наш ли си или од нашите непријатели?' Тој му одговори: 'Не; јас сум водачот на војската Господова, сега дојдов овде.' Исус падна

ничкум на земја, се поклони и му рече: ‘Што ќе му заповедаш на својот слуга?’ Водачот на војската Господова му рече на Исус: ‘Собуј ги обувките од нозете свои, бидејќи местото, на кое стоиш, е свето.’ Исус така и направи” (Исус Навин 5:13-15). Кога на ангелите им е укажувано толку големо стравопочитување затоа што доаѓаат од Божјата присутност, колку поголемо и подлабоко стравопочитување би требало да му се укаже на Бога лично! {1C 410.2}

На мнозина што се обратија под влијание на движењето во 1854 година им е потребно ново обратување. За тие луѓе да се ослободат од тие погрешни и настрани сфаќања што ги прифатиле од своите учители и да бидат наведени да ја прифатат вистината неизмешана со заблуда, сега е потребно десет пати повеќе труд отколку што би било потребно кога на почетокот веднаш би им била изнесена пораката не Третиот ангел. Таквите мораат прво да ги отфрлат заблудите, за да можат да бидат поучени на вистинската вистина, инаку отровниот плевел на заблудата ќе го задуши драгоценото семе на вистината. За почвата на срцето да се подготви за доброто семе и да може тоа да носи род на Божја слава, најнапред од него мора да биде искоренета заблудата. {1C 411.1}

Единствен лек за ситуацијата на Исток е потполна дисциплина и организација. Одреден број на верници на Истокот е заразен со духот на фанатизмот. Од Изворот на вистинската вистина тие добиле само по некоја голтка и многу малку знаат за пораката на Третиот ангел. За таквите не може ништо да се направи сè додека не се ослободат од своите фанатички гледишта. Некои од учесниците во движењето од 1854 година поддржуваат и шират заблуди, како што се: мислењето дека безбожниците нема да воскреснат и теоријата за Векот кој доаѓа и се обидуваат таквите свои сфаќања и искуства од минатото да ги соединат со пораката на Третиот ангел. Но тоа не може да се соедини. Помеѓу Христос и Велијар нема ништо заедничко. Нивните необични сфаќања за непостоењето на воскресение за безбожниците и за векот на иднината претставуваат големи заблуди што сатаната ги уфрлил меѓу кривоверствата на овие последни денови со цел да ги уништи душите. Тие заблуди на никаков начин не можат да се согласат со пораката која има небесно потекло. {1C 411.2}

Поединци од тоа движење имаат наводно и некои дарови добиени од Бог. Тие испуштаат некои неартикулирани гласови што ги нарекуваат странски јазици, а кои се потполно неразбирливи не само за луѓето, туку и за Господ и целото небо. Овие дарови ги измислуваат мажите и жените потпомогнати од големиот измамник. Фанатизмот, лажното возбудување, неразбирливите јазици и дигањето врева, тие ги сметаат за дарови што Бог ги дал во Својата црква. На тој начин уште некои се вовлечени во таа заблуда, и плодовите од сето се многу зли. „По нивните родови ќе ги познаете”. Фанатизмот и кревањето врева се сметаат за некои посебни докази на верноста. За некои богослужението не е успешно ако на него не доживеале некое посебно возбудување и чувство на среќа. Тие на секаков начин се трудат да го предизвикаат тоа и вештачки се возбудуваат. Но влијанието на таквите собири не е благотворно. Кога минливото чувство на занес ќе исчезне, тие паѓаат уште подлабоко отколку што биле пред собирот, бидејќи нивната среќа не дошла од вистинскиот извор. За духовно воздигнување најкорисни се оние собири на кои преовладува сериозност и длабоко истражување на сопственото срце, на кои секој се стреми да се запознае себе и во длабока смиреност и понизност да се поучува од Христос. {1C 412.1}

Братот Лант од Портланд, во државата Мејн, многу страдаше поради сето тоа. Тој чувствуваше дека духот што владее на нивните собири не е во хармонија со пораката на

Третиот ангел. Тој имаше тешки искуства со фанатизмот што на Исток остави зад себе вистинска пустина, и тоа го наведе со недоверба да гледа на сè што личи на фанатизам. Пред неговите очи минатото сè уште лебди како предупредување и затоа секогаш се труди да биде подалеку од оние кои и во најмала мера се наклонети кон фанатизам и со нив да зборува без заобиколување, бидејќи ја чувствува опасноста што од тоа им се заканува не само на нив, туку и на Божјото дело. Тој сето тоа го согледа во вистинска светлина. {1C 412.2}

Има многу немирни духови кои не се подготвени да се потчинат на дисциплината и не прифаќаат никаков систем и поредок. Тие сметаат дека да се подреди сопственото сфаќање на расудувањето на поискусните значи ограничување на личната слобода. Божјото дело нема да напредува сè додека сите не покажат подготвеност да се потчинат на редот и поредокот, а неодговорниот и нескротлив дух на фанатизмот не биде протеран од нашите богослуженија. Површните впечатоци и чувства не се сигурен доказ дека некои личности се водени од Бог. Слични впечатоци и чувства, ако во тоа не го спречиме, може да предизвика и сатаната. Затоа не можеме со сигурност да се потпреме на емоциите. Сите треба со внимателно проучување добро да се запознаат со доказите на нашата вера, за своето исповедање да можат да го украсат со донесување соодветни плодови на слава на Бога. Да не дозволиме никогаш и со ништо неверниците да се гнасат од нас. Ние треба да бидеме чесни, одмерени и возвишени во својот говор, и беспрекорни во животот. Треба да се отфрли ситничарењето, несериозноста и немарноста. Не е никаков знак дека Божјата благодат го трогнала срцето на некоја личност, што на собирите зборува така талентирано и толку убаво се моли, кога штом ќе го напушти богослужението се однесува грубо и немарно. Таквите мизерно ја претставуваат нашата вера и му нанесуваат срам на Божјото дело. {1C 413.1}

Меѓу оние што ја почитуваат саботата во _____ постои некоја необична разнообразност во сфаќањата. Некои не се согласуваат со црквата и ако продолжат така ќе станат жртва на искушенијата на сатаната, трчајќи во фанатизам и заблуда. Занимавајќи се со чудни и фантастични замисли, мнозина остануваат слепи за важните и битните прашања на вистината. Тие свои безначајни фантазии тие ги стават на исто рамниште со вистината што е од животно значење. Духот со кој ваквите се раководат и самата нивна појава предизвикуваат оправдани приговори од страна на чувствителните противници на нашата вера. За напредокот и успехот на пораката на Третиот ангел би било далеку подобро кога ваквите би ја напуштиле вистината. {1C 413.2}

Сепак, според светлината што Бог ми ја даде, на Исток ќе се издвои една голема група верници кои цврсто ќе се држат за вистината. Оние кои продолжуваат по погрешниот пат што самиот го избрале ќе бидат препуштени на својата омилена заблуда која конечно ќе ги уништи; но за извесно време ќе бидат камен за сопнување за оние што сакаат да ја прифатат вистината. Проповедниците што служат во речта и науката треба темелно да ја извршуваат својата работа, изнесувајќи ја вистината во нејзината чистота и едноставност. Своето стадо тие треба да го хранат со чиста, здрава и просеана храна. Има ѕвезди што талкаат, што за себе тврдат дека се проповедници испратени од Бог. Тие одат од место во место и ја проповедаат саботата, но со вистината мешаат и заблуда и изнесуваат пред народот маса на нескладни мислења. Тие се поттикнати од сатаната за да предизвика гнасење кај интелигентните и чувствителни слушатели. Тие многу зборуваат за даровите и често имаат некои посебни вдахновенија. Се препуштаат на некои диви, незауздани чувства, изразувајќи го тоа со некои неразбирливи и неартикулирани гласови што го нарекуваат дар на јазици; и некои дури се и

воодушевени од тие необични манифестации. Таквите се наоѓаат во власт на друг дух и подготвени се да се нафрлат на секого кој ќе им упати некое прекорување. Во таквото дело го нема Божјиот Дух и Тој не е со таквите работници. Тие покажуваат туѓ дух, па сепак со успех проповедаат на одредена категорија слушатели. Меѓутоа, тоа многу ги отежнува напорите на оние слуги, чиј пример е достоен да се следи и кои се испратени и оквалификувани од Бог во вистинска светлина пред народот да ја изнесат вистината за саботата и за даровите. {1C 414.1}

Вистината треба да се изложува на начин што ќе биде привлечен и за слушателите со просветен ум. Светот на нас не гледа како на угледни, туку како на јадни, прости и неуки луѓе. Затоа е многу важно сите што ја проповедаат вистината и сите што веруваат во неа да бидат така препородени со нејзиното посветувачко влијание, за со својот доследен и благороден живот да им докажат на неверниците дека во проценка на овој народ биле прелажани. Мошне важно е делото на вистината да биде ослободено од сè што личи на лажно и фанатично возбудување, вистината да се потпре на сопствените заслуги и да ја открие својата изворна чистота и својот возвишен карактер. {1C 414.2}

Видов дека за оние што ја проповедаат вистината е мошне важно да бидат отмени во однесувањето, да ја отфрлат секоја своевидност, изнесувајќи ја вистината во нејзината чистота и сигурност. Укажано ми е на следните библиски стихови: „Кој се придржува до вистинското слово, онака како што е научен, та да биде силен и да поучува во здравото учење, и да ги побива оние што се противат" (Тит 1:9) Во 16 стих Павле зборува за оние што тврдат дека го познаваат Бога, но се одрекуваат од Него со своите дела, покажувајќи дека „не се способни за никакво добро дело". А потоа го предупредува Тит: „А ти, пак, зборувај го она што се согласува со здравото учење. Старците да бидат трезвени, целомудрени, чисти, здрави во верата, во љубовта, во трпението... Исто така, советувај ги младите да бидат чесни, а во сè претстави се сам како образец за добри дела, покажувајќи чистота во учењето, нерасипаност, чесност: слово здраво, без укор, та да се посрами противникот, бидејќи не ќе има да рече ништо лошо за нас" (Тит 2:1,2,6-8). Овие упатства се напишани за доброто на сите што се повикани од Бог да го проповедаат Божјото Слово, а исто така и за доброто на сите што го слушаат Словото. {1C 415.1}

Божјата вистина никогаш не понижува, туку напротив, го воздигнува оној што ја прима, го облагородува неговиот вкус, го посветува неговото расудување и го усовршува за друштво со светите и чисти ангели во Божјото царство. Има луѓе кои пред да ја запознаат вистината биле груби, неизделкани, чудни и фалбаџии, кои биле подготвени да извлечат корист на сметка на своите ближни, и биле во заблуда во многу нешта; но кога ја прифатиле вистината со цело срце, таа довела до потполна промена во нивниот живот. Тие веднаш почнуваат да се реформираат. Чистото влијание на вистината го облагородува човекот и го воздигнува. Тој и во деловните односи со своите ближни секогаш го има пред себе Божјиот страв и, сакајќи го ближниот како самиот себе, постапува со нив онака како што би сакал тие да постапуваат со него. Неговите разговори се секогаш од вистинољубив, чист и возвишен карактер, така што неверниците не можат да кажат ништо лошо за него, ниту пак да пронајдат нешто неубаво и неприкладно од што би се соблазниле. Посветувачкото влијание на вистината тој го внесува и во своето семејство, и со својот примерен живот свети на сите околу себе, така што тие, гледајќи ги неговите добри дела, Го слават Бога. Во сè во својот живот тој за пример го зема Христовиот живот. {1C 415.2}

Барањата на Божјиот закон можат да бидат задоволени само со совршенство, совршена и потполна послушност на сите негови прописи. Половичната послушност и несовршеното покорување не се од никаква корист. Луѓето од овој свет и неверниците се восхитени кога ќе ја видат нашата доследност и најсилно се убедени во фактот дека Бог е навистина со нас кога ќе видат дека својата вера ја потврдуваме со дела. „Ќе ги познаете по нивните родови". Секое дрво се познава по своите плодови. Нашите зборови и нашите постапки се плодови што ги донесуваме. Мнозина ги слушаат Христовите зборови, но не живеат според нив. Тие ја исповедаат вистината, но родовите им се такви што неверниците се згрозуваат гледајќи ги. Тие се фалат, и во молитвите и во разговор ја истакнуваат својата лична правда, паѓаат во занес кога ќе почнат да ги набројуваат своите добри дела и, слично на фарисејот, Го слават Бога што не се како другите луѓе. А токму таквите се мошне итри во своите деловни односи и секогаш се подготвени да ги искористат другите. Нивните плодови не се добри. Нивните зборови и постапки се лоши, но тие изгледа се потполно слепи за бедната и жална состојба во која се наоѓаат. {1C 416.1}

Покажано ми е дека на ваквите може да се применат следните Христови зборови: „Не секој што Ми вели: 'Господи, Господи,' ќе влезе во царството небесно, туку оној што ја исполнува волјата на Мојот Татко небесен. Мнозина ќе ми речат во оној ден 'Господи, Господи, нели во Твое име пророкувавме? И зар во Твое име демони не изгонувавме? И нели во твое име многу чуда правевме?' И тогаш Јас ќе им кажам: 'Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мене вие што правите незаконски дела!'" {1C 416.2}

Овде станува збор за најголемата самоизмама што може да го обземе човечкиот ум. Тие луѓе веруваат дека се праведни иако всушност не се. Тие мислат дека многу сториле во својот верски живот, но Христос конечно ја раскинува наметката на нивната самоправедност и живо им ја предочува вистинската слика за нив со сите нивни гревови и пропусти во верскиот живот. Тие се пронајдени дека се виновни, но е предоцна, засекогаш доцна да ги поправат своите недостатоци. Бог предвидел начин и средство оние што се во заблуда да се поправат, но ако тие продолжат по својот пат и го презрат средството што Тој го одредил за да можат да се реформираат и да се соединат со вистината, ќе се најдат во состојбата што е опишана во претходно наведените зборови на нашиот Господ. {1C 417.1}

Бог изведува народ и сака сите припадници на тој народ да бидат единствени, еднодушни и едномислени, за да можат да одговорат на Христовата молитва за Неговите ученици: „Но не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за да бидат сите едно, како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил". {1C 417.2}

Овде постојано се појавуваат некои мали групи на едномисленици кои веруваат дека Бог е само со оние што се многу малубројни и потполно расеани, и нивна цел е да го растурат и да го уништат и она што Божјите слуги го изградуваат. Постојано се појавуваат поединци со немирен дух кои секогаш сакаат да видат и да веруваат во нешто ново. Тие се појавуваат наизменично и на многу места, и сето она што го прават всушност е дело на непријателот, иако тие тврдат дека ја имаат вистината. Тие се држат одвоено од народот кој е избран од Бога, за со Негова помош да изврши големо дело. Тие постојано го искажуваат својот страв дека црквата на почитувачите на саботата станува слична на светот. Меѓутоа, меѓу нив нема ниту двајца кои се едномислени. Тие се растурени и збунети, а сепак самите себе се измамуваат со мислата дека Бог е токму

со нив. Некои од нив тврдат дека имаат дарови, но токму со нивното влијание мнозина се наведени да се одвојат од црквата и да се сомневаат во оние на кои Бог го ставил товарот на Своето дело. Тие гледаат со сомневање на припадниците на народот кои во согласност со Светото Писмо вложуваат напори да бидат единствени и утврдени во пораката на Третиот ангел, токму затоа што тој народ го проширува кругот на своето делување и приведува души кон вистината. Тие сметаат дека припадниците на Божјиот народ се наклонети кон светот, затоа што имаат влијание во светот, и затоа што со своите дела сведочат дека Бог навистина прави посебно и големо дело на земјата, издвојувајќи го Својот народ од светот и подготвувајќи го за Христовото доаѓање. {1C 417.3}

Таквите всушност не знаат во што веруваат и кои се причините за таквото нивно верување. Тие постојано проучуваат, но никогаш не се во состојба да дојдат до спознание на вистината. Ќе се појави некој поединец со настрани и погрешни сфаќања и тврди дека Бог го пратил со некоја нова и величествена светлина, и дека сите морат да веруваат во она што му е нему откриено. Оние што не се утврдени во верата и кои не се цврсто врзани за црквата, туку дозволуваат брановите неконтролирано да ги носат, прифаќаат сè што било кој ветар на науката го донесува. Светлината што таквиот ја донесува свети на таков начин што светот со негодување и презир се свртува од него и го мрази. Тогаш тој богохулно се споредува со Христос, тврдејќи дека светот го мрази од истите причини поради кои го замразил и Христос. Се појавува друг, исто така тврдејќи дека е пратен од Бог и шири ерес дека безбожните нема да воскреснат, што е сатанско ремек дело на заблудата. Трет ја поткрепува лажната теорија за Векот кој доаѓа. Четврт ревносно се залага за американскиот костим.* Сите тие бараат потполна верска слобода, и секој постапува независно од останатите, а сепак тврдат дека Бог е на посебен начин токму со нив. {1C 418.1}

Некои се радуваат и ликуваат што имаат дарови кои другите ги немаат. Бог нека ги ослободи припадниците на Својот народ од таквите дарови. Што ќе им донесат таквите дарови? Дали тие дарови ги довеле до единство во верата? Можат ли тие да ги осведочат неверниците дека Бог е навистина со нив? Кога таквите, држејќи се секој од нив за своето различно мислење, ќе се соберат заедно и значително возбудени ќе почнат да зборуваат потполно непознати јазици, нивната светлина свети на таков начин што неверниците заклучуваат: „Овие луѓе не се душевно здрави; тие се во занес на некое лажно возбудување, и ние со сигурност знаеме дека тие ја немаат вистината”. Таквите се очевидна пречка на патот на обратувањето на грешниците и нивното влијание успешно ги задржува другите да ја прифатат вистината за саботата. Сите такви ќе примат плата според своите дела. Бог нека даде да се обратат, или да се одречат од саботата! Тогаш не би биле пречка на патот на необратените. {1C 418.2}

Бог доведе луѓе кои со години тешко се напрегнуваа и кои се подготвени на секоја жртва, кои поднесуваа лишувања и секакви можни неволји за да му ја доведат вистината на светот, и со својот доследен живот да го отстранат срамот фанатиците му го нанеле на Божјото дело. Тие наидуваа на противење од секаков облик. Се трудеа не само преку денот, туку и преку ноќта да ги пронајдат доказите на нашата вера за вистината во сета нејзина сила да можат поврзано да ја изнесат и така да одолеат на секое противење. Постојаната работа и умствен напор во врска со ова големо дело го преморија нивниот организам и нивните глави предвреме ги покри со седа коса. Но тие, не се трошеа напразно. Бог ги забележа нивните сесрдни и огнени молитви за светлината на вистината појасно да им засветли и на другите. Тој не пропушти да ги види нивните самопожртвувани напори и ќе ги награди според нивните дела. {1C 419.1}

Од друга страна, оние што во откривањето на овие драгоцени вистини не придонесоа ништо, а прифатија некои од нив, како што е на пример вистината за саботата, сета благодарност за тоа што нив не ги чинеше ништо, а во што другите вложија толку голем труд, сега ја покажуваат на ист начин како што некогаш ја покажувале и Корej, Датан и Авирон, и стануваат против оние на кои Бог го ставил товарот на одговорностите за Своето дело. Тие ги повторуваат обвинувањата на бунтовниците: „Доста ви е толку; целото општество, сите се свети, и меѓу нив е Господ! А зошто вие се поставувате погоре од народот Господов?" Благодарноста, за нив е потполно непознато нешто. Во нив има жесток дух кој не може да се вразуми и кој ќе ги одведе во потполна пропаст. {1C 419.2}

Бог го благослови Својот народ кој продолжи да го следи водството на Неговото провидение. Тој го изведе тој народ од сите општествени слоеви на големата платформа на вистината. Неверниците се осведочуваат дека Бог е навистина со Својот народ и во скромноста на срцето ја прифаќаат вистината. Божјото дело постојано напредува. Но и покрај толку очевидните докази дека Бог организирано ја води црквата, постојано ќе има такви кои ќе ја прифаќаат саботата, но сакаат да бидат независни од црквата, да веруваат и да живеат онака како што тие самите ќе одлучат. Нивните сфаќања се конфузни. Состојбата на разединетост и распад во која се наоѓаат претставува постојан доказ дека Бог не е со нив. Луѓето од светот вистината за саботата и нивните заблуди ги ставаат на исто место и затоа го отфрлаат и едното и другото. Оние што продолжуваат со своето погрешно учење и пракса ја предизвикуваат одвратноста и омразата на светот, но со тоа го предизвикуваат и Божјиот гнев. Ако христијанинот биде замразен поради своите добри дела затоа што го следи Христос, тој ќе биде награден за тоа; но ако е замразен затоа што и не заслужува да биде сакан, затоа што лошо се однесува со другите, и поради вистината е во кавга со своите соседи и со своите постапки ја прави саботата да биде сè поодвратна во нивните очи, тој е тогаш камен за сопнување за грешниците и срам за светата вистина; и ако не се покае подобро би било да му се обеси воденички камен околу вратот и да го фрлат во море. {1C 420.1}

Никогаш не им давајте повод на неверниците да ја срамотат нашата вера. Неверниците обично не сметаат за чудаци и необични луѓе и не треба со својот начин на живот да ги наведуваме да го мислат тоа за нас повеќе од она што го бара нашата вера. {1C 420.2}

Некои кои веруваат во вистината можеби мислат дека би било добро нашите сестри од здравствени причини да го прифатат американскиот костим. Но ако тоа го намали нашето влијание меѓу неверниците и уште повеќе ја зголеми нивната непристапност, тогаш тоа во никаков случај не треба да го прифатиме, без оглед на последиците. Се лажат оние што мислат дека таквото облекување донесува некоја посебна корист. Тоа можеби ќе се покаже корисно за едни, но штетно за други.* {1C 421.1}

Покажано ми е дека жените што го прифатиле американскиот костим не ги почитуваат изречните Божји упатства дадени во тој поглед. Укажано ми е на следниот библиски текст: „Жена не треба да носи машка облека, и маж не треба да се облекува во женска облека: секој, што го прави тоа, одвратен е пред Господ, твојот Бог" (Второзаконие 22:5). Бог не сака Неговиот народ да ја прифати оваа таканаречена реформна облека. Тоа е нескромен начин на облекување, и во никој случај не одговара на пристојноста на понизните Христови следбенички. {1C 421.2}

Се забележува сè поголема склоност жените според својот начин на облекување и надворешен изглед да станат што послични на мажите, и обликот на нивната облека

станува сè послична на машката, но Бог кажува дека тоа Му е одвратно. „Исто така и жените, облечени пристојно, со срамежливост и чесност да се украсуваат” (1. Тимотеј 2:9). {1C 421.3}

Оние што се чувствуваат повикани да пристапат на движењето за женски права и таканаречената реформа во облекувањето можат, исто така, да ја раскинат секоја врска со пораката на Третиот ангел. Духот што го води ова движење не може никогаш да биде во согласност со Третата ангелска порака. Што се однесува до односите и правата меѓу мажите и жените Светото Писмо е потполно јасно. Спиритистите во голема мера го прифатија овој необичен начин на облекување. Адвентистите на седмиот ден, затоа што веруваат во оживувањето на даровите, често се жигосани како спиритисти. Со прифаќањето на овој начин на облекување, ние би го погребале своето влијание. Луѓето би не ставиле на исто ниво со спиритистите и би одбиле да не слушаат. {1C 421.4}

Напоредно со т.н. реформа во облекувањето оди и дух на лекомисленост и нескромност токму во поглед на облекувањето. Изгледа дека сите што го прифаќаат овој начин на облекување ја губат својата поранешна скромност и воздржливост. Покажано ми е дека - според Божјата намера - нашиот став и во овој поглед треба да биде доследен и оправдан. Оние сестри што ќе го прифатат американскиот костим со тоа ќе го поткопаат своето влијание, а исто така и влијанието на своите мажи и ќе станат предмет на презир и потсмевање. „Вие сте светлината на светот,” кажува Спасителот. „Така да свети вашата светлина пред луѓето, та да ги видат вашите добри дела, и да го прослават вашиот Татко кој е на небесата”. Пред нас е голема задача што треба да ја извршиме на овој свет, и Бог не сака да прифатиме ништо што би го намалило или уништило нашето влијание не другите. {1C 422.1}

---

77. ДАВИДОВАТА МОЛИТВА

Покажано ми е како Давид сесрдно се молел на Господ да не го напушти во неговата старост, и сфатив која била причината што го поттикнала на толку сесрдна молитва. Тој забележал дека повеќето луѓе во староста се чувствуваат несреќни и дека карактерните мани што луѓето ги прават несреќни во староста се поизразени. Кај оние што по својата природа се циции и лакоми овие особини стануваат најодвратни во нивната старост. Ако пак, се завидливи, нерасположени и нетрпеливи, сето тоа станува поизразено со годините. {1C 422.2}

Давид бил мошне потиштен кога видел како цареви и високо истакнати луѓе, кои во времето на мажевноста изгледале мошне богобојазливи, во староста стануваат завидливи и љубоморни на своите најдобри пријатели и роднини. Тие живеат во постојан страв дека нивните пријатели и роднини, штом ќе покажат поголемо интересирање за нив, се водени од себични побуди. Во поглед на оние во кои треба да имаат полна доверба, тие се поведуваат по навестувањата и злонамерните совети на другите. Нивната незауздана завист поради тоа што сите не можат да се согласат со нивното погрешно расудување понекогаш се разгорува во вистински оган од страсти. Нивната лакомост станува уште пострашна. Тие често помислуваат дека нивните родени деца и роднини ја посакуваат нивната смрт за да ја заземат нивната положба и богатство, и да ги грабнат почестите што на нив им се укажуваат. А некои во толкава

мера се оддаваат на чувствата на завист и лакомост што ги уништуваат своите родени деца. {1C 422.3}

Давид забележал дека некои, кои во силата на својата мажевност живееле праведен живот, кога ќе остарат како во потполност да ја губат самоконтролата. Сатаната загосподарува со нивниот ум и тие се постојно вознемирени и незадоволни. Видел како мнозина во својата старост изгледаат како да се отфрлени од Бог и изложени на потсмевањата и срамот од нивните непријатели. Сето ова силно го растреперило и загрижило Давид. Размислувајќи дека и самиот тој ќе остари, се плашел Господ да не го остави да биде така несреќен како старците чие однесување го гледал и кои им давале повод на Господовите непријатели да ги посрамат. Со тој товар на душата, тој сесрдно се молел: „Не отфрлај ме на старост, кога ќе почне силата моја да исчезнува, не напуштај ме". „Боже ти ме поучуваше од младоста моја, и јас сè досега ги објавувам чудесата Твои. И во староста, кога ќе обелам, Боже, не напуштај ме, за да ја објавувам мишката Твоја, силата Твоја и правдата Твоја на сегашниот род и на идниот" (Псалм 71:9,17,18). Давид чувствувал потреба Бог да го сочува од злата што се појавуваат во староста. {1C 423.1}

Често се случува остарените луѓе да не согледуваат и не признаваат дека нивните умствени сили опаднале, и затоа ги скратуваат деновите на својот живот преземајќи на себе грижи кои им припаѓаат на нивните деца. Сатаната често си поигрува со нивното вообразување, наведувајќи ги со скржавост да насобираат парични средства. Тоа се нивни идоли и тие со најголема грижа ги чуваат во резерва. Некои дури се лишуваат и од многу удобности во животот, и работат преку сила, само за да не ја трошат готовината. Така стравот дека во иднина нема да имаат доволно ги мачи и ги држи во постојана загриженост. Сите тие стравувања потекнуваат од сатаната. Тој буди кај нив желби кои доведуваат до робување на стравот и љубомората, што ја изопачува благородноста на душата и ги уништува возвишените мисли и чувства. Таквите лудо се занесуваат по лакомството и мислат само на парите. Меѓутоа, кога би зазеле став каков што Господ сака да заземат, нивните последни денови би можеле да бидат најдобри и најсреќни во животот. Оние што имаат деца на чија чесност и способност во управувањето со право можат да се потпрат, треба на нив да им ја препуштат грижата за нивната мирна и среќна старост. Ако пропуштат така да постапат, сатаната ќе ги искористи нивните ослабнати умствени сили и ќе завладее со нив. Тие треба да се ослободат од грижите и товарот на одговорностите и своите денови да ги минуваат колку што е можно посреќно, подготвувајќи се за небото. {1C 423.2}

---

78. ЕКСТРЕМНОСТ ВО ОБЛЕКУВАЊЕТО

Ние знаеме дека облекувањето на американскиот костим, носењето тешки кринолини и екстремно долги фустани што се влечат по тротоарот и улицата не е во согласност со нашата вера. Ако жените ги подготват своите фустани така што ќе бидат еден или два инча (околу 5 цм) подигнати од нечистотијата на улицата, тие ќе бидат пристојни, ќ е можат полесно да се одржуваат чисти и уредни и подолго време да се носат. Ваквите фустани би биле во согласност со нашата вера. Примив повеќе писма во кои нашите сестри ме прашуваат за мислење во врска со носењето на затегнати

долништа. На овие прашања одговорив со писмо што го пратив во Вашингтон на една од сестрите што живее таму. Го наведувам овде тоа писмо за да биде од корист и за другите: {1C 424.1}

„Ние како народ не веруваме дека мораме буквално да излеземе од светот, за да ги избегнеме неговите обичаи и мода. Ако нашиот начин на облекување. затоа што носиме едноставна, уредна, пристојна и удобна облека го прифатат и оние што го сакаат овој свет, дали ние во тој случај би требало да го менуваме својот начин на облекување само за да се разликуваме од светот? Не, ние во својот начин на облекување не треба да бидеме посебни и единствени само за да се разликуваме од светот и поради тоа да бидеме презрени. Христијаните треба да бидат светлина на светот и сол на земјата. Нивната облека секогаш треба да биде уредна и пристојна, нивните разговори чисти и побожни, а нивното однесување беспрекорно. {1C 424.2}

Како треба да се облекуваме? Жените што носеле тешки здолништа и пред воведувањето на кринолините, само поради изгледот, а не поради удобноста, грешеле на своја сопствена штета загрозувајќи го своето здравје, кое имаат должност да го чуваат. А и оние што сега ги носат само затоа за да изгледаат како оние што носат кринолини, исто така грешат, бидејќи ја имитираат модата која е вистински срам. Пред воведувањето на кринолините се носеа затегнати здолништа. Јас од својата четиринаесетта година носам лесна сукна (здолниште), и тоа не поради убавиот изглед, туку затоа што е удобна и скромна. Не ја оставив ниту кога беа воведени кринолините. Дали треба сега да ја отфрлам затоа што кринолините се во мода? Не, тоа би значело да се оди во крајност. {1C 425.1}

Јас секогаш треба да имам на ум дека морам да бидам примерна не трчајќи по ниту една мода, туку во поглед на облекувањето независно да продолжам по својот пат, не одејќи во ниту една крајност. Да ја отфрлев својата сукна со набори која секогаш беше удобна и пристојна и одејќи во друга крајност да облечев некоја лесна сукна од памук, би се изложила на потсмевање и би згрешила; зошто со тоа не би дала добар пример, туку само повод за озборување од страна на оние што носат кринолини. За да го оправдаат носењето на кринолини, тие би почнале да укажуваат на мене како на онаа што тоа не го носи, зборувајќи како тие самите не сакаат на таков начин да се посрамат. Одејќи во крајност ние само би го уништиле сето свое влијание кое би можеле да го имаме, а оние што носат кринолини само би ги охрабриле да продолжат по својот пат. Без никаков оглед на тоа што е овој момент во мода, нашата облека треба да биде пристојна. {1C 425.2}

Во изборот и начинот на облекување постои златна средина. О, кога сите би знаеле да ја пронајдеме таа средина и да се држиме за тоа! Во ова сериозно време мораме да го преиспитуваме своето срце, да ги признаеме своите гревови и да се понизиме пред Бога. Односот меѓу Бога и нашата душа е лична задача и сите што ќе се посветат на тоа онака како што треба, нема да имаат време да ја критикуваат облеката, постапките и побудите на своите браќа и сестри. ‘Барајте Го Господ сите кротки на земјата, кои го извршувате она што Тој го заповеда; барајте правда, барајте кротост, за да би се скриле на денот на гневот Господов.’ Овде е изложена нашата задача. Ова не е упатено до грешниците, туку на кротките на земјата, кои го извршуваат тоа што Тој го заповедал и ги држат Неговите заповеди. Во тоа секој има своја лична задача и ако сите послушаат, меѓу оние што празнуваат сабота ќе завладее слога и слатко единство”. {1C 425.3}

---

79. ПОРАКИ ДО ПРОПОВЕДНИКОТ ХАЛ

На петти ноември, 1862 година, покажана ми е духовната состојба во која се наоѓа проповедникот Хал. Неговата состојба предизвикува сериозна загриженост. Поради недостаток на посветување и жива побожност тој стана мета на дошепнувањата на сатаната. Наместо на моќната Божја рака, тој се потпираше на својата сила, и делумно е лишен од помошта на таа моќна рака. {1C 426.1}

Покажано ми е дека во овој случај е најлошо тоа што брат Хал воопшто не е свесен за опасноста во која се наоѓа. Тој воопшто не се вознемирува, чувствувајќи се потполно безбеден и спокоен, додека сатаната и неговите ангели ликуваат поради својата победа. Додека братот Хал се бореше, неговиот дух беше во готовност за одбрана. Тој сега престана да се бори и престана секој судир. Неговиот дух се смири, и сатаната го остава во тој привиден мир. О, колку е опасна положбата, според она што ми е покажано, во која тој сега се наоѓа! Неговиот случај е скоро безнадежен, бидејќи тој не вложува никакви напори за да се спротивстави на сатаната и да се оттргне од неговата страшна стапица. {1C 426.2}

Со братот Хал се постапуваше совесно и верно. Тој мислеше дека премногу го ограничуваат и дека не му дозволуваат да постапува во сообразност со својата природа. Додека силата на вистината, со сета своја моќ на убедување дејствуваше на него, тој беше соодветно безбеден; но кога ќе го снема силното влијание на вистината врз душата и кога веќе нема никакво друго ограничување, тогаш победуваат природните склоности и човекот веќе не може да се запре. Тој стана уморен од постојаните судири и посака одредено време да има повеќе слобода во своите постапки, а се чувствуваше и навреден од укорите на своите браќа. Прикажан ми е како стои на работ на страшна провалија подготвен да скокне. Ако го преземе тој чекор, за него тоа ќе биде крај. Неговата судбина ќе биде засекогаш одлучена. Тој сега работи и носи одлуки за вечност. Божјото дело, меѓутоа, не зависи од братот Хал. Ако ги напушти редовите на оние што го носат попрсканото знаме со крвта на Кнезот Емануел и премине во редовите на оние што се наоѓаат под црното знаме, самиот ќе биде виновен за својата вечна пропаст. {1C 427.1}

Покажано ми е дека оние кои сакаат, можат секогаш да најдат доволно причини да се посомневаат во вдахновеноста и вистинитоста на Светото Писмо. Бог никого не го принудува да верува. Секој има слобода самиот да избере: ќе сака ли да се потпре на доказите што на Бога Му беше угодно да ги даде, или да се сомнева и да пропадне. Пред тебе, брате Хал, сега се поставува прашањето: живот или смрт. Веќе гледам мноштво зли ангели кои те опкружуваат како некој мрачен облак, а ти пријатно се чувствуваш меѓу нив. Сатаната примамливо ти зборува дека постои пат по кој може полесно да се оди, отколку да се биде во постојан судир со противречните сфаќања, но ако го избереш тој пат, на крајот ќе согледаш дека мораш да платиш голем и страшен данок - вечна загуба. {1C 427.2}

Покажано ми е дека си премногу самоуверен, мислејќи дека имаш несоборливи аргументи, и дека не се потпираш на Божјата сила. Премногу често истрчуваше на бојното поле на сатаната за да се судираш со противниците. Не чекаше да видиш дали треба да се впушташ во расправи поради вистината и Божјото дело, туку се фаќаше во бескомпромисна борба со противниците и тогаш, кога со малку посериозно размислување можеше да дојдеш до заклучок дека на тој начин нема да ја одбраниш

вистината, ниту ќе придонесеш за напредокот на Божјото дело. На тој начин само напразно се пропушта драгоценото време. {1C 428.1}

Сатаната го забележа тешкиот удар што братот Хал му го зададе на спиритизмот во Батл Крик. Спиритистите, сфаќајќи на која организација тој ѝ припаѓа, беа убедени дека нема да биде напразно да се вложат напори да биде соборен оној што им нанесе толку голема штета. Во разговорите со спиритистите, вие не доаѓате во судир само со луѓе и нивните аргументи, туку и со сатаната и неговите ангели. И во борба со спиритистите никогаш не треба да се испраќа само еден човек. Ако интересите на Божјото дело навистина бараат да се спротивставиме на сатаната и на неговите агенти олицетворени во спиритистичките медиуми, ако постојат вистински причини за впуштање во таква полемика, тогаш треба да се здружат повеќе души, за со молитва и вера да ги потиснат војските на темнината и оној кој зборува да биде заштитен од ангелите кои се ненадминливи во сила. {1C 428.2}

Покажано ми е брате Хал, дека си под влијание на некоја примамлива маќепсаност која ќе се покаже судбоносна за тебе, ако на време не се оттргнеш од тоа. Ти преговараше со сатаната и полемизирајќи со него стапна на забранета почва. Впуштајќи се во прашања што се премногу тешки за тебе, почна да изразуваш сомневање и неверство со што ги привлече лошите ангели, а чистите и свети Божји ангели ги истера подалеку од себе. Да се спротивставеше одлучно на дошепнувањето на сатаната и да побараше со сесрдна молитва помош од Бог, ќе ги раскинеше тие пранги, ќе го натераше непријателот во бегство, ќе се приближеше до Господ и во Неговото име ќе задобиеше победа. Покажано ми е дека одејќи да се судриш со спиритистите, додека и самиот беше опкружен со облаци на сомневање и збунетост, ги премина границите на дозволеното. Впуштајќи се во борба со сатаната без соодветно оружје беше тешко ранет, но воопшто не си свесен за добиените рани. Многу се плашам дека дури ни сите громови и молњи од Синај не ќе можат да те освестат. Сатаната успеа да те успие во неговата удобна фотелја и ти не ја согледуваш страшната опасност што ти се заканува и не вложуваш никакви напори за да ја избегнеш. Ако не се пробудиш и не се оттргнеш од стапицата на ѓаволот ќе мора да пропаднеш. Браќата и сестрите сакаат да те спасат, но на мене ми е покажано дека тоа тие не можат да го сторат. Ти самиот мораш да преземеш нешто, мораш да вложиш очајнички напори, или ќе бидеш загубен. Покажано ми е дека оние што ќе паднат под маќепсничкото влијание на спиритизмот воопшто не се свесни за тоа. Ти си маќепсан и хипнотизиран, но воопшто не го знаеш тоа, и затоа не вложуваш никакви напори да дојдеш кај светлината. {1C 428.3}

Покажано ми е дека ние сега се наоѓаме во времето на решетање. Сатаната работи со сите свои сили да ги оттргне душите од Христовите раце, наведувајќи ги да го исмеваат и навредуваат Божјиот Син. Ангелот полека повторуваше нагласувајќи ги овие зборови: „Замислете колку потешка казна ќе заслужи оној што го погазил Синот Божји, и крвта на заветот со која е осветен ја осквернил и Го похулил Духот на благодатта?” Карактерот секојдневно се развива. Божјите ангели ја одмеруваат неговата морална вредност. Бог на тој начин го испитува и проверува Неговиот народ. Ангелот ми укажа на следните зборови на апостолите: „Пазете браќа, да не биде во некого од вас зло срце на неверување, да отстапи од живиот Бог: туку бидете будни секој ден, додека тоа ‘денес’ сè уште трае, за некој од вас да не отврдне преку измамата на гревот. Бидејќи ние сме Христови соработници, само ако првата вера цврсто ја одржиме до крај”. На Бог не му по волја некој од оние што ја запознале силата на Неговата благодат да падне во сомневање и така да стане орудие во рацете на сатаната, пренесувајќи ги неговите

дошепнувања и во мислите на другите. Еднаш засеаното семе на неверување и зло не е лесно да се искорени. Сатаната постојано го потхранува и тоа расте и станува сè посилно. Доброто семе треба постојано да се одгледува, да се вади и чува; бидејќи секое отровно влијание на кое може да биде изложено го спречува неговото растење и доведува до негово потполно изумирање. {1C 429.1}

Денес сатаната вложува поголеми напори од било кога порано, бидејќи знае дека има уште малку време. Брате Хал видов дека си нанесуваш голема штета на самиот себе кога своите слабости и сомнежи ги откриваш пред оние што се агенти на сатаната. Те измамија со слатки и ласкави зборови и ти многу невнимателно се изложи на нападите на сатаната. Како можеше да се изложил на такво ранување, а Божјото Слово на таков срам? Потполно непромислено истрча на бојното поле на сатаната и не е никакво чудо што твојот ум е толку зашеметен и нечувствителен. Сатаната преку своите агенти ја наполни со отров атмосферата што ја вдишуваш; злите ангели веќе ги известија неговите агенти на Земјата како треба да продолжат да те измамуваат. А ти си еден од оние што Бог ги повика да стојат меѓу живите и мртвите, еден од стражарите на ѕидовите на Сион кои треба да го известуваат народот кое време е во ноќта. Ти имаш голема одговорност. Ако продолжиш по погрешниот пат нема во тоа да бидеш сам, зашто сатаната те користи како свој агент за и други да одведе во смрт. {1C 430.1}

Покажано ми е како Божјите ангели тажно гледаат по тебе. Тие те напуштаат и со тага се свртуваат на другата страна, додека сатаната и неговите ангели се смеат и ликуваат над тебе. Да се бореше сам со своите сомневања и да не го охрабруваше ѓаволот да те искушува, зборувајќи постојано за своето неверување и задржувајќи се постојано на тоа, сега немаше толку зли ангели да бидат натрупани околу тебе. Но ти се одлучи да зборуваш за темнината и да пребиваш на неа и колку повеќе за тоа зборуваше и размислуваше, темнината стануваше се погуста и погуста. Го избегнуваше секој зрак на небесната светлина и помеѓу тебе и оние што беа повикани да ти помогнат настана голема провалија. Ако продолжиш по патот по кој тргна, тешко тебе. Божјата рака ќе те запре на начин што не ти се допаѓа. Неговиот гнев нема да те заобиколи. Но тој сè уште те повикува сега, да токму сега, да се вратиш кај Него без одложување. Тој милостиво ти нуди проштавање и сака да те излечи од твоето застранување. Бог постојано ги воспитува припадниците не Својот посебен и избран народ. Тој настојува да ги очисти, да ги избели и да ги подготви за вознесение. Оние што претставуваат Негово избрано богатство мораат да се одвојат од сè што е телесно сè додека не станат како злато кое е седум пати претопено. {1C 430.2}

Покажано ми е дека браќата А и Б се наоѓаат во страшна положба затоа што дозволуваат сатаната да ги насочува нивните мисли во правец на неверување и на таков начин му овозможуваат да ги остварува своите подмолни цели. Нивен најголем грев е тоа што постојно зборуваат за своите мрачни сомнежи, за тоа неверување како полноќ, и на таков начин и другите ги наведуваат на тој мрачен пат. {1C 431.1}

Божјиот народ ќе биде решетан како што се решета пченка во решето, додека потполно не се одвои од плевата и остане само чисто зрно. Ние треба постојано да гледаме на Христос, следејќи го Неговиот пример на смиреност и чистота. Ти не сакаш да бидеш дисциплиниран, а тоа ти е крајно неопходно и во пракса не го применуваш самоодрекувањето што Христос го бара од сите што навистина сакаат да бидат наследници на спасението. Оние што се ангажирани во работата на спасување на души треба вистински да соработуваат со Христос. Неговото дело било израз на несебично добро и постојана пожртвуваност. Оние за кои Христос поднел толку голема жртва за да

ги направи соучесници во Неговата божествена благодат, треба од своја страна исто така да се жртвуваат и да се одрекуваат од себе за да дадат свој придонес во големото дело на запознавање на другите со вистината. Самољубието треба да се отфрли, себичните желби и самозадоволството не треба да нѐ попречуваат во работата за спасување на душите. Проповедниците на евангелието треба да работат место Христос. Тие не смеат да мислат на својата удобност, комфор, желби и предности. Тие треба да бидат подготвени да страдаат поради Христос, да се распнуваат со Него и да се радуваат, во полна смисла на зборот, затоа што се соучесници во Христовите страдања. {1C 431.2}

Покажано ми е дека пред проповедниците што служат во Словото и науката стои голема задача и тешка одговорност. Во својата работа тие не се доближуваат доволно до срцата на своите слушатели. Нивната работа е премногу општа и се губи во незначајни поединости. Своите напори тие мораат повеќе да ги сосредоточат на оние за кои се залагаат. Со проповедање од катедра тие својата работа штотуку ја започнале. Тоа што го проповедаат тие мораат да го потврдат со својот живот, строго пазејќи да не го изложат Божјото дело на срам. Со својот пример тие треба да бидат илустрација на Христовиот живот. „Зошто ние сме Божји соработници" (1. Коринтјаните 3:9). „Соработувајќи со Него, ве молиме да не ја примате залудно Божјата благодат" (2. Коринтјаните 6:1). Работата на проповедникот не завршува кога тој ќе се симне од проповедалната. Товарот на својот проповеднички повик тој не треба тогаш да го остави и своите мисли веднаш да ги вработи со читање или пишување, освен ако е тоа навистина неопходно. Својата јавна работа тој треба да ја продолжи со свои лични напори, залагајќи се лично за душите секогаш кога за тоа ќе му се укаже прилика, разговарајќи со своите слушатели во нивниот дом, повикувајќи ги и преколнувајќи ги место Христа да се помират со Бога. Нашата работа овде наскоро мора да заврши „и секој ќе прими плата според своите дела". {1C 432.1}

Покажана ми е наградата на светите: бесмртното наследство. Потоа видов дека припадниците на Божјиот народ, колку и да поднесат поради Христос, на крајот сепак ќе заклучат дека небото беше доволно евтино. Тие знаат дека страдањата низ кои овде мораат да поминат не се ништо во споредба со славата што на крајот ги очекува. Припадниците на Божјиот народ нема да бидат поштедени од неволји во овие последни денови. Но, наскоро наидува и нивната последна проба, и тогаш ќе го примат дарот на вечниот живот. {1C 432.2}

Брате Хал, ти поднесуваше потсмевање и срам поради вистината. Ја почувствува силата на вистината и животот што не поминува. Со посредство на Светиот Дух Господ те осведочи дека Му припаѓаш Нему и дека Тој те прима. Покажано ми е дека ќе извојуваш победа, наскоро ќе го положиш своето оружје и ќе примиш победнички венец, само ако сега повторно го земеш оружјето и ја заземеш својата положба спротивставувајќи се на ѓаволот и борејќи се храбро во битките на Господ. О, не е ли тоа наследство доволно вредно за да се бориме за него? Нели цената што е платена за тоа била агонијата и крвта на Божјиот Син? Те повикувам во Господово име да се освестиш. Раскини со страшната измама во која те заплете сатаната. Бори се за вечен живот. Спротивстави се на ѓаволот. Злите ангели се околу тебе, дошепнувајќи ти лажни соништа и ти со задоволство ги слушаш. О, поради Христа, и поради својата душа, те преколнувам: раскини со тоа страшно влијание додека Божјиот Дух, кој е толку ожалостен, сè уште не те напуштил потполно! {1C 432.3}

Во сабота, 6 јуни, 1863 година, покажани ми се некои подробности во врска со Божјото дело и ширењето на вистината. И проповедниците и верниците имаат многу малку вера, посветеност и вистинска побожност. Членовите земаат пример од проповедникот и така тој врши големо влијание на нив. Брате Хал, Бог сака повеќе да Му се приближиш, за да можеш да се фатиш за Неговата сила и да можеш да станеш силен во Него, полагајќи ја со жива вера надежта во спасението. Кога би бил навистина побожен на катедрата и во секојдневниот живот, твоите проповеди би имале силно влијание. Ти не го преиспитуваш внимателно своето срце. Имаш проучено многу книги за твоите излагања да бидат темелни, силни и допадливи, но си го пропуштил најважното и најнеопходното проучување, - да се запознаеш самиот себе. Длабокото преиспитување на самиот себе, побожното размислување и молитва, кај тебе доаѓаат на второ место. Твојот успех како проповедник зависи од чистотата на твоето срце. Повеќе сила би добил кога секој ден би поминал по еден час во побожно размислување и искрено признавање на своите пропусти и изопаченост, барајќи прошетување од Бог и сигурност дека ти се гревовите простени, отколку да поминуваш часови и денови во проучување на најдобри автори, запознавајќи се со сите можни забелешки што се изнесуваат против нашата вера и во изнаоѓање на најсилни докази за нејзина одбрана. {1C 433.1}

Причината што нашите проповедници толку малку постигнуваат се состои во тоа што не одат постојано со Бога. Повеќето од нив заостануваат зад Него цел ден одење. Преиспитај го што повнимателно своето срце и будно бдеј над себе за со своите зборови и постапки да не ја обесчестиш вистината, да не им дадеш на злите јазици повод да те срамотат и тебе и вистината, и запоставувајќи ја живата побожност и преиспитувањето на сопственото срце да не бидеш виновен за уништување на душите околу тебе. Светоста во однесувањето на Христовите проповедници треба да биде постојан укор за лекомислените и површните. Зраците на вистина и светост што треба да блескаат од твоите сериозни и побожни разговори треба да ги осведочуваат другите, наведувајќи ги да признаат дека Бог е навистина со тебе и дека ја имаш вистината. Немарноста и неодговорноста на оние што тврдат дека се Христови проповедници е главната причина што имаат толку мало влијание. Мнозина од нив само проповедаат, но малкумина од нив се луѓе од молитва. Кога нашите проповедници повеќе би се молеле во тајност, кога она што го проповедаат практично би го применувале во своето семејство, кога со достоинство и сериозност би управувале со своите домови, тогаш нивната светлина навистина би ги осветлила сите што се наоѓаат околу нив. {1C 434.1}

Брате Хал, покажано ми е дека најдоброто што можеш да го направиш во својот живот е да му се предадеш на Господ, да одржуваш непрекината врска со Него, размислувајќи во духот на побожноста, бдеејќи над себе, барајќи прошетување од Него во најдлабока смиреност и потпирајќи се за сила само на Него; бидејќи тогаш би се напојувал на живиот извор, повикувајќи ги и другите да пијат од тој извор што на тебе ти го вратил животот и силата. {1C 434.2}

Драги брате, ако во твојот христијански карактер не дојде до промена, ќе го загубиш вечниот живот; бидејќи нашиот буден непријател поставува стапици пред твоите нозе, и ти сигурно ќе се фатиш во нив ако не се приближиш повеќе кон Бога. Ти чувствуваш немир и неспокојство и проучувањето е твоја опсесија, но најчесто избираш погрешен предмет за проучување. Кога треба да го преиспитуваш своето срце, ти се посветуваш на читање книги. Кога треба со вера повеќе да се приближиш до Христа, ти се оддаваш

на читање. Покажано ми е дека сиот тој труд ќе ти остане напразен ако не се свртиш кон внимателно преиспитување на самиот себе. Ти не се познаваш, и многу малку размислуваш за Бога. Премногу си самоуверен и лекомислено преминуваш преку фактот дека мораш да умреш за сопственото „јас" ако сакаш да бидеш успешен Христов проповедник. Ти недостасува присебност и сериозност додека си на проповедалната. Тоа ја неутрализира твојата работа како проповедник. {1C 434.3}

Твоите недостатоци ги забележав уште во времето кога твојот случај за прв пат ми беше покажан во визија. Твоите мисли не се возвишени и благородни. Светите и возвишени вистини ти ги изнесуваш вешто и на соодветен начин од катедрата, но кога зборуваш за најсветите предмети често уфрлуваш нешто комично што предизвикува смеење и со тоа ја уништуваш силата на целата проповед. Лесно ги изнесуваш светите и сериозни вистини, но не живееш според нив, и тоа е причината што ти недостасува одобрување и потврда од небото. Мнозина што ги слушаат твоите излагања, со задоволство зборуваат за силните проповеди и за добриот говорник, но за неопходноста дека треба да се покоруваат на изнесената вистина не се осведочени повеќе, отколку пред проповедта. Тие продолжуваат да го престапуваат Божјиот закон како што правеле и пред тоа. Тие биле одушевени од проповедникот, а не од вистината што тој ја изнел. Ти остана на таква оддалеченост од Бога така што силата на Неговата вистина не допре ни до твојот дом. Влијанието на живата вера треба најнапред да го облагороди и воздигне твоето семејство, а посебно твојата сопруга. Додека ти во своето семејство преминуваш преку сите ограничувања, однесувајќи се неодговорно како некое младо момче, тоа покажува дека не го сфаќаш значењето на вистината и дека не го чувствуваш товарот на одговорноста за Божјото дело. Не внимаваш на изборот на своите зборови и така оставаш лош пример. {1C 435.1}

Во постојаното преиспитување на самиот себе, на своите слабости и склоности се наоѓа твојата единствена сигурност. Не престанувај да бдееш над самиот себе кога си во својот дом и било каде на друго место. Занемарувајќи ги своите најсвети должности, одложувајќи го своето оружје и оддавајќи се на дух на лекомисленост, ти ги гониш ангелите далеку од тебе и од своето семејство. Не ја занемарувај должноста да го преиспитуваш срцето во својот дом и на секое друго место. Не ја подарувај сета своја љубов и внимание само на своето семејство. Своите најсвети чувства и љубов посвети му ги на Исус Кој те откупил со Својата крв. Кога си дома, подготвувај се сето време за делото на твојот Господар кога ќе бидеш надвор од домот. Ако правиш така, ќе бидеш вооружен секој момент. Најголемите желби на твојата душа ќе бидат да Го прославиш Бога, да ја твориш Неговата волја и ќе ја почувствуваш сета слатка радост од потполната доверба во Него. Нема повеќе да го чувствуваш тој немир во душата, бидејќи побожноста и светоста ќе бидат постојани теми на твоите размислувања. Ми беше укажано на следниот библиски текст: „Туку го истоштувам и го поробувам телото, та проповедајќи им на другите, да не бидам и самиот отфрлен" (1. Коринтјаните 9:27). Твојата прва задача е самиот да учиш и да се научиш. Нека не ти ласкаат пофалбите што немудрите браќа ги нагласуваат во поглед на твоите напори. Не се воздигај кога тие го фалат твоето проповедање. Плодови од твоето проповедање ќе се видат само ако го следи Божји благослов. Тогаш твоите проповеди нема да бидат само пријатни за увото, туку ќе придобиваат и души за Христа. {1C 435.2}

Брате Хал, ти мораш да бидеш многу внимателен во секој поглед. Покажано ми е дека сè што ја поделува нашата љубов и на што во нашето срце даваме повеќе место отколку на Бога, станува наш идол. Во врска со ова, укажано ми е на првата голема

заповед: „Љуби го Господа, својот Бог со цело свое срце, со сета своја душа и со целиот свој разум”. Да не дозволиме ништо да нè оддели од љубовта кон Бога. На никој и на ништо на светот не треба да ја подаруваме онаа возвишена љубов и внимание што му ги должиме само на Бога. Својата волја, своите желби, своите планови и задоволства, сето тоа мора да биде подредено. Мораш да научиш да го воздигнуваш Господа во своето срце, во своите разговори во сите свои постапки; тогаш Исус ќе може да те научи како да ја фрлиш својата мрежа од десната страна и да ја извлечеш на брегот полна со риби. Но ако во фрлањето на мрежата ја немаш Христовата помош, сите твои мачни напори што со седмици, месеци и години ги вложуваш ќе останат безуспешни. {1C 436.1}

Покажано ми е дека често си искушуван од претпоставката дека твоите браќа многу строго ги оценуваат твоите постапки, сакајќи да ти наметнат претерани ограничувања. Меѓутоа, твоите браќа сакаат само да те наведат да живееш според упатствата дадени во Библијата. Тоа го сакаат и Бог и ангелите кои бдеат над тебе со голема загриженост. Мораш својот живот да го прилагодиш на барањата на Божјото Слово, за да можеш да го примиш Неговиот благослов и одобрување, инаку во спротивно ќе застраниш од патот и, проповедајќи им на другите, самиот ќе бидеш отфрлен. Но ти сè уште можеш да станеш победник и да го добиеш вечниот живот. Некои од стапиците на непријателот успеваш да ги разоткриеш, но тој подготвува нови. Бог е подготвен да ти помогне и да те засили, ако искрено и сесрдно го побараш. Но преиспитај се себе и секоја своја побуда; никогаш целта да не ти биде со твоите прекрасни проповеди да се истакнуваш себе, туку само Христос. Изнесувај ја вистината пред своите слушатели така едноставно за да можат и најнеучените да ја разберат. Твоето излагање нека биде јасно, одредено и сериозно. Наведи ги своите слушатели да донесат одлука. Предочи им ја живо и впечатливо силата на вистината. Укори го најостро секој што ќе се обиде да ти ласка. Кажи им на таквите дека сатаната те мачеше со тоа долго време, и дека не треба веќе да му помагаат во тоа. {1C 437.1}

Кога се наоѓаш меѓу сестри, биди резервиран и молчелив. Не е важно ако тие поради тоа помислат дека ти недостасува учтивост. Ако некоја од сестрите, мажена или немажена, покаже интимност на било кој начин, настојувај тоа одлучно да го одбиеш. Биди строг и одлучен; тие нека сфатат дека не наседнуваш на такви слабости. Со младите секогаш биди сериозен и достоинствен. Покажано ми е дека братот Лофбороу и ти, ако се потпрете на Бога за сила, ќе можете да извршите големо дело за Неговиот народ, зашто двајца можат да бидат како една војска. Зближете се меѓусебно, молете се заедно и поединечно, бидете отворени еден кон друг. Братот Хал треба да има потполна доверба во здравото расудување на братот Лофбороу и да ги прима неговите совети и препораки. {1C 437.2}

---

80. НЕПОСВЕТЕНИ ПРОПОВЕДНИЦИ

Проповедниците што ја проповедаат пораката на Третиот ангел треба во својата работа да се раководат од свеста дека лично Бог на нив го ставил товарот на ова дело. Нашите проповедници нема да трпат оскудица ако знаат да бидат економични. Ако пак, таа доблест им недостасува, тие ќе бидат во скудност независно од тоа во која положба ќе се најдат во животот. Ако им дадете и најповолни прилики, тие ќе го потрошат сето

тоа што ќе го примат. Тоа беше случај и со проповедникот Хал. На таквите им е неопходен неисцрпен фонд за да ги задоволат своите барања. {1C 438.1}

Оние што не се во состојба мудро да ги водат своите овоземни работи, обично тоа им недостасува и во духовен поглед. Тие не се во состојба духовно да ја воздигнат црквата. Тие по природа можат да бидат многу надарени, и да се мисли дека се добри говорници, но сепак да им недостасува морална вредност. Понекогаш можат да го привлечат вниманието на целиот собир и да предизвикаат големо внимание, но кога ќе ги побараме плодовите од сето тоа, ќе видиме дека се малку - ако воопшто ги има. Таквите често го изневеруваат делото и ја губат љубовта кон едноставноста на евангелието. Тие не се посветени со вистината што им ја проповедаат на другите. Тоа беше случај и со проповедникот Хал. На него му недостасуваше благодатта што ги утврдува душите и која го издигнува и облагородува карактерот. Добро е со благодат да се зацврсти срцето. Таа е основа на нашата постојаност. {1C 438.2}

Во местата каде проповедникот Хал ги одржуваше своите предавања на мнозина им се допаѓаа неговите духовити изјави и стилот на неговото излагање, но малкумина беа оние што благодарение на неговата работа ја прифатија вистината, а поголемиот дел од оние што дојдоа така во црквата, набргу се одрекоа од својата вера. Мнозина беа разочарани што неговата работа остави толку малку плодови зад себе. Покажана ми е причината зошто беше така. На него му недостасува: понизност, едноставност, чистота и светост. Својата умешност и вештина во работата тој ја сметаше како непроценлива вредност, мислејќи дека нашето дело не би опстанало без него; но да видеше со каква загриженост вистинските работници во Божјото дело ја следеа неговата работа, трудејќи се да му помогнат и страдајќи поради него, не би имал толку високо мислење за своите заслуги. Неговата работа беше постојан товар за делото, и без неговото влијание тоа далеку повеќе ќ е напредуваше. Плашејќи се да не го загубат, браќата го поддржуваа финансиски повеќе од она што е потребно. Поради своите говорнички способности беше омилен, и некои одеа толку далеку што му посветуваа многу поголемо внимание отколку на другите проповедници чие влијание би придонело многу повеќе за напредокот на делото. Со ова само му се наштети. Тој немаше доволно понизност или доволно Божја благодат да се спротивстави на ласкањето на своите браќа. Бог нека им помогне на овие браќа да ја согледаат својата грешка и со ласкање никогаш повеќе да не им нанесуваат штета на младите проповедници. {1C 438.3}

Сите оние што се одвојуваат од остатокот на Божјиот народ поведувајќи се по склоностите на своето изопачено срце, своеволно се фрлаат во прегратката на сатаната, и треба да бидат препуштени на својот избор. Има меѓу нас и други на кои им се заканува опасност. Тоа се оние што имаат високо мислење за своите способности, додека нивното влијание во многу нешта не е подобро од влијанието на проповедникот Хал. Ако не се реформираат потполно, за делото ќе биде подобро без нив отколку со нив. Непосветените проповедници нанесуваат штета на Божјото дело и претставуваат голем товар за своите браќа. Секогаш некој треба да оди по нив и да ги исправува нивните грешки, подигнувајќи и охрабрувајќи ги оние кои се ослабнати и ранети од нивното влијание. Тие им завидуваат на оние што го носат товарот на делото и кои се подготвени да го жртвуваат дури и својот живот за интересите на Божјото дело. Тие не веруваат дека побудите од кои се раководат нивните браќа се повозвишени од побудите од кои тие се раководат. Многу од она што се прави за овие проповедници кои толку лесно подлегнуваат на искушенијата на сатаната, штетно е за нив самите и

претставува расфрлање на пари. На тој начин само им се овозможува да ги ранувааt своите браќа и да го загрозуваат Божјото дело. {1C 439.1}

Покажано ми е дека причината за сомневањата што мнозина ги покажуваат во поглед на вистинитоста на нашето верување и вдахновеноста на Божјото Слово не е во она што тие го претпоставуваат. Тие тешкотии не се наоѓаат во Библијата или во доказите на нашата вера, туку во нивното срце. Барањата на Библијата се премногу строги за нивната непосветена природа. „Телесното мудрување е непријателство против Бога, бидејќи не се покорува на Божјиот закон, ниту пак може". Мислите не можат да бидат чисти и свети ако склоностите на непрепороденото срце не се потчинети на посветувачкото влијание на Божјата благодат, добиено со посредство на верата. Условите за спасение дадени во Библијата се разбирливи, јасни и позитивни, бидејќи се во совршена согласност со Божјата волја во поглед на чистотата на срцето и животот. Сопственото „јас" и сите телесни желби мораме да ги распнеме. Мораме да се очистиме од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. {1C 440.1}

Во речиси секој случај кога луѓето ќе почнат да се сомневаат во вдахновеноста на Библијата, причина е нивниот непосветен живот што Светото Писмо го осудува. Тие не ги прифаќаат нејзините укори и закани бидејќи тие се спротивставени на нивниот непосветен и грешен начин на живот. Тие не ги сакаат оние што настојуваат да ги поправат и зауздаат. Тешкотиите и сомневањата што го вознемируваат непрепороденото срце можат да се отстранат само со практична примена на чистите начела на вистината. {1C 440.2}

Мнозина поседуваат таленти со кои можат да се направат многу добра ако корисно се употребат во Христовото дело, но исто така и многу зла ако се употребат во корист на неверството и во служба на сатаната. Со задоволување на себичноста и разните телесни желби, талентите можат да се злоупотребат, така што наместо благослов стануваат проклетство. Архиизмамникот, сатаната, поседува најчудесни дарови. Тој некогаш бил возвишен ангел, веднаш до Христа. Но поради своето самовозвишување и бунтот што го започнал на небото, паднал, а со тоа го предизвикал и падот на многу други. Од тогаш, тој своите таленти и вештини ги користи против Божјото владеење настојувајќи сите што ќе ги стави под своја контрола да ги наведе да го презрат авторитетот на небото. Оние што се маѓепсани од неговото сатанско величество можат да го поддржуваат овој паднат ангел, но на крајот ќе ја делат и неговата судбина. {1C 440.3}

Чистотата на животот ја облагородува душата, и таквата душа сè повеќе и повеќе ќе бега од непристојноста и попуштањето на гревот. Таквите никогаш нема да застрануваат од вистината, ниту ќе покажуваат сомневање во врска со вдахновеноста на Библијата. Напротив, тие секој ден со сè поголемо интересирање ќе го проучуваат Светото Писмо, и очевидните докази за вистинитоста на христијанството и вдахновеноста на Божјото Слово ќе остават свој впечаток на нивниот ум и живот. Оние, пак, што го сакаат гревот, се оддалечуваат од Библијата, стануваат наклонети кон сомневање и се непостојани во начелата, и обично лесно ги прифаќаат и бранат лажните теории. Причините за гревовите на поединците тие ги припишуваат на околината, а кога некој ќе направи голем и отворен грев тие почнуваат да го сожалуваат наместо тоа да го видат како зло кое мора да се осуди и примерно да се казни. Ова секако му одговара на изопаченото срце кое со текот на времето се навикнало на склоностите на паднатата природа. За да ја избегнат непријатната одговорност лично да се реформираат во својот живот и да вложуваат напори во тој правец, луѓето се во најголемиот број случаи склони преку гревот да поминуваат така лекомислено како тој воопшто да не постои. За да се

ослободат од должноста сега да вложуваат напори, мнозина се подготвени да ги прогласат за безвредни сите напори вложени во својот живот додека се држеле за светите начела на Светото Писмо. Желбата за филозофирање што се покажува кај братот Хал има свој извор во неговото изопачено срце. Бог подигнува луѓе кои ќе појдат во веќе зрелите полиња за жетва, и ако останат понизни, предани и побожни тие ќе ги наследат круните на овие проповедници кои се отфрлени поради нивното неверување. {1C 441.1}

На петти ноември, 1862. година, покажано ми е дека поедини личности имаат погрешно мислење за својот повик. Тие сметаат дека ако некој не може да работи со своите раце или ако не е способен да води земни потфати, тој може да биде проповедник. Мнозина во тоа прават голема грешка. Човек кој нема деловна тактичност, може да послужи како проповедник, но секогаш ќе му недостасуваат оние квалификации кои секој проповедник треба да ги има за мудро да ја води црквата и да го унапредува делото. Меѓутоа, ако некој проповедник е успешен на проповедалната но, како што е тоа случај со проповедникот Хал, му недостасуваат деловни способности, тој никогаш не треба нешто да презема сам. Со него секогаш треба да има некој кој може да го надомести овој негов недостаток и да раководи место него. И, иако тоа може да биде понижувачки, тој треба да го прифати мислењето и советот на својот соработник, како што слеп човек се согласува да го води оној што гледа. На тој начин тој може да избегне многу опасности кои би можеле за него да бидат судбоносни ако би бил препуштен на самиот себе. {1C 441.2}

Напредокот на Божјото дело во многу нешта зависи од проповедниците што работат на почвата на евангелието. Оние што другите ги поучуваат на вистината треба да бидат предани, самопожртвувани и побожни луѓе, луѓе кои ја разбираат својата работа и прават добро затоа што знаат дека Бог ги повикал на таа должност; луѓе кои се свесни што значи спасение на душите и кои се подготвени да го понесат товарот на одговорностите. Темелниот работник се познава по совршеноста на неговата работа. {1C 442.1}

Меѓу нас има малку проповедници; и бидејќи изгледаше дека на делото му е потребна голема помош во тој поглед, некои дојдоа до заклучок дека проповедник може да стане секој кој што сака. Се мислеше дека сите кои имаат храброст да се молат и да ги поттикнуваат луѓето за време на богослужението, се оспособени да станат проповедници. И некои неискусни браќа на тој начин почнаа ласкајќи да охрабруваат на тој чекор некои луѓе кои не беа пратени од Бога, ниту постоеше можност да бидат проверени во делото дали ќе има соодветни плодови од нивната работа. Меѓутоа, сега нивната работа покажува какви работници се тие. Наместо да собираат и градат, тие растураат и внесуваат збунетост. Можеби со нивната работа некои и ја примиле вистината, но во поголемиот број случаи таквите не можат да се издигнат во вистината на повисоко ниво од оние што ги учеле. Истите недостатоци што го обележуваат нивниот животен пат се гледаат и во оние што дошле во црквата преку нив. {1C 442.2}

Успехот на делото не зависи од големиот број проповедници, туку од најголемо значење е оние што соработуваат во Божјото дело да бидат луѓе што навистина го чувствуваат товарот и светоста на задачата за која Тој ги повикал. Мал број самопожртвувани и побожни луѓе, скромни во своите очи, можат да направат повеќе добро отколку што би направиле многу побројни соработници ако се самоуверени фалбаџии, што и ги дисквалификува во оваа работа. Би било подобро кога некои од ваквите би се вратиле во своите куќи и би се посветиле на некое друго занимање; тогаш совесните проповедници не би морале постојано да одат по нив и да ги поправаат

нивните пропусти. Идната корисност на младите проповедници зависи многу од начинот на кој ја започнале својата работа. Браќата, на кои Божјото дело им е навистина во срцето и кои сакаат да видат како вистината напредува се наоѓаат во опасност со своето залагање за проповедниците кои сè уште не се докажале, да претеруваат во давањето финансиска и морална поддршка, токму на таквите. Оние што ќе прифатат да работат на ширењето на евангелието треба да бидат оставени сами да стекнуваат углед, дури ако поради тоа би морале да се изложат на неволји и лишување. Тие треба најпрво да докажат дека се достојни за проповедничка служба. {1C 442.3}

Поискусните проповедници треба да бидат претпазливи, и наместо од своите помлади соработници да очекуваат помош и водство, тие треба да се чувствуваат одговорни и должни татковски да ги советуваат, подучуваат и водат тие млади проповедници. Младите проповедници мораат да имаат свој систем на работа, цврста намера, со цело срце да бидат во делото и ничиј леб да не го јадат бадијала. Одејќи од место во место, тие не смеат да ги изнесуваат оние точки на нашата вера што можат да предизвикаат предрасуди, а потоа да заминат не изнесувајќи ни половина од доказите кои очевидно одат во прилог на сегашната вистина. Младите кои се чувствуваат должни и повикани да работат во Божјото дело не треба да преземат одговорност други да поучуваат на вистината сè додека не им се укаже предност тоа да го прават под надзор на некој поискусен проповедник кој е систематичен во својата работа. Тие треба да учат од него како што учениците во училиштето учат од своите учители. Тие не треба никогаш да одат без одредена цел и без детално разработен план за својата работа. {1C 443.1}

Оние што имаат најмалку искуство и кои се најмалку оспособени за ширење на вистината, обично се последни кои бараат совет и поука од своите поискусни браќа. Станувајќи проповедници тие се стават на исто ниво со оние што имаат долги и тешки искуства и не се задоволни сè додека не им се препушти да водат, мислејќи дека со самото тоа што станале проповедници знаат сè што е потребно да знаат. Таквите очевидно не се познаваат самите себе. На нив им недостасува скромност што толку би им доликувала и затоа секогаш имаат премногу високо мислење за своите способности. Искусните проповедници кои се свесни за светоста на делото и за товарот на одговорностите што им се доверени секогаш будно и ревно внимаваат самите на себе. Тие сметаат дека е голема предност за нив што можат да се советуваат со своите браќа, и не се навредуваат кога им се предложува да направат одредени поправки во своите планови за работа или во начинот на своето изразување. {1C 444.1}

Оние проповедници што ја прифатиле пораката на Третиот ангел, а доаѓаат од други верски заедници, често сакаат да ги поучуваат другите, додека всушност тие треба најпрво да бидат поучувани. Некои од нив мораат да отфрлат голем дел од своите поранешни учења, за да можат да бидат во состојба во потполност да ги сфатат начелата на сегашната вистина. Проповедниците му нанесуваат голема штета на Божјото дело ако пред да појдат да поучуваат други не ја извршат големата задача лично да се подготват и оспособат за работа со необратените. Ако не се оквалификуваат за оваа работа како што треба, тогаш верните проповедници ќе мораат да одат по нив и да ги поправаат последиците од нивната погрешна работа. На крајот ќе се покаже дека е поевтино за Божјото дело на таквите да им се даде добра издршка за да останат во своите домови и да не нанесуваат штета во полето на мисионството со својата работа. {1C 444.2}

Некои ги сметаат проповедниците за посебно вдахновени орудија преку кои зборува Господ. И кога некој од постарите со долгогодишно искуство, забележувајќи ги недостатоците кај некој проповедник, ќе му предложи на истиот некои поправки во

поглед на неговото однесување, во тонот на гласот или во гестикулацијата, тој се чувствува навреден, сметајќи дека Бог го повикал таков каков што е, дека силата со која работи не е негова, туку Божја, дека Бог е тој што ќе го поправи, дека тој не проповеда со човечка мудрост и слично на тоа. Погрешно е да се мисли дека човекот не може да проповеда ако не е посебно возбуден од она што го зборува. Луѓето кои толку зависат од своите чувства можеби ќе бидат корисни кога на таков начин изнесуваат некое охрабрување или опомена, но тие никогаш нема да бидат добри работници, способни да понесат товар. Кога во работата ќ е се наиде на тешкотии и кога се изгледа обесхрабрувачки, тогаш таквите, кои толку зависат од своите чувства, не се подготвени да го понесат својот дел од товарот. Во миговите на обесхрабреност и темнина колку е битно да се има разумни и ладнокрвни луѓе кои не се поведуваат по околностите, туку имаат цврста доверба во Бога продолжувајќи да работат во темнина исто така постојано како и во светлина. Луѓето што Му служат на Бога од начело, иако нивната вера може да биде изложена на тешка проба, секогаш со сигурност ќе се потпираат на Неговата семоќна рака. {1C 444.3}

Младите работници и оние кои некогаш биле проповедници, но останале недобро воспитани и безобѕирни во своето однесување и кои во својот начин на изразување не биле совршено умерени и чисти, не се соодветни за оваа работа сè додека не дадат очевидни докази за својата потполна реформа. Еден непромислено изговорен збор може да нанесе повеќе штета отколку што цела серија состаноци што таквите проповедници ја одржуваат би можела да биде од корист. Тие дозволуваат знамето на вистината, што треба високо да биде подигнато, пред целиот собир верници да биде соборено во прашина. И оние што се обратени со нивната работа обично не се издигнуваат на повисок духовен критериум од оној на кој се наоѓаат нивните проповедници. Луѓето што се поставени да стојат меѓу живите и мртвите треба да бидат исправни во секој поглед. Својата должност на буден стражар проповедникот не смее ниту за миг да ја напушти. Негова задача е да ги воздигнува и облагородува другите, доведувајќи ги на цврстата платформа на вистината. Тој треба да им докаже на другите дека вистината навистина нешто сторила за него. Треба да ја согледа сета грешност на лекомислените, простите и грубите изрази што треба да ги отфрли и со презир да отфрли и сè друго што има сличен карактер. Ако не постапи така, оние што се обратени со неговата работа ќе се поведуваат од неговиот пример. И кога верните проповедници подоцна ќе се обидат да ги поправат таквите, тие ќе се изговараат укажувајќи на проповедникот кој ги насочил во тој правец. Ако ги осудите постапките на таквите проповедници тие ќе ве запрашаат: зошто испраќате такви луѓе да им проповедаат на грешниците кога и се самите грешници? {1C 445.1}

Делото на кое сме се посветиле е одговорно и возвишено. Оние што служат во Словото и науката треба да биде примерни во добри дела. Тие треба да бидат пример на другите во светоста, чистотата и уредноста. Самата појава на Божјиот слуга, не само кога е на проповедалната, туку и на секое друго место, треба да биде жива проповед. Со својот добар пример тој може да постигне многу повеќе отколку само со проповедање од катедрата, ако неговото влијание кога не се наоѓа на катедрата не е негативно. Оние што учествуваат во ова дело треба на светот да му ја пренесат највозвишената вистина што било кога им била доверена на смртниците. {1C 446.1}

Луѓето што се избрани од Бога да работат во ова дело мораат да дадат докази за својот висок повик сметајќи ја за своја најсвета должност да се развиваат и усовршуваат сè додека не станат способни работници. Ако покажат сесрдна желба да ги усовршат

способностите со кои Бог ги надарил треба да им се даде разумна помош. Меѓутоа, охрабрувањето што им се укажува не смее да има призвук на ласкање, бидејќи и самиот сатана во тој поглед доволно ќе се потруди. Луѓето кои мислат дека имаат должност да проповедаат не треба да бидат поддржани во нивните очекувања црквата веднаш да ги издржува и нив и нивните семејства. Тие немаат право на тоа сè додека не покажат добри плодови од својата работа. Постои опасност на младите и неискусни почетници да им се наштети во работата со ласкање и олеснување на животните товари. Кога не проповедаат, тие треба со некоја корисна работа да заработуваат за своето издржување. Тоа е најдобар начин да се провери нивната подготвеност за проповедничка служба. Ако тие сакат да проповедаат само за да имаат проповедничка плата, а ставот на црквата остане непроменет во однос на нивното издржување, тие набргу ќе го симнат тој товар од себе и ќе го напуштат проповедањето поради занимања што носат поголема заработувачка. Апостол Павле, најречитиот проповедник, кого Бог на чудесен начин го обратил за да му довери посебна задача, не се притеснувал да работи и со своите раце. Тој кажува: „До овој час ние и гладуваме и жедниеме, и необлечени одиме, нè бијат и талкаме по светов, се трудиме работејќи со свои раце. Кога нè проколнуваат, ние благословуваме, а кога нè гонат - трпиме" (1. Коринтјаните 4:11,12). „Ниту пак, кај некого јадевме леб дарум, туку работевме со труд и мака дење и ноќе за да не му додеваме на никого од вас" (2. Солунјаните 3:8). {1C 446.2}

Покажано ми е дека мнозина не ги оценуваат исправно талентите на луѓето што живеат меѓу нив. Некои не можат да проценат кој проповедник со својот талент би можел најмногу да придонесе во унапредувањето на вистината, туку во тоа се поведуваат според своите први впечатоци. Тие без размислување, предност му даваат на оној говорник во чие излагање може да се види некоја посебна ревност и кој умее она што го зборува да го украси со некоја анегдота, која со задоволство ја слушаат сите и моментално поттикнува на размислување, но не остава никаков траен впечаток. Во исто време, тие имаат мошне неповолно мислење за говорникот што своето излагање го подготвува студиозно и со молитва, за на смирен начин и со аргументи да ги изнесе пред народот основните вистини на нашата вера. Неговите напори не се ценат и кон него често се постапува со рамнодушност. {1C 447.1}

Може некој да зборува на многу жив начин што им се допаѓа на другите, па сепак на нашиот ум да не прикаже никаква нова мисла, ниту вистински да го збогати нашето знаење. Дејството на ваквите излагања не трае подолго од времето додека трае излагањето. И кога ќе ги побараме плодовите од ваквата работа, ќе ги најдеме исклучиво малку. Луѓе со дарови кои имаат само вакво моментално дејство не се од голема корист, и во ширењето на вистината можат да придонесат значително помалку од оние на кои можат да им се доверат тешки должности и одговорни положби. Во работата на ширењето на вистината многу е важно ставот што го застапуваме да можеме ефикасно да го поткрепиме со докази од Светото Писмо. Со своите тврдења ние можеме да ги замолчиме, но не и да ги осведочиме неверниците. Работниците не се праќаат во полето на работа само за доброто на оние што веруваат. Наша голема цел е спасување и придобивање на души. {1C 447.2}

Некои од нашите верници во овој поглед беа во заблуда. Тие мислеа дека братот Ц е најпогоден да работи во државата Вермонт, и дека тој овде ќе постигне многу повеќе од било кој друг. Тие на ова прашање не гледаат од исправно гледиште. Братот Ц со своето излагање може да го заинтересира собирот на верници, и кога тоа би било сè што се бара од еден успешен проповедник, тогаш проценката на овие браќа и сестри би

била исправна. Но тој сепак, не е темелен работник; на него не можеме да се потпреме. Кога се во прашање некои тешкотии или проблеми во црквата, тој за тоа не покажува никаква заинтересираност. Тој нема скоро никакво искуство, и црквата во таква ситуација не би имала никаква корист од неговото расудување. Тој не е темелен човек ниту во своите овоземни работи, и иако неговото семејство не е големо, помалку или повеќе постојано зависи од помошта на другите. Истите недостатоци тој ги покажува и во својот духовен живот. Можеби би бил покорисен кога со него исправно би се постапувало уште на почетокот на неговата работа во црквата. Придавајќи му од самиот почеток големо значење и дозволувајќи му да носи само незначителен дел од товарот на животот, браќата само му наштетија, бидејќи тој поради тоа си вообрази дека неговата работа е необично важна. Со задоволство се согласи браќата во Вермонт да го издржуваат него и неговото семејство, за тој да биде ослободен од секоја грижа. Физички не работеше ниту толку за да ги зајакне своите мускули и да го сочува здравјето. {1С 448.1}

Тој не е способен да ги изградува црквите. Кога, слично на своите самопожртвувани претходници од минатото, би се чувствувал виновен ако не го проповеда евангелието, би требало, како и тие во свое време, да биде подготвен извесно време да работи со своите раце за да заработи средства за издржување на своето семејство и со тоа да не ја товари црквата, а потоа би можел да продолжи не само да проповеда, туку и да спасува души. Напорите вложени во таков дух би донеле резултати. Меѓутоа, тој имаше премногу високо мислење за себе, се сметаше за еднаков со секој работник во Вермонт и повикан рамноправно со нив да се консултира за сите деловни прашања во црквата, иако со својата работа не покажа дека е достоен за тоа. Каква самопожртвуваност и преданост тој покажа за црквата? На какви опасности и неволји се изложи за браќата да стекнат доверба во него како работник од кого можат да очекуваат само добро и кој ќе шири позитивно влијание каде и да се најде? Сè додека во потполност не се промени, и не ја задуши во себе секоја себичност, за него би било подобро да ја отфрли секоја мисла да биде проповедник. 1С 448.2}

Браќата во Вермонт лекомислено преминаа преку моралните вредности на луѓето, како што се браќата: Бурдо, Пирс и Стон, кои имаат големо животно искуство и кои со својата работа ја стекнаа довербата на луѓето. Со својата чесност и доследен живот тие се покажаа како сесрдни и живи проповедници, а со своите неуморни напори отстранија многу предрасуди и секогаш само собираа и градеа. Но сепак браќата не го ценеа залагањето на овие луѓе, туку се одлучија за оние што нема да се одржат на тест и проба и чија работа ќе донесе многу слаби плодови. 1С 449.1}

---

81. СОПРУГАТА НА ПРОПОВЕДНИКОТ

На петти јуни, 1863 година, ми беше покажано како сатаната постојано се труди да ги обесхрабри и заведе проповедниците кои се избрани од Бога да ја објавуваат вистината. Начин на кој тој најуспешно може да ја оствари својата цел е нивниот однос во семејството, а посебно влијанието на нивните непосветени сопруги. Ако успее да загосподари со умот на сопругата, тој преку неа уште полесно ќе најде пристап до срцето на нејзиниот маж кој работи во речта и доктрината на спасение на душите. Укажано ми

е на опомените што Бог многу пати ги нагласуваше, и на должностите кои особено се однесуваат на сопругите на проповедниците; но овие опомени не делуваа трајно. Дадените сведоштва имаа влијание само кратко време. Светлината беше само делумно прифатена. Се заборава на послушноста и вистинската преданост на Бога; мнозина ја занемаруваат светата должност, примената светлина и дадените предимства да ги искористат и да живеат како деца на светлината. Кога завесата би се повлекла и кога сите би можеле да видат како случајот на секој поединец се разгледува на небото, би дошло до големо пробудување и секој во страв би се запрашал: Што треба да правам за да се спасам? 1С 449.2}

Сопругата на проповедникот која потполно не се предала и не се посветила на Бога не може да му помогне во ништо на својот сопруг. Додека тој зборува за неопходноста секој да го понесе својот крст и нагласува колку е важно самоодрекувањето, секојдневниот пример на неговата сопруга се спротивставува на неговите поуки и им ја одзема силата и убедливоста. На тој начин таа станува голема пречка на патот на својот сопруг и често го оддалечува и од неговите должности, и од Бога. Таа не сфаќа колку голем грев прави со тоа. Место да се труди да биде корисна и со вистинска љубов за душите да им помага на оние на кои помошта им е потребна, таа ги избегнува своите должности и води потполно бескорисен живот. Христовата љубов како воопшто да не ја зауздува, ниту пак светото начело на несебичноста. Таа воопшто не сака да ја твори Божјата волја, да соработува со својот маж, со ангелите и со Бога. Додека го следи својот маж во мисијата за спасување на душите, таа прави голем грев кога со своето незадоволство и нерасположение го попречува во неговата должност. Наместо со цело срце да го поддржува во неговите напори, користејќи ја секоја прилика своите интереси и постапки да ги соедини со неговите, таа најчесто се труди само на неа да и биде што поудобно и попријатно. Ако не оди сè така лесно и добро како што таа би сакала (како што сигурно ќе се случи), таа не би требало со своето нерасположение и постојано жалење да ја отежнува работата на својот сопруг или дури да го принудува да напушти некое место каде би можел да биде од голема корист. Таа не би смеела интересот на својот сопруг да го одвраќа од работата на спасување на душите само за да сочувствува со неа во нејзините замислени страдања, да попушта на нејзините чудни барања и на нејзините чувства на незадоволство. Кога, заборавајќи на себе во настојувањето да им помогне на другите, би разговарала и би се молела со напатените души покажувајќи дека нивното спасение и е поважно од сè друго, тогаш не би имала време постојано да копнее по својот дом. Таа од ден на ден би чувствуваа сè поголемо задоволство како награда за својата несебична работа. Не би можела тоа да го наречам пожртвуваност, бидејќи многу жени на нашите проповедници и не знаат што значи тоа да се жртвуваат за вистината и да се страда за неа. 1С 450.1}

Во поранешните години сопругите на нашите проповедници поднесуваа скудност и прогонства. Тие пожртвувани и благородни жени страдаа заедно со своите мажи кои често беа затворани и прогонувани до смрт. Затоа тие ќе примат иста награда како и нивните мажи. Сестрите Бордман и Џадсонс страдаа поради вистината заедно со своите мажи. Тие го жртвуваа својот дом, родниците и пријателите за на своите животни сопатници да им помогнат во просветлувањето на оние што се наоѓаат во духовна темнина за и на нив да им бидат откриени скриените тајни на Светото Писмо. Нивниот живот бил во постојана опасност. Голема цел на нивниот живот беше спасување на души, и за остварување на таа цел тие со задоволство поднесуваа секакви страдања. {1С 451.1}

Ми беше покажан Христовиот живот. Кога Неговото самоодрекување и жртви ќе се споредат со неволјите и страдањата на сопругите на нашите проповедници, тогаш станува потполно безначајно сето она што тие го нарекуваат жртва. Ако сопругата на проповедникот постојано се жали и изразува незадоволство, таа делува обесхрабрувачки на својот сопруг и го онеспособува за неговата работа, посебно во случај кога неговиот успех зависи од влијанието на околината. Мора ли проповедникот во таков случај да го напушти своето поле на работа за да го смирува незадоволството на својата жена, што доаѓа само како резултат на тоа што не сака да се потчини на чувството на должност? Жената треба своите желби и барања да ги потчини на чувството на должноста, и поради Христос и вистината да ги потчини и сите свои себични чувства. Сатаната успешно ги попречува напорите на проповедникот благодарение на нивните себични и непожртвувани сопатнички. {1C 451.2}

Ако сопругата на еден проповедник го следи својот маж на неговите патувања, тоа не треба да го прави за свое лично задоволство, за да се забавува и да биде примана на гости, туку за да соработува со него. За успехот на неговата работа таа треба да биде заинтересирана исто како и тој. Доколку не ја спречуваат домашните должности, таа треба да оди со својот маж и да му помага во неговите напори за спасување на душите. Со кроткост и скромност, но сепак со благородна самодоверба, таа треба да врши водечко влијание на својата околина. Давајќи свој придонес, таа треба подготвено да го понесе својот крст и товарот на состаноците, при семејниот олтар и во пријателските разговори покрај домашното огниште. Луѓето со право тоа го очекуваат од неа. И ако овие очекувања не се исполнат, влијанието на проповедникот ќе се намали за повеќе од половина. Сопругата на проповедникот може многу да направи само ако е за тоа подготвена. Ако поседува дух на самопожртвуваност и љубов за душите, таа може да направи скоро исто толку добро колку и нејзиниот маж. {1C 452.1}

Сестрата која соработува во делото на вистината може, посебно меѓу сестрите, да разбере и реши многу прашања, што на проповедникот не му е можно да го направи. Сопругата на проповедникот има многу одговорности и таа не треба да ги избегнува, ниту може лесно да се ослободи од нив. Бог ќе ги бара од неа талентите што ѝ ги доверил и тоа со добивка. Таа треба сесрдно, совесно и единствено да соработува со својот сопруг на спасението на душите. Затоа никогаш не треба да инсистира да се исполнуваат нејзините желби и барања, да покажува незаинтересираност за работата на својот сопруг, ниту да се препушта на чувството на незадоволство или болен копнеж по сопствениот дом. Сите овие природни чувства и склоности мораат да се победат. Таа во животот мора да има одредена цел за чие остварување треба најодлучно да се бори. А што да се направи кога тоа ќе дојде во судир со чувствата, задоволствата и природните склоности? Сето тоа треба доброволно и одлучно да се жртвува за да се оствари целта и спасението на душите. {1C 452.2}

Сопругата на проповедникот треба да живее живот на побожност и молитва. Но некои од нив сакаат таква религија во која не е потребно да се понесе крстот, религија што не бара никакво самоодрекување и напор од нејзина страна. Наместо самите благородно да се борат, барајќи сила од Бога за да ги извршат своите лични одговорности, тие многу пати за својот опстанок во верскиот живот зависат од другите. А колку добри дела би можеле да направат, каква помош да им укажат на другите и да бидат поддршка на своите мажи, и каква награда би можеле на крајот да добијат кога со детска доверба би се потпреле на Бога, а својата љубов би ја сосредоточиле на Христос, чувствувајќи дека за својот живот зависат од Него како од жива Лоза.

Пофалбата: „Добро направено, добар и верен слуго” би зазвучила како најмила музика во нивното уво. А поздравот со добредојде: „Влези во радоста на својот Господар” ќе биде илјадакратна награда за сите страдања и неволји што ги поднеле за да ја остварат целта, спасение на драгоцени души. {1C 452.3}

Оние што не ги умножуваат талентите што Бог им ги дал нема да го наследат вечниот живот. Оние чие влијание и корист во светот била незначителна ќе примат награда во согласност со своите дела. Кога сè оди добро тие им дозволуваат на брановите да ги носат, но кога се неопходни одлучни и неуморни напори за да се весла спротивно на ветрот и брановите, тогаш може да се види дека во нивниот христијански карактер недостасува енергичност и цврстина. Тие не се подготвени на макотрпни напори, туку го испуштаат веслото и рамнодушно се препуштаат на струјата да ги носи низводно. И најчесто продолжуваат така сè додека не се најде некој што е подготвен да ја прифати таа мачна задача: со сесрдни и енергични напори да ги повлече назад да се движат спротивно од текот на реката. И секој пат кога ќе западнат во таква рамнодушност тие ја губат силата и сè помалку се наклонети да работат во Божјото дело. Вечната слава ќе ја задобијат само верните и предани победници. {1C 453.1}

Сопругата на проповедникот секогаш треба да има водечко влијание на оние со кои се дружи, и таа за нив може да биде од голема помош, или, пак, голема пречка. Таа или собира со Христос или растура. На сопатничките на нашите проповедници им недостасува самопожртвуван мисионски дух. Сопственото „јас” им е на прво место, а Христос на второ или дури на трето место. Проповедникот никогаш не треба да ја зема сопругата со себе ако не е уверен дека таа ќе му биде духовна помош, дека е подготвена да страда поради Христа, да поднесува, да прави добро и да биде благослов за другите. Жените што патуваат со своите мажи на нивните патувања треба да одат за да соработуваат со нив. Тие не треба да очекуваат дека ќе бидат поштедени од неволји и разочарувања. Тие не треба премногу да мислат за убавите чувства. Што имаат заедничко должноста и чувствата? {1C 453.2}

Укажано ми е на случајот на Авраам. Кога Бог му кажал: „Земи го сега својот син, својот единец Исак што многу го сакаш, па оди во земјата Морија, и запали го како жртва таму на планината што Јас ќе ти ја покажам,” Авраам бил послушен на Бога. Тој не размислувал за своите природни чувства, туку со непоколеблива вера и доверба во Бога се подготвил за пат. Со болка што го раскинува срцето размислувал со какви чувства на љубов гордата мајка го гледала својот толку сакан син кој бил дете на ветувањето, но сепак отишол тој син љубимец да го жртвува на Бога. Авраам длабоко страдал, но не дозволил неговата волја да се бунтува против Божјата волја. Должноста била немилосрдна и непопустлива, но тој сепак се покорил. Не се осмелил ниту за момент да биде воден од своите чувства. Неговиот сакан единец чекорел покрај својот сакан, сериозно замислен и напатен татко, и повторувајќи го во доверлив разговор повеќе пати зборот „татко,” најпосле запрашал: „А каде е јагнето за жртва?” О, каков испит за верниот и богобојазлив татко! Ангелите со задоволство и големо чудење го гледале тоа. Верниот и предан Божји слуга го врзал својот сакан син и го ставил на жртвеникот. Кога веќе го дигнал ножот, ангелот повикал: „Авраме, Авраме ... не прави му никакво зло на детето!” {1C 454.1}

Видов дека не е лесна работа да се биде христијанин. Лесно е да се нарекуваме христијани, но големо и возвишено нешто е да се живее како христијанин. Немаме многу време да ја заслужиме круната на бесмртноста и нашите добри дела и верното исполнување на должностите да се запишат на небото. Секое дрво се познава по своите

родови. На секого ќе му биде судено според неговите дела, а не според верата што ја исповеда. За никого нема да биде поставено прашањето: Што исповедаше? Туку: Какви родови имаше? Ако е дрвото добро и неговите родови ќе бидат такви. Ако е дрвото добро, тоа не може да раѓа зли плодови. {1C 454.2}

_____

82. ПАТЕНТНИ ПРАВА

Мнозина од нашите верници се заплеткуваат во некои нови потфати кои изгледаат примамливи и многу ветуваат, но по кратко време тие доживуваат разочарување, бидејќи им пропаѓаат парите што можеле да ги употребат за издржување на своето семејство или за ширење на сегашната вистина. Тогаш доаѓа грижа на совеста, жалење и префрлање на самиот себе, а некои кои се исклучително совесни ја губат и својата духовна радост и среќа, и како последица на потиштеноста на душата тоа се одразува и на нивното здравје. {1C 455.1}

Оние што веруваат во вистината треба да бидат штедливи, да се хранат со здрава и едноставна храна, раководејќи се секогаш од правилото дека треба да живеат според своите финансиски можности. Нашите верници никогаш не треба да се впуштаат во некои нови потфати пред да се советуваат со оние што имаат искуство во успешното раководење и во овоземните и во духовните работи. Правејќи така, можат да избегнат многу непријатности. {1C 455.2}

Подобро е да се биде задоволен со мали приходи и со тоа мудро да се располага, отколку, во брзоплетиот стремеж да ја подобрите својата положба, да ризикувате и да трпите постојани загуби. Некои од оние што ја почитуваат саботата се занимаваат со продажба на патентни права и, за да заштедат, го работат тоа меѓу своите браќа наговарајќи ги да ги вложат своите пари во патентни права. Таквите нема да бидат чисти пред Бога сè додека не ги надоместат загубите што на тој начин им ги нанесуваат на своите браќа. {1C 455.3}

Број единаесет

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

_____

РЕФОРМА ВО ОБЛЕКУВАЊЕТО*

Драги браќа и сестри, причината што вашето внимание повторно го насочувам на прашањето за облекувањето е во тоа што некои не го сфатија она што веќе го напишав за тоа, и затоа што токму оние кои не сакаат да веруваат во она што го напишав настојуваат по тоа важно прашање да внесат збунетост во нашите цркви. Во врска со ова,

примив многу прашања на кои немав време да одговорам; и сега, за да одговорам на многу прашања, го давам следното објаснување кое, се надевам, еднаш засекогаш ќе го реши овој предмет, што се однесува до моите сведоштва. {1C 456.1}

Некои тврдат дека она што го напишав во Сведоштвото за Црквата број 10 не се сложува со моето сведоштво во трактатот под наслов „Како да живееме". И двата се напишани од иста точка на гледање, затоа не претставуваат две спротивни гледишта како што можеби некои претпоставуваат. Ако постојат некои разлики, тоа е само во начинот на изразување. Во Сведоштвото за Црквата број 10 го напишав следното: {1C 456.2}

„Никогаш не им давајте повод на неверниците да ја срамотат нашата вера. Неверниците вообичаено нè сметаат за чудаци и необични луѓе и не треба со својот начин на живот да ги наведуваме да го мислат тоа за нас повеќе од она што го бара нашата вера. Некои кои веруваат во вистината можеби мислат дека би било добро нашите сестри од здравствени причини да го прифатат американскиот костим. Но ако тоа го намали нашето влијание меѓу неверниците и уште повеќе ја зголеми нивната непристапност, тогаш тоа во никаков случај не треба да го прифатиме, без оглед на последиците. Се лажат оние што мислат дека таквото облекување донесува некоја посебна корист. Тоа можеби ќе се покаже корисно за едни, но штетно за други". {1C 456.3}

„Покажано ми е дека жените што го прифатиле американскиот костим не ги почитуваат изричните Божји упатства дадени во тој поглед. Укажано ми е на следниот библиски текст: 'Жена не треба да носи машка облека, и маж не треба да се облекува во женска облека: секој, што го прави тоа, одвратен е пред Господ, твојот Бог.' (Второзаконие 22:5). Бог не сака Неговиот народ да ја прифати оваа таканаречена реформна облека. Тоа е нескромен начин на облекување, и во никој случај не одговара на пристојноста на понизните Христови следбенички". {1C 457.1}

„Се забележува сè поголема склоност жените според својот начин на облекување и надворешен изглед да станат што послични на мажите, и обликот на нивната облека станува сè слична на машката, но Бог кажува дека тоа Му е одвратно. 'Исто така и жените, облечени пристојно, со срамежливост и разборитост да се украсуваат.'" (1. Тимотеј 2:9). {1C 457.2}

„Оние што се чувствуваат повикани да пристапат на движењето за женски права и таканаречената реформа во облекувањето можат, исто така, да ја раскинат секоја врска со пораката на Третиот ангел. Духот што го води ова движење не може никогаш да биде во согласност со ангелската порака. Што се однесува до односите и правата меѓу мажите и жените Светото Писмо е потполно јасно. Спиритистите во голема мера го прифатија овој необичен начин на облекување. Адвентистите на седмиот ден, затоа што веруваат во оживувањето на даровите, често се жигосани како спиритисти. Со прифаќањето на овој начин на облекување, ние би го погребале своето влијание. Луѓето би не ставиле на исто ниво со спиритистите и би одбиле да нè слушаат". {1C 457.3}

„Паралелно со т.н. реформа во облекувањето оди и духот на лекомисленост и нескромност токму во поглед на облекувањето. Изгледа дека сите што го прифаќаат овој начин на облекување ја губат својата поранешна скромност и воздржаност. Покажано ми е дека - според Божјата намера - нашиот став и во овој поглед треба да биде доследен и оправдан. Оние сестри што ќе го прифатат американскиот костим со тоа ќе го поткопаат своето влијание, а исто така и влијанието на своите мажи и ќе станат предмет на презир и потсмевање. 'Вие сте светлината на светот,' кажува Спасителот.

‘Така да свети вашата светлина пред луѓето, та да ги видат вашите добри дела, и да го прослават вашиот Татко кој е на небесата.’ Пред нас е голема задача што треба да ја извршиме на овој свет, и Бог не сака да прифатиме ништо што би го намалило или уништило нашето влијание врз другите”. {1C 457.4}

Ова е што е претходно кажано ми е дадено како укор за оние жени кои се стремат во начинот на облекување да се изедначат со мажите; но во исто време ми се покажани и лошите страни на вообичаената женска облека, и со намера тоа да се поправи, ги напишав и следните редови, исто така во Сведоштвото за Црквата број 10: {1C 458.1}

„Ние знаеме дека облекувањето на американскиот костим, носењето кринолини и екстремно долги фустани што се влечат по тротоарот и улицата не е во согласност со нашата вера. Ако жените ги подготват своите фустани така што ќе бидат еден или два инча (околу 5 цм) подигнати од нечистотијата на улицата, тие ќе бидат пристојни, ќ е можат полесно да се одржуваат чисти и уредни и подолго време да се носат. Ваквите фустани би биле во согласност со нашата вера. Примив повеќе писма во кои нашите сестри ме прашуваат за мислење во врска со носењето на затегнати здолништа. На овие прашања одговорив со писмо што го пратив во Вашингтон на една од сестрите што таму живее. Го наведувам овде тоа писмо за да биде од корист и за другите”. {1C 458.2}

Сега ќе дадам еден извод од текстот што на друго место го објавив во врска со овој предмет: {1C 458.3}

„Христијаните не треба да се облекуваат на начин само за во облекувањето да се разликуваат од светот. Меѓутоа, ако нивниот начин на облекување, прифатен во согласност со должноста да се облекуваат скромно и здраво станува старомоден, не треба да го менуваат само за да изгледаат како останатиот свет; туку во благородна независност и морална храброст треба да останат доследни, макар поради тоа да се разликуваат од целиот свет. Ако светот прифати еден пристоен, удобен и здрав начин на облекување, кој е во согласност со Библијата, нашиот однос кон Бог и кон светот нема да се промени со прифаќање на тоа. Христијаните треба да го следат Христос и да се облекуваат во согласност со прописите на Божјото Слово. Избегнувајќи ги крајностите, тие треба скромно да одат по вистинскиот пат, без оглед на пофалбите и одобрувањата или осудите, држејќи се секогаш за она што е исправно токму затоа што тоа е исправно”. {1C 458.4}

„Облеката на жената, за да биде удобна и здрава, треба да ги заштитува и нејзините раце и нозе. Нејзините нозе, сè до стапалата треба да бидат затоплени како и кај мажите. Должината на фустанот што сега е во мода не е препорачлива од повеќе причини: {1C 459.1}

1. Претерано е и непотребно да се носи толку долга сукна која се влече по тротоарот и по улицата. {1C 459.2}

2. Толку долгите фустани ја собираат росата од тревата и правот од улицата, и затоа е неможно да се одржуваат уредни и чисти. {1C 459.3}

3. Во својата ужасна состојба тие фустани се во постојан допир со недоволно заштитените зглобови на долните екстремитети кои на тој начин лесно настинуваат, што го доведува во опасност здравјето, а и самиот живот. Тоа е еден од најчестите причини за настинка и скрофулозни отоци. {1C 459.4}

4. Непотребната должина е дополнителна тежина за колковите и големото црево. {1C 459.5}

5. Тие здолништа ги попречуваат жените при нивното одење, а често им сметаат и на другите минувачи”. {1C 459.6}

„Постои уште еден начин на облекување што таканаречените реформисти го прифаќаат. Целта е колку е можно повеќе да се имитира спротивниот пол. Жените носат шапки, панталони, елеци, капути и чизми или длабоки чевли, што претставува и најупадлив дел од таа носија. Оние што го прифаќаат и бранат овој стил на облекување одат предалеку во таканаречената реформа на облекувањето, што може да доведе само до збрка. Жените што го усвојуваат ваквото облекување можеби се во право што се однесува до здравјето, но за општото добро би било многу подобро кога во тој поглед не би се одело во такви крајности". {1C 459.7}

„Овој стил на облекување е спротивен на Божјата намера, а посебно со упатството дадено во Второзаконие 22:5: 'Жена не треба да носи машка облека, и маж не треба да се облекува во женска облека; секој, што го прави тоа, одвратен е пред Господ, твојот Бог.' Бог не одобрува Неговиот народ да се облекува на таков начин. Тоа не е пристојна облека, и не им доликува на скромните и понизни жени кои сакаат да бидат Христови следбенички. Сите оние што се за укинување на секоја разлика во облекувањето меѓу мажите и жените забораваат дека тоа Бог изрично го забранил. Некои што се залагаат за реформа во облекувањето одат во крајност и поради тоа го губат својот углед". {1C 459.8}

„Бог бара помеѓу машката и женската облека да има јасна и истакната разлика, и Тој тоа прашање го смета за толку важно така што дал изрични упатства во тој поглед; бидејќи кога и двата пола би се облекувале на ист начин, тоа би предизвикало голема збрка и нагло и големо зголемување на гревовите и престапите. Кога апостол Павле би бил сè уште меѓу живите и би видел дека жените кои за себе сметаат дека се побожни се облекуваат на ваков начин, тој би ги укорил. 'Исто така и жените, облечени пристојно, со срамежливост и чесност да се украсуваат, не со плетенки, ни со злато, со бисери или со скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им прилега на жени што и се посветуваат на побожноста.' Масите таканаречени христијани со презир ги отфрлаат овие зборови на апостолот и се украсуваат со злато, бисери и скапоцени облеки". {1C 460.1}

„Верните припадници на Божјиот народ кои треба да бидат светлина на светот и сол на земјата, мораат секогаш да имаат на ум дека нивниот пример и влијание е од големо значење. Кога нашите сестри - само за да изгледаат поинаку од другите - наместо предолги би почнале да облекуваат прекумерно кратки фустани, би го уништиле засекогаш својот углед. Со тоа би ги одбиле оние што не припаѓаат на нашата вера, а наша должност е да ги доведеме кај Божјото Јагне. Во подготовката на женската облека би можеле да се направат многу поправки со цел да бидат поздрави, но без воведување вакви измени кои предизвикуваат одвратност и гадење кај оние што тоа го гледаат. {1C 460.2}

Телото никако не треба да се стега со стегачи и претесна облека. Облеката треба да биде така комотна што срцето и белите дробови ќе можат непречено да функционираат. Должината на фустанот треба да биде малку пониска од работ на чизмата, но сепак да биде доволно кратка за да не ја собира прашината од тротоарот и улицата и да не мора да се придржува со рака. Но и малку пократок фустан од овој е погоден и здрав за жени кои работат во својата куќа, а посебно за оние што помалку или повеќе се движат во дворот и градината надвор од куќата. Во ваквиот стил на облека, доволно е една лесна сукна, или најмногу две, да се закопчат со копчиња за блузата, или со ремени да се обесат на рамената. Колковите не се создадени за да носат толку голем товар. Тешките здолништа што ги носат некои жени, и кои главно се потпираат на колковите се главна

причина за многу болести кои тешко се лечат. Тие маченички изгледа не се свесни за причината на своите телесни страдања, па и понатаму кршејќи ги законите на своето битие продолжуваат со стегање на половините и со носење тешки здолништа сè додека не станат доживотни инвалиди. А кога ќе им се укаже на оваа нивна заблуда, мнозина од нив извикуваат: 'Не, никако. Таквиот стил би бил премногу старомоден.' Па, што ако е старомоден? Посакувам да сме старомодни во многу нешта. Би било навистина пожелно да ја имаме онаа издржливост што ја имале нашите старомодни баби во минатото. Не зборувам непромислено кога нагласувам дека денешниот начин на облекување кај жените, заедно со нивното попуштање на апетитот се главна причина за нивното слабо здравје. Од илјада жени одвај да има една која се облекува како што треба. Без оглед на должината на фустанот, нивните нозе треба да бидат затоплени исто како и кај мажите. Тоа би можело да се постигне со носење на пантолони со постава, чии ногавици се стеснуваат на крајот и се врзуваат околу глуждот, секогаш досегнувајќи до чевлите. Така и зглобовите на нозете ќе бидат заштитени од студ. Кога нозете и рацете сè до крајот добро затоплени, крвотокот се изедначува, а крвта останува чиста и здрава, бидејќи со претерано разладување не се попречува нејзината исправна циркулација по целиот организам". {1C 461.1}

Најголема тешкотија за мнозина е должината на сукната или фустанот. Некои упорно тврдат дека изразот „работ на чизмите" што го спомнав се однесува на работ на чизмите какви што обично носат мажите, а кои достигаат скоро до колената. Кога жените навистина би имале обичај да носат такви чизми тогаш оние што така го сфатиле овој израз би биле во право, но бидејќи главно жените не носат такви чизми, тогаш поборниците на таквото сфаќање немаат право така да ги толкуваат моите зборови. {1C 462.1}

За да покажам на што навистина мислев, за по ова прашање во моите сведоштва да нема противречности, наведувам овде еден извадок од еден свој ракопис, кој е напишан пред две години: {1C 462.2}

„По објавувањето на мојата статија за облекувањето во публикацијата 'Како да живееме' се појавија некои погрешни сфаќања за оваа идеја, и сакам тоа да го отстранам. Некои екстремно го сфатија значењето на она што го запишав во поглед на должината на женската облека и поради тоа очевидно имаат големи тешкотии. Имајќи погрешна претстава по ова прашање, тие разговараа за должината на женската облека сè додека нивниот духовен вид не се затемни во толкава мера што ги гледаа 'луѓето како одат како дрвја' (Марко 8:24). Мислеа дека помеѓу мојата неодамна објавена статија во публикацијата 'Како да живееме' и она што го напишав за истото прашање во 'Сведоштво за Црквата' бр.10, постои противречност. Морам да нагласам дека само јас можам да расудувам за она што во визија ми беше покажано, и никој нека не се плаши дека со својот начин на облекување ќе ги демантирам своите сведоштва или дека ќе ми побегне било каква вистинска противречност во она што ми е во визија прикажано". {1C 462.3}

„Во мојата статија за облекувањето, објавена во публикацијата 'Како да живееме' се обидов да го прикажам здравиот, удобен и економичен, но сепак пристоен начин на облекување за христијанките што се подготвени да го прифатат тоа. Се обидов - можеби несовршено - да ја опишам таа облека. 'Должината на фустанот или сукната треба да биде малку пониска од работ на чизмата, но сепак да биде доволно кратка за да не ја собира прашината од тротоарот и улицата и да не мора да се придржува со рака.' Некои тврдат дека под називот 'работ на чизмите' сум мислела на работ на чизмите какви што

носат мажите. Меѓутоа, јас под изразот ‘работ на чизмите’ мислев на чизми или длабоки чевли какви што обично носат жените. Да можев да претпоставам дека ќе бидам погрешно разбрана, би се изразила попрецизно. Кога би било обичај жените да носат чизми со толку високи ногавици како мажите, тоа би можело да се прифати како изговор за ваквото погрешно сфаќање на наведениот израз. Мислам дека сега се изразувам доволно јасно и дека никој нема да остане во недоумица. Ве молам прочитајте уште еднаш: ‘Должината на фустанот треба да биде малку понизок од работ на чизмата,’ но обрнете внимание на другиот дел од истата реченица: ‘но сепак да биде доволно краток за да не ја собира правта од тротоарот и улицата и да не мора да се придржува со рака. Но и малку пократок фустан од овој е соодветен, угоден и здрав за жени кои работат во својата куќа, а посебно за оние што помалку или повеќе се движат во дворот и градината надвор од куќата.’” {1C 462.4}

„Не наоѓам никаква причина разумните личности погрешно да ги сфаќаат или да го извртуваат значењето на моите зборови. Кога, зборувајќи за должината на женскиот фустан, би мислела на длабоки чизми кои допираат скоро до колената, зошто тогаш би додала: но сепак да биде доволно краток за да не ја собира правта од тротоарот и улицата и да не мора да се придржува со рака? Да мислев на високи чизми, фустанот очигледно би бил доволно краток да не собира нечистотија од тротоарот и улицата, а да не се придржува со рака и доволно краток за да не ѝ пречи на жената кога работи било каква работа. Се пренесувани гласини дека ‘сестра Вајт го прифатила американскиот костим’ и дека тој начин на облекување го прифатиле исто така и останатите сестри во Батл Крик. Во овој случај ми доаѓа на ум поговорката: ‘Додека вистината да ги облече чизмите, лагата ќе го обиколи целиот свет.’ Една сестра најсериозно ми кажа дека ѝ изгледа дека сите наши сестри ќе го прифатат американскиот костум, и дека таа нема да се согласи со тоа дури и кога сите би биле принудувани на тоа, бидејќи не може да замисли така да се облекува”. {1C 463.1}

„Што се однесува до моето носење на кратки фустани, можам да кажам дека имам само еден краток фустан, кој не е за повеќе од еден прст пократок од оние што обично ги носам. Тој краток фустан го носев само понекогаш. Зимата станував рано и со фустан што е толку долг, што не мора да се придржува со рака за да не се влече по снегот, пешачев брзо два до три километри пред појадок. Така се облекував кога одев во својата канцеларија, и кога морав да пешачам по снегот или калта за време на дождливите денови. Фустаните со таква должина ги прифатија и некои сестри од Батл Крик и ги носеа додека ги извршуваат своите должности во куќата. Облека со таква должина не беше до тогаш видена на улиците на Батл Крик ниту на нашите состаноци. Моите настојувања беа во правец на тоа да се измени сегашната мода на претерано долги фустани кои се влечат по земјата, но и да не се прифати претерано кратка носија која допира само до колената. Покажано ми е дека треба да се избегнува и едната и другата крајност. Прифаќајќи носија која допира до работ на женските чизми ќе ги избегнеме сите негативности на предолгите фустани, но исто така и сета одвратност на озлогласената кратка носија”. {1C 464.1}

„Оние што ќе се одлучат за претходно предложената должина на облеката со која планираат да работат, предлагам во тоа да покажат вкус и смисла за скромност. И работната облека треба да се изработи вкусно и по одреден крој. Во облеката со која одат на работа нашите сестри не треба да личат на страшила за птици. Поважно е жената уредно и пријатно да изгледа кога е со својот сопруг и деца, отколку да се дотерува само кога некој друг треба да дојде во куќата. Некои жени и мајки мислат дека не е битно

како изгледаат на работното место или кога ги гледаат само членовите на семејството, додека многу внимаваат како ќе се облечат пред некој на кој нивниот изглед воопшто не им е важен. На секоја сопруга и мајка среќата на нејзиниот маж и на нејзините деца треба да и биде поважна и позначајна од било што друго. Во својот начин на облекување христијанките никогаш не треба да претеруваат, туку секогаш треба да настојуваат облеката да им биде чиста, пристојна и здрава колку што тоа ја дозволува природата на работата што ја извршуваат. {1C 464.2}

Сметаме дека горе опишаниот фустан го заслужува називот реформиран фустан со соодветна должина. Тој веќе го прифатија Западниот Институт за здравствена реформа и некои од сестрите во Батл Крик и во други места каде што ова прашање е исправно изнесено пред народот. Во голема спротивност со оваа скромна и пристојна облека е таканаречениот американскиот костим кој речиси во сè е сличен на облеката на мажите, а се состои од елек, панталони и фустан слични на палто што со својата должина досегнуваат само до средината меѓу колковите и колената. Овој таканаречен американски костим го отфрлам зошто ми е покажано дека не е во согласност со Светото Писмо; додека начинот - за кој пред малку зборував - го препорачувам затоа што е скромен, удобен, прикладен и здрав. {1C 465.1}

Друга причина поради која се чувствував повикана повторно да пишувам за облекувањето е во тоа што сè уште ниту една од дваесет сестри кои тврдат дека веруваат во Сведоштвата не го направила ниту првиот чекор да се реформира во облекувањето. Некој можеби ќе каже дека сестра Вајт во јавноста повеќе ја носи својата вообичаена облека отколку оваа што толку им ја препорачува на другите. На тоа можам да го кажам следното: Кога одам јавно да се обратам на народот во некое место каде што за ова прашање сè уште ништо не се знае и каде природно би се појавиле предрасуди, мислам дека е подобро да се постапува внимателно, не затворајќи ја вратата пред себе со носење облека што за нив би можела да биде неприфатлива. Меѓутоа, кога ќе дојде моментот на своите слушатели да им го изнесам и тоа прашање и во потполност да го објаснам својот став, тогаш пред нив се појавувам во реформиот фустан, илустрирајќи го своето учење со практичен пример. {1C 465.2}

Што се однесува, пак, до носењето кринолини, реформираната облека претставува голем напредок во однос на нив. Таквата облека не е можно да биде корисно употребена. За носењето кринолини, било да се големи или мали, предоцна е и да се зборува. Мојот став по тоа прашање е во потполност ист каков што и беше, и се надевам дека не сум одговорна во ништо што некои други можеби поинаку мислат и што и понатаму го поддржуваат носењето на кринолини. Протестирам против извртувањето на било што што сум кажала за ова прашање во приватните разговори и барам мојот став да се проценува врз основа на она што сум го напишала и објавила. {1C 465.3}

---

84. НАШИТЕ ПРОПОВЕДНИЦИ

Во визијата што ми беше дадена на 25 декември, 1865 година во Рочестер, во државата Њујорк, покажано ми е дека ни претстои најсериозна задача. Значењето и големината на таа задача воопшто не се сфаќаат. Гледајќи ја рамнодушноста што сè

повеќе зема замав, многу сум загрижена и за проповедниците и за членовите. Изгледа како целокупното дело на сегашната вистина да е зафатено со некое мртвило. Божјото дело е во застој. И проповедниците и верниците не се подготвени за времето во кое живееме, и скоро сите кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина се неподготвени да ја сфатат неопходноста од подготовка за ова време. Во својата сегашна состојба, полни со овоземни амбиции, во недостаток на посветување и отфрлање на сопственото "јас„, тие се потполно неподготвени да го примат позниот дожд, за да можат да му се спротивстават на сатаната кој во својот гнев и лукавство настојува што поцврсто да ги врзе за некоја омилена самоизмама, па така да доживеат бродолом во верата. Тие мислат дека се исправни во сè, додека всушност сè е спротивно од тоа. {1C 466.1}

И проповедниците и верниците мораат да вложат поголеми напори за да се реформираат. Без никакво одложување мораат да ги отфрлат своите лоши навики во јадењето, пиењето, облекувањето и работата. Покажано ми е дека повеќето проповедници не се свесни за важноста на оваа задача. Не се сите таму каде што Бог сака да бидат. Тоа е причината што некои од нив покажуваат толку слаби резултати во својата работа. Проповедниците треба да бидат пример за Божјото стадо. Но тие не се слободни од искушенијата на сатаната. Тој настојува токму нив да ги фати во своите стапици. Ако успее еден проповедник да го заспие во колевката на телесната сигурност, така што неговите мисли ќе ги одврати од интересите на Божјото дело или да го измами во поглед на неговата вистинска состојба пред Бога, тоа е за него голем успех. {1C 466.2}

Покажано ми е дека Божјото дело не напредува онака како што би можело и како што би требало да напредува. одлучна истрајност каква што е потребна, бидејќи не го сфаќаат големото значење на ова дело. Тие треба да се борат против непријател што е постојано буден и кој во својата упорност и истрајност да уништува е неуморен. Слабите напори на проповедниците и верниците се неспоредливи со напорите на нивниот противник, ѓаволот. На едната страна се проповедниците кои се борат на страната на правдата, имајќи помош од Бога и Неговите свети ангели. Тие треба да бидат силни и храбри, потполно предани на делото во кое се ангажирани, не врзувајќи се за никакви други интереси. За да му угодат на Оној што ги избрал за Свои војници, тие не смеат да се вплеткуваат во овоземни работи. {1C 467.1}

На другата страна е сатаната со своите зли ангели и со сите свои агенти на земјата. Тој ги вложува сите свои сили и лукавства за заблудата да ја прикаже што по невина, прикривајќи ја со привлечна наметка сета нејзина грозотија и одвратност. Себичноста, лукавството и сите можни видови на измама тој ги облекува во облека на привидна вистина и правда, и со тоа постигнува успех дури и кај оние проповедници и верници кои тврдат дека ги познаваат сите негови лукавства. Колку повеќе се оддалечуваат од Христос како голем Водач, сè помалку ќе го прикажуваат Неговиот карактер, станувајќи сè послични на слугите на својот голем непријател и на крајот сигурно ќе бидат негови. Иако тврдат дека се Христови слуги, тие се всушност слуги на гревот. Некои од проповедниците премногу мислат на платата што ја примаат. Тие работат само за плата губејќи ја од вид светоста и значењето на делото. {1C 467.2}

Некои стануваат млаки и немарни во својата работа; тие одат на терен, но се без волја и се потполно неуспешни во своите напори. Таквите не се со срцето во делото. Теоријата на вистината е јасна. Мнозина од нив немале никакво учество во истражувањето на вистината со напорно проучување и сесрдни молитви и немаат претстава за нејзината драгоцена вредност, бидејќи не биле принудени со неа да ги бранат своите ставови од нападите на непријателот. Тие не ја согледуваат потребата

трајно и потполно да се посветат на своето дело. Нивниот интерес е поделен помеѓу делото и нив самите. {1C 467.3}

Покажано ми е дека во Божјото дело нема да дојде до поодлучен напредок додека проповедниците потполно не се обратат. Кога вистински ќе се обратат, тие помалку ќ е мислат на своите плати, а многу повеќе за значењето, светоста и сериозноста на делото што Бог им го доверил и кое треба совесно и верно да го водат, како оние што за тоа ќе мораат да Му дадат сметка. Ангелите, секој ден верно, водат записник за сето она што тие го прават. Овде се запишани не само делата, туку и побудите и намерите што се раѓаат во нивното срце. Ништо не е сокриено пред окото на Оној што сè може да види и пред Кого ние треба да одговараме. Оние што сите свои сили ги вложуваат во Божјото дело, и кои не плашејќи се од ризик ги вложуваат и своите средства, ќе чувствуваат дека Божјото дело е дел од нив самите и нема да работат само за плата. Тие не работат само тогаш кога некој ги гледа и не се стремат да си угодуваат себе си, туку и самите себе и сите свои интереси ги посветуваат на ова возвишено и свето дело. {1C 468.1}

Во својата јавна работа во црквата на некои им се заканува опасност да прават грешки при недостаток на истрајност. Во нивен интерес е внимателно да го преиспитаат своето срце, своите побуди, за да бидат сигурни дека потполно се ослободиле од себичноста. Тие треба будно да внимаваат да не се одречуваат од вистината со својот живот додека им проповедаат на другите, дозволувајќи му на тој начин на сатаната место сесрдна работа да им подметне нешто друго. Тие треба со цело срце да бидат во Божјото дело, за да не се случи - работејќи само за плата - да го загубат од вид значењето и возвишеноста на делото. Тие не смеат да дозволат наместо Христос во срцето да владее нивното „јас“, и мораат добро да се чуваат да не ги лажат грешниците во Сион, велејќи им: „Добро ќе ти биде,” кога Господ веќе изрекол проклетство и осуда над нив. {1C 468.2}

Проповедниците мораат да се пробудат покажувајќи жива ревност и преданост каква веќе долго време не покажале, бидејќи пропуштиле постојано да одат со Бога. Во многу места во Божјото дело нема напредок. Неопходно е поголемо залагање за душите. Луѓето се преполнети со прејадување, пијанство и со грижите од овој свет. Тие сè повеќе се оддаваат на овоземни интереси и на славољубивиот копнеж за стекнување богатство. Духовноста и побожноста се вистинска реткост. Преовладува склоност само да се работи, да се заработува и да се зголемува богатството. „Што ќе се случи на крајот на сето ова?” е прашање што силно ме загрижува. {1C 469.1}

Богослужењата на конференциите не донесуваат никакво трајно добро. Оние што доаѓаат на состаноците со себе внесуваат и некој трговски дух. На тие големи собири и проповедниците и верниците често донесуваат некоја своја роба, и вистинаЗа што се изнесува од катедрата остава само незначителен впечаток на нивните срца. Духовниот меч - Божјото Слово- како да не ја извршува својата задача да сече и ранува, туку неделотворно паѓа на слушателите. Возвишеното Божје дело премногу се поистоветува со овоземните работи. {1C 469.2}

Прво самите проповедници мораат да бидат обратени за да можат да ги утврдуваат своите браќа. Тие не треба да се проповедаат себе, туку Христос и Неговата правда. На сите им е неопходна реформа, но таа мора најнапред да започне меѓу проповедниците. Од таму треба да започне делото на пречистување. Тие се стражари на ѕидовите на Сион кои треба да ги предупредуваат безгрижните, но и на лицемерите верно да им укажат на судбината што ги очекува. Ми изгледа дека некои од проповедниците заборавиле дека сатаната сè уште живее, дека е упорен, ревен и лукав како што и секогаш бил, сè

уште настојувајќи со своето примамување да ги заведе душите од вистинскиот пат. {1C 469.3}

Значаен дел од задачата на проповедниците за народот е да ја прикажат здравствената реформа како составен дел на третата ангелска вест. Најнапред мораат самите да ја прифатат за да можат со успех да ја препорачаат на сите кои тврдат дека веруваат во вистината. {1C 469.4}

Проповедниците не смеат да имаат никакви други интереси освен својата голема задача да ги доведуваат душите кај Христос. На таа цел тие треба да ги посветат сите свои енергии. Покрај оваа голема задача тие не смеат да се занимаваат со трговија, со разни ситни работи, ниту со било какви други работи. На нив, како и на Тимотеј во негово време, им е доверена свечена задача која со себе повлекува најсвета обврска и најстрашна одговорност: „И така, те заколнувам пред Бога и нашиот Господ Исус Христос, Кој ќе им суди на живите и мртвите, кога ќе дојде Тој и Неговото царство: проповедај го словото, настојувај во погодно време и во невреме, укорувај, забранувај, советувај со голема долготрпеливост и поука". „Но ти во сè биди трезвен, претрпи зло, направи дело достојно на благовестител, службата своја исполнувај ја добро!" {1C 470.1}

Со погрешни животни навики се намалуваат нашите умствени и физички способности. Но сите сили што можеме да ги сочуваме со исправен начин на живот треба без премислување да ги посветиме на делото што Бог ни го доверил. Не смееме да дозволиме нашите и така слаби сили да ги користиме за служење на трпезата и за мешање на трговијата со делото што Бог ни го доверил. Сите способности на умот и телото сега е неопходно да се посветат на Божјото дело; и не можеме покрај оваа голема задача да се занимаваме и со некои други работи што го одземаат нашето време и сила, а со тоа да не го намалиме својот придонес во залагањето за Божјото дело. Проповедниците кои покрај својата проповедничка служба се занимаваат и со некоја друга работа, ќе го немаат сето време за размислување и молитва; ќе ја немаат сета сила и чистина на умот за да можат да ги разберат случаите на оние на кои им е потребна помош, и нема да бидат подготвени да ја извршуваат својата служба „во време и во невреме". Добар збор изговорен во вистинско време може да биде спасоносен за многу несреќни души кои талкаат во сомневањето и се наоѓаат на работ на пропаста. „Размислувај за тоа," му нагласува Павле на Тимотеј, „сиот посвети се на тоа, за твојот напредок да им биде видлив на сите". {1C 470.2}

Во налогот што го дал на Своите ученици, Христос кажува: „Сето она што ќе го сврзете на Земјата ќе биде сврзано и на небото, и сето она што ќе го разврзете на Земјата, ќе биде разврзано и на небото". Ако оваа страшна одговорност е задача на Христовите проповедници, колку е важно тие да се посветат во потполност на таа задача и будно да бдеат над душите како оние што ќе мораат за нив да дадат сметка пред Бога! Смеат ли тие да дозволат некои други себични интереси да ги одвојат од делото? Има проповедници кои постојано се задржуваат дома, одејќи на должност само во сабота, за што побрзо да се вратат и со сета сила повторно да ги започнат своите овоземни работи, во полето или на друго место. Тие во текот на целата седмица работат само за себе, а потоа само преостанатиот дел од својата исцрпена енергија му ја посветуваат на Бога. Но таквите напори се неприфатливи за Него, бидејќи на нив за сабота не им преостанува ниту умствена, ниту физичка сила, и нивните напори и покрај вложената волја се сосема слаби. Бидејќи во текот на седмицата биле толку зафатени со грижи и овоземни работи, тие се потполно онеспособени за возвишеното, свето и значајно Божје дело. Судбината на душите зависи од тоа по кој пат тие ќе продолжат во животот

и од одлуките што ги донесуваат. Колку е според тоа важно во сè да бидат умерени, значи не само во јадењето, туку и во работата, за да можат своите сили да ги сочуваат и да ги посветат на својот свет повик. {1C 471.1}

Некои од оние што тврдат дека веруваат во сегашната вистина прават голема грешка кога на нашите состаноци се занимаваат со трговија, со што умот на присутните се одвраќа од она што е цел и смисла на состанокот. Кога Христос би бил сега на Земјата, Тој со камшик од врвци би ги истерал надвор сите тие торбари и трговци, независно дали се проповедници или обични верници, како што направил и во свое време, кога влегувајќи во храмот „ги истера сите што продаваа и купуваа во храмот, ги растури масите на менувачите и столовите на оние што продаваа гулаби, и им рече: „Напишано е: ‘Домот Мој нека биде дом за молитва,’ а вие го направивте како разбојничка пештера”. Тие трговци можеле да се повикуваат на фактот дека животните и птиците што ги продаваат се наменети за жртвени прилози во обредната служба! Но нивната цел била заработувачка, стекнување пари и богатење. {1C 471.2}

Покажано ми е дека и проповедниците и верниците брзо би ги сфатиле лошите последици од мешањето на светото со вообичаеното кога нивните морални и умствени способности не би биле поматени со погрешниот начин на живеење. Проповедниците, поизлагањето на најсвечените вистини од проповедалната, изложувајќи ја својата роба, продолжија да се однесуваат како трговци, дури и во Божјиот дом. Така, одвраќајќи го умот на слушателите од впечатоците што ги примиле, практично ја уништуваа својата работа. Кога нивната свест не би била толку затемнета, тие би сфатиле дека со таквите постапки тоа што е свето и возвишено го спуштаат на исто ниво со тоа што е овоземно и вообичаено. Товарот на продажбата и растурањето на нашата литература не треба да се става на проповедниците чија задача е да служат во Словото и науката. Своето време и сили тие треба да ги посветат на поуспешно одржување на соборот, не занимавајќи се со продажба и рекламирање на книги што сосем добро можат да го сторат и оние на кои не е ставена тешката должност да го проповедаат Божјото Слово. Можеби ќе се укаже потреба, одејќи во ново поле на работа, проповедникот да понесе со себе и одреден број публикации, за да им ги препорача на верниците за продажба, а може и во некои други околности да се наметне потреба од продавање книги или некои други деловни потфати од областа на издавачката дејност. Но проповедниците треба да ги избегнуваат таквите дејности секогаш кога постои можност некој друг да ги заврши. {1C 472.1}

Проповедниците треба да направат сè што е во нивна моќ на народот да му ја изнесат вистината од Божјото Слово, а кога тоа ќе го направат треба и понатаму да останат понизни и достоинствени како проповедници на возвишената вистина и како живи претставници на таа вистина што му ја изнесуваат на народот. По вакви напори на нив им е потребен одмор. А дури и самото продавање книги за сегашната вистина бара одредена грижа, како и умствено и физичко напрегање. Ако има и такви кои имаат резервна сила и кои можат да преземат нови товари а со тоа да не го загрозат своето здравје, има доста важна работа и за нив, а со изнесувањето на вистината пред слушателите таа работа штотуку започнува. Потоа следат: наведување на соодветни примери, грижлив надзор, настојување на другите да им се прави добро, разговори; работа од куќа до куќа, работа покрај домашното огниште, навлегување во душевната и духовната состојба на оние што го слушале излагањето од проповедалната; охрабрување, укорување, предупредување и утешување на оние кои се погодени, кои страдаат и кои се очајни. Умот на проповедникот треба да биде колку што е можно

поодморен, за да може подготвено да одговори на својата должност „и во време и во тешко време”. Тие секогаш треба да го имаат на ум Павловото упатство до Тимотеј: „Размислувај за тоа и сиот посвети се на тоа”. {1C 472.2}

Некои од проповедниците многу лекомислено преминуваат преку своите одговорности. Тие мислат дека нивната работа е завршена штом ќе ја напуштат проповедалната. Да одат во посета и да разговараат со луѓето во нивниот дом е за нив вистински товар; и оние кои навистина сакаат да го дознаат сето она што е за нивно добро, во личен контакт да им се објаснат многу нешта, не можат да ја добијат таа предност. Проповедниците често се изговараат дека се изморени, а сепак, некои од нив своите драгоцени сили и своето време ги трошат во работи кои би можел толку добро да ги заврши и некој друг. Своите морални и физички сили тие треба да ги чуваат за да можат како верни Божји соработници да дадат докази за својата верност. {1C 473.1}

Во секое позначајно место треба да постои магацин за нашите списанија и книги. И секој кој вистински ја цени вистината треба вистински да се заинтересира како тие книги да дојдат до оние што сакаат да ги прочитаат. Жетвата е навистина голема, а жетвари има малку и затоа искусните работници, кои се толку малку, сите треба да служат во Словото и науката. Ќе се појават луѓе што ќе тврдат дека Бог им ја доверил должноста вистината да ја пренесат и на другите. Сите такви треба да бидат испитани и проверени. Не треба да бидат ослободени од секоја грижа, ниту веднаш да бидат поставени на одговорни положби, туку треба да бидат охрабрени, доколку тоа го заслужуваат, дека ќе им се даде прилика да се докажат. За таквите не е добро веднаш да влегуваат во работата на другите. Како приправници прво нека работат со некој искусен и постар соработник кој брзо ќе може да процени дали се тие во состојба да вршат спасоносно влијание на другите. На младите почетници кои не се подготвени на никакви тешки напори ниту се навикнати да ги трошат своите умствени и физички сили не треба да им се ветува дека ќе бидат поштедени од физички напори, бидејќи тоа само би им наштетило, и во работата би биле примени такви кои немаат претстава за товарот на одговорностите на проповедниците избрани од Бога. Таквите би сметале дека се подготвени да ги учат другите, додека ниту самите сè уште не се запознаени со основните начела на нашата вера. {1C 473.2}

Мнозина што ја исповедаат вистината не се посветени со неа, ниту се надарени со мудрост; тие не се водени, ниту научени од Бога. Општо земено, Божјиот народ е сè уште наклонет на овој свет и далеку е од едноставноста на евангелието. Тоа е причината за големиот недостаток на духовно расудување во поглед на изборот на проповедници. Ако некој проповедник слободно и убаво се изразува, некои му ласкаат. Наместо да размислуваат за вистините што ги изнел и живеејќи според тие вистини да докажат дека не се само заборавни слушатели туку и творци на вистината, тие се воодушевуваат од неговите способности и го воздигнуваат поради тоа. Задржувајќи се на наводните доблести на бедното човечко орудие, тие го губат од вид Христос кој само се послужил со тоа орудие. Како Луцифер кој паднал поради своето возвишување и гордост и многу проповедници паѓаат затоа што дозволуваат другите да ги воздигаат. Со воздигањето на своите проповедници, немудрите членови му причинуваат големо задоволство на ѓаволот. Знаат ли тие дека со тоа му помагаат на сатаната во неговата работа? Кога би биле свесни дека тоа го прават тие би се уплашиле. Тие се заслепени и не се придржуваат на советите дадени во Светото Писмо. Јас го подигнувам својот глас против секое ласкање на проповедниците. Покажано ми е дека тоа е причината за големи и страшни зла. Никогаш, никогаш немојте со ниеден збор да го фалите проповедникот во

негово присуство. Возвишувајте и славете Го Бога, а на верниот проповедник укажувајте му само почитување сфаќајќи го неговиот товар и обидувајќи се тој товар да го олесните, но во никаков случај не му ласкајте, бидејќи сатаната подготвено чека таа љубезност да му ја укаже. {1C 474.1}

Проповедниците не треба на никого да му ласкаат, ниту да гледаат кој е кој. Секогаш постоела, и сè уште постои голема опасност да се згреши во тоа - богатите барем малку да се разликуваат од другите и да им се ласка со укажување поголемо внимание, ако не и со зборови. Опасно е поради добивка да се „гледа кој е кој," (Јуда 16) бидејќи со тоа се загрозуваат вечните интереси. Може да се случи некој проповедник да стане посебен миленик на некој богаташ кој поради тоа станува мошне дарежлив кон него; ова на проповедникот му причинува големо задоволство и тој за возврат со зборови ја фали дарежливоста на својот донатор. Неговото име поради тоа може да се истакнува и во печатот, па сепак тој дарежлив донатор може да биде сосем недостоен за пофалбата што му се укажува. Неговата дарежливост не потекнува од длабока и искрена желба со своите прилози да направи добро, да го потпомогне Божјото дело затоа што го цени, туку од некоја себична побуда и желба да покаже пред другите дека е дарежлив. Тој можеби го прави тоа и не размислувајќи, без никакво длабоко и начелно убедување. Можеби, слушајќи некоја возбудлива вистина е поттикнат за кратко време да го одврзе ќесето со пари. Но на крајот сепак се дознава дека неговата дарежливост не потекнува од некоја подлабока побуда. Тој дава повремено. Неговиот паричник повремено се отвора, но исто така повремено и ненадејно се затвора. Тој не заслужува никаква пофалба, бидејќи е само скржавец во потполна смисла на зборот; и сè додека не се обрати во потполност и тој ќе го слушне жалното осудување: „Одете сега вие богати, плачете и ридајте за своите лути неволји што доаѓаат на вас. Вашето богатство изгни, а вашата облека ја изедоа молци". Таквите дури на крајот ќе се пробудат од својата страшна самоизмама. Оние што сега ја пофалуваат нивната грчевита дарежливост му помагаат на сатаната да ги измамува наведувајќи ги за себе да мислат дека се многу дарежливи и самопожртвувани, додека всушност немаат никаква претстава што е вистинска дарежливост или самопожртвуваност. {1C 475.1}

Има и такви кои се уверуваат самите себе дека не ги сакаат многу добрата на овој свет, и дека вистината и нејзиниот напредок им се поважни од секоја овоземна добивка. Мнозина сепак ќе се пробудат дури на крајот и ќе сфатат дека биле измамени. Можеби тие понекогаш високо ја ценат вистината, и земното богатство им изгледа навистина помалку вредно во споредба со неа; но кога ќе помине одредено време и нивното богатство ќе се зголеми, нивната побожност ја снемува. Иако имаат доволно средства за угоден живот, сите нивни постапки покажуваат дека сепак не се задоволни. Нивните дела покажуваат дека срцето им е врзано за овоземното богатство. Заработка, заработка, - тоа е девиза на нивниот живот. Поради тоа тие ги тераат и членовите на своето семејство на непрекината работа, не давајќи им време дури ниту за проучување на Светото Писмо и молитва. Тие работат од рано наутро до доцна во ноќта. Немоќни, болни жени и слаби деца ги напрегаат своите папсани амбиции и ги напрегаат своите последни сили за да постигнат нешто и да заработат нешто пари. Тие си ласкаат дека работејќи толку ќе можат да го помогнат Божјото дело. Ужасна заблуда! Сатаната ги гледа и се смее, бидејќи знае дека тие ги продаваат и душата и телото поради заработувачка. Тие постојано изнаоѓаат некои неубедливи изговори за тоа што на ваков начин за пари се продаваат самите себе. Заслепени се од богатствата на овој свет.

Христос ги откупил со Својата крв, но тие крадат од Христос, крадат од Бога, се растргнуваат себеси и не се корисни за никого. {1C 476.1}

Тие многу малку време посветуваат за своето интелектуално усовршување или за било какви семејни и друштвени радости; и скоро никој нема корист од нив. Начинот на кој тие го сфаќаат и го живеат животот е ужасна заблуда. Оние што на ваков начин се злоупотребуваат самите себе обично мислат дека ваквото непрекинато работење е вредно за пофалба. Меѓутоа, со таквата прекумерна работа се уништуваат самите себе. Кршејќи ги постојано законите на своето битие со прекумерна работа, тие го осквернуваат Божјиот храм, а сепак мислат дека тоа е некоја доблест. Што ќе кажат кога на крајот Бог ќе побара од нив да дадат сметка и со добивка да Му ги вратат позајмените таленти? Каков изговор ќе можат да наведат? Да се незнабошци, кои не знаат ништо за живиот Бог, и кои во својата слепа идолопоклоничка ревност се фрлаат пред колата на Јагернаут, тоа некако и би можело да се разбере. Но тие имаат голема светлина, многу пати се предупредувани дека своето тело, кое Бог го нарекува Свој храм, треба да го одржат во здрава состојба, за да можат да го слават и со телото и со духот, бидејќи сè е Негово. Тие не обрнуваат никакво внимание на Христовата порака: „Не собирајте си за себе богатство на земјата, каде молецот и ‘рѓата ги уништуваат и каде крадците ги поткопуваат и крадат, туку собирајте си за себе богатство на небото, каде ниту молец ниту ‘рѓа ги уништуваат, и каде крадците не ги поткопуваат и крадат. Зашто каде е вашето богатство, таму ќе биде и вашето срце”. Тие дозволуваат да бидат преоптоварени со овоземни грижи. „А оние што сакаат да се збогатуваат, паѓаат во искушение, во стапици и во многу неразумни и штетни желби, што го потопуваат човекот во пропаст и погибел”. Тие толку неразумно го обожаваат своето овоземно богатство, како што незнабожецот ги обожава своите идоли. {1C 476.2}

Мнозина самите на себе си ласкаат дека во трчањето по заработувачка се раководат од желбата да го потпомогнат Божјото дело. Тие ветуваат дека, кога ќе заработат одредена сума, со тие пари ќе им помагаат на сиромашните и ќе го унапредуваат делото на сегашната вистина. Меѓутоа, кога ќе ги остварат своите очекувања, тие не се подготвени да дадат за Божјото дело ништо повеќе од порано. Тогаш повторно се заветуваат дека, кога ќе ја отплатат купената куќа или земјиште кое им е толку драго, поголем дел од своите средства ќе ги приложат за напредок на Божјото дело. Но кога ќе ги остварат желбите на своето срце, тие се помалку наклонети да го потпомогнат Божјото дело отколку што биле во деновите кога биле сиромашни. {1C 477.1}

„А она што е посеано во трње е кој го слуша Словото, но грижите на овој свет и измамата на богатството го задушуваат Словото и тоа останува без род”. Измамата на богатството ги одведува така чекор по чекор сè додека потполно не ја изгубат љубовта кон вистината, но тие сè уште си ласкаат на себе дека веруваат во неа. Тие го сакаат светот и она што е во светот, а љубов кон Бога и кон вистината нема во нив. За да остварат некоја незначајна добивка, мнозина со предумисла така ги распоредуваат своите работи, така што неизбежно ги оптоваруваат со напорна работа и оние што работат надвор од куќата, како и членовите на семејството што работат во куќата. Коските, мускулите и мозокот, сè е искористено до своите крајни можности. Тие си поставуваат преголема задача, а потоа тоа го оправдуваат со тврдењето дека мора да се направи сè што е можно, инаку ќе се работи со загуба, нешто ќе се загуби. Сè мора да се постигне, без оглед на тоа какви ќе бидат последиците. А што се постигнува со тоа? Можеби некои успеваат да ја одржат главнината на својот капитал и дури и да ја зголемат. Но, од друга страна, што сè загубиле поради тоа? Капиталот на здравјето што

претставува непроценливо богатство и за најсиромашниот и за најбогатиот, постојано е во опаѓање. Мајката и децата постојано земаат од фондот на своето здравје и сила, убедени дека со тоа прекумерно трошење сепак нема да го потрошат својот капитал, сè додека на крајот ненадејно не се осведочат дека нивните сили, па и животот се приближуваат до својот крај. На вакво изненадување не мислеле, ниту нешто презеле во тој правец. Животната радост и среќа се загорчени со исцрпувачки маки и бессони ноќи. И физичките и умствените сили се истрошени. Се случува таткото и сопругот, можеби со согласност на сопругата и мајката, заведувајќи ваков режим во семејството - поради земна добивка - да ја однесе предвреме во гроб својата сопруга, а можеби и некои од своите деца. Здравјето и животот се жртвуваат поради љубовта кон парите. „Зашто коренот на сите зла е сребролубието, на што некои му се предадоа, се отклонија од верата и си навлекоа многу маки". {1C 478.1}

На сите што ја празнуваат саботата им претстои една голема задача. Ако со отворени очи не ја согледаат својата вистинска состојба, бидат ревносни и се покајат, тие нема да го наследат вечниот живот. Тие се потполно обземени од духот на овој свет, и се предале во ропство на силата на темнината. Тие не го земаат во предвид поттикнувањето на апостол Павле: „Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитате која е добрата, благоугодна и совршена Божја волја". Духот на овој свет, пратен со лакомство и себичност преовладува кај мнозина. Оние што се обземени од овој дух гледаат само на своите лични интереси. Себичниот богаташ воопшто не го интересира како се неговите ближни, освен ако може да искористи некоја нивна неупатеност или несреќа. Сето она што е благородно и божествено во човекот, се жртвува и отфрлува поради себичните интереси. Сребролубието е навистина корен на сите зла. Тоа го затемнува погледот и ги спречува луѓето да ги видат своите должности кон Бога и кон своите ближни. {1C 478.2}

Некои си ласкаат на себе дека се многу дарежливи затоа што од време на време ќе му подарат нешто на проповедникот, а нешто и ќе приложат за ширење на вистината. Сепак, додека се прават толку великодушни, таквите не се фер во својата работа и подготвени се да мамат во своја корист. Тие имаат изобилство на овој свет и поради тоа имаат големи одговорности како Божји повереници. Па сепак, во купопродажна размена со некој сиромашен брат кој работи некоја тешка работа, тие лакомо гледаат и на последната пара. Загубата на сиромашните во таквите работи за нив е нешто што сметаат дека по наследство им припаѓа. Наместо да биде милостиво наклонет кон својот сиромашен брат, себично настроениот богаташ сите предимства ги приграбува за себе и се користи со туѓата несреќа за да додаде уште нешто на својот и така голем имот. Тој со задоволство се фали со својата вештина, а не согледува дека со своето богатство навлекува на себе тешко проклетство и поставува камен за сопнување на патот на своите браќа. Со своето ситничарење и лакомство тој си ја одзема можноста благотворно да делува на својот брат. Сето тоа останува живо врежано во сеќавањето на сиромашниот брат, и најсесрдните молитви и нејревносното сведоштво што подоцна ќе го слушне од устата на својот богат брат можат само да го разжалостат и да го предизвикаат неговото гадење. Тој на него гледа како на најобичен лицемер и коренот на горчина што може да оскверни мнозина останува. Сиромашниот не може да заборави дека бил искористен, и туркан да работи најтешки работи затоа што бил подготвен да го земе на себе товарот, додека богатиот секогаш изнаоѓал некој изговор да не го стави својот грб под товарот.

Па сепак, сиромавиот може да биде толку проникнат со Христовиот Дух, така што ќе ја прости неправдата што ја доживеал од својот богат брат. {1C 479.1}

Вистинско, благородно и несебично добродетелство мошне ретко се јавува кај богатите. Во својата незаситна амбиција за богатење, тие потполно ги занемаруваат барањата на хуманоста. Тие не можат да ја сфатат тешката и непријатна положба на своите сиромашни браќа кои работеле можеби исто така напорно како и тие. Тие често зборуваат, како некогаш Каин: „Зар сум јас чувар на својот брат?" „Тешко го заработив она што го имам и морам тоа да го чувам за себе". Наместо да се молат: „Помогни ми Господе да сочувствувам со своите браќа во неволја," тие постојано настојуваат да забораваат дека воопшто имаат несреќни браќа и такви на кои им е потребна нивната сочувствителност и дарежливост. {1C 480.1}

Многу имотни почитувачи на саботата сносат вина за угнетување на сиромашните. Зар тие мислат дека Бог не ја гледа нивната нискост и лакомост? Кога нивните очи би биле отворени, тие би ги виделе ангелите што ги следат на секој чекор и верно ја запишуваат секоја нивна постапка и во семејството и на работното место. Верниот сведок е постојано пред нив, говорејќи: „Ги знам твоите дела". Кога го видов овој дух на измама, потурање и нискост дури и меѓу оние што ја празнуваат саботата, пекав со болка во душата. Ова големо зло и страшно проклетство ги обзема и некои од Божјиот Израел во овие последни денови, правејќи да бидат презрени дури и од оние што не се во верата, но во својата душа се благородни. Тоа е народот кој тврди дека го очекува Христовото доаѓање. {1C 480.2}

Има и сиромашни кои не се слободни од ваквите искушенија. Тие не знаат да ги распоредат своите приходи, немаат здраво расудување, сакаат да заработат пари набрзина, без долга и макотрпна работа. Во трчањето што побрзо да ја поправат својата материјална состојба, поединци се впуштаат во разни потфати не советувајќи се со луѓето што имаат здраво расудување и проверено искуство. Нивните очекувања ретко се остваруваат; наместо очекуваната добивка, тие имаат загуби, и тогаш паѓаат во искушение да им завидуваат на богатите. Тие навистина сакаат да имаат корист од богатството на своите браќа и навредени се ако не успеат во тоа. Но тие не заслужуваат некоја посебна помош. Очевидно е дека нивните напори се само површни. Тие се мошне непостојани во работата, постојано изразувајќи некои стравувања и грижи, и приходите што ги остваруваат се сосем незначителни. Таквите би морале да ги слушаат советите на поискусните, но тие се најчесто последните што бараат совет. Тие мислат дека се доволно умни и дека никој не треба да ги учи. {1C 480.3}

Токму таквите најчесто наседнуваат на лукавите приказни на слаткоречивите торбари кои продаваат патентни права, чиј успех зависи токму од вештината на измамување. Таквите треба да бидат научени да немаат никаква доверба во тие торбари. Но тие се лековерни токму во она од што најмногу треба да се чуваат. Не се држат до поуката што му ја упатил апостол Павле на Тимотеј: „А голема печалба е, навистина, да биде човек благочестив и задоволен со себе". „Но кога имаме храна и облекло, со тоа да бидеме задоволни". Сиромашните нека не мислат дека лакомството е слабост само на богатите. Додека богатите скржаво го чуваат она што го имаат, стремејќи се да стекнат што повеќе, сиромашните се во голема опасност алчно да копнеат по богатството на имотните. Во оваа земја на изобилство (САД) има мошне малку такви кои се толку сиромашни за да зависат од помошта на другите. Со исправен начин на живот скоро секој би можел да се издигне над тоа. Ги повикувам побогатите: Бидете дарежливи кон своите посиромашни браќа и со своите средства потпомагајте го

напредувањето на Божјото дело. Достојните сиромаси кои осиромашиле поради несреќа или болест заслужуваат ваша посебна грижа и помош. „А на крај, бидете сите еднодушни, сожаливи, братољубиви, милосрдни, учтиви”. {1C 481.1}

Браќа и сестри, сите кои се стремите кон побожност и сакате да бидете земени на небото не вкусувајќи смрт, ве предупредувам да не бидете толку алчни за добивка, не бидете толку саможиви. Својата мажевност дадена од Бога и својата благородна женственост докажете ја со благородни дела на несебична добрина. Отфрлете го со презир своето досегашно лакомство и негувајте вистинска благородност во душата. Според она што Бог ми го покажа, Христос ќе ве изблуе од Својата уста ако не се покаете ревносно. Адвентистите што ја држат саботата тврдат дека се Христови следбеници, но делата на мнозина од нив го побиваат ова тврдење. „По нивните родови ќе ги познаете”. Не секој кој ми кажува: ‘Господе, Господе’ ќе влезе во царството небесно; туку само оние што ја творат волјата на Мојот Татко кој е на небесата”. {1C 482.1}

Сите кои тврдат дека веруваат во вистината ги повикувам да го посматраат карактерот на Божјиот Син. Тој е наш Пример. Неговиот живот бил олицетворение на несебично добродетелство. Тој секогаш бил длабоко трогнат од човековите страдања. Поминал низ овој живот правејќи само добро. Во Неговиот живот немало ниту една себична постапка. Неговата љубов кон паднатиот човечки род и желбата да не спаси биле толку големи така што на себе го примил гневот на Таткото и се согласил да ја прими казната за гревот што толку ниско го деградирал човекот. Тој ги презел на себе гревовите на светот. „Бидејќи Оној кој не знаеше за грев, го направи грев поради нас, за ние да станеме правда Божја во Него”. {1C 482.2}

Благосостојбата и богатството многу често ја уништуваат вистинската дарежливост. Мажите и жените, додека се во немаштија и сиромаштво често покажуваат голема љубов кон вистината и посебен интерес за напредокот на Божјото дело и спасување на своите ближни; и зборуваат што сè би направиле кога би имале пари. Бог таквите често ги проверува, менувајќи ја нивната материјална состојба. Тој ги благословува нивните полиња и житници и им дава многу повеќе од она што го очекувале. Но нивните срца се измамливи. Нивните добри намери и ветувања се со непостојан карактер како жив песок. Колку повеќе имаат, сè повеќе сакаат да имаат. Колку повеќе напредуваат материјално, толку се пожелни за заработка. Некои од нив кои биле мошне дарежливи кога биле сиромашни, стануваат скржавци и луѓе кои многу бараат. Парите стануваат нивен бог. Тие наоѓаат задоволство во моќта што им ја нудат парите и во честа што поради тоа им се укажува. Ангелот кажа: „Погледни како го издржаа испитот, каков карактер развиваат под влијание на богатството!” Некои стануваат вистински угнетувачи на сиромашните, плаќајќи ги нивните услуги по најниска цена. Некои стануваат властољубиви, парите за нив претставуваат моќ. Видов дека Божјото око будно ги следи. Тие се измамени. „И еве, ќе дојдам скоро, и платата Моја со мене, за да му дадам на секого според делата негови”. {1C 482.3}

Има меѓу богатите и такви кои не задржуваат од проповедниците. Тие се мошне точни што се однесува до систематското добродетелство и се гордеат со својата точност и дарежливост, мислејќи дека со тоа ги исполнуваат своите должности. Тоа е добро, што се однесува до тоа, но тоа не е крај на нивната должност: Бог бара од нив и друго нешто што тие не го согледуваат. Тие имаат и обврски кон општеството, кон ближните и кон секој член од своето семејство и тоа од нив со право се очекува. Сите овие оправдани барања треба да се исполнат, не занемарувајќи го ниту едното, ниту другото. Некои се толку задоволни со своите прилози што ги даваат за Божјото дело како со тоа да го

стекнале правото на спасение. Некои, пак, сметаат дека не треба ништо да приложуваат за Божјото дело ако немаат постојани и големи приходи, а главнината не мислат да ја гибаат во никој случај. Кога Спасителот, како некогаш на богатиот младич, би им кажал: „Оди продај сè што имаш и дај им го тоа на сиромасите и ќе имаш богатство на небото; па тргни по Мене," би си заминале нажалени како и тој, согласувајќи сè повеќе со ризикот да го загубат богатството на небото отколку да се одвојат од своето овоземно богатство, кое е нивен вистински идол. Убеден дека сите Божји заповеди ги одржал од својата младост и дека поради тоа е праведен и совршен, младичот запрашал: „Што уште ми недостига?" Христос веднаш го уништил во него тоа чувство на сигурност укажувајќи му токму на она што било негов идол, а тоа било неговото богатство. Тој, покрај Господ, имал и други богови кои му биле помили од вечниот живот. Љубовта кон Бога на него не му била поважна од сè друго. Исто така е и со мнозина што денес тврдат дека веруваат во вистината. Тие мислат за себе дека се совршени и дека немаат никакви недостатоци, додека всушност се далеку од совршенство и негуваат идоли што ќе им го затворат патот за небото. {1C 483.1}

Мнозина ги сожалуваат робовите на Југ затоа што се принудени на тешки работи, додека ропството постои во нивното семејство. Се дозволува мајката и децата мачно да работат од утро до мрак, и за нив никогаш нема одмор. Пред нив е бескраен круг на работа кој постојано се зголемува. Тие тврдат дека се Христови следбеници, но дали воопшто наоѓаат време за размислување и молитва, да го снабдуваат својот ум со духовна храна за да не заостанува во развојот и секогаш да биде подготвен за службата на Бога? Бог очекува од секој поединец талентите примени од Него да ги употреби за Негова слава, и со правилно користење на истите да добие и други. Бог од нас со право очекува да бидеме благослов за другите. Нашата работа на светот за доброто на другите нема да заврши сè додека Христос на небото не изјави: „Свршено е". „Кој прави неправда, нека прави неправда уште, и кој е нечист, нека се осквернува уште; и кој е праведен нека прави правда уште; и кој е свет нека се осветува уште". {1C 484.1}

Мнозина изгледа не се свесни за својата одговорност пред Бога. За да влезат низ тесната врата тие треба да вложат напори, бидејќи мнозина ќе сакаат да влезат, но нема да можат. Небото со право очекува од нив со своите напори во тој правец да ги охрабруваат и другите на ист начин да влезат низ тесната врата. И младите и старите, за да ја спасат не само својата душа, туку и душите на другите, ги очекуваат најсердни напори. Никој не е лишен од можноста со своето влијание да делува на другите. Со својата рамнодушност ние ширите влијание што и другите ги обесхрабрува во напорите да влезат низ тесната врата, или пак со своите сердни, истрајни и неуморни напори ги поттикнуваме да ја видат неопходноста да вложат исти такви напори и од нивна страна. Во тој поглед никој не може да остане неутрален, зошто со своето влијание неизбежно или ги охрабрува или ги попречува другите. Христос кажува: „Кој не собира со Мене, тој растура". Внимавајте добро и стари и млади, вие или соработувате со Христос спасувајќи души, или, соработувајќи со сатаната ги уништувате. „Така да свети вашата светлина пред луѓето," кажува Христос, „па да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот Татко кој е на небесата". {1C 484.2}

Младите би можеле да шират силно влијание кога би ја отфрлиле својата гордост и себичност, потполно посветувајќи се на Бога, но повеќето од нив не се подготвени да го понесат товарот за другите. Тие сè уште очекуваат другите да ги носат нив. Дојде времето кога Бог бара сето ова да се промени. Тој им упатува повик и на старите и на младите да бидат ревни и да се покајат. Ако и понатаму останат во истата состојба на

млакост, Тој ќе ги изблуе од Својата уста. Верниот Сведок кажува: „Ги знам твоите дела”. Им се обраќам посебно на младите: Вашите дела Му се познати на Бога, без оглед дали се добри или зли. Дали сте се збогатиле со добри дела? Христос ви се обраќа како Советник: „Те советувам да си купиш од Мене злато пречистено во оган, за да се збогатиш; и бела облека, за да се облечеш, и да не се гледа срамот на голотијата твоја, и со очна маст намачкај ги очите твои за да гледаш”. {1C 485.1}

---

85. ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

Во визијата што ми е дадена во Рочестер, држава Њујорк, 25 декември, 1865 година, покажано ми е дека народот што ја празнува саботата не живее според светлината што Бог му ја дал во поглед на здравствената реформа, дека ни претстои голема работа, и дека како народ далеку сме заостанале на патот по кој Тој нè води со Своето провидение. {1C 485.2}

Покажано ми е дека здравствената реформа одвај почнала да се остварува меѓу нас. Додека едни длабоко веруваат во тоа, покажувајќи го тоа со своите дела, другите остануваат потполно рамнодушни и одвај да направиле само еден чекор во таа реформа. Изгледа како да имаат срце на неверие и бидејќи таа реформа наметнува ограничувања за нивниот незауздан апетит, мнозина се повлекуваат пред тоа. Тие имаат и други богови покрај Господ. Непрепороденият вкус и апетит, тоа се нивните богови; и кога секирата ќе се стави на коренот на дрвото - кога на оние што му попуштале на изопачениот апетит на штета на своето здравје ќе им се укаже на нивниот грев и ќе им се разоткријат нивните идоли, тие не сакаат да бидат осведочени. Иако Божјиот глас јасно им зборува дека треба да ги отфрлат тие желби толку штетни по здравјето, некои пак остануваат нераздвојно врзани за своите нездрави навики. Тие нераскинливо се прилепиле за своите идоли и Бог наскоро ќе им каже на Своите ангели: „Оставете ги”. {1C 486.1}

Здравствената реформа претставува, како што ми е покажано, составен дел на пораката на Третиот ангел и поврзана е со неа како раката со телото. Покажано ми е дека како народ мораме да тргнеме напред во ова големо дело. Проповедниците и народот мораат во тоа да бидат во потполна согласност. Припадниците на Божјиот народ не се подготвени за гласниот вик на Третиот ангел. Пред нив е задача која секој за себе мора да ја изврши, не чекајќи тоа Бог да го направи за него. Тоа Бог го става пред секого како лична задача и тоа никој не може да го направи за другиот. „И така, возљубени, имајќи вакви ветувања, да се очистиме од секоја нечистота на телото и на духот, усовршувајќи светост во Божји страв”. Лакомството е грев што преовладува во ова време. Желбите на апетитот ги претвораат мажите и жените во робови и го затемнуваат нивниот ум, а нивната морална чувствителност ја отапуваат до таа мера што веќе не се во состојба да ги ценат возвишените и вечни вистини на Божјото Слово. Над мажите и жените сè повеќе ја преземаат власта склоностите на ниската природа. {1C 486.2}

За да се подготват за вознесување, припадниците на Божјиот народ мораат да се запознаат самите себе. Тие мораат да го познаваат составот на својот организам, за да можат заедно со псалмистот да кажат: „Те фалам Господе што сум чудесно создаден!” Своите желби и својот апетит тие секогаш треба да ги подредуваат на моралните и

интелектуалните способности. Телото треба да му служи на умот, а не умот на телото. {1C 486.3}

Покажано ми е дека задачата што ни претстои е поголема отколку што замислуваме, ако сакаме со исправен начин на живот да го сочуваме своето здравје. Со лечење и просветлување на оние што целиот свој живот не знаеле колку умереноста во јадењето, пиењето и работата влијаат на здравјето, др. А изврши големо и благородно дело. Меѓутоа, на припадниците на Својот народ Бог во Својата милост, со посредство на Своето скромно орудие, му дава светлина дека со зауздување на апетитот и со умереност во сè можат да се спротивстават на секоја болест. Тој го осветли нивниот пат со голема светлина. Треба ли тогаш оние што чекаат да се исполни „блажената надеж и да се јави славата на великиот Бог и Спасител, нашиот Исус Христос, Кој се даде самиот Себе за нас, за да нè избави од секакво беззаконие и да нè очисти, та да Му бидеме народ избран, ревносен кон добри дела," да заостануваме зад припадниците на другите вери што не го очекуваат доаѓањето на нашиот Спасител? Припадниците на избраниот Божји народ што Тој ги чисти за да бидат чисти како и Тој, за да можат да се вознесат на небото не вкусувајќи смрт, не би требало да заостануват зад другите во добрите дела. Тие, во своите напори да се очистат од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв, би требало да бидат пред другите барем за толку колку се пред нив со своето исповедање на верата. {1C 487.1}

Има и такви кои се потсмеваат на оваа реформа тврдејќи дека сето тоа не е неопходно, и дека тоа е само едно возбудување што има за цел да ги оддели мислите од сегашната вистина. Тие зборуваат дека во поглед на тоа се оди во крајност. Таквите не знаат што зборуваат. Како оние што, додека исповедаат побожност, се болни од глава до пети, и кои со попуштање на изопачениот апетит и со претерана работа ги ослабнале своите физички, умствени и морални сили, можат да ги проценуваат доказите во прилог на вистината и исправно да ги сфатат Божјите барања? Додека нивните умствени и морални сили се така затемнети, тие не можат да го ценат значењето на откупувањето и возвишениот карактер на Божјото дело, ниту да наоѓаат задоволство во проучување на Неговото Слово. Како еден нервозен диспептичар може секогаш да биде подготвен во дух на кротост и смиреност да му одговори на секого што ќе го запраша за неговата надеж? Нема ли таквиот веднаш да се возбуди и во својата болна фантазија да биде наведен сè околу себе да гледа во погрешна светлина? Во недостаток на кротост и смиреност што го обележувале животот на Христос, таквиот брзо се впушта во судир со неразумните луѓе и ја срамоти својата вера. Гледајќи го сето ова од високо верско гледиште, мораме да се реформираме потполно и во секој поглед, за да можеме да бидеме слични на Христос. {1C 487.2}

Покажано ми е дека со здравствената реформа, нашиот небесен Татко ни подарил голем благослов за да го прославуваме Него и со телото и душата исполнувајќи ги барањата што Тој ги поставил пред нас, за на крајот без мана да застанеме пред Неговиот престол. Нашата вера бара од нас да го подигнеме критериумот и да преземеме прогресивни чекори. Мнозина што поставуваат прашање дали патот по кој тргнале здравствените реформатори е исправен, треба и самите, како разумни луѓе, да преземат нешто од своја страна. Целиот човечки род е во жална состојба во поглед на здравјето. Мнозина боледуваат од наследни болести и страшно страдаат поради погрешните навики на своите родители и предци, а сепак упорно продолжуваат по истиот погрешен пат, пренесувајќи го сето тоа зло и на своите деца. Тие не се свесни во

каква состојба се наоѓаат и каква опасност им се заканува. Тие се болни, а не знаат дека сите тие страдања самите ги предизвикале со своите погрешни навики. {1C 488.1}

Малкумина се оние што се доволно будни за да сфатат колку нивните навики во поглед на исхраната влијаат на нивното здравје, на нивниот карактер, на нивната корисност во овој живот и на нивната вечна судбина. Оние што ја прифатиле оваа голема светлина испратена од небото и сфатиле каква благодат таа донесува, се должни да покажат поголемо интересирање за оние што страдаат поради својата неупатеност. Почитувачите на саботата што го очекуваат скорото доаѓање на својот Спасител не би смееле да покажуваат недостаток на заинтересираност во ова големо дело на реформата. Народот мора да биде поучен, и затоа и проповедниците и верниците треба да се чувствуваат должни да разговараат со аргументи за здравствената реформа, препорачувајќи ја и на другите. {1C 488.2}

Покажано ми е дека треба да се обезбеди сместување за заболените и за оние што сакаат да научат како да го сочуваат своето здравје и да ги спречат болестите. Не смееме да останеме рамнодушни, препуштајќи ги оние што заболеле, а сакаат да живеат во согласност со вистината, за здравствено да закрепнат да одат во популарните болници и бањи за лечење во кои нема никаква наклоност кон нашата вера. Ако овде останат за да закрепнат, тоа може да биде на штета на нивната вера. Оние што многу пателе од некои тешки болести ослабнуваат и духовно и морално. Кога ќ е го почувствуваат благотворното дејство на правилната употреба на водата, воздухот и исхраната, тие доаѓаат до осведочување дека лекарите што толку успешно ги лечеле не можат да бидат на погрешен пат ниту во поглед на верата, дека како луѓе посветени на толку големото и добро дело да се намалат човечките страдања мора да се во право. На тој начин, нашиот народ, барајќи оздравување во таквите институции се изложува на опасност да биде заведен. {1C 489.1}

Повторно ми е покажано дека оние што цврсто се држат на начелата на верата и цврсто се решени да бидат послушни на сите Божји заповеди не можат да ги користат услугите на овие популарни здравствени институции како припадниците на другите вери. Оние што ја почитуваат саботата се посебни во својата вера. Да се придржуваме на сите Божји заповеди во тие популарни здравствени институции, така совесно како што тоа Бог го бара од нас е многу тешко. За да го прифатат само тоа што е добро, а да отфрлат сè друго, тие сето она што ќе го слушнат мора да го просеат низ ситото на евангелието. {1C 489.2}

Лечењето со вода во _____ претставуваше најдобра здравствена институција во Соединетите Држави. Нејзините раководители, што се однесува до лечењето, направија навистина многу добра. Меѓутоа, сепак не можеме да имаме доверба во нивните верски погледи. Иако тврдат дека се христијани, тие на своите пациенти им препорачуваат да играат карти, игранки и посета на театар, што наведува на зло, или најблаго кажано „изгледа како зло," и е во директна спротивност со учењето на Христа и Неговите апостоли. Совесните верници кои одат во таквите институции за да го подобрат своето здравје се изложуваат на неизбежна опасност да ја компромитираат својата вера, да го обесчестат делото на својот Откупител и да ја предадат во ропство својата душа. {1C 490.1}

Покажано ми е дека оние што ја празнуваат саботата треба да создадат можности за сите што ја имаат истата драгоцена вера да можат да се лечат не трошејќи ги своите пари по институции каде нивната вера ќе биде изложена на опасност и каде луѓето немаат разбирање за нивните верски гледишта. Бог во Своето провидение го упати др.

Б во _____ за да стекне искуства кои не може да ги стекне на друго место, бидејќи има намера да му довери одредена задача во здравствената реформа. Како професионален лекар тој со години го проучуваше човечкиот организам и Бог сака сега тој практично да научи како да ги примени благодетите на природата кои му се на дофат на човекот. Тој треба да се подготви не само да ги лечи болните, туку и да ги поучува оние што се во незнаење како да ги сочуваат својата сила и здравје применувајќи ги лековите што небото ги одобрува - а тоа се: чиста вода, незагаден воздух и здрава храна. {1С 490.2}

Покажано ми е дека др. Б е внимателен и мошне совесен човек, човек кој го љуби Бога. Тој поминал низ многу неволји кои дојдоа на него за негово добро, иако тој не согледуваше секогаш дека тоа ќе му биде од корист. Др. Б не е човек кој станува горд и самоуверен затоа што верува во вистината и оди по исправниот пат. Тој не е склон кон самоволие и властољубивост. Тој е премногу плашлив да се повика на достоинството што му припаѓа поради неговата положба и занимање. Тој се советува со другите и секогаш е спремен да притекне во помош. Големата опасност на која се изложува се крие во неговата подготвеност да презема на себе товари што не е должен да ги носи. Согледувајќи и чувствувајќи што треба да се направи, тој се изложува на опасност да вложува преголеми напори. Чувствителен по својата природа, тој длабоко сочувствува со секој свој пациент; и ако тоа му се дозволи тој ќе земе на себе толкав товар на одговорности што може да го скрши. {1С 491.1}

Мажите и жените што имаат влијание треба да му помогнат на братот Б со своите молитви, разбирање, сесрдна соработка, ведри зборови на надеж, со охрабрување и со совети, - сето тоа тој ќе умее вистински да го цени. Неговата положба е навистина незавидна. Преземајќи на себе така тешки одговорности, тој тоа не го прави со цел да заработи, бидејќи до средства за живот може да дојде и на многу полесен начин, отстранувајќи се од грижите, неизвесностите и тешкотиите што со себе ги носи таквата положба. Меѓутоа, тој се раководи само од чувството на должност и кога еднаш ќе се осведочи каде го води патот на должноста, тој верно продолжува по тој пат без оглед на последиците. На него му е потребна љубовта и соработката на оние што можат да влијаат на другите, кои според Божјата намера треба да бидат со него и да го поддржуваат во неговата напорна работа. {1С 491.2}

Др. Б, што се однесува до животот на овој свет, би можел да биде во многу подобра положба од онаа во која сега се наоѓа. Покажано ми е дека неговата положба е исклучиво тешка. Мнозина кои се неискусни и немаат претстава за големината на тој потфат сакаат делото да се развива според нивните замисли. Некои се чудат поради што сиромашните не би можеле да бидат лечени бесплатно, и доаѓаат во искушение да поверуваат дека целиот тој потфат произлегува од желба за заработка. И така, секој би можел да каже по нешто изнаоѓајќи грешки, како и да се развива делото. Покажано ми е дека некои ќе сметаат дека е доблест љубоморно да стојат настрана и да се спротивставуваат. Тие се гордеат со тоа што не прифаќаат сѐ онака како што им е прикажано, и слично на Тома, се фалат со своето неверување. Меѓутоа, дали Христос го пофалил Тома затоа што не верувал? Давајќ и му ги доказите што ги барал за да може да поверува Исус му кажал: „Тома, ти поверува зашто Ме виде. Блажени се оние што не видоа, а поверуваа”. {1С 491.3}

Покажано ми е дека меѓу адвентистите на седмиот ден нема скудност што се однесува до средствата. Сега најголема опасност им се заканува од натрупување богатство. Мнозина се преоптоварени, бидејќи постојано самите си ги зголемуваат

напорите и грижите. Како последица на тоа, тие потполно го забораваат Бога и Неговото дело, и тие се духовно мртви. Од нив се бара да принесат жртва на Бога во вид на прилози. Но жртвата не го зголемува овоземниот имот, туку го намалува и го троши. Овој потфат, како што ми е покажано, ја заслужува поддршката на сите припадници на Божјиот народ и тоа е еден од начините своите средства да ги вложат на слава на Бога и за напредок на Неговото дело. Кај нашиот народ се покажа дека големите материјални средства им нанесуваат само штета на оние што се неразделно поврзани за нив. {1C 492.1}

Нашиот народ треба да има своја здравствена установа, каде болните, под наша контрола, ќе можат да го обноват своето здравје и сила за да можат со тело и душа да Го слават Бога. Една таква установа, ако со неа исправно се раководи, ќе ни овозможи нашето гледиште за вистината да го изнесеме пред мнозина до кои не можеме да допреме на некој друг начин. Лечејќи се со успех во ваква установа и под надзор на лекари што ја празнуваат саботата, неверниците ќе доаѓаат во непосреден допир со вистината. Запознавајќи се на тој начин со нашиот народ и со нашата вера како реалност, тие ќе се ослободат од своите предрасуди и ќе стекнат поволни впечатоци за нашата вера. Доведени на тој начин под влијание на вистината, некои ќе го повратат не само телесното здравје, туку ќе најдат и исцелувачки балсам за својата душа ранета од гревот. {1C 492.2}

Кога на заболените, благодарение на исправниот начин на лечење ќе почне да им се враќа здравјето и кога ќе почувствуваат дека се враќаат во живот, тие со полна доверба гледаат на оние кои биле орудија за нивното оздравување. Нивните срца се полни со благодарност и семето на вистината полесно наоѓа почва на кое може да никне, да биде негувано, и да донесе плод на Божја слава. Една душа спасена на таков начин е подрагоцена од сите средства вложени за основање на една таква институција. Некои можеби нема да имаат доволно морална храброст да постапат во согласност со стекнатото осведочување. Тие можат да бидат осведочени дека оние што ја празнуваат саботата ја имаат вистината, но светот и неверните роднини ги спречуваат да ја прифатат вистината. Тие духовно сè уште не се воздигнале до таа мера за сè да жртвуваат поради Христос. Но сепак, мнозина од нив си одат лишени од своите поранешни предрасуди и често стануваат во одбрана на верата на адвентистите на седмиот ден. Некои си одат потполно исцелени, и стануваат орудија за ширење на нашата вера во нови места и подигање на знамето на вистината таму каде таа не би можела да биде примена кога претходно не би биле отстранети предрасудите со ширење на здравствената реформа меѓу нашиот народ. {1C 493.1}

Други, спротивно на тоа, се покажуваат како извор на неволја кога ќе се вратат во своите домови. Но тоа никого не треба да го обесхрабри, ниту да го спречи во залагањето за ова дело. Сатаната и неговите агенти прават сè што е во нивна моќ да ги спречат, збунат и попречуваат напорите на оние што од срце се залагаат за напредување на оваа реформа. {1C 493.2}

Нашиот народ располага со изобилство на средства, и кога сите би го согледале големото значење и важност на ова дело, овој голем потфат би можел да се оствари без никакви тешкотии. Би требало сите да го поддржат тоа со големо интересирање, а посебно оние што располагаат со средства неопходни да се вложат во тој потфат. Би требало да се изгради и соодветен дом за прием на заболените каде тие, со примена на исправно лекување и Божјите благослови, би можеле да го обноват своето нарушено

здравје, и да се научат како да го чуваат здравјето и да ги спречуваат болестите. {1C 494.1}

Мнозина што ја исповедаат вистината стануваат себични и лакоми. Тие треба сериозно да се загрижат поради таквата своја состојба. Тие насобрале толку богатство на овој свет, така што и срцето им е таму каде што се наоѓа нивното богатство. Нивното богатство се наоѓа на овој свет, а тие скоро и да немаат богатство на небото, затоа и нивната љубов наместо на небесното наследство е посветена на овоземното богатство. Сега имаат вистинска можност своите средства да ги употребат за доброто на болните и напатените и за ширење и напредок на вистината. Никогаш не би требало да се допушти овој потфат да се бори со финансиски тешкотии. Оние повереници на кои Бог им доверил средства сега треба да вложат во делото, употребувајќи ги своите средства во Негова слава. Оние што лакомо ги задржуваат своите средства ќе се осведочат дека тоа ќе им биде само на проклетство, а не на благослов. {1C 494.2}

Оние на кои Бог им доверил средства треба да оформат посебен фонд од кој ќе може да им се помогне на достојните сиромашни, кои во случај на болест нема да бидат во можност да ги платат трошоците за лечење во нашата болница. Има сиромашни верници кои се за секоја пофалба и чие влијание е вистинска благодат за Божјото дело. Затоа бездруго треба да се основа фонд од кој би се плаќале трошоците за лекување на оние сиромашни за кои црквата ќе одлучи дека заслужуваат помош. Ако оние што се имотни не се подготвени своите средства повратно да ги вложат во овој потфат, сиромашните ќе бидат лишени од можноста да се лечат во таква установа, за чие издржување и работа се потребни значителни парични средства. Таа установа не би смеела уште од самото започнување со работа, додека се бори да заживее, да се оптоварува со долгови поради постојани издатоци кои не донесуваат никаква добивка. {1C 494.3}

Број дванаесет

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

86. УПАТЕНО ДО МЛАДИТЕ

Младите почитувачи на саботата се оддаваат на стремежот за уживање и задоволства. Покажано ми е дека нема еден од дваесет меѓу нив кои од лично искуство знае што значи вера. Тие непрестано жеднеат за нешто со што би ја задоволиле својата желба за промени и забава; и ако не им се отворат очите, и не се свестат така што ќе можат од срце да кажат: „Затоа сметам дека и сè друго е загуба спрема преважното познание на Христос Исус, мојот Господ,” тие нема да бидат достојни за Него и ќе им биде одземено правото да наследат вечен живот. Младите, општо земено, се во страшна измама, иако формално исповедаат побожност. Со својот непосветен живот тие го срамотат христијанското име, а со својот живот претставуваат стапица за другите. Тие се само пречка на патот на обратувањето на другите, бидејќи скоро во ништо не се подобри од неверниците. Го слушаат излагањето на Божјото Слово, но не ги прифаќаат опомените, поттикнувањата и советите што тоа ги содржи, а исто така ниту охрабрувањата и ветувањата упатени до послушните и верните. Сите Божји ветувања се

дадени под услов на послушност. Младите знаат Кој им е даден како единствен пример во Божјото Слово, но каков е нивниот живот кога ќе се спореди со Христовиот? Јас сум мошне загрижена поради сеопштата лекомисленост на младите и од едниот и од другиот пол кои тврдат дека веруваат во вистината. Изгледа како Бог воопшто да не е во нивните мисли. Нивниот ум е полн со секакви бесмислици. Во нивните разговори се слушаат само празни и бесмислени зборови. Тие жеднеат за музика, а сатаната знае многу добро преку кои сетила најлесно ќе го наведе на забава и маѓепса умот, за во него да нема никаков копнеж кон Христос. Длабокиот копнеж за стекнување знаење за Бога и напредување во благодатта веќе го нема. {1C 496.1}

Покажано ми е дека младите мораат да се воздигнат на повисоко духовно ниво и Божјото Слово да го земат за свој советник и свој водач. Младите имаат серозни одговорности, но тие воопшто не сакаат да ги прифатат. Воведувањето на музика во нивните домови, наместо поттикнувањето кон светост и духовност, ги одврати нивните мисли од вистината. Несериозните песни и популарната музика изгледа дека одговара на нивниот вкус. Инструменталната музика им го одзема и она време што треба да го посветат на молитва. Музиката, кога не се злоупотребува, претставува голем благослов, но кога погрешно ќе се употреби таа е страшно проклетство. Таа возбудува, но не ја дава онаа сила и храброст што христијанинот може да ги најде само пред престолот на милоста додека смирено ги изнесува своите потреби и со воздишки и солзи сесрдно моли за небесна сила за да се спротивстави на тешките напади на непријателот. Сатаната ги одведува младите во свое ропство. О, со кои зборови би можела да ги наведам да се оттргнат од канџите на неговото залудување! Како голем маѓепсничар тој лукаво ги намамува во пропаст. Да обрнеме внимание на упатствата дадени во Светото Писмо. Видов дека сатаната толку го маѓепсал умот на младите така што тие немаат никаква претстава за вистините содржани во Светото Писмо. Нивната моќ на сфаќање е отапена до таа мера, така што не го уважуваат налогот на светиот апостол: {1C 497.1}

„Деца, слушајте ги своите родители во Господа; зошто ова е право. Почитувај го татко си и мајка си: тоа е првата заповед со ветување: за да ти биде добро и да поживееш подолго на земјата што ти ја дава Господ, твојот Бог". „Деца, слушајте ги своите родители во сè, зошто тоа му е угодно на Господ". Децата кои не ги почитуваат и не ги слушаат своите родители, не ги уважуваат нивните поуки и совети, нема да имаат никаков удел на новата земја. На очистената нова земја нема да има место за бунтовничките, непослушните и неблагодарните синови и ќерки. Оние кои овде нема да се научат на послушност и потчинетост, нема никогаш да се научат. Непослушните, незауздани и нескротливи деца нема да го нарушуваат мирот на откупените. Ниту еден престапник на Божјите заповеди нема да го наследи небесното царство. Сите млади внимателно нека ја прочитаат петтата заповед од Божјиот закон, што лично Јехова ја изговорил со Својот глас на Синај и со Својот прст ја врежал на камената плоча: „Почитувај ги таткото свој и мајката своја, за да поживееш подолго на земјата што ти ја дава Господ, твојот Бог". {1C 497.2}

Укажано ми е на многу стихови од Светото Писмо во кои е јасно изразена Божјата волја во поглед на младите. Со тие толку јасно изразени поуки тие ќе мораат да се соочат на денот на судот. Па сепак, од дваесеттина млади кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина, ниту еден не се придржува на ова библиско учење. Младите не го читаат доволно Божјото Слово за да дознаат што тоа бара од нив, а сепак според тие вистини ќе им се суди на големиот ден на Божјиот суд, кога и младите и старите ќе примат плата според делата што ги правеле. {1C 498.1}

Јован кажува: „Ви пишав вам млади, зошто сте силни и Божјото Слово во вас пребива и го победивте нечестивиот. Не сакајте го светот, ниту она што е во светот. Ако некој го сака светот, љубовта од Таткото не е во него. Зашто, сè што е на светот: желбата на телото, желбата на очите и гордоста на животот, не е од Таткото, туку од овој свет. А светот поминува и желбите негови, но оној што ја твори Божјата волја останува засекогаш". {1C 498.2}

Ова поттикнување упатено до младите се однесува исто така и на девојките и на младите жени. Нивната младост не ги ослободува од одговорностите што им се наменети. Младите се силни зашто не се истоштени од грижите и бремето на годините. Нивните чувства се огнени, и ако тие таквите свои чувства Му ги посветат на Христос наместо на овој свет, творејќи ја Божјата волја, со право можат да се надеваат на подобриот и неминлив живот, и ќе бидат засекогаш овенчани со слава, чест и бесмртност. Ако младите живеат само за да ги задоволуваат желбите на телото и очите и гордоста на животот, тие копнеат по минливите ништожности на овој свет, му угодуваат на својот голем непријател и се одвојуваат од Таткото. Кога ќе го снема сето тоа за што тие толку копнеат, ќе ги снема и сите нивни надежи и сите нивни очекувања ќе пропаднат. Одвоени од Бог, тие горко ќ е се покајат за своите лудости во тоа што се оддавале на задоволства, задоволувајќи ги своите сопствени желби и за неколку површни уживања го продале животот на блаженството што можеле засекогаш да го имаат. {1C 498.3}

„Не сакајте го светот, ниту она што е во светот," кажува вдахновениот апостол. Потоа додава предупредувајќи: „Ако некој го сака светот, љубовта од Таткото не е во него". Вознемирува фактот дека во душата на младите преовладува љубовта кон светот. Тие неприкриено покажуваат дека го сакаат светот и сето она што е во него, и токму затоа љубовта кон Бога не наоѓа место во нивното срце. Тие наоѓаат задоволство во светот и неговите привлечности, а љубовта кон таткото и доблестите на Неговиот Дух за нив се потполно непознати и туѓи. Бог е обесчестен со површноста, модата, суетата, бесмислените разговори и празното смеење кои се толку карактеристични за животот на повеќето млади. Павле ги предупредува младите да бидат разумни и честити. „Така младите советувај ги да бидат честити. Во сè покажи се себе како пример во добрите дела: во учењето исправност, честитост, чистота, здрав, беспрекорен збор, за да се посрами противникот, немајќи ништо лошо да каже за вас". {1C 499.1}

Ги преколнувам младите поради спасението на своите души да ги послушаат овие совети на вдахновениот апостол. Сите тие милостиви инструкции, опомени и укори ќе бидат за нив мирис на животот за живот или мирис на смртта за смрт. Мнозина од младите се многу лекомислени во своите разговори. Тие ги забораваат предупредувањата дека со своите зборови ќе се оправдаат или ќе бидат осудени. Сите треба да ги послушаат зборовите на нашиот Спасител. „Добар човек од добрата ризница изнесува добро, а злиот човек од лошата ризница изнесува зло. А јас ви велам дека за секој празен збор што ќе го кажат луѓето ќе дадат одговор во денот на судот. Зошто со своите зборови ќе се оправдаш или со своите зборови ќе се осудиш". Колку малку внимание се подарува дури и на поуките на небесниот Учител! Мнозина, ниту ја проучуваат Библијата, ниту обрнуваат внимание на нејзините свети вистини, а токму тие јасно изложени вистини ќе бидат сведоштво против нив и ќе ги осудат. {1C 499.2}

Зборовите и делата јасно сведочат што има во срцето. Ако суетата и гордоста, љубовта кон сопственото „јас" и облекувањето го исполнуваат срцето, разговорот ќе биде насочен во правец на модата, облекувањето и надворешниот изглед, а не за

Христос и небесното царство. Ако чувството на завист живеат во срцето, тоа неизбежно ќе се покаже и во зборовите и во делата. Оние што себе се споредуваат со другите, работат како што работат и другите, и не се воздигнуваат на повисоко ниво оправдувајќи го тоа со грешките и заблудите на другите - таквите се хранат со трици и ќе останат џуџиња во духовен поглед сè додека со таквото попуштање на своите несвети чувства му угодуваат на сатаната. Некои постојано размислуваат само за тоа што ќе јадат и што ќе пијат и како ќе се облечат. Тие мисли доаѓаат само од срцето што е преполнето со такви побуди, зашто на таквите, овоземните минливи нешта им се главна цел во животот и највисокото достигнување до кое било кога ќе допрат. Таквите ги забораваат Христовите зборови: „Туку барајте го најнапред Божјото царство и Неговата правда и сето ова ќе ви се придодаде". {1C 500.1}

Срцата на младите се полни со самољубие. Тоа го покажува нивната желба да го видат своето лице на уметнички изработената слика; и при тоа не се задоволни со една фотографија, туку се сликаат повторно и повторно, со надеж дека последната фотографија ќе биде подобра од претходната, и дека на неа ќе изгледаат дури и поубави отколку во својот природен оригинал. На тој начин само се растураат парите што се позајмени од Бог, а што се добива со тоа? Само својата бледа слика втисната на парче хартија. Часовите што треба да ги поминат во молитва тие ги посветуваат на својата бедна тесноградост, додека драгоцените часови на времето на милоста заминуваат не враќајќи се, потполно изгубени. {1C 500.2}

Сатаната е задоволен кога младите го посветуваат своето внимание на било што што нивните мисли ги одвојува од Бога. Тоа му дава можност незабележано да им се приближи и да ги улови во својата стапица. Младите не се свесни за фактот дека големиот небесен Уметник ја забележува секоја постапка, секој збор, па дури и секоја мисла и побуда на нивното срце, и сето тоа верно е снимено. На ангелот кој постојано ги придружува му е откриен секој недостаток на нивниот карактер и тие на денот на судот верно ќе им ја предочат сликата за секоја нивна постапка и пропуст. Тие го запишуваат секој празен и површно изговорен збор во своите записници. Се запишува и секој лажен збор, секоја неискрена постапка, чии побуди се скриени за човечките очи, но ги гледа семоќното око на Јехова. Сето тоа е верно забележано. Секој чин на себичност е разоткриен. {1C 501.1}

Младите, општо земено, се однесуваат како овие драгоцени часови на проверка - додека милоста сè уште се продолжува - само еден голем празник, и како тие на овој свет да живеат само за да се забавуваат, оддавајќи се постојано на некое ново возбудување. Сатаната вложува посебни напори наведувајќи ги да бараат среќа во светски разоноди, оправдувајќи се дека тие разоноди се безопасни и невини, па дури и корисни за здравјето. Некои лекари оставаат впечаток дека духовноста и преданоста на Бога се штетни за здравјето. Тоа му е мошне мило на непријателот на душите. Има луѓе со болна фантазија кои немаат библиска вера; таквите не можат да послужат како пример. Има и такви кои цел живот самите себе се казнуваат поради своите гревови и единствено што тие можат да видат е гневот на навредениот Бог и Неговата правда. Христос и Неговата откупителна сила која се покажува преку заслугите на Неговата крв, тие воопшто не ја гледаат. На таквите им недостасува вера. Тоа се обично личности со неурамнотежен ум. Преку болеста пренесена со наследство од родителите и со погрешното воспитување во младоста, тие стекнале лоши навики кои штетно делуваат на целиот нивен организам. Тоа влијае негативно и на нивната морална свест и ги прави неспособни разумно да размислуваат и да постапуваат во сите свои околности. На нив

им недостасува и духовна и умствена рамнотежа. Побожноста и правичноста не се штетни за здравјето, туку напротив му носат здравје на телото и сила на душата. Петар кажува: „Зашто кој сака да живее и да види добри денови... нека се отстранува од злото и нека прави добро; нека бара мир и нека се држи за него. Зашто очите Господови се свртени кон праведниците и ушите Негови кон нивните молитви; а лицето Господово е против оние што прават зло". „Туку и ако страдате поради правдата блажени сте. Но од нивниот страв не плашете се ниту пак се бојте". {1C 501.2}

Свеста дека постапуваме исправно е најдобар лек против секоја болест и на телото и на душата. Здравјето и силата претставуваат посебен Божји благослов кој се гледа на оној што го прима. Личноста со спокоен и задоволен дух во Бога, се наоѓа на сигурниот пат на оздравувањето. И навистина е необична среќа и задоволство да се има сознанието дека Божјото око е на нас и дека Неговото уво е отворено за нашите молитви. Да се знае дека имаме Пријател кој никогаш не изневерува и на кого можеме да му ја довериме секоја тајна на својата душа е предимство што не може да се искаже со зборови. Оние чии морални способности се затемнети со болест не се во можност вистински да го претстават христијанскиот живот и убавината на светоста. Тие често запаѓаат или во огнот на фанатизмот или во водите на студената рамнодушност и тапа стушеност. Христовите зборови: „Туку барајте го најнапред Божјото царство и Неговата правда и сето ова ќе ви се придодаде," се позначајни од мислењата на сите лекари на светот. Првата и најголема цел - небесното царство и Христовата правда - секогаш нека ни биде на прво место. Сите други цели кон кои тежнееме да ни бидат од второстепено значење. {1C 502.1}

Патот на светоста сатаната секогаш го прикажува исклучително напорен и многу тежок, додека патиштата на овоземните уживања ги опсипува со цвеќе. Светот и неговите задоволства тој секогаш ги прикажува лажно, во измислени најпривлечни бои. Суетата е една од најизразените особини на изопачената човечка природа и тој добро знае дека може со успех да ја искористи. Тој ласкаво ќе ви дојде преку своите агенти. Можеби ќе бидете опсипани со пофалби што ќе ѝ годат на вашата суета, поттикнувајќи ве да си вообразите дека навистина е голема штета, надарени со такви прекрасни особини и предимства - да се одвоите од светот и да станете христијани, да раскинете со своето дотогашно друштво и да станете мртви за неговите пофалби или осуди. Сатаната ви дошепнува дека со такви предимства какви што вие ги имате може многу да се ужива во овој свет. Но имајте на ум дека овоземните уживања се минливи и дека еден ден ќе мора да го жнеете она што сте го посеале. Зар вашата лична привлечност, способности и таленти се премногу вредни за да ги посветите на Бога кој ве создал и кој будно ве чува секој миг? Зар сè што имате е прескапо за тоа да Му го посветите Нему? {1C 502.2}

Младите сметаат дека мора да имаат нешто што ќе внесе ведрина и расположение во нивната душа. Покажано ми е дека вистинско и најдобро задоволство можеме да најдеме во трудољубивиот и корисен живот. Некои сепак упорно истакнуваат дека по работните активности им е потребна некоја разонода или забава со која духот би се освежил и растоварил од грижите и тешките напори. Токму тоа може да ни го даде само христијанската надеж. Верата за оној што вистински ја поседува ќе биде утешител и сигурен водач до Изворот на вистинската среќа. Младите треба да го проучуваат Божјото Слово и да се посветат на побожно размислување и молитва и тогаш ќе сфатат дека своето слободно време го поминале на најдобар начин. Млади пријатели, вие треба да најдете време да се преиспитувате самите себе, за да се осведочите дали

Божјата љубов е во вас. Заложете се најсердно да го утврдите својот повик и својот избор. Од вас самите зависи дали ќе го добиете подобриот живот. {1C 503.1}

„Патиштата на мудроста се мили патишта, и сите нејзини патеки до мир водат". Идното живеалиште на спасените и нивната вечна награда се возвишени и благородни предмети за кои младите треба да размислуваат. Размислувајте за чудесниот план на спасение, за големата жртва на Царот на славата за да можете да се издигнете со заслугите на Неговата крв и по патеката на послушноста конечно да стигнете до Божјиот престол. Тој предмет треба да ја ангажира највозвишената и најголемата активност на умот. Да се придобие Божјото одобрување- колку големо предимство! Да се одржува постојана заедница со Него - што може повеќе да го облагороди умот и да ги воздигне мислите над минливите задоволства на оваа земја? Да се обнови изопачената природа преку Божјата благодат, да се совлада својот изопачен апетит и ниските страсти, да се стои во вистинска морална независност, да се задобиваат секој ден нови победи - тоа донесува вистинско спокојство на душата што произлегува од свеста дека сте правеле добро. {1C 503.2}

Млади пријатели, само ваквото занимање и разонода можат да ви донесат вистинска среќа. Мир и среќа вие не можете да најдете затоа што не ги барате на вистинскиот извор. Вие постојано се обидувате без Христа да ја најдете онаа среќа која се наоѓа само во Него. Ако вашите надежи се во Него никогаш нема да се разочарате. Молитвата е драгоцено предимство кое многу често се занемарува. Читањето на Божјото Слово го подготвува духот за молитва. Една од најголемите причини што сте толку малку наклонети во молитва да се приближите до Бога е токму во тоа што со читање на возбудливи романи, кои ја надразнуваат вашата фантазија и ги пробудуваат ниските страсти; самите себе се онеспособувате за тој свет чин. Светото Писмо станува за вас непријатно, а часот за молитва потполно се заборава. Меѓутоа, молитвата е сила на христијанинот. И кога е сам, тој не се чувствува осамен, зашто секогаш е свесен за присуството на Оној кој кажал: „Ете, Јас сум секогаш со вас". {1C 504.1}

На младите им е неопходно токму она што го немаат, а тоа е верата. Тоа со ништо не може да се замени. Меѓутоа, самото исповедање на верата нема никакво значење. Имињата се запишуваат во книгата на црквата на Земјата, но не и во книгата на животот. Покажано ми е дека меѓу младите нема ниту еден од дваесет кој врз основа на лично искуство знае што е тоа вера. Додека исповедајќи ја својата вера тврдат дека се Христови слуги, тие си служат само на себе, и ако не се ослободат од таа маѓепсаност наскоро ќ е се осведочат дека го избрале делот со оние што прават беззаконие. Наместо самоодрекување и пожртвуваност поради вистината, тие го избираат полесниот пат. Наместо сесрдни молитви проследени со солзи и болни пекања упатени до Бога за милост, проштевање и сила да се спротивстават на искушенијата на сатаната, тие сметаат дека сето тоа не е неопходно и дека сосем добро можат да продолжат и без тоа. Христос, Царот на славата, често се повлекувал во осаменост на некоја планина за во молитва да ја излева Својата душа пред Таткото, а грешниот смртник, кој не располага со никаква сила, мисли дека молитвата не му е толку потребна во животот. {1C 504.2}

Христос е нашиот Пример; со Својот живот Тој ни оставил најдобар пример на добри дела. Тој бил човек на болките, запознаен со страдањата. Плачел над Ерусалим чии жители не сакале да го прифатат спасението што Тој им го нудел. Не сакале да го прифатат и да имаат живот. Споредете го својот начин на живот со животот на својот Учител кој бил согласен да даде толку голема жртва за вашето спасение. Тој често, паѓајќи ничкум на влажна земја со најсрдечни молитви, поминувал цели ноќи. А вие

сакате само задоволства и уживања. Слушам само безначајни и празни разговори; слушам само смеење, шеги и смешни досетки. Зар тоа значи да се следи Оној кој е наш Пример? Се уште слушам и чекам дали ќе се спомне Исусовото име? Се зборува ли некогаш за вистината? Дали говорниците го воздигаат Христовиот крст? Се зборува само за модата, каква шапка или облека имал некој или некоја, што кажал оној младич или онаа девојка, или се договараат нови средби и забави. Каква веселба! Дали тоа ги привлекува ангелите, и дали тие се собираат околу таквите за да ги чуваат растерувајќи ја темнината со која сатаната ги опкружува? О, не! Видов, тие тажно се свртуваат од таквите. На лицето на тие ангели гледам солзи. Зар тоа навистина ги расплака Божјите ангели? Да, тоа е токму така. {1C 505.1}

Вечните и неминливи интереси се од малечко значење за нашите млади. Божјите ангели со солзи ги запишуваат зборовите и делата на овие таканаречени христијани. Ангелите се присутни на еден собир на млади, но што се слуша? - Музика и песни, несериозна и лекомислена музика, какво што се слуша во салите за игранки. Чистите и свети ангели ја повлекуваат светлината што ја шират и младите ги обвиткува темнина. Ангелите ја напуштаат оваа глетка и се повлекуваат со тага на лицето. Гледајте, тие плачат. Сето ова постои во редовите на адвентистите, а посебно во _____, и тоа неколку пати. Музиката ги зема и оние часови кои треба да бидат посветени на молитва. Музиката е идол пред кој се поклонуваат и многу христијани кои тврдат дека ја празнуваат саботата. Против така употребената музика сатаната нема ништо, затоа што може да ја искористи како средство за да допре до срцата на младите. На неговите цели им одговара сè што може мислите на човекот да ги одврати од Бога и така да им го одземе времето што требало да го посветат во Неговата служба. Тој вешто ги користи оние средства преку кои може да изврши најсилно влијание за што поголем број поклоници да задржи во пријатна залуденост, додека се така парализирани со неговата сила. Кога е насочена во добар правец музиката е вистински благослов; но често сатаната ја претворува во свое најмоќно оружје за да ги зароби душите. Кога ќе се злоупотреби таа ги води непосветените во гордост, суета и вистинска лудост. А кога ќе се дозволи да го заземе местото на побожност и молитвата, таа станува страшно проклетство. Младите често се состануваат поради пеење; но, иако исповедаат христијанство, тие често го обесчестуваат Бога и својата вера најмногу со несериозните разговори и со својот избор на музика. Светата музика не одговара на нивниот вкус. Укажано ми е на јасните учења содржани во Библијата преку кои се поминува скоро незабележано. Токму тие зборови на вдахновението на денот на судот ќе ги осуди сите оние што не сакале да ги слушаат. {1C 505.2}

Апостол Павле го бодри Тимотеј: „Според заповедта на Бога и Спасителот наш, Исус Христос... сакам, мажите да се молат на секое место, подигајќи ги своите свети раце безгнев и двоумење. Исто така и жените, во пристојна облека, со срамежливост и честитост да се украсуваат себе си, не со плетенки, ниту со злато, бисери или скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им доликува на жените што исповедаат побожност”. {1C 506.1}

Петар ѝ пишува на црквата: „Затоа впрегнувајќи ги бедрата на својот ум, бидете трезни, и потполно надевајте се на благодатта која ќе ви се даде кога ќе се јави Исус Христос. Како послушни деца, не се поведувајте според своите поранешни желби во времето кога бевте во незнаење, туку налик на Светиот што ве повика, бидете и вие свети во целиот свој живот. Затоа е и напишано: Бидете свети, зашто сум Јас свет”. {1C 507.1}

Павле под вдахновение го упатува Тит посебно да ги поучува верниците на христијанската црква „науката на Спасителот, нашиот Бог да ја украсуваат во сè". Бидејќи таа нè учи, нагласува тој, „да се одречеме од безбожности и земните желби, и разумно, праведно и побожно да проживееме на овој свет, очекувајќи ја блажената надеж и јавувањето на славата на великиот Бог и нашиот Спасител Исус Христос, кој се предаде себе за нас за да нè избави од секое беззаконие, и да очисти за себе избран народ кој ревнува за добри дела". {1C 507.2}

Петар ги бодри црквите: „Бидете трезвени и внимавајте, зошто вашиот противник, ѓаволот, рикајќи како лав оди и бара некого да го проголта". „А крајот на сè е близу. Затоа, бидете мудри и трезвени во молитвите". Потоа нагласува: *Англиски „хоусе-банд" – „дом-стега" на македонски – сопруг. „Туку Господ, својот Бог прославувајте го во срцата свои, секогаш подготвени со кротост и страв да му дадете одговор на секого што ќе побара од вас, за причините на нашата надеж, имајќи добра совест за во она што ве клеветат како злосторници да се посрамат кога ќе го видат вашето добро живеење во Христа. Зашто е многу подобро, ако е Божја волја, да страдате правејќи добро, отколку правејќи зло". {1C 507.3}

Дали младите се во состојба со кротост и страв да му одговорат на секого што ќе ги запраша за причините на нивната надеж? Покажано ми е дека младите, општо земено, не ја сфаќаат својата положба. Страшни сцени се токму пред нив, времето на неволја кога ќе се провери вредноста на карактерот на секој поединец. Оние што ја имаат вистината во срцето, тогаш уште повеќе се утврдат во неа и ќе се развиваат. А оние што го избегнувале крстот, запоставувајќи ги зборовите на животот, а издигнувајќи го своето бедно „јас," ќе се најдат лесни. Фатени во стапицата на сатаната тие предоцна ќе сфатат дека биле во страшна заблуда. На крајот ќе се покаже дека се многу горки задоволствата по кои толку копнееле. „Жртвувајте се за Бога," кажува ангелот. „Морате да умрете за сопственото 'јас' и за себичноста. Телесните желби и склоности на необновеното срце мораат да се совладаат". Свртете се кон занемарената Библија; нејзините вдахнати зборови се упатени до вас; не преминувајте преку нив лекомислено. Со сите тие зборови повторно ќе се сретнете и ќе дадете сметка дали сте твореле дела, живеејќи во согласност со светите учења на Светото Писмо. Посветеноста на срцето и животот е неизбежна потреба. Сите што зеле христијанско име и се согласиле да Му служат на Христос треба да бидат добри војници на крстот. Тие треба да покажат дека се мртви за светот, и дека нивниот живот е сокриен со Христа во Бога. {1C 507.4}

На своите браќа, Колосјаните, Павле им пишува: „И така, ако воскреснавте со Христа, барајте го она што е горе каде Христос седи од десната страна на Бога. Мислете на она што е горе, а не што е на Земјата. Зошто вие умревте и вашиот живот е сокриен со Христа во Бога. А кога ќе се јави Христос - вашиот живот - тогаш и вие ќе се јавите со Него во слава". „А над сето тоа, облечете се во љубовта, која е врска на совршенството. И мирот Божји нека владее во срцата ваши, на што сте и повикани во едно тело, и бидете благодарни. Словото Христово постојано нека пребива во вас, и во секоја мудрост поучувајте се и вразумувајте се: со псалми и славопои и духовни песни, во благодатта пеејќи Му на Господ од цело срце. И што и да правите со зборови или на дело, сè правете во името на Господ Исус Христос, благодарејќи му на Бога, Таткото, преку Него". {1C 508.1}

А во своето послание упатено до Ефесјаните, тој го пишува следното: „Внимавајте затоа добро, како живеете, не како неразумни, туку како мудри, искупувајќи го времето, бидејќи деновите се зли. Поради тоа не бидете неразумни, туку разберете која е волјата

Господова. И не опивајте се со вино, што води кон разврат, туку исполнувајте се со Духот, зборувајќи помеѓу себе со псалми и пеење и со духовни песни, пеејќи и воспевајќи го Господа во своите срца, благодарејќи Му секогаш на Бога и Таткото во името на нашиот Господ Исус Христос". {1С 509.1}

Бог се слави со песни на благодарност кои потекнуваат од чистото срце исполнето со љубов и преданост кон него. Кога посветените верници ќе се соберат, нивните разговори не се однесуваат на несовршенството на другите, ниту имаат призвук на мрморење или жалби, туку главно се сведуваат на милосрдие и љубов која е врската на совршенството. Љубовта кон Бога и кон ближните природно се излева во зборови на љубов, наклоност и почитување на своите браќа. Божјиот мир владее во срцето на секој од нив, и затоа нивните зборови не се празни, залудни и површни, туку тоа се зборови на взаемно поправање и утеха. Кога христијаните би се држеле за упатствата и советите што им ги даваат Христос и Неговите вдахновени апостоли, тие навистина би ја украсувале библиската вера, а себе би се поштедиле од тешки неволји и многу забуни кои ги сметаат за жални последици на своето верување во непопуларната вистина. Тоа е жална заблуда. Многу од своите неволји всушност самите си ги создаваат, бидејќи се одвојуваат од Божјото Слово. Попуштајќи му на светот тие самите се ставаат на страната на непријателот и така просто го предизвикуваат ѓаволот да ги искушува. Оние што строго се придржуваат на опомените и упатствата на Божјото Слово, трудејќи се со молитва да ја дознаат и да ја творат Неговата света волја, често и не ги забележуваат ситните тешкотии што секојдневно се испречуваат. Благодарноста што ја чувствуваат и Божјиот мир што владее во нив ги наведува во срцето да Му пеат на Господа и со соодветни зборови да ја изразуваат благодарноста за љубовта на драгиот Спасител, кој толку ги засака што умре за нив за тие да имаат вечен живот. Оној во чие срце навистина живее Спасителот, нема да Го обесчестува пред другите изведувајќи на музичките инструменти такви мелодии кои ги одвраќаат мислите од Бога и небото, и потсетуваат на она што е несериозно и површно. {1С 509.2}

Во Библијата, од младите се бара сето она што го прават со збор или со дело, да го прават во името на Господ Исус, благодарејќи му преку Него на Бог Таткото. Видов дека меѓу младите има малку такви кои сфаќаат што значи да се биде христијанин, сличен на Христос. За да можат својот живот да го доведат во согласност со Примерот, најпрво мораат да се запознаат со вистините на Светото Писмо. Меѓу младите од дваесет години нема личност која од искуство знае што значи да се одвоиме од светот, а тоа Господ го бара од сите што сакаат да станат членови на Неговото семејство, деца на небесниот Цар. „Затоа излезете од кај нив и одвојте се, кажува Господ, и не допирајте се до нечисто и Јас ќе ве примам, и ќе ви бидам Татко, а вие ќе бидете Мои синови и ќерки, зборува Господ Седржителот". {1С 510.1}

Какво големо ветување е дадено овде под услов на послушност! Морате ли, одлучувајќи да се покорувате на возвишените вистини на Светото Писмо, да ја раскинете врската со своите досегашни пријатели и роднини? Прифатете го тоа храбро и одлучно, Бог се грижи за вас, Тој ве прифаќа со раширени раце. Излезете од кај нив и одвојте се, и не допирајте се до нечисто, и Тој навистина ќе ве прими. Тој ветува дека ќе ви биде Татко. О, каква роднинска врска! Таа е повозвишена и посвета од секоја земна врска. Ако поради Христос морате да се одречете од таткото, мајката, сестрите, браќата, од жената и од децата, тоа е жртва, но нема да останете без пријатели. Бог ве прима во Своето семејство, вие станувате членови на царскиот дом, синови и ќерки на Царот што владее на небото и со бескрајната вселена. Можете ли да посакате повозвишена

положба од оваа што е ветена? Зар тоа не е доволно? „Можеше ли”, според зборовите на ангелот, „Бог да направи нешто повеќе за синовите човечки од она што веќе го направи? Ако таквата љубов и толку возвишените ветувања не се ценат, зар Тој би можел да пронајде нешто повеќе, побогато и повозвишено? Сето она што Бог можел да го направи за спасението на човекот, направено е; па сепак срцата на човечките синови остануваат толку нечувствителни. Затоа што Бог ги опсипал со толку изобилни благослови, тие сето тоа го примаат како нешто најобично и забораваат на својот милостив Добродетел”. {1C 510.2}

Видов дека сатаната мошне внимателно ги спроведува во дело своите намери да ги заведе младите на пат кој е потполно спротивен од оној што Бог го одобрува. Тој добро знае дека никој друг не може да придонесе така за напредокот на Божјото дело како младите мажи и жени кои во потполност ќе се посветат и ќе се предадат на Бога. Исправно насочени, младите можат да вршат мошне силно влијание. Ниту проповедниците, ниту верниците кои веќе навлегле во години, не можат на младината да имаат ни половина од она влијание што самите млади - ако се посветат на Бог - би можеле да го имаат на своите врсници. Тие би морале да ја сфатат својата одговорност, да прават сè што е во нивна моќ за спасение на своите ближни, дури и по цена на сопствените задоволства и природни желби. Своето слободно време, па дури и средства, ако за тоа се укаже потреба, треба да се посветат на Бог. Сите што исповедаат побожност треба да ја сфатат сета сериозност на опасноста во која се наоѓаат оние кои сè уште не се предале на Христос. Нивното искушување наскоро ќе заврши. Оние што можеле да дадат свој придонес за спасението на душите кога би се држеле за Божјите совети, но таа должност ја пропуштиле поради себичност и немарност или поради тоа што се срамеле од Христовиот крст, не само што ќе ја изгубат својата душа, туку и крвта на несреќните грешници ќе се најде на нивната облека. Таквите ќе мораат да дадат сметка за добрата што можеле да ги сторат кога би се предале на Бога, но тоа не го сториле поради своето неверство. Оние што навистина ја вкусиле убавината на откупителната љубов нема, и не можат, да мируваат сè додека сите со кои доаѓаат во допир не ги запознаат со планот на спасението. Младите, секој за себе, треба да си го постават прашањето: „Господе, што сакаш да сторам? - Како можам да го прославам Твоето име не земјата?” Насекаде околу нас душите пропаѓаат, а што прават младите за тие души да ги доведат кај Христос? Оние што одат на училиште и овде можат со своето влијание да работат за Спасителот; но кој овде го спомнува Христовото име? О, кој од нив со потребна сесрдност ги преколнува своите сопатници да раскинат со гревот и да појдат по патот на светоста? {1C 511.1}

Тоа е патот по кој, според она што ми е покажано, треба да одат нашите млади, но тие не го прават тоа; на нивните склоности повеќе им одговара да се дружат со престапниците во спортот и задоволствата. Пред младите се отвора широко поле каде можат да бидат корисни, но тие тоа не го согледуваат. О, кога своите умни способности би ги употребиле во барањето начини да се приближат до оние што пропаѓаат во своите гревови, да ги упатат на патот на светоста и со сесрдно повикување барем една душа да придобијат за Христос! Колку благороден потфат е тоа: да се придонесе една душа повеќе да Го слави Бога преку целата вечност, и да ужива во среќата на вечниот живот, еден скапоцен камен повеќе на неговата круна да блеска „како ѕвезда секогаш и во вечни векови!” Меѓутоа, можно е да се придонесе и повеќе од една душа да се обрати од заблудата и гревот и да ја прифати вистината и светоста. Господ кажува преку пророкот дека оние „што мнозина приведоа кон правдата ќе блескаат како ѕвезди

секогаш и во вечни векови”. Оние кои заедно со Христос и ангелите се залагаат за спасување на изгубените ќе бидат богато наградени во небесното царство. {1C 512.1}

Видов дека преку младите би можеле да се спасат многу души кога тие би биле предани на Бога и на вистината онака како што би требало; меѓутоа, тие се наоѓаат во таква положба што и за нив мораме постојано да се залагаме или ќе станат исти како светот. Тие се извор на постојана загриженост и болка што го раскинува срцето. Родителите поради нив постојано пролеваат солзи и во најголем страв упатуваат најсесрдни молитви на Бога. Па сепак, тие и понатаму безгрижно продолжуваат да им задаваат страдања со својот начин на однесување. Тие ставаат трње во пазувите на оние што би го дале и својот живот за тие да бидат спасени, и да станат она што според Божјата намера треба да бидат благодарение на заслугите на Христовата крв. {1C 512.2}

Младите упорно ги вежбаат своите способности убаво да ја отсвират онаа или оваа мелодија, но не чувствуваат дека Бог од нив очекува своите таленти да ги посветат на нешто повозвишено, својата вера да ја украсуваат со спасување на душите за кои Христос го дал Својот живот. Една така спасена душа вреди повеќе од материјалните добра на целиот свет. Златото и сите овоземни богатства не можат да се споредуваат со спасението на една единствена душа. {1C 512.3}

Млади мажи и жени, видов дека Бог има одредена задача за секого од вас. Ако не појдете по Христос земајќи го својот крст, не сте достојни за Него. Додека сте така безгрижни и немарни како можете да дознаете што очекува Бог од вас? И како можете да очекувате да бидете спасени ако како верни слуги не ја творите волјата на својот Господар? Право да го наследат вечниот живот ќе имаат само оние што во сè правеле добро. Поставувајќи ги како знак на признавање и чест од Својата десна страна, Царот на славата ќе им каже: „Добро извршено, добри и верни слуги”. Кој може да каже колку души сте можеле да спасите од вечната пропаст кога, наместо да се оддавате на личните задоволства, сесрдно би го работеле она што можете во Господовото лозје? На колку од оние со кои се дружите на тие собири поради свирење вашето присуство им послужило на спасение? Ако не можете да споменете ниту една душа спасена на таков начин, тогаш неодложно променете го начинот на своето делување. Почнете да се молите за душите, повеќе приближете се до Христа и до Неговите рани што сè уште крварат. Духот на смиреност и кротост нека го украсува вашиот живот, и нека вашите најсесрдни молитви во смиреност и скромност постојано се воздигнуваат кон небото за мудрост за да имате успех во спасувањето не само на сопствената душа, туку и на душите на своите ближни. Повеќе време посветете на молитва отколку на пеење. Зар не согледувате дека молитвата ви е понеопходна од пеењето? Млади мажи и жени, Бог ве повикува на работа, работете за Него. Морате во потполност да го промените својот животен пат и начинот на своето делување. Вие можете да го направите она што не можат оние што служат во Словото и науката. Вие можете да влијаете на оние до кои проповедниците не можат да допрат. {1C 513.1}

---

87. РЕКРЕАЦИЈА ШТО ОДГОВАРА ЗА ХРИСТИЈАНИТЕ

Видов дека адвентистите на седмиот ден премногу се исцрпуваат со тешка работа, не дозволувајќи си никакви промени во тој поглед или некој одмор. Рекреацијата им е

потребна и на оние што физички работат, а уште попотребна им е на оние чија работа е главно таква што бара умствени напори. Не е неопходно за нашето спасение, ниту служи на слава на Бога, својот ум постојано и прекумерно да го напрегнуваме, дури и во оние области што се однесуваат на религијата. Постојат разоноди како што се танц, играње карти, шах, табла и слично, што не можеме да ги одобриме, бидејќи небото ги осудува. Разонодите од таков вид ја отвораат вратата на големи зла. Таквите забави немаат благотворно влијание на оние што во нив учествуваат, туку ги надразнуваат и возбудуваат што е и целта на една таква игра, предизвикувајќи во нив страсти што доведуваат до коцкање и распуштен живот. Секоја таква игра христијаните треба да ја осудат и да ја заменат со нешто друго што нема да биде ниту малку штетно. {1C 514.1}

Покажано ми е дека деновите на празници не треба да ги минуваме според мислењата на светот, но тие сепак не треба да поминат незабележани, бидејќи тоа би предизвикало незадоволство кај нашите деца. Во тие денови, кога на нашите деца им се заканува опасност да бидат изложени на лоши влијанија и да ги расипат возбудливите задоволства на овој свет, родителите треба да осмислат и да пронајдат нешто со што ќе ги заменат тие опасни разоноди. Објаснете им на своите деца дека тоа го правите имајќи го во вид нивното добро и нивната среќа. {1C 514.2}

Нека се здружат неколку семејства што живеат во еден град или село и, напуштајќи ги своите секојдневни занимања кои ги заморуваат и физички и умствено, нека организираат излет во природа, на брегот на некое убаво езеро или некоја пријатна шума, опкружени со убавините на природата. Со себе треба да понесат едноставна и здрава храна. Најдобро е тоа да биде овошје и разни зрнести плодови. Масата нека ја постават во сенката на некое дрво или на отворено небо. Возењето, јавањето, движењето во природа и пријатните глетки на околината ќе го разбудат апетитот, и тие ќе уживаат во ручекот на кој и царевите би можеле да им завидуваат. {1C 514.3}

Во таквите мигови и родителите и децата треба да се чувствуваат потполно слободни од сите грижи, работни напори и збунетост. Родителите дружејќи се со децата и самите треба да станат како деца, трудејќи се да направат сè што можат за децата да се чувствуваат што попријатно. Целиот ден нека помине во таква рекреација. Движењето во природа и свежиот воздух ќе бидат посебно благотворни и здрави посебно за оние што, поради природата на својата работа, целото време го поминуваат во затворена просторија главно седејќи. Сите кои можат треба да се чувствуваат должни вака да постапуваат. Со тоа не само што ништо нема да се загуби, туку напротив многу ќе се добие. Тие на своите редовни окупации ќе се вратат со нова сила и со нова енергија и ревност ќе ги извршуваат своите должности, а ќе бидат поотпорни и на болести. {1C 515.1}

Покажано ми е дека само неколкумина сфаќаат колку е заморна непрекинатата работа на оние што сносат одговорност за работите во канцеларијата. Тие се принудени ден по ден и седмица по седмица да се задржуваат во затворена просторија, додека постојаното изложување на умствени напори го поткопува нивното здравје и ги слабее нивните животни сили. Тие браќа се изложуваат на опасност нивните животни сили ненадејно да се скршат. Тие не се бесмртни, и ако така продолжат, пред време ќе се истрошат, и тоа ќе биде загуба за делото. {1C 515.2}

Во браќата А,Б и Ц имаме драгоцени дарови; и не смееме да дозволиме тие со постојано задржување во затворена просторија и со непрекината мачна работа да го упропастат своето здравје. Каде ќе најдеме луѓе со такво искуство кои би можеле да го заземат нивното место? Двајца од овие браќа се четиринаесет години поврзани со

работата во нашата канцеларија, залагајќи се сесрдно, совесно и несебично за напредок на таа гранка на Божјото дело. Во нивното ангажирање во работата никогаш немало скоро никакви промени, освен во случај на настинка или некоја друга болест. На нив им се неопходни почести промени. Би требало почесто - заедно со членовите на своите семејства, кои речиси потполно се лишени од нивното друштво - да се посветат на рекреација. Не можат сите да го напуштат работното место во исто време, но тие своите работи треба да ги распоредат така што еден или двајца ќе можат да отидат, препуштајќи за тоа време да ги заменат други, на кои истите можности ќе им се укажат подоцна. {1C 515.3}

Покажано ми е дека браќата А,Б и Ц, грижата за чувањето на своето здравје и на своите од Бога дадени сили треба да ги сметаат за своја верска должност. Господ не бара од нив сега да станат маченици за Неговото дело. За таква жртва тие нема да примат никаква награда или пофалба, бидејќи Бог сака тие да живеат. За делото на сегашната вистина тие можат многу повеќе да придонесат со својот живот отколку со својата смрт. Ако некој од овие браќа ненадејно би бил совладан од некоја болест, тоа никој не треба да го смета за Божја казна. Тоа би било само неизбежна последица на кршењето на природните закони. Тие треба да ги послушаат дадените предупредувања, за со пречекорување на дозволеното да не би се изложиле на тешки казни. {1C 515.4}

Видов дека овие браќа можат корисно да придонесат за Божјото дело, присуствувајќи што почесто на состаноците кои се одржуваат блиску до нивното работно место. Работата што им е доверена е мошне значајна, и на нив им се исклучиво потребни здрави нерви и бистрина на умот; меѓутоа, не е можно нивниот ум да го прима полетот и закрепнувањето што Бог го одредил, ако се постојано затворени во просториите на редакцијата. Покажано ми е дека корисноста на повеќето луѓе што работат во централата на делото во Батл Крик би била далеку поголема кога тие би се запознале со своите браќа од други места, дружејќи се со нив на разни состаноци. Тоа би придонело браќата од другите места да стекнат доверба во оние на кои им е доверена одговорноста за ова дело, а за самите нив би значело големо умствено растоварување и подобро би се запознале со напредувањето и проблемите на делото. Тоа би ја оживеала нивната надеж, би ја обновило нивната вера и би ја зголемило нивната храброст. Така поминатото време не би било загубено, туку би било искористено на најдобар начин. Тие браќа имаат особини кои ќе направат тие во највисок степен да можат да уживаат во општествениот живот. Тие со задоволство можат да прифатат да престојуваат во домот на некои од браќата, разменувајќи мисли и погледи што би било од благослов и взаемна корист за нив и за другите. {1C 516.1}

Посебно апелирам на братот Ц да ги промени своите животни навики. Тој нема прилика да се движи како останатите што работат во канцеларијата (уредот). Неговиот постојан престој во затворени простории и работата која постојано се извршува во седечка состојба можат да го доведат до ненадеен слом. Тој не смее и понатаму да продолжи непрекинато да работи како што правеше до сега. Би требало повеќе време да поминува во природа на чист воздух, занимавајќи се повремено со некоја полесна работа или пријатно движење од рекреативен карактер. Ваквото ограничување на движењето што самиот си го наметна би ја уништил здравствената конституција и на најсилното животно. Тоа е свирепо и штетно, тоа е грев против самиот себе и јас, предупредувајќи - го подигам одлучно својот глас против тоа. Брате Ц, ти мораш повеќе време да поминуваш на отворен простор и на чист воздух, во јавање или некое друго пријатно движење, или ќе заминеш во гроб, а твојата сопруга ќе остане вдовица, а

твоите деца, кои толку ги сакаш, ќе останат сирачиња. Братот Ц е квалификуван и другите да ги поучува како да го излагаат Божјото Слово. Тој може да му послужи на делото присуствувајќи на големите собири на верници и поучувајќи ги оние што ќе имаат предимство да го слушаат, а тоа би било корисно и за него самиот. На тој начин тој повеќе би се движел и почесто би излегувал на чист воздух. Неговата крв, поради недостаток на оживувачкиот воздух даден од небото, сè побавно тече низ неговите вени. Своите должности во канцеларијата тој ги вршеше многу добро, но му е потребна придвижувачка сила од чист воздух и сончеви зраци за неговата работа да биде уште подуховна и поделотворна. {1C 516.2}

На петти јуни, 1863 година, ми беше покажано дека мојот сопруг треба да ја чува својата сила и своето здравје, зашто Бог има уште една голема задача за него. Благодарение на Неговото провидение ние стекнавме големо искуство во таа работа уште од самиот почеток, и така нашите напори беа од големо значење за Божјото дело. Видов дека постојаната работа и претераните напори ги исцрпуваат животните сили на мојот сопруг кои тој, според Божјата намера, требаше да ги сочува. Ако продолжи да ги преоптоварува своите физички и умствени сили, како што правеше до сега, тој - користејќи ги изворите на својата преостаната сила и потрошувајќи ги сите резерви - прерано ќе подлегне, а Божјото дело ќе биде лишено од неговата работа. Тој многу време посветуваше на работите врзани со редакцијата, кои можеа да ги извршат и други, или се занимаваше со деловни потфати што требаше да ги избегнува. Бог сакаше ние двајцата да ги сочуваме силите за посебни задачи во Неговото дело кои други не би можеле да ги извршат и за кои Тој нè подготви нас, нè сочува во живот и ни подари драгоцени искуства. Благодарение на тоа ние сме во можност да бидеме од корист за Божјиот народ. {1C 517.1}

Ова предупредување не го објавив јавно, бидејќи ни беше наменето само на нас. Да го послушавме тоа потполно, мојот сопруг ќе беше поштеден од маките од кои толку страдаше. Барањата на Божјото дело беа неодложни и изгледаше дека не дозволуваат никакво опуштање нити одвојување од работата. Мојот сопруг како да беше принуден на постојани и мачни напори. Загриженоста за браќата кои можеа да бидат повикани во војска како и поради бунтот што се случи во Ајова го држеше неговиот ум во постојана напнатост, и неговите физички сили беа до крај истрошени. Наместо неопходното растоварување, грижите и товарите на одговорностите беа уште понапорни. Меѓутоа, излез секако постоеше, инаку Бог не би му упатил такво предупредување за да го спречи да не се уништи под товарот на прекумерноста. Видов дека и физичките и умствените сили на мојот сопруг уште порано би биле скршени кога Бог не би му дал посебна поддршка. {1C 518.1}

Кога Бог зборува, Тој го мисли тоа што го зборува. Кога Тој ќе предупреди, оние на кои тоа предупредување е наменето треба да послушаат. Причината што сега ова јавно го изнесувам е во тоа што некои од предупредувањата упатени до мојот сопруг се однесуваат и на други кои исто така работат во редакцијата. Видов дека и тие, доколку не го променат својот начин на работа, можат исто така лесно да бидат покосени како и тој. Жал ми е кога ќе видам некого да страда како што тој страдаше. Но она од што најмногу се плашам е фактот дека Божјото дело на тој начин би било лишено од нивната соработка во време кога помошта и влијанието на секого од нас се толку потребни. {1C 518.2}

Оние што сега работат во редакцијата не се во состојба да издржат толкав товар на грижи и напори што мојот сопруг го носеше со години. Тие немаат таква конституција и

такви извори на енергија какви што тој имаше. Тие во никој случај не се во можност да ги издржат сите тие неволји и постојани мачни напори на какви тој беше изложен дваесет години. Не можам да ја поднесам мислата било кој со претерана работа во редакцијата својата сила и здравје да ги истроши до таа мера за предвремено да се онеспособи за работа во Господовото лозје. Значајни работници во тоа лозје не се само оние што собираат плодови; сите оние што учествуваат во копање, залевање, режење, подигање на лозите што се паднати на земјата, врзувајќи ги за потпорите и насочувајќи ги нејзините нежни ластари да се обвиткуваат околу нив, како на сигурен потпирач - исто така се неопходни работници. {1С 518.3}

Браќата кои работат во редакцијата сметаат дека не можат да ја напуштат својата работа за неколку денови со цел да дојде до промена во нивната напорна работа и живот и за нивна рекреација; но тоа е заблуда. Тие можат и треба на тој начин да ги симнат своите товари. Дури и кога сите нивни предвидени работи не се завршени, подобро е да ги напуштат за неколку денови, отколку скршени од болест да бидат одвоени со месеци, а можеби и засекогаш онеспособени. {1С 519.1}

Мојот сопруг сметаше дека ќе погреши ако дел од своето време го помине во некое дружење. Тој не си дозволуваше никаков одмор. Сметаше дека секое негово изостанување штетно ќе се одрази на работата во редакцијата. Меѓутоа, кога беше погоден со тежок удар и на тој начин и физички и ментално онеспособен, делото мораше да продолжи и без него. Покажано ми е дека браќата што се ангажирани во одговорната работа во нашата редакција, својата работа треба така да ја планираат за да најдат време и за рекреација и за одмор. Ако е потребно да има повеќе соработници, нека ги вработат; неопходно е да се олеснат условите на оние што се занимаваат со исклучиво напорна работа, и тоа постојано во затворена просторија. Тие треба да присуствуваат на јавни состаноци, и да се ослободат од своите грижи, прифаќајќи го гостопримството на своите браќа и уживајќи во нивното друштво и останатите благослови на состанокот. Така ќе ги освежат своите мисли, а нивните истрошени енергии ќе бидат оживеани со нов живот; и враќајќи се на работа тие многу подобро ќе ги извршуваат своите задачи, бидејќи појасно ќе ги сфатат потребите на делото. {1С 519.2}

Браќа од сите делови на Божјото лозје, можете ли да останете рамнодушни кон ова прашање? Мора ли вашето срце да биде погодено со загуба на уште еден од Божјите работници, кои ви се толку драги? Тие луѓе се сопственост на црквата. Зар ќе дозволите тие да умираат под вакво бреме? Ве повикувам да ги советувате да ги променат своите работни навики. Се молам на Бога горкото искуство низ кое ние поминавме никогаш повеќе да не го доживее ниту еден од браќата кои работат во нашата редакција. На ваша грижа особено го препорачувам братот Ц. Треба ли тој човек да умре поради недостаток на воздух, тој животворен небесен дар? Начинот на кој тој живее и работи навистина го скратуваат неговиот живот. Неговата крв стана заматена, а циркулацијата побавна, функционирањето на црниот дроб е нарушено, а работата на срцето нерамномерна. Ако тој не изврши промена во самиот себе, тоа ќе го направи природата со силен обид да го ослободи организмот вадејќи ја нечистотијата од крвта. Таа притоа ќе ги активира сите витални сили предизвикувајќи нарушување во целиот организам, а сето тоа може да се заврши со срцев удар или парализа. Ако било кога закрепне и ја преброди оваа криза, загубеното време никогаш не ќе може да го надомести; но изгледите да закрепне се мошне слаби. Ако братот Ц не се пробуди, ви препорачувам на вас браќа, кои сте загрижени за интересите на делото на сегашната вистина да го земете и со сила да го

одвоите од неговата работа, како што тоа го направиле со Лутер во свое време, неговите пријатели. {1C 520.1}

Откако ова го напишав дознав дека поголемиот дел од делото Толкување на Откровението е напишано ноќе, откако работата на авторот за тој ден беше завршена. Така работеше и мојот сопруг; јас протестирам против таквата самоубиствена работа. Браќата што ги спомнав, кои своето време постојано го поминуваат во затворените простории на редакцијата, исто така би послужиле на Божјото дело и со своето присуство на богослуженијата и со повремено заминување на рекреација. Тие така би го сочувале своето телесно здравје, а своите умствени сили, во најдобра кондиција би можеле да ги посветат на делото. Не смее да се дозволи тие да се чувствуваат онеспособени, затоа што своите примања не ги заработуваат. Нивните плати треба да им бидат доставувани и кога не работат, бидејќи тие направиле големо дело. {1C 520.2}

---

88. РЕФОРМНИОТ ФУСТАН

Како одговор на писмата од многу сестри во поглед на пристојната должина на реформниот фустан, би можела да кажам дека во нашиот дел од државата Мичиген усвоено е должината, еднообразно да биде околу девет инчи (околу 23 цм) од подот. Ја користам оваа прилика на овој начин да одговорам на тоа прашање, за да го заштедам времето кое е потребно да се одговори на многу слични писма. Би одговорила и порано, но очекував по тоа прашање да се објави некое одредено гледиште во списанието Здравствен реформатор. Сериозно препорачувам еднообразност во поглед на должината, и можам да кажам дека девет инчи најблиску одговара на моите гледишта во тој поглед, ако можам тоа да го изразам во инчи. {1C 521.1}

Патувајќи од место до место, забележав дека реформниот фустан не е исправно прикажан и чувствувам дека за тоа треба да се каже нешто поодредено, за и во тој поглед да бидеме единствени. Ваков стил на облекување не е популарен, и затоа оние што ќе го усвојат треба да имаат смисла за вкус и уредност. Јас веќе еднаш пишував за ова, но сепак некои не се придржуваа на дадениот совет. Во поглед на должината на реформниот фустан почитувачите на саботата би требало да прифатат еднообразност. Оние што со прифаќањето на ваков начин на облекување се издвојуваат од останатиот свет, ниту за миг не смеат да помислат дека покажувањето уредност, чистота и вкус во облекувањето не е неопходна. Пред да го прифатат реформниот фустан, нашите сестри треба да имаат соодветен модел на панталони и палто кои се носат со истиот. Голема пречка на реформата во облекувањето претставуваат личности кои во црквата воведуваат стил кој во сите поединости мора да се реформира, пред да може правилно да го претставува реформниот фустан. Почекајте сестри, сè додека не бидете во можност правилно да го претставите реформниот фустан. {1C 521.2}

Во некои места постои големо негодување против кратките фустани. Но кога ќе видам како се облекуваат некои од нашите сестри, не се чудам што на мнозина таквиот начин на облекување им е одвратен и што го осудуваат. Кога овој фустан ќе се претстави како што треба, сите кои се непристрасни мораат да признаат дека е и пристоен и удобен. Во некои од нашите цркви видов дека реформираниот фустан се подготвува на многу различни начини, но ниту еден не одговара на описот што ми беше предочен. Некои облекуваат бели муслински панталони, бели ракави, темен фустан од штоф, и

палто без ракави од ист материјал како фустанот. Некои носат фустани од памучно платно и панталони скроени според нивните замисли, а не според „моделот," без да бидат укрутени и затоа немаат облик, така што се прилепени за нозете. На облеката подготвена на таков начин навистина нема ништо вкусно или убаво, ниту таа може да ѝ се препорача на некоја разумна личност со здраво расудување. Тоа е во потполност деформирана (изобличена) облека. {1C 521.3}

Некои од сестрите чии мажи се противат на скратувањето на предолгите фустани ме прашаа за совет: дали тоа да го направат и против желбите на своите мажи. Мој совет е да почекаат со тоа. Прашањето за облекувањето не го сметам за толку важно како прашањето за саботата. Во поглед на саботата не може да има никакво двоумење. Меѓутоа, противењето на кое многу жени со прифаќањето на реформата би можеле да наидат, би било за нивното здравје поштетно отколку што самата таква облека би им била од корист. Неколку од тие сестри ми имаат речено: „Твојот начин на облекување му се допаѓа на мојот сопруг и тој кажува дека во тоа не наоѓа никаква замерка". Тоа ме наведе да ја согледам неопходноста за правилно претставување на реформниот фустан од страна на нашите сестри преку уредност, чистота и еднообразност. Ќе подготвам соодветен модел што ќе можам да го понесам кога ќе појдам на пат и да можам лично да им го дадам на сестрите со кои ќе се сретнам или да го пратам по пошта на сите што се заинтересирани. Нашата адреса ќе ја објавиме во списанието Преглед. {1C 522.1}

Оние жени кои ќе го прифатат скратувањето на предолгата носија, треба да покажат вкус во изборот на боите. Оние што немаат можност да купат нов материјал за своите облеки, треба да направат најдобро што е во нивна моќ, покажувајќи истенчен вкус и снаодливост во преправањето и обновувањето на старите облеки. Посебно треба да се внимава панталоните и фустанот, да бидат од иста боја и од ист материјал, за да не изгледате чудно. Старите фустани можат да се скратат според препорачаната должина и вкусно да се преправат за да изгледаат како нови. Ве молам, сестри мои, моделите за своите фустани да не ги формирате според своите замисли. Иако има прифатливи модели и добри вкусови, исто така има и неприфатливи модели и лоши вкусови. {1C 522.2}

На овој фустан не му е потребен обрач (како на кринолините) и се надевам дека никогаш нема да биде осакатен со таков облик. Нашите сестри не треба да носат по неколку здолништа за да го надуваат фустанот. Многу повкусно е да се носат една до две лесни здолништа кои природно паѓаат по телото. Рипсот е одличен материјал за надворешна сукна, зашто долго ја задржува цврстината и мошне е траен. Ако нешто се носи под сукната нека тоа биде многу мало. Поставите се непотребни. Но сепак често можам да видам како грдо можат да се видат под работ на фустанот. Тоа остава впечаток на нескромност и неуредност. Кај пократките фустани, белата потсукна не оди со фустан со потемна боја. Посебно обрнете внимание потсукната секогаш да ви биде чиста, уредна и со прикладна боја, да е од добар материјал, и во секој случај најмалку три инчи пократка од фустанот. Ако носите било што за да ја проширите сукната, тоа треба да биде нешто малечко и најмалку околу дваесет сантиметри над долниот раб на фустанот. Ако во работ на сукната се вшие жица или нешто слично, таа ќе се рашири само во својот долен дел, што остава мошне непријатен впечаток, кога личноста што ја носи се обидува да седне или да се наведне. {1C 523.1}

Никој нека не се плаши дека реформниот фустан ќе го направам една од главните теми на моите патувања од место во место. Оние што слушнале што веќе сум кажала по тоа прашање, треба да постапат според светлината што веќе им е дадена. Јас ја извршив

својата должност; го изнесов своето сведоштво и оние што ме слушнаа или го прочитаа она што го напишав мораат сега, на своја одговорност, или да ја прифатат или да ја отфрлат дадената светлина. Ако изберат да бидат заборавливи слушатели, а не оние што творат дела, тие одат на сопствен ризик и пред Бога ќе одговараат за патот по кој продолжуваат. Мислам дека бев потполно јасна. Никого не го терам на сила и никого не осудувам. Тоа не е моја задача. Бог ги познава Своите понизни и послушни деца и ќе ги награди според нивната верност во извршувањето на Неговата волја. За мнозина реформниот фустан е премногу едноставен и понижувачки за да го прифатат. Тие не се подготвени да го понесат крстот. Бог настојува Своите деца со едноставни средства да ги одвои од светот, но некои толку се оддалечиле од едноставноста на делото и од Божјите патишта така што се наоѓаат над делото, а не во него. {1C 523.2}

Упатена сум на следните стихови од Библијата: „Објави им на синовите Израелски и кажи им да си прават реси по полите на своите облеки во поколенијата свои, и во ресите што се по полите, да стават нишки од сина преѓа, и тие да ви бидат на ресите, па кога ги гледате де се потсетувате на сите заповеди Господови и да ги извршувате и да не се поведувате по срцето свое и очите ваши, кои ве водат во заблуда. Да ги помните и извршувате сите Мои заповеди и да бидете свети пред вашиот Бог. Јас сум Господ, Бог ваш, кој ве изведе од египетската земја, за да ви бидам Бог. Јас сум Гопод, Бог ваш". Овде Господ изрично наложува Израеловите синови да носат сосем едноставно подготвена облека, за да се разликуваат од идолопоклоничките народи од своето опкружување. И секогаш кога погледот ќе им се задржал на таа нивна посебна облека, требало да се потсетат дека се народ што ги држи Божјите заповеди, и дека Тој на чудесен начин ги избавил од египетското ропство, за да Му служат Нему и да бидат Негов свет народ. Тие не смееле да се поведуваат по своите желби, ниту да ги имитираат идолопоклоничките народи околу себе, туку да останат посебен народ. Секој кој ќе ја види нивната посебна облека можел да каже: Овие се оние што Бог ги изведе од египетската земја и кои ги држат сите Негови заповеди. Припадниците на израелскиот народ секој можел да ги препознае штом ќе ги види, бидејќи со ова едноставно обележје Бог ги издвоил како Свои. {1C 524.1}

Носењето на сина лента на облеката, барано од Израеловите синови по изричен Божји налог, немало никакво непосредно влијание на нивното здравје. Божјите благослови биле условени единствено со нивната послушност, а лентата само ги потсетувала на високите барања на Јехова: да не се мешаат со другите народи, и да не присуствуваат на нивните гозби и пијанки каде се јадело свинско месо и други богати јадења штетни за здравјето. Од припадниците на Својот народ сега Бог бара да го прифатат реформниот фустан не само затоа за како Негов „избран народ" да се разликуваат од останатиот свет, туку и затоа што реформата во облекувањето е важна и за физичкото и за менталното здравје. Додека тврдат дека се Божји народ, тие во голема мера ги загубиле своите посебни белези; почнале постепено да се прилагодуваат на припадниците на останатиот свет и да се мешаат со нив, така што во многу нешта станале исти како нив. Тоа не е според Божјата волја. Тој ги повикува, како некогаш и Израеловите синови, да се одвојат од неверниците и да ги отфрлат нивните идолопоклонички обичаи, да не се поведуваат по своето непосветено срце и по своите очи, кои често ги наведуваат да се одвојат од Бога и да се прилагодуваат на овој свет. {1C 524.2}

Мора да се преземе нешто, со што Божјиот народ ќе ја раскине својата толку голема поврзаност со светот. Реформниот фустан е едноставен и здрав, но да се прифати значи

да се земе крстот. Јас сум Му благодарна на Бога за овој крст и со задоволство се наведнувам за да го земам и да го понесам. Како народ, толку сме се соединиле со светот, така што сме го загубиле од поглед крстот и подготвеноста нешто да поднесеме поради Христос. {1С 525.1}

Ние не треба самите да си создаваме крст, но ако нешто Бог го прикажал како наш крст, тогаш тоа треба радосно да го прифатиме. Со подготвеноста да го прифатиме крстот, ние се разликуваме од луѓето од овој свет, кои не нѐ сакаат токму поради тоа и се потсмеваат на нашата посебност. Светот го мразел Христа затоа што не бил од светот. Можат ли Неговите следбеници да очекуваат да поминат подобро од својот Учител? Ако не наидуваме на никаква осуда и неодобрување од страна на луѓето од светот, ние треба да се загрижиме; бидејќи тоа значи дека сме се прилагодиле на нив во толкава мера, така што сме станале како нив и со ништо не ја предизвикуваме нивната омраза и злоба; нема никакви причини за судири. Светот го презира крстот. „Зашто словото за крстот е безумие за оние што пропаѓаат, а сила Божја за нас кои се спасуваме" (1. Коринтјаните 1:18). „А мене да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот". (Галатјаните 6:14)* {1С 525.2}

---

89. ПРЕТПОСТАВКИ И НАГАЃАЊЕ ЗА БАТЛ КРИК

Во 1865-та година ми е покажано како некои, од завист лекомислено зборуваат за црквата во Батл Крик. Тие со сомневање гледаат на сè што се случува во таа црква и ликуваат кога ќе забележат било што, што би можело да ѝ наштети на нејзиниот углед. Таквиот дух и таквите постапки не се по Божја волја. Каде се наоѓа изворот од каде светлината и знаењето за вистината се испраќаат во сите наши цркви ширум светот? Сите тоа го очекуваат и примаат од средиштето што Бог го одредил за тоа, а кое се наоѓа во Батл Крик. Кој главно го носи товарот на делото? Оние кои сесрдно и ревно работат токму во Батл Крик. Оние што се наоѓаат во првите редови на најсилната битка и кои, покрај сите тешкотии и замор, мораат да водат надзор над сите кои се ангажирани во донесувањето на најзначајните одлуки за Божјото дело, имаат најтешки одговорности. Нашите браќа од странство, кои се поштедени од сето ова треба да бидат благодарни на Бога што се наоѓаат во толку поповолна положба и треба да бидат последни кои би биле љубоморни, завидливи и да изнаоѓаат туѓи грешки, заземајќи положба, „Кажете, ... и ние ќе го кажеме тоа понатаму". {1С 526.1}

Црквата во Батл Крик ги носи и товарите кои спаѓаат во надлежност на повисок орган во централата на нашето дело, што тешко ги оптоварува скоро сите овдешни браќа. Истоштеноста на мнозина, како неизбежна последица на претерани напори, трае понекогаш и со месеци. Тие радосно го носат овој товар, но ги жалости и обесхрабрува бездушната незаинтересираност и горката љубомора, што поедини учесници на конференцијата ги покажуваат кога ќе се вратат во своите цркви. На сметка на оние што ги носат тие тешки товари и оние што стојат на чело на делото, често некои намерно, а некои од лекомисленост - изнесуваат неоправдани замерки. Сите тие изрази на завист и љубомора, како и побудите од кои произлегуваат, добро Му се познати на Бога; и сето

тоа е верно запишано. Мнозина му благодарат на Бога за вистината што ја слушнале, а потоа се свртуваат, доведувајќи го во прашање ова или она, и им изнаоѓаат грешки токму на оние луѓе што од небото се одредени да ги направат она што станале и што треба да станат. Колку помило би му било на Бога кога тие би постапувале како некогаш Арон и Ор, држејќи им ги рацете на оние што носат тешки одговорности во Божјото дело! Таквите кои постојано мрморат и во сè наоѓаат замерки, подобро би направиле да останат во своите домови каде нема да бидат изложени на вакви искушенија, каде нема да наоѓаат храна за својата љубомора, зло сомневање и изнаоѓање на туѓи грешки, зашто присуството на ваквите е само товар за нашите богослуженија; тие се вистински безводни облаци. {1C 526.2}

Оние што се чувствуваат слободни да изнаоѓаат грешки и да ги поправаат оние што се избрани од Бога да одиграат значајна улога во ова големо дело, повеќе би требало да се трудат да бидат обратени и да имаат Христов ум. Нека се сетат на Израеловите синови, кои биле исто така подготвени да му замеруваат на Мојсеј, кого лично Бог го повикал да го одведе Неговиот народ во Хананската земја, а и да мрморат против самиот Творец. Сите тие кои постојано мрмореле ги оставиле своите коски во пустината. Лесно е човек да се бунтува и да станува против нешто, пред разумно и мирно да утврдите дали воопшто постојат причини, за тоа не е потребна никаква мудрост. Израеловите синови се пример за нас кои живееме во последното време. {1C 527.1}

На мнозина им е лесно да фрлаат сомневања и да изнаоѓаат грешки во поглед на работата во Батл Крик, отколку добронамерно да кажат што треба да се направи. Некои дури и би се осмелиле да ја преземат оваа одговорност, но брзо би се покажало дека не дораснале со своето искуство, и би го изложиле на опасност целото дело. Кога овие, што само зборуваат и изнаоѓаат грешки, наместо тоа самите би ги понеле товарите, молејќи се за оние што работат, тие со добар пример и свето влијание би можеле да послужат на благослов и на себе и на другите. Мнозина се наклонети само да зборуваат отколку да се молат, бидејќи тоа е полесно; на таквите им недостасува духовност и вистинско посветување; и нивното влијание е погубно за Божјото дело. Наместо делото во Батл Крик да го чувствуваат како свое и да бидат заинтересирани за неговото напредување, тие стојат на страна како гледачи, сè доведуваат во прашање и на сè изнаоѓаат грешки. Така можат да се однесуваат само оние кои немаат скоро никакво искуство во ова дело и кои скоро ништо не жртвувале поради вистината. {1C 527.2}

---

90. ПРЕФРЛАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ДРУГИ

Оние почитувачи на саботата кои своите одговорности како повереници ги префрлаат на своите сопруги, иако се во можност тоа и самите да го направат, не постапуваат мудро и тоа не е според Божјата волја. Својата должност како повереник сопругот не може да ја префрли на својата сопруга. Тоа, меѓутоа, понекогаш сепак се прави, на штета и на едната и на другата страна од сопружниците. Сопругот кој верува во вистината понекогаш својот имот го пренесува на својата неверна сопруга, со надеж дека со тоа ќе ја задоволи, разоружа во нејзиното противење, конечно ќе ја наведе да ја прифати вистината. Тоа не е ништо друго, туку обид да се купи мирот од сопругата или таа да се подмити и изнајми за да ја прифати вистината. Средствата што Бог му ги

позајмил за да го потпомогне Неговото дело, сопругот ги пренесува на својата жена која нема никаква наклоност кон вистината; како еден таков повереник ќе даде сметка кога Господарот ќе го побара она што му го доверил и тоа со добивка? {1C 528.1}

Родителите кои исповедаат вера често својот имот го пренесуваат на своите неверни деца, и со тоа се стават во положба да не можат да Му го вратат на Бога тоа што е Негово. Со таквите постапки родителите ги симнуваат од себе должностите што Бог им ги доверил, и средствата што Тој им ги позајмил за да ги вложат кога Тој тоа ќе го побара, им ги остават на оние што се наоѓаат во редовите на непријателот. Не е во согласност со Божјата волја, родителите кои можат да одлучуваат, контролата над својот имот да им ја препуштат на своите деца, дури и кога децата се верни. Ретко се тие деца толку предани на Божјото дело колку што треба да бидат, и толку научени во училиштето на страдањата и неволјите за да можат вечното богатство да го ценат повеќе од овоземното. Да се стават средствата во рацете на такви е најголемо зло. Со тоа тие се изложуваат на искушение својата љубов да ја насочат кон овоземните ништожни и минливи нешта, да се потпираат на својот имот мислејќи дека ништо друго не им е потребно. Кога во рацете имаат пари што не ги стекнале со својот сопствен труд, ретко се случува мудро да ги употребуваат. {1C 528.2}

Сопругот што го пренесува својот имот на сопругата широко ја отвора вратата за нејзино искушување, било да е таа верник или неверник. Ако е таа верник, а по природа скржава, склона кон себичност и кон желба за стекнување богатство, нејзината борба ќе биде многу тешка зошто должностите како повереник ќе мора да ги извршува и за себе и за својот сопруг. За да биде спасена, таа мора да ги совлада сите тие слабости и, следејќи го примерот на божествениот Учител, да бара можности да им прави добро на другите, сакајќи ги како што Христос нас нè сака. Таа мора да го негува драгоцениот дар на љубовта, кој нашиот Спасител го покажувал на секој чекор од својот живот. Благородност, несебичност и добрина, биле постојано обележје на Неговиот живот. Совршената чистота на Неговиот живот не била извалкана со ниту една себична постапка. {1C 529.1}

Без оглед на побудите од кои сопругот во ваков случај се раководи, тој на патот на својата сопруга става голем камен за сопнување кој ќе претставува уште една пречка во нејзините напори да се победи себе. Ако имотот се пренесе на децата, последиците можат да бидат исто така негативни. Бог ги чита неговите побуди. Ако е тој себичен и своите должности ги пренесува на другите само за да го покрие своето лакомство и да има изговор зошто ништо не прави за напредокот на Божјото дело, проклетството на небото неизбежно ќе го стигне. Од Бога не може да се скрие ниту една постапка на човечките синови, бидејќи Тој ги чита намерите и побудите на сите срца. Неговото незадоволство можеби нема да се покаже видливо како во случајот со Ананија и Сафира, но сепак казната што на крајот ќе ги стигне престапниците нема да биде ништо помала. Обидувајќи се да ги измамат луѓето, тие го лажат Бога. „Душата која греши, таа ќе умре”. {1C 529.2}

Таквите не можат да поминат подобро на судот од оној слуга од Христовата парабола што примил еден талент и го сокрил во земјата. Кога бил повикан да даде сметка, тој почнал да го обвинува Бога за наводната неправда: „Знаев дека си Ти тврд господар: жнееш каде не си сеел, и собираш каде не си оставил; се исплашив и отидов, па го сокрив талентот Твој во земјата (каде не може да биде од корист за Божјото дело); и ете Ти го твоето”. Господ дава наредба: „Земете го талентот од него, и дајте му го на оној што има десет таленти... а неверниот слуга фрлете го во најдлабоката темнина, таму

ќе биде плач и шкртање со заби”. Таквите всушност не сакаат со зголемување на талентите да бидат од корист на својот Господар. {1C 530.1}

Покажано ми е дека мнозина својот талент што го добиле го замотуваат во крпа и го закопуваат во земјата. Секој денар вложен во Божјото дело, тие го сметаат за загубен. За оние што така размислуваат, тоа е всушност и така. Тие за тоа нема да примат никаква награда. Тие даваат мрморејќи, и само затоа што се чувствуваат должни нешто да направат. „Бог го сака оној што доброволно дава”. Оние што се задоволуваат со тоа што своите одговорности ги пренеле на сопругата или децата се измамени од непријателот. Пренесувањето на имотот на друго лице во никој случај не ја намалува нивната одговорност. Тие се одговорни за средствата што небото им ги доверило на нивна грижа и на никаков начин не можат да се оправдаат сè додека не Му го вратат на Бога она што им го дал со него да управуваат. {1C 530.2}

Љубовта кон светот ја одвојува душата од Бога. „Ако некој го сака светот, љубовта од Таткото не е во него”. Оние што својата љубов му ја подаруваат на светот не се способни да ја разликуваат вистината од заблудата. Светот се поставува меѓу нив и Бог, им го затемнува видот, а чувството на должност го парализира до таа мера што воопшто не се во состојба да ја видат разликата помеѓу она што е свето и она што е несвето. Таквите Бог ги повикува: „Очистете ги рацете свои, грешници, поправете го срцето свое, непостојани и дволични. Бидете потиштени, ридајте и плачете: вашето смеење нека се претвори во плач, и радоста во жалост”. Оние што ги оскверниле своите раце со нечистотиите на овој свет, повикани се да се очистат од таа нечистотија. Оние што мислат дека можат во исто време да му служат на овој свет и да го љубат Бога, се дволични. Не е можно во исто време да му се служи на Бога и на мамонот. Дволичноста на ваквите се гледа во тоа што во исто време додека го љубат овој свет и го губат секое чувство за своите должности и обврски кон Бог, сепак тврдат дека се Христови следбеници. Тие не се ниту едното, ниту другото, и ќе го загубат и овој и идниот живот ако не ги очистат своите раце и своето срце со потполно прифаќање на начелата на вистината. „Оној што тврди дека пребива во Него, должен е да живее исто така како што живееше и Тој”. „Со тоа љубовта се покажува совршена во нас за да имаме слобода на судниот ден, зашто како што беше Тој, така сме и ние во овој свет”. „Преку кои и на нас ни се дарувани драгоцени и преголеми ветувања, па благодарение на тоа да станеме учесници во божествената природа, ако побегнеме од изопаченоста на овој свет која е плод на похотите и телесните желби”. {1C 530.3}

Желбите од овој свет ја уништуваат вистинската побожност. Љубовта кон светот и сите негови минливи нешта ја одвојува душата од Таткото. Силната наклоност кон стекнување овоземно богатство сè повеќе зема замав меѓу оние кои тврдат дека го очекуваат доаѓањето на нашиот Спасител. Телесните желби, желбите на очите и гордоста на животот преовладуваат дури и меѓу оние што за себе тврдат дека се христијани. Тие незапирливо копнеат по интересите на овој свет, и мнозина ќе го продадат дури и својот вечен живот поради минливата овоземна добивка. {1C 531.1}

---

91. ИСПРАВНО ПРАЗНУВАЊЕ НА САБОТАТА

На дваесет и петти декември, 1865 година, покажано ми е дека постои голема немарност во поглед на празнувањето саботата. Не постоеше подготвеност да се

извршат световните должности во шесте работни денови кои Бог му ги дал на човекот и внимателност да не се повреди еден час од светото време кое лично Бог го посветил и го издвоил за Себе. Не постои таква работа што човекот смее да ја смета за толку важна, па поради тоа да ја крши четвртата заповед на Јехова. Работа и во сабота Христос дозволува само кога е во прашање спасување на животот на луѓе или животни. Но ако прописите на четвртата заповед ги престапуваме поради лична корист од парична гледна точка, стануваме престапници на саботата и виновни сме за престап и на сите останати заповеди, „зошто кој ќе згреши во едно, виновен е за сè". Ако се осмелиме за да го спасуваме својот имот да ја кршиме изричната заповед на Јехова - каде ќе застанеме? Каде ќе поставиме граница? Ако грешиме во таканаречените ситни нешта и сметаме дека тоа што го правиме не е некој нарочен грев, чувството на должност и нашата совест стануваат сè помалку чувствителни; ќе продолжиме да работиме и поголеми работи прелажувајќи се дека сè уште ја празнуваме саботата, додека според Христовото мерило сме престапници на сите Божји заповеди. Мнозина почитувачи на саботата грешат во овој поглед; но Бог е сосема јасен, и сите оние што мислат дека добиле во време и дека нешто постигнале крадејќи и еден миг од Господовото време, порано или подоцна ќе се соочат со загуба. Тој не може да ги благослови онака како што би сакал, бидејќи Неговото име е обесчестено, а Неговите свети прописи омаловажени. Тие ќе почувствуваат дека ги следи Неговото проклетство и дека десеткратно губат, па дури и дваесеткратно повеќе од она што го добиле. „Може ли човекот да краде од Бога? А вие Ме крадете, . . . вие, сиот народ". {1C 531.2}

Бог му дал на човекот шест дена за да работи за своите потреби, но издвоил еден ден кога човекот своето посебно почитување и слава треба да му ги укажува само на Него. Тоа е ден кога Тој треба да биде прославен, а Неговиот авторитет почитуван. Па сепак, човекот се осмелува да го краде Бога, земајќи скришно нешто од времето што Тој како Творец го издвоил за Себе. Седмиот ден Бог го одвоил како време за одмор, и за доброто на човекот и за слава на Своето име. Тој видел дека на човекот му е неопходен еден ден за одмор од сите негови напори и грижи, бидејќи неговото здравје и живот би биле загрозени ако не би имал одредено време за релаксација од сите напори и немири кои го следат во текот на шесте работни дена. {1C 532.1}

Саботата е создадена за доброто на човекот; и намерното престапување на светата заповед што забранува работа во седмиот ден претставува злосторство во очите на небото, за кое законот во Мојсеево време барал смрт за престапникот. Но тоа не е сè што може да го снајде престапникот; оние што го престапуваат Неговиот закон Бог нема да ги прими на небото. Полната и конечна казна за престапниците на Божјиот закон ќе биде втората смрт. {1C 533.1}

---

92. ПОЛИТИЧКИ ПОГЛЕДИ

Во Рочестер, држава Њујорк, покажани ми се многу поединости што се однесуваат на Божјиот народ, а се поврзани со Неговото дело во овие последни денови. Видов дека многу од оние што тврдат дека ја празнуваат саботата нема да го наследат вечниот живот. Тие ја пропуштаат можноста да се поучат од грешките и пропустите на Израеловите синови, и скоро потполно продолжуваат по истиот пат по кој оделе и тие.

Ако и понатаму останат во тие гревови ќе паднат на испитот како и старозаветниот Израел и никогаш нема да стигнат во небесниот Ханан. „А сето ова што се случуваше беше за нивен пример, а се напиша за наша поука, кои живееме во последното време од историјата на овој свет". {1C 533.2}

Покажано ми е дека мнозина ќе паднат пред да стигнат до царството. Бог го проверува и испитува Својот народ, и мнозина нема да ја издржат проверката на карактерот според Божјите мерила. Мнозина ќе мораат да водат тешка борба за да ги победат изразените црти на својот карактер и да се најдат без мана и дамка или било што слично, беспрекорни пред Бога и пред луѓето. Мнозина што тврдат дека ја празнуваат саботата, доколку не извршат потполна реформа во својот живот, нема да бидат од никаква корист за Божјото дело, ниту за црквата. Многу почитувачи на саботата не се исправни пред Бог поради своите политички гледишта. Тие не се во согласност со Божјото Слово, ниту со црквата на оние што ја празнуваат саботата. Нивните гледишта не се во согласност со начелата на нашата вера. Сите што сè уште ги задржуваат политичките гледишта, не се во согласност со духот на вистината и со таа своја пракса ги погазуваат начелата на небото. Затоа, додека остануваат такви тие не можат да го поседуваат Духот на слободата и светоста. {1C 533.3}

Нивните погледи и гледишта во политичките прашања претставуваат голема пречка за нивното духовно напредување. Тоа претставува постојана стапица за самите нив и срам за нашата вера, и оние што упорно ги задржуваат таквите погледи на крајот ќе се најдат токму таму каде што непријателот сака да бидат, каде дефинитивно ќе бидат одвоени од христијаните што ја празнуваат саботата. Тие браќа не можат да сметаат на Божјото одобрување сè додека им недостасува љубов и сочувство кон угнетената црна раса и додека се во политичка спротивставеност со чистите републикански начела на нашата влада. Кон бунтовите на земјата Бог нема никаква наклоност, како што немал ниту за бунтот на небото, кога големиот бунтовник, станувајќи против самите темели на Божјото владеење, бил соборен од небото заедно со сите свои соучесници во бунтот. {1C 534.1}

---

93. ДАВАЊЕ ПАРИ СО КАМАТА

Во визијата што ми е дадена во Рочестер, Њујорк, на 25 декември, 1865 година, покажано ми е дека почитувачите на саботата треба прашањето за земање камата внимателно да го разгледаат. Каматата кои имотните луѓе можат да ја земаат од неверниците, немаат право да ја земаат од своите сиромашни браќа. „Ако осиромаши твојот брат и стане слаба неговата рака, прифати го... Немој да земаш од него камата ниту добивка; туку бој се од Бога, за да поживее твојот брат заедно со тебе. Пари не му давај со камата, ниту му позајмувај храна за добивка". „Не давај му заради добивка на својот брат ниту пари, ниту храна, ниту било што што се дава поради добивка. На странецот давај му за да земеш добивка, но на братот свој никогаш не го прави тоа, за да те благослови Господ, твојот Бог во сè што ќе работи твојата рака, во земјата во која одиш да ја наследиш". {1C 534.2}

Бог не е задоволен од припадниците на Својот народ поради одвратната скржавост што тие толку ја покажуваат. Во својата незаситна желба да стекнат добивка, тие

бесчувствително ги искористуваат своите сиромашни браќа кои се во неповолна положба и во неволја, зголемувајќи го на нивна сметка своето и така големо изобилство, додека тие во својата сиромаштија страдаат и се во скудност. „Зар сум јас чувар на својот брат?" е најчестиот одговор на нивното срце. {1C 535.1}

Пред неколку години некои од сиромашните верници беа во опасност да го изгубат спасението поради толку лошите впечатоци што богатите ги оставија на нив. Каде и да се свртат, сатаната ги искушуваше во поглед на нивните односи со богатите. Во својата сиромаштија, тие постојано очекуваа да им се покажува наклоност во вид на некоја помош, додека нивна должност е да се потпрат на сопствените сили; бидејќи кога постојано би им била давана помош, тоа би била најлоша услуга што би можела да им се направи. Во сите наши редови, сатаната постојано настојува со своите искушенија да ги совлада сиромашните. Некои, во недостаток на мудрост и здраво расудување, одат по сопствените патишта не барајќи и не прифаќајќи ничии совети. Како неизбежни последици на своите промашени пресметки, таквите често мораат многу да пострадаат, но сепак, токму тие сметаат дека имаат некое посебно право на наклоност и помош од страна на своите побогати браќа. Ова погрешно сфаќање треба да се исправи. Тие што размислуваат така не се свесни за одговорноста, грижата и збунетоста што ги притискаат побогатите. Тие само гледаат како побогатите имаат сè во изобилство, додека тие самите толку се мачат во својата скудност. Од друга страна пак, богатите погрешно мислат дека сите сиромашни се исти; но и меѓу сиромашните има такви кои прават сè што е во нивна моќ да придонесат за слава на Божјото име, да прават добро и да живеат во согласност со вистината. Тоа се луѓе достојни за почитување и кои заслужуваат пофалба. Тие имаат здраво расудување и духот со кој се раководат е драгоцен во Божјите очи. Во својата скромност и ненаметливост, тие можат да придонесат десеткратно повеќе од богатите, иако овие понекогаш приложуваат големи износи во пари. Имотните тешко ја увидуваат потребата да прават добро, да бидат богати во добри дела, подготвени да делат и со задоволство да контактираат со другите. {1C 535.2}

---

94. ИЗМАМАТА НА БОГАТСТВОТО

Некои кои тврдат дека веруваат во вистината немаат способност јасно да ја разликуваат и проценуваат моралната вредност. На оние кои фалбаџиски зборуваат за својата преданост на делото и тврдат дека знаат сè што треба да знаат им недостасува скромност на срцето. Тие можат да имаат средства и имот, што е доволно да стекнат влијание и углед кај луѓето, но со тоа ниту за цртичка не се воздигнуваат во Божјите очи. Парите имаат моќ и вршат големо влијание. Најубавите карактерни особини и морални вредности често се потценуваат, ако оној што ги поседува е сиромашен во материјален поглед. Но зар на Бог му се потребни парите или имотот? Сета стока по планините, на Илјадници, Негова е. Негов е целиот свет и сè што е во него. Жителите на Земјата се пред Него како скакулци. Луѓето и сиот нивни имот се само една мала прашинка. Тој не ги проценува луѓето според она што го поседуваат. {1C 536.1}

Гледајќи го својот имот, луѓето често се наклонети да кажат: „Со својата мудрост и способност го стекнав сето ова". Но кој им дал сила да го стекнат сето тоа? Бог ги надарил со способностите што ги имаат, но тие наместо да го слават Него, се издигнуваат самите себе. Тој ќе ги испита и провери, претворајќи го нивното фалење во прав,

одземајќи им ја силата и растурајќи го сето она што го имаат. Наместо благослов, ќе ги снајде проклетство. Ниту една погрешна постапка на угнетување на другите или застранување од правиот пат не смее да се толерира кај богатиот повеќе отколку кај оној што не поседува ништо. Сите богатства што најбогатите можат да ги поседуваат не се доволно вредни да го покријат и најмалиот грев пред Бога; своите престапи тие не можат со тоа да ги откупат. Бог прифаќа само покајание, вистинска понизност, скршено срце и смирен дух. Човекот не може да биде вистински скромен пред Бог ако тоа не го покаже на дело и во својот однос со другите. Само покајанието, признавањето и отфрлањето на гревот е она што Бог може да го прифати. {1C 536.2}

Мнозина од имотните своето богатство го стекнале со скржавост и со подготвеност да ја искористат несреќата на своите сиромашни сограѓани или браќа, и токму таквите се фалат со својата остроумност и вештина во своето работење. Но секој така заработен денар и, сета добивка стекната на таков начин донесуваат само проклетство. Кога ова ми беше покажано ја сфатив сета далекусежност на Христовите зборови: „Полесно ѝ е на камила да помине низ иглените уши, отколку на богатиот да влезе во Божјото царство". Оние што имаат природни способности и смисла за стекнување богатство треба постојано да бидат внимателни, за во таа своја склоност да не застранат од патот на строгата чесност. На тој начин мнозина паѓаат во искушение во трговијата и размената на добра да земаат повеќе од вредноста на она што го нудат, жртвувајќи ги начелата на благородноста и своето лично достоинство за некоја нечесна добивка. {1C 537.1}

Покажано ми е дека мнозина што ја држат саботата толку многу го сакаат светот и она што е во него, така што тоа потполно ги изопачило. Од нивниот карактер го снемало сето она што е божествено, а се вовлекло сатанското, претворајќи ги во орудија за остварување на неговите зли цели. Потоа, - спротивно на овие - ми беа покажани вредните, честити и чесни сиромашни, секогаш подготвени да им помогнат на оние на кои им е потребна помош, подготвени и да бидат искористувани од своите побогати браќа, отколку да бидат скржави и лакоми сребролъупци како нив. За таквите, да се има чиста совест, дури и во најмалите ситници, поважно е од било какво богатство. Тие толку сакаат да им помагаат на другите и да прават само добро, така што воопшто не собираат никакво богатство. Нивниот земен имот не се зголемува. Ако се потребни средства за некоја добротворна цел или лични напори, тие се први кои се одзиваат на повикот, и често прават далеку повеќе од своите материјални можности, одречувајќи се дури и од нешто што им е неопходно, за да ги извршат своите дела на добродетелство. {1C 537.2}

Бидејќи ваквите луѓе не можат да се пофалат со стекнување на овоземно богатство, некој може да помисли дека им недостасуваат способности, здраво расудување и мудрост. На таквите обично не им се посветува некое посебно внимание, ниту се цени нивното влијание од страна на луѓето; но како Бог гледа на тие вистински мудри сиромашни луѓе? Во неговите очи тие се драгоцени, бидејќи - иако не насобираат богатство на земјата - собираат за себе вечно богатство на небото со што покажуваат мудрост која е од мудрувањето и калкулирањето на таканаречените христијани во лакомото насобирање земно богатство, толку повозвишена колку она што е божествено е повозвишено од она што е овоземно, сетилно и сатанско. Она што Бог го цени, тоа се моралните вредности. Христијанскиот карактер неосквернет со лакомството, благоста, кротоста и смерноста се во Неговите очи подрагоцени од најчистото злато, повредни дури и од офирското злато. {1C 538.1}

Богатите ќе бидат испитувани повеќе од било кога порано. Ако ја издржат пробата, ги совладаат недостатоците на својот карактер и како верни Христови повереници му го вратат на Бога тоа што е Негово, на крајот и на нив ќе им бидат упатени зборовите: „Добро извршено, слуго добар и верен, во малку Ми беше верен, над многу ќе владееш; влези во радоста на својот Господар!” {1C 538.2}

Потоа ми беше укажано на параболата за неверниот повереник: „И јас ви велам: Создајте си пријатели со неправедно богатство, за кога ќе осиромашите да ве примат во вечните живеалишта. Кој е верен во малку и во многу ќ е биде верен; а кој е неверен во малку и во многу ќе биде неверен. Значи, кога во неправедното богатство не бевте верни, кој ќе ви го даде вистинското? Кога во туѓото не бевте верни, кој ќе ви го даде вашето?“ {1C 538.3}

Оние што не Му го враќаат на Бога она што Тој им го дал како заем за да го употребат во слава на Неговото име, и на тој начин крадат од Него, ќе доживеат потполн неуспех. Тој им позајмил средства за да ги искористат - не пропуштајќи ниту една прилика - да прават добро. На тој начин тие можат постојано да собираат богатство на небото. Но ако тие, како неверниот слуга, својот талент го кријат, плашејќи се дека добивката стекната од нивниот труд Бог ќ е им ја земе, тие ќе ја загубат не само добивката која на крајот ќе му биде дадена на верниот повереник, туку ќе ја изгубат и главнината што Бог им ја доверил за да работат со неа. Бидејќи краделе од Бога, тие нема да имаат вложено ништо во небесната ризница, а ќе го загубат исто така и своето овоземно богатство. Така нема да го имаат ниту она за што се мачеле на оваа земја, ниту Пријателот на небото кој би ги примил во вечните живеалишта на спасените. {1C 539.1}

Христос кажува: „Никој не може да им служи на двајца господари; зашто или едниот ќе го замрази а другиот ќе го засака; или до едниот ќе се прилепи, а другиот ќе го презре. Не можете да му служите на Бога и на мамонот”. - На Бога и на своето овоземно богатство. „А сето ова го слушаа и фарисеите кои беа сребролупци и Му се потсмеваа”. Да го свртиме вниманието на зборовите што Исус им ги кажал: „Вие сте оние кои се правите праведни пред луѓето; но Бог ги знае вашите срца; зошто она што е за луѓето високо (а тоа е богатството стекнато со угнетување, измама, лукавство, лажење, или на било кој нечесен начин) тоа е гадно пред Бога”. Потоа Исус истакнал двајца луѓе со спротивен карактер - богатиот што се облекувал во скерлет и свила, живеејќи господски секој ден веселејќи се, и сиромашниот Лазар кој во својата болка изгледал одвратно и бил желен за трошките што паѓале од трпезата на богатиот. Во своето излагање, нашиот Спасител ја кажал Својата оцена за карактерот на овие двајца луѓе. Лазар, иако се наоѓал во така жална и бедна состојба, имал вистинска вера и морална вредност, која Бог ја видел; и Тој за тој презрен и напатен сиромав човек подготвил највозвишена положба, додека богатиот кој бил толку високо ценет и ги имал сите уживања на овој свет, ќе биде протеран од Божјото присуство во маки и неискажливи страдања. Со своето богатство овој богаташ не заслужил никакво уважување од страна на Бог, бидејќи немал вистинска морална вредност. Неговиот карактер бил безвреден. Со своето богатство тој не можел да се препорача пред Бога, ниту да го задобие Неговото одобрување. {1C 539.2}

Со оваа парабола Христос сакал на учениците да им ја нагласи поуката дека луѓето никогаш не треба да ги вреднуваат според нивното богатство, ниту според честа што им се укажува. Така и фарисеите, иако имале и богатство и чест од луѓето, во Божјите очи биле безвредни; и повеќе од тоа, Тој ги презрел и отфрлил, гадејќи се од нив, бидејќи во нив навистина немало никаква морална вредност, ниту доследност. Тие биле изопачени, грешни и одвратни во Неговите очи. Сиромашниот Лазар кој бил презрен и

отфрлен во очите на смртниците, така што се гаделе од него, Бог високо го ценел поради неговите морални вредности и го удостоил за друштвото на светите и чисти ангели и да биде Божји наследник и сонаследник со Христос. {1C 540.1}

Во своето послание до Тимотеј, апостол Павле укажува на една категорија луѓе кои „не ја прифаќаат здравата наука" и имаат погрешна претстава за богатството. Тој кажува: „Ако некој поучува поинаку и не ги прифаќа здравите зборови на нашиот Господ Исус Христос и учењето за побожноста, се возгордеал не знаејќи ништо и е болен од празни препирки и распрашувања, од кои произлегуваат зависта, карањето, хулењето, лошите мисли; залудни препирки меѓу луѓето што имаат изопачен ум, лишени се од вистината; тие мислат дека побожноста служи за трговија. Бегај од такви! А голема печалба е, навистина, да биде човек благочестив и задоволен со себе. Бидејќи ништо не сме донеле на светов, јасно е дека не можеме и ништо да однесеме. Но кога имаме храна и облека, со тоа да бидеме задоволни. А оние што сакаат да се збогатуваат, паѓаат во искушение, во стапици и во многу неразумни и штетни желби, што го потопуваат човекот во пропаст и погибел. Зашто коренот на сите зла е среброљубието, на што некои му се предадоа, се отклонија од верата и си навлекоа многу маки. Но ти човеку Божји, бегај од сето тоа и стреми се кон праведноста, побожноста, верата, љубовта, трпеливоста и кротоста! Бори се со добриот подвиг на верата; освој го вечниот живот за кој си и повикан и си дал добра потврда пред многу сведоци". „Заповедај им на богатите од овој свет да не се гордеат, ниту да се надеваат на непостојаното богатство, туку на живиот Бог, Кој ни дава во изобилие сè за нашите потреби; нека прават добро, нека се збогатуваат со добри дела, да бидат штедри и сочувствителни. И на таков начин да си собираат сокровиште - добра основа за иднината, за да постигнат живот вечен". {1C 540.2}

Во ова послание Павле на Тимотеј посебно му ја нагласува неопходноста своите поуки на верниците да им ги изнесува на таков начин за тие да ја разоткријат заблудата во која често запаѓаат богатите - дека тие поради богатството се позаслужни да им се посвети внимание и пофалба отколку на сиромашните, дека поради способноста да стекнат богатство се понадарени со мудрост и расудување - накратко дека „побожноста е извор на добивка". Тоа е страшна измама Колку малку се оние што се подготвени да го послушаат налогот што Павле му го дава на Тимотеј во поглед на богатите! Колкумина од нив си ласкаат на самите себе дека нивната наклоност кон стекнување богатство претставува побожност! „А побожноста", кажува Павле, „е голема добивка кога сме задоволни со она што го имаме". Иако оние кои се наклонети кон натрупување на богатство можат на тоа да го посветат целиот живот како единствена цел, сепак ништо нема да земат од овој свет, зашто ништо ни не донеле на светот. Кога смртта ќе дојде, ќе мораат да остават сè околу што толку се мачеле. За да стекнат овоземно богатство, тие ставиле на коцка сè, па и своите вечни интереси; и на крајот го губат и овој и идниот живот. {1C 541.1}

Павле јасно укажува на опасноста на која луѓето се изложуваат во својот стремеж да се збогатат. Но мнозина, во својата цврста решеност и опсесија да стекнат богатство, ги игнорираат вечните интереси. Заслепени од сатаната, тие самите себе се уверуваат дека стекнувањето богатство го остваруваат со најдобри намери. Тие вршат насилство над својата совест, се прелажуваат самите себе и не престануваат да се лакомат да стекнат големо богатство. Таквите се отстрануваат од верата и самите на себе си задаваат големи грижи и маки. Тие ги жртвуваат своите благородни и возвишени начела, се одрекуваат од својата вера поради богатството, и ако не се разочараат во своите

намери, ќе се разочараат во поглед на среќата што очекувале дека богатството ќе им ја донесе. Тие се фатени во стапица на тешки грижи, и стануваат робови на својата скржавост, принудувајќи ги на тоа и членовите на своето семејство, а добивката им е „големи маки". „Заповедај им на богатите од овој свет да не се гордеат, ниту да се надеваат на непостојаното богатство, туку на живиот Бог, Кој ни дава во изобилие сè за нашите потреби". Луѓето не смеат да натрупуваат богатство на штета на своето здравје, лишувајќи се од животниот комфор и претворајќи се во робови само за да го сочуваат или зголемат своето земно богатство. {1C 541.2}

Укажувајќи на единствената исправна употреба на богатството, апостол Павле му наложува на Тимотеј да ги упатува богатите да прават добро, да се богатат во добри дела, да бидат дарежливи и друштвени, поставувајќи со тоа добар темел за иднината - мислејќи при сето тоа на свршетокот на времето - да добијат вечен живот. Ова Павлово учење е во совршена согласност со Христовите зборови: „Создајте си пријатели со неправедно богатство за кога ќе осиромашите да ве примат во вечните живеалишта". Побожноста е навистина голема придобивка кога сме задоволни со она што го имаме. Овде се наоѓа вистинската тајна на среќата, и вистинскиот напредок и на душата и на телото. {1C 542.1}

---

95. ПОКОРУВАЊЕ НА ВИСТИНАТА

Драги брате Д, во визијата што ја имав во Рочестер, Њујорк, на 25 декември, се сеќавам дека, помеѓу останатите, го забележав и твоето лице. Покажано ми е дека се наоѓаш во последните редови. Ти си осведочен дека ние ја имаме вистината, но сепак не си го искусил нејзиното посветувачко влијание. Не одеше внимателно по стапките на нашиот Откупител, и затоа не си подготвен да живееш онака како што живеел Тој. Додека ги слушаш зборовите на вистината, твоето расудување ти кажува дека тие се вистинити и непобитни, но твоето непосветено срце веднаш ти дошепнува: „Ова е тврда беседа, кој може да ја слуша? Подобро ти е да се откажеш од своите напори да го следиш во чекор Божјиот народ, бидејќи постојано ќе се појавуваат нови и необични барања, и кога ќе дојде време сепак ќе мораш да се откажеш. Зошто тоа да не го сториш веднаш? Подобро е тоа да го сториш веднаш отколку да продолжиш понатаму". {1C 543.1}

Ти не се согласуваш исповедањето на вистината да го прифатиш само на зборови, а да не живееш според неа; отсекогаш сметаше дека во животот треба да се биде доследен на она што се исповеда. Покажана ми е книга во која, покрај другите, е запишано и твоето име. Покрај твоето име имаше една црна дамка. Погледнувајќи во неа, ти кажа: „Тоа никогаш не може да се избрише". Исус испружувајќи ја во тој правец Својата ранета рака рече: „Ова може да се избрише само со Мојата крв. Ако се одлучиш отсега понатаму понизно да продолжиш по патот на послушноста, потпирајќи се единствено на заслугите на Мојата крв, која единствено може да ги покрие твоите престапи од минатото. Јас ќе ги избришам твоите престапи и ќе ги покријам твоите гревови. Но ако продолжиш по патот на престапот ќе мора да пожнееш казна за своите гревови. Зашто плата за гревот е смртта". {1C 543.2}

Видов како злите ангели се насобираат околу тебе настојувајќи твоите мисли да ги одвратат од Христа, и да те наведат да гледаш во Бог само строг судија, губејќи ја потполно од вид љубовта, сочувството и милоста на распнатиот Спасител кој може да го спаси секого што ќе му се обрати за помош. Ангелот ги повтори зборовите на апостолот: „Ако некој згреши, имаме Застапник на небото кај Таткото, Праведникот Исус Христос". {1C 543.3}

Секогаш кога ќе се најдеш под притисок на црни мисли, кога слушајќи ги дошепнувањата на сатаната мрмориш и се жалиш на својата несреќа, небото веднаш испраќа ангел со задача да ти дојде во помош, и да го посрами таквото резонирање на твојата неверна душа. Ти недостасува доверба во Бога; ти не веруваш дека Тој навистина може секого да го спаси. Со тоа свое ужасно неверување ти го обесчестуваш Бог, а на самиот себе си нанесуваш многу непотребни страдања. Видов како небесните ангели, собирајќи се околу тебе, ги потиснуваат злите ангели, гледајќи те со тага и болка, и укажувајќи ти на небото и на круната на вечната слава, зборуваат: „Оној што сака да победи мора да се бори". {1C 544.1}

Иако обземен со сомнежи и неизвесност, не се осмели потполно да ја раскинеш врската што те соединува со народот што ги држи Божјите заповеди. Сепак сè уште не си подготвен да се одречеш од сè поради вистината, своето „јас" и својата волја да ја потчиниш на Божјата волја. Се плашиш на Божјиот жртвеник да се ставиш себе и сè што имаш, за да не се бара од тебе да Му вратиш на Бог дел од она што ти позајмил. На небесните ангели им е познат секој твој збор, секоја постапка, па дури и мислите и побудите на твоето срце. Ти драги брате, се плашиш дека прифаќањето на вистината бара преголеми жртви, но тоа ти го дошепнува сатаната. Дури и кога би жртвувал сè што имаш, и тоа не е премногу; бидејќи она што ќе го добиеш, ако вистински го процениш е вечната и од сè повозвишена слава. Колку незначително е тоа што се бара од нас! Колку е малечка жртвата што ние ја даваме кога ќе се спореди со она што нашиот божествен Учител го направил за нас! Па сепак, ти мрмориш мислејќи дека цената за вечниот живот е превисока. И ти и другите твои браќа во _____ имате тешки судири со непријателот на душите. Ти во тие судири неколку пати скоро потполно подлегна, но на крајот сепак те спаси влијанието на твојата сопруга и на твојата најстара ќерка. Овие членови на твоето семејство би се покориле на вистината со цело срце само кога ти со своето влијание би ги поддржал во тоа. {1C 544.2}

Твоите ќерки гледаат на тебе како на свој пример, бидејќи мислат дека таткото секогаш мора да е во право. Нивното спасение многу зависи од ставот што ти ќе го заземеш. Ако престанеш да се бориш за вечен живот, со своето силно влијание што го имаш на своите деца, ќе ги повлечеш и нив со себе, ќе ја уништиш надежта и вербата на својата верна сопруга и ќе ја ослабиш нејзината волја да се бори за животот. Како ќе се сретнеш на судниот ден со нивното сведочење дека со своето неверство ја предизвика и нивната пропаст? {1C 545.1}

Видов како под притисок на дошепнувањата на сатаната неколку пати престана со напорите да живееш во согласност со вистината. Искушувачот постојано ти дошепнува дека, земајќи ги во предвид сите твои слабости и недостатоци, и со најголеми можни напори нема да успееш да се одржиш во верата и во животот на побожноста. Покажано ми е како твојата сопруга и твојата најстара ќерка како добри ангели постојано бдеат над тебе, храбрејќи те да се спротивставуваш на заводливите наговарања на сатаната; и дека само љубовта кон нив ти помогна во повремените обиди со растреперената рака на верата да се потпреш на Божјите ветувања. Сатаната само чека миг за да те собори и

да ликува над твојата пропаст. Со својот став ти ги охрабруваш во бунтот оние што ги кршат Божјите заповеди. Нема да бидеш и не можеш да бидеш силен во верата се додека одлучно не застанеш на страната на вистината. {1C 545.2}

Ти сметаш дека систематското добродетелство е непотребно, но го губиш од вид фактот дека тоа е воспоставено од Бога чија мудрост е непогрешлива. Тој систем е одреден од Бога, за да се спречи збунетоста во врска со тоа прашање, да се спречи лакомството, алчноста, себичноста и идолопоклонството. Цел е товарот на делото да се распореди така за сите да можат да учествуваат во тоа. Спасението на човекот е платено со неизмерна цена. Господ на славата доброволно се согласи да го положи Својот живот за да го подигне човекот од неговата крајно ниска состојба и да го стори наследник на животот. Бог одредил на овој начин човекот да даде свој придонес во големото дело на откупувањето. Оној што ја избегнува оваа должност и не е подготвен на самоодрекување за и на другите да им биде овозможено заедно со него да уживаат во благодатите на небото, со тоа докажува дека е недостоен за вечниот живот и за небесното богатство за што е поднесена толку голема жртва. Бог не ја прифаќа жртвата што не е дадена со задоволство и која просто е изнудена. Оние што се навистина обратени и кои го ценат Божјото дело радосно ќе го даваат она малку што се бара од нив, сметајќи го тоа за предимство што им е дадено. {1C 545.3}

„Отстранувајте се од телесните желби што војуваат против душата," кажа ангелот. За тебе и здравствената реформа е камен за сопнување. Ти се чини дека таа е непотребен додаток на вистината. Тоа не е точно. Таа е составен дел на вистината. Ова за тебе ќе претставува задача потешка од сè што досега било барано од тебе. Сè додека се притеснуваш и се повлекуваш, пропуштајќи да го прифатиш овој благослов кој ти се нуди како вистинска привилегија, ќе бидеш само губитник. Ти се сопнуваш токму на она што ти е пратено од небото како благослов да го олесни твоето напредување во верата. Сатаната ти ја прикажува здравствената реформа во најнеповолна светлина за да се спротивставуваш на она што може да биде најголем благослов за твоето телесно и духовно здравје. Токму на тебе здравствената реформа ќ е ти користи многу повеќе отколку на било кој друг, и секој дел од вистината прифатена во врска со тоа прашање би бил за тебе вистинска благодат. За тебе поумерената и поедноставната исхрана би била мошне корисна. Ти веќе беше во опасност целата една страна од телото да ти се парализира. Зауздувањето на апетитот би било спасоносно за тебе, а ти гледаш на тоа како на преголемо лишување. {1C 546.1}

Причината зошто младите во ова наше време немаат поголема наклоност кон верата се наоѓа во нивното воспитување. Не е никаков доказ дека родителите имаат вистинска љубов кон децата ако им дозволуваат да попуштаат на страстите и неказнето да покажуваат непочитување кон родителскиот авторитет. „Како изданокот на дрвото ќе се насочи додека е младо такво ќе остане и стеблото кога ќе се развие". Во своите напори во душата на своите деца да изгради добар темел за развој на вистински христијански карактер, мајката секогаш треба да ја има поддршката и соработката од таткото. Колку и да е нежен, таткото не смее да ги затвора очите за грешките и маните на своите деца само затоа што не му е пријатно да ги казнува. И таткото и мајката мораат најодлучно, но не грубо, да ги поучат децата дека мораат да им се покоруваат. {1C 546.2}

Таткото не смее да биде дете, дозволувајќи да се поведува само според своите чувства. Тој е врзан со своето семејство со свети, нераскинливи врски. Секој член на семејството се потпира на таткото. Називот „хасбанд*" е вистинската дефиниција за сопругот. Тој е законодавач во семејството и со своето држење треба да даде пример

на доблест, енергија, честитост, чесност и практична корисност. Принесувајќи утринска и вечерна жртва на семејниот олтар, додека жената и децата му се придружуваат во молитвата и му благодарат на Господ, таткото е во извесна смисла и свештеник на семејството. Во таквото семејство Исус ќе пребива, и благодарение на Неговото влијание што оживува ќе се слушнат радосните извици на родителите во пославните места (на небото): „Еве, јас и децата што Господ ми ги даде". Спасени, спасени, засекогаш спасени. Слободни од изопаченоста што го обзела целиот свет поради задоволувањето на телесните желби, и благодарение на Христовите заслуги достојни сме да бидеме наследници на бесмртноста! Но видов дека само мал број татковци ја сфаќаат големината на својата одговорност. Тие не научиле да владеат со себе, а сè додека не го научат тоа, тие не се во состојба да управуваат со своите деца и со своето семејство. Совршеното владеење со себе ќе делува како волшебен занес на целото семејство. Кога тоа ќе се постигне, задобиена е голема победа. Дури тогаш и децата можат да се учат да владеат со себе. {1C 547.1}

Длабоко сум возбудена во срцето поради припадниците на месната црква во _____, зашто овде треба многу да се направи. Божја намера е во тоа место да има Свој народ. Овде постојат услови за една примерна црква, но треба уште многу да се стори за да се отстранат остриte нерамнини и сите да се навикнат да работат сложно и единствено, така што секој ќе може да даде свој придонес. До сега се случуваше двајца или тројца, чувствувајќи ја потребата од будење, да се соединат и да се утврдат на возвишената платформа на вистината, додека другите не преземаат никакви напори за да се издигнат. Сатаната го поттикнува во нив духот на бунтување за да ги обесхрабри оние што се залагаат за напредок. Тие се колебаат кога треба неодложно да започнат со работа, покажувајќи пркосен дух, попречувајќи наместо да помагаат во работата. Тие не се потчинуваат себеси на Божјото ренде, и кога тоа минува над нив и ги израмнува нерамните површини, тие се жалат дека тој процес е премногу болен и преостар. Тие би сакале од Божјата работилница да излезат задржувајќи ги недопрени сите свои мани и недостатоци. Потполно се слепи во поглед на својата вистинска состојба, и нивна единствена надеж е да останат овде, каде маните и недостатоците на нивниот карактер можат да бидат видени и отстранети. {1C 547.2}

Мнозина им попуштаат на апетитот и страстите кои војуваат против душата и претставуваат постојана пречка за нивното духовно растење. Тие постојано чувствуваат грижа на совеста и кога вистините одредено и неизвртено ќе им се изнесат, подготвени се да се навредат. Се осудуваат самите себе и мислат дека сè што се кажува од проповедалната е со умисла насочено против нив. Сметаат дека со нив се постапува неправедно и навредливо, и се повлекуваат од собирите на верниците. Ги избегнуваат богослуженијата и воопшто не сакаат да се состануваат со другите за да не се вознемирува нивната совест. Ако се случи и да дојдат на некое богослужение, брзо го губат интересирањето и љубовта кон вистината; и ако потполно не се реформираат, ќе се вратат во редовите на бунтовниците и ќе застанат под црното знаме на сатаната. Кога би биле подготвени да ги распнат своите телесни желби што војуваат против душата, тие би се нашле на безбеден пат каде стрелите на вистината не би ги ранувале. Но сè додека им попуштаат на апетитот и страстите и тие свои идоли ги негуваат и бранат, самите се поставуваат како мета која стрелите на вистината ја погодуваат; и секоја вистина, било како да биде кажана, нив неизбежно ги ранува. Некои мислат дека реформата во исхраната за нив е целосно неприфатлива, дека со оставањето на чајот, тутунот и месото ќе го жртвуваат своето здравје. Тоа им го кажува сатаната. Тие штетни

стимулативни средства всушност го поткопуваат здравјето и го подготвуваат патот за акутни заболувања, нарушувајќи го чувствителниот механизам на природата и рушејќи ги нејзините тврдини подигнати против болестите и предвременото распаѓање. {1C 548.1}

Оние што ќе го изменат начинот на живот и ќе ги отфрлат тие штетни стимулативни средства ќе чувствуваат извесно време дека тие им недостасуваат и можеби и ќе страдаат поради тоа, како и пијаницата што е неразделно врзан за својата ракија. Кога ќе го остави тој опоен пијалак тој страшно страда поради тоа затоа што му недостасува; но ако биде истраен, брзо ќе го совлада тој страшен недостаток. Природата ќе му дојде во помош и ќе го поддржува сè додека не најде сигурна потпора. Некои ја отапеле фината чувствителност на својот организам до таа мера, така што на природата ќе и биде неопходно извесно време за да закрепне од злоупотребите предизвикани од попуштањето на апетитот и изопачените желби, кои ја исцрпеле и ослабнале нејзината сила. Дајте и шанса на природата и таа ќе закрепне и ќе продолжи прекрасно и добро да ја извршува својата улога. Употребата на неприродни надразнувачки средства многу е штетна за здравјето, ја отапува бистрината на мозокот и го прави неспособен да може да ги разбере вечните вистини. Оние што ги негуваат тие идоли не се во состојба да ја сфатат вистинската вредност на спасението што Христос го овозможил за нив со Својот живот на постојано самоодрекување и страдања и на крајот жртвувајќи го и Својот безгрешен живот за да го спаси од смртта човекот кој бил осуден да пропадне. {1C 549.1}

---

96. ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ

Покажано ми е дека адвентистите кои ја празнуваат саботата не треба да учествуваат во осигурување на животот. Тоа е трговија со светот што Бог не ја одобрува. Оние што се впуштаат во тие потфати се соединуваат со светот, додека Бог ги повикува припадниците на Својот народ да излезат од светот и да се одвојат. Ангелот кажа: „Христос ве откупи жртвувајќи го Својот живот. ‘Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух кој е во вас, кој ви е даден од Бога и дека не сте свои.? Бидејќи скапо сте купени. Затоа, прославете го Бог во телата и во душите ваши, бидејќи се Божји.’ ‘Зашто умревте и вашиот живот е сокриен со Христа во Бога. А кога ќе се јави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се јавите во слава заедно со Него.’” Тоа е единственото осигурување на животот што Бог го одобрува. {1C 549.2}

Осигурувањето на животот е светска работа која нашите браќа, кога ќе се впуштат во тоа, ги одвојува од едноставноста и чистотата на евангелието. Секое вакво застранување ја ослабнува нашата вера и ја осиромашува духовноста. Ангелот кажа: „А вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, народ на придобивка, за да ги објавите добродетелите на Оној кој ве повика од темнината во Својата чудесна светлина”. Како народ, во посебна смисла, ние Му припаѓаме на Господ. Христос нè откупил. Околу нас се ангелите кои се ненадминливи во сила. Ниедно врапче не паѓа на земјата, а нашиот небесен Татко да не го забележи тоа. Дури и секое влакно на нашата глава е избројано. Бог не престанува да води грижа за припадниците на Својот народ и им посветува посебно внимание и тие не треба да покажуваат недоверба во Неговото провидение барајќи некоја полиса за осигурување на животот на овој свет. {1C 550.1}

Божја намера е како избран народ да ја задржиме својата едноставност, светост и посебност. Оние што се впуштаат во оваа светска работа ги вложуваат во тоа парите што му припаѓаат на Господ и кои Тој им ги доверил за да ги употребат во Неговото дело, за напредок на Неговата работа. Мошне малку се оние што ќе извлечат било каква корист од тоа осигурување на животот; лишено од Божјиот благослов тоа ќе се покаже како штета, а не како некоја добивка. Оние што Бог ги направил Свои повереници немаат право, парите што Тој им ги доверил за да ги вложат во Неговото дело, да ги даваат во рацете на непријателот. {1C 550.2}

Сатаната не престанува да измислува некои нови изуми со кои настојува вниманието на Божјиот народ да го сврти од сериозното дело на подготовка за настаните што ни претстојат. Тој е измамник во потполна смисла на зборот и вешт маќепсничар. Своите планови и стапици ги покрива со наметка на светлина што личи на небесна. Ја навел Ева да вкуси од плодот на забранетото дрво уверувајќи ја дека тоа ќе ѝ донесе големо предимство. На своите агенти им наложува да измислуваат разни пронајдоци, патентни права и слични потфати, за и адвентистите кои сакаат брзо да се збогатат да паднат во искушение, да бидат вовлечени во неговите стапици и да си навлечат на себе големи маки. Тој е мошне буден и неуморен во настојувањето луѓето од овој свет постојано да ги држи во свое ропство, за преку нив со пријатни возбудувања да ги привлече и невнимателните верници да им се придружат во тие суетни задоволства. Желбата на очите, копнежот по возбудувања и пријатни забави, се вистински искушенија и стапици за Божјиот народ. Сатаната има многу фино испреплетени, но опасни мрежи кои изгледаат потполно невини и со кои тој вешто ги залудува припадниците на Божјиот народ, како што се: разни привлечни претстави, приредби, предавања од френологијата и уште безбројни слични потфати, замислени Божјиот народ да биде наведен да го сака светот и сè што е во светот. Со таквото поврзување со светот, верата станува сè послаба, а парите со кои треба да се потпомага делото на сегашната вистина се одлеваат во редовите на непријателот. Преку такви и слични канали сатаната вешто ги извлекува парите од рацете на Божјиот народ, и поради тоа на нив е Божјото незадоволство. {1C 550.3}

---

97. ШИРЕЊЕ ПУБЛИКАЦИИ

Покажано ми е дека ние не ја извршуваме својата должност бесплатно да ги даваме нашите мали публикации. Има многу искрени души кои единствено на овој начин би можеле да ја прифатат вистината. Кога во секој примерок од тие мали списанија би се приложил и список на другите наши списанија со назив на местото каде можат да се набават, значително би се зголемил прометот на нашите поголеми публикации и списанија како што се: Преглед, Инструктор и Реформатор. {1C 551.1}

Тие мали списанија од четири, осум или шеснаесет страни, можат со мошне мали трошоци да се печатат од фондот оформен од доброволните прилози на оние на кои Божјото дело им е во срцето. Кога му пишувате на некој свој пријател, можете да ставите во пликото и еден или повеќе вакви мали списанија без никаква додатна поштарина. Ако, додека патувате со воз, брод, или на некоја станица, сретнете личности кои покажуваат интерес, можете да им дадете такво списание. Тие списанија не треба да се делат на секого без разлика, растурајќи ги како есенски лисја. Иако бесплатно, тоа треба

разумно да се дава само на оние кои тоа најверојатно ќе го ценат. Тоа ќе биде реклама на нашите публикации и на нашата дејност на начин што ќе донесе многу добра. {1C 552.1}

---

98. „ЗДРАВСТВЕН РЕФОРМАТОР”

Многу луѓе пропаѓаат поради недостаток на знаење. Апостолот нагласува: „Додадете кон својата вера добродетел, а кон добродетелта знаење”. Кога сме ја примиле верата на евангелието, прва должност ни е на својата вера да додадеме доблести и чисти начела и на тој начин својот ум и срце да ги очистиме за да можеме да го примиме вистинското знаење. Луѓето на сите страни страдаат од сите можни болести, но сепак како намерно да остануваат во незнаење во поглед на средствата што можат да послужат за исцелување и за начините на кои можат да ги избегнат болестите. {1C 552.2}

Во основањето на Здравствениот Институт, Божја намера беше знаењето од оваа област да допре не само до мал број од оние што овде треба да се лечат, туку и мнозина да можат да се поучат во поглед на домашното лекување. Списанието Здравствен реформатор е медиумско средство преку кое зраците на светлина треба да допрат до народот. Тоа треба да биде најдобро здравствено списание во нашата земја. Мора да биде прилагодено на потребите на обичните луѓе, подготвен да одговори на секое оправдано прашање и јасно да ги изложи основните начела на законите на животот и упатства како тие да се почитуваат за да се сочува здравјето. Голема цел на издавањето на ова списание треба да биде доброто на оние кои страдаат во Божјиот народ. Здравствениот реформатор, со поуките што во него се запишани треба да допре и до оние што се премногу сиромашни за да се лечат и поучуваат во нашиот Институт. {1C 552.2}

---

99. ЗДРАВСТВЕНИОТ ИНСТИТУТ

Во визијата што ми е дадена на 25. декември, 1865. година, покажано ми е дека Здравствената реформа е голем потфат, тесно поврзан со сегашната вистина, и дека адвентистите на седмиот ден мораат да имаат дом каде болните не само ќе се лечат, туку и ќе се поучуваат како да водат грижа за себе за да ги спречат болестите. Покажано ми е дека нашиот народ не смее да остане незаинтересиран за овој потфат дозволувајќи имотните меѓу нашите членови, со цел да оздравуваат и закрепнат, да одат во популарните бањи, каде многу често се среќаваат со противење, а ретко на разбирање за своите верски убедувања. Болеста од која некој пациент е болен, систематски ги поткопува неговите, не само физички, туку и умствени и морални сили; и заболените верници кои

совесно се држат за својата вера, не можат така успешно да закрепнуваат таму каде постојано мораат да внимаваат со нешто да не ја компромитираат својата вера, како што тоа би можеле во институцијата во која и лекарите и останатиот персонал се поборници на вистините поврзани со пораката на Третиот ангел. {1C 553.1}

Кога оние што се болни од тешки болести, со исправен начин на лечење - со примена на бањање, здрава исхрана, правилно одредено време за одмор и движење, и благотворното дејство на чистиот воздух - се ослободат од своите страдања и оздравуваат, тие најчесто доаѓаат до заклучок дека оние што така успешно ги лечеле мора да се во право и во верските прашања, или дека не се многу далеку од вистината. Ако, пак, нашите верници одат да се лечат во институции чии лекари имаат потполно погрешни погледи за верата, со самото тоа се изложуваат на опасност да паднат под нивно влијание. Според она што ми беше покажано (1865 година), здравствената институција во _____ беше најдобра во Соединетите Држави. Тамошните лекари, што се однесува до лечењето на своите пациенти направиле големи добра, но тие им препорачуваат игранки, играње карти, посетување театар и слични места за забава и разонода, што е во потполна спротивност со учењето на Христос и Неговите апостоли. {1C 553.2}

Оние кои се поврзани со Здравствениот Институт, кој сега се наоѓа во Батл Крик, мораат да бидат свесни дека соработуваат во значајно и сериозно дело и дека - кога се во прашање верата и разонодата не смеат во никој случај да се угледуваат на лекарите од институцијата во _____ Сепак видов дека постои опасна склоност угледувајќи се на нив да се загуби од вид возвишениот карактер на ова големо дело. И ако оние што соработуваат во овој потфат престанат на оваа работа да гледаат од високо религиозна точка и отстапат од возвишените начела на сегашната вистина имитирајќи ги и во теорија и во пракса оние од истакнатите институции каде пациентите се третираат само за телесно оздравување, и нашата институција не ќе биде повеќе благословена од Бога, отколку оние институции каде се учат и практикуваат изопачени теории. {1C 554.1}

Покажано ми е дека толку опсежно дело не може да се изврши за кратко време, бидејќи не е лесно да се најдат лекари чија работа Бог може да ја одобри, и кои се подготвени без никакви лични интереси, сложно и ревно да работат за доброто на болните и напатените. Секогаш треба да се истакнува дека голема цел на овој потфат не е само обнова на телесното здравје, туку и совршенство и светост, што не е можно да се остварат додека и телото и душата не се здрави. Таа цел не може да се оствари само со човечки напори и методи. Бог ќе подигне подготвени луѓе кои сакаат да ја извршат оваа задача и ќе ги оспособи да работат не само како лекари кои го лечат телото, туку и како оние што ја лечат душата, како духовни татковци на младите и неискусните. {1C 554.2}

Покажано ми е дека е погрешен ставот на д-р Е во поглед на разонодата, а и неговото мислење во поглед на телесните вежби не е сосема исправен. Многу повеќе има такви за кои разонодите што тој ги препорачува би биле штетни, отколку оние на кои би им помогнале. На многу пациенти тој им забранува физичка работа, а тоа во многу случаи се покажало како мошне штетно. Менталните напрегања, како што се играњето карти, шах и слично на тоа, го раздразнуваат и заморуваат мозокот спречувајќи го оздравувањето, додека лесната и пријатна физичка работа претставува здрава разонода за пациентите, ја подобрува циркулацијата на крвта, ја подобрува работата на мозокот и е многу корисна за здравјето. Ако на пациентот му ја оневозможите секоја можност за такво занимање, тој уште повеќе го губи мирот, и во

својата болна фантазија, својот случај го гледа многу потежок отколку што е, што води кон малоумност. {1C 554.3}

Повеќе пати ми беше покажано дека пациентот треба да се поучува дека избегнувањето физичка работа е многу погрешно. Неактивноста ги намалува функциите на организмот, крвта сè побавно тече и станува сè позагадена. Кај болните кои се склони својот случај да го сметаат за потежок отколку што е, неактивноста неизбежно доведува до најтешки последици. Умерената и соодветна работа ја разбудува кај пациентот свеста дека и тој е во нешто корисен за општеството. Тоа му причинува задоволство, му дава храброст и сила, што никогаш не би можело да се постигне со суетните ментални разноди. {1C 555.1}

Мислењето дека оние што со злоупотреба на своите физички и умствени сили го загрозиле своето умствено и телесно здравје мораат да ја прекинат секоја активност за да го повратат своето загубено здравје, е многу погрешно. Потполна неактивност за кратко време на некои пациенти можеби и би им била потребна, но таквите случаи се мошне ретки. За мнозина тоа би била голема промена. Оние што заболеле поради претерано умствено напрегање треба да се ослободат од тоа постојано исцрпувачко размислување; но тврдењето дека за нив е погрешно било какво вежбање на умствените сили, или дури и опасно, ги наведува својата здравствена состојба да ја сметаат за полоша отколку што е. Тие стануваат уште понервозни и им задаваат тешкотии и маки на оние што ги негуваат. Во таква душевна состојба нивното закрепнување е навистина неизвесно. {1C 555.2}

На оние што го загрозиле своето здравје со претерани физички напори треба да им се даде некоја полесна и пријатна работа. Меѓутоа, да им се забрани секаква работа и секаква активност, во најголемиот број случаи би се покажало како погубно. Со престанувањето на активностите, ја снемува и нивната волја за живот; и ненавикнати на таков живот ќе им изгледа дека се претворени во некои машини со кои управуваат лекарите и медицинскиот персонал, вообразувајќи си дека секој ден се сè послаби. За таквите, неактивноста е најголемо проклетство што на таков начин им се наметнува. Со тоа нивните сили само се успиваат и им се оневозможува да дадат отпор на болеста и изнемоштеноста, што е неопходно за да го повратат здравјето. {1C 556.1}

Д-р Е е во голема заблуда во поглед на физичката активност и разонодите, а уште повеќе во своето учење во врска со верското искуство и верското возбудување. Библиската вера не е штетна ниту за физичкото ниту за умното здравје. Влијанието на Божјиот Дух што го воздигнува и облагородува човекот е најдобро средство за закрепнување на заболените. На небото нема болести, туку сè дише со здравје и среќа, и доколку заболениот е повеќе подложен на влијанието на небото, дотолку е посигурно неговото оздравување. Влијанието на сфаќањето што го застапува др. Е е раширено до извесен степен и кај нас како народ. Оние што ја почитуваат саботата и ја прифаќаат здравствената реформа мораат да бидат ослободени од сето тоа. Секоја вистинска реформа нè води поблизу до Бога, до Христос и небото, го проширува нашето познавање на духовните вистини и го продлабочува нашето христијанско искуство. {1C 556.2}

Има поединци со толку неурамнотежени умови кои се принудуваат на такви постови и молитви какви Библијата никаде не препорачува, на лишувања и воздржување од сон и одмор што Бог никогаш не барал. Постапките на таквите во нивното самоволие и истакнувањето на личната правда Бог не ги поддржува и не ги одобрува. Тие, како некогаш фарисеите, имаат вера што не е Христова, туку нивна

сопствена. За своето спасение тие се потпираат на некои свои добри дела, залудно надевајќи се дека небото може да се задобие со сопствени заслуги, наместо, како што треба секој грешник да прави, потполно да се потпрат на заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител. Таквите неизбежно се разболуваат од некоја болест. Но Христос и вистинската побожност му даваат здравје на телото и сила на душата. {1C 556.3}

Наместо безначајните игри што ги понижуваат пациентите во нивните сопствени очи, наведувајќи ги на заклучок дека нивниот живот не е од никаква корист, треба да им се даде нешто да работат. Помогнете им на таков начин да ја одржат силата на волјата, бидејќи исправно насочената волја силно влијае на смирување на нервите. Болните се далеку посреќни кога се занимаваат со нешто корисно, и тоа го олеснува и значително го подобрува нивното закрепнување. {1C 557.1}

Покажано ми е дека препораките што им беа давани на мојот сопруг и на сестра Ф во _____, за да можат да оздравat, да престанат со секаква активност, беа за нив најголемо проклетство. Тоа создаде болно вообразување и кај него и кај неа, а резултат на потполната неактивност беше стравот дека секоја работа, а особено онаа што ги заморува, е опасна за здравјето, па дури и за животот. Машинеријата на нивниот организам, толку ретко ставана во движење, ја загуби својата еластичност и сила, така што зглобовите им се укочија, а мускулите потполно им ослабнаа и при секое движење мораа да вложуваат големи напори кои ги следеа големи болки. Сепак и тој тежок замор би се покажал како благослов за нив кога со истрајно спротивставување би ја совладале својата склоност кон неактивност. {1C 557.2}

Покажано ми е дека за сестра Ф би било многу подобро кога би останала дома, извршувајќи ги своите семејни одговорности. Тоа би ги пробудило нејзините заспани сили. Видов дека нарушените односи во ова драго семејство мошне неповолно влијаеа на воспитувањето на нејзините деца додека таа се наоѓаше во _____ . Поради нивното лично добро децата требаше да бидат научени да ги преземат на себе одговорностите во домашните работи и дел од животниот товар. Воспитувајќи и учејќи ги своите деца, таа како мајка ја извршува токму онаа задача што ѝ е одредена од Бог и поради што Тој во Својата милост ги услиши нејзините молитви за оздравување. Иако треба да избегнува претерани напори, таа уште повеќе треба да се чува од потполна неактивност. {1C 557.3}

Во визијата што ја добив во Рочестер, држава Њујорк, покажано ми е дека за тие родители и деца би било многу подобро да живеат самостоан семеен живот. Учествувајќи во извршувањето на семејните должности и обврски тие деца стекнуваат исправно воспитување што не може да се добие на ниту еден друг начин. Животот во _____ или во било кое друго место каде мајките и децата се опкружени со прислуга и друг помошен персонал претставува најголема штета и за мајката и за децата. Христос ја повикува сестра Ф во Него да најде мир, и здравјето за својот ум да го придобие со размислување за она што е небесно, залагајќи се најсесрдно своето мало стадо да го одгледува во согласност со Божјите совети. На тој начин најдобро би му помогнала и на својот маж, ослободувајќи го од чувството дека таа мора да биде предмет на неговата постојана грижа, внимание и сочувство. {1C 558.1}

Што се однесува до капацитетите за сместување во Здравствениот Институт во Батл Крик, покажано ми е, како што веќе и порано кажав, дека во почетокот тоа треба да биде скромна институција која постепено и внимателно ќе се зголемува, доколку можеме да најдеме добри лекари, помошен персонал и неопходни средства и зависно од тоа колку ќе има потреби, а сето тоа треба да биде усогласено со начелата на скромноста во духот

на третата ангелска вест. Кога ги видов големите суми на пресметките во плановите за изградба, на кои многу инсистираа водечките луѓе во делото, бев вознемирена, затоа и со лични контакти и преку писма ги предупредив да бидат внимателни. Моите причини за таквиот став беа следните: без посебен Божји благослов, овој потфат, барем за извесно време, би можел да биде попречуван на многу начини, а сето тоа би било на штета на самата установа и на Божјото дело. Ако местото на некој лекар би било испразнето поради болест, смрт или некоја друга причина, работата би била отежната додека не се најде соодветна замена. Ако би недостасувале средства кога големите зграде ќе бидат во фаза на изградба, работите би морале да застанат, вложениот капитал губи вредност, а сите оние што учествуваат во започнатиот потфат би биле обесхрабрени. Исто така би можело да се случи да нема доволно пациенти кои би ги пополниле капацитетите за сместување со што би било оневозможено покривање на трошоците. Со исправно и промислено вложување напори во секој поглед, со Божји благослов, таа институција ќе се покаже мошне успешна, додека секое промашување во било кој правец, порано или подоцна, би нанело голема штета. Не треба да се заборави дека од многубројните здравствени институции кои беа основани во Соединетите Држави, во последните дваесет и пет години работат само неколку. {1C 558.2}

Јас јавно ги повикав нашите верници да потпомогнат во изградбата на една ваква институција, и за д-р Ф зборував само најдобро како за човек кој благодарение на Божјото провидение стекна искуство во лекарската пракса. Сето тоа го кажав врз основа на она што Бог ми го покажа. Ако биде потребно ќе повторам без притеснување сè што реков. Немам намера да повлечам ниту еден збор што сум го кажала или напишала. Ова е Божје дело и ние мораме да продолжиме со цврстина, но сепак внимателно. {1C 559.1}

Здравствената реформа е тесно поврзана со делото на Третиот ангел, но таа сепак не е порака. Говорниците од нашите проповедални треба да зборуваат за здравствената реформа, но не да ја истакнуваат како водечка тема наместо пораката. Меѓу прашањата во кои се истакнува подготовката за настаните што ги најавува нашата порака, здравствената реформа зазема поистакнато место. Ние треба сесрдно да ја прифатиме секоја реформа, трудејќи се при тоа да не оставаме впечаток дека се колебаме, ниту дека сме наклонети кон било каков облик на фанатизам. Средства за одржување на Здравствениот Институт кој е во развој, треба да приложуваат нашите верници доколку се во состојба поради тоа да не ги лишуваат од својата помош и другите гранки на нашето дело. Здравствената реформа и здравствените институции треба да се развиваат во нашата црква како што се развиваа и другите корисни потфати, имајќи во вид колку повеќе сега може да се постигне за кратко време отколку во минатото кога нашите можности беа толку незначителни. Здравствените институции, како и останатите интереси, нека се развиваат постепено за да не се загрози развојот на останатите гранки на ова дело, кои се исто така значајни или можеби позначајни за ова време. Би било погрешно некој брат, независно дали е тој богат или сиромав, да вложи толку голем дел од својот имот за изградба на Здравствениот институт, а потоа да не е во состојба ништо повеќе да направи во било кој друг правец. А да не се направи ништо би била уште поголема грешка. Повикувајќи и поттикнувајќи го народот да приложува за Институтот, треба да се води сметка со тоа да не се оневозможува давање средства за другите гранки на делото од страна на народот. Посебно треба да се води сметка за сиромашните кои се подготвени да даваат повеќе од своите можности. Некои од сиромашните кои, покрај издржувањето на своите семејства, мораат да плаќаат и станарина бидејќи немаат сопствен покрив над главата, подготвени се да вложат

петтина, или дури и третина од целокупниот свој имот во Институтот, иако поради својата слаба имотна состојба никогаш не ќе можат да се лечат во него. Тоа е погрешно. Некои браќа и сестри имаат по неколку акции, иако не би требало да имаат ниту една; и би требало пократко време да поминуваат во Институтот бидејќи нивните трошоци, во целост или делумно, ги плаќа добротворниот фонд. Не гледам дека е мудро да се прават така големи планови за иднината, а да бидат оставени без помош оние што сега страдаат. Не одете браќа и во тоа побрзо од брзината што ќе ви ја овозможи Бог, отворајќи го патот во Своето провидение. {1C 559.2}

Здравствената реформа е една гранка од Божјото посебно дело за добро на Неговиот народ. Покажано ми е дека најголема опасност за институцијата што ја изградивме се крие во тоа нејзините водечки луѓе да застранат од сегашната вистина и од онаа едноставност што секогаш треба да биде карактеристика на Христовите следбеници. Предупредена сум дека во никој случај не треба да ги спуштаме критериумите во таквите институции за да бидеме во согласност со погледите на неверниците и на тој начин да го обезбедиме нивното спонзорство и финансиска помош. Најголемата цел поради која ги примаме неверниците во оваа институција е за да ги придобиеме за вистината. Ако ги спуштиме критериумите на вистината тие ќе стекнат впечаток дека вистината има споредно значење, и ќе си отидат од нашата болница во полоша духовна состојба. {1C 560.1}

Меѓутоа, најголемо зло што би произлегло од едно вакво искуство би било влијанието на истото на јадните, болни верници пациенти кое би го погодило делото во целина. Пациентите биле поучувани да имаат доверба во молитвите упатени со вера, и сега мнозина од нив се во опасност да папсаат со духот, бидејќи на многу молитви не го добиваат очекуваниот одговор. Видов дека причина зошто Бог не одговара на молитвите кои се упатени за оздравување на болните меѓу нас е затоа што Тој не би бил прославен исцелувајќи ги оние што продолжуваат и понатаму да ги престапуваат законите на здравјето. Исто така видов дека молитвите упатени со вера би биле услишени кога примената на здравствената реформа и Институтот би извршиле подготовка за тоа. Во исцелувањето на болните и оние што страдаат помеѓу нас, верата и делата треба да одат заедно. Тоа би придонело исцелените да го слават Бога овде на земјата и да бидат спасени кога Христос ќе дојде. Да не даде Бог тие пациенти да бидат некогаш разочарани и ожалостени гледајќи дека менаџерите на Институтот се раководат од овоземните сфаќања, наместо во лекарската пракса да ги додаваат и благодетите и доблестите на грижливите татковци и мајки во Израелот. {1C 560.2}

Никој нека не мисли дека Здравствениот Институт е место каде исцелувањето може да се добие само со молитва упатена со вера. Тоа е институција каде болните се лечат по природен пат со стекнување добри и здрави навики и со учење како да се избегнат болестите. Меѓутоа, ако постои место под небото каде би требало мажите и жените повеќе од било каде на друго место да упатуваат огнени и сочувствителни молитви со вера, тогаш тоа е овој институт. Оние што ги лечат и негуваат болните треба да пристапат со силна вера во Бога на таа значајна задача, за Тој да ги благослови средствата за исцелување кои ни ги открил во Својата милост, а тоа се: чист воздух, лична хигиена, исправен начин на исхрана, одредено време за работа и за одмор, и употреба на водата. Во оваа важна и сериозна задача тие не би требало да се раководат од никакви лични интереси. За да можат правилно да се грижат за физичките и духовни интереси на заболените во Божјиот народ, кои имаат речиси неограничена доверба во нив и кои со големи издатоци се доведени под нивен надзор, ќе биде потребен нивниот неподелен

интерес. Никој нема толку голем ум и не е толку вешт за да биде потполно совршен во работата што ја извршува дури и кога ќе го направи она што најдобро може да направи. {1C 561.1}

Оние на кои им е доверено телесното, а во голем степен и духовното добро на заболените Проповедници, треба да се чуваат да не го навлечат на себе и на оваа гранка од Божјото дело Божјиот гнев со некое свое светско сфаќање, лични интереси или желба да бидат вовлечени во едно големо и популарно дело. Никогаш не треба да се потпрат само на својата вештина. Ако над Институтот биде Божјиот благослов наместо Неговиот гнев и негодување, ангелите ќе ги следат пациентите, помошниот персонал и лекарите помагајќи им во делото на исцелувањето, така што на крајот сета слава ќе му припадне на Бога, а не на слабото и кратковидо човечко орудие. Ако овие луѓе се раководат од мудроста на овој свет во својата работа, и ако се возгордеат во своето срце велејќи: „Мојата способност и силата на мојата рака го сторија тоа," Бог ќе ги остави да работат во големата неповолност на нивната подреденост на другите институции во поглед на знаењето, искуството и опремата. Тогаш нема да бидат во состојба да постигнат ниту половина од она што се постигнува во другите институции од таков вид. {1C 562.1}

Покажано ми е колку благотворно влијае работата во природа на оние што се со нежно здравје и страдаат од слаба циркулација на крвта, а посебно на жените кои се принудени од приликите, поголемиот дел од својот живот да го поминуваат во затворена просторија. Поради недостаток на свеж воздух и движење, нивната крв е полна со нечистотии. Наместо разонодите што таквите можат да ги имаат во затворена просторија, подобро е за нив да им се овозможи да излегуваат на чист воздух. Покажано ми е дека Здравствениот Институт треба да биде опкружен со пространо земјиште со прекрасни насади од овошје, зеленчук и секакви видови цвеќиња. Во соодветно време овде пациентите можат да најдат занимање што одговара на нивниот пол и на нивната здравствена состојба. Тоа земјиште треба да биде под надзор на искусни градинари кои внимателно и со вкус сите ќе ги упатуваат во работата. {1C 562.2}

Ставот што го подржувам во поглед на овој потфат, бара од мене слободно да ги изразам своите погледи. Ја користам можноста на сите заинтересирани да им зборувам отворено за овој предмет. Она што се појави во Сведоштвото бр. 11 за Здравствениот институт, не требаше да се објавува сè додека не бев во можност да напишам сè што ми е покажано за тоа. Немав намера во број 11 да пишувам нешто за овој предмет, а комплетниот ракопис планиран да влезе во ова Сведоштво е напишано во Отава, каде работев тогаш, и е пратен во нашата редакција во Батл Крик со напомена дека треба да се побрза со печатењето на тој мал дел бидејќи постоела голема потреба за тоа. Наскоро ќе биде отпечатено и Сведоштвото број дванаесет, во кое отворено и опширно пишувам за Здравствениот Институт. Водечките луѓе од Батл Крик кои беа многу заинтересирани за Институтот знаеја дека ми е покажано дека изградбата на таквата институција треба да биде потпомогната од народот со своите прилози. Затоа ми напишаа дека влијанието на моето сведоштво во поглед на Институтот била неодложна потреба за да се поттикнат членовите за тој проект, и дека објавувањето на бројот 11 ќе биде одложено сè додека јас не стигнам да пишувам. {1C 562.3}

Тоа беше голема неприлика за мене, бидејќи знаев дека не можам да го напишам сето она што ми беше покажано, бидејќи во тоа време одржував јавни предавања осум пати во текот на седмицата, посетувајќи покрај тоа и многу семејства и пишувајќи по сто страници лични сведоштва и приватни писма. Сето ова, заедно со секојдневните проблеми и грижи, ме направи неспособна за таква работа. Со здравјето бев многу

лошо, а своите душевни болки не можам да ги опишам. Под такви околности тргнав по расудувањето на другите и го напишав она што за прашањето на Здравствениот Институт се појави во Сведоштвото број 11, бидејќи не бев во состојба да напишам сè што ми беше покажано. Во тоа направив грешка. Морате да ми дозволите да знам подобро од другите што е моја должност, посебно во она што Бог ми го откри. Некои можеби ќе ме осудат што сега зборувам вака, а други пак затоа што доцнам со оваа изјава. Тоа навалување прашањето на Институтот да се реши набрзина, беше за мене едно од најтешките неволји кои сум ги поднела. Кога сите што ги користеа моите сведоштва за да ги поттикнат другите, би биле и самите поттикнати со истите, јас би била многу позадоволна. Ако и понатаму одложував со изнесувањето на своето гледиште, ќе ме осудеа и оние што сметаа дека требаше порано да прозборувам, а и оние кои мислат дека не треба да давам никакви предупредувања. Сето ова го пишувам отворено за доброто на оние што се наоѓаат на челото на делото и тоа е во интерес на делото и на самите браќа воопшто, а исто така и за да бидам поштедена од големи маки и страдања. {1C 563.1}

---

100. ЗДРАВЈЕ И РЕЛИГИЈА*

Бог сака да има здравствена институција чие влијание ќ е биде тесно поврзано со сесрдното залагање за смртниците што се подготвуваат за бесмртност, институција во која нема да постојат склоности да се снижуваат верските принципи ниту за старите, ниту за младите, и во која опоравувањето на телесното здравје нема да биде на штета на духовниот развој. Голема цел на оваа институција треба да биде обновување на телесното здравје за пациентите да можат повеќе да ги ценат вечните интереси. Доколку оваа цел не е постојано пред нашите очи, со најсесрдни напори и да се оствари, Институтот наместо благослов ќе се покаже како проклетство; во него духовноста ќе се смета за нешто што е од второстепено значење, додека важност ќе се придава само на телесното здравје и разонодата. {1C 564.1}

Покажано ми е дека високите критериуми на нашата институција ниту малку не смеат да се спуштаат за да се обезбеди покровителство и финансиска поддршка од страна на неверниците. Ако неверниците се одлучат да дојдат додека нејзините водечки луѓе се држат за возвишениот став даден од Бог, тоа ќе остави силен впечаток на нивните срца. Народот кој ги држи Божјите заповеди може да се надева дека ќе има само благослов и напредок сè додека Бог и ангелите се на негова страна. Целта за основање на оваа установа не треба да биде заработувачка, туку да им се даде поддршка на припадниците на Божјиот народ своето телесно и духовно здравје да го одржат во таква кондиција за да можат да имаат вистинска претстава за вечните вредности и за високата цена со која Спасителот го платил нивното откупување. Таа институција не смее да се претвори во место за разонода и забава. Оние што не можат да живеат без вакви возбудувања не се од никаква корист за другите; таквите никого не можат да го направат среќен со својот живот. {1C 564.2}

Покажано ми е дека мислењето, дека духовноста е штетна за здравјето, кое д-р Е се обидува да го втисне во умот на другите, претставува само лукавство на ѓаволот. Сатаната ѝ се приближил на Ева со претпоставката дека за да биде среќна ѝ е потребно

нешто повеќе од она што Бог ѝ го дал, дека забранетиот плод ќе има посебно освежувачко и благотворно дејство на нејзиниот ум и тело, и дека со тоа ќе се изедначи со Бог имајќи го знаењето што и Тој го има. Меѓутоа, знаењето и среќата кои се надевала дека ќе ги добие, не ги добила, а ја снашло најстрашно проклетство. {1C 565.1}

Има личности со болна фантазија за кои религијата е тиранин со железна палка. Таквите постојано ја оплакуваат својата изопаченост и воздивнуваат поради некое замислено зло. Во нивното срце нема љубов, а челото им е постојано намрштено. Тие ледено се згрозуваат над секоја невина насмевка од страна на младите или старите. Сметаат дека секоја рекреација и забава претставува грев и дека умот секогаш мора да се наоѓа на строго одредена висина. Тоа е една крајност. Други, спротивно на тоа, сметаат дека умот за да може да оздрави мора постојано да биде во барање на нови забави и разонода. Тие се навикнати да зависат од таквите возбудувања и затоа на можат да живеат без нив. Тоа не е вистинско христијанство. Таквите одат во друга крајност. Вистинските начела на христијанството пред сите отвораат извор на среќа чија длабочина, ширина и должина не можат да се измерат. Христос е во нас извор на вода што тече во вечен живот. Тоа е неисцрпен извор на кој христијаните можат постојано да се напојуваат, бидејќи тој никогаш не пресушува. {1C 565.2}

Чувството на незадоволство, нерасположението и мрморењето се најчести причини за заболување на телото и душата. На таквите им недостасува доверба во Бог и христијанска надеж која допира зад завесата и претставува сигурно сидро за душата. Сите кои се потпираат на Христос со таква надеж, се чистат како што е и Тој чист. Во таквите нема немирни копнежи, нерасположение и незадоволство; тие не гледаат само зло околу себе и не се препуштаат на тешки мисли за некакви замислени неволји. Но, се чини дека мнозина однапред го доживуваат времето на неволји. Загриженост се гледа на секоја црта на нивното лице, тие никаде и во ништо не наоѓаат утеха, и постојано се плашат претчувствувајќи некое ужасно зло. {1C 566.1}

Ваквите го обесчестуваат Бога, и поради нив Христовата религија станува озлогласена. Тие немаат вистинска љубов ниту кон Бога, ниту кон најблиските членови на своето семејство. Нивните чувства се мрачни и болни. Суетната разонода не ќе може да го закрепне умот на таквите. За да можат повторно да бидат среќни, неопходно им е преобразувачкото влијание на Божјиот Дух. За да можат да ја добијат таа толку важна божествена утеха, тие треба да се потпрат на Христос како нивен посредник. „Зашто кој сака да живее и да види добри денови, нека го задржува својот јазик да не зборува зло и нека прави добро; нека бара мир и нека се држи за него. Зашто очите Господови се свртени кон праведниците и ушите Негови кон нивните молитви, а лицето на Господ е против оние што прават зло”. Вистински среќни се само оние кои врз основа на лично искуство ја осознале вистинитоста на овие зборови. Тие сметаат дека одобрувањето на небото е повредно од секоја овоземна забава. Христос во нив како надеж во славата, ќе биде здравје за нивното тело и сила за душата. {1C 566.2}

Едноставноста на евангелието брзо исчезнува меѓу оние што тврдат дека ја празнуваат саботата. Се прашувам по сто пати на ден: Како Бог може да ни подари успех? Многу ретко се слушаат молитви. Всушност, молитвата се смета за нешто застарено. Малкумина се оние што се подготвени да го земат крстот, иако Христос без противење го носел срамниот крст поради нас. Не можам да се согласам дека во Здравствениот Институт сè оди онака како што Бог би сакал, и се плашам Тој да не го сврти Своето лице од таа установа. Покажано ми е дека лекарите и помошниот персонал треба да бидат луѓе кои имаат искуство во познавањето на вистината, кои заслужуваат

почитување и на чиј збор можеме да се потпреме. Тоа треба да бидат луѓе со добро урамнотежен ум, кои совршено владеат со себе, кои не се тврдоглави, непостојани, подложни на завист или сомневања, луѓе со силна волја кои не попуштаат во моментите на малодушност; не негуваат предрасуди, не мислат зло, кои мислат и постапуваат трезвено и внимателно, имајќи ја секогаш пред очите само Божјата слава и доброто на другите. Ниту еден поединец не смее да биде поставен на доверлива положба само затоа што тој тоа го сака. На одговорни положби треба да се поставуваат само оние кои имаат квалификации за тоа. Оние што мораат да извршуваат одговорни должности најнапред мораат да бидат проверени, давајќи докази дека се слободни од љубомора, дека не гледаат кој е кој, да не покажуваат посебно внимание на неколку свои омилени пријатели запоставувајќи ги другите. Бог нека му помогне на секој во таа институција правилно да постапува. {1С 566.2}

101. РАБОТА И РАЗОНОДА

Драги брате Ф, мислите значително ми се сконцентрирани на едно или две прашања. Секоја вечер, каде и да се најдам, пишувам писма за да го извршам она за што сум осведочена дека ми е должност. Кога ми беше покажано дека др. Е, давајќи им упатства на своите пациенти, греши во некои прашања, видов дека и ти си примил исти идеи во многу нешта, и дека настапи времето да го поправиш тоа. Тоа се однесува на работата и разонодата. Покажано ми е дека за повеќето пациенти би било поблаготворно кога би им се дозволила, па дури и би им се препорачала некоја полесна работа, отколку што им се препорачува безделничење и потполна неактивност. Најголема помош во поглед на оздравувањето претставува силата на волјата, која треба да се поттикнува за да се разбудат заспаните способности. Доколку оние што во текот на целиот свој живот претерувале со работа ги лишите од секаква работа, нивната здравствена состојба, во девет од десет случаи, неизбежно ќе се влоши. Ова потполно се покажа како вистина во случајот со мојот сопруг. Покажано ми е дека физичката активност во природа е далеку поблаготворна отколку во затворена просторија; но доколку тоа не може да се обезбеди, тогаш и некое полесно занимање во затворена просторија може да го заинтересира умот, не дозволувајќи му на болниот многу да мисли на симптомите и малите физички проблеми како и на својот дом. {1С 567.1}

Потполното воздржување од работа и секоја активност, според она што ми е покажано, претставуваше најголемо проклетство за твојата сопруга и за мојот сопруг. Бог му дал занимање уште на првиот брачен пар во Едем, бидејќи знаел дека тоа ќе ги направи посреќни. Според она што ми е покажано лечењето со лишување од работа претставува вистинско проклетство и за телото и за душата. Занимавањето со некоја лесна работа не го возбудува ниту го преоптоварува умот, туку напротив, го засилува повеќе од било кој вид забава или разонода. Најчесто болните во својата неактивност се занимаваат само со себе, размислувајќи единствено за својата изнемоштеност, сè додека не станат потполно неспособни било што да направат; додека - со вежбање на својата волја и принудувајќи се самите себе секој ден барем нешто да работат со своите раце, - би биле далеку посреќни и многу побрзо би оздравеле. Подоцна за ова прашање ќе пишувам поопширно. {1С 568.1}

Неодамна дознав од едно списание во Рочестер дека во институтот во _____ веќе не се практикува играњето карти како разонода. {1C 568.2}

Е.Г.В. белешка кон првото издание

Број тринаесет

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

_____

УВОД

Повторно чувствувам дека ми е должност на Господовиот народ да му пишувам со голема отвореност. Понижувачки ми е да укажувам на заблудите и на бунтот на оние кои долго беа запознаени со нас и нашето дело. Ова го правам за да ги предупредам другите и да ги исправам лажните тврдења кои се шират за мојот сопруг и за мене замислени да му наштетат на делото. Кога тоа би било штетно само за нас, тогаш би молчела; но кога Божјото дело се исмева и се изложува на опасност, морам да зборувам колку понижувачки и да е тоа. Гордите лицемери ќе ликуваат над нашите верници затоа што се доволно скромни да ги признаат своите гревови. Бог ги сака припадниците на Својот народ што ги држат Неговите заповеди, но и ги укорува, не затоа што се најлоши, туку затоа што се најдобар народ на светот. „Сите што Јас ги сакам," вели Христос, „тие и ги укорувам". {1C 569.1}

Би сакала посебно да свртам внимание на значајните сонови изнесени во ова мало дело, кои јасно и складно укажуваат на истите појави. Повеќето сонови обично се однесуваат на секојдневните појави во нашиот живот, со кои Светиот Божји Дух нема ништо заедничко. Постојат, исто така, и лажни сонови, како и лажни визии, кои настануваат под инспирација на сатанскиот дух. Но соновите што доаѓаат од Господ, во Божјото Слово се ставени на иста висина со визиите и исто се вистински плод на Духот на пророштвото како што се и визиите. Таквите сонови, кога ќе се земат во предвид личностите што ги добиваат, и околностите под кои се дадени, самите содржат докази за својата вистинитост. Нека ова мало дело го прати Божји благослов. {1C 569.2}

_____

102. КРАТКИ ЗАПИСИ ЗА ДОЖИВЕАНОТО

Од 19 декември, 1866 до 25 април, 1867

Откако потполно се уверив дека мојот сопруг не ќе може да оздравее од долготрајната болест ако остане во состојба на неактивност и дека е последно време да го изнесам своето сведоштво пред народот, одлучив заедно со својот сопруг кој беше во исклучително слаба состојба, наспроти мислењето и советите на верниците од

црквата во Батл Крик во која бевме членови тоа време, да тргнеме на патување по северен Мичиген и тоа по најостар зимски студ. Ми требаше малку повеќе морална храброст и вера во Бога за да се одлучам на тој ризик, посебно затоа што бев осамена и што црквата беше против тоа, вклучувајќи ги и водечките луѓе во Батл Крик. {1C 570.2}

Но јас знаев дека таа задача морам да ја извршам, а сатаната одлучно настојуваше да ме спречи во тоа. Долго чекав пречките да бидат отстранети. Се плашев дека драгоцените души би можеле да бидат загубени ако и понатаму останам во состојба на неактивност. Да останам и понатаму во такво неактивно чекање ми изгледаше полошо и од смртта, и затоа моравме да појдеме на пат независно од последиците. И така, на 19 декември, 1866 година, тргнавме од Батл Крик за Рајт, округ Отава, Мичиген. Имаше силна бура. Мојот сопруг го поднесе ова долго и напорно патување од сто и педесет километри многу подобро отколку што очекував, и кога стигнавме во познатата куќа на братот Рут, изгледаше исто така добро како и при тргнувањето од Батл Крик. Членовите на ова драго семејство нè примија мошне љубезно и се грижеа за нас така нежно како што христијанските родители би се грижеле за своите болни деца. {1C 570.3}

Тамошната црква ја затекнавме во многу жална состојба. Семето на неслога и меѓусебна недоверба веќе пуштило длабоки корења кај повеќето членови и тие беа обземени од духот на овој свет. Тие гладуваа за духовна храна и покрај така неповолната духовна состојба, бидејќи ретко имаа можност да слушнат проповед од жив проповедник. Овде започна нашата прва успешна работа откако се разболе мојот сопруг. Тој почна да работи како во поранешните години, иако беше мошне слаб. Зборуваше по триесет или четириесет минути во сабота и недела попладне, а јас потоа го пополнував преостанатото време зборувајќи час или час и половина секое попладне. Присутните нè слушаа со најголемо внимание. Забележав дека мојот сопруг станува се посилен, појасен и пососредоточен во своите излагања. И кога на едно место зборуваше еден час, јасно и силно, со такво чувство на грижа за Божјото дело какво што покажуваше и порано, не можев да издржам, а да не ја изразам својата длабока благодарност. Станав пред собирот и со солзи скоро половина час се обидував да ги изразам своите чувства. Собраните беа длабоко трогнати. Бев убедена дека ни престојат подобри денови. {1C 570.4}

Овде се задржавме шест седмици. За тоа време јас зборував пред народот дваесет и пет пати, а мојот сопруг дванаесет пати. Како што напредуваше нашата работа во таа црква, во визија почнаа да ми се откриваат поедини случаи, и така напишав околу сто страници сведоштва кои беа наменети за нив. Работевме, исто така и со душите што доаѓаа кај братот Рут, во чија куќа бевме сместени, а некои од нив ги посетувавме и во нивните домови каде се залагавме за нив; но најмногу време и труд посветувавме на состаноците во молитвениот дом. Забележав дека во таквата работа мојот сопруг е навистина од голема помош. Со долгогодишно искуство и заедничка соработка во изминатите години, тој беше успешно подготвен за таков вид работа. И сега, кога повторно започна со таква работа, ја покажуваше истата моќ на разбирање, здраво расудување и вистинска преданост во постапувањето со заблудените, како и во своите поранешни години. Ми помагаше повеќе отколку што би можеле да сторат двајца други проповедници. {1C 571.1}

За тие драги души направено е големо и добро дело; сите искрено и потполно ги признаа своите грешки, единството е повторно воспоставено, и тоа Бог го потврди со Својот благослов. Мојот сопруг се залагаше за тоа давањето при систематското добродетелство да не биде произволно, туку да се даде точно одреден износ што треба

да го усвојат сите месни цркви. Неговите напори донесоа плод така што сумата што таа црква ја уплаќаше во благајната годишно се зголемуваше за околу 300 долари. Оние членови што беа збунети поради некои мои сведоштва, посебно по прашањето за облекувањето, стекнаа потполно јасна претстава кога сето тоа им беше објаснето. Прифатена е здравствената реформа, а исто така и реформата во облекувањето, а се собра и голема сума пари за Здравствениот Институт. {1C 571.2}

Сметам дека е моја должност да го кажам и следното: Додека ние со успех ја продолживме работата, во Рајт, за несреќа, дојде еден богат брат од Њујорк, кој претходно бил во Батл Крик и таму дознал дека ние тргнавме на ова патување наспроти мислењето и советите на црквата и тамошните водечки луѓе. Тој го прикажуваше мојот сопруг како делумно малоумен и неговите излагања како безначајни, дури и пред оние за кои најмногу се залагавме. Со своето влијание по тоа прашање, како што ми кажа проповедникот на таа месна црква, братот Рут, тој го вратил назад тамошното дело барем за две седмици. Ова го изнесувам како предупредување за непосветените, во своето слепило и бесчувствителност да не изнесуваат тврдења со кои за еден час ќе се направат штети кои мораат со седмици да се поправаат. Ние многу се залагавме за богатите, а сатаната токму овој богат брат го искористи како орудие за да му послужи во остварувањето на неговите цели. Господ нека му помогне тоа да го види и во понизност на умот тоа да го исповеда. По две седмици најнапорна работа, и со Божји благослов, успеавме да го неутрализираме тоа лошо влијание и на тие драги души да им дадеме убедливи докази дека Господ нè прати кај нив. Како плодови на нашата работа, братот Вагонер наскоро крсти седум души, а двајца крсти мојот сопруг во месец јули за време на нашата втора посета на таа црква. {1C 572.1}

Братот од Њујорк, заедно со својата сопруга и ќерката, се врати во Батл Крик но не во состојба на умот да даде вистинска оценка за успехот на делото во Рајт ниту да ги смири чувствата на црквата во Батл Крик. Кога фактите излегоа на виделина, се покажа дека тој и наштетил на црквата и црквата му наштетила нему, во нивното заедничко уживање одејќи од куќа до куќа зборувајќи за најнепријатните гледишта на нашите постапки, правејќи го тоа тема за разговор. И токму во миговите кога бесчувствителното изживување течеше, јас го сонив следниот сон: {1C 573.1}

Сонував како во друштво на една личност со заповедничко држење и достоинствено однесување се наоѓав во посета на Батл Крик. Во сон ги посетував домовите на нашите тамошни браќа. Токму кога сакавме да влеземе, слушнавме гласови кои беа вклучени во сериозен разговор. Името на мојот сопруг беше често повторувано и бев болно изненадена кога слушнав како оние што се прикажуваа дека се наши најпредани пријатели зборуваат за настани и сцени кои се одиграле за време на тешката болест на мојот сопруг, кога неговите физички и умствени сили беа во голема мера парализирани. Ме заболе кога слушнав како споменатиот т.н. брат од Њујорк жолчно и во претерана светлина ги прераскажува настаните кои не им беа познати на овие од Батл Крик, а нашите пријатели од Батл Крик, за возврат, го раскажуваа она што тие го знаат. Почувствував остра болка во срцето, и скоро се онесвестив во сонот, но раката на мојот придружник ме прифати, и ми рече: „Мораш ова да го слушнеш и дознаеш, колку и да ти е тешко да го поднесеш”. {1C 573.2}

Во секоја куќа каде се приближивме, темата на разговор беше иста. Тоа за нив беше сегашната вистина. Тогаш кажав: „О, не го знаев ова! Не знаев дека такви чувства можат да постојат во срцата на оние што ги сметавме за свои пријатели во благосостојбата,

предани пријатели во страдањата и несреќите. Посакувам никогаш да не го дознаев тоа! Сите нив ние ги сметавме за наши вистински и најдобри пријатели”. {1C 573.3}

Мојот придружник ми рече: „Кога тие со такво задоволство, така сесрдно и предано би зборувале за својот Откупител, размислувајќи за Неговата неспоредлива привлечност, за Неговата несебична благородност, милостиво проштавање и нежно сочувство кон оние што страдаат и патат, за Неговото трпение и неискажлива љубов, колку подрагоцени и повредни би биле плодовите”. {1C 574.1}

Тогаш реков: „Ова болно ме растажи. Мојот сопруг не се штедеше себе за да ги спасува душите. Тој земаше на себе товар по товар сè додека не падна под него. Тој е изнемоштен, скршен и физички и ментално; и сега да се истражуваат некои зборови и постапки за да се уништи неговото влијание кога Бог го подигна со Својата рака за повторно да се слушне неговиот глас, навистина е свирепо и зло”. {1C 574.2}

Мојот придружник рече: „Разговорот за Христа и за карактеристичните црти на Неговиот живот го освежува духот, а плодот на тоа ќе биде посветеност и живот вечен. А потоа ги наведе следните зборови на апостолот: „На она што е вистинито, што е чисто, што е достојно, што е добро, за она што е добродетел и достојно за пофалба, само на тоа мислете”. Овие зборови оставија на мене толку длабок впечаток што следната сабота зборував за тоа. {1C 574.3}

Мојата работа во Рајт беше многу заморна. Секој ден имав многу грижи и обврски околу мојот сопруг, а често и во текот на ноќта. Го капев, го изведував надвор на возење со кочија, а и два пати на ден шетав со него, без оглед дали времето беше пријатно, студено или дури бурно. Пишував додека тој ги диктираше своите извештаи за Преглед, а пишував и многу писма како додаток, со многу страници лични сведоштва за поединци, а најмногу за Сведоштвото број 11. Покрај сето тоа одев во многу посети, зборував често долго и сесрдно како што јас тоа обично го правам. Братот и сестрата Рут во потполност сочувствуваа со мене во моите неволји и мачни напори, и со најнежно внимание ги задоволуваа сите наши потреби. Често ги спомнувам во своите молитви Бог да ги благослови со обилни дарови: со здравје, во секојдневните потреби и со духовна сила. Бев убедена дека ќе ги следи посебен Божји благослов. Иако болеста не го одмина ниту нивниот дом, братот Рут ме извести дека сега се со здравјето многу подобро од порано; а и за овоземните благослови кажува дека пченицата му родила околу 734 кг на еден ар земја, некои околу 1088 кг., додека среден род на принос на неговите соседи бил околу 190 кг. на еден ар земја. {1C 574.4}

На 29 јануари, 1867 година, го напуштивме Рајт и отпатувавме во Гринвил, место оддалечено околу шеесет и пет километри. Тоа беше најстудениот зимски ден, и бевме радосни што можевме да се засолниме од остриот студ и ветар во домот на братот Мејнард. Тоа драго семејство со најсрдечно добредојде ни го отвори не само својот дом, туку и своето срце. На тоа место се задржавме околу шест седмици, работејќи во месните цркви во Гринфил и Орлеан; но гостољубивиот дом на братот Мејнард за сето тоа време беше наша централа. {1C 575.1}

Господ ми даде сила и слободно им се обраќав на собраните слушатели; и во секој напор сторен во тој правец чувствував дека ме поддржува Неговата сила. И секогаш кога бев осведочена дека имам сведоштво во врска со работата на мојот сопруг што треба да им го изнесам на присутните, мојата вера беше засилена дека тој сепак ќе оздрави и ќ е добие сила како порано да соработува во Божјото дело. Народот ги прифати неговите напори, и тој ми беше голема помош во таа работа. Без него не ќе можев многу да постигнам, а со негова помош и благодарение на Божјата сила бев во можност да го

сторам сето она што ми беше дадено како задача. Господ милостиво го подржа во сите напори што ги вложуваше. Со секој свој напор што го вложуваше надевајќи се на Бога и не обрнувајќи внимание на својата изнемоштеност, неговите сили се обновуваа и здравјето му се подобруваше. Гледајќи дека на мојот сопруг му се враќа и физичката и умствената сила, бев многу благодарна на Бога со надеж дека, ослободени од оваа болест, повторно ќе можеме посесрдно да се ангажираме во делото. Пред да го нападне болеста, тој поради својата положба и обврски во редакцијата мораше таму да го поминува најголемиот дел од своето време; а бидејќи не можев да патувам без него бев принудена многу време да поминувам во куќата. Сега чувствував дека, додека се занимава исклучиво со проповедање, Бог го поддржува. Работите во редакцијата можат да ги извршуваат и други; и ние бевме осведочени дека тој не треба да се враќа на работата што го врзува само за едно место, туку да патуваме заедно за да можеме да изнесуваме свежи сведоштва кои Бог ни ги даде за Својот народ. {1C 575.2}

Состојбата во која се наоѓаше Божјиот народ на мене влијаеше многу неповолно, и секој ден бев свесна дека сите свои сили ги исцрпувам до крај. Додека бевме во Рајт го пративме до редакцијата ракописот за Сведоштвото број 11, а јас, секој слободен миг по состаноците го користев за да го подготвам материјалот за број 12. Во постојаното залагање за интересите на црквата во Рајт ги преоптоварував своите физички и умствени сили. Чувствував потреба од одмор но за тоа не постоеја никакви можности. Зборував од проповедалната неколку пати во седмицата, и пишував многу страници сведоштва за поединци. Товарот на грижата и одговорностите што го чувствував за душите беше толку голем, така што секоја ноќ спиев само по неколку часа. {1C 576.1}

Додека така неуморно се залагав за делото и со збор и со перо, од Батл Крик примав обесхрабрувачки писма. Додека ги читав, чувствував неискажлива потиштеност на духот и такви душевни страдања кои одвреме навреме ги парализираа моите животни сили. Три ноќи скоро воопшто не спиев. Бев вчудовидена и мошне вознемирена. Колку што беше можно ги прикривав таквите мои чувства од мојот сопруг и од сочувствителното семејство каде престојувавме. Никој не знаеше за моите страдања и товарот на мојата душа, кој сакав да го оставам на Оној кој во сè може да ни помогне, со молитви кај семејниот олтар, наутро и навечер. Но моите молитви излегуваа од срце кое беше скршено од страв и беа испрекинати и неповрзани поради страдањата и болките што не можев да ги совладам. Крвта ми навираше во мозокот поради што често потклекнував и скоро паѓав на земјата. Често крварев од носот, посебно по напорното пишување. Бев принудена да прекинувам со пишувањето, но притоа не можев да се ослободам од товарот на грижите и одговорностите, знаејќи дека имам сведоштва за другите кои не можев да им ги пренесам на друг начин. {1C 576.2}

Во меѓувреме стигна уште едно писмо во кое ме известуваа дека е подобро да се одложи објавувањето на Сведоштвото број 11 додека не го напишам она што ми е покажано во поглед на Здравствениот Институт, бидејќи во фондот значително недостасуваат средства за да се оствари тој потфат, па потребно е и влијанието на моето сведоштво за браќата да бидат поттикнати да даваат. Тогаш напишав еден дел од она што ми беше покажано за Институтот, но не можев да го обработам целиот предмет поради големиот притисок на крвта во мозокот. Да знаев дека објавувањето на Сведоштвото број 12 ќе биде толку одложувано, во никој случај не би го пратила тој дел од ракописот што беше објавен во број 11. Се надевав дека по неколку дена одмор повторно ќе можам да пишувам. Но на моја голема жалост се осведочив дека тоа навистина нема да биде можно поради мојата тешка здравствена состојба. Идејата да

се пишуваат сведоштвата, и општите и за поединците, мораше тогаш да биде напуштена, и поради тоа бев мошне потиштена. {1C 577.1}

Поради таквите околности одлучивме да се вратиме во Батл Крик, да останеме таму додека патиштата се така калливи и лоши и таму да го довршам Сведоштвото број 12. Мојот сопруг имаше огнена желба да се види со своите браќа во Батл Крик, да поразговара со нив и заедно да се радуваат за сè што Бог направи за него. Ги собрав своите ракописи и тргнавме на пат. Патем одржавме два состанока во Оринџ, што се покажа како мошне корисно и охрабрувачко за тамошните верници. Тоа беше духовно освежување и за нас самите. Таа ноќ сонував дека се наоѓам во Батл Крик и дека низ прозорот следам една поворка по двајца како се приближува кон нашата куќа. Сите изгледаа строги и мошне одлучни. Добро ги познавав и тргнав да ја отворам вратата на собата за прием за да ги дочекам. Но сепак, уште еднаш погледнав низ прозорот. Глетката веднаш се измени. Поворката сега личеше на католичка процесија. Еден држеше во раката крст, а друг една трска. Кога се приближија, оној што ја носеше трската ја обиколи куќата и три пати гласно повтори: „Оваа куќа е проколната. Сиот имот мора да биде конфискуван. Тие зборуваат против нашиот свет поредок". Во стравот што ме обзеде потрчав низ куќата и излегов на северната врата, и овде се најдов среде една група луѓе од кои некои ги препознав, но не се осмелив да им кажам ниту еден збор плашејќи се да не бидам издадена. Барав некое скришно место каде ќе можам да плачам и да се молам, а да не ме следат постојано тие испитувачки погледи. Постојано повторував: „Кога само би можела да го сфатам сето ова! Кога само би ми кажале што сум кажала и направила!" {1C 577.2}

Плачев и сесрдно се молев додека тие ги земаа нашите работи. Се обидував на лицата и погледите на оние што ме опкружуваа да забележам наклоност и сожалување, и забележав дека некои сакаат да ми кажат некои утешни зборови, но не се осмелија од страв да не бидат забележани. Сакав да побегнам од тој Џган, но кога видов дека будно ме следат, ја прикрив таа своја намера. Почнав гласно да плачам говорејќи: „Само кога би сакале да ми кажат што сум зборувала и направила!" Мојот сопруг кој спиеше во истата соба слушнал како плачам во сон и се разбудил. Целата перница ми беше мокра од солзи и ме обзеде чувство на тага и длабока потиштеност. {1C 578.1}

Братот и сестрата Хау не испратија до Вест Виндзор каде нè дочекаа и со добредојде нè примија братот и сестрата Керман. Во сабота и недела се сретнавме со браќата и сестрите од околината, изнесувајќи им ги слободно нашите сведоштва. Посебно беа освежени со Господовиот Дух оние што најмногу се интересираа за напредокот на Божјото дело. Состаноците беа благотворни и скоро сите кажаа по нешто, што делуваше мошне охрабрувачки. {1C 578.2}

По неколку дена стигнавме повторно во Батл Крик по отсуство од околу три месеци. Мојот сопруг во сабота, 16 март, одржа проповед за посветувањето, која фонографички беше снимена од страна на уредникот на списанието Преглед и подоцна ја објави во книгата 29 под број 18. Јасно зборуваше и попладне и следниот ден претпладне. Јас го изнесов своето сведоштво со вообичаена слобода. Во сабота, 23 март, со слобода им зборувавме на собраните верници во Њутон, а следната сабота и недела ги посветивме на верниците во Конвис. Со намера да тргнеме на север поминавме околу педесет километри, но поради неповолната состојба на патиштата моравме да се вратиме. Мојот сопруг беше страшно разочаран поради студениот прием на кој наидовме во Батл Крик, а и јас исто така бев ожалостена. Дојдовме до заклучок дека не можеме да ги изнесуваме своите сведоштва пред членовите на таа месна црква сè додека тие не дадат

подобри докази дека ја посакуваат нашата служба, и одлучивме, додека состојбата на патиштата не се подобри, да работиме во Конвис и Монтерие. Следните две саботи ги поминавме во Конвис каде работата се покажа најплодоносна. {1C 579.1}

Во Батл Крик се вратив како преморено дете на кого му се потребни зборови на утеха и охрабрување. Многу ми е тешко што морам да кажам дека овде наидовме на исклучително студен прием кај нашите браќа и сестри од кои пред три месеци се разделивме во совршено единство, освен нивното несогласување со нашето заминување. Првата ноќ помината во Батл Крик сонував како, преморена од тешка работа пред заминување на некој голем состанок на кој требаше да присуствувам, сестрите ми помагаат да ја средам косата и да ја спакувам гардеробата, при што од голем замор и заспав. Кога се разбудив бев мошне изненадена и возбудена, налутено негодувајќи што ми е одземена облеката, а на мене имаше облека од стари крпи, нешто скроено од парчиња стари крпи. Јас реков: „Што ми направивте? Кој постапи така срамно, заменувајќи ја мојата облека со просјачки партали?" Ги соблеков тие крпи и ги фрлив подалеку од себе. Ми беше многу тешко и со болка викнав: „Вратете ми ја мојата облека што ја носам дваесет и три години, и во ниту еден случај не сум се посрамила. Ако не ми ја вратите ќе го повикам на помош народот за да ми се врати облеката што ја носам дваесет и три години". {1C 579.2}

Доживеав овој сон да се оствари. Во Батл Крик се слушаа вести кои се шират за нас за да се наштети на нашето влијание, но во тоа немаше никаква вистина. Во писмата кои од Здравствениот Институт и од Батл Крик беа упатени до црквите во Мичиген и во други држави изразувани се стравувања, сомнежи и нафрлања во однос на нас. Бев болно погодена кога еден соработник, кого мошне го ценев, ми кажа дека се слушаат гласови како јас зборувам против црквата во Батл Крик. Ми беше толку тешко што не знаев што да му кажам. Наидовме на дух на големо осудување и обвинување насочени против нас. Гледајќи какви чувства се негуваат кон нас веќе не се чувствувавме како дома. Бевме разочарани и потиштени до таа мера така што на двајца поистакнати браќа морав да им кажам дека веќе не се чувствувам како да сум дома, бидејќи наместо со добредојде и охрабрување бевме пречекани со недоверба и потполно студен дух, и дека сè уште не можам да го сфатам таквото однесување кон оние што се скршени со прекумерно залагање и потполна преданост на Божјото дело. Додадов дека според нашето мислење треба да се иселиме од Батл Крик и да побараме некој помирен дом. {1C 580.1}

Прекумерно измачена во душата, не излегував никаде од куќата, плашејќи се дека ако одам некаде меѓу верниците ќе задобијам нови рани. Конечно, бидејќи никој не се обиде да ги ублажи моите страдања, сметав дека ми е должност да повикам извесен број искусни браќа и сестри и да ги проверам гласовите што се шират за нас. Потиштена, очајна и во болка, ги сослушав обвинувањата изнесени против мене во врска со моето патување на исток, пред една година, и за мачните околности што го следеа тоа патување. {1C 580.2}

Ги повикав присутните сами да донесат суд дали мојата поврзаност со интересите на Божјото дело би можела да ме наведе лекомислено да зборувам за верниците во Батл Крик, кон кои не чувствувам никакви чувства на огорченост. Не покажував ли за Божјото дело иста таква заинтересираност како и тие? Целокупното мое искуство и сиот мој живот неразделно се поврзани со тоа. Јас овде немам никакви лични, ниту некои посебни интереси. Сè што имам вложив во тоа дело, и ниту една жртва не ја сметав за премногу голема кога стануваше збор за напредувањето на истото. Не дозволував ниту чувствата на љубов кон моите штотуку родени деца да ме спречат да појдам на

должност кога Бог ќе го побараше тоа. Моето срце чукаше со мајчинска љубов исто толку силно како и срцето на секоја друга мајка, па сепак се одвоив од своите новороденчиња, согласувајќи се други жени да водат грижа за нив. За својата заинтересираност и преданост на Божјото дело јас дадов несоборливи докази. Колку го сакам тоа покажав не само со зборови, туку и со соодветни дела. Дали некој покажа повеќе докази од мене? Дали оние (што ме обвинуваат) ревнуваа за вистината? Јас уште повеќе. Дали беа предани на делото? Јас можам да кажам дека навистина бев предана повеќе од било кој друг. Дали страдале поради вистината? Јас уште повеќе. Не се грижев ниту за мојот живот. Не бегав од укорите, страдањата и потешкотиите. Кога пријателите и роднините во очај веќе ме прежалија, бидејќи болеста како плен ме освои, мојот сопруг на своите раце ме внесуваше во кочијата или на лаѓа. Во една прилика, на едно патување кое траеше до полноќ, се најдовме во Бостон без никакви пари. Два или три пати пешачевме со вера по дванаесет километри. Одевме сè додека не ја изгубив силата, а потоа клекнавме на земјата молејќи се Бог да ми подари сила за да продолжам понатаму. Силата беше добиена и бевме оспособени сесрдно да се посветиме на работата за спасување на душите. Не дозволивме ништо да нè спречи во извршувањето на должностите или да нè одвои од делото. {1C 581.1}

Духот што се покажа при оваа средба длабоко ме ожалости. Се вратив дома сè уште оптоварена, бидејќи присутните не направија ништо за да го олеснат мојот товар барем со признание дека имале погрешно мислење за мене и дека нивните сомнежи и обвинувања биле неосновани. Тие не можеа да ме обвинат, но не вложија никаков напор ниту за да ми помогнат. {1C 582.1}

Мојот сопруг петнаесет месеци беше толку слаб, така што својот џебен часовник и паричник воопшто не ги земаше во раце, ниту беше во состојба да ја впрегне и вози својата кочија. Тој, во текот на својата болест, неколку пати одбиваше да прими пари од своите браќа кои му нудеа скоро илјада долари, нагласувајќи дека ќе ги извести ако му бидат потребни. Конечно, сепак се најдовме во голема скудност. Мојот сопруг сметаше дека најнапред му е должност да го продаде она од што можевме да се лишиме, па дури тогаш де се обрати на другите за помош. Имаше нешто скромен мебел во канцеларијата и кај некои браќа во Батл Крик. Сето тоа го собра и го продаде. Располагавме со мебел кој вредеше околу сто и педесет долари. Нашата софа, што ја користевме за молитвениот дом, мојот сопруг се обиде да ја продаде, нудејќи ја за само десет долари, но не успеа. Во тоа време ни пцовиса и единствената крава, која ни беше толку драгоцена. Тогаш мојот сопруг за прв пат почувствував дека мора на некого да се обрати да му помогне и му напиша писмо на еден брат нагласувајќи дека ќе прими помош ако црквата види дека е добро тоа да се направи поради споменатата загуба што нè снајде. Но и во таа прилика не беше преземено ништо, освен што мојот маж го прогласија за ненормален бидејќи не знае да ракува со парите. Познавајќи го добро, тие мораа да знаат дека тој никогаш не би барал помош ако на тоа не би го натерала некоја голема неволја. А кога го стори тоа, судат за неговите чувства, и не навлегувајќи подлабоко во причините, ја користат нашата неволја за да ни нанесат поголема болка. {1C 582.2}

Мојот сопруг за време на таа средба понизно призна дека згреши во некои прашања, што не требаше да го стори, ниту би го сторил да не беше неговото стравување од браќата и стремежот да остане во единство со црквата. Тоа ги наведе оние што му направија толку неправди уште повеќе да го презрат. Ние бевме понизени до правта и бевме толку нажалени што тоа не може да се опише. Во таква состојба појдовме на

состанок во Монтерие. На патот бевме во најголеми маки. Се обидував да си објаснам на самата себе зошто тие браќа не можат да ја разберат нашата работа. Бев сигурна дека кога ќе се сретнеме тие ќе увидат каков дух нè води, и дека Божјото дело и во нив ќе наиде на таков одзив како и кај нас, Неговите скромни слуги, доведувајќи до потполно единство на мислите и чувствата. Наместо со тоа, нè дочекаа со најголемо сомневање и недоверба, што во мене предизвика таква збунетост каква што не сум почувствувала никогаш во животот. Додека размислував за тоа, ми помина низ умот како молња еден дел од визијата што ја добив во Рочестер на 25 декември, 1865 година, и веднаш тоа му го раскажав на својот сопруг: {1C 583.1}

Покажан ми е еден ред стебла кои поставени еден до друг формираа затворен круг. Преку тие дрвја се издигнуваше винова лоза што ги покриваше со своите лисја, формирајќи на таков начин еден вид сеница. Наскоро забележав како дрвјата се нишаат наваму - натаму како да ги придвижува некој силен ветар. Фиданките на лозата една по една ги губеа своите потпори сè додека целата лоза не беше оттргната од тие стебла, освен неколку нежни фиданки кои сè уште се држеа за нивните долни гранки. Потоа се појави една личност и гневно ги скина преостанатите нежни фиданки, така што целата лоза беспомошно падна на земјата. {1C 583.2}

Не можам да ја опишам потиштеноста и болката на својата душа кога ја гледав лозата како лежи на земјата. Мнозина минувачи со сожалување ја гледаа лозата, и јас копнежливо очекував некоја пријателска рака да ја подигне, но никој не дојде да помогне. Прашав зошто ниедна рака не е подготвена да ја подигне соборената лоза. Веднаш потоа здогледав еден ангел како се доближува до привидно напуштената лоза. Тој ги испружи своите раце, ги стави под лозата и ја исправи, велејќи: „Издигни се кон небото фаќајќи се со своите нежни фиданки за Божјата сила. Те отргнаа од твојата човечка потпора, но благодарение на Божјата сила ти можеш да опстанеш и без неа. Потпри се само на Бога, бидејќи во тоа е твојата единствена сигурност, и од Него ништо не ќе може да те оттргне". Почувствував неискажливо олеснување и радост кога видов дека за занемарената лоза сепак некој се грижи. Се свртев кон ангелот и го прашав што значи ова. Тој рече: „Ти си таа лоза. Сето ова ти ќе го искусиш, и кога тоа ќе стане реалност ќе го сфатиш во потполност симболичното значење на оваа лоза. Бог ќе ти биде вистинска потпора во деновите на неволја". Од тој момент ми беше потполно јасно која е мојата должност и ги изнесував своите сведоштва слободно како никогаш порано. На тоа богослужение како никогаш до тогаш почувствував дека лично Господ ме поддржува со Својата рака. Мојот сопруг исто така слободно и јасно ги изнесуваше своите проповеди, и сите на крајот посведочија дека богослужението беше исклучително добро. {1C 583.3}

Кога се вративме од Монтерие, сметав дека ми е должност да повикам уште една средба, бидејќи браќата не презедоа ништо за да ја олеснат мојата душевна состојба. Одлучив да настапам во Божја сила и, давајќи им израз на своите чувства, да се ослободам од сомневањата и да ги оспорам сите невистини што кружеа за нас. Во своето излагање изнесов некои подробности што ми беа откриени за минатото на присутните поединци, укажувајќи им на опасностите што им се заканувааат и укорувајќи ги нивните грешки. Ја истакнав сета нелагодност на состојбата во која се наоѓам. Кога во визија ми беа покажани случаите на поединци и на цели семејства, тоа најчесто се однесуваше на нивниот личен живот и претставуваше осуда на нивните тајни гревови. Со месеци се залагав за поединците во врска со нивните грешки за кои другите ништо не знаеја. И често браќата и сестрите - гледајќи ги овие личности ожалостени и слушајќи

ги како изразуваат сомневање во поглед на нивното прифаќање од Бога - ја фрлаа вината на мене како јас да сум одговорна за нивните неволји. Оние што ме осудуваа поради тоа, воопшто не знаеја што зборуваат. Го подигнав мојот глас против оние што инквизиторски го следеа секој мој чекор. На мене ми беше дадена како должност мошне непријатна задача да ги осудувам личните гревови на поединците. Да го откриев во потполност моето делување со цел да ја избегнам зависта и сомневањата, објавувајќи го и она што мора да се чува во тајност, би згрешила пред Бога и би им наштетила на мнозина. За укорите упатени до поединци никогаш не им зборував на другите, туку тоа остануваше заклучено во моето срце. Другите нека судат како сакаат, но јас никогаш нема да ја изневерам довербата што ми ја покажаа заблудените и оние што се покајуваа, ниту ќе им го откријам на другите она што треба да му се каже само на виновникот. Им кажав на собраните дека треба да си ги повлечат рацете кај себе, оставајќи ме да делувам слободно во стравот Божји. Го напуштив состанокот ослободена од тешко бреме. {1C 584.1}

---

103. ДО РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕДАКЦИЈАТА

Овде ќе изнесам две сведоштва, едното е напишано во март 1867 година и упатено до сите што работат во редакцијата на списанието Преглед, а второто е наменето за младите кои се вработени во редакцијата. Со жалење морам да кажам дека сите до кои беше упатено предупредувањето помалку или повеќе ги занемарија овие сведоштва, и сега признаваат дека постапија спротивно на она што е кажано во овие сведоштва. Првото сведоштво гласи: {1C 585.1}

Додека бев во Рочестер, држава Њујорк, на 25 декември, 1865 година, покажани ми се некои подробности за оние што работат во редакцијата, но исто така и за проповедниците што Бог ги повикал да служат во речта и во науката. Ниту едните, ниту другите не смеат да се занимаваат со трговија или со препродавање на стока. Тие се повикани на света и повозвишена должност, и не е можно своите задачи совесно и исправно да ги извршуваат, занимавајќи се во исто време со трговија. Оние што работат во редакцијата не треба да посветуваат внимание на никакви други интереси. Кога на таа работа ќе и посветат потребно внимание и грижа, ќе направат сè што биле во состојба да направат, тие не смеат да преземаат на себе никакви други товари. Ако трговијата која нема никакво заедништво со Божјото дело ги обзема нивните мисли и им го одзема времето, тие не можат да ја извршуваат својата работа онака како што треба. Оние што се ангажирани во Божјото дело, своите физички и умствени сили не треба да ги растураат на нешто друго, бидејќи сето тоа во помала или поголема мера ги ослабнува духовно. На светото дело во кое се тие ангажирани треба да се посветат сите сили на умот; и тие своите задачи не треба да ги извршуваат само механички, туку треба на делото да се посветат така предано како да е тоа дел од нив самите, како сè што имале да вложиле во голем и сериозен потфат. Ако не се со цело срце во делото, нивните напори ќе бидат неприфатливи за Бог. {1C 585.2}

Сатаната е многу лукав, постојано активен и никогаш не дреме. Тој своите сили посебно ги насочува против оние што се ангажирани во проповедањето и публикувањето на сегашната вистина. На сите кои се на било кој начин поврзани со ова дело им е неопходно сето Божје оружје, бидејќи тие се посебна мета на нападите на

сатаната. Видов колку е опасно да се биде невнимателен, бидејќи сатаната одвај чека да се прикраде и незабележливо да ги одврати мислите од ова големо дело. На оние што се наоѓаат на одговорни положби во редакцијата им се заканува опасност да се возвишат и да ја загубат понизноста на духот и едноставноста кои до сега беа обележје на делото. {1C 586.1}

Посебна мета на нападите на сатаната се оние што се наоѓаат на чело на делото и имаат искуство во успешното ширење на сегашната вистина. Тој се обидува таквите да ги отстрани од патот, за тој да може да се вовлече и незабележано да влијае на умот на оние што се неискусни и не се потполно посветени со вистината. Бог одлучи да му го поврати здравјето на мојот сопруг, откако другите се запознаа со товарот на одговорностите што тој ги носеше и чувствуваат нешто од заморот што ги следи таквите одговорности. Освен тоа, тие никогаш нема толку да ризикуваат како што ризикуваше тој, бидејќи со цела душа, со сите сили на умот и телото беше во делото. Нивна должност и не е да работат толку прекумерно како што тој работеше, бидејќи не би можеле да издржат ниту дваесетти дел од товарот што тој го носеше. {1C 586.2}

Сатаната настојува да стекне потпорно место во таа редакцијата, и ако сите не бидат внимателни и единствени во своите напори тој ќе ја оствари својата цел. Некои ќе се издигнуваат над едноставноста на делото сметајќи дека нивната сила е доволна за сè додека тоа всушност ќе се покаже како најголема слабост. Во ова големо дело треба да се прослави Бог, а не луѓето. И доколку тие во понизност и вера не се потпираат постојано на Бог, туку на своето „јас" и некакви свои способности, тие еден по друг ќе мораат да ја пијат горката чаша на болестите и страдањата. Доколку делото повеќе се развива, дотолку е понеопходно да се покаже потполна доверба во Бог, постојана зависност од Него и безрезервна преданост на Неговото дело. Себичните интереси мора да се потиснат на страна. За напредок и успех на делото е потребно многу повеќе молитва и повеќе побожно размислување. Оние што со својата работа се поврзани за редакцијата не смеат да негуваат трговски дух. Ако тоа се дозволи, делото ќе биде занемарено и оштетено. Разликата меѓу светото и овоземното наскоро ќе исчезне. {1C 587.1}

Постои голема опасност некои поединци кои учествуваат во делото да мислат и да работат само за плата. Таквите не покажуваат никаков посебен интерес за делото, не се со срцето во него, ниту ја чувствуваат светоста и возвишениот карактер на истото. Постои исто така опасност оние што се наоѓаат на чело на делото да се возгордеат, и Божјото дело да биде оштетено, носејќи печат повеќе на човечко, отколку на божествено. Сатаната будно и непрекинато демне, но Исус е жив и сите што од Него ќе направат своја праведност и одбрана ќе имаат посебна потпора. {1C 587.2}

Покажано ми е дека браќата А, Б и Ц го изложуваат на опасност своето здравје поминувајќи го поголемиот дел од времето во прегреани и недоволно проветрени простории. Тие браќа мораат повеќе да се движат. Занимавајќи се со работи кои главно се извршуваат во седечка положба, тие предолго се задржуваат во затворени простории, вдишувајќи прегреан и нечист воздух. Недоволното движење е една од главните причини за слабата циркулација на крвта и, не почитувајќи ги законите на своето суштество, тие се изложуваат на опасност да навлечат некоја долготрајна болест. Ако продолжат и понатаму да ги престапуваат тие закони, еднаш ќе мора тоа да го платат со губење на своето здравје како што беше случај и со мојот сопруг. Тие нема да издржат подолго од него. Ниту еден од нив не е во состојба да издржи дури ниту малечок дел од физичките и умствените напори што тој ги издржа. {1C 588.1}

Овие браќа работат во делото за кое се водени најтешки битки и поднесувани најтешки неволји за да се развие до степенот на кое денес се наоѓа. Сè уште ни претстои голема и сериозна работа, која од нив бара потполна преданост, како и од братот Д, на кого му се заканува опасност од извишување. Бог ќе го става на проба за да го провери и тој мора да се опаше со вистината и да го земе сето оружје на правдата за да не падне во рацете на непријателот. Сите овие браќа треба строго и истрајно да се придржуваат кон здрава и едноставна исхрана, зошто на сите им се заканува опасност од натрупување на крв во мозокот, на некои дури и од парализа, доколку продолжат да живеат безгрижно и немарно. {1C 588.2}

Видов дека на братот Б, Бог посебно му наменил голема и возвишена должност. Го очекуваат големи грижи и тешки одговорности, но со вистинска преданост и посветеност на делото сето тоа многу полесно се поднесува. Брате Б, ти треба почесто и пообилно да се напојуваш на изворот на спасението и на реката на посветувањето. Твојата волја сè уште не е потполно потчинета на Божјата волја. Ти продолжуваш по својот пат мислејќи дека не може да се стори поинаку, но ја пропушташ можноста за најголемата радост секогаш пред себе да го гледаш Исус Христос. Со оглед на тоа дека се наоѓаш на толку одговорна положба, со сето тоа и наштетуваш најнапред на својата сопствена душа, а исто така влијаеш и на другите. Ако продолжиш да одиш во спротивен правец од Бог, и Тој ќе оди спротивно од тебе. Бог сака да те употреби, но во тебе мора да умре твоето „јас" и мораш да ја жртвуваш својата гордост. Господ сака да те употреби во Своето дело ако бидеш подготвен да одиш по патот што Тој ти го отвора во Своето провидение, чистејќи се ревно и потполно од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. {1C 588.3}

Второто сведоштво е напишано во мај, 1867 година, и упатено до младите што работат во редакцијата: {1C 589.1}

Драги млади пријатели вработени во издавачката куќа во Батл Крик: мене не обземаат тешки грижи поради вас. Покажано ми е повеќе пати дека сите оние што се поврзани со Божјото дело во публикувањето на сегашната вистина, за таа да може да допре до сите делови на нашето делување, треба да бидат христијани не само по име, туку и со дело и со вистина. Нивната цел не треба да биде да работат само за плата, туку да му бидат предадени на ова свето и големо дело со цело срце, со сета сила и со целото битие. Нивните побуди и интереси што ги врзуваат за ова големо и свето дело мораат да бидат такви за да ја издржат проверката на истражниот суд. Во нашата издавачка дејност не треба да учествуваат оние што покажуваат себичност и гордост. Покажано ми е дека работниците во редакцијата не треба да се оддаваат на лекомисленост, несериозност, шегување, и недолично смеење. Оние што се ангажирани во светото дело на подготовка на духовна литература преку која вистината треба да допре до сите краеви на светот мораат да бидат свесни дека и нивното однесување има свое влијание. Ако тие, додека ги читаат овие свети вистини подготвувајќи ги за печатење, безгрижно си дофрлаат шеги и се смеат, тие со тоа покажуваат дека не се со срцето во тоа дело и дека вистината не ги посветила. Тие не го разликуваат светото од обичното, и кон вистината со небесно потекло која претставува проверка на нашиот карактер се однесуваат како кон обична приказна или измислица, на која мислиме извесно време, а потоа ја забораваме. {1C 589.2}

Додека бев во Рочестер ми беше покажано дека и здравствените услови во редакцијата се во многу нешта загрижувачки; никој од вработените не ја согледал неопходноста од проветрување на просториите. Нивните простории се постојано прегреани, а атмосферата во нив е затруена со испарување и повторно вдишување на нечист воздух кој веќе бил во белите дробови. Не е можно нивниот ум да биде во состојба во потполност да ги сфати чистите и свети вистини со кои постојано се занимаваат, доколку на чистиот и животворен воздух не му го дадат она значење што тој навистина треба да го има. {1C 589.3}

Покажано ми е дека оние што се така тесно поврзани со откриената вистина - ако не дадат очевидни докази дека таа вистина со која се во постојан контакт ги прави подобри и со својот живот не сведочат дека ја сакаат исполнувајќи ги нејзините барања -ќе стануваат се потврди и сè помалку наклонети кон Божјото дело. На крајот ќе бидат потполно неприемчиви за влијанието на Светиот Дух и мртви за небесната вистина. Она што е вечно и неминливо тие ќе го стават на исто ниво со она што е овоземно. Ова веќе се случи со некои кои работат во редакцијата, но за жал и другите покажуваат голема немарност во овој поглед. {1C 590.1}

Покажано ми е дека за делото на сегашната вистина треба сите да бидат заинтересирани. Божја намера е вистината во облик на публикации да претставува опомена, утеха, укор, храбрење и осведочување за сите до кои ќ е допре како нем сведок. Ангелите делуваат на срцата на оние што ги читаат овие вистини, за да се подготват за сериозните настани кои се пред нас. {1C 590.2}

Никој од ангажираните во оваа толку значајна гранка на делото, како што е работата со литература, нека не мисли дека тоа може успешно да го извршува само со своја сила. Ако ангелите не се постојано со нив за да ги водат, советуваат, и зауздуваат, тие како човечки орудија ќе се водат од лудоста наместо од мудроста. {1C 590.3}

Видов дека ангелите често се наоѓаат во редакцијата, во просторијата каде се сложуваат слоговите и во просторијата каде се прават насловните страни и кориците на книгите. Слушнав гласно смеење, шеги, несериозни и празни зборови. Повторно видов како се покажува суетата, гордоста и себичното фалење. Гледајќи го сето тоа, ангелите со тага го свртуваа своето лице. Зборовите што ги слушнав, суетата, гордоста и себичното фалење што го видов, ме натераа длабоко да воздивнувам од болка, посебно кога видов како ангелите со гнасење ги напушатаат тие простории. „Небесните гласници," кажа ангелот, „доаѓаат од небото за да ја благословат оваа работа, за вистината што ја содржат овие неми сведоци со својата посветувачка сила да може да ја прати нивната мисија. Но оние што се ангажирани да ја извршуваат оваа работа толку се оддалечуваат од Бога и се прилагодуваат на светот така што силите на темнината потполно загосподариле со нив и тоа ги прави да не сакаат да го примат божественото влијание". Во исто време тие млади се измамуваат самите себе, мислејќи дека се богати и дека ништо не им е потребно, а не знаат дека се сиромашни и бедни, слепи и голи. Оние што со драгоцените вистини на Божјото Слово ракуваат како со песок не претчувствуваат колку пати со својата рамнодушност кон вечните интереси, со своето суетно самољубие, со гордоста, празните зборови и смеење ги истерале небесните ангели од редакцијата. {1C 591.1}

Со своето однесување, зборови и постапки, сите кои работат во таа канцеларија треба да покажуваат резервираност, скромност и несебичност - налик на својот Спасител. Тие треба да го бараат Бога и Неговата правда. Редакцијата не е место за спорт, за посети, за безделничење, за смеење и празни зборови. Овде сите треба да

бидат свесни дека работат за својот Учител. Вистините што тие ги читаат и ги подготвуваат за печатење претставуваат повик на милоста и пораки во вид на укори, закани, опомени или охрабрувања. Тоа на што тие работат претставува мирис на животот за живот или мирис на смртта за смрт. За резултатите на сето тоа, одлуки ќе се донесуваат на Божјиот суд. Молитвата на сите што работат во редакцијата треба да биде: „О Боже, направи овие вистини, толку важни за спасение, да допрат до срцата и на оние што се најнеобразувани. Твоите ангели нека ги пратат овие неми сведоци и Ти го благослови влијанието на истите, за и тие скромни средства да придонесат за спасување на душите!” {1C 591.2}

Додека рацете вредно работат, срцето треба да се отвора во сесрдна молитва, и тогаш сатаната не ќе може да најде ниту еден слободен приод, а душата, наместо да се препушта на суета, ќе биде постојано освежувана, како градина покрај поток. Ангелите со задоволство ќе бидат покрај таквите работници, охрабрувајќи ги со своето присуство. Вистините публикувани во таква атмосфера ќ е ги прати божествена сила и блескави зраци на светлина од небесното светилиште; така што оние што ќе ги читаат ќе бидат освежени и засилени, а оние што се противат на вистината ќе бидат принудени да кажат пред силата на доказите: Сето тоа е навистина така и не може да се порекне. {1C 592.1}

Би требало сите да чувствуваат дека редакцијата е свето место исто како и Божјиот дом. Но некои од оние што се поврзани со таа дејност, го обесчестуваат Бога со своето површно и лекомислено однесување. Покажано ми е како некои кои дошле од далеку често пати разочарани си заминуваат од редакцијата. Тие во своите мисли таа институција секогаш ја поврзувале со она што е свето; но гледајќи колку малку сериозност и достоинство има во зборовите и постапките на младите и останатите што работат овде, тие почнуваат да се сомневаат дека е тоа Божје дело кое треба да ги подготви луѓето за заминување на небото. {1C 592.2}

Бог нека ги благослови овие зборови и сите оние за кои се наменети. {1C 592.3}

---

104. СУДИРИ И ПОБЕДА

Настани од 26. април до 20. октомври, 1867. година.

Кога се вративме на Север, одржавме успешен состанок во Вест Виндзор, а кога стигнавме дома, одржувавме состаноци во Феирленс и Орлеанс. Нешто време, исто така, посветивме и на ѕидање, уредување на нашата градина и садење винова лоза, капини, малини и јагоди. А потоа во друштво на една добра делегација се вративме на заседанието на Генералната Конференција во Батл Крик. {1C 592.4}

Првата сабота на ова патување, со пост и молитва, ја поминавме во Орлеанс. Тоа беше за нас ден со посебна свеченост. Се понизивме пред Господ во сесрдна молитва и солзи, барајќи да нѐ благослови и засили, за на Конфернициjата да можеме да ја извршиме Неговата волја. Верувавме и се надевавме дека на тој состанок ќе дојде и крај на нашето затворештво. {1C 593.1}

Кога стигнавме во Батл Крик видовме дека нашите поранешни напори не доведоа до она на што се надевавме. Озборувањето и љубомората сѐ уште постоеја. Душата ми беше преполна со болка и неколку часови плачев на глас, неспособна да се совладам.

Еден пријател, со кого се познавав повеќе од дваесет години, во разговор ми кажа дека се зборува како ние трошиме многу пари. Го запрашав во што претеруваме. Тој спомна како сме купиле една скапа фотеља. Тогаш му ги раскажав околностите кои нè принудија да го сториме тоа. Мојот сопруг беше толку ослабнат што за него беше вистинско мачење подолго време да седи на обичен стол, и беше принуден да легне на креветот или на каучот. Знаејќи дека на таков начин не ќе може да ја поврати силата, го молев повеќе да седи, но столот што го имавме не му одговараше. {1C 593.2}

Доаѓајќи на исток да го посетам татко ми кој беше пред смрт, сопругот го оставив во Брукфил, во државата Њујорк, и во времето додека бев во Јутик побарав една удобна фотеља. Трговецот немаше ништо за петнаесет долари колку што јас имав намера да платам, но една одлична фотеља со тркалца наместо за триесет ми ја понуди за седумнаесет долари. Столот беше токму онаков каков што барав. Но браќата што беа со мене ми предложија да почекам да се изработи нова фотеља која ќе чини три долари помалку. Онаа што ми беше понудена за седумнаесет долари навистина чинеше толку; но јас, прифаќајќи го мислењето на другите, почекав да се направи поевтина, ја платив со сопствени пари и му ја однесов на мојот сопруг. Во Висконсин и Ајова веќе наидов на приказни дека прескапо сум ја платила таа фотеља. Но кој може да ме осуди за тоа? Кога повторно би ми се укажала таква потреба би го направила истото, со еден исклучок: би се потпрела на сопственото расудување и би ја купила фотељата која е поскапа неколку долари, но вреди два пати повеќе од онаа што ја купив. Сатаната понекогаш така влијае на умот за да го уништи секое чувство на милост и сожалување. Срцето станува тврдо како железо и од него го снемува сето она што е човечно и божествено. {1C 593.3}

Слушнав, исто така, како една сестра во Мемфис и Лепир зборува дека црквата во Батл Крик нема ниту мала доверба во сведоштвата на сестра Вајт. Прашав дали тоа се однесува на пишаните сведоштва. Одговорот беше: Не, тоа не се однесува на нејзините објавени визии, туку на сведоштвата што ги изнесува на богослуженијата во црквата и тоа затоа што нејзиниот живот е во спротивност со нив. Барав да бидам соочена со некои од искусните браќа и сестри меѓу кои имаше и личности што ги шириа овие гласови. Ги замолив да ми докажат во што мојот живот не е во согласност со моите учења. Да беше мојот живот таков да може да се оправда недовербата на членовите во моите сведоштва, тогаш не би било тешко да се изнесат докази за моите нехристијански постапки. Тие не можеа да наведат ништо со што можеа да бидат оправдани овие гласини, и признаа дека погрешиле потпомагајќи го нивното ширење, и дека нивните сомневања и недоверба биле потполно неосновани. Великодушно им простив на сите што ми нанесоа зло, и кажав дека единствено што барам е да го поправат она што го направија со своето влијание. Ветија дека ќе го сторат тоа, но сепак не постапија така. {1C 594.1}

Во многу семејства за нас кружеа потполно лажни или многу преувеличени вести, така што на таа Конференција мнозина со сомневање гледаа на нас, а посебно на мојот сопруг. Некои кои имаа влијание ниту малку не ја криеја својата склоност потполно да не уништат. Мојот сопруг, бидејќи се најдовме во голема скудност, беше присилен да го распродаде подвижниот имот, и тоа му е припишано како грев. Со една изјава тој се согласи браќата да ја надоместат нашата загуба кога ни загина кравата, и тоа, исто така, му беше припишано како тежок грев. Претпоставувајќи дека успешно ќе го продадеме својот имот во Батл Крик, купивме имот во Гринвил и почнавме да градиме куќа. Но имотот во Батл Крик не успеавме да го продадеме, и во таа тешка положба мојот сопруг им пиша на некои браќа барајќи заем. Осудувајќи го за тоа, зборуваа дека и на тој начин

сакал да се добере до пари. Еден од проповедниците кој беше најактивен во сето тоа, во една прилика кажал: „Ние не сакаме братот Е да го купи имотот на братот Вајт, бидејќи неговите пари ни се потребни за Здравствениот Институт”. Што можевме да сториме? Каде и да се свртевме бевме изложени на напади. {1C 595.1}

Само шеесет и пет часови пред да добие мозочен удар, мојот сопруг остана до полноќ во молитвениот дом, повикувајќи ги верниците да приложат уште триста долари за изградба на тој дом, и за да биде убедлив тој приложил по десет долари за себе и за мене. Износот бил целосно собран уште пред полноќ. Проповедникот на црквата беше наш стар пријател, и мојот сопруг, притиснат од нашата тешка состојба, му напиша едно писмо, во кое наведе дека, поради тешката положба во која се наоѓаме, би ги примиле тие дваесет долари, ако црквата би била подготвена да ни го врати тоа. За време на Конференцијата овој брат нè повика и сериозно нè обвини поради тоа. Но и пред да дојде кај нас барем малку придонел за општата затруеност на умовите во врска со нас. Сето ова на нас делуваше многу болно и да немавме посебна поддршка од Господа, не ќе можевме со таква слобода да го изнесеме своето сведоштво на таа Конференција. {1C 595.2}

Пред да се вратиме од Конференцијата, браќата Ендрус, Пирс и Бурдо упатија посебни молитви до Господ во нашата куќа, што ни донесе големо олеснување и благослов, посебно на мојот сопруг. Од тогаш почнаа неговите остри страдања со забите, како и нашата работа опишана во списанието Преглед. Со проповедањето мораше да прекине само една седмица додека немаше заби и поради што не можеше да зборува. Но во Оренџ и Рајт, како и во други места, проповедаше и крштеваше како и порано. Верниците се собираа во нашата куќа. {1C 596.1}

По враќањето од Конференцијата, ме обзеде голема неизвесност во врска со напредокот на Божјото дело. Во текот на цели шест месеци сомнежи ме измачуваа како никогаш порано. Видов како Божјиот народ се повеќе го прима духот на овој свет, се поведува по модата и ја напушта едноставноста на нашата вера. Имав впечаток дека црквата во Батл Крик сè повеќе се оддалечува од Бога и дека е скоро неможно да биде пробудена. На сведоштвата што ги даваше Бог токму во Батл Крик им е посветувано најмало внимание, и таму тие имаа најмало влијание. Се плашев за Божјото дело. Знаев дека Бог не се одрекол од Својот народ, но мнозина со своите гревови и беззаконија се одвоија од Него. Во Батл Крик се наоѓа големото срце на целокупното дело. Секое негово отчукување се чувствува во сите делови на телото. Ако е срцето здраво, животворната циркулација ќе се чувствува во целото тело на црквата на адвентистите на седмиот ден. Ако е срцето болно, изнемоштеност неизбежно ќе ги зафати сите гранки на делото. {1C 596.2}

Сите мои интереси се сконцентрирани во ова дело и целиот мој живот е вткаен во тоа. Кога црквата напредува јас сум среќна, а кога таа изнемоштува јас сум тажна, обесхрабрена и очајна. Покажано ми е дека Божјиот народ се наоѓа во состојба која сериозно загрижува, и која Тој не може да ја одобри. Дење и ноќе оваа тажна слика ми беше пред очите, и во длабока болка ја повторував молитвата: „О, Господе, не го давај Своето наследство под срам, за да не кажат незнабошците: ‘Каде е нивниот Бог?’” Се чувствував отсечена од сите што се наоѓаат на чело на делото и потполно осамена, не осмелувајќи сè да се доверам на никого. Ноќе го будев мојот сопруг, кажувајќи: „Се плашам да не станам неверник”. Потоа пекав кон Господ да ме спаси со Својата моќна рака. Не можев да гледам како моите сведоштва не се почитуваат, и често помислував дека мојата задача во Божјото дело е можеби завршена. Беше одредено да одиме во

Башнел, но јас му кажав на мојот сопруг дека не можам да одам. Тој набргу се врати од поштата носејќи со себе писмо од братот Матисон во кое беше опишан и следниот сон: {1C 596.3}

„Драги брате Вајт, Божјиот благослов нека биде над тебе, и овие редови нека те затекнат како просперираш и напредуваш во здравје и духовна сила. Мошне сум Му благодарен на Бога за Неговата добрина кон тебе, и се надевам дека во добро здравје и слобода ќе продолжиш да ја објавуваш последната порака. {1C 597.1}

Сонив еден значаен сон за тебе и за сестра Вајт, и сметам дека ми е должност да ти го пренесам тоа додека не сум заборавил. Сонував дека на сестра Вајт сум ѝ го раскажал и сонот и неговото значење кое ми беше дадено во сонот. Кога се пробудив, нешто ме тераше да станам и да ги запишам сите подробности за да не ги заборавам; но тоа не го сторив, делумно затоа што бев уморен, а делумно и затоа што сметав дека тоа е само еден сон. Но, со оглед дека никогаш дотогаш не бев сонувал за вас и дека овој сон е толку јасен и толку суштински поврзан со вас, дојдов до заклучок дека треба да ви го изнесам. Сонот, колку што можам да се сетам се состоеше во следното: {1C 597.2}

Бев во една голема куќа во која се наоѓаше проповедална слична на онаа што ние ја користиме во нашиот молитвен дом. На неа имаше многу запалени светилки. На тие светилки требаше постојано да се додава масло, и повеќе од нас беа ангажирани да донесуваме и да долеваме масло. Братот Вајт и неговата сопруга вредно учествуваа во тоа, но забележав дека сестра Вајт во долевањето масло направи повеќе од било кој друг. Тогаш братот Вајт ја отвори вратата на еден магацин полно буриња со масло и влезе внатре, а по него влезе и сестра Вајт. Во тој миг се појави една група луѓе носејќи огромна количина некоја црна смеса која личеше на саѓи и сето тоа го истурија врз братот и сестрата Вајт, така што потполно ги покрија со тоа. Бев страшно вознемирен и тресејќи се од страв го чекав резултатот од сето тоа. Видов како брат и сестра Вајт со сета сила се напрегаат да се ослободат од овие саѓи и како, после големи напори излегуваат чисти и среќни, како што беа и пред тоа, додека злите луѓе заедно со своите саѓи исчезнаа. Тогаш брат и сестра Вајт повторно продолжија да ги снабдуваат светилките со масло, во што посебно беше активна сестра Вајт. {1C 597.3}

Во сонот ми е дадено и следното толкување. Светилките го претставуваат остатокот на Божјиот народ. Маслото е вистината и небесната љубов, која треба постојано да му се додава на Божјиот народ. Оние што ги полнеа светилките се слугите Божји кои соработуваат на жетвата на евангелието. Не би можел посебно да ги набројам поединците кои се наоѓаа во онаа група зли луѓе, но тоа беа оние што ѓаволот ги подигна со своето зло влијание да се спротивставуваат на брат и сестра Вајт. Тие и двајцата за извесно време беа во голема неволја; но се ослободени со Божјата благодат и со своите сесрдни напори. На крајот Божјата сила се спушти на нив и тие успешно продолжија да го извршуваат својот дел во објавувањето на последната порака на милоста, но сестра Вајт со значително повеќе небесна мудрост и љубов отколку останатите. {1C 598.1}

Овој сон ја зајакна мојата вера дека Господ и понатаму ќе ве води да го продолжите делото на обнова што го започнавте и дека повторно, во силата на Неговиот Дух, ќе се радувате како порано, дури и во поголема мера. Не заборавајте дека понизноста претставува врата која води до богатите резерви на Божјата благодат. Бог нека те благослови тебе, твојата сопатничка и вашите деца и да даде да се сретнеме во небесното царство. Ваш во врските на христијанската љубов”. {1C 598.2}

ЏонМатисон Окленд, Висконсин, 15. јули,1867.

Овој сон ми донесе извесно охрабрување. Имав доверба во братот Матисон и неговиот случај, пред лично да го сретнам, ми беше покажан во визија, и тоа во потполно поинаква светлина од случајот на Ф, исто така од Висконсин. Овој не беше достоен да се нарече христијанин, а уште помалку гласник. Брат Матисон ми е прикажан како понизен човек кој, ако се одржи во своето посветување, ќе биде квалификуван да им укажува на душите на Божјото јагне. Овој брат не знаеше за моите душевни страдања. Никогаш не сме се допишувале, и затоа овој сон, имајќи во вид од кого и во кој момент доаѓа, ми личеше на рака што лично Бог ми ја испрати за да ми помогне. {1C 599.1}

Моравме да ја ѕидаме куќата со позајмени пари, и тоа ни задаваше многу грижи и неспокојство. За да ги исполниме преземените одговорности, работевме со најтешки напори по најголема жештина. Ни беа неопходни пари, и затоа заедно одевме да работиме тешки работи во полето, каде копавме, косевме и собиравме сено. Јас правев пластови со вила, а мојот сопруг со своите слаби раце ми го подаваше сеното. {1C 599.2}

Фарбањето и повеќето внатрешни работи во нашата куќа ги извршив сама. Така работејќи и двајцата се преоптоваривме. Конечно, наеднаш изнемоштев и не можев повеќе да продолжам така. Неколку пати наутро ја губев свеста, така што мојот сопруг на состанокот во Гринбуш мораше да појде без мене.

Нашата стара дотраена кочија беше вистинско мачење за нас и за нашите коњи. Долгото патување со таков превоз, напорите на состаноците, грижите и работите во куќата, сето тоа беше премногу за мене и јас се плашев дека нема да можам понатаму. Сопругот настојуваше да ме охрабри, инсистирајќи сепак, според договорот, да одам во Оринџ, Гринбуш и Итака. Конечно одлучив да појдам и, ако не ми стане полошо, да го продолжам патувањето. Се возев преку шеснаесет километри клечејќи на една перница во кочијата, а главата ја потпирав на друга, која мојот сопруг ја држеше во својот скут. Тој во исто време беше и возач и ме придржуваше. Утредента се чувствував подобро и одлучив да го продолжам патувањето. Бог им подари сила на нашите зборови во Оренџ и беше извршено големо дело за грешниците и за оние кои на разни начини застраниле. Во Гринбуш, исто така, ми беше подарена сила и зборував без страв. Во Итака со Божја помош зборувавме пред собир поголем од било кога дотогаш. {1C 599.3}

За време на нашето отсуство, браќата: Кинг, Фарго и Мејнард - во милост кон нас и нашата запрега (коњите) - одлучија да ни купат полесна и поудобна кочија. Кога се вративме, тие заедно со мојот сопруг отидоа во Ајон и купија нова кочија за нас, која и сега ја користиме. Тоа беше токму она што најмногу ни беше потребно, и така бевме поштедени од многу тегоби при патувањата, посебно при летните горештини. {1C 600.1}

Тоа време ни беа упатени многу сесрдни повици да присуствуваме на состаноците на Запад. Додека ги читавме тие трогателни покани ние плачевме. Мојот сопруг кажа: „Елена, ние не сме во состојба да присуствуваме на сите тие состаноци. Одвај би имал сила да водам сметка за самиот себе на толку патувања, а што да правам ако на тебе ти се слоши? Но, Елена, ние сепак мораме да одиме;" и додека тоа го зборуваше, гласот му застануваше во грлото од големо возбудување. Размислувајќи за нашето навистина слабо здравје и за состојбата на Божјото дело на Запад, а чувствувајќи дека на тамошните браќа навистина им е потребна нашата помош, јас одговорив: „Јакове, ние навистина немаме услови да присуствуваме на тие состаноци - но сепак мораме да одиме". Некои од нашите верни браќа, гледајќи во каква состојба се наоѓаме, се понудија да појдат со нас. Тоа беше доволно за да донесеме конечна одлука. Од Гринвил тргнавме со нашата нова кочија на 29. август, за да присуствуваме на сеопштиот

состанок во Рајт. Ни се придружија уште четири запрежни коли. Беше мошне пријатно да се патува во друштво со браќата кои навистина ни беа наклонети. Овој состанок беше вистинска победа. {1C 600.2}

Деновите 7 и 8 септември, ги поминавме мошне пријатно во Монтерие со браќата од околината. Овде се сретнавме и со братот Лофбороу, кој почна да ги согледува грешките што ги направи во Батл Крик, жалејќи што и самиот учествуваше во тие потполно погрешни постапки со кои му се нанесе штета на Божјото дело, а на нас ни беше сторена тешка неправда. На наша молба нè следеше до Батл Крик. Но пред да го напуштиме Монтерие ни го раскажа следниот сон: {1C 600.3}

„Кога брат и сестра Вајт дојдоа во Монтерие, на 7 септември, ме замолија да ги придружувам до Батл Крик. Се колебав сметајќи дека ми е должност да останам во Монтерие и верувајќи, како што кажав, дека противењето што беше подигнато против нив во Батл Крик сега е сè послабо. Бидејќи неколку дена се молев за тоа, се повлеков една вечер барајќи најсердно од Господ да ми го разјасни тоа прашање. {1C 600.4}

Сонував како со уште неколку членови од Батл Крик се наоѓам во еден воз. Вагоните беа ниски - одвај можев да се исправам во нив. Вентилацијата беше многу лоша, и се чувствуваше толку непријатен мирис како прозорците со месеци да не се отварани. Пругата беше мошне нерамна и вагоните така се тресеа што понекогаш и патниците и багажот паѓаа на подот. Понекогаш моравме дури и да застанеме за патниците да можат повторно да се сместат и да го средат својот багаж, или пругата да се поправи. Понекогаш изгледаше дека многу бавно или воопшто не се движиме на своето тешко патување. Бевме навистина јадни патници. {1C 601.1}

Наеднаш стигнавме до една свртница доволно голема за да го собере целиот наш воз. Овде беа и брат и сестра Вајт, и кога излегов од возот тие кажаа: ‘Овој воз оди во потполно погрешна насока. Мора да се заврти во спротивен правец.’ Тие двајцата ги фатија рачките што ја ставаат во движење машинеријата на свртницата, и почнаа да се напрегаат со сета сила за да ја стават во движење. Никогаш не сум видел некој така да се напрега за нешто да придвижи како што тие се мачеа да ја придвижат оваа свртница. Јас стоев и гледав додека целата композиција на возот не почна да се врти, а тогаш реков: „Се придвижува,„ а потоа отидов да им помогнам. Со мачните напори околу придвижувањето на оваа свртница бевме толку обземени, што јас малку внимавав на тоа што се случува со возот. {1C 601.2}

Кога ја завршивме оваа работа, го подигнавме погледот, а целата композиција на возот го измени својот изглед. Наместо ниските непроветрени вагони во кои се возевме, овде беа широки, високи и добро проветрени вагони со широки и чисти прозорци, сите уредени и украсени, поелегантни од луксузните вагони што било кога сум ги видел. Пругата беше рамна, мазна и цврста. Возот се полнеше со патници чиишто лица со израз на сигурност и сериозност блескаа од радост и среќа. Сите беа мошне задоволни со извршената промена изразувајќи потполна доверба во среќното патување. Сега во возот беа и брат и сестра Вајт; нивните лица беа осветлени со света радост. Кога возот тргна, јас бев толку радосен и восхитен, така што се пробудив под влијанието дека тој сон се однесува на Батл Крик и на прашањата во врска со Божјото дело во тоа место. Бев во потполност свесен за својата должност дека треба да одам во Батл Крик и да помогнам во тамошното дело. Се радувам што на ваков начин ми е покажано дека сесрдните напори на брат и сестра Вајт, настојувајќи во црквата да воведат ред, ги следи Божји благослов”. {1C 601.3}

Џ. Н. Лофбороу

Пред да го напуштиме Монтерие, братот Лофбороу ни даде опис на уште еден сон што го сонил кога неговата сопруга починала. Тоа, исто така, ме охрабри. {1C 602.1}

„Пророк кој ќе сони сон, нека го каже сонот“ (Еремија 23:28). {1C 602.2}

Една вечер, бидејќи размислував за страдањата на брат и сестра Вајт, за нивната улога во објавувањето на пораката на Третиот ангел и затоа што пропуштив да ги поддржам во нивната неволја; и бидејќи тоа го признав пред Господ, најсердно молејќи го да ги благослови брат и сестра Вајт, отидов на спиење. {1C 602.3}

Сонив дека се наоѓам во своето родно место, во подножјето на едно ритче. Зборувајќи мошне сериозно нагласив: ‘О, кога би можел да го најдам тој извор што исцелува од секоја болест!’ Еден прекрасен, добро облечен младич, ми пријде и ми кажа мошне љубезно: ‘Јас ќе те одведам до тој извор.’ Тој тргна напред, а јас по него. Тргнавме по падината на ритчето, преминувајќи со големи тешкотии низ три мочуришни предели, преку кои течеа мали текови матна вода. Не постоеше никаков друг начин да се поминат освен да се прегазат. Поминувајќи ги тие пречки, наидовме на цврста почва каде од една височинка извираше кристално чиста вода. Овде се наоѓаше едно големо корито, мошне слично на она во Здравствениот Институт во Батл Крик. Водата од изворот, низ една цевка постојано течеше во тоа корито, прелевајќи се во неговиот долен дел, и светлејќи како да фрла искри на блескавите зраци на сонцето. {1C 602.4}

Кога се приближивме до изворот, младичот не кажа ништо, туку само ме погледна насмевнувајќи се и со израз на задоволство покажа со раката во правец на изворот, како да сакаше да каже: ‘Не е ли ова тој лековит извор на кој мислеше?’ Поголема група луѓе, пред кои беа брат и сестра Вајт, доаѓаа кон изворот од другата страна. Сите изгледаа пријатно расположени, а сепак на нивните лица можеше да се види свечена сериозност. {1C 603.1}

Брат Вајт здравствено изгледаше значително подобро, беше радосен и среќен, но сепак делуваше уморно како да поминал некој голем пат. Сестра Вајт држеше во раката голема чаша со која полнеше вода од изворот и напивајќи се продолжи чашата да им ја додава на другите. Брат Вајт се сврте кон присутните кажувајќи: ‘Сега имате можност да го видите лековитото дејство на оваа вода!’ Пиејќи од таа вода тој веднаш закрепна, како и сите останати што го следеа. Сите веднаш имаа подобар и поздрав изглед. Додека така зборуваше, брат Вајт испи неколку чаши вода, а потоа ја стави раката на работ на коритото и три пати нурна во водата, секој пат излегувајќи сè посилен, и постојано ги повикуваше и храбреше останатите да се бањаат во овој ‘извор’ како што тој го нарече и да пијат од изворот што исцелува. Неговиот глас, како и гласот на сестра Вајт беше мелодичен. Се почувствував многу среќен што го пронајдов овој извор. Сестра Вајт тргна и кон мене со полна чаша вода за да ме услужи, но јас се пробудив од радост пред да успеам да се напијам од водата. {1C 603.2}

Господ нека даде да се напојувам од изобилството на таа вода, бидејќи верувам дека тоа е всушност онаа вода за која сам Христос кажува дека ‘тече во живот вечен.’ {1C 6041}

Џ. Н. Лофбороу Монтерие,

Мичиген, 8. септември, 1867.

На 14. и 15. септември, одржавме мошне корисни богослуженија во Батл Крик. Овде мојот сопруг слободно им зададе смели удари на извесни гревови на поединци кои заземаа истакнати положби во делото, и прв пат после дваесет месеци присуствуваше на вечерните состаноци држејќи проповеди. Тоа беше еден добар почеток, и членовите свечено се заветуваа, како што е тоа објавено во списанието

Преглед, дека ќе бидат со нас ако враќајќи се од запад продолжиме да се залагаме за нив. {1C 604.2}

Во друштво на брат и сестра Мајнорд и браќата Смит и Олмстем, присуствувавме на големи собири на Запад. Начелните победи здобиени на тие собири во целост се објавени во списанието Преглед. Присуствував на состаноците во Висконсин, иако бев мошне слаба. Во Батл Крик работев преку своите сили, и кога патувавме скоро ја губев свеста. Четири седмици бев болна од пневмонија, и ми беше тешко јавно да му се обраќам на народот. Сабота навечер ми ставија топол облог околу вратот и градите, но заборавија да ми ја завијат и главата, така што болеста од белите дробови беше потисната во мозокот. Кога следното утро се пробудив имав некое чудно чувство во мозокот. Ми се чинеше дека сè што гледам и слушам околу себе трепери и се тресе. Кога се движев се тетеравев и малку ми требаше да паднам. Појадував, надевајќи се дека ќе ми биде подобро, но тешкотиите се повеќе се зголемуваа. Ми стана толку лошо што веќе не можев ниту да седам. {1C 604.3}

Враќајќи се од претпладневниот состанок, сопругот ми кажа дека, според договорот, попладне треба јас да зборувам. Имав впечаток дека тоа ќе ми биде потполно неможно. Кога сопругот ме праша за што имам намера да зборувам, не бев во состојба да поврзам ниту една реченица во своите мисли. Но сепак го заклучив следното: ако е Божја волја да зборувам, Тој сигурно ќе ми даде сила; ќе ризикувам и ќе се обидам со вера; но можно е и да не успеам. До шаторот дојдов со несигурен чекор и потполно без концентрација, а на браќата што беа на говорницата им кажав дека ќе зборувам ако тие ме поддржат со своите молитви. Стоев пред народот со вера, и по пет минути почувствував олеснување и во главата и во белите дробови, и тогаш без никакви тешкотии зборував повеќе од еден час пред илјада и петстотини внимателни слушатели. Кога завршив со излагањето бев толку обземена со чувство на благодарност кон Господ за Неговата милост и добрина, што ми даде, и покрај мојата болест, сила да зборувам, така што бев принудена повторно да станам и тоа јавно да го кажам. По тој состанок мојата здравствена состојба значително се подобри. {1C 604.4}

На Запад наидовме на некои озборувања кои всушност претставуваа озборување против мојот сопруг. Тоа се прераскажуваше за време на Генералната Конференција и подоцна се пренесе на сите страни. Ќе наведам еден таков пример: Се зборуваше дека мојот сопруг е луд по пари и затоа се занимава со продавање на стари шишиња. Меѓутоа, фактите се следните: Кога требаше да се преселиме го прашав мојот сопруг што да правиме со купиштето стари шишиња. Тој ми кажа: „Фрли ги”. Во тој миг дојде нашиот Вили и предложи да ги измие и да ги продаде. Дозволувајќи му тоа да го направи, му кажав дека сето она што ќе го добие може да го задржи за себе. И кога мојот сопруг одеше до пошта, го поведе со себе Вили и тие шишиња. Тоа беше најмалку што можеше да направи за своето предано синче. Вили ги продаде шишињата и ги задржа парите. На патот кон поштата мојот сопруг повел и еден брат кој бил поврзан со уредништвото на списанието Преглед. Патем тие пријатно разговарале, и тој брат слушнал кога Вили, излегувајќи од колата, го прашал својот татко за вредноста на тие шишиња. Го видел, исто така и мојот сопруг како разговара со трговецот за она што Вили го интересираше, а потоа - не кажувајќи му на мојот сопруг ниту еден збор за тоа - почнал веднаш да шири вести дека братот Вајт сигурно полудел кога по градот продава стари шишиња. Тоа за шишињата за прв пат го слушнавме во Ајова, пет месеци подоцна. {1C 605.1}

Таквите вести од нас се намерно криени за да не можеме да ги демантираме, додека нашите таканаречени пријатели ги разнесуваа и ги шираа како со крилјата на ветерот. Бевме мошне изненадени кога го дознавме тоа; а подоцна даденото признавање на скоро сите членови на таа месна црква покажуваше дека повеќето од нив поверувале во тие лажни гласови и дека тие таканаречени христијани негувале чувства на осудување, огорченост и свирепост против нас, а посебно против мојот изнемоштен сопруг кој се бореше за својот живот. Во одвратната намера потполно да го скршат, некои дури го прикажуваа како богаташ кој само гледа како да се добере до пари. {1C 606.1}

По враќањето во Батл Крик, мојот сопруг го повика советот на одговорните браќа за со црквата да ги преиспитаат сите тие прашања и да ги проверат тие лажни гласови. Браќата дојдоа од разни краишта на државата и мојот сопруг без никаков страв побара да изнесат сè што имаат против него, за да може отворено да се соочи со тоа и да стори крај на тоа клеветење. Грешките кои порано ги призна во списанието Преглед, сега јавно ги призна пред поединци од тој собир, а исто така, објасни и многу прашања на кои беа основани лажните и бесмислени обвинувања и сите се осведочија дека обвиненијата навистина се невистинити. {1C 606.2}

Кога е извршена проценка на вистинската вредност на нашиот имот, утврдено е, на негово изненадување, а и на сите присутни, дека изнесува вкупно 1500 долари, освен коњот и колата и преостанатите книги и списанија, чија продажба од претходната година, според извештајот на секретарот, не ја покриваше ниту каматата на износот што тој го должи на Издавачката куќа. Вредноста на тие книги и брошури не можеше да се смета за голема, посебно не во сегашните услови. {1C 606.3}

Додека беше здрав, мојот сопруг немаше време да води книговодство, а за време на неговата болест работите ги водеа други. Се поставува прашањето: Што се случило со неговиот имот? Дали имало злоупотреба? Дали неговите сметки се погрешно водени? Или: дали, во несреќната состојба на своето работење, давал прилози за некои добри потфати, не знаејќи колку реално може да даде и колку дава? {1C 607.1}

Добар резултат на проверката беше тоа што довербата во оние што го водеа книговодството за нашето работење остана непоколебано, и ние немавме никаква причина за загриженост дека ограничувањето на нашите средства беше последица на нашите грешки во пресметките. Според тоа, кога ќе се разгледа работата на мојот сопруг во текот на последните десет години и неговата широкоградост во давањето на нашите средства за ширење на делото на сите полиња, се доаѓа до заклучок дека нашиот имот на најдобар и најделотворен начин е употребен за делото на сегашната вистина. Мојот сопруг не водеше книговодство, и она што го приложуваше може да се наведе само од сеќавање и од она што беше објавено во списанието Преглед. Фактот дека утврдената вредност на нашиот имот е толку незначителна во моментот кога се тврди дека мојот сопруг е богат и дека сè уште сака да грабне што повеќе, нè зарадува бидејќи на тој начин најуспешно беа побиени лажните обвинувања со кои се загрозуваше нашето влијание и нашиот христијански карактер. {1C 607.2}

Нашиот имот се намалува, но ние сепак се радуваме во Господ кога се употребува за напредок на Неговото дело. Со задоволство ги жртвуваме најдобрите денови и сите свои сили во тоа дело, и поради тоа сме изнемоштени и остаревме пред време, но сепак се радуваме. Но кога нашите браќа го напаѓаат нашиот карактер и добриот глас што го уживаме, прикажувајќи нè како богаташи кои лакомо се стремат кон стекнување овоземно богатство, тоа мошне болно нè навредува. Уживајќи углед и добар глас кои

толку скапо ги стекнавме со дваесетгодишен напорен труд, изложувајќи се на лишување и не водејќи сметка за своето здравје и удобноста на овоземниот живот, ние радосно ќе ја дадеме за Божјото дело и оваа мала сила што ни преостанува. {1C 607.3}

Како резултат на сеопфатна истрага ние сме ослободени од сите обвинувања што се подигнаа против нас, и повторно е воспоставено совршено единство. Искрено и од цело срце беа признаени сите свирепи дела сторени во постапките со нас, и Божјиот благослов како знак за Неговото одобрување се спушти на сите присутни. Сите оние што застранија се вратија на вистинскиот пат, грешници се обратуваа, а четириесет и четири души се крстија тој ден, од кои мојот сопруг крсти шеснаесет, а браќата Ендрус и Лофбороу секој по четиринаесет. Иако преморени, бевме мошне охрабрени. Најголемиот товар за она што се направи, товар кој беше толку напорен и возбудлив, го понесовме мојот сопруг и јас. Само Бог знае како онака слаби и свесни дека скоро сите се против нас, можевме да го издржиме процесот на истрага, учествување во одржувањето на толку проповеди и доцни вечерни состаноци, а во исто време го подготвував ова сведоштво за печатење. Мојот сопруг цело време работеше со мене, препишувајќи, прегледувајќи ги ракописите за печатење и читајќи печатени материјали. Сепак го издржавме сето тоа со надеж дека Бог ќе не поддржи во нашите напори и во иднина. {1C 608.1}

Сега веруваме дека напред споменатите сонови сликовито ги прикажуваат нашите неволји предизвикани со неправилностите во Батл Крик, нашите напори да се ослободиме од тие свирепи обвинувања и со Божја помош сето тоа да си дојде на свое место. Кога она што беше претскажано во овие сонови се оствари, зашто да не се надеваме дека, според она што од сонот сè уште не е остварено, нашата иднина ќ е биде поповолна од минатото? {1C 608.2}

Завршувајќи го ова излагање сакам да го нагласам фактот дека живееме во многу сериозно време. Во последната визија што ми беше дадена покажан ми е фактот што зачудува, дека само мал број од оние што сега ја исповедаат вистината ќе бидат посветени со неа и конечно спасени. Многу ќе бидат оние што ќе се издигнат над едноставноста на делото. Тие се прилагодуваат на светот, негуваат идоли и умираат духовно. Понизните и самопожртвувани Христови следбеници продолжуваат кон совршенство, оставајќи ги зад себе сите оние што го сакаат овој свет. {1C 608.3}

Укажано ми е на старозаветниот Израел. Само двајца од онаа голема војска што излегла од Египет, влегле во хананската земја. Поради своето постојано застранување и постојани гревови ги оставиле своите коски во пустината. Современиот Израел се наоѓа во уште поголема опасност да го заборави Бога и да падне во идолопоклонство. Дури мнозина и од оние што тврдат дека ја празнуваат саботата се поклонуваат пред идоли. Бог постојано ги предупредувал припадниците на Својот народ во Стариот завет да се чуваат од идолопоклонството кое може да ги одврати од тоа да му служат на живиот Бог и да ги изложи на големо проклетство; додека, ако го љубат Него со цело срце, со сета душа и сета своја сила, во сè ќе ги имаат Неговите обилни благослови, и Тој би ја отстранил секоја болест од нив. {1C 609.1}

И денес припадниците на Божјиот народ можат да бираат: благослов или проклетство - благослов ако се одвојат од светот одејќи понизно по патеката на послушноста; а проклетство ако се соединат со идолопоклониците кои ги презираат возвишените барања што ги поставува небото. Гревовите и беззаконијата на бунтовничкиот Израел се запишани и стојат пред нас како опомена дека, ако следејќи го нивниот пример го заборавиме Бог, неизбежно ќе поминеме исто како и нив. „Сето

тоа ним им се случуваше да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите”. {1C 609.2}

---

105. ОДЗИВ ОД ЦРКВАТА ВО БАТЛ КРИК

Сметаме дека е наше предимство и должност да одговориме на она што претходно беше кажано од сестра Вајт. Со години имавме среќа поблиску да се запознаеме со работата на овие Божји слуги (брат и сестра Вајт). Знаеме многу нешта за нивното самопожртвувано залагање во минатото и сме осведочени дека нивните јасни, продорни и верни сведоштва ги следи Божји благослов. Ние веќе долго време сме осведочени дека учењата на Светиот Дух кои се дадени во тие визии се неопходни за доброто на народот кој се подготвува за преобразување и за Божјото царство. На ниту еден друг начин не можат да се осудат тајните гревови, да се разоткријат расипаните луѓе кои „незабележано” се вовлекуваат во Божјото стадо и да бидат спречени во нивните зли намери. Долгогодишното искуство нè поучи дека токму таквиот дар е од непроценлива вредност за Божјиот народ. Исто така веруваме дека и брат Вајт е повикан од Бог со одредени сведоштва да ги осуди така откриените престапи, и дека во тоа треба да ја има поддршката од оние што навистина се бојат од Бога. {1C 609.3}

Исто така, од болните искуства знаеме дека секогаш кога тие сведоштва се игнорираат или лекомислено се прифаќаат, со црквата започнува да владее студенило, отпаднишство, световност и духовна темнина. Не сакаме да воздигаме човек, но би било кукавичко изневерување на должноста кога одлучно не би ги изнеле своите погледи за значењето на овие сведоштва. Страшното отпаднишство на оние што ги омаловажија или презреа овие сведоштва, дава доволно жални докази колку е опасно човек да се спротивставува на Духот на благодатта. {1C 610.1}

Сведоци сме на големите неволји низ кои поминаа брат и сестра Вајт за време на тешката и опасна болест на братот Вајт. Ние имаме очевиден доказ дека во неговото оздравување се покажа Божјата рака. Веројатно е дека досега никој не закрепнал по така тежок удар. Иако беше сериозно погоден неговиот мозочен систем со остар удар на парализа, Бог со Својата рака ги отстрани последиците од тоа и на Својот слуга му подари нова сила на телото и умот. {1C 610.2}

Сметаме дека постапката на сестра Вајт, кога во декември минатата година го поведе и својот болен сопруг на патот по Северот, беше водена од Божјиот Дух, и дека ние, противејќи се на оваа постапка, не работевме според Божјата волја. Во тоа застранивме од вистинскиот пат, бидејќи токму во тој поглед ни недостасуваше небесна мудрост. Признаваме дека во тоа време не ја чувствувавме кон нив онаа длабока христијанска љубов каква бевме должни да покажеме во толку голема неволја, и бевме премногу бавни во оздравувањето на брат Вајт да го согледаме делувањето на Божјата рака. Напорите и страдањата што ги поднесе поради нас му даваа право од нас да очекува најтопла љубов и поддршка. Но ние бевме во толкава мера заслепени од сатаната така што воопшто не бевме свесни за својата духовна состојба. {1C 610.3}

Раководејќи се од духот на предрасудите, минатата зима сметавме дека брат Вајт бара пари што не му се неопходни. Сега сме осведочени дека тој тогаш беше во тешка скудност и дека погрешивме што не го испитавме погрижливо неговиот случај.

Признаваме дека нашиот тогашен став беше неоснован и свиреп, иако беше предизвикан од погрешно толкување на фактите. {1C 611.1}

Со длабока болка во срцето го прифаќаме укорот што ни го дава ова сведоштво, и бараме проштевање од Бога и од Неговиот народ за неправдата што ја направивме и за недостатокот на духовно расудување. {1C 611.2}

Напорите што брат и сестра Вајт ги вложија во последниве денови за нас, ги пратат докази на Божје одобрување и Неговите благослови. Мнозина не само што длабоко и срдечно ги признаа своите назадувања и направените грешки, туку со свечени завети на покајание тие се враќаа кај Бога. Божјиот Дух со таква сила го запечати ова дело така што во тоа веќе нема никакво сомневање. Многу од младите се приведени кај Христос, и скоро секоја личност во нашата месна црква прими еден дел од овој небесен благослов. {1C 611.3}

Нашите браќа ширум светот нека согледаат дека нашите срца се во љубов со брат и сестра Вајт, осведочени сме дека се тие повикани од Бога да го извршуваат ова одговорно дело во кое се ангажирани, и свечено се заветуваме дека ќе бидеме со нив во нивните напори. {1C 611.4}

Во име на црквата, {1C 612.1}

Џ. Н. Ендрус,

Џ. Н. Лофбороу,

Џозеф Бејтс,

Д. Т. Бурдо,

На состанокот на црквата, во понеделник навечер, 21 октомври, гореспоменатиот извештај е едногласно прифатен. {1C 612.2}

Урија Смит,

Г. В. Амадон,

---

106. „СЕЧЕЊЕ И ДЕЛКАЊЕ“

Овие изрази често се користат во опишувањето на манирите на поединци кои ги укоруваат заблудените или оние за кои се претпоставува дека погрешиле во нешто. А всушност, се однесуваат на оние на кои не им е дадена должност да ги укоруваат своите браќа, но тие тоа со задоволство го прават и тоа на многу избувлив и непоштеден начин. Но, се прави грешка, кога овие изрази се употребуваат на оние чија должност е да укажуваат на неправилностите во црквата. На таквите е товарот на одговорноста, и тие од љубов кон душите кои се скапоцени во Божјите очи се чувствуваат принудени совесно да ја извршуваат својата должност. {1C 612.3}

Во текот на изминатите дваесет години повеќе пати ми беше покажано дека мојот сопруг е повикан од Бога верно и совесно да работи со оние што се во заблуда. Тоа бреме лично Бог го стави на него и тој би го предизвикал Неговото незадоволство против себе ако се обиде да се ослободи од оваа должност. Никогаш не сметав дека неговото расудување е непогрешливо, ниту дека неговите зборови се посебно вдахнати, но сум осведочена дека е оспособен за оваа должност подобро од било кој друг од нашите проповедници, бидејќи има големо искуство и покажано ми е дека е посебно повикан и подготвен за таа задача. Исто така ми е покажано, дека во многу случаи, кога

укорените се бунтуваа против неговите укори, тој беше во право во своето расудување, постапувајќи исправно. {1C 612.4}

Најтешкото бреме на неправедно обвинување што мојот сопруг беше принуден да го носи во текот на последните дваесет години доаѓаше токму од страна на оние што мораше да ги укори и од нивните симпатизери. А кога папса под тој товар, мнозина од оние што беа укорени ликуваа и, погрешно толкувајќи го она што на 25 декември, 1865 година го видов за неговиот случај, со задоволство ја прифатија идејата дека тогаш Бог го казнил поради „сечењето" и „делкањето". Тоа не е точно. Такво нешто никогаш не ми беше покажано. За да ги запознаам браќата со она што ми беше покажано за случајот на мојот сопруг, го објавувам овде она што го напишав и му го дадов веднаш, следниот ден по визијата. {1C 613.1}

Во визијата што ми беше дадена на 25. декември, 1865. година, покажан ми е случајот на Господовиот слуга, мојот сопруг, проповедникот Јаков Вајт. Видов дека Бог го прими неговото понизно признавање и каење поради сите грешки направени во животот кои му задаваа толку болка и душевни страдања во текот на неговата долга болест. {1C 613.2}

Покажано ми е дека негова најголема грешка беше неговата ненаклонетост да им прости на оние што го поткопуваа неговото влијание во Божјото дело, нанесувајќи му тешки душевни страдања со своето неправедно постапување. Не беше кон нив толку сожалив и сочувствителен како што е нашиот небесен Татко кон Своите заблудени деца кои се каат. Кога оние што му нанесоа најмногу страдања искрено и потполно ја признаа својата вина, требаше да им прости прифаќајќи ги како свои браќа. Но, иако во Божјите очи злото беше излечено, тој понекогаш во мислите се навраќаше на задобиените рани, со што само ги разрануваше и самиот си носеше несреќа. Фактот дека беше изложен на толку многу страдања, од кои според неговото мислење можеше да биде поштеден, го наведе да мрмори против своите браќа и против Господ. На тој начин тој постојано се враќаше во минатото и повторно ги доживуваше неволјите кои требаше веќе да бидат потполно заборавени, а не со тоа постојано да си го загорчува животот. Неопходноста да покажува сомилост и љубов кон оние што така несреќно подлегнале на искушенијата на сатаната, секогаш реално не ја сфаќаше. Всушност, тие беа вистинските страдалници и губитници, а не тој, сè додека се држеше непоколебливо покажувајќи Христов дух. Тие, согледувајќи ја својата заблуда мораа да водат тешка борба со самите себе за тоа во понизност да го признаат. Мораа да се борат со сатаната, да ја совладаат својата гордост, и им беше неопходна помошта од страна на оние што останаа во светлината, за од својата заслепеност и очај да се вратат во положба во која можат повторно да се надеваат и да добијат сила да го сотрат сатаната под своите нозе. {1C 613.3}

Покажано ми е дека мојот сопруг беше престрог во исправувањето на оние кои му нанесоа неправда. Покажуваше чувство на незадоволство што заблудените не ги правеше подобри, а неговото срце го правеше мошне несреќно и неподготвено да живее во мир со Бог. Господ дозволи тој лично, како резултат на некои сопствени заблуди и грешки, да доживува малодушност во духот и очајнички да бара проштавање, не затоа што неговите гревови беа многу големи, туку од лично искуство да сознае колку е тешко и мачно да се биде без Божје проштавање, и за да може да ги разбере Христовите зборови: „Ако не им ги простите на луѓето нивните гревови, тогаш и вашиот небесен Татко нема да ви ги прости вашите". Ако Бог во своето постапување со нас би бил така престрог како што ние често постапуваме еден со друг, сите би се нашле во состојба на очајничка безнадежност. {1C 614.1}

Бог дозволи од неволјите што не снајдоа да извлечеме многу поуки кои не би можеле да ги стекнеме за толку кратко време на некој друг начин. Тоа што отидовме во _____ беше во согласност со Неговата волја, бидејќи без тоа нашето искуство не би било потполно. Требаше вистински да се осведочиме дека оние што навистина ги држат Божјите заповеди, според својата совест не можат да се соединат со водачите во _____; што се однесува до служењето на Бог, нивните погледи се така различни и несоединливи, како што маслото не може да се измеша со водата. Само оние кои имаат најчисти начела и најголема независност на умот, кои самостојно мислат и работат, имајќи го пред себеси Божјиот страв, потпирајќи се само на Него, можат без опасност подолго време да останат во _____. На оние што ги немаат овие особини не треба да им се препорачува да одат во оваа установа, бидејќи нивниот ум ќе биде збунет од милите зборови на тамошните раководители и затруен од нивното измамливо учење кое потекнува од сатаната. {1C 614.2}

Нивното влијание и учење, што се однесува до служењето на Бога и верскиот живот, се во потполна спротивност од учењето на нашиот Спасител и Неговите ученици. Тие и со поука и со пример го снижуваат критериумот на побожноста, тврдејќи дека не е потребно да се тагува поради своите гревови и дека не е потребно одвојување од светот за да може да се стане Христов следбеник, туку дека можат да живеат како и останатиот свет, учествувајќи во сите негови задоволства. Своите симпатизери тие не ги поттикнуваат во побожноста, скромноста, чистотата и довербата во Бога да се угледаат на Христос. Оние што имаат совесни умови и цврста вера во Бога не примаат ни половина љубезност (корист) во _____ од оние што ги прифаќаат верските гледишта на водечките луѓе од таа институција. Оние што сакаат да бидат вистински христијани мораат мошне внимателно да ги испитуваат учењата што таму се општо прифатени, посебно кога се во прашање ставовите во врска со верата, одмерувајќи го внимателно сето она што го слушаат за да не бидат измамени и надвладеани од сатаната. {1C 615.1}

Покажано ми е дека, што се однесува до методите и успехот во лечењето, _____ е најдобра здравствена институција во Соединетите Држави. Сепак, нивните раководители се само луѓе и нивното расудување не е секогаш коректно. Главниот лекар сака луѓето да го сметаат неговото расудување како совршено, исто како и Божјото. Меѓутоа, тој често греши. Тој се издигнува себе, а ја пропушта можноста да го воздигнува Господ од Кого зависи сè. Оние што не наоѓаат никаква потпора во Бога, и кои не гледаат никаква убавина во носењето на крстот и во светоста во _____ се прифатени полљубезно отколку во било која друга здравствена институција во Соединетите Држави. Големата тајна на успехот во таа установа се наоѓа во контролата што раководителите ја вршат над умовите на своите пациенти. {1C 615.2}

Видов дека мојот сопруг и јас не можеме да очекуваме таква љубезност во таа установа, како што можат да очекуваат оние што имаат друго верско искуство и убедување. Ангелот кажа: „Бог не сака било кој смртник да господари со умот на Неговиот слуга кој со Неговото провидение е избран за посебна задача; таа привилегија му припаѓа само на Него". Додека бевме во таа институција, нè чуваа Божјите ангели. Тие беа околу нас помагајќи ни и поддржувајќи нè секој миг. Но дојде време кога веќе немавме никаква корист, ниту пак можевме да бидеме на корист на некого, и тогаш светлината што лебдеше над нас ја снема, и ние можевме мир и спокојство да најдеме само ако го напуштиме тоа место и ако одиме меѓу браќата во Рочестер над кои сè уште лебдеше облакот од светлина. {1C 616.1}

Видов дека Бог сакаше да одиме во _____ и тоа од повеќе причини. Нашето држење додека бевме таму, нашите сесрдни молитви, довербата во Бог која можеше да се види во нашиот живот, радоста, храброста, надежта и верата со која Тој нè одржуваше среде сите наши страдања и тешкотии, сето тоа имаше свое влијание и претставуваше сведоштво дека сите вистински христијани имаат извор на сила и среќа кој им е потполно непознат на поклониците на овоземните задоволства. Бог направи да најдеме место во срцата на некои влијателни личности во _____, и кога тогашните пациенти ќе се вратат во своите домови, ќе се сетат на нашите залагања и повеќето од нив ќе застанат во наша одбрана кога ќе биде напаѓана нашата вера. Упатувајќи не во _____, Господ сакаше да нè збогати со едно искуство кое никогаш не би го стекнале во Батл Крик, каде бевме опкружени со браќа и сестри кои ни се наклонети. Моравме да се одвоиме, за да не се потпираме на нив наместо на Господ, кој треба да биде наша единствена потпора. Скоро потполно одвоени од Божјиот народ, бевме лишени од секаква овоземна поддршка и упатени да се потпираме само на Бог. Во такви услови стекнавме искуства кои никогаш не би ги имале ако не отидовме во _____ {1C 616.2}

Кога храброста и надежта во срцето на мојот сопруг почнаа да се колебаат, ние веќе не бевме од корист ниту на себе ниту на другите во таа установа. Божја волја не беше мојот сопруг да остане тука, туку во својата слабост да се најде меѓу своите браќа кои можат да го поддржат во неговите страдања. Додека бевме одвоени од друштвото на Божјиот народ, имавме можност во болка да го разгледаме целиот наш дотогашен живот и да ги увидиме своите грешки и заблуди, да се понизиме пред Бога, барајќи Го со признавање на гревовите, со понизност и чести сесрдни молитви. Додека бевме ангажирани во активна работа, носејќи го товарот на грижите и одговорностите за другите, беше невозможно да најдеме време за размислување и внимателно разгледување на нашето минато за да ги извлечеме поуките што Господ сакаше да ни ги даде. Тогаш ми беше покажано дека Бог не би се прославил кога би го исцелил мојот сопруг како одговор на молитвите на Својот народ додека се наоѓавме во _____. Тоа би значело дека Тој својата моќ ја соединува со силите на темнината. Да ја покажеше Својата моќ и да му го вратеше здравјето на мојот сопруг, тамошните лекари на себе би си ја препишале славата што Му припаѓа само на Бог. {1C 617.1}

Ангелот кажа: „Бог ќе биде прославен со оздравувањето на Својот слуга. Тој ги слушна молитвите на Своите слуги. Животот на неговиот измачен слуга е во Неговите раце. И тој и покрај својата болест мора да се ослободи од стравот, загриженоста, сомнежите и неверувањето, надевајќи се смирено во големиот и милостив Бог кој е полн со љубов, сомилост и татковска грижа. Тој ќе мора да се бори со непријателот, но секогаш треба да се утешува со свеста дека Оној што се грижи за него е посилен од непријателот, и затоа не треба да се плаши. Со вера секогаш треба да се потпира на очевидните докази кои веќе му се дадени, и тогаш славно ќе триумфира во Бога”. {1C 617.2}

Видов дека Господ ни дава искуство кое ќе ни биде многу драгоцено во нашето идно ангажирање во Неговото дело. Живееме во многу сериозно време, во завршните настани на овоземната историја, но припадниците на Божјиот народ не се свесни за тоа. Тие мораат да се пробудат и побрзо да напредуваат во реформирањето на своите животни навики, во јадењето, облекувањето, работата и одморот. Во сето тоа тие треба да Го прославуваат Бога подготвувајќи се за борба против својот голем непријател и за драгоцените победи ветени на оние кои, применувајќи умереност во сè, се борат за нераспадлив венец. {1C 618.1}

Покажано ми е дека Бог го оспособил мојот сопруг да се ангажира во големото и свето дело на реформата со која Тој сака да го воздигне Својот народ. Важно е проповедниците да даваат поуки за умереност во животот. Тие треба да му објаснуваат на народот колку животните навики во исхраната, работата, одморот и облекувањето влијаат на здравјето. Сите кои веруваат во вистината на последните денови се должни да направат нешто во овој правец. Од тоа никој не е исклучен и Бог од сите очекува да се пробудат и да се заинтересираат за реформата и во овој поглед. Тој нема да биде задоволен од нивниот избор ако останат рамнодушни во поглед на ова прашање. {1C 618.2}

Злоупотребата на желудникот и попуштањето на апетитот се најчести причини за повеќето црковни неволји. Оние што се неумерени и неразумни во јадењето и работата, неразумни се и во своите зборови и постапки. Неумереният човек не може да биде трпелив. Неумерени не се само оние што пијат алкохолни пијалаци. Гревот на неумереноста во јадењето, пречестите и преобилни оброци, јадење премногу богата и нездрава храна го попречува здравото функционирање на органите за варење, неповолно влијае на мозокот, го изопачува расудувањето, и човекот станува неспособен разумно, трезвено и здраво да мисли и работи. Токму тоа е извор на постојани тешкотии и расправии во црквата. Поради тоа, за припадниците на Божјиот народ да Му бидат угодни, прославувајќи го и со телото и со душата, мораат ревно да се спротивставуваат на задоволувањето на апетитот, трудејќи се во сè да бидат умерени. Тогаш ќе бидат во состојба јасно да ја сфатат вистината во сета нејзина убавина и да живеат според неа, и со својот разумен, мудар и доследен живот да не им даваат на нашите непријатели никаква прилика да ја напаѓаат и исмеваат вистината. Од сите што веруваат во вистината, Бог бара да вложуваат енергични и истрајни напори за да го сочуваат своето телесно здравје, бидејќи пред нас е сериозна и значајна задача. За да ја извршиме таа задача мораме да бидеме и умствено и телесно здрави; тоа исто така е значајно и важно и за здраво верско искуство, за напредување во христијанскиот живот и во светоста, како што на телото му се потребни рацете и нозете. Бог бара од припадниците на Својот народ да се очистат од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. Сите оние што се рамнодушни и не вложуваат никакви напори, очекувајќи Бог да го направи за нив она што Тој бара тие самите да го сторат, ќе се најдат како неверни, додека кротките на земјата, кои го творат сето она што Тој го заповедал ќе бидат заштитени во денот на Господовиот гнев. {1C 618.3}

Доколку припадниците на Божјиот народ не вложуваат никакви напори од своја страна, туку очекуваат освежувањето (позниот дожд) да ги отстрани нивните недостатоци и заблуди за тогаш да бидат очистени од секоја нечистотија на телото и на духот и да бидат подготвени за гласниот вик на Третиот ангел, покажано ми е дека ќе бидат затечени како неверни. Тоа освежување или Божја сила ќе ја примат само оние што ќе се подготват за тоа извршувајќи ја задачата што Бог им ја одредил, т.е. чистејќи се од секоја нечистотија на телото и духот, и усовршувајќи светост во Божји страв. {1C 619.1}

Покажано ми е дека и случајот на мојот сопруг е донекаде сличен на оние што го очекуваат освежувањето. Ако тој само чека да се спушти Божјата сила на него и да почувствува дека е излечен, без да вложи било каков напор во согласност со својата вера, говорејќи: „Кога Господ ќе ме излечи, ќе верувам и ќе го направам ова или она" - тој може да продолжи така да чека во недоглед и нема да дочека никаква промена, зашто Бог ги исполнува Своите ветувања само над оние кои веруваат, и потоа

постапуваат во согласност со својата вера. Видов дека тој мора да има потполна доверба во Божјото Слово, повикувајќи се на Неговите ветувања кои никогаш, никогаш нема да останат неисполнети. Тој треба да го продолжи својот пат во вера, потпирајќи се на доказите кои Бог милостиво ни ги дава, и работејќи колку што е тоа можно за потполно да оздрави. Ангелот кажа: „Бог ќе го одржи. Својата вера тој мора да ја усоврши преку дела, бидејќи верата без дела е мртва, таа мора да биде поддржана со дела. Живата вера секогаш се открива во делата". {1C 619.2}

Видов дека мојот сопруг е наклонет да се поколеба пред напорите кои би биле во согласност со неговата вера. Стравот и загриженоста во поглед на неговата сегашна состојба го прават малодушен. Тој се поведува според моменталните непријатни чувства. Ангелот кажа: „Чувствата не претставуваат вера. Вера едноставно значи да го прифати она што Бог го рекол и да веруваме дека тоа Тој ќе го направи". Видов дека мојот сопруг, повикувајќи се на Божјата сила, мора да се спротивстави на својата болест, и со силата на волјата да се издигне над своите несреќни чувства. Тој мора да се избори за својата слобода во името и силата на Израеловиот Бог. Тој мора да престане да зборува и да мисли само на себе, трудејќи се да биде ведро расположен и среќен. {1C 620.1}

Во визијата од 25 декември, 1865 година, покажано ми е, како и многу пати порано, дека проповедникот Ф често греши и со своите груби и бесчувствителни постапки им нанесува многу штета на оние за кои претпоставува дека грешат во нешто. Често се покажува дека, во својата работа во ново поле, кога некоја група ќе ја приведе кон вистината, треба укорувањето и поправањето на заблудените да го препушти на други, бидејќи тој поради својата избувливост, нетрпение и недостаток на расудување не е подготвен за таков вид работа. Овде го наведувам сведоштвото кое на 26. декември, 1865. година го напишав за братот Ф за да покажам што ми е откриено во врска со неговиот случај, а и поради тоа што тоа сведоштво, како и многу други, може да има општа примена. Братот Ф на тоа не одговори ниту збор, освен што пред другите зборуваше дека во тоа видение Господ го укорува мојот сопруг поради „сечењето" и „делкањето". Целта на објавувањето на следното сведоштво е нашите браќа попотполно да сфатат дека задача за братот Ф е да работи во ново поле, и во тоа да не го попречуваат другите, инсистирајќи да работи во оваа или онаа црква и затоа да се преселува таму или онаму. {1C 620.2}

---

107. ОПАСНОСТ ОД САМОУВЕРЕНОСТ

Брате Ф, на 25 декември, 1865 година покажано ми е дека е започната добра работа во државата Мејн. Посебно ми е укажано на едно поле на работа каде, благодарение на твоите напори и на напорите на братот Ендрус е придобиена една група верници кои својата заинтересираност и љубов кон вистината ја докажаа со изградба на молитвен дом. Сепак за таа група треба уште доста да се направи. Повеќе од нив вистината ја прифаќаат само теоретски; некои тоа го прават поради силните докази; тие ја согледуваат убавината на вистината чии делови се складно поврзани во

единствен синџир и прават совршено складна целина; тие ги прифаќаат начелата на вистината, но таа сепак, сè уште не го остварува во нив своето посветувачко влијание. Тие души се изложени на опасностите на овие последни денови. Своите измами и стапици сатаната постојано ги подготвува за оние што се неискусни. Тој работи преку своите агенти, па дури и преку проповедниците што ја презираат вистината и го газат Божјиот закон со своите нозе, учејќи ги така и сите што сакаат да ги слушаат. {1C 621.1}

Припадниците на таа група кои ја прифаќаат неопуларната вистина ќе бидат сигурни само ако потполно се потпрат на Бога и се посветат со вистината што ја исповедаат. Тие направија многу значаен чекор, и сега им е неопходно верско искуство што ќе ги направи синови и ќерки на Највозвишениот и наследници на бесмртното наследство што за нив е платено со крвта на Неговиот сакан Син. Оние што беа ангажирани како орудија во изнесувањето на вистината не треба да се повлекуваат во тој значаен период, туку треба да истраат во своите напори сè додека не видат како тие души се собрани во Христовото стадо. Треба да бидат поучувани сè додека не се утврдат и осведочат дека ова е вистината со која се спасуваат. {1C 621.2}

Покажано ми е дека Бог ќе изврши уште поголемо дело во државата Мејн, ако сите оние што се ангажирани во делото во потполност Му се посветат Нему, не потпирајќи се на својата сила, туку на Моќниот во Израел. Покажано ми е дека брат Ендрус и ти работевте така напорно што не си допуштивте ниту толку одмор колку што е неопходно за да го сочувате своето здравје. Требаше во својата работа да најдете време и за одмор. Да постапевте така, ќе ја сочувавте својата физичка и умствена енергија и вашата работа ќе беше многу поуспешна. Брате Ф, ти си нервозен човек, и твоите постапки воглавном зависат од твоето моментално расположение. Во твојата работа значително се чувствува влијание на душевна потиштеност. Ти понекогаш чувствуваш недостаток на слобода и потоа мислиш дека тоа доаѓа оттаму што другите се во темнина или на погрешен пат, или дека постои некоја друга причина која ни самиот не можеш да ја објасниш. Во таква состојба ти си наклонет да преземаш такви чекори кои можат да имаат тешки последици. Кога во таквите мигови на вознемиреност и нервоза би можел да се совладаш потпирајќи се смирено на Бога и прашувајќи се да не е изворот на тешкотии во тебе самиот, би ја поштедил од ранување и сопствената душа и Божјото дело кое на сите ни е така драгоцено. {1C 622.1}

Покажано ми е дека братот Ф, гледајќи дека со своето излагање може длабоко да ги возбуди слушателите, се наоѓа во опасност да се возгордее. Поради тоа, тој често за себе мисли дека е најуспешен проповедник, и така паѓа во состојба на самоизмама. Иако е можно тој да е еден од повештите говорници, тоа не значи дека со тоа ќе постигне и најмногу добра. Говорникот кој е во состојба најдлабоко да ги трогне срцата на слушателите, со самото тоа не дава доказ дека е и најкорисен. {1C 622.2}

Кога е малечок во своите очи, потпирајќи се потполно на Бога, брат Ф може да направи многу добра. Ангелите му притекнуваат во помош, и неговото јасно и слободно излагање го следи Божји благослов. Но после извесен успех, тој често се издигнува мислејќи дека може сè и дека тој е нешто големо, додека всушност е само орудие во Божјите раце. Кога ќе се најде во таква состојба, ангелите го препуштаат на неговата слабост, и тој тогаш ги обвинува своите браќа за настанатите тешкотии и слабости, иако вината е во самиот него. Во таква душевна состојба, тој често ги обвинува сите други, и не довршувајќи ја ниту до половина својата работа, чувствува дека треба да оди на друго место и сè одново да започне. {1C 623.1}

Видов дека брат Ф се наоѓа во опасност во борба да оди со своја сила, но во судирот обично се покажува дека таа сила е всушност само слабост. Секогаш кога во борбата со противниците на нашата вера во потполност се потпираше на Бог, беше успешен. Но понекогаш, поради победата на вистината што лично Бог ја подари, се издигнуваше припишувајќи си ја славата за таа победа на себе. Така во своите очи го величаше своето „јас". {1C 623.2}

Покажано ми е дека во двете последни расправи не покажа прав дух. Уште пред првата расправа се возгордеа од ласкањето на некои кои не беа наклонети на вистината. Слушајќи и делумно учествувајќи во дискусијата водена меѓу двајца кои не беа во нашата вера, тој се возгордеа мислејќи дека може да се впушти во борба со било кој. И додека беше така самоуверен, во самата дискусија остана без сила. Не е Божја волја што братот Ф не го послуша советот на братот Ендрус. Неговата самоувереност за малку целата дискусија ќе ја претвореше во потполн пораз. Ако во таквите судири не се извојува одлучна победа, секогаш ќе се доживува пораз. Во таквите судири не смее да се трча непретпазливо, туку секој чекор мора да се прави мошне внимателно и промислено, бидејќи овде е во прашање нешто многу поголемо отколку во некој национален судир. Во борбата меѓу вистината и заблудата сатаната ги става во движење сите свои сили и ако поборниците на вистината во таквата борба не влегуваат со Божја сила, сатаната секој пат ќе успее да ги надвладее. {1C 623.3}

Во втората расправа на ризик беа ставени многу големи нешта. Меѓутоа, и овој пат братот Ф беше поразен. Поаѓајќи во оваа борба, тој не беше свесен за својата слабост и не се потпре понизно и со едноставност на Божјата сила. Повторно покажуваше самоувереност и гордост поради некои свои успеси во минатото. Сметаше дека задобиените победи се плодови на неговата подготвеност успешно да се служи со моќните докази кои се наоѓаат во Божјото Слово. {1C 624.1}

Покажано ми е дека поборниците на вистината не треба да се стремат кон расправии (дискусии). А кога е неизбежно во интерес на делото и за слава на Божјото име да се спротивстават на некој противник, тогаш во борба треба да влегуваат со најголема скромност и мошне внимателно. Со испитување на срцето, признавање на гревовите, сесрдни молитви, а понекогаш и со пост, тие треба да бараат помош од Бог, Неговата драгоцена и спасоносна вистина да победи, заблудата да биде разоткриена во сета нејзина одвратност, а нејзините поборници да бидат потполно поразени. Оние кои во борбата за вистината се судруваат со нејзините противници мораат да имаат на ум дека не се борат само со луѓе, туку со сатаната и неговите ангели кои се цврсто решени заблудите и темнината да преовладеат во таа борба и вистината да остане покриена со наслаги од заблуди. Бидејќи заблудата во поголемиот број случаи одговара на склоностите на непрепороденото срце, луѓето мораат да се согласат тоа да им биде објаснето. Оние што ја сакаат удобноста се во согласност со заблудите и темнината и тие не сакаат вистината да ги менува. Тие не сакаат да дојдат кај светлината, за да не бидат разоткриени нивните зли дела. {1C 624.2}

Ако поборниците на вистината, во судирите со нејзините противници, повеќе се потпираат на силата на аргументите отколку на поддршката што треба да ја очекуваат од Бога, на страната на вистината нема да има никаква победа, туку само загуба. Ако во корист на вистината не се извојува очевидна победа, изгледите остануваат понеповолни отколку што биле пред судирот. Оние што порано можеби биле осведочени во поглед на вистината, сега се одлучуваат за заблудата, бидејќи во своето затемнето расудување не забележуваат дека вистината е секогаш во предност. Овие две последни расправии

многу малку придонесоа за непредокот на Божјото дело, и би било подобро воопшто да не дојдеше до нив. Кога брат Ф се впушти во тие расправии не го направи тоа со понизен дух и со цврста доверба во Бога. Непријателот го наведе да покаже дух на самоувереност и надменост, што не му доликува на еден скромен и понизен Христов слуга. Тој го зеде своето оружје, а не Божјото оружје. {1C 624.3}

Брате Ф, Бог во Своето провидение ти даде соработник со длабоко искуство, еден од најдобрите. Тој од лично искуство ги запозна сите лукавства на сатаната и помина низ најтешки душевни страдања. Сезнајниот Бог во Своето провидение дозволи да ја почувствува сета горештина на вжарената печка, за да научи дека само во Бога е прибежиштето што никогаш нема да изневери, додека секоја друга потпора на која би се обидел да се потпре ќе се покаже како стап од скршена трска. Беше должен да сфатиш дека братот Ендрус е за таа расправа исто така заинтересиран како и ти, и требаше со понизност да ги прифатиш неговите совети, користејќи ги неговите упатства. Но сатаната те искористи за да ја спречи Божјата намера, влијаејќи скоро неверојатно на твојот ум да работиш против Божјото дело. Се впушти во борба со сопствена сила и ангелите те оставија сам да се бориш. Меѓутоа, Бог во Својата милост не дозволи непријателите на Неговата вистина да задобијат одлучна победа, и на сесрдните молитви на Неговиот слуга ангелите дојдоа да помогнат. Наместо до потполн пораз, дојде до делумна победа, за непријателите на вистината да не можат да ликуваат над верните. Но, имајќи го во вид фактот дека вистината можеше славно да триумфира над заблудата, со овие напори практично ништо не е добиено. На твојата страна беа двајца најспособни поборници на вистината; тројца луѓе во силата на вистината стоеја наспроти еден кој се трудеше вистината да ја покрие со наслаги од заблуди. Да влезеше во тој судир како што треба ќе ја имавте на своја страна сета Божја војска. Меѓутоа, со својата самоувереност предизвика готово потполн пораз. {1C 625.1}

Во расправа во која толку многу се ризикува, никогаш не се впуштај потпирајќи се само на својата способност и на силата на аргументите. Во таквите судири, ако никако не можеш да ги избегнеш, впуштај се само со цврста доверба во Бога и со понизен дух, со Духот на Оној што ни наложува: „Научете се од Мене, бидејќи Јас сум кроток и понизен по срце”. А за да го прославиш Бога и да го покажеш Христовиот карактер, никогаш не смееш на незаконски начин да стекнуваш предност пред својот противник. Немој да се служиш со сарказам и со игра на зборови. Имај на ум дека си во судир со самиот сатана и неговите ангели, а не само со човек. Оној што го победил сатаната уште на небото и како поразен непријател го исфрлил од небото, и кој го дал Својот живот за да го ослободи паднатиот човек од неговата власт, кога над Мојсеевиот гроб влегол во расправа за неговото тело, не се осмелил да му упати ниту едно подбивно обвинување, туку само му кажал: „Господ нека ти забрани”. {1C 626.1}

При двете последни расправии ти го презре советот и не го послуша Божјиот слуга кој е со цело срце и со сета душа посветен на делото. Бог во Своето провидение ти даде советник кој со своите таленти и влијание заслужи да имаш доверба во него и да му укажеш почитување; а твоето достоинство ниту малку не би било повредено да се потпреше на неговото расудување стекнато врз основа на лично искуство. Гледајќи го твоето вообразување, Божјите ангели со болка се свртеа од тебе. Бог не можеше да ја покаже Својата сила во твоја корист, бидејќи ти сета слава би си ја припишал на себе, а тоа ќе ги направеше помалку корисни сите твои идни напори. Покажано ми е, брате Ф, дека во својата работа не смееш толку да се потпираш на сопственото расудување кое често те заведуваше на погрешен пат. Треба да го прифатиш расудувањето на оние кои

имаат животни искуства. Не држи толку до твоето достоинство, не се чувствувај толку вообразен за да не можеш да примиш совет и мислење од искуствени соработници. {1C 626.2}

Твојата сопруга не само што не ти беше посебна помош, туку уште повеќе те попречуваше во работата. Да ги прифатеше и да ги послушаше советите што ѝ беа дадени пред две години во сведоштвото, можеше сега да ти биде од голема помош во проповедањето на евангелието. Но таа не ги прифати дадените совети, ниту ги примени во својот живот. Да го стореше тоа, нејзиниот животен пат ќе беше сосема поинаков. Таа не се посвети на Бога. Сака лагоден живот, го избегнува товарот на одговорностите и не е подготвена на самоодрекување. Наклонета е кон безделничење, и со својот недостоен пример му нанесува само штета на Божјото дело. Таа понекогаш силно влијае на тебе, посебно во моментите на носталгично нерасположение и незадоволство. Негативно влијае на тебе дури и во прашањата што се однесуваат на црквата. Врз основа на своето лично мислење таа покажува одбојност или пак посебна приврзаност кон поедини членови, а често се случуваше токму оние што таа ги цени да бидат причина за големи тешкотии во црквата. Поради својата непосветеност, таа е наклонета да се поврзува со оние што ѝ покажуваат посебна доверба и љубов, додека кон некои драгоцени души, кои му се мошне драги на Бога, покажува голема нељубезност само затоа што не изразуваат огнена приврзаност кон неа лично и кон братот Ф. А љубовта на овие души е вистинска и далеку поблагородна од ласкањата на оние кои својата приврзаност ја изразуваат со големи и свечени изјави. Мислењата на твојата жена имаат големо влијание на твоето расудување. Ти често сметаш дека таа е во право, се поведуваш по нејзините мислења, раководејќи се од тоа и во работите во црквата. {1C 627.1}

Мораш за пример да го земеш Христовиот живот, бидејќи ти се доверени големи одговорности. Твојата сопруга е одговорна пред Бог за своите постапки. Ако те попречува во твојата работа ќе мора за тоа да даде сметка пред Бога. Таа понекогаш се пробудува и се понизува пред Бог, претставувајќи вистинска помош и за тебе, но брзо се враќа во својата поранешна состојба на неактивност, отстранувајќи се од секоја одговорност и од секој умствен и физички напор. Нејзиното здравје би било многу подобро кога би била поактивна, кога порадосно и посесрдно би се занимавала со некоја физичка или умствена работа. Кај неа нема недостаток на способности туку има недостаток на наклоност и волја за работа, не е истрајна во негувањето љубов кон било која активност. Во нејзината сегашна состојба, Бог не може ништо да стори за неа. Таа самата мора да преземе нешто за да се пробуди, посветувајќи ги на Бога своите умствени и физички сили. Бог тоа го бара од неа; и ако потполно не се реформира, живеејќи според примената светлина, таа на Божјиот ден ќе биде обвинета дека е бескорисен слуга. Сè додека не се реформира во потполност, таа не треба да го придружува својот сопруг во неговата работа. {1C 627.2}

Бог ќе го благослови и ќе го поддржи братот Ф ако појде напред во понизност, потпирајќи се на расудувањето на своите искуствени соработници. {1C 628.1}

---

108. НЕ ДОЗВОЛУВАЈТЕ ДА БИДЕТЕ ПРЕЛАЖАНИ

Најглавна цел на сатаната е припадниците на Божјиот народ да ги прелаже и да ги заведе од вистинскиот пат. Тој се обидува да го оствари тоа на сите можни начини, приоѓајќи од онаа страна од каде најмалку го очекуваат; затоа е многу битно да бидеме утврдени во секоја точка од верата. Членовите на црквата во Батл Крик не мислеа да се свртат против нас; тие се добра црква; но во Батл Крик се сконцентрирани нашите институции и затоа сатаната против нив го насочува своето најсилно оружје, надевајќи се дека на тој начин ќе го спречи ширењето на Божјото дело. Ние длабоко сочувствуваме со тамошните браќа во нивната сегашна понижена положба и сакаме да кажеме: Никој во срцето нека не ликува поради тоа. Бог ќе ги исцели тие драги верници од сè што не беше добро, и ќе ги направи силни поборници на Неговата вистина, ако во скромност продолжат будно и во сè да се чуваат од нападите на сатаната. Тие се постојано изложени на жестоките напади на непријателот. Ниту една друга црква веројатно не би се држела подобро во слични околности, затоа да гледаме со разбирање на своите браќа во Батл Крик и да се молиме на Бога да им помогне во чувањето и одбраната на нашата тврдина. {1C 628.2}

Додека мојот сопруг беше принуден на неактивност и додека поради него и јас морав да останувам дома, сатаната беше задоволен и никого нè наведуваше да ни задава такви неволји слични на оние што ги опишав на претходните страници. Но кога на 19 декември, 1866 година тргнавме на пат, тој виде дека ние со своето делување можеме да придонесеме за напредок на Христовото дело, посебно во разоткривањето на неговите измами со кои има намера да ги заведува припадниците на Божјото стадо. Тој затоа почувствува дека мора нешто да преземе за да ја спречи и оневозможи нашата работа. И не можеше да најде поуспешен начин за тоа од тоа нашите стари пријатели во Батл Крик да ги наведе да ни ја скратат својата наклоност и да ни создаваат тешкотии. Користејќи ги сите неповолни околности, со сите сили настојуваше да ги продлабочи настанатите тешкотии. {1C 629.1}

Но, фала на Бога, тој не успеа ниту да нè задржи на нашиот пат, ниту во потполност да нè скрши. Благодарни сме на Бог што сме сè уште живи и што во Својата милост повторно ги благослови Своите заблудени деца, кои сега Му се враќаат со признавање и покајание. Браќа, треба уште повеќе да ги сакаме нив и уште повеќе да се молиме за нив сега кога Бог ја покажува Својата голема љубов кон нив. {1C 629.2}

Број четиринаесет

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

109. ОБЈАВУВАЊЕ НА СВЕДОШТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ПОЕДИНЦИ

Во Сведоштвото број 13 ги опишав накратко нашите напори и неволји што ги преживеавме од 19 декември, 1866 година, до 21 октомври, 1867 година. На следните страници ќе опишам помалку болни искуства што ги имавме во текот на последните пет месеци. {1C 630.1}

Во текот на овој период напишав многу сведоштва наменети за поединци. А за мнозина со кои се сретнав во текот на својата работа овие пет месеци, исто така, треба да напишам сведоштва и ќе го сторам тоа кога ќе имам повеќе време и ќе добијам повеќе сила. Меѓутоа, токму таа должност во врска со сведоштвата за поединците веќе подолго време е предмет на мојата не мала загриженост и неспокојство. Со мали исклучоци, таквите сведоштва ги испраќам до оние за кои се наменети, препуштајќи со нив да постапат по свое мислење. Резултатите до сега се различни: {1C 630.2}

1. Некои со благодарност ги примаат овие сведоштва, одговараат на истите во христијански дух и имаат корист од нив. Таквите дозволуваат и нивните браќа да ги видат тие сведоштва, и отворено и во потполност ги признаваат сите пропусти. {1C 630.3}

2. Други признаваат дека сведоштвата што им се упатени се вистинити, но откако ќе ги прочитаат, ги стават на страна не кажувајќи за тоа на никого ништо, додека промени во нивниот живот скоро и да нема. Овие сведоштва помалку или повеќе се однесуваат и на црквите каде се тие членови и за кои, исто така, би биле корисни. Но сето тоа е загубено затоа што сведоштвата се држат во тајност. {1C 630.4}

3. Трети отворено стануваат против сведоштвата. Некои таквите имаат критизерски дух. Други, пак, на сиот мој труд и маки што ги имам додека ги пишувам овие сведоштва ми возвраќаат со горчина, гнев, па дури и омраза, настојувајќи да нѐ навредат колку што е можно повеќе. Има и такви кои доаѓаат кај мене и остануваат со часови во доверлив разговор изливајќи ги во моите уши и во моето болно срце своите жалби, мрморења и самооправдувања, повикувајќи се со солзи на својата наклоност кон мене, а губејќи ги од вид своите пропусти и грешки. Сето тоа страшно влијае на мене и понекогаш ме доведува скоро до растројство. Со своето однесување, овие непосветени и неблагодарни лица ми нанесуваат повеќе страдања и десеткратно повеќе ги исцрпуваат моите животни сили отколку сите оние напори што ги вложувам додека ги пишувам овие сведоштва. {1C 631.1}

Сите овие маки и непријатности јас ги поднесувам, додека моите браќа и сестри не знаат ништо за тоа. Тие немаат претстава колку е напорна таа работа и што сѐ морам поради тоа да поднесувам, ниту согледуваат на какви неправедни страдања сум изложена. Некои од пораките упатени до поединците јас објавив во поединиите броеви на јавно публикуваните сведоштва и некои од оние што се погодени од она што е кажано се навредуваат зашто не ги изнесувам сите пораки упатени до поединците. Ова не е можно да се направи бидејќи се многубројни, а и поради тоа што некои од тие лични сведоштва се однесуваат на гревови кои не требаше и не треба да се изнесуваат во јавноста. {1C 631.2}

Меѓутоа, конечно дојдов до заклучок дека многу од тие лични сведоштва треба јавно да се публикуваат, бидејќи сите тие, во помала или поголема мера содржат укори и упатства кои можат да се применат на стотици или илјада други кои се наоѓаат во слична состојба. И до нив треба да допре светлината што Бог смета дека е потребна да го осветли и нивниот пат. Би било погрешно да бидат лишени од сведоштвата кои се упатени до поединци или групи кои со истите постапуваат како со запалена свеќа која е ставена под поклопец. Моето осведочување дека бев должна во ова да постапам токму така, значително беше засилено со следниот сон: {1C 631.3}

Покажана ми е една шумичка со зимзелени дрвја. Овде работеа неколку личности меѓу кои бев и јас. На мене ми беше дадена задача внимателно да го следам развојот и бујното растење на секое посебно стебло. Забележав дека ветерот некои од нив ги искривил и деформирал, и дека им се неопходни соодветни потпирачи. Внимателно ја

отстранував нечистотијата од дрвјата кои послабо напредуваа и почнуваа да се сушат со цел да ги откријам причините за овие појави. Во коренот на некои од овие стебла открив црви. На другите им недостасуваше влажна почва и се сушеа од жед. Кај некои корењата беа толку густо испреплетени што ги попречуваше во развојот. Мојата задача беше да им ги објаснам на работниците причините поради кои овие стебла не напредуваат. Ова беше неопходно за да се спречи пропаѓањето на други стебла поради исти или слични причини. Најпрво, значи, требаше да се дознаат причините за нивното назадување за исправно да се постапи во нивното негување и подигање. {1C 632.1}

Во ова сведоштво јас отворено зборувам за случајот на сестра Ана Мор, не затоа за да им нанесам болка на членовите на црквата во Батл Крик, туку затоа што тоа ми е должност. Јас ги сакам членовите од оваа црква и покрај нивните пропусти. Знам дека ниту една друга месна црква не им е рамна во поглед на дарежливоста и останатите должности. Ги изнесувам страшните факти од овој случај со цел кај секој поединец од нашиот народ да се пробуди свеста за личната должност. Ниту еден од дваесет кои се сметаат за добри меѓу адвентистите на седмиот ден не живее несебично според начелата на Божјото Слово. Но нивните непријатели, кои не ги држат ниту најосновните начела на Христовото учење нека не го злоупотребуваат фактот што се тие укорени. Токму тие укори претставуваат докази дека се вистински Божји деца. За оние „што се без укори," апостолот кажува дека се „копилиња, а не синови". Затоа тие нелегитимни деца нека не се воздигнуваат над законските синови и ќерки на Семожниот. {1C 632.2}

---

110. ЗДРАВСТВЕНИОТ ИНСТИТУТ

Во претходните броеви на Сведоштвата за Црквата зборував за важноста на здравствената институција која Адвентистите на седмиот ден треба да ја основаат за доброто на болните, посебно за оние што страдаат и се болни меѓу нас. Зборував за способностите на нашиот народ да обезбеди средства за тоа. Но со оглед на значењето на оваа гранка во големото дело на подготовката со цел со радосни срца да можеме да излеземе пред Господ, ги повикував припадниците на нашиот народ, во согласност со своите можности, да го дадат својот придонес во основањето на една таква институција. Исто така, според она што ми беше покажано, укажував на опасностите што ги очекуваат лекарите, управителите и останатите кои се задолжени за овој потфат. Се надевав дека тие опасности можат да се избегнат. Меѓутоа, во таа надеж во која извесно време се радував, доживеав само разочарување и болка. {1C 633.1}

Бев многу заинтересирана за здравствената реформа, негувајќи големи надежи дека Здравствениот Институт ќе претставува вистински напредок. Со најдлабоко чувство на одговорност и во Господово име им зборував на своите браќа и сестри за оваа институција и за нивната должност да ги приложат неопходните средства, и со најголем интерес и загриженост го следев напредувањето на овој потфат. Кога видов како луѓето од раководството трчаат токму во оние опасности што ми беа покажани и на кои толку укажував не само во јавните, туку и во личните разговори и преку писма, голем и страшен товар ја притискаше мојата душа. Покажано ми е дека во лекувалиштето каде нашите болни можат да најдат помош и исцелување, принципи на раководење треба да бидат пожртвуваност, гостопримство, вера и побожност. Но кога без никакво ограничување почнаа да се упатуваат повици за вложување на големи парични износи

со напомена дека вложениот капитал ќе донесе голема добивка; кога раководечките браќа во институтот почнаа да барат поголеми плати од оние кои се наоѓаат на исто така одговорни положби во големото дело на вистината и реформата; кога со болка во душата дознав дека, со цел да стане популарна оваа институција кај оние што не припаѓаат на нашата вера и со цел да се обезбеди нивното покровителство нагло се шири духот на компромис, што се покажува и во именувањето со: господине, госпоѓице, госпоѓо, наместо: брате и сестро, како и со популарните разоноди на кои сите можат да учествуваат во некој вид релативно невини веселби - кога го согледав сето ова кажав: Ова не е она што ми беше покажано како здравствена установа која може да биде благословена од Бог. Ова е нешто сосем друго. {1C 633.2}

Покрај сето ова, правени се и пресметки за проширување на зградите и за тоа се барани големи суми пари. Со оглед на ваквиот начин на раководење со овој Институт, не можев во тоа да видам ништо друго освен проклетство. Иако, што се однесува до здравјето за некој беше корисен, влијанието на овој Институт на верниците во Батл Крик и на оние што доаѓаа овде како пациенти беше така негативно што го потисна сето она што беше позитивно и добро. Тоа влијание продолжи да се шири меѓу верниците дури и во другите држави, страшно поткопувајќи ја верата во Бога и во сегашната вистина. Многу од оние што во Батл Крик дојдоа како скромни, побожни и предани христијани, си одеа од него скоро како неверници. Влијанието на сето ова, општо земено, создаваше предрасуди против здравствената реформа кај многу наши најскромни, најпредани верници, поткопувајќи ја верата и во Сведоштвата и во сегашната вистина. {1C 634.1}

Ваквата состојба во Здравствениот Институт, што негативно влијаеше и на односот на мнозина кон здравствената реформа, ме натера за тоа да пишувам онака како што тоа го направив во Сведоштвото број 13. Знаев дека тоа ќе предизвика негодување и ќе биде вистинска неволја за мнозина. Знаев исто така дека реакции ќе има, порано или подоцна, а во интерес и на Институтот и на делото воопшто, подобро е порано. Со оглед дека настаните тргнаа нависти на во погрешен правец на штета на драгоцените души и делото воопшто, колку порано се запрат и правилно се насочат, толку подобро. Колку подолго се продолжува вака, толку поголема ќе биде пропаста, реакциите и општата обесхрабреност. Со вака погрешно раководење мора да се прекине, грешките мораат да се поправат и сè да започне од почеток во добар правец. {1C 634.2}

Добрите промени извршени во Батл Крик по направените пропусти, враќањето на лекарите кај Господ со потполна реформа, исто и на помошниот персонал и управителите во Здравствениот Институт, општата согласност на нашите браќа и сестри во поглед на големата важност на овој институт и начинот на кој треба да се управува со него, имајќи ги во предвид искуствата стекнати за повеќе од година дена, не само во негативен, туку и во позитивен правец, ми влеваат повеќе доверба дека здравствената реформа и Здравствениот институт ќе се покажат поуспешни отколку до сега. Јас сè уште воодушевено се надевам дека ќе доживеам Здравствениот Институт во Батл Крик да напредува, исполнувајќи го во секој поглед она што ми е покажано. Но потребно е време во потполност да се поправат и преболат грешките од минатото. Сепак, со Божја помош и со Негов благослов тоа може да се направи. {1C 635.1}

Браќата кои раководат со овој потфат се обраќаат на нашиот народ за средства врз основа на фактот дека здравствената реформа е составен дел на големата задача поврзана со пораката на Третиот ангел. Во тоа потполно се во право. Тоа е гранка на добротворно, самопожртвувано и великодушно учествување во големото Божје дело.

Зар тогаш е потребно тие браќа да зборуваат: „Вложувањето во Здравствениот Институт ќе донесе голема добивка," „тоа е добра инвестиција," „тоа добро ќе се исплати"? Зошто тогаш да не се зборува дека и вложувањето во издавачката дејност донесува исто така голема добивка? Ако се тоа две гранки на истото големо дело во завршната подготовка за доаѓањето на Синот човечки, зошто не? Или, зошто да не се направи и двете овие гранки да зависат од дарежливоста? Во повикувањето на оние на кои делото им е во срцето да приложуваат во фондот за печатење, ниту со перо, ниту со зборови не се користени такви поттикнувања. Зошто тогаш богатите, но и алчни членови да се наговараат со вложување на своите средства во Здравствениот Институт да можат да направат големо добро, истовремено да ја сочуваат својата главница, а со самата употреба на истата да добијат и голема камата? Кога нашите верници беа повикувани доброволно да приложуваат за печатењето, тие своите прилози ги донесоа благородно и со задоволство како жртва за Господ, следејќи го примерот на оние што ги повикуваа, и Божји благослов видливо ја следеше таа гранка на ова големо дело. Меѓутоа, начинот на кој се собирани средствата за Здравствениот

Институт не е по Божја волја, и имаме причини за сериозно стравување дека Неговиот благослов нема да биде над таа институција сè додека тие грешки не се отстранат. Во мојот апел што во Сведоштвото бр. 11, стр. 373, им го упатив на браќата во корист на таа институција го напишав следното: {1C 635.2}

„Покажано ми е дека меѓу адвентистите на седмиот ден нема скудност што се однесува до средствата. За сега најголема опасност им се заканува од натрупување богатство. Мнозина се преоптоварени, зошто самите постојно си ги зголемуваат напорите и грижите. Како последица на тоа, Бог и Неговото дело се потполно заборавени од нивна страна и тие се духовно мртви. Од нив се бара да принесат жртва на Бог во вид на прилози. Но жртвата не го зголемува овоземниот имот, туку го намалува и троши". {1C 636.1}

Моето гледиште по прашањето на средствата беше дека тоа треба да биде „жртва принесена на Бог, прилог," и никогаш не сум прифатила друг став. Меѓутоа, ако акционерите треба да ја држат главницата и уште згора на тоа да добиваат одреден процент, каде е тогаш намалувањето на имотот или изгорувањето на принесените жртви? И дали со ваквото вложување во Институтот се намалува опасноста за верниците кои се склони да го натрупуваат своето богатство? Напротив, опасностите што со ова им се заканувааат само се зголемуваат, и тоа им служи како додатен изговор за нивното лакомство. Вложување во акции на Институтот, кои таквите го сметаат за своевиден начин за стекнување имот не претставува за нив никаква жртва. Привлечени од високиот процент на каматата, во духот да стекнуваат, а не подготвеност на жртва, мнозина вложуваат толку големи суми во акции во Институтот што скоро ништо не им преостанува за потпомагање на другите, исто така значајни гранки на Божјото дело. Од тие светски настроени и алчни скржавци Бог бара извесна жртва за оние што страдаат. Тој ги повикува да жртвуваат нешто од својот овоземен имот за доброто на изнемоштените и болните кои веруваат во Христос и во сегашната вистина. На нив им се овозможуваат прилики во своите постапки секогаш да ги имаат на ум одлуките на последниот суд, како што е тоа опишано во следните зборови што ги кажал Царот над царевите: {1C 636.2}

„Тогаш Царот ќе им каже на оние што Му се од десната страна: 'Дојдете, благословени од мојот Татко; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот; зашто, гладен бев и Ми дадовте да јадам; жеден бев и Ме напоивте, странец

бев и Ме примивте; необлечен бев и Ме облековте; болен бев и Ме посетивте; во затвор бев и дојдовте кај Мене.’ Тогаш праведниците ќе Му одговорат и речат: ‘Господи, кога Те видовме гладен и Те нахранивме, или жеден и Те напоивме? Кога Те видовме странец и Те прибравме, или необлечен и Те облековме? Кога Те видовме болен, или во затвор и Те посетивме?’ А Царот ќе им одговори и ќе рече: ‘Вистина, ви велам: доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле.’” {1C 637.1}

„Тогаш ќе им каже и на оние што се од левата страна: ‘Бегајте од Мене, проклети, во вечен оган, приготвен за ѓаволот и за неговите ангели! Зашто, гладен бев и не Ми дадовте да јадам; жеден бев и не Ме напоивте; странец бев и не Ме прибравте; необлечен бев и не Ме облековте; болен и во затвор бев и не Ме посетивте.’ Тогаш и тие ќе Му одговорат и речат: ‘Господи, кога Те видовме гладен, или жеден, или странец, или необлечен, или болен, или во затвор - не Ти послуживме?’ Тогаш ќе им одговори и рече: ‘Доколку не сте го направиле тоа за еден од овие најмали браќа ни за Мене не сте го направиле.’ И тие ќе отидат во вечна мака, а праведниците - во живот вечен”. {1C 637.2}

Повторно во Сведоштвото бр. 11, на стр. 374 нагласив: „Нашиот народ располага со изобилство на средства, и кога сите би го согледале големото значење и важност на ова дело, овој голем потфат би можел да се оствари без никакви тешкотии. Би требало сите да го поддржат тоа со големо интересирање, а посебно оние што располагаат со средства неопходни да се вложат во тој потфат. Би требало да се изгради и соодветен дом за прием на заболените каде тие, со примена на исправно лекување и Божјите благослови, би можеле да го обноват своето нарушено здравје, да се научат како да го чуваат здравјето и да ги спречуваат болестите”. {1C 638.1}

„Мнозина што ја исповедаат вистината стануваат себични и лакоми. Тие треба сериозно да се загрижат поради таквата своја состојба. Тие насобрале толку богатство на овој свет, така што и срцето им е овде каде се наоѓа нивното богатство. Нивното богатство се наоѓа на овој свет, а тие скоро и да немаат богатство на небото, затоа и нивната љубов наместо на небесното наследство е посветена на овоземното богатство. Сега имаат вистинска можност своите средства да ги употребат за доброто на болните и напатените и за ширење и напредок на вистината. Никогаш не би требало да се допушти овој потфат да се бори со финансиски тешкотии. Оние повереници на кои Бог им доверил средства сега треба да вложат во делото, употребувајќи ги своите средства во Негова слава. Оние што лакомо ги задржуваат своите средства ќе се осведочат дека тоа ќе им биде само на проклетство, а не на благослов”. {1C 638.2}

Во сè што ми беше покажано и што имав да кажам, не ми е дадена, ниту пак јас на некој сум пренела некоја друга идеја, освен дека фондовите и за оваа гранка на делото мораат да се засноваат на дарежливост, исто така како што се дава и за другите гранки на ова големо дело. Иако преминувањето на сегашниот план на она што Бог може да го одобри ќе биде проследен со потешкотии и ќе бара време и труд, јас сепак верувам дека тоа може да се изведе со малку загуби во веќе купените акции, и дека тоа ќе доведе до зголемување на приложениот капитал кој треба исправно да се употреби во лечењето на човештвото кое страда. {1C 638.3}

Мнозина од оние што купија акции не се во можност да ги дадат како дар. Некои од нив страдаат токму поради парите што така ги вложиле. Патувајќи од држава во држава среќавав луѓе кои беа болни од тешки болести и на кои барем за извесно време би им било неопходно лечењето во Здравствениот Институт, но за тоа им недостасуваат

средства кои ги вложиле токму во акции на тој институт. Од таквите за таа цел не требало да се прими ниту еден долар. Ќе спомнам еден случај во државата Вермонт. Тој брат ја прифати саботата уште на почетокот на 1850 година, и од тогаш мошне дарежливо приложуваше за разни потфати преземани со цел да се шири Божјото дело, сè додека неговиот имот потполно не се намали. Па сепак, кога невнимателно му беше упатен итен апел за Институтот, тој купи акција за сто долари. На состанокот во _____ тој го изложи случајот на својата сопруга која беше мошне слаба и требаше да и се укаже помош без никакво одлагање. Образложувајќи ги своите околности, тој кажа: „Да ми се сега на располагање оние сто долари што ги вложив во Институтот, би можел својата сопруга да ја испратам на лечење, но вака не можам". Ние одговоривме дека не требало да вложува ниту еден долар и дека по тоа прашање нешто не е во ред, но ние не можеме да помогнеме; и на тоа и остана. Јас без притеснување изјавувам дека таа сестра треба да се лечи во нашиот институт барем неколку седмици, и тоа бесплатно. Нејзиниот сопруг е во можност само да ги плати патните трошоци за неа до Батл Крик и назад. {1C 639.1}

Оние што навистина ја сакаат хуманоста, вистината и светоста треба кон овој Институт да се однесуваат со дух на пожртвуваност и дарежливост. Јас вложив во Институтот петстотини долари кои сакам да ги подарам, а доколку мојот сопруг успее со својата книга која ја планира, и тој ќе даде уште петстотини долари. Оние што го прифаќаат овој план нека ни пишат во Гринвил, Монткалм, Мичиген, и да ја назначат сумата што сакаат да ја даруваат или да ја инвестираат во акции како што тоа се прави во издавачката дејност. Кога ќе се постапи така, неопходните прилози ќе бидат давани во поголеми или помали износи; и средствата треба разумно да се трошат. Цената што пациентите треба да ја плаќаат нека биде колку е можно поразумна. Побогатите браќа со своите прилози делумно нека ги покриваат трошоците за лечење на оние сиромашни кои се достојни за таква помош. Оние кои имаат слободно време, во согласност со своите можности, нека ги обработуваат прекрасните плантажи кои се сопственост на Институтот. Тие не треба да го прават тоа со дух очекувајќи да бидат платени, туку со великодушно разбирање дека и трошоците за нивното лечење се подмируваат од доброволните прилози на другите. Движењето при работата исто како и капењето нека им биде составен дел од лекувањето. Човекољубие, милосрдност, хуманост и пожртвуваност за добро на другите - тоа треба да биде идеја што ќе ги води лекарите, управниот и помошниот персонал во Институтот, за пациентите и за сите што се со Христос, блиску или далеку, а не да мислат само на плата, доходовни инвестиции и стекнување овоземна добивка. Во сè што зборуваме или преземаме во врска со Здравствениот Институт, треба да се раководиме од љубовта кон Христос и ближните и со сочувство кон оние што страдаат. {1C 639.2}

Зошто христијанинот во својство на лекар, кој верува и со копнеж го очекува Христовото доаѓање и Неговото царство, каде веќе нема да има болести и смрт, за своите услуги би очекувал поголема плата од христијанинот во својство на редактор или проповедник? Тој можеби ќе каже дека неговата работа е позаморна. Тоа сепак штотуку треба да се провери. Своите напори тој треба да ги сведе во границата на издржливост, не кршејќи ги законите на животот на кои треба да ги поучува своите пациенти. Не постојат оправдани причини и за прекумерна работа, ниту за барањето поради тоа да добива поголема плата од проповедникот и редакторот. Сите кои работат во Институтот и за својата работа примаат плата, треба несебично да се придржуваат на начелото на дарежливоста. На оние што работат само за плата местото не им е во Здравствениот

Институт, и треба да бидат отпуштени од работа. Има способни поединци кои од љубов кон Христос, Неговото дело, Неговите заболени следбеници, ќе заземат одговорни положби во тој Институт, работејќи верно и со задоволство во духот на залагање и пожртвуваност. Оние на кои им недостасува дух на дарежливост и пожртвуваност, треба да бидат заменети со такви кои поседуваат таков дух. {1C 640.1}

Колку што јас можам да проценам, скоро половината од болните во нашиот народ, кои би требало да поминат по неколку седмици или месеци во Здравствениот Институт, не се во можност да ги платат сите трошоци за патот и лечењето. Зар ќе дозволиме тие напатени души, кои му се толку драги на Господ, поради сиромаштија да бидат лишени од оваа благодат што Тој токму за нив ја подготвил? Зар ќе ги оставиме беспомошно да потклекнуваат под двојниот товар, товарот на болеста и сиромаштвото? Побогатите пациенти, кои ги имаат сите можности за комфор и удобност во животот и кои се во можност за тешките работи да најмат други, можат со внимание и одмор, и со примена на домашна нега, успешно да се опорават и без да одат во Здравствениот Институт. Меѓутоа, што можат да направат нашите сиромашни браќа и сестри за да го повратат своето здравје? Тие можеби и би сториле нешто, но сиромаштијата ги гони да работат преку своите вистински можности. Тие ги немаат дури ниту најосновните удобности во животот; немаат прикладни простории, погоден мебел, па дури ни можност да се капат и добро да ги проветрат своите простории. Од сиот мебел имаат само шпорет, а сите книги што ги имаат, со исклучок на Библијата, можеби можат да се фатат со палецот и кажи прстот на едната рака. Тие немаат пари за да купат книги од кои би се поучиле како да живеат. На тие драги браќа најпотребно е да им се укаже помош. Мнозина од нив се понизни христијани. Тие, секако, имаат недостатоци, од кои некои се можеби и причина за нивната сегашна сиромаштија и неволја. Но сепак, тие можеби своите должности ги извршуваат подобро од нас кои располагаме со средства кои се доволни не само за да закрепнеме, туку и за да им помогнеме на другите. Таквите мораме трпеливо да ги поучуваме и со задоволство да ги помагаме. {1C 641.1}

Но тие мораат да покажат подготвеност и желба да бидат поучени. Мораат да негуваат дух на благодарност и кон Бога и кон своите браќа за помошта што им се укажува. Таквите воопшто немаат вистинска претстава за реалните трошоци за лечењето, како што се: храна, сместување, огрев и останато во Здравствениот Институт. Тие не ја сфаќаат сета големина на светото дело на вистината и реформата и постојаното повикување на нашиот народ на дарежливост. Тие можеби не се известени дека бројот на сиромашните во нашите редови е далеку поголем од бројот на богатите. Освен тоа, тие можеби не се свесни за страшниот факт дека повеќето богати, држејќи се грчевито за своето богатство, се наоѓаат на патот што сигурно води во пропаст. {1C 641.2}

Тие сиромашни страдалници треба да бидат поучени дека жалејќи се на својата судбина и мрморејќи против богатите поради нивното лакомство, прават голем грев во очите на небото. Тие пред сè мораат да сфатат дека нивните болести и сиромаштија се најчесто несреќни последици на нивните гревови, неразумност и погрешен начин на живот; и кога Господ ќе ги поттикне срцата и чувствата на Својот народ да им помогнат, тоа треба да ги вдахне со чувство на благодарност и кон Бог и кон Неговиот народ. Тие треба да прават сè што е во нивна моќ да си помогнат самите на себе. Ако имаат роднини кои можат и сакаат да ги сносат трошоците за нивното лекување во Институтот, тоа предимство треба да го искористат. {1C 642.1}

Со оглед на големиот број сиромашни болни, чие лечење во помала или поголема мера зависи од милосрдноста и доброволните прилози на другите, и со оглед на тоа

дека сè уште нема доволно ниту средства, ниту капацитети за сместување, престојот на таквите лица во Институтот треба да биде краткотраен. Доаѓајќи овде, тие мораат да ја имаат пред себе целта за што пократко време да стекнат практичното знаење што мораат, а што не смеат да прават, за да го повратат и да го сочуваат своето здравје. Предавањата што ќе ги слушаат додека се наоѓаат во Институтот и добрите книги од кои ќе можат дома да се поучуваат на исправните животни навики, мораат да бидат главен темел за тоа. Тие без сомнение ќе закрепнат и за тие неколку седмици што ќе ги поминат во Институтот, но со практична примена на стекнатото знаење во подоцнежниот секојдневен живот ќе постигнат многу повеќе. Тие не треба да се потпрат само на лекарите, очекувајќи оздравување за тие неколку седмици, туку мораат да се научат со своите животни навики да не го попречуваат природниот процес на оздравување. Во текот на тие неколку седмици поминати во Институтот тоа може да започне, но можеби ќе бидат неопходни години за со правилен начин на живеење да се дојде до потполно оздравување. {1C 642.2}

Може некој сè што има на овој свет да потроши за лекување во некој Здравствен Институт и значително да закрепне, а потоа, кога ќе се врати дома и на своите стари навики на животот, може за неколку седмици или месеци во поглед на здравјето да се најде во полоша состојба од било кога порано. Со тоа не постигнал ништо, туку само залудно ги потрошил своите и така ограничени средства. Целта на здравствената реформа и Здравствениот Институт не е како доза на „смирител на болките" или „моментно намалување на болките," за да се намалат страдањата на денешницата. Не, навистина! Големата цел е да се поучат луѓето како со својот начин на живот можат да и дадат можност на самата природа на својот организам да се спротивстави на болеста. {1C 643.1}

На болните меѓу нашиот народ сакам да им кажам: Не дозволувајте да се обесхрабрите. Бог никогаш не го заборава ниту Својот народ, ниту Своето дело. Со својата здравствена состојба и своите финансиски можности запознајте ги лекарите во Здравствениот Институт во Батл Крик. Ако вашата здравствена состојба се влошува, не чекајте да стане безнадежна. Веднаш пишете. Но на сиромашните морам повторно да им нагласам: За сега не може да се направи многу за на вас да ви се излезе во пресрет, бидејќи собраните пари се вложени во згради и неопходната опрема. Направете самите за себе сè што е во ваша моќ, па тогаш и другите ќе ви укажат помош. {1C 643.2}

---

111. КРАТКИ ЗАПИСИ ЗА ДОЖИВЕАНОТО
Од 21. октомври, 1867, до 22. декември, 1867.

Иако преморени од исклучително тешките напори во залагањето за црквата во Батл Крик, добриот исход од сето тоа толку нè охрабри, така што радосно му се придруживме на братот Ендрус на неговото долго патување по државата Мејн. На тоа патување, одржавме и еден состанок во Розевелт, во државата Њујорк. Сведоштвото број 13 ја изврши својата задача, и сите оние што беа вовлечени во општо настанатото незадоволство почнаа сето тоа да го согледуваат во вистинска светлина. На овој состанок кој бараше исклучително тешки напори, изнесени се јасни и одредени сведоштва. Искрено се признаваа гревовите, проследено со сеопшто обратување кон

Господ, и од страна на грешниците и од страна на оние што беа одвлечени на погрешен пат. {1C 643.3}

Својата работа во државата Мејн ја отпочнавме на први ноември со конференцијата во Нориџвок. Собирот беше многу голем. Како и обично, мојот сопруг и јас изнесовме јасни и одредени сведоштва во прилог на вистината и вистинската дисциплина, а и против разни облици на заблуди, фанатизам и пореметување, кои природно се јавуваат при недостаток на таква дисциплина. Овие сведоштва посебно се однесуваа на духовната состојба на верниците во државата Мејн. Луѓе со бунтовнички дух, кои тврдеа дека ја држат саботата настојуваа на конференцијата да внесат незадоволство и раздор. Сатаната им помагаше во тоа, па успеаја во извесна мера. Подробностите за сето тоа се мошне мачни и се од локален карактер за овде да пишувам за тоа. {1C 644.1}

Доволно е да се каже дека во тоа време, благодарение на духот на бунтовништво, изнаоѓање грешки, и некој вид на детска љубомора, мрморење и жалби, нашата работа во Мејн, која можеше да биде завршена за две седмици, бараше полни седум седмици најмачни и најнепријатни напори. Беа загубени пет седмици, или уште полошо од тоа, за делото во државата Мејн; и како последица на ова задржување во Мејн, нашите верници во другите делови на Нова Англија, Њујорк и Охајо, останаа без пет планирани состаноци. Сепак, при поаѓањето од оваа држава најдовме утеха во фактот дека сите незадоволници ги признаа своите заблуди, а неколку нови души беа наведени да го побараат Господа и да ја прифатат вистината. Следното поглавје за проповедниците, редот и организацијата, посебно се однесува на состојбата на нашето дело во државата Мејн. {1C 644.2}

---

112. ПРОПОВЕДНИЦИ, РЕД И ОРГАНИЗАЦИЈА

Некои проповедници мислат дека во своето излагање не би биле така слободни и успешни ако не зборуваат така гласно и брзо. Тоа е заблуда. Таквите мораат да сфатат дека повишениот тон и бучното, нагло изразување во говорот не се знак за присуство на Божјата сила. Она што на слушателите остава траен впечаток не е силниот глас и повишениот тон. Со студиозно проучување на Библијата проповедниците во потполност треба да се снабдуваат со докази во прилог на нашата вера и надеж, и потоа, владеејќи во потполност со својот глас и чувства, да ги изнесуваат на таков начин за слушателите да можат смирено да проценуваат и да одлучуваат врз основа на тие докази. И кога проповедниците ја чувствуваат силата на аргументите што ги изнесуваат во облик на свечена и проверена вистина, во согласност со тоа сознание ќе биде и нивната ревност и сердност. Божјиот Дух најпрво ќе ги посвети нивните души со вистината што тие им ја проповедаат на другите, и тие, напојувајќи други и самите ќе бидат напоени. {1C 645.1}

Видов дека некои наши проповедници не знаат како треба да ги чуваат своите сили за и покрај најголеми напори да не се исцрпат потполно. Проповедниците не треба да се молат толку гласно и толку долго за со тоа да ги исцрпуваат своите сили. Не е потребно толку да го оптоваруваат своето грло и своите гради во молитва. Божјото уво е секогаш отворено да ги слушне сесрдните молитви на Своите скромни слуги, и Тој не бара обраќајќи се кон Него да ги замараат и толку да ги оптоваруваат своите говорни

органи. Совршената доверба и цврстото потпирање на Неговите ветувања, едноставната вера дека Тој постои и дека ги наградува сите што сесрдно го бараат - тоа е пред Бога највредно. {1C 645.2}

Проповедниците треба со самодисциплина да се научат како во краткиот период што им е даден да направат што повеќе, а сепак своите сили да ги сочуваат во најдобра кондиција, за - ако од нив се побара да вложат посебен напор - да имаат во резерва доволно животна енергија и тоа да го направат, не загрозувајќи го своето здравје и својот живот. Понекогаш во напорите што им претстојат треба да ги вложат сите сили со кои располагаат, и ако порано ги потрошиле сите резерви на својата енергија, и не се веќе во состојба да го вложат тој напор, губат сè што направиле дотогаш. Понекогаш е потребно да се ангажираат сите умствени и физички сили за најодлучно да се застане во одбрана на вистината, за бараните докази да се изнесат во најјасна светлина, на највпечатлив начин и за тоа да претставува најсилен повик до слушателите. Кога душите треба да ги напуштат редовите на непријателот и да преминат на Господова страна, борбата може да биде многу остра и жестока. Сатаната и неговите ангели никогаш не се помируваат со тоа, оние што служеле под знамето на темнината толку лесно да преминат под знамето на кнезот Емануел попрскано со крв. {1C 645.3}

Видов меѓусебно спротивставени војски во долготрајна и огорчена борба. Победа немаше ниту на едната, ниту на другата страна. Конечно, преданите на престолот согледаа дека нивната сила се приближува кон крајот и дека своите непријатели можат да ги надвладеат само со одлучен јуриш и со преземање на нивните воени утврдувања. И тогаш, собирајќи ја сета сила, и ризикувајќи го и самиот живот, нагрнаа на непријателот. Се разви страшна борба, но победата е задобиена и непријателските тврдини беа заземени. Кога овие војници во тој критичен момент, исцрпувајќи ги претходно сите свои сили, не би биле во состојба во последниот пресуден судир да ги освојат непријателските утврдувања, би била загубена целата битка водена со денови, седмици и месеци и животот на многу војници залудно би бил жртвуван. {1C 646.1}

Слична борба ни претстои и нам. Мнозина се осведочени дека ние ја имаме вистината, но сепак како да се врзани со железни синџири; тие не се осмелуваат да ги сносат последиците од отвореното прифаќање на вистината. Мнозина се наоѓаат во долината на одлуката, каде им е неопходно најодлучно да им се упати повик да престанат со бунтот и да преминат на Господова страна. Токму во тој пресуден миг на одлука сатаната околу таквите ги поставува своите најсилни и најопасни мрежи. Ако на Божјите слуги во така пресуден миг им ја снема и физичката и умствената сила, бидејќи сите свои сили порано ги потрошиле, тие се во опасност токму тогаш да ја напуштат работата со овие души мислејќи дека веќе ништо не можат да направат и одат на некое друго место. И така, скоро сите дотогашни напори, средства и време се потрошени залудно. Да, тоа е полошо отколку работата во тоа место воопшто да не започнала; бидејќи луѓето кои со Божјиот Дух биле длабоко осведочени и доведени до одлука - кога ќе бидат препуштени да го загубат интересот и да станат против изнесените докази, не е лесно повторно да бидат наведени да размислуваат за тоа. Во многу случаи тие веќе ја донеле својата конечна одлука. {1C 646.2}

Кога проповедниците би ги чувале своите сили, во моментите кога изгледа дека е најтешко, би биле подготвени на најсесрдни напори и најсилни повикувања и како храбри војници токму во критичните мигови би преминале во одлучен напад на непријателот. Во таков случај сигурно би задобивале победи. Душите би присобрале сила да ги раскинат мрежите на сатаната и да се одлучат за вечен живот. Добро

насочени потези во вистински момент можат да придонесат долготрајните напори да вродат со плод, додека напуштањето на работата само за неколку денови може во многу случаи да предизвика потполна загуба. Проповедниците мораат да се предадат на работа како мисионери, учејќи се како своите напори да ги направат што покорисни. {1C 647.1}

При сериите предавања што се одржуваат со денови, па и седмици, некои проповедници во својата ревност преземаат на себе повеќе товар отколку што Бог бара од нив. Исцрпувајќи ги своите сили со пеење, со долги гласни молитви и напорни говори, толку се преморуваат така што не можат да издржат до крајот, туку мораат да одат во својата куќа да се одморат. Што се постигнува со такво претерување? Буквално, ништо. Таквите работници покажуваат дух на ревност, но им недостасува разум. Тие не покажуваат способност за промислено војување. Во занесот на чувствата тие јуришаат како на триумфална кочија, но не задобиваат ниту една победа над непријателот. Неговите тврдини остануваат недопрени. {1C 647.2}

Покажано ми е дека Христовите претставници мораат дисциплинирано да се подготвуваат за водење војна. Во раководењето со Божјото дело се бара поголема мудрост отколку во водењето национални војни. Проповедниците избрани од Бога примаат на себе навистина голема задача. Тие војуваат не само против луѓе, туку и против сатаната и неговите ангели. Овде е потребно навистина мудро раководење. Тие мораат постојано да ја проучуваат Библијата и да бидат со цело срце во делото. Кога започнува работа во некое место, тие треба да можат да ги образложат причините за нашата вера и тоа, не на избувлив и воинствен начин, туку во дух на кротост и внимателно. Најголема сила на убедување имаат оние аргументи кои се изнесуваат со смиреност и во Божји страв. {1C 647.3}

За работа во овие последни денови, денови полни со опасности, потребни се проповедници оспособени со Божјото Слово, добро запознаени со учењата на Светото Писмо и со причините на нашата вера. Укажано ми е на следните библиски стихови, чие значење многу проповедници не го сфаќаат: „Туку Господ Бог славете го во своите срца и бидете секогаш подготвени со кротост и внимателно да му одговорите на секого што ќе ве запраша за вашата надеж". „Вашите зборови секогаш да бидат благодатни, со сол зачинети, за да знаете како да му одговорите на секого". „А Господовиот слуга не треба да се расправа, туку да биде кроток со сите, вешт да поучува, кој може неправда да поднесува и со кротост да ги поучува оние што се противат, за Бог да им даде покајание, та да ја познаат вистината и да се ослободат од мрежата на ѓаволот кој ги уловил живи да ја извршуваат неговата волја". {1C 648.1}

Од проповедникот, како Божји човек, со право се очекува секогаш да биде подготвен за секое добро дело. За такви добри дела не е погоден проповедник кој е фалбаџија, полн со себе и постојано го истакнува своето достоинство. Меѓутоа, на проповедалната, достоинственото држење е неопходно. Проповедникот на евангелието не смее да биде немарен во поглед на своето однесување. Како Христов претставник, тој со своето однесување, со својот надворешен изглед и гестови не смее да предизвикува гнасење кај оние што го набљудуваат. Проповедниците треба да поседуваат префинетост. Во своите манири, држење и гестови тие треба да бидат слободни од секоја настраност и грубост, негувајќи го во себе достоинството на едноставноста. И начинот на нивното облекување треба да одговара на достоинството на нивната служба. Нивните зборови мораат да бидат сериозни и внимателно одбрани во секој поглед. Покажано ми е дека е потполно погрешно да се употребуваат груби и

подбивни изрази, да се прераскажуваат анегдоти и наведуваат смешни примери за да се предизвика ведро расположение и смеење. Зајадливи забелешки проследени со игра на зборови на сметка на противникот не се во никој случај според Божјата волја. {1C 648.2}

Проповедниците не смеат да се предаваат на чувството дека нивните манири и начин на говор не можат да се поправат; многу може да се направи во тој правец. Со правилно извежбан начин на говор човекот може да зборува мошне долго, а никогаш да не ги загрозува своите говорни органи. Проповедниците најнапред, сами треба да бидат уредни и дисциплинирани, за да можат тоа со успех да го бараат и од членовите на црквата, учејќи ги да делуваат така единствено и складно како добро извежбана војска. Ако дисциплината и поредокот се неопходни за успех на бојното поле, уште понеопходни се во борбата што ние ја водиме, бидејќи целта на нашето војување е многу повисока и повозвишена од онаа поради која страните кои се во судир се борат на боиштето. Во борбата во која ние сме се впуштиле во прашање се вечните интереси. {1C 649.1}

За сè што прават ангелите и за секое нивно движење карактеристични се потполн склад и совршен поредок. И напорите на тие небесни суштества во наша корист ќе бидат толку поуспешни колку посовршено го имитираме нивниот склад и поредок. Не увидувајќи ја неопходноста од складно делување, ако и понатаму бидеме несредени, недисциплинирани и неорганизирани во нашата работа, ангелите кои се организирани во толку совршен поредок - нема да бидат во можност со успех да ни помагаат. Тие со болка ќе се свртат, бидејќи не се овластени да благословат конфузија, неединство и неорганизираност. Сите оние кои ја сакаат соработката на тие небесни весници мораат да работат во единство со нив. Но никогаш, никогаш тие небесни весници нема и не можат да одобрат нерегуларност, дезорганизација и неред. Сите овие зла се резултат на настојувањата на сатаната да ги ослабне нашите сили, да нè обесхрабри и да го спречи успехот на нашата работа. {1C 649.2}

Сатаната многу добро знае дека само редот и складното делување можат да бидат благословени со успех. Тој исто така знае, дека во сè што е небесно владее совршен ред и поредок и дека потчинувањето и совршената дисциплина се обележје на ангелите во секое нивно движење. Со своите лукаво смислени напори таканаречените христијански цркви систематски ги оддалечил токму од тоа небесно уредување; затоа дури и оние што тврдат дека се Божји народ ги измамува со верувањето дека редот и дисциплината се непријатели на духовноста, дека единствено сигурно е да се оди по сопствен пат, а посебно дека треба да се биде одвоен од оние христијани кои се соединети со црквата и кои се залагаат за дисциплина и складно делување. Таквите сметаат дека сите напори за воспоставување на некој ред и поредок претставуваат опасност и ограничување на верската слобода, и дека од тоа треба да се има страв како од папството. Тие измамени души се фалат со својата слобода на мислење и независност на постапување, сметајќи дека тоа е некоја доблест. Тие не прифаќаат ништо што ќе го каже било кој човек и не се чувствуваат одговорни пред ниту еден човек. Покажано ми е дека тоа е посебно сатанско дело. Тој таквите ги наведува на заклучок дека Бог за нив одредил, сами да си го пробиваат патот и да одат по него, потполно независно од своите браќа. {1C 650.1}

Укажано ми е на синовите Израелови во дамнешното минато. Штом излегле од Египет тие биле организирани со примена на најпотполна дисциплина. Бог во Своето провидение го оквалификувал Мојсеј да ја поведе војската Израелова. Пред тоа, како моќен војсководител ги предводел египетските армии и во својство на војсководец

никој не му бил рамен. Господ не дозволил Неговиот свет шатор да го носат припадниците на било кое племе кое евентуално ќе се понуди. Тој го сметал тоа за толку значајно така што со посебен ред предвидел кој треба да служи во носењето на светиот ковчег и за тоа посебно одредил едно семејство од родот на Левие. Кога за доброто на народот во Божја слава требало да застанат на некое место, Господ ја откривал Својата волја на тој начин што столбот од облак застанувал точно над Скинијата и овде останувал сè додека Тој повторно не даде знак да се продолжи патот. За сето време на нивното патување низ пустината од нив се барало да имаат совршен ред. Секое племе имало знаме со знакот на татковата куќа и секое племе морало да се построи под своето знаме. Кога тргнувал ковчегот, тргнувал и целиот народ во беспрекорен војнички поредок, секое племе под своето знаме. Левитите биле одредени од Бог да го носат светиот ковчег; Мојсеј и Арон чекореле пред ковчегот, а по нив оделе синовите на Арон носејќи труби. Нивна задача била упатствата примени од Мојсеј со трубни знаци да ги пренесуваат на народот. Народот бил поучен како да ги распознава трубните знаци, со што се овозможувало потполно складно движење. {1C 650.2}

Најнапред синовите на Арон со посебен трубен знак го повикувале народот да се подготви, а потоа сите морале внимателно да ги слушаат одредените звуци на трубата за да можат според нив да се управуваат. Во давањето на звучни сигнали никогаш не смеело да има забуна, затоа ниту во движењето не постоеле причини за збунетост. Поглаварот на секое племе или семејство ѝ пренесувал на својата група одредени упатства во поглед на движењето, така што сите што на тоа обрнувале внимание биле точно известени што треба да прават. Оние што не се покорувале на барањата што Господ му ги давал на Мојсеј, а Мојсеј на народот, биле казнувани со смрт. Немало никаков изговор за оние што би се обиделе да се бранат со непознавање на она што требало да го извршуваат, зашто со тоа само би покажале дека останувале свесно во незнаење и затоа им следувала иста казна. Ако не дознале што бара Бог од нив, тоа било исклучиво по нивна вина. За стекнување на такво знаење тие ги имале истите можности како и останатите, затоа нивниот грев на незнаење или неразбирање во Божјите очи бил исто така тежок како да ја знаеле Неговата волја, а сепак ја престапувале. {1C 651.1}

Едно семејство од племето на Левие Господ посебно го одредил да го носи ковчегот, додека на останатите Левити им било наредено да ја пренесуваат скинијата и сета нејзина опрема и да извршуваат сè што било потребно околу нејзиното расклопување и повторно склопување. И ако некој од љубопитство или од немарност би го напуштил своето одредено место и само би допрел некој дел од светилиштето или нејзиниот инвентар, или само недозволено би се приближил до некој од работниците, бил осудуван на смрт. Бог не дозволувал Неговото Светилиште да го пренесуваат, подигаат и повторно да го расклопуваат припадниците на било кое израелско племе кое би ја посакало таа служба, туку само оние што за тоа биле избрани и кои таа света должност знаеле да ја ценат. Овие луѓе избрани од Бог биле должни да им укажуваат на Израелците на светоста на ковчегот и сè што му припаѓало, за да не бидат истребени од Израелот, загледувајќи се во него не сфаќајќи ја неговата светост. На сè што припаѓало од светињата над светињите требало да се гледа со најголемо стравопочитување. {1C 652.1}

Во библиските записи за патувањето на синовите Израелови верно е забележано нивното избавување со моќната Божја рака, нивната совршена организација и посебен ред, нивните гревови на мрморење против Мојсеј, а со тоа и против Господ, нивните престапи, бунтови и казни, нивните коски расфрлени по пустината поради

неподготвеноста да се потчинат на мудрите Божји упатства - сето тоа, како на некоја слика, верно и живо ни се предочува како опомена за да не ни се случи истото ако го следиме нивниот пример. {1C 652.2}

„Но повеќето од нив не беа по волјата Божја, затоа загинаа во пустината. А тоа беа примери за нас, за да не бидеме похотливи по злото, како што тие беа похотливи. Не бидете ниту идолослужители, како некои од нив, за кои е запишано: 'Народот седна да јаде и да пие, па стана да игра.' И да не блудничиме, како некои од нив што блудничеа, и во еден ден загинаа дваесет и три илјада. И да не Го искушуваме Христос, како што некои од нив Го искушуваа, и загинаа од змии. Не мрморете, како што некои од нив мрмореа, па загинаа од Истребителот. Сето тоа ним им се случуваше за да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите. Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне". Дали Бог престанал да биде Бог на редот? Не, Тој е и денес истиот како што бил во сите времиња. Апостол Павле кажува: „Зошто Бог не е творец". {1C 652.3}

---

113. ПОНАТАМОШНИ НАПОРИ

Со желба да изнесам некои подробности од нашата работа пред состанокот во Вермонт, можеби тоа најдобро ќе го сторам со објавување на писмата што ги упатив до нашиот син во Батл Крик, 27 декември, 1867 година. {1C 653.1}

„Драги мој сине Едсон, седам на бирото на братот Д. Т. Бурдо, во Вест Иносбар, Вермонт. По нашиот состанок во Топшем, Мејн, бев многу изморена. Додека ги пакував своите работи скоро се онесвести од изнемоштеност. Последното што го сторивме пред да тргнеме, го повикавме семејството на братот А и со нив имавме посебен разговор Му се обратив на тоа драго семејство со зборови на охрабрување и утеха, но исто така, и со зборови на укор и совети, кои се однесуваа на еден од нив. Сè што кажав е прифатено и искрено признато, со солзи
и големо олеснување за брат и сестра А. Таквото залагање за мене претставува тежок товар и страшно ме заморува". {1C 653.2}

„Откако се сместивме во купето, морав да легнам и се одмарав еден час. За таа вечер имавме закажано состанок во Вестбрук, Мејн, со браќата од Портланд и околината. Отседнавме кај љубезното семејство на братот Мартин. Во текот на попладнето не бев во состојба да се држам исправено во седечка положба, но упорно ме молеа да присуствувам на вечерниот состанок. Отидов до училишната зграда, чувствувајќи дека немам веќе сила да стојам на нозете, а камоли јавно да му се обратам на народот. Салата беше полна со заинтересирани слушатели. Братот Ендрус го отвори состанокот и говореше едно кратко време. Потоа твојот татко изнесе неколку напомени. Потоа станав и јас да зборувам, но по неколку изговорени зборови почувствував дека силата ми се враќа; ја снема сета моја слабост и зборував околу шеесет минути совршено лесно. Почувствував неискажлива благодарност за помошта што Господ ми ја даде токму во мигот кога ми беше најпотребна. Среда навечер исто така со леснотија зборував околу два часа за здравствената реформа и за реформата во облекувањето. Најмногу во двата спомнати случи ме охрабри фактот дека силата неочекувано ми се врати во моментите кога се чувствував потполно исцрпена". {1C 653.3}

„Посетата на семејството на братот Мартин за нас беше вистинско уживање, и се надевавме дека наскоро и нивните деца ќе ги предадат своите срца на Христос, и заедно со своите родители ќе ја продолжат христијанската борба и ќе ја примат круната на бесмртноста кога победата конечно ќе биде задобиена". {1C 654.1}

„Во четврток повторно отидовме во Портланд и бевме на ручек кај семејството на братот Гауел. Имавме посебен разговор со членовите на ова семејство и се надеваме дека резултатите од тоа ќе бидат за нивно духовно добро. Длабоко сочувствуваме со сопругата на овој брат. Нејзиното мајчинско срце болно е погодено со болеста и смртта на нејзините деца кои мораше да ги положи во студената тишина на гробот. Блажени се оние што умираат во Господ. Бог нека ѝ помогне на оваа мајка во копнежот кон вистината да собира богатство на небото, таткото и мајката - когаАродавецот на животот при Своето доаѓање ќе ги ослободи затворениците од затворот на смртта - повторно да се сретнат со своите деца, кога раскинатите алки во семејниот синџир повторно засекогаш ќе се соединат". {1C 654.2}

„Братот Гауел нè одведе со својата кочија до железничката станица. Одвај стигнавме да влеземе и возот веднаш тргна. Патувавме пет часа, и во Манчестер нè пречека брат А. В. Смит, кој живее во тој град. Тој нè поведе во својот дом каде мислевме една ноќ да се одмориме; но овде веќе не чекаа доста собрани верници. Некои од нив поминале петнаесет километри за таа вечер да ја поминат со нас. Водевме многу пријатни разговори кои се надеваме ќе бидат корисни за сите. На спиење отидовме кај десет часот. Рано, следното утро, го напуштивме пријатниот и гостољубив дом на братот Смит и го продолживме патот за Вашингтон. Беше тоа бавно и заморно патување. Во Хилсбороу излеговме од возот и оттаму требаше со запрежна кола да продолжиме уште дваесет километри до Вашингтон. Братот Колби ја беше снабдил својата санка со добри покривки и возењето беше удобно додека стигнавме на местото кое е неколку километри оддалечено од нашата дестинација. Овде снегот не беше доволно длабок колку што требаше за нормална употреба на санката. На делницата од неколкуте последни километри од патувањето се подигна силен леден ветар кој со смрзнат снег нè удираше по лицето и очите така што скоро се смрзнавме. Конечно најдовме прибежиште во пријатниот дом на братот Ц. К. Фарнсворт. Домаќините направија сè што можеа за да ни угодат и сè беше подготвено и распоредено за одморот да ни биде што попријатен. Така и беше, но само за кратко". {1C 654.3}

„Сабота претпладне зборуваше татко ти, а по паузата од околу дваесет минути зборував и јас, изнесувајќи сведоштва на укорување за некои кои користеа тутун; укорен е исто така и братот Бол, кој ги закрепнуваше рацете на нашите непријатели, исмевајќи ги визиите и објавувајќи ги своите огорчени чувства против нас во списанијата *"Криза„* и *"Надежта на Израел„* кои излегуваат во Бостон и Ајова. Вечерниот состанок беше закажан во домот на братот Фарнсворт. Присутни беа повеќето членови и твојот татко побара од братот Бол да ги изнесе своите приговори против визиите, оставајќи ни и на нас можност да одговориме на тоа. Така ја поминавме таа вечер. Братот Бол покажа многу упорност и противење. Го призна своето осведочување во некои точки, но цврсто се држеше за својот став. Братот Ендрус и твојот татко јасно ги образложија прашањата кои тој погрешно ги беше разбрал и го осудија неговиот погрешен став кон адвентистите на седмиот ден. Сите почувствувавме дека тој ден направивме најдобро што можевме за да ги ослабнеме силите на непријателот. Состанокот беше продолжен сè до десет часот навечер". {1C 655.1}

„Следното утро повторно присуствувавме на состаноците во молитвениот дом. Татко ти зборуваше претпладне. Но токму пред почетокот на неговото излагање непријателот поттикна еден јаден и немоќен брат кој сметаше дека мора да изнесе нешто многу изненадувачко и суштински важно за црквата. Одеше несигурно, зборуваше, воздивнуваше, извикнуваше како на себе да носи некој страшен товар кој никој не можеше да го разбере. Се обидовме на тие таканаречени верници да им ги отвориме очите за да видат во колку голем мрак се наоѓаат и колку се далеку од Бога, и со искрено признавање и покајание да се вратат кај Господ за Тој да може да ги прими и да ги излечи од нивното застранување. Во својот стремеж да го попречува Божјото дело, сатаната ја поттикна таа јадна и пореметена душа да предизвика гнасење кај оние што беа за разумно и мудро постапување. Тогаш станав и јас и на тој човек му упатив едно јасно и недвосмислено сведоштво. Наседнувајќи на измамите на сатаната кој го тераше да оди преку границите на дозволеното, тој два дена ништо не јадел”. {1C 656.1}

„Потоа твојот татко одржа проповед. По пауза од неколку минути јас презедов да зборувам за здравјето и за реформата во облекувањето, и изнесов јасно сведоштво за оние што претставуваат препрека на патот на младите и необратените. Бог ми помогна, зборувајќи отворено во името Господово, да му укажам на брат Бол за сè што направил. Тоа на него очевидно остави длабок впечаток”. {1C 656.2}

„Повторно одржавме еден вечерен состанок кај братот Фарнсворт. И покрај студот и вистинската снежна виулица која беснееше во текот на тие состаноци, братот Бол не изостана од ниту еден. Патот по кој тој појде повторно беше предмет на истражување. Ако било кога му помагал на некој човек што зборува, таа ноќ очевидно Господ му помагаше на братот Ендрус додека зборуваше за страдањата што треба да ги поднесуваме поради Христа. Како погоден пример истакнат е Мојсеј кој, одбивајќи го предимството да се нарекува син на ќерката на фараонот, со поголемо задоволство прифатил да страда со Божјиот народ, отколку да ужива во минливите задоволства на гревот, сметајќи го исмевањето поради Христос за поголемо богатство од целото египетско богатство, бидејќи знаел да ја процени идната награда. Говорникот нагласи дека тоа е само еден од прекрасните примери, кои прекорот и исмевањето

поради Христос го сметале за поважно од целото овоземно богатство и чест, високо звучни титули, па дури и можноста да се добие круната и царскиот престол. Очите на верата, насочени секогаш кон славата на иднината, ќе видат дека ветената награда е толку голема, така што кога ќе се спореди со тоа, сето овоземно богатство станува потполно безвредно. Припадниците на верниот Божји народ биле исмевани, мачени, ставани во пранги, фрлани во затвор, каменувани, живи пресечувани со пила; изложени на искушенија, одеа во кожуви и козји кожи, во скудност, во неволји и страдања, но поддржани со верата и надежта сето тоа го сметале за безначајно кога ќе се спореди со идниот, вечен живот, кој го ценеле толку многу така што сите преживеани

страдања во однос на тоа не им значеле ништо”. {1C 656.3}

„Брат Ендрус го раскажа случајот на еден верен христијанин кој својот живот го завршил како маченик поради својата вера. Во разговорот со него за силата на христијанската надеж, еден брат го прашал дали таа е доволно силна да го одржи додека неговото тело го голта пламенот. Побарал од маченикот, додека го воделе на клада, ако христијанската вера и надеж се навистина посилни од огнот што проголтува, да му даде некој знак за тоа. Тој го побарал ова, знаејќи дека после него тој ќе биде на ред, за да се охрабри и подготви за огнот. Маченикот му вети дека ќе му го даде бараниот знак. Го донесоа и го врзаа за столбот за мачење со зајадливо исмевање,

срамење и навредување од страна на љубопитната толпа безработници, собрани да го гледаат спалувањето на овој христијанин. По ужасниот збир на обичаи го запалија оганот, а братот на кој маченикот му ветил знак, втренчено го насочи својот поглед кон жртвата што умира, чувствувајќи колку за него значи договорениот знак. Огнот продолжи силно да гори. Телото веќе почна да добива боја на јагленосани остатоци, но очекуваниот знак го немало. Тој

ниту за момент не го свртуваше својот поглед од оваа страшна глетка. Рацете на маченикот веќе беа потполно изгорени. Немаше веќе видливи знаци на живот. Сите мислеа дека огнот го направил своето и дека не преостанало веќе ништо од животот на маченикот; кога, ете, среде пламенот двете раце се подигнаа кон небото. Братот на маченикот кој веќе ја беше изгубил секоја надеж, го виде овој толку посакуван знак, и обновена вера, надеж и храброст проструија низ целото негово битие. Од очите незадржливо му потекоа солзи радосници". {1C 657.1}

„Додека зборуваше за јагленисаните и готово изгорени раце подигнати кон небото, брат Ендурс самиот плачеше како дете. Сите насобрани беа потресени до солзи. Состанокот заврши околу десет часот навечер. Мнозина потполно се ослободија од густите облаци на духовна темнина. Тогаш стана и брат Хемингвеј и јавно кажа дека, користејќи тутун, противејќи се на визиите и прогонувајќи ја својата жена, затоа што верувала дека визиите се од Бога, навистина беше на погрешен пат, но дека веќе нема тоа да го прави. Побара проштавање и од својата сопруга и од сите нас. Неговата сопруга зборуваше со длабоко сочувство. Неговата ќерка и уште неколку други се согласија да се молат. Тој јавно кажа дека сведоштвата што ги изнесува сестра Вајт доаѓаат од самиот престол и дека никогаш повеќе нема да се осмели да се спротивстави на тоа". {1C 658.1}

„Братот Бол тогаш нагласи дека неговата положба, доколку е се навистина така како што ние гледаме, е мошне неповолна. Призна дека со години грешеше попречувајќи го напредувањето на младите. Благодарни сме на Бог за ова признание. Бидејќи имавме закажано

состанок со околу триесет почитувачи на саботата во Брентриј, во државата Вермонт, требаше да појдеме во понеделник наутро. Но времето беше премногу студено и ветровито за да може да се патува повеќе од четириесет километри по вака напорна работа, затоа конечно се одлучивме да ја продолжиме работата во Вашингтон, сè додека братот Бол не се одлучи или за вистината или против неа, за црквата да го тргне од дневен ред неговото прашање". {1C 658.2}

„Состанокот започна во понеделник, во десет часот претпладне. Беа присутни и браќата Радман и Хауард. Го повикавме и братот Невел Мид, кој беше мошне слаб и нервозен скоро исто така како што тоа беше случај и со твојот татко за време на неговата изминатa болест. Повторно се разгледувани приликите во црквата, и оние што го попречуваа нејзиното напредување, беа изложени на најостри укори. Упатувавме најсесрдни молитви за нив, и заедно со нив да се вратат кај Бог и да се поправат. Господ ни помогна во тоа; братот Бол тоа го чувствуваше но тешко и бавно се одлучуваше. Неговата сопруга длабоко сочувствуваше со него. Нашиот претпладневен состанок заврши дури во четири часот попладне. За сето тоа време ние, едно по друго, најсесрдно работевме на обратувањето на младите. За таа вечер договоривме уште еден состанок, кој требаше да почне во шест часот навечер". {1C 658.3}

„Токму пред самото тргнување покажани ми се повторно некои сцени кои порано ги видов во визија и тоа им го раскажав на браќата Ендрус, Радман, Хауард, Мид и на уште неколку присутни. Ми се чинеше како ангелите да отвораат една пукнатина во

облаците, за зраците на небесната светлина да можат да допираат до Земјата. Предметот што ми беше прикажан толку впечатливо беше случајот на Мојсеј и јас извикнав: 'О, кога би располагала со вештина на уметник за да го насликам призорот на планината Навав, на врвот на Фазга!' Неговата сила не беше се намалила. 'Не го издаде силата,' кажува библискиот запис за тоа. Очите не му беа затемнети од старост, а сепак тој дошол на оваа планина да умре. Неговиот погреб го извршија ангелите, но Божјиот Син наскоро слегна од небото за да го подигне од мртвите и да го земе на небото. Меѓутоа, Бог претходно му ја покажал ветената земја, над која бил Неговиот благослов. Изгледаше како вториот Едем. Нејзините предели како во панорама поминувале пред неговите очи. Покажано му е како Христос се појавил при Своето прво доаѓање, како Евреите како нација го отфрлаат, и како умира на крстот. Потоа му било покажано и второто Христово доаѓање, како и воскресението на праведниците. Јас, исто така, зборував и за тоа, како ќе се сретнат првиот Адам и Христос како втор Адам, кога Едем повторно ќе цвета на земјата. Подробностите за овие интересни точки ќе ги опишам во *Сведоштвото* број 14. Браќата изразија желба ова да го повторам на вечерниот состанок". {1C 659.1}

„Нашиот состанок во текот на тој ден беше многу сериозен. Во недела навечер ми беше толку тешко, така што половина час гласно плачев. Во понеделник беа упатени сесрдни апели и Господ направи слушателите да се одзвијат. Во вторник ми беше малку полесно и отидов на состанок. Зборував слободно за напред споменатите предмети што ми беа покажани во визија. Состанокот беше во дух на потполна отвореност. Братот Хауард плачеше како дете, а исто така и братот Радман. Брат Ендрус зборуваше мошне сесрдно, трогателно и со солзи. Стана и братот Бол и рече дека во него вечерва се борат два духа, едниот му зборува: 'Можеш ли уште да се сомневаш дека ова сведоштво на сестра Вајт потекнува од небото?' Другиот постојано во мислите му ги доведува приговорите што тој ги изнесуваше пред непријателите на нашата вера. 'О, кога би се осведочил дека сите тие приговори се отстранети' рече тој, 'би почувствувал дека на сестра Вајт сум ѝ нанел голема неправда.' Неодамна во списанието *Надежта на Израел* испратив една статија. Не знам што би дал таа статија да не биде објавена!' Беше длабоко трогнат и многу плачеше. На состанокот се чувствуваше присуството на Божјиот Дух. Неговите ангели беа мошне близу, истерувајќи ги злите ангели. И проповедниците и народот плачеа како деца. Напредокот беше очевиден, а силите на темнината беа потиснати. Состанокот заврши со голем успех". {1C 659.2}

„За следниот ден закажавме уште еден состанок кој започна во десет часот претпладне. Јас зборував за Христовото понижување и Неговата слава. Братот Бол седеше близу и плачеше цело време додека јас зборував. Моето излагање траеше околу еден час, а потоа започнавме со залагање за младите. Родителите ги поведоа и своите деца и младите на овој состанок за и тие да примат благослов. Станувајќи пред сите, братот Бол призна дека не се однесувал спрема нив како треба. Им призна на своите деца и на својата сопруга дека се наоѓал на погрешен пат и дека, наместо да им помага, постојано им создавал само препреки и пречки. Додека зборуваше, солзи му се слеваа по лицето, неговото силно тело се тресеше, а липање ги прекинуваше неговите зборови". {1C 660.1}

„Братот Хејмс Фарнсворт, под влијание на братот Бол, не беше во потполност соединет со адвентистите на седмиот ден. Тој сега тоа го призна со солзи. Потоа најсесрдно се залагаа за децата и младите сè додека тринаесет од нив не станаа и не ја изразија својата желба да бидат христијани. Во тој број беа и децата на братот Бол. Еден

или двајца го напуштија состанокот, бидејќи мораа да се вратат дома. Еден младич од околу дваесет години препешачил повеќе од шеесет километри за да нè види и да ја слушне вистината. Тој порано не исповедал вера, но на овој состанок премина на Господовата страна. Тоа беше еден од најуспешните состаноци. Братот Бол пред крајот на состанокот дојде кај татко ти и со солзи, признавајќи дека му направил неправда, молеше за проштевање. Потоа дојде и до мене и ми призна дека ми нанел тешка навреда. 'Можете ли да ми простите и да го молите Бог да ми прости?' Ние го уверивме дека од срце му проштаваме како што се надеваме дека и нам ни е простено. Така се разделивме со сите со многу солзи, чувствувајќи дека навистина не следат благословите на небото. Немавме состанок таа вечер". {1C 660.2}

„Во четврток станавме во четири часот наутро. Дождот што паѓаше во текот на ноќта сè уште не беше престанал, но ние сепак се осмеливме да тргнеме до местото оддалечено околу четириесет километри. Првите шест километри, патот беше многу тежок, бидејќи, за да ги избегнеме стрмните удолници ги користевме приватните премини преку нивите. Возењето преку камења, а на некои места и каде беше изорано, кои беа покриени со снег, беше толку мачно што одвај се задржувавме во санката. Кога се зазори, снежната бура се смири и кога излеговме на јавниот пат имавме мошне пријатно санкање. Времето потоа се подобри до таа мера што никогаш не сме имале толку добар ден за патување. Кога стигнавме на железничката станица дознавме дека експресниот воз заминал пред еден час, а патнички има еден час подоцна. Во Св. Албанс можевме да стигнеме дури околу девет часот навечер. Кога дојде возот се сместивме во едно купе, ручавме и продолживме да уживаме во пријатното возење. Потоа се подготвивме за спиење ако можевме да спиеме". {1C 661.1}

„Додека спиев, некој енергично ме затресе за рамото. Отворајќи ги очите, видов една пријатна госпоѓа која беше наведната над мене. 'Зар нè ме препознаваш?' кажа таа. 'Јас сум сестра Чез. Возот се наоѓа во Бела река, а се задржува само неколку минути. Јас живеам овде во близина, и оваа седмица доаѓав секој ден, обиколувајќи ги сите вагони за да се сретнам со тебе.' Тогаш се сетив дека ручав во нејзиниот дом во Њупорт. Таа беше мошне среќна што успеа да нè види. И таа и нејзината мајка ја празнуваат саботата. Мажот ѝ е кондуктер во железницата. Говорејќи мошне брзо ми кажа дека со задоволство го чита нашето списание ***Преглед***, бидејќи не е во можност да присуствува на богослуженијата. Сакаше да има книги кои би ги давала на своите соседи, но парите и за книги и за списанија мора самата да ги заработува. Нашиот разговор беше мошне корисен, иако краток, бидејќи возот требаше да тргне и моравме да се разделиме". {1C 661.2}

„Во Св. Албанс ги пронајдовме браќата Гулд и А. Ц. Бурдо. Братот Б имаше удобно покриена кочија што ја влечеа два коња, но возеше многу полека така што на нашето одредиште стигнавме дури во еден часот по полноќ. Бевме многу уморни и настинати. Легнавме после два

часот и спиевме до седум". {1C 662.1}

„Сабота наутро. Овде веќе имаше собрано голем број верници иако патиштата беа многу тешко проодни и за санки и за кочии. Штотуку се вратив од состанокот каде се задржав извесно време. Татко ти денес ќе зборува претпладне, а јас попладне. Го молиме Господ да ни помогне. Гледаш колку долго писмо ти напишав. Прочитај им го на оние што ги интересира, особено на таткото и мајката Вајт. Гледаш, Едсоне колку сме зафатени. Се надевам дека не занемари да се молиш за нас. Татко ти многу работи, дури премногу за неговото здравје. Тој понекогаш доживува посебно изливање на Божјиот

благослов и тоа му дава нова сила и радост во неговата работа. Откако дојдовме на Исток не си дадовме на себе ниту малку одмор, работевме со сета сила. Нека нашите слаби напори бидат благословени за доброто на Божјиот драг народ". {1C 662.2}

„Едсоне, се надевам дека својата вера ја усовршуваш со уреден христијански живот и побожно однесување. О, биди секогаш сесрден, ревносен и истраен во својата работа. Будно стражари во молитва. Биди кроток и скромен. Со тоа се задобива Божјото одобрување. Твоето

'јас' нека се скрие во Исус, жртвувај го самољубието и гордоста и тогаш, сине мој, збогатен со христијанско искуство, ќе бидеш корисен на секоја положба на која Бог ќе те повика. Сè што работиш, работи го со цело срце. Површната работа нема да ја издржи проверката на денот на судот. Стреми се и копнеј за потполно одвојување од овој свет, не дозволувајќи светската изопаченост да ја оскверни твојата рака, да го онечисти твоето срце и да го оцрни твојот карактер. Држи се одвоено. 'Излезете од нивната средина,' кажува Господ, 'и одделете се! вели Господ и, не допирајте се до нечисто и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки, вели Господ Седржителот.' 'И така, имајќи вакви ветувања, о љубезни, да се очистиме од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв.'" {1C 662.3}

„Значи, наша задача е да се усовршуваме во светоста. Гледајќи дека од своја страна правиме сè што можеме, Бог со задоволство ќе ни помогне. Ангелите ќе бидат со нас да нè подржат и ние ќе бидеме силни во Христовата сила. Не ја занемарувај тајната молитва. Моли се

за своето спасение. Напредувај во благодатта без никаков застој или назадување. Само напред, од победа во победа. Храбро во Господ, мој драг сине! Борбата со големиот непријател само уште малку се продолжува, а потоа доаѓа слободата и оружјето ќе го положиме пред нозете на нашиот Откупител. Совладај ја секоја препрека. Иако иднината понекогаш изгледа покриена со темни облаци, никогаш не ја губи надежта и верата. Облаците ќе се разотидат и повторно ќе огрее светлина. Слави го Господ, моето срце зборува, слави го Господ за сè што направи за тебе, за твојот татко и за мене. Започни ја новата година исправно. Твојата мајка, Е. Г. В". {1C 663.1}

Состанокот во Вест Иносбар, во државата Вермонт, беше мошне значаен. Прекрасно беше повторно да се сретнеме и да разговараме со своите стари, проверени пријатели во таа држава. За кратко време извршивме големо и добро дело. Повеќето од овие наши пријатели се сиромашни луѓе кои со мачна работа се борат за животните потреби во ситуација каде еден долар потешко се заработува отколку на Запад два долара, па сепак кон нас беа многу великодушни. Многу подробности од овој состанок објавени се во нашето списание ***Преглед***, и само недостатокот на простор не ми дозволува овде да ги повторам. Ниту во една држава верниците не се попредани на делото од оние што ни се одамна познати во Вермонт. {1C 663.2}

При враќањето од Иносбар, една ноќ ноќевавме кај семејството на братот К. Вајт. Неговиот син, брат Ц. А. Вајт, ни ја покажа својата машина за перење и цедење облека, и побара совет од нас. Бидејќи јас пишував дека браќата не треба да се занимаваат со патентни права, сакаше да го дознае моето мислење за неговиот патент. Јас отворено му кажав на што се однесува она што го напишав, а на што не се однесува. Немав намера да кажам дека е погрешно сè што е во врска со патентните права, бидејќи тоа е неможно, затоа што многу работи со кои се служиме во секојдневниот живот всушност се патентирани. Немав намера да кажам дека е погрешно да се патентираат, произведуваат и продаваат производи кои се вредни да бидат на тој начин заштитени.

Намерата ми беше да ги предупредам членовите да не наседнуваат на измамите на оние што шетаат по населбите продавајќи патентни права за оваа или онаа машина или производ. Многу од тие производи немаат никаква вредност и не претставуваат никакво усовршување. А оние што се занимаваат со продажба на истите, со мал исклучок, се обични измамници. {1C 664.1}

Па сепак, некои од нашите членови се занимаваат со продажба на патентирана роба за која со причина можат да се уверат дека не е така квалитетна каква што ја прикажуваат. Изгледа навистина чудно што мнозина од нашите луѓе, иако биле предупредени, дозволуваат тие продавачи на патентни права да ги измамуваат со своите лажни тврдења. Некои патенти имаат навистина голема вредност, и неколкумина од нив се збогатија на тој начин. Но мое мислење е дека таму каде што на таков начин ќе се заработи еден долар, всушност ќе се загубат сто. Не треба да се подарува никаква посебна доверба на осигурувањето на тие патентни права. Самиот факт дека оние што се занимаваат со тоа, со мали исклучоци, се најобични измамници и

лажговци, му отежнуваат на чесниот човек, кој навистина има некој пронајдок кој вреди, да стекне доверба и заштита што му припаѓа. {1C 664.2}

Братот Вајт на нашата група, во која беа браќата Бурдо, Ендрус, мојот сопруг и јас, практично ни покажа како функционира неговиот пронајдок и ние за тоа можевме да зборуваме само со пофалба и со одобрување. Кога подоцна ни подари таква машина, братот Корлис од Мејн, кој тогаш работеше кај нас, ја стави во погон за неколку моменти. Поради својата функционалност и брзина во работењето, оваа направа многу ѝ се допадна и на нашата куќна помошничка, сестрата Баргес. Една слаба жена, чиј син или сопруг би работел со таа машина, би можела за неколку часови да испере многу облека, а при сето тоа само да ја надгледува работата. Братот Вајт прати и упатство за ракување со оваа машина, кое може да го добие секој што ќе се обрати на нашата адреса, со платена поштарина. {1C 665.1}

Следниот состанок го одржавме во Адамс Центар, во државата Њујорк. Беше тоа голем собор. Во тоа место и околината живеат многу поединци кои ми беа покажани во визии и за кои бев длабоко заинтересирана. Тоа беа луѓе со голема морална вредност. Некои од нив заземале таква положба во животот што прифаќањето на сегашната вистина за нив претставуваше тежок крст, или барем тие мислеа дека е така. Други пак, кои веќе беа средовечни, а од своето детство

воспитувани да ја држат саботата, не го беа понеле Христовиот крстот. Тие беа во таква положба што тешко можеше да бидат поттикнати. Требаше да се разниша нивната самоувереност да не се потпираат на некои свои добри дела, и да сфатат колку нивната положба е безизлезна без Христос. Таквите не можевме да ги напуштиме и направивме сè што беше во наша моќ за да им помогнеме. Конечно успеавме да ги поттикнеме, и оттогаш со радост примам писма од поединци помеѓу нив со добри вести и за останатите. Се надеваме дека љубовта кон светот нема во нив да ја потисне љубовта кон Бог. Бог обраќа и богати луѓе, доведувајќи ги во нашите редови. Ако сакаат да напредуваат во христијанскиот живот и да растат во благодатта и на крајот да примат голема награда, тие своето овоземно богатство треба да го употребат за напредокот на делото на вистината. {1C 665.2}

По заминувањето од Адамс Центар, неколку дена се задржавме во Рочестер, а од таму заминавме за Батл Крик каде ги поминавме саботата и првиот ден од седмицата.

Од таму се вративме во својата куќа, каде ја поминавме следната сабота и недела со браќата и сестрите кои се беа собрале од разни страни. {1C 666.1}

Мојот сопруг се задржа во Батл Крик на прашањето со книгите и од таа црква беше даден благороден пример во тој поглед. На состанокот во Ферупленс тој по тоа прашање предложи, на сите кои не се во состојба да купат, да им се стават на располагање книги, како што се: ***Духовни дарови, Апел до мајките, Како да живееме, Порака до младите, Саботни читања*** *и карти со* ***Клуч за Објаснување***. Предлогот беше прифатен со сеопшто одобрување. Но за тоа значајно дело ќе зборувам на друго место. {1C 666.2}

---

114. СЛУЧАЈОТ НА АНА МОР

Следната сабота се состанавме со членовите на црквата во Орлеанс каде мојот сопруг го изнесе случајот на нашата толку оплакувана сестра Ана Мор. Кога нѐ посети минатото лето, брат Амадон ни раскажа дека сестра Ана Мор била во Батл Крик и дека, затоа што таму не нашла вработување, отишла во областа Лилено каде се сместила во домот на своите стари соработници од мисионската работа во Централна Африка. На мојот сопруг и на мене ни беше многу жал што таа драга следбеничка на Христос мораше да се лиши од друштвото на своите истомисленици во верата, и одлучивме да ја примиме во својот дом. Со писмо ја повикавме со цел да се договориме да се состанеме во Рајт, и заедно да одиме дома во нашата куќа. Меѓутоа, на таа средба не дојде. Овде го наведувам нејзиниот одговор на нашето писмо, датирано 29 август, 1867 година, што го примивме во Батл Крик. {1C 666.3}

„Брате Вајт: Вашето љубезно писмо ми стигна по пошта оваа седмица. Со оглед дека овде поштата стигнува само еднаш во седмицата, а заминува утре, брзам да ви одговорам. Ние сме овде, речиси, во див шумски предел, и поштата ни ја донесува во петок, а ја однесува во вторник еден индијанец одејќи пеш. Што се однесува до патувањето, се советував со брат Томпсон и тој ми кажа дека е најдобро и најсигурно да патувам со брод до Милвоки а од таму за Гренд Хевн. {1C 666.4}

Бидејќи сите свои пари ги потрошив кога дојдов ваму и бев повикана да живеам со семејството на брат Томпсон, сега и помагам на сестра Томпсон во нејзините семејни должности и во шиење. За таа работа ми плаќаат по еден и пол долар седмично, а всушност работам само пет дена, бидејќи тие не сакаат да се работи во недела, а јас не работам во сабота, која Библијата единствено ја признава за Господов ден. И покрај нашите разлики во верувањето, тие ниту најмалку не сакаат да ги напуштам. Братот Томпсон кажува дека можам да живеам во неговиот дом, само не смеам да ја истакнувам својата вера меѓу неговите членови. Тој дури и ме повика да ги одржувам договорените состаноци место него, додека тој се наоѓа на своите проповеднички патувања, и јас така и правам. На сестра Томпсон ѝ е потребна воспитувачка за деца бидејќи влијанието надвор од семејството е толку погубно, а школските деца толку порочни што таа не сака своите деца да ги праќа меѓу нив сè додека не станат христијани. Нивниот најстар син, кој има шеснаесет години е побожен и предан младич. Тие делумно ја прифатија здравствената реформа, и мислам дека наскоро ќе ја прифатат во потполност. Братот Томпсон се претплати на списанието ***Здравствен Реформатор***. Му покажав некои примероци што ги понесов со себе. {1C 667.1}

Се надевам и се молам на Бога братот Томпсон да ја прифати светата сабота. Сестра Томпсон веќе го прифати тоа со вера. Тој е чудно насочен на некој свој начин и, секако, смета дека е во право. Кога само би можела да го наведам да се согласи да ги прочита книгите како што е ***Историјата на саботата*** и други, но тој ги смета за неверничка литература и мисли дека во самата своја основа содржи заблуди. Но кога внимателно би ја прочитале секоја ставка од нашето учење, верувам дека би го прифатиле како библиска вистина, согледувајќи ја сета негова убавина и доследност. Не се сомневам дека сестра Томпсон без одложување и со задоволство би станала адвентистка на седмиот ден, кога нејзиниот сопруг не би се спротивставувал толку огорчено на тоа. Пред да дојдам ваму претчувствував дека овде треба да извршам некое големо дело. Вистината влезе и во ова семејство, и ако не можам да продолжам понатаму, мислам дека мојата работа е завршена или скоро завршена. Не се чувствувам посрамена од Христос или дека сум Негова пред ова грешно поколение, но својата судбина со многу поголемо задоволство

би ја поврзала со оние што ја почитуваат саботата како избран Божји народ. {1C 667.2}

Ќе ми бидат потребни најмалку десет долари за да дојдам до Гринвил. Со она малку што го заработив, тоа би било доволно. Но сега морам да почекам да ми одговорите. Што се однесува до праќањето пари, направете како мислите дека е најдобро. А до пролетта, пак, ќе имам доволно пари за пат и мислам дека со задоволство ќе дојдам. Господ нека нè води и благослови во секој наш потфат, тоа е огнена желба на моето срце. Господ нека ми помогне радосно да ја извршам секоја должност што Тој ќе ми ја додели во Своето лозје, колку мачна и да изгледа, тоа е моја искрена желба и сесрдна молитва. {1C 668.1}

„Ана Мор“

Откако го добивме ова писмо, одлучивме да и ја пратиме на сестра Мор потребната сума пари штом ќе имаме време. Меѓутоа, пред да најдеме време за тоа одлучивме да одиме за Мејн, од таму да се вратиме за неколку седмици, за тоа да го сториме пред да биде запрена пловидбата по реките. А кога одлучивме во интерес на делото да одиме во Мејн, Њу Хемпшир, Вермонт и Њујорк и таму останавме подолго, му пишавме на еден брат од тој крај да се посоветува со одговорните браќа од околината за сместувањето на сестра Мор, додека ние не се вратиме. Но тоа прашање било занемарено сè додека пловидбата не била запрена и кога се вративме видовме дека никој не ѝ помогнал на сестра Мор да дојде во нашата околина, за да може да премине кај нас кога ќе се вратиме од пат. Поради тоа бевме многу ожалостени и тоа нè тиштеше. На состанокот одржан во Орлеанс, втората сабота по нашето враќање, мојот сопруг им го изложи на браќата нејзиниот случај. Во списанието ***Преглед***, од 18. февруари, 1868. година, тој за она што е кажано и направено за сестра Мор накратко го изложи следното: {1C 668.2}

„На тој состанок го изнесовме случајот на сестра Мор, која сега престојува во Северозападен Мичиген кај своите пријатели кои не ја празнуваат библиската сабота. Констатиравме дека таа Господова слугинка ја прифатила саботата додека била на мисионска работа во Централна Африка. Кога се дознало тоа, нејзината служба веќе не била пожелна и таа е вратена во Америка да побара дом и вработување меѓу оние чија што вера ја прифатила. Според местото каде сега живее, гледаме дека оваа нејзина надеж не се остварила. Можеби никој посебно не може да биде обвинет за тоа, но изгледа дека во нашиот систем на организација недостасува соодветна служба која би водела грижа за ваквите личности, помагајќи им да најдат некое корисно вработување, или пак браќата и сестрите кои ја познаваат сестра Мор не ја извршиле својата

должност. Едногласно е решено да и се даде прибежиште во домот од некој на нашите членови во таа околина, додека нејзиниот случај не биде решен на Генералната Конференција. Братот Ендрус, кој беше присутен, во потполност се согласи со ова". {1C 669.1}

Но судејќи според сè што подоцна дознавме за незаинтересираноста и студениот прием на кој сестра Мор била сведок во Батл Крик, сосем е очевидно дека мојот сопруг бил премногу благ во својата оценка кога изјавил дека „можеби никој посебно не може да биде обвинет за тоа". Кога ќе ги дознае сите овие факти христијанинот не може да не ги обвини сите членови на оваа црква кои добро знаеја во какви околности таа се наоѓа, а сепак не се зазеле за неа. И ако другите не виделе дека е потребно нејзиниот случај да се изнесе пред црквата, тоа морале да го направат служителите. Но за рамнодушноста кон ваквите личности ниту еден член на оваа или на било која друга месна црква не може да најде вистински изговор. По она што за оваа самопожртвувана Христова следбеничка беше објавено во списанието ***Преглед***, секој читател на тоа списание во Батл Крик, дознавајќи дека таа дошла во тој град, беше должен да оди кај неа и лично да се распраша за нејзините потреби. {1C 669.2}

Сестра Стронг, сопруга на проповедникот П. Стронг, помладиот, била во Батл Крик, во исто време кога била и сестра Мор. И двете стигнале во градот истиот ден и, исто така, заминале во исто време. Сестра Стронг, која е сега покрај мене, кажува дека сестра Мор го побарала нејзиното посредување за да добие вработување и да остане со оние што ја почитуваат саботата. Сестра Мор кажала дека би прифатила било каква работа, иако најмногу би сакала да работи како учителка. Таа, исто така, го замолила и проповедникот А. С. Хачинс со нејзиниот случај да ги запознае браќата во редакцијата на списанието ***Преглед***, ако е можно да се најде за неа вработување во некое училиште. Братот Хачинс со задоволство го направил тоа. Но не ѝ е дадено охрабрување, бидејќи изгледало како да нема слободно работно место. На сестра Стронг ѝ се доверила дека нема доволно пари и дека, доколку не најде вработување во Батл Крик, ќе мора да замине за Лилено. Често со трогателни зборови и со солзи зборувала дека ќе биде принудена да ги напушти своите браќа. {1C 670.1}

На господин Томпсон, сестра Мор му напишала дека ја прифаќа неговата понуда во неговото семејство да има свој дом и сакала да почека додека не стигне неговиот одговор. Сестра Стронг отишла со неа да побараат место каде би можеле да останат додека не стигне одговорот од господинот Томпсон. На едно место ѝ кажале дека кај нив може да остане од среда до петок наутро, бидејќи тогаш ја напуштаат куќата. Оваа сестра потоа отишла со случајот на сестра Мор да ја запознае својата родена сестра која живеела не многу далеку, а исто така била адвентистка на седмиот ден. Кога се вратила и кажала на сестра Мор дека кај неа може да остане до петок наутро, а дека нејзината сестра, наводно, нема поволни услови да ја прими. Сестра Стронг подоцна дознала дека вистинската причина била што таа не ја познавала сестра Мор. Значи, можела да ја прими, но не сакала. {1C 670.2}

Тогаш сестра Мор ја запрашала сестра Стронг што да прави. А сестра Стронг која била речиси странец во Батл Крик ѝ предложила да одат до едно сиромашно семејство, нејзини пријатели, кои неодамна се доселиле од Монткалм. Овде конечно успеале. Сестра Мор останала кај нив до следниот вторник, кога преку Чикаго отпатувала за Лилено. Во Чикаго позајмила пари за да може да го продолжи патувањето. Дека во Батл Крик знаеле дека таа нема пари најдобро може да се види од фактот дека не и наплатиле ништо за нејзиниот престој во Здравствениот Институт. {1C 670.3}

Непосредно по нашето враќање од Исток, мојот сопруг, дознавајќи дека од она што баравме не е направено ништо, и пиша на сестра Мор и ја замоли да дојде кај нас колку е можно порано. Таа на ова писмо одговори со следните зборови: {1C 671.1}

Лиленд, Лилено, држава Мичиген,
20. февруари, 1868. година.

„Драги брате Вајт, го примив твоето писмо од 3. февруари, кое ме затекна во слаба здравствена состојба, бидејќи не сум навикната на овие студени зими, во кои дебелината на снежната покривка достигнува и повеќе од еден метар. Овде поштата се носи со снежни чевли. {1C 671.2}

Изгледа дека никако не ќе можам да ве посетам пред пролетта. Патиштата и без снег се лоши и тешко проодни. Ми кажуваат дека е најдобро да се почека додека не почне пловидбата, па тогаш со брод преку Милвоки до Гренд Хевн, а оттаму со воз до местото кое е најблиску до вас. Минатата есен се надевав дека ќе останам меѓу нашите драги верници, но тоа предимство не ми беше дозволено. {1C 671.3}

Вистините во кои ние веруваме секој ден добиваат се поголемо значење, и нашата работа на подготовка на еден народ за доаѓањето на Господ не смее да се одложува. Не смееме да се задоволиме со тоа само ние да добиеме свадбена облека, туку мораме верно да се залагаме тоа да им го препорачаме и на другите. Би сакала да дојдам кај вас, но ми е неможно и потполно неизводливо со вака слабо здравје сама да тргнам на таков пат среде зима. Кога и каде ќе се одржи Генералната Конференција што ја навестувате? Се надевам дека во списанието ***Преглед*** ќе прочитам известување за тоа. {1C 671.4}

Мислам дека своето здравје го загрозив со тоа што секоја сабота ја поминувам сама во својата студена соба, но сметам дека не можам исправно да ја празнувам во друштво со оние што ја празнуваат неделата, а саботата ја кршат на сите начини и постојано зборуваат за својата работа и овоземни интереси. Ми се чини дека за оние што ја држат неделата, саботата е најнапорен ден. Навистина, изгледа дека и најдобрите меѓу оние што ја држат неделата ниту еден ден не го празнуваат како треба. О, колку би сакала повторно да бидам со оние што ја празнуваат саботата. Сестра Вајт секако сака да ме види во реформниот фустан. Нека биде така љубезна и нека ми прати крој и јас ќе ѝ платам кога ќе дојдам таму. Сакам и во тој поглед да изгледам пристојно кога ќе дојдам кај вас. Таквата облека навистина ми се допаѓа, а и сестра Томпсон мисли дека и таа би сакала да го носи реформниот фустан. {1C 672.1}

Имав толку силни болки при дишењето така што повеќе од една седмица воопшто не можев да заспијам. Причина за тоа, по мое мислење е што ќумците на мојата печка, на составните делови не се спојуваат добро, така што собата често пати ми е полна со дим и отровни гасови и на спиење заминувам без добро проветрување. Порано не можев ни да замислам дека димот е толку штетен, ниту размислував за тоа дека отровните гасови кои испаруваат од дрвјата, а посебно од јагленот измешан со нив создаваат така опасна концентрација. Се пробудив со такво чувство на гушење така што во лежечка положба веќе не можев да дишам и остатокот на ноќта го поминав во седечка положба. Никогаш до тогаш не бев доживеала толку страшно чувство на гушење. Почнав да се плашам дека никогаш повеќе не ќе смеам да заспијам. Затоа се предадов во Божји раце независно дали ќе живеам или ќе умрам, молејќи Го да ме поштеди ако сум уште потребна во Неговото лозје; инаку друга желба за живот немам.

Потполно помирена се предадов во Божјите раце. Но, исто така, чувствував дека морам да се спротивставувам на дошепнувањата на сатаната. Затоа му наредив на непријателот: Оди од мене, сатано; а на Господ му кажав дека во поглед на својот живот или смртта, не сакам самата ништо да преземам, туку едноставно сè препуштам Нему, кој во потполност ме познава. Мојата иднина ми е потполно непозната, затоа кажав: 'Нека биде Твојата волја.' Задоволствата на овој живот за мене немаат никаква вредност. Сите негови богатства и чест се ништо кога ќе се споредат со чувството дека во животот сме биле корисни. Такви минливи задоволства јас не
сакам; тие не можат да ја пополнат болната празнина што во мене ја остава чувството на неизвршените должности. Не сакам да живеам бескорисен живот, живот без никаква содржина. И дури оваа смрт да изгледа маченичка, помирена сум со тоа, ако е тоа Божја волја. {1C 672.2}

Претходниот ден и кажав на сестра Томпсон: 'Сега да сум кај брат и сестра Вајт, тие би се молеле за мене и би била излекувана.' Таа праша дали да ве повикаме вас и братот Ендрус; но тоа беше неизводливо, бидејќи јас, судејќи по сè, не би го ни доживеала вашето доаѓање. Знаев дека Господ со Својата сила, и со Својата семоќна рака може да ме исцели и овде, ако е тоа за мене најдобро. Доверувајќи се на Него, се чувствував сигурна. Знаев дека тој може да испрати ангел да се спротивстави на оној што ја има државата на смртта, т.е. ѓаволот, и чувствував дека тоа сигурно и ќе го стори, ако е тоа најдобро за мене. Знаев, исто така, дека Тој може да ме упати кои мерки да ги преземам за да ми биде полесно, и бев сигурна дека тоа и ќе го стори. Наскоро
ми беше подобро и можев да заспијам. {1C 673.1}

Така, ете, гледате дека сè уште сум поштедена благодарение на Божјата милост и добрина кон Неговите напатени деца. Тој не ги мачи ниту ги растажува синовите човечки туку понекогаш неволјите се неопходни за да нè одвојат од она што нè врзува за оваа земја - За да се стремиме кон вистинското блаженство, далеку над овој минлив свет. {1C 673.2}

Сега можам заедно со поетот да кажам:

Господе, не е мое да се грижам,
Дали ќе живеам или ќе умрам.
Ако животот е долг, ќе бидам радосна
Зашто ќе можам подолго да ти бидат послушна;
Ако е краток, зашто да жалам?
Овој свет и така, да помине мора.
Христос не ме води низ потемни места,
Од оние низ кој Тој помина претходно.
Секој што влегува во Неговото царство
Мора да помине низ Неговата врата.
Дојди, Господи кога благодатта ќе направи
Да можам да го видам Твоето благословено лице.
Зашто ако, Твоето дело на земјата е убаво,
Каква тогаш мора да е твојата слава?
Радосно своите жалби ќе ги прекратам,
И уморните, грешни денови,
За да се соединам со победоносните светии.

Кои пеат пофалба на Јехова.
Иако не знам многу за тоа,
И окото на мојата вера е бледо;
Но, доволно е тоа што Христос знае сè,
И јас ќе бидам со Него. {1C 673.3}

- Бакстер

Ноќва поминав уште една бессона ноќ и денес се чувствувам лошо. Молете се во мене и преку мене, секогаш да се извршува само Божјата волја, било таа за мене да значи живот или смрт". {1C 674.1}

„Ваша во надежта за вечниот живот.
Ана Мор"

„Ако знаете за било каква можност порано да стигнам кај вас, јавете ми, ве молам. {1C 674.2} А. М".

Дури и мртва, таа сè уште зборува. Секој кој ќе го прочита нејзиниот некролог, објавен неодамна во нашето списание ***Преглед***, со длабок интерес ќе ги прочита и нејзините овде објавени писма. Таа можеше да биде вистински благослов за секое семејство на адвентистите на седмиот ден, кое би знаело да го цени таквото предимство, но таа спие. Мнозина од нашите браќа и сестри во Батл Крик и неговата околина, можеа во својот дом да му укажат повеќе од едно добредојде на Христос, во лицето на оваа побожна жена. Но таа прилика е пропуштена. Тоа не им одговараше на нивните стремежи за удобен живот. Се изговараа дека не ја познаваат. Таа беше веќе во поодминати години, и можеше да им биде товар. Раководејќи се со вакви мисли, тие што тврдат за себе дека го сакаат Христос и дека го очекуваат Неговото скоро доаѓање, ја затворија пред неа вратата на својот дом и ја истераа од друштвото на оние што ги сакаше, за да побара прибежиште среде страшна зима во Северен Мичиген кај оние што се спротивставуваа на нејзината вера, каде и умре од ледената зима. Таа умре маченички поради себичноста и лакомството на оние што тврдат дека ги држат Божјите заповеди. {1C 674.3}

Провидението во овој случај претставуваше страшен укор за постапката на оние што оваа сестра не ја примија како гостин во својот дом. Таа всушност и не беше непознат гостин. Според угледот што го имаше таа беше позната, но сепак не ја примија. Мнозина со тага и болка во срцето ќе размислуваат за сестра Мор како во Батл Крик преколнуваше да ја прими некој од оние што ги избрала за свои. Во мислите нека ја следат на нејзиното последно патување за Чикаго, каде мораше да позајми пари за да може да го продолжи патот до своето последно одредиште, - и додека размислуваат за осамениот гроб во Лилено, каде почиваат посмртните останки на таа драга прогонета душа - Бог нека им се смилува зашто не се без вина во нејзиниот случај. {1C 674.4}

Сирота сестра Мор! Таа спие, но ние сторивме сè што можевме. Кога во Батл Крик во текот на август, минатата година, го примивме првото од двете нејзини овде објавени писма, немавме пари да и испратиме. Мојот сопруг за средства се обрати на браќата во Висконсин, Ајова, и со седумдесетте добиени долари ги покривме трошоците за патувањето и состаноците одржани на Запад во текот на септември. Се надевавме дека по враќањето од пат ќе имаме средства веднаш да и ги платиме патните трошоци до нашиот нов дом во областа Монткалм. {1C 675.1}

Дарежливите пријатели од Запад ни ги дадоа потребните пари, но кога одлучувавме во Мејн да го упатиме братот Ендрус, тоа прашање беше одложено до нашето враќање. Очекувавме дека на Исток нема да се задржиме повеќе од четири седмици и дека ќе имаме доволно време да пратиме некого по сестра Мор, кој би ја довел кај нас пред да престане пловидбата. И кога одлучивме на Исток да останеме неколку седмици повеќе отколку што најпрво планиравме, без одложување се обративме на некои браќа од нашата околина со препорака тие да пратат по сестра Мор и да и укажат гостопримство во својот дом до нашето враќање. Јас велам: ние направивме сè што можевме. {1C 675.2}

Меѓутоа, зошто беше потребно за таа сестра да се интересираме повеќе отколку за други? Што би можеле да очекуваме од таа напатена мисионерка? Таа не би можела да извршува никакви куќни задачи, а само едно наше дете беше дома, кое таа би можела како учителка да го поучува. А, несомнено, дека од една така изнемоштена личност која имаше веќе скоро шеесет години, не можеше многу да се очекува. Единствено што можевме да очекуваме со нејзиното доаѓање беше тоа во нашиот дом да донесе Божји благослов. Имаше многу причини нашите браќа да ѝ посветат на сестра Мор повеќе внимание од нас. Ние никогаш не ја видовме, и за нејзиното минато, нејзината преданост кон Христовото дело и нејзината љубов кон ближните не можевме да дознаеме повеќе отколку и сите оние што го читаа нашето списание ***Преглед***. Нашите браќа и сестри во Батл Крик ја видоа таа благородна жена, а некои од нив, помалку или повеќе знаеја за нејзините желби и потреби. Ние немавме финансиски средства со кои би можеле да ѝ помогнеме, додека тие имаа. Ние бевме оптоварени со грижи и во нашиот дом беа потребни личности кои поседуваат сила и ведрина на младоста. Наместо да им помагаме на другите на нас ни беше потребна помош. Меѓутоа, повеќето наши верници во Батл Крик се во таква имотна состојба така што прифаќањето на сестра Мор не би им задавало никаква грижа, ниту би бил тоа некој товар за нив. Мнозина од нив имаат доволно време и сила, и не се оптоварени со така големи грижи. {1C 675.3}

Па сепак, никој не се интересираше за нејзиниот случај така како ние. Јас дури и на големиот состанок, пред нашето заминување, им зборував на присутните за нивната незаинтересираност за сестра Мор и за христијанската должност да им се укажува почитување на сите што тоа го заслужуваат; но тие како да беа лишени од вистинска мудрост и не можеа да ги ценат моралните вредности. Нагласив дека мнозина меѓу нас наоѓаат време за да се состануваат, да пеат и свират на своите музички инструменти, да им даваат пари на уметниците за да ги сликаат во различни пози или да учествуваат во некои јавни забави, но ништо не дадоа за една изнемоштена мисионерка која со цело срце ја прифати сегашната вистина и дојде да живее со оние кои ја имаат истата драгоцена вера. Ги советував да престанат со таков живот и да размислат што прават. Им предложив за три месеци да ги остават своите музички инструменти, и да се понизат пред Бога во самоиспитување, каење и молитва сè додека не сфатат што бара Господ од нив како од Свој народ. Душата ми беше трогната од сведоштвото за неправдата што во личноста на сестра Мор му беше направена на самиот Христос, и за тоа лично разговарав со некои од нив. {1C 676.1}

Овој случај, значи, не беше непознат. Меѓутоа, и покрај тоа што за ова јавно се зборуваше, и покрај големите и добри потфати преземени во Батл Крик, членовите на таа црква не направија никаков напор со тоа што ќе ја доведат сестра Мор за да го откупат минатото. Сопругата на еден проповедник подоцна кажа: „Јас не гледам никаква потреба брат и сестра Вајт да покажуваат толкава загриженост за сестра Мор.

Мислам дека тие не го разбираат нејзиниот случај". Вистина е, не го сфативме потполно нејзиниот случај. Беше многу полошо отколку што претпоставувавме. Да го сфатевме тоа, ние немаше да го напуштиме Батл Крик сè додека во потполност не ги предупредиме членовите на црквата колкав грев е тоа што таа сестра е така напуштена и додека не се преземат мерки таа да биде доведена назад. {1C 677.1}

Во разговорот за таквото заминување на сестра Мор, еден верник на таа црква подоцна кажа: „Никој денес не се чувствува одговорен за вакви случаи. Братот Вајт секогаш водеше грижа за нив". Да, тој навистина водеше грижа за нив. Сите ги примаше во својот дом додека не биде зафатено и последното легло и последната фотеља, и дури тогаш одеше кај другите членови и кај нив бараше сместување за оние што не можеше да ги смести во својот дом. Ако на некого му недостасуваа пари, тој со задоволство даваше, повикувајќи ги и другите да го следат во тоа. Во Батл Крик се неопходни луѓе кои ќе постапуваат така како што постапуваше тој, инаку проклетство ќе ја снајде таа црква. Овде има не само еден, туку педесет такви кои можат во поголема или помала мера, да го прават тоа што тој го правеше. {1C 677.2}

Ни кажуваат дека мораме да се вратиме во Батл Крик. Не сме подготвени да го сториме тоа. Веројатно тоа никогаш и нема да биде наша должност. Ние ги поднесуваме тамошните големи товари додека тоа можеме. Бог сака таму да има силни мажи и жени, подготвени таквите товари заеднички да ги носат. Оние кои одат во Батл Крик и прифаќаат положби, а не се подготвени за такви товари, би било илјада пати подобро да одат на друго место. Има верници кои гледаат и чувствуваат и кои со задоволство ќе му послужат на Христа во личностите на Неговите свети. На таквите треба да им се дадат можности за тоа. Оние што не се во состојба да постапуваат така нека не одат таму каде ќе претставуваат пречка за Божјото дело. {1C 677.3}

Ова посебно важи за оние што заземаат водечки положби. Ако тие постапуваат погрешно, сè ќе се одвива погрешно. Доколку е поголема одговорноста, дотолку се попогубни последиците во случај на неверство. Доколку водечките браќа не ги извршуваат совесно своите должности, така ќе се однесуваат и оние што се под нивно раководство. Оние што се наоѓаат на челото на делото во Батл Крик мораат во сè да бидат пример за стадото. Ако постапуваат така, на крајот ќе примат голема награда. Ако пак, и покрај одговорните положби на кои се наоѓаат не постапуваат така, ќе сносат за тоа страшна одговорност пред Бога. {1C 678.1}

Ние направивме се што можевме. Да имавме средства во текот на минатото лето и есен, сестра Мор сега ќе беше со нас. Кога ја дознавме нашата вистинска материјална состојба, како што е тоа изложено во Сведоштвото број 13, и двајцата тоа со задоволство го прифативме изјавувајќи дека не сакаме да водиме грижа и за финансиите. Тоа беше погрешно. Бог сака ние да располагаме со финансиски средства за да можеме, како што правевме и во минатото, да им помогнеме на оние што им е потребно. На сатаната му одговара да ни ги врзе рацете на овој начин, а другите ги наведува да не се грижат, да се бесчувствителни и лакоми, за да се случуваат вака свирепи постапки какви што беа применети кон сестра Мор. {1C 678.2}

Има толку отфрлени несреќници, вдовици, сирачиња, достојни сиромаси и проповедници во скудност, и толку многу прилики каде парите би можеле да се употребат на Божја слава, за напредокот на Неговото дело и за намалување на страдањата на искрените верници, и јас сакам тие пари навистина да се употребат според Божјата волја. Искуствата од скоро четвртина век на постојано патување и сочувство со оние на кои помошта им е навистина потребна, нè научи разумно да

располагаме со парите што му припаѓаат на нашиот Господ. Купував прибор и неопходен материјал за пишување, плаќав поштенски услуги и поминав голем дел од животот во пишување за доброто на другите и сè што добив за таа работа што толку ме изнемошти и исцрпи не е доволно за да се врати ниту една десетина од сета поштарина што ја платив. Кога парите ми беа ставени на располагање, одбивав да ги примам или ги наменував за добротворни цели, како што е Издавачкото здружение. Веќе нема да постапувам така. Своите должности во делото ќе ги извршувам совесно како и секогаш, но веќе го нема мојот страв да примам пари кои треба да ги употребам на Божја слава. Ова што се случи со сестра Мор во потполност ги отвори моите очи, и сега гледам дека сатаната и на тој начин сака да нè лиши од средства. {1C 678.3}

Сирота сестра Мор! Кога слушнавме дека умрела, мојот маж страшно страдаше. И двајцата чувствувавме како да загубивме драга мајка по чие присуство срцето толку многу ни копнееше. Некои можеби ќе кажат: Да бевме на местото на оние на кои желбите и потребите на оваа сестра им беа познати, немаше да постапиме како нив. Се надевам и сакам никогаш да не доживеете таква осуда и грижа на совеста каква што мораат да почувствуваат оние што дозволија толку да ги обземат личните интереси за да не преземат никаква одговорност во случајот на оваа сестра. Бог нека се сожали на оние што толку се плашат некој да не ги измами - така што со тој изговор занемарија една достојна и самопожртвувана Христова слугинка. За да ја оправдаат оваа немарност, тие кажуваат: Толку пати сме се изгореле, така што сега се плашиме од секое непознато лице. Зар Господ и Неговите ученици некаде не учат дека треба да бидеме внимателни и да не ги примаме оние што ни се непознати, за да не направиме некоја грешка и да доживееме непријатности, помагајќи ѝ на некоја личност што е недостојна за доверба? {1C 679.1}

Во своето послание до Евреите, Павле напоменува: „Братската љубов да остане меѓу вас". Немојте да се залажувате дека има моменти и случаи кога не треба да се држиме за тоа, кога братската љубов може и да изостане. Апостолот потоа продолжува: „Гостољубивоста не ја заборавајте, бидејќи од гостољубовост некои, и не знаејќи, примија ангели". Ве молам прочитајте ги Христовите зборови запишани во евангелието според Матеј 25:31 и понатаму. Читајте го тоа браќа кога следниот пат ќе ја земете Библијата во рацете за утринска или вечерна служба кај семејниот олтар. Добрите дела на оние што Бог ги пофалил и на кои лично Тој ќе им посака добредојде во царството на славата, направени му се Нему во лицата на Неговите напатени и страдални верници. Оние што ќе бидат пофалени за такви добри дела не гледаат дека било како му помогнале на самиот Христос. Тие ја вршат само својата должност кон страдалниците и несреќните. Оние пак, од левата страна не согледуваат дека занемарувајќи ги потребите на Божјиот народ му нанесувале неправда на Христос. Но токму поради тоа што занемаруваат да му прават добро на Христос во личноста на Неговите свети, тие мораат засекогаш да пропаднат. А едно од обвинувањата која им се припишува како вина за злодело е и констатацијата: „Странец бев, и не Ме примивте". {1C 679.2}

Ова не се однесува само на Батл Крик. Болно ме погодува сличноста во однесувањето на таканаречените почитувачи на саботата која се покажува и во сите други места. Христос отишол да ни приготви вечни живеалишта, и зар тогаш ние да Го лишиме од нашето гостопримство за само неколку дена во личноста на Неговите отфрлени верници? Тој го напуштил Својот дом и славата на небото, Своето величество и врховен авторитет во вселената само за да го спаси загубениот човек. Поради нас станал сиромашен само за ние да можеме да се збогатиме преку Неговата сиромаштија.

Се изложил на потсмевање и навреди за да го подигне човекот од неговата крајно ниска состојба и да го одведе во дом кој со ништо не може да се спореди и кој е вечен како и самиот Божји престол. Оние кои сакаат да победат и да седат со Христос на Неговиот престол, со задоволство ќе го следат Неговиот пример и ќе сметаат дека е голема среќа да се жртвуваат за Него во личноста на Неговите свети. Оние што не можат да се одлучат за тоа ќе бидат засекогаш загубени. {1C 680.1}

---

115. ПРИГОТВУВАЊЕ НА ЗДРАВА ХРАНА

Во текот на последните седум месеци кај својата куќа бевме само околу четири седмици. На нашето долго патување, од Ајова до Мејн, седевме на трпези со мошне различно приготвена храна. Некои од оние што ги посетивме живеат во потполна согласност со светлината што ја примивме. Други, кои ги имаат истите можности да стекнат здрави и корисни животни навики, одвај ги почнуваат првите чекори во поглед на здравствената реформа. Тие се секогаш подготвени да кажат дека, наводно, не знаат да ја приготвуваат храната на таков начин. Но тие по прашањето за готвењето навистина немаат никаков изговор, бидејќи во делото ***Како да живееме*** се дадени многу одлични рецепти, а тоа дело може да го има секој. Јас не кажувам дека е совршен начинот на готвење и приготвување на храната што се препорачува во тоа дело. Можеби наскоро ќе објавам една помала книга која во тој поглед ќе биде повеќе прилагодена на моите сфаќања. Но начинот на готвење што се препорачува во делото ***Како да живееме*** е многу подобар од она на што често наидуваме, дури и меѓу адвентистите на седмиот ден. {1C 680.2}

Мнозина не го сметаат готвењето за христијанска должност, па затоа и не се трудат правилно да ја подготвуваат храната. Тоа може да се направи на едноставен, здрав и лесен начин, без употреба на животинска маст, путер или месо. Вештината мора да се соедини со едноставноста. За да се постигне тоа, жените треба да ја читаат литературата од таа област, а потоа тоа што го прочитале трпеливо да го применуваат во пракса. Многу пати и се разболуваат затоа што не се подготвени да се заземат за тоа како што треба. На таквите им порачувам: Време е да ги пробудите своите заспани енергии и да почнете со читање. Научете се како треба да ја подготвувате храната на едноставен начин, а сепак да биде мошне вкусна и здрава. {1C 681.1}

Бидејќи е погрешно да се готви само за да се задоволи вкусот или апетитот, никој нека не ја прифаќа идејата дека затоа треба да се препорачува многу сиромашна храна. Мнозина се толку исцрпени од болести што им се потребни хранливи, обилни и добро подготвени јадења. Често забележуваме дека грахам лебот е тежок, кисел и недоволно испечен. Тоа настанува поради недостаток на интерес за учење, грижа и извршување на важни должности како домаќинка. Понекогаш наидуваме на колачи со квасец или некои меки бисквити кои се само исушени, но не и печени, и слични печива кои се приготвуваат на таков начин. И тогаш готвачките ќе ви кажат како тие умеат многу добро да готват на стариот начин, но дека членовите на нивното семејство не го сакаат грахам лебот, и дека ако живеат на тој старински начин сите ќе умрат од глад. {1C 681.2}

Не се чудам на тоа, си кажував во себе. Со својот начин на готвење вие таа храна ја правите потполно непријатна за јадење. Земањето на таква храна неизбежно доведува до нарушување во органите за варење. Тие јадни готвачки и оние што мораат да ги јадат

нивните јадења најсериозно ќе ви кажат дека здравствената реформа не им одговара. Желудникот ја нема таа сила неквалитетниот, тежок и кисел леб да го претвори во добра храна, но со земање на таква храна и најздравиот желудник со текот на времето ќе заболи. Оние што земаат таква храна чувствуваат дека им недостасува сила. Тоа секако не е без причина. Некои од таквите се нарекуваат здравствени реформатори, но тие не се тоа. Тие не знаат како се приготвуваат здрави јадења. Секогаш подготвуваат еднолична храна, некои стврднати колачиња, компир и грахам леб, без никаква промена, и организмот не ја добива потребната сила. Тие мислат дека времето поминато во стекнување темелно искуство во приготвувањето здрава и корисна храна е всушност загубено. Таквите изгледа мислат дека се што јадат и така е фрлено и дека било какво јадење со кое можат да го наполнат својот желудник е исто така добро како и храната што најгрижливо се подготвува. Битно е храната што ја земаме да биде вкусна и да ја јадеме со задоволство. Ако храната ја внесуваме во стомакот само механички, ние нема да ја имаме од неа онаа корист и сила што би ги имале ако ја јадеме со задоволство. Нашите ткива се составени од она што го внесуваме со храната. И за да имаме добра и здрава крв, мораме да се храниме со здрава храна, приготвена на исправен начин. {1C 681.3}

Христијанска должност на домаќинките и на сите оние што се занимаваат со приготвување храна е јадењата што ги прават да бидат здрави, разновидни и така подготвени за сите да ги јадат со уживање Мајките треба на време да ги учат своите деца на вештините на готвењето. Ниту една друга гранка на образованието не е толку важна за една млада девојка како оваа. Исхраната е основа на животот. Скудната и осиромашена храна која е приготвена на погрешен начин, постојано ја осиромашува и нашата крв, ослабнувајќи ги органите каде што се создава крвта. Мошне е важно да се разбере дека вештината на готвењето претставува една од најзначајните гранки во воспитувањето. Има мошне малку добри готвачки. Младите девојки често мислат дека готвењето е ропска работа што ја понижува жената. Тоа е голема заблуда. Тие не го гледаат од исправна точка на гледање. Да се знае како се подготвува здрава храна, а посебно добар леб, е вистинска вештина. {1C 682.1}

Во многу семејства е присутна болеста диспепсија, а најчеста причина за тоа е лошо подготвениот леб. Домаќинката мисли дека ништо не смее да се фрли, па поради тоа често се јаде и најнездравиот леб. Зар така погрешно приготвениот леб треба да се внесува во стомакот? Зар нашиот организам е во состојба од киселиот леб да создаде сладок, од тешкиот лесен, од мувлосаниот и лепливиот свеж? {1C 682.2}

Мајките често занемаруваат да ги воспитаат своите ќерки во овој поглед. Тие го преземаат на себе сиот товар на грижи и работи, и брзо се изнемоштуваат, додека нивните ќерки се изговараат со посети, плетење или со изнаоѓање на некое лично задоволство. Тоа е погрешно сфатена љубов и добрина. Правејќи така, тие мајки можат за цел живот да ги направат несреќни своите ќерки. Во годините кога веќе треба на себе да го земаат товарот на одговорностите, тие не се оспособени за тоа. Таквите ќерки со големо незадоволство сакаат да земат на себе одговорности и товари, додека мајките паѓаат под товарот на грижите како кола натоварена со слама. Таквата ќерка можеби нема намера да биде нељубезна, но е лекомислена и невнимателна. Да не е така, таа би морала да забележи колку мајка ѝ е измачена и уморна, и би сакала да го преземе својот дел од товарот помагајќи ѝ на својата мајка, која треба да се ослободи од тој мачен товар за да не падне во болничка постела, а можеби дури и во гроб. {1C 682.3}

Зошто се мајките толку слепи и немарни во воспитувањето на своите ќерки? При посета на разни домови, секогаш ми беше многу тешко како мајката го носи сиот товар на грижите и куќните задачи, додека ќерката - полна со сила и живот - рамнодушно седи не чувствувајќи никаква грижа ни товар. Кога при големите состаноци семејствата оптоварени и со гости, видов како мајката се уништува грижејќи се за сè, додека ќерките седат и си разговараат со своето друштво како на некоја седенка. Тоа ми изгледа толку погрешно, што одвај се воздржувам да не им зборувам на тие лекомислени девојки и да ги повикам да работат нешто. Растоварете ја малку својата уморна мајка. Овозможете ѝ и на неа малку да седне, да се опушти и да ужива во друштвото на своите пријатели. {1C 683.1}

Меѓутоа, за ова не треба да се обвинува само ќерката. Вината е и кај мајката. Таа не ги учела трпеливо своите ќерки на вештината на готвењето и затоа смета дека се треба сама да направи. Таа мора да направи сè на што треба да се посвети грижа, истрајност и внимание. Младите домаќинки треба да бидат потполно упатени во вештината на готвењето. Без оглед на околностите во кои подоцна ќе живеат, тие ќе располагаат со едно знаење што секогаш ќе можат корисно да го употребат. Вештината на готвењето е знаење кое најнепосредно влијае на животот на човекот, и тоа на животот на оние што ни се најдраги. Многу жени и мајки кои поради несоодветното воспитување не се упатени во вештините на готвењето, секој ден подготвуваат нездрава храна на своето семејство, која непрекинато и сигурно ги уништува нивните органи за варење, ја слабее крвта, и често доведува до заболувања кои можат да завршат и со прерана смрт. Мнозина ја забрзуваат својата смрт, јадејќи тешко сварлив и кисел леб. Ми го раскажаа настанот со една слугинка која по грешка испекла премногу кисел и готово неупотреблив леб. За да ја скрие својата грешка, таа им го дала овој леб на две дебели свињи. Следното утро домаќинот ги нашол мртви, а во коритото од каде јаделе најдени се парчиња од тој несварлив леб. Ја повикал девојката на одговорност и таа морала да признае што направила. Таа не можела да замисли дека овој леб ќе има такво убиствено дејство на свињите. И кога таквиот леб предизвикува смртоносни последици кај свињата која е во состојба да проголта отровна змија svечарка и сè што е најодвратно, какво ли дејство може да има еден така чувствителен орган како што е човечкиот желудник? {1C 683.2}

Верска должност на секоја христијанка е, независно дали е девојка или мажена жена, без одложување да научи како се подготвува добар, вкусен и лесно сварлив леб од интегрално пченично брашно. Мајките би морале уште од својата младост да ги водат своите ќерки во кујната, поучувајќи ги на вештините на готвењето. Тие не можат да очекуваат од своите ќерки без поучување да навлезат во тајните на успешното водење на домаќинството. Мораат трпеливо и со љубов да ги поучуваат, настојувајќи таа работа да им ја направат што попријатна со своето ведро расположение и охрабрувачки зборови. Ако не успеат при првиот, вториот или дури третиот обид, не треба веднаш да ги прекоруваат, бидејќи поради тоа и самите се веќе обесхрабрени и доаѓаат во искушение да кажат: „Не ми оди ова од рака. Не можам да го направам тоа". Тогаш не е време за прекор и осуда. Со тоа само би се ослабнала пробудената волја за работа. Треба постојано да се поттикнуваат со охрабрувачки, ведри и благи зборови, како што се: „Никогаш немој да мислиш на неуспехот. Ти си сега само ученичка, и јасно е дека може да се очекуваат грешки. Обиди се повторно. Сконцентрирај се на она што го работиш. Само биди внимателна и сигурно ќе успееш". {1C 684.1}

Многу мајки не го сфаќаат значењето на оваа гранка на знаењето, и наместо тешкотиите и грижите околу учењето да ги делат со своите деца со родителско разбирање, тие повеќе сакаат сите работи сами да ги завршат. И кога нивните ќерки нема да успеат во своите напори, тие ги обесхрабруваат со зборовите: „Ништо не користи. Ти навистина не го можеш тоа. Повеќе ми пречиш, отколку што ми помагаш". {1C 685.1}

Така првите напори на овие ученички се завршуваат со неуспех, и првите неуспеси толку го намалуваат нивниот интерес и нивната волја за учење, така што нема да се согласат повторно да се обидат, туку со поголемо задоволство ќе изберат да се занимаваат со шиење, плетење и со чистење на куќата - сè друго, само да не готват. Овде мајките многу грешат. Тие би морале со трпеливо поучување да ги наведат своите ќерки да стекнат практично искуство со што би се отстранила неспособноста и невештите движења на сè уште неискусните раце. Овде додавам неколку извадоци од *Сведоштвото* број 10, објавено 1864 година: {1C 684.2}

„Децата и младите кои биле разгалувани и на кои секогаш им е угодувано очекуваат тоа постојано да им се прави; и кога нивните очекувања нема да се остварат, тие стануваат незадоволни и обесхрабрени. Таквите склоности ќе ги следат во текот на целиот нивен живот. Чувствувајќи се беспомошни, тие секогаш ќе зависат од другите, очекувајќи да им се укажува помош и наклоност. Дури и кога ќ е станат возрасни мажи и жени, штом некој ќе им се спротивстави, тие ќе сметаат дека со тоа им е нанесена неправда. Затоа, тешко ќе можат да се пробијат во животот, одвај способни да го носат своето животно бреме, мрморејќи и лутејќи се на сè што не им поаѓа од рака. {1C 685.3}

Во заблуда се оние родители што на своите деца им даваат такви поуки кои ќе се покажат убиствени за нив и кои претставуваат само трње пред нивните нозе. Тие се надеваат дека, задоволувајќи ја секоја желба на своите деца и дозволувајќи им да се поведуваат по своите

склоности, ќе ја придобијат нивната љубов. Каква голема заблуда! Децата и младите на кои така им се попушта, растат без никакво ограничување во своите желби и склоности, и стануваат себични, секогаш незадоволни, желни за власт - вистинско проклетство и за себе и за сите што ги опкружуваат. Родителите во голема мера ја држат во своите раце идната среќа на своите деца. Тие имаат многу значајна задача да го формираат карактерот на своите деца. Поуките примени во детството ќе ги следат во текот на целиот нивен живот. Родителите сеат семе кое, кога ќе никне, ќе донесе и свои плодови: или добри или зли. Своите синови и ќерки тие можат да ги направат среќни или, пак, несреќни. {1C 685.4}

Младите од најрано детство треба да се поучуваат да бидат корисни во животот, помагајќи си и на себе и на другите. Многу ќерки на денешното време можат без никаква грижа на совеста да гледаат како мајките им се изнемоштуваат од готвење, перење и пеглање, додека тие седат во дневната соба и читаат романи, разговараат или везат. Нивните срца се бесчувствителни како камен. Но од каде потекнува тоа зло? Кој е најчестиот виновник за сето тоа? Јадните, измамени родители. На нив им бега од поглед идното добро на нивните деца и во својата слепа љубов им дозволуваат на своите ќерки да седат без работа или да се занимаваат со она што не е од никаква корист или не бара никаков напор на умот и мускулите, а потоа како изговор за мрзеливоста на тие свои ќерки ја наведуваат нивната наводна слабост. Но што ги направило

да бидат така слаби? Во најголемиот број случаи е погрешниот став на родителите. Работа што им одговара во куќата ќе придонесе за здравјето на умот и телото. Меѓутоа,

децата се лишени од тоа поради погрешните ставови за работата, сè додека таквите активности не им станат потполно одвратни затоа што не се во сообразност со нивните идеи за елегантноста. Се смета дека миењето садови, пеглањето или перењето облека не само што не е отмено (не прилега на една дама) туку дури е и недолично. Тоа е модерно сфаќање на кое се поучуваат децата во овој несреќен век. {1C 686.1}

Начелата според кои се раководи Божјиот народ треба да бидат повозвишени од сфаќањата на оние што сите свои постапки ги прилагодуваат на современата мода. Богобојазните родители треба да ги подготвуваат своите деца за корисен живот. Тие не смеат да дозволат нивните начела во воспитувањето на децата да бидат ниту најмалку расипани од распространетото сфаќање дека мораат да се прилагодат на обичаите и прифатените мислења во светот. Тие не смеат да дозволат нивните деца и млади сами да го избираат своето друштво. Научете ги дека изборот на нивното друштво е дел од вашите должности. Подгответе ги да носат товар додека се сè уште млади. Ако не стекнат на време работни навики, брзо ќе се заморуваат. Ќе се жалат на болки во слабините и рамењата и замор на нозете, и вие ќ е дојдете во искушение попрво сами да ја завршите работата, отколку и тие малку да се потрудат. Товарот на обврските што го ставате на нив во почетокот треба да биде мошне лесен, и секој ден по малку зголемувајте го додека не бидат во состојба да ја извршуваат својата работа без да се заморуваат. Неактивноста е најчестата причина за болките во слабините и раменатa кај децата... {1C 686.2}

Своите ќерки, мајките треба да ги водат со себе во кујната и трпеливо да ги поучуваат. Со таква работа нивниот организам ќе зајакне, нивните мускули ќе добијат нова сила и цврстина, а нивните размислувања на крајот на денот ќе бидат посмирени и повозвишени. Тие можеби ќе се заморат, но колку е сладок одморот по корисната работа! Сонот, како пријатно природно обновување, го закрепнува и засилува измореното тело и го подготвува за утрешните должности. На наведувајте ги децата на заклучок дека е сеедно дали работеле или не. Учете ги дека нивната помош е неопходна, дека нивното време е скапоцено и дека зависите од нивната помош”. {1C 687.1}

---

116. КНИГИ И ТРАКТАТИ

Соодветниот тираж и успешното ширење на нашите публикации претставува една од најважните гранки на сегашното дело. Без тоа успехот би бил незначителен. Во тоа нашите проповедници можат да направат повеќе од било кој друг. Вистина е дека пред неколку години многу од нашите проповедници премногу се занимаваа со продажба на книги. Некои од нив покрај нашите изданија продаваа не само и друга литература од мала вредност, туку дури и друга еднакво безвредна трговска стока. {1C 687.2}

Меѓутоа, некои од нашите проповедници на екстремен начин сега го толкуваат она што во врска со продавањето на нашите изданија го напишав во *Сведоштвото* број 11. Еден од државата Њујорк кој не го чувствуваше на себе товарот на делото, но како ополномоштен имаше добар избор од нашите изданија, одлучи повеќе да не ги продава, и во писмото до нашата издавачка редакција нагласи дека сите публикации им

ги става на располагање. Тоа е погрешно. Овде наведувам еден извадок од *1. Сведоштвото број 11*, страна 472: {1C 687.3}

„Товарот на продажбата и растурањето на нашата литература не треба да се става на проповедниците чија задача е да служат во Словото и науката. Своето време и сили тие треба да ги посветат на поуспешно одржување на соборот, не занимавајќи се со продажба и рекламирање на книги што сосем добро можат да го сторат и оние на кои не е ставена тешката должност да го проповедаат Божјото Слово. Можеби ќе се укаже потреба, одејќи во ново поле на работа, проповедникот да понесе со себе и одреден број публикации, за да им ги понуди на луѓето за продажба, а може и во некои други околности да се наметне потреба од продавање книги или некои други деловни потфати од областа на издавачката дејност. Но проповедниците треба да ги избегнуваат таквите дејности секогаш кога постои можност некој друг да ги заврши". {1C 688.1}

Првиот дел од овој извадок условен е со завршниот дел на истиот. Да бидам поодредена: мислам дека таквите проповедници како што се проповедниците Ендрус, Вагонер, Вајт и Лофбороу, кои водат надзор над делото, па затоа и така се преоптоварени со товарот на грижите и обврските, не треба да бидат оптоварувани и со продажба на нашите публикации, посебно на состаноците под шатор и на Генералната Конференција. Ова гледиште го изложив за да се поправат оние кои на состаноците толку се оддалечуваа од достоинството на своето занимање, така што пред народот собран со цел да присуствува на богослужението, ја изнесуваа својата стока која нема ништо заедничко со нашето дело. {1C 688.2}

Меѓутоа, на проповедниците што се во добра здравствена кондиција им доликува во погодни моменти да продаваат и наши значајни изданија. Посебни напори треба да се вложат да се продаваат и шират оние изданија за кои од неодамна има голем интерес. Во текот на нашето патување по областите Грешет, Сеџино и Таскола, мојот сопруг за четири седмици продаде и им раздели на сиромашните литература во вредност од четиристотини долари. Најнапред на заинтересираните им објасни колку големо значење имаат овие книги, и после тоа тие одвај чекаат тој повторно да дојде и да им ги донесе книгите. {1C 688.3}

Зошто нашите браќа не се подарежливи кога приложуваат во фондот за печатење? И зошто нашите проповедници посесрдно не ја извршуваат таа задача? Нашиот народ треба да согледа дека овие гранки претставуваат токму она што недостасува за да им се помогне на оние на кои им е помошта неопходна. Тоа е вистинска прилика парите да се вложат на благословениот план на дарежливоста. Ние понекогаш можеме да ги читаме луѓето исто така јасно како што ги читаме и книгите. Меѓу нас има такви кои за Здравствениот Институт вложиле од сто до илјада или повеќе долари, а за големиот потфат на печатење книги, трактати и брошури кои ги содржат вистините за вечниот живот, ветиле да дадат само од пет до дваесет и пет долари За првото се претпоставува дека претставува вложување на капитал со добивка, а за второто, ако се суди според висината на заветувањата, се смета дека претставува чиста загуба. {1C 689.1}

Ние нема да молчиме во врска со ова прашање. Нашиот народ мора да почне да работи. Ќе се најдат и неопходните средства. На оние што се сиромашни, а сакаат книги ќе им кажеме: Пратете ги вашите порачки, со напомена за вашите животни услови и имотна состојба, и ние ќе ви пратиме кутија со книги од следните: ***Духовни дарови***, која е поделена во четири книги, ***Како да живееме, Порака до младите, Апел до мајките, Саботни читања***, две поголеми карти и ***Клуч за Објаснување***. Ако веќе имате некои од овие книги, известете нè, и ние место нив ќе ви пратиме други или само оние што ги

немате. Пратете ни педесет центи за поштарина, и ние ќе ви пратиме книги со вредност од пет долари, а Фондот ќе задолжиме со четири долари. {1C 689.2}

Во тој добротворен потфат со книги, сите мораат да постапуваат според големиот план на дарежливоста кој се применува и во печатењето и продажбата на американските Библии и трактати. Во многу нешта можеме да ги следиме постапките на тие огромни друштва. Дарежливоста и благородноста доаѓаат до израз во тестаментите и донациите, а се спроведува во продажбата и делењето на Библии и трактати. Кога се во прашање книги и слични потфати, адвентистите на седмиот ден треба да бидат далеку пред сите останати. Бог нека ни биде на помош. Нашите трактати треба да се нудат на сите страни по цена на чинење, со незначителна маржа за пакувањето и поштарината. Во ширењето на книгите, брошурите и трактатите треба да се ангажираат и проповедниците и верниците како никогаш до сега. Продавајте таму каде луѓето се во можност и сакаат да ги платат книгите, а на оние што не се во состојба да платат, (а сакаат да читаат) подарувајте им ги книгите. {1C 689.3}

---

117. ДЕВИЗА НА ХРИСТИЈАНИНОТ

Драги брате Б, покажано ми е дека во своите одлуки и постапки многу почесто се раководиш од чувствата отколку од цврстите начела. Ти недостасува длабоко и темелно искуство во духовниот живот. Кога човекот е навистина обратен со цело срце, сето она што го поседува Му е посветено на Господ. Ти не си искусил такво посветување. Ја сакаш вистината на зборови, но таа љубов не ја покажуваш на дело со соодветни плодови. Твоите дела и твоите постапки очевидно ја покажуваат или искреноста на твојата љубов, или пак, твојата рамнодушност кон Бога, кон Неговото дело и кон ближните. {1C 690.1}

Како Христос ја покажал Својата љубов кон несреќните смртници? Жртвувајќи ја Својата слава, сите Свои небесни богатства, па дури и Својот драгоцен живот. Христос се согласил да живее живот на понижување, страдања и големи патила. Се предал на разјареният џган убијци да Му се потсмеваат и со најголеми понижувања и навреди да го осудат и да го одведат во најстрашна смрт на крст. „Ова е Мојата заповед," кажува Тој, „да имате љубов меѓу себе, како што Јас ве возљубив. Од оваа љубов нема поголема, да ја положи човек душата своја за своите пријатели. Вие сте Мои пријатели ако ги творите Моите заповеди". Очевиден доказ дека сме Христови пријатели даваме само со безусловно покорување на Неговата волја. Да се каже, а да не се направи, тоа не е никаков доказ. Доказ е извршување на Неговата волја во послушноста. Кои се тие што така се покоруваат на Христовата заповед за навистина да се сакаат како што тој ги сака? Брате Б, ако сакаш да се покоруваш на оваа Христова заповед, твојата љубов мора да биде поцврста, подлабока и понесебична. {1C 690.2}

Ти недостасува добродетелство. Ти правиш сè што е во твоја моќ да се ослободиш од грижите, тешкотиите и било какви трошоци за Божјото дело. Твоето вложување во делото е сосем незначително. По големината на износот што човекот го вложува во некој потфат се гледа колку тој потфат навистина го цени. Ако она што е вечно и неминливо го цени повеќе од минливите и пропадливи нешта на овој свет, тоа ќе го покаже со своите дела; ќе вложуваат повеќе и посмело во она што во нивните очи има поголема вредност и што на крајот ќе му донесе најголема добивка. {1C 691.1}

Оние што ја исповедаат вистината, се впуштаат во овоземни потфати, вложуваат во тоа многу средства изложувајќи се на големи ризици. Кога ќе загубат скоро сè што така стекнале, тие мошне страдаат, бидејќи ги чувствуваат последиците на претрпената загуба; но тие не согледуваат дека со своите непромислени постапки го лишиле и Божјото дело од потребните средства, и дека како Негови повереници ќе мора да дадат сметка поради таквото растурање на парите што му припаѓаат на Господ. Кога од нив би се побарало за потребите на Божјото дело, да вложат само една четвртина од она што го загубиле со ризичното вложување во овоземните потфати, тие би сметале дека спасението е премногу скапо. {1C 691.2}

Она што е вечно и неминливо многу малку се цени. Ти не си богаташ, но твоето срце е сепак премногу врзано за она што го поседуваш и исто така грчевито се држиш за тоа, како што милионерот ги чува своите сефови. Мошне мала добивка ќе остваришсо вложување во овоземни потфати; додека вложувајќи во Божјото дело би станал дел од него, би ги засакал неговите интереси како што се сакаш себе, би станал поподготвен да се жртвуваш за неговото напредување, имајќи потполна доверба во неговото конечно триумфирање, и би пожнеал драгоцена жетва, ако не во овој живот, тогаш сосем сигурно во подобриот што доаѓа. Вечната награда е толку повредна од секоја овоземна добивка, колку што е бесмртното и непропадливото повозвишено од минливото и пропадливото. {1C 691.3}

Брате Б, изгледа дека со копнеж очекуваше да дознаеш што е кажано во црквата за тебе и твојата положба, и какво е нашето мислење за тоа. Токму за тоа пишувам. Се плашам за тебе поради она што ми е покажано за твојата природа. Се раководиш од моменталните поттици. Подготвен си да молиш и да зборуваш ако е тоа во согласност со твоето моментално расположение. Дали ќе појдеш на богослужение или не, исто така зависи од твоето лично расположение. Во голема мера ти недостасува дух на самопожртвуваност. Наместо да се трудиш да му угодиш на Бога, си угодуваше само на своите желби за удобност и на самиот себе. Положбата на која се наоѓаш бара од тебе должноста секогаш да ти биде на прво место. Дали ја прифати должноста да бидеш војник на Христовиот крст? Тогаш чувствата не можат да бидат изговор за занемарување на должностите. Како добар војник, мора да бидеш подготвен на сите можни лишувања и тешкотии. Мора да бидеш подготвен да го носиш Христовиот срам и надвор од логорот, како што тоа го направи и Војводата на твоето спасение. Епископ, старешина или ѓакон „треба да е без мана, не тврдоглав, не гневлив, не пијаница, ниту убиец, ниту лаком за нечиста добивка; туку гостољубив, благ, доброљубив, мудар, праведен, побожен, воздржлив, кој цврсто стои на вистината, во согласност со учењето, за да биде способен и другите да ги поучува во здравата наука и да ги укори оние што се противат”. {1C 692.1}

Павле ги набројува драгоцените дарови кои се потребни и ги поттикнува браќата: „Кој дава, нека дава искрено; кој управува, нека управува ревно; кој дава милостина, нека го прави тоа со

радост. Вашата љубов да не биде лицемерна. Мразете го злото, а држете се за доброто. Во братољубието бидете љубезни еден кон друг; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг. Во сесрдноста да не сте колебливи; бидете со горлив дух; служете му на Господ; радувајте се во надежта; во маката бидете трпеливи, а во молитвата постојани; помагајте им на светиите во нивните потреби; трудете се да бидете гостопримливи”. „Заповедај им на богатите од овој свет да не се гордеат, ниту да се надеваат на непостојаното богатство, туку на живиот Бог, кој ни дава изобилно сè што ни е потребно;

нека прават добро, нека се збогатуваат со добри дела, да бидат штедри и сочувствителни. И на таков начин да собираат сокровиште - добра основа за иднината, за да постигнат живот вечен". Тоа е мудро и совршено, сигурно вложување. Овде набројаните добри дела ни се препорачуваат и на мене и на тебе. Тоа се добивки кои имаат вистинска вредност. Овде нема никаква опасност од неуспех. Постојаното собирање богатство на небото му дава на оној што вложува право на вечен живот. Кога неговиот овоземен живот и времето на проба ќе завршат, тој ќе добие вечен живот. {1C 692.2}

Брате Б, ти не си гостољубив, и со задоволство ги избегнуваш товарите. Сметаш дека да ги повикуваш верните во својот дом, да ги нахраниш и да водиш грижа за нивните потреби е непријатна и тешка задача, и дека сè што ќе направиш во тој поглед е всушност загубено. Те молам прочитај ги внимателно претходно цитираните стихови, и Бог нека ти помогне сето тоа исправно да го сфатиш и прифатиш - тоа е моја нејсесрдна молитва за тебе. Како семејство треба повеќе да негувате благородност и дарежливост и помалку да се грижите само за себе. Сакајте да го повикувате Божјиот народ во својот дом, делејќи го радосно и со задоволство со нив ова што Господ ви го подарил како на Свои повереници. Кога ги укажувате тие ситни љубезности, не го правете тоа во никој случај мрморејќи. Примајќи ги Христовите следбеници, го примате и Него самиот; но мрморејќи против верниците кога им укажете гостопримство, мрморете и против самиот Христос. {1C 693.1}

Здравствената реформа е неопходна за вас. Сестра Б не е наклонета на овој добар потфат и пати противејќи се на нешто што и самата не го познава. Таа се спротивставува на Божјите совети на штета на своето здравје и живот. Причина за нејзините слабости и чести заболувања е неумереноста во јадењето; тоа ги слабее и нејзините морални сили правејќи ја неспособна да ја цени светата вистина и вредноста на помирувањето, кое е суштинско за спасение. Сестра Б го сака светот. Таа не се одделила од овој свет со своите склоности и чувства, ниту во потполност му се предала на Бога, што Тој со право го бара од неа. Тој не прифаќа половична жртва. На Бога му припаѓа сè, сè, сè, и од нас се бара да Му пружиме совршена служба. Павле нагласува: „Браќа, во името на Божјото милосрдие ве молам подајте ги телата ваши во жртва жива (не мртва), света и благоугодна на Бога, како ваша духовна богослужба. Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено". Какво предимство ни се дава: врз основа на лично искуство да го добиеме Господовиот ум и да ја осознаеме Неговата волја за нас! Да го славиме Неговото драго име за тие драгоцени дарови! Покажано ми е дека сестра Б мора да раскине со овој свет за да може да биде сигурна дека ќе го добие подобриот свет. {1C 693.2}

Брате Б, ти мораш грижливо да го совладаш своето „јас", и да бидеш трпелив, кроток и понизен. Кроткиот и смирен дух во Божјите очи има голема вредност. Треба да го негуваш она што Бог смета дека е вредно. И двајцата морате да се менувате во овој правец за да ги достигнете Божјите мерила. Работете на тоа додека е ден, бидејќи доаѓа ноќ кога никој не ќе може да работи. Живејте во согласност со вистината што ви е дадена, тогаш таа светлина ќе ги осветлува и другите, па тогаш и тие, гледајќи ги вашите добри дела ќе го слават вашиот Татко кој е на небесата. {1C 694.1}

Гринвил, држава Мичиген, 23 јануари, 1868.

118. СОЧУВСТВО ВО ДОМОТ

Драги брате и сестро Ц, вашиот случај ми е покажан во визија. Според она што ми е покажано, вашиот живот претставува кобна заблуда. Брате Ц, ти си по својата природа незадоволен човек. И бидејќи си самиот несреќен, не можеш ниту другите да ги направиш среќни. Наклоноста, нежноста и љубовта не се твои особини. Твојата сопруга целиот свој живот додека е во брак копнее по сочувство. Твојот брачен живот е мошне сличен на пустина, со по некоја ретка зелена оаза за која се врзани пријатни спомени. Не мораше сè да биде така. {1С 694.2}

Љубовта која не се покажува во видливите постапки всушност и не постои, како што нема ниту оган кој може постојано да гори ако нема гориво. Ти, брате Ц, секогаш сметаше дека е под твоето достоинство ако со љубезни зборови и со нежно внимание ја покажеш љубовта кон својата жена. Твоето расположение е многу променливо и на тебе многу влијае надворешното опкружување. Ти не согледуваш колку е погрешно и колку му е одвратно на Бога што дозволуваш мислите постојано да ти бидат обземени со световни грижи и потоа сето тоа го внесуваш во семејството, воведувајќи го на тој начин непријателот во својот дом. Мошне лесно ја отвори вратата за сето тоа, но нема да ти биде ниту малку лесно да ја затвориш. Мошне е тешко да се истера непријателот кога еднаш ќе го пуштиш внатре. Своите грижи од работата и збунетоста остави ги на своето работно место, и дома секогаш враќај се со ведро лице, носејќи со себе сочувство, нежност и љубов. Тоа ќе биде подобро од трошење на пари за лекари и лекови. Тоа донесува здравје на телото и здравје на душата. Вашиот живот е навистина зло страдање, но вие и двајцата постојано придонесувате за тоа. Жалната состојба во која се наоѓате не е по Божја волја; меѓутоа со недостаток на самосовладување вие самите себе се доведувате
во таква положба. {1С 695.1}

Дозволувате да ве водат моменталните чувства. Брате Ц, ти сè уште сметаш дека покажувањето љубов, да се зборува љубезно и сочувствително претставува нешто што за тебе е под твоето достоинство. Според твоето мислење, сите тие нежности претставуваат само попуштање и слабост, и дека се потполно непотребни. Но наместо тоа, се јавуваат нерасположеност, неслога, кавга и осуда. Дали навистина веруваш дека е тоа машки и благородно, и дека тоа претставува израз на некои доблести на мажот? Без оглед на твоето мислење, Бог тоа не го одобрува и сето тоа се бележи во неговите книги. Ангелите бегаат од куќата каде постојат зборови на несогласување, каде срцето скоро и да не знае за благодарност и каде погрдните зборови како црни дамки никогаш не престануваат да ја валкаат облеката на христијанскиот карактер. {1С 695.2}

Кога се ожени со својата сопруга, таа искрено те сакаше. Беше премногу чувствителна, но да имаше повеќе внимание од твоја страна, а од нејзина страна повеќе одлучност, нејзината здравствена состојба не би била таква каква што е сега. Твоето немилосрдно студенило направи вистинска ледена карпа од тебе, замрзнувајќи ги сите текови на љубовта и сочувството. Твоите прекори и постојаното изнаоѓање грешки делуваа како пустошна бура на нежна и незаштитена билка. Твојата љубов кон светот ги уништува сите добри црти на твојот карактер. Твојата сопруга е поблагородна и насочена во друг правец. Но штом и во најмалите ситници ќе ја покаже таа своја особина, тоа им пречи на твоите чувства и ти ја осудуваш. Ти негуваш себичен и

приговарачки дух. Често и ставаш на знаење на својата сопруга дека ти преставува само товар и

дека нема право да ти ја покажува својата великодушност. Сето тоа ја обесхрабрува до таа мера така што се чувствува потполно беспомошно, и не осмелувајќи се да ти се спротивстави, немоќно ја наведнува главата пред тебе. Нејзината болест главно е на нервна база. Да имаше пријатен живот во бракот, нејзината здравствена состојба ќе беше сосем добра. Но цело време во вашиот брачен живот демон е постојан гостин во вашето семејство ликувајќи над вашата несреќа. {1C 696.1}

Разочарани во своите надежи, вие двајцата сте вистински несреќници. За своите страдања нема да примите никаква награда, бидејќи вие самите сте ги предизвикале. Вашите зборови делуваат на нервите и мозокот како смртоносен отров, исто така и на коските и мускулите. Вие го жнеете она што сте го посеале. Ниту еден од вас не е во состојба да ги цени чувствата и страдањата на другите. Духот на бесчувствителност и љубов кон овој свет кого и двајцата го поседувате, не е по Божја волја. Брате Ц, љубовта кон парите е корен на сите зла. Ти ги сакаш парите, го сакаш овој свет, и сметаш дека болеста на твојата сопруга е твоја голема и страшна несреќа, не сфаќајќи дека за таа болест си ти најмногу виновен. Во тебе воопшто нема особини кои го прават духот задоволен. Се задржуваш само на своите тешкотии, мислиш на сиромаштијата и скудноста што ќе те снајде во иднина, се чувствуваш несреќен, очаен и потиштен како најголем маченик; твојот мозок е постојано во некој оган и депресија. Не негуваш чувство на љубов и благодарност кон Бога за сите благослови со кои постојано те опсипува како до небесен Татко. Ги забележуваш само неудобните нешта во животот. Залуденоста на овој свет те обвиткуваат како тешки облаци на густа темнина. Сатаната ликува над твојата несреќа, додека мирот и среќата ти се наоѓаат на дофат на раката. {1C 696.2}

Додека слушаш некоја проповед, вистината влијае на тебе и поблагородните сили на твојот ум се будат за да управуваат со твоите активности. Согледуваш дека малку си жртвувал за Бога, дека си угодувал на сопственото „јас" и под влијание на вистината се стремиш кон правдата; но кога ќе го снема тоа свето влијание што ја воздигнува и облагородува душата - бидејќи тоа не е во товето срце - набргу повторно запаѓаш во истите пустошни и штетни чувства. Да се работи, работи, мораш да работиш; твојот мозок, коски, мускули; сè е до крајни граници преморено за да дојдеш до пари кои според своето вообразување мораш да ги заработиш, или гладот и немаштијата ќе бидат твоја неизбежна судбина. Тоа е сатанска измама, една од неговите вешто подготвени стапици со цел со сила да те турне во пропаст. „Доста му е," кажува Христос, „на секој ден неговото зло". Но ти предвреме си го создаваш времето на неволји. {1C 697.1}

Ти недостасуваат вера, љубов и доверба во Бога. Да не е така, би се потпрел на Него. Со своите постојани грижи и стравови ти се истргнуваш од Христовите раце, плашејќи се дека Тој нема да се грижи за тебе. Здравјето се жртвува. Не го славиш Бога со своето тело и со својот дух, кои Нему му припаѓаат. Го лиши своето семејство од пријатното и ведро влијание кои би го намалило и спречило злото кое преовладува во твојата природа. Високите и благородни сили на својот ум ги стави во служба на ниските сетила, развивајќи ги само лошите црти на својот карактер. {1C 697.2}

Ти си себичен, наклонет кон претерување и властољубив. Тоа не е добро. Треба да се раководиш според начелата - да му служиш на Бога од принцип а не според чувствата - од тоа зависи твоето спасение. Бог ќе ти помогне секогаш кога ќе ти затреба Неговата

помош и кога одлучно ќе започнеш со работа, потпирајќи се на Него со цело свое срце. Често се обесхрабруваш без некоја вистинска причина. Им попушташ на чувствата кои се слични на омраза. Твоите чувства, и кога сакаш и кога не сакаш, се мошне силни. Мораш да се зауздуваш. Контролирај го својот јазик. „Кој во зборови не греши," кажува апостолот, „тој е совршен човек, кој може да го заузда и целото свое тело". Секогаш ќе добиваш помош од оној што е Семоќен. Тој ќе ти биде сила и поддршка, прва и последна стража. {1C 698.1}

Како се подготвуваш за подобриот живот? Сатаната те наведува на заклучок дека со сите свои сили треба да се бориш за опстанок во овоземниот живот. Ти се плашиш за својата иднина

во овој живот, а при тоа го занемаруваш идниот, вечниот живот. Каде е твојот страв, сесрдност, ревнување за да не ја доживееш неспоредливо поголемата, непроценлива загуба? Незначителните загуби во овој живот на тебе ти изгледаат како страшна несреќа која ќе те чини твојот живот, додека мислата дека можеш да го загубиш спасението не предизвикува кај тебе ниту половина од тој страв и загриженост. Во непрекинатата грижа и напори само за овој живот, ти се изложуваш на опасност да го загубиш вечниот живот. Не допуштај си го тоа да го загубиш небото, вечниот живот и неминливата и од сè попретежна слава. Не дозволувај си да ги загубиш сите тие богатства, таа од сè повозвишена и непроценлива среќа. Зошто како разумен човек во своите напори за оној подобар живот, за круната на бесмртноста и вечното неминливо богатство

не би бил сесрден и истраен барем толку колку си ревен за овој јаден и беден живот и за ова минливо земно богатство? {1C 698.2}

Твоето срце е врзано за твоето овоземно богатство, и затоа немаш љубов за она што е небесно. Ти дозволуваш овие овоземни нешта, кои можат да се видат со очите да ја затемнат славата на тоа што е небесно. Каде што се наоѓа твоето богатство, таму ќе биде и твоето срце. Твоите зборови и твоите дела покажуваат каде се наоѓа твоето богатство. Ако се наоѓа на овој свет, минливите овоземни добивки и сите твои грижи ќе бидат насочени во тој правец. Но ако копнееш со сесрдност кон небесното богатство со енергија и истрајност која одговара на неговата вредност, тогаш навистина можеш да се надеваш на вечниот живот и да бидеш наследник на славата. Секој ден ти е неопходно ново обратување. Секој ден треба да умираш за своето „јас". Зауздувај го својот јазик, контролирај ги своите зборови, престани да мрмориш и да се жалиш. Ниту еден збор на осудување и обвинување на другите нека не излегува од твојата уста. Ако е за тоа потребен и голем напор од твоја страна, вложи сесрдни и големи напори, бидејќи на истиот начин и ќе ти биде возвратено. {1C 698.3}

Твојот живот сега е несреќен, полн со зли претчувства. Пред тебе се само стушени претстави за иднината; мракот на неверството потполно го затемнува твојот вид. Зборувајќи постојано за

неверството ти стануваш се послушен и просто со задоволство се задржуваш на непријатни теми. Ако другите се обидат да зборуваат за надежта ти со својата неразумна острина и строгост го уништуваш во нив секое чувство на надеж. Неволјите и страдањата на твоето семејство постојано поттикнуваат болна мисла во душата на твојата сопруга дека поради нејзината болест ја сметаш за свој најголем товар. Зборувајќи постојано за темнината и очајот и размислувајќи постојано само за тоа, ти ја раскинуваш својата душа доведувајќи го во својата фантазија сето она што само те наведува да мрмориш против Бог и против своето семејство, и твоето срце станува слично на поле преку кое поминал пожар, уништувајќи го сето зеленило и оставајќи зад себе само пустелија. {1C 699.1}

Ти имаш болна мечта и заслужуваш само сожалување. Сепак никој не може да ти помогне така, како што ти самиот можеш да си помогнеш. Кога ти недостасува вера, зборувај за верата, за надежта и тоа со ведро расположение. Бог нека ти помогне да согледаш колку е погрешно твоето држење. Во тој поглед потребна ти е помошта на твојата ќерка и твојата сопруга. Ако дозволиш сатаната и понатаму да ги контролира твоите мисли, како што дозволуваше до сега, ќе станеш посебен предмет на неговите искушенија и ќе ја упропастиш не само својата душа, туку и среќата на твоето семејство. Какво само лошо влијание имаше на твојата ќерка! Мајката, бидејќи ти не ѝ покажуваш никаква љубов ниту сочувство, сета своја љубов и внимание ги сосредоточи на неа, правејќи од неа свој идол. Таа на тој начин стана разгалено дете на кое поради неразумната љубов сè му се допушта. Нејзиното воспитување е тажно занемарено. Да беше упатувана во домашните должности и да се научеше да учествува во семејните обврски, таа сега би била здрава и среќна. Должност на секоја мајка е своите деца да ги упати да го понесат својот дел и бреме во животот, а не само да бидат некорисни машини. {1C 699.2}

Здравјето на вашата ќерка ќе беше многу подобро да ја навикневте на физичка работа. Нејзините мускули и нерви се слаби и неотпорни. Друго и не може да се очекува кога толку малку се употребувани. Тоа дете нема скоро никаква издржливост. И најмалиот физички напор ја заморува и го загрозува нејзиното здравје. Во нејзините мускулни и нервни ткива нема ниту малку еластичност. Нејзините физички сили толку долго биле неупотребувани што нејзиниот живот скоро потполно е некорисен. О, погрешно насочена мајко, не знаеш ли дека на својата ќерка ѝ нанесуваш голема штета, овозможувајќи ѝ само да се школува, а не упатувајќи ја во корисните домашни должности и работи? Таквата работа би го направил поотпорен и би го засилил нејзиниот организам, и значително би го подобрила нејзиното физичко здравје. Твојата нежност кон неа, наместо да се покаже како благослов, ќе се покаже како страшно проклетство.

Кога ќерката би носела дел од домашниот товар, мајката не би била толку оптоварена и би била поштедена од многу страдања и болести, а и за ќерката тоа би било мошне корисно. Таа сега не

смее наеднаш да ги земе на себе товарите на работните задачи како што нејзините врснички можат да ги земат, но со постепено навикнување таа може да зајакне до таа мера така што лесно ќе може да извршува физички работи кои никогаш не ги работела во животот. {1C 700.1}

Сестра Ц, исто така има болна мечта. Таа толку го избегнуваше свежиот воздух така што сега веќе не е во состојба да издржи без потешки последици. Млаката температура на нејзината соба е мошне штетна по здравјето. Нејзиниот крвоток е мошне бавен. Таа толку долго живееше во прегреана атмосфера така што сега секое движење на отворен воздух предизвикува несакани промени во нејзиниот организам. Нејзиното слабо здравје е главно последица од недостаток на свеж воздух. Таа станала толку нежна што веднаш се разболува штом ќе излезе на чист воздух. Ако продолжи да попушта на својата болна мечта, таа одвај ќе биде во состојба да вдише чист воздух. Прозорите на нејзината соба треба преку целиот ден да бидат отворени за воздухот да може слободно да циркулира. Не е Божја волја таа самата така да се уништува. Тоа е потполно непотребно. Попуштајќи на болната фантазија таа стана премногу чувствителна. Без воздух не може да се живее и таа мора да го вдишува. На овој начин таа ги уништува животните услови не

само за себе, туку и за своето семејство и сите што ја посетуваат. Воздухот во нејзината соба е потполно истрошени безживотен, и секој што ќе се навикне на таква атмосфера не може да биде здрав. Навикнат на таква атмосфера, нејзиниот организам е разнежен до таа мера, така што кога ќе излезе надвор веднаш настинува. Таа мора да го менува својот начин на живот и поради самата себе и поради другите. Таа мора постепено да се навикнува на свеж и животворен воздух, сè повеќе и повеќе, сè додека не биде во состојба слободно да го вдишува без никакви штетни последици. Во недостаток на свеж воздух и нејзината кожа станала мртва. Милиони нејзини пори - малечки отвори преку кои треба да дише - затворени се од нечистиот воздух и недостаток на свеж воздух. Да се создава провев за да има повеќе воздух за целиот ден би било

претерување. Тоа треба да се прави одвреме навреме. Прозорците на својата соба таа може еден ден седмично да ги остави отворени за пет до осум сантиметри и преку денот и преку ноќта. {1C 700.2}

Нејзините бели дробови и црниот дроб се заболени, бидејќи таа самата себе се лишува од свежиот воздух. Воздухот е бесплатен благослов од небото кој како електрична енергија го оживува целиот организам. Лишен од воздух, организмот станува склон кон болести, изнемоштен и неотпорен. Не земајќи го во предвид сето ова вие со години живеете во простор каде дотокот на свеж воздух е ограничен. Навикната на тоа, твојата сопруга и другите ги навикнува да живеат во отровната атмосфера во која самата живее. Сè додека ја вдишувате таа затруена атмосфера, вашите способности на сфаќање ќе бидат затемнети. Сестра Ц не се осмелува никаде да појде, бидејќи вообразува дека секоја промена на атмосферата ќе и донесе

настинка. Со исправен начин на постапување таа би можела многу да го подобри своето здравје. Два пати во седмицата треба да се бања во млака вода која секој пат треба да биде сè постудена, се додека нејзината разнежена кожа не стане поотпорна. {1C 701.1}

Како семејство да ги прифатевте советите дадени од Господ, таа не мораше да биде постојано слаба и болна. „Зошто кој сака да живее и да види добри денови, нека го воздржува својот јазик од зло и нека прави добро, нека бара мир, и нека се стреми кон него. Бидејќи очите Господови се свртени кон праведниците, и Неговите уши да ги слушне нивните молитви, а лицето Господово е против оние што прават зло". Душевното задоволство и ведрото расположение му донесуваат здравје на телото и крепост на душата. Ништо не придонесува толку до болеста како потиштеноста, нерасположението и тагата. Душевната потиштеност остава ужасни последици. Ќерката од својот татко наследила природа да биде нерасположена. Покрај тоа, прегреаната и задушлива атмосфера на просторот во кој живеете ја отапува острината на мозокот и виталните органи ги прави нечувствителни. Волуменот на белите дробови е сè помал, а црниот дроб сè понеактивен. {1C 702.1}

Воздух, воздух, тој драгоцен дар од небото, кого сите можат да го имаат, ви носи благослов со своето животворно влијание, ако не го спречите да влезе во вашиот дом. Прифатете го со добредојде и навикнувајте се да уживате во него, и тој ќе се покаже како драгоцено смирувачко средство за вашите нерви. За да биде чист, воздухот мора постојано да циркулира и да се менува. Под влијание на чистиот и свеж воздух и крвта поздраво ќе циркулира низ целиот организам. Тоа го освежува и зајакнува телото, додека во исто време поволно влијае и на умот создавајќи ведро и пријатно расположение. Тоа го поттикнува апетитот, го подобрува варењето

и носи здрав и пријатен сон. {1C 702.2}

Како последица на постојано задржување во затворени и непроветрени простории, организмот станува слаб и неотпорен, циркулацијата ослабнува, крвта побавно се движи низ организмот, бидејќи не е прочистена и освежена со животворното влијание на воздухот. Умот станува потиштен и нерасположен, а целиот организам е изнемоштен, склон кон треска и други болести. Со својата строга изолација од надворешниот воздух и преку стравот од проветрување, вие вдишувате истрошен и нездрав воздух кој веќе бил во белите дробови на останатите кои се наоѓаат во иста просторија, и затоа е полн со отрови, и мошне нездрав. Поради тоа телото станува тромо, кожата бледа, варењето е пореметено и целиот организам станува посебно наклонет кон настинка. И најмалата невнимателност кај таквите личности предизвикува сериозни заболувања. Тие мораат строго да внимаваат да не седат на провев или во студена соба кога се изморени или испотени. Вие морате да се навикнувате на воздух така што собната температура да не биде повисока од осумнаесет степени. {1C 702.3}

Кога би постапувале онака како што Бог наложува, наоѓајќи задоволство во вршењето на своите должности, вие би можеле да бидете среќно семејство. Господ, меѓутоа, нема да го стори

за вас она што треба вие да го сторите за себе. Брат Ц заслужува сожалување. Тој толку долго се чувствува несреќен, така што животот му стана вистински товар. Но сепак, не мора така да биде. Неговата мечта е болна, и тој толку долго имаше пред очите само мрачни слики, па штом ќе наидат тешкотии и разочарувања тој фантазира дека сè оди во пропаст, дека ќе западне во сиромаштија, дека сè е против него, дека неговото бреме е најтешко и дека е најнесреќен човек во животот. Доколку повеќе размислува на таков начин, дотолку повеќе се прави несреќен и себе, а и сите што се околу него. Тој нема никаква причина така да гледа на животот; Сето тоа е дело на сатаната. Тој не смее да дозволува непријателот така да владее со неговиот ум. Од тие мрачни и намуртени слики тој треба да се сврти кон Спасителот кој е полн со љубов, кон славата на небото и богатото наследство приготвено за сите што се понизни и послушни, кои со благодарни срца цврсто веруваат во Божјите ветувања. Тоа бара вложување на одредени напори и труд; но тоа е неизбежно. Твојата сегашна, исто така и идна вечна среќа зависи од тоа на што ги насочуваш своите мисли. Дали, наместо на мрачната слика што ја создава твојата фантазија, ќе гледаш на благодетите со кои Господ ја осветлил животната патека и преку тоа да го видиш тоа што е невидливо и вечно? {1C 703.1}

Припаѓаш на семејство чии членови немаат урамнотежен дух, туку се постојано намуртени и потиштени, подложни на негативните влијание на средината околу нив. Ако не негувате пријатно расположение, ведар и благодарен дух, сатаната конечно ќе ве зароби според неговата волја. Кога би ги прифатил упатствата на Господ да не се раководиш од чувствата туку од принцип, би можел да бидеш помош и сила за црквата во која припаѓаш. Не дозволувај никогаш зборови на критика и осуда да излегуваат од твојата уста, бидејќи тие делуваат како град што опустошува за оние што се околу тебе. Од твојата уста нека се слушаат само зборови на љубов кои другите ќе ги израдуваат и направат среќни. {1C 704.1}

Брате Ц, твоите природни склоности не се најдобри за твоето духовно напредување; сепак преку Божјата благодат можат да се поправат многу недостатоци во твојот карактер и да се засилат умствените сили кои се сега слаби и неделотворни. На тој начин ќе бидеш во можност да ги контролираш ниските особини на својата природа кои сега владеат со возвишените. Сличен си на човек чија свест е умртвена. Треба поцврсто да се држиш за вистината и таа мора да доведе до потполна промена и реформа во твојот

живот. „Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено”. Тоа е токму она што ти недостасува и што мораш да го искусиш. Тоа е преобразба и посветување што само вистината може да ги изврши во душата. {1C 704.2}

Веруваш ли дека крајот на сè е пред врата, дека настаните на овоземната историја нагло се завршуваат? Ако е така, покажи ја својата вера со соодветни дела. Со својот живот човекот го покажува сето она во што вистински верува. Некои мислат за себе дека се значително напред во верата, додека нивната вера, ако воопшто ја имаат, е всушност мртва, бидејќи нема соодветни дела. „Така и верата ако нема дела, мртва е”. Само малкумина навистина имаат вера која работи преку љубовта и ја чисти душата. Сите, меѓутоа, кои сакаат да го наследат вечниот живот, мораат морално да станат достојни за тоа. „Љубезни, сега сме Божји деца! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е. И секој што ја има таа надеж во Него, се очистува самиот себе, како што е чист Тој”. Тоа е задача која ти претстои и ти мораш да и се посветиш со цело свое срце бидејќи не ти преостанува уште многу време. {1C 704.3}

Сопственото „јас” мора во тебе да умре и мораш да живееш во Бога. „И така, ако сте воскреснале заедно со Христос, барајте го она што е горе, каде што Христос седи оддесно на Бога”. Не поведувај се по сопственото „јас”. Гордоста, самољубието, себичноста, лакомоста, алчноста, љубовта кон светот, омразата, фрлањето сомневање, зависта, лошите претпоставки - сето тоа мора да се победи и да се жртвува засекогаш. Кога Христос ќе се појави, Тој нема да ги отстранува тие зла, притоа давајќи морална подготвеност за Неговото доаѓање. Сите подготовки тие мораат да ги извршат пред Тој да се појави. Предмет на нашето размислување и најсердното прашање секогаш треба да биде: Што треба да правиме за да се спасиме? Што треба да правиме за да Му угодиме на Бога? {1C 705.1}

Кога ќе паднеш во искушение да мрмориш, осудуваш и нерасположено да ги рануваш сите околу себе, ранувајќи ја со тоа и својата душа, запрашај од длабината на своето битие: Дали ќе бидам беспрекорен кога ќе се најдам пред Божјиот престол? Таму ќе бидат само оние што се беспрекорни. Никој нема да биде примен во небото додека срцето му е полно со овоземна нечистотија. Секој недостаток во карактерот мора овде да се отстрани, секоја дамка на гревот треба да се испере со Христовата крв, а секоја непожелна и одвратна особина мора да се победи. {1C 705.2}

Колку време имаш намера да посветиш на подготовката за да можеш да се најдеш во друштво на небесните ангели? Во состојбата во која сега се наоѓате ти и твоето семејство, и кога би биле примени на небото, вие се би оскверниле. Подготовката за вечен живот мора да се изврши во овој живот. Не допуштај да загубиш ниту еден миг. На небото сè е во хармонија, мир и љубов. Таму нема неслога, кавги и осудувања, нема ниту еден нељубезен збор, намрштено чело или навреда; и оние што имаат само една од овие мани што ја нарушуваат среќата на другите никогаш нема да влезат таму. Труди се да бидеш богат во добри дела, подготвен да даваш и делиш за да можеш за себе да подготвиш добар темел за времето што ќе дојде и да се
здобиеш со вечен живот. {1C 705.3}

Престани засекогаш да се жалиш на овој минлив живот и поважно од сè друго нека ти биде залагањето за вечен живот, за да стекнеш право да влезеш во вечните живеалишта што Христос ги подготвува за оние што ќе останат верни и предани до

крајот. Ако погрешиш во тоа, ќе загубиш сè. Ако својот живот го посветиш само на стекнување на овоземно богатство, а го загубиш небесното, на крајот ќе сфатиш дека страшно си се измамил. Да се има сè и на овој свет и да се наследи вечниот живот не е можно. „Зашто каква полза ако го придобие целиот свет, а на душата своја и напакости? Или каков откуп ќе даде човекот за својата душа?" Апостол Павле
во вдахновение кажува: „Зашто нашите сегашни незначителни страдања ни донесуваат многу пообилна и вечна тежина на славата, зошто ние не целиме кон видливото, бидејќи видливото е бремено, а невидливото - вечно". {1C 706.1}

Сите наши животни неволји се Божји работници што ја отстрануваат нечистотијата, недостатоците и нерамнините на нашиот карактер, подготвувајќи нè за друштвото на небесните ангели во славата. Но додека минуваме низ сето тоа и додека огнот на неволјите гори околу нас, не смееме својот поглед да го задржуваме на тоа што се гледа, туку со очите на верата постојано да гледаме на она што не се гледа, на непоминливото наследство, на бесмртниот живот и на вечната и од сè попретежна слава; и додека така правиме оганот на неволјите не може да ни напакости, туку само ќе го одвои плевелот, и ние ќе излеземе од него седум пати почисти, носејќи во себе божествено обличје. {1C 706.2}

Гринвил, држава Мичиген,
7. март, 1868.

---

119. ПОЛОЖБАТА НА СОПРУГОТ

Драги брате и сестро Д, додека во недела попладне зборував на состанокот, одвај се воздржав да не ги спомнам и вашите имиња по повод на некои подробности што ми беа покажани во визија. Видов дека брат Д во своето семејство не ја зазема онаа положба што му припаѓа според Божјата намера. Сестра Д има водечка улога во семејството. Таа е личност со исклучително силна волја, која никогаш не се потчинила иако тоа Бог изрично го бара. За да
ѝ угоди како на сопруга, и за да не се чувствува потиштена, братот Д постојано ѝ попушта. Тој немоќно се раководи според нејзините погледи и веќе со години не се однесува како слободен човек. {1C 707.1}

Кога брат Д реши да работи во Божјото дело, беше мал во своите очи и Бог успешно го користеше како свое орудие. Меѓутоа, покажано ми е дека тој веќе неколку пати не се потчинува понизно под Божјата рака. Се потпира на сопствената мудрост и на своето ограничено човечко расудување, а сатаната тоа го користи како предимство да загосподари над него. Наместо да се потпира само на Бога и Неговата семоќ, тој дозволува влијанието на неговата жена постојано да го изопачува неговото расудување. Таа делува на таков начин како да гледа, слуша и разбира сè што се случува околу неа. Кога би имала посветено расудување и небесна мудрост, таа би гледала со посветени очи и би слушала со посветени уши, па своите очи и уши исправно би ги користела во согласност со Божјата волја. Меѓутоа, таа не се придржува на библискиот запис: „Кој е слеп, освен мојот слуга, и кој е глув како мојот пратеник што го испраќам?" Бог не сака ние да слушнеме сè што може да се слушне и да гледаме сè што може да се види. Најмногу внимание треба да се посвети брзо и јасно да ги согледаме своите недостатоци, брзо да чуеме и послушаме секој укор и упатство, па поради своето

невнимание и немарност да не станеме заборавливи слушатели наместо извршители на делата. {1C 707.2}

Брате Д, во твојата работа веќе подолго време нема онака мудри и успешни потези како порано. Твоите постапки веќе не носат печат на Божјото одобрување. Твојата сопруга во твое отсуство ги водеше сите твои овоземни работи и грижи што беше за неа преголем товар. Тоа ја зголеми твојата наклоност кон неа и те наведе на погрешно расудување, бидејќи врз основа на нејзините успеси во овоземните работи, сега ги преценуваш нејзините вистински способности.

Сатаната будно ја искористи можноста твојата преголема доверба во сопругата да ја претвори во своја предност. Негова намера е на ваков начин да те вовлече во својата мрежа и така и двајцата да ве уништи. Својата должност како Божји повереник во голема мера ѝ ја препушти на својата жена. Тоа е погрешно. Таа може сосем добро да го носи својот дел од одговорностите и без она што е твоја должност и за што Бог тебе те смета за одговорен. {1C 708.1}

Сестра Д беше измамена во некои прашања. Мислеше дека лично Бог ја упатува во извесна смисла и вие и двајцата верувајќи во тоа, така и постапивте. Разумноста што мислеше дека таа посебно ја има беше само измама од страна на непријателот. Според својата природа брзо забележува, брзо сфаќа, брзо расудува и има исклучиво чувствителна природа. Сатаната будно ги користи тие нејзини особини и двајцата ве заведува на погрешен пат. Брате Д, ти веќе подолго време си само роб. Многу од она што сестра Д го сметаше за резултат на својот силен ум, се покажа само како плод на зависта и љубомората. Таа е наклонета сè да гледа со завидливи очи, на сè да се сомнева, во сè да гледа зло и да нема доверба во никого. Сето тоа ја прави несреќна, очајна и полна со сомнежи, а треба да негува вера и доверба во Бога. Тие несреќни црти на нејзиниот карактер ги насочуваат нејзините мисли само на она што е суморно и мрачно. Таа постојано насетува некое зло и нејзината премногу чувствителна природа ја наведува постојано да вообразува дека ја запоставуваат, омаловажуваат и навредуваат, иако не е така. Сето ова го попречува вашето духовно напредување, а ги погодува и другите, токму затоа што сте поврзани со Божјото дело. Ваша задача е да се понизите под силната Божја рака, за Тој да ве воздигне кога ќе дојде време за тоа. Тие несреќни црти на карактерот, пропратени со покажување на јаката и непопустливата волја мораат да се коригираат и менуваат, или и двајцата ќе доживеете бродолом во својата вера. {1C 708.2}

Брате Д, твоја должност е повторно да бидеш Божји повереник, улога што ја напушти и со Божји страв да застанеш на чело на своето семејство. Мораш да се оттргнеш од влијанието на сопругата, да се потпреш во потполност на Бога, и само од Него да очекуваш упатства и водство. Бог не ѝ дал никакви посебни упатства на сестра Д, ниту светлина за да ги поучува другите што им е должност. Нити ти, ниту твојата жена нема да можете да ја остварите улогата што Бог ви ја наменил ако продолжите по својот сегашен пат. Не ќе можеш да бидеш цврст ниту да се утврдиш сè додека на својата сопруга и дозволуваш да зазема положба што не ѝ припаѓа. И кога ќе го заземе своето место што ѝ припаѓа, почитувај го нејзиното расудување и советувај се со неа во поглед на своите планови, но биди мошне внимателен нејзиното расудување да не го прифатиш

како Божји глас. Советувај се со своите браќа како со луѓе на кои лично Бог го ставил товарот на делото. Да се советуваше со оние со кои требаше да се советуваш, немаше да направиш така голема грешка каква што направи во случајот со Е. Со тоа е нанесена

навреда и срам на угледот на Божјото дело. Твојата жена мислеше дека има посебна светлина за тој случај, но нејзините впечатоци не беа од Бога, туку од непријателот кој знаеше дека на тој начин најсигурно може да влијае и на тебе. Твојата неограничена доверба во расудувањето на твојата жена е во спротивност со небесниот ред. На тој начин сатаната настојува во голема мера да те одвои од влијанието на твоите соработници и од браќата воопшто. {1C 709.1}

Доживуваше неволји од кои ќе беше поштеден кога на својата жена не би ѝ верувал дека тоа што го кажува е всушност Божји глас. Премногу имаше доверба во нејзиното расудување и во нејзината мудрост. Таа не се предаде на Бога, и затоа и нејзиното расудување не беше посветено. Таа не е среќна жена, и несреќната насоченост на нејзините мисли во голема мера негативно делува и на нејзиното физичко и душевно здравје. Цел на сатаната е да те заведе и тебе, за да ја предизвика недовербата на твоите браќа во твоето здраво расудување. Ако твојата жена биде повикана да работи на ширењето на вистината, тогаш со доверба ќе можеш да се советуваш со неа. Можеби Бог и на тебе и нејзе ќе ви подари сила да одиграте истакната улога во оваа свечена задача на спасување на душите, доколку сте навистина заинтересирани и донесете одлука ревно да работите во Неговото дело. Пред неа е голема задача да го утврди својот повик и служба, и наместо да ги следи другите во нивните постапки, треба да почне со ревно преиспитување на сопствениот живот. Нека се труди со својот добар пример, ведрина, постојаност во верата, храброст, со надеж и доверба во Бога, како плодови на посветувањето со вистината, да биде благослов за другите. Таа мора во потполност да се потчини на Божјата волја.

„Сакај го Господ, својот Бог, со цело срце, со сета душа и со сета своја сила," Христос ѝ кажува и на неа. „Ова е првата и најголема заповед, а втората е како и оваа: „Сакај го својот ближен како себе самиот. На овие две заповеди се крепат целиот Закон и пророците.„ {1C 710.1}

Овие редови се напишани, 4 октомври, 1867 година, во Маунт Плесант, држава Ајова. Немав време да го завршам и да го препишам ова сведоштво. Затоа го оставив недовршено сè додека не се вратив од Исток во Гринвил, во државата Мичиген, каде повторно продолжив да го пишувам, на 30 јануари, 1868 година. {1C 710.2}

Драги брате и сестро Д, требаше одамна да го примите ова сведоштво, но бевме толку оптоварени со нашите обврски, така што не можев да најдам време за пишување. Во секое место што го посетивме ми доаѓаа на ум толку подробности кои ми беа покажани за поедини личности, така што пишував дури и на состаноците додека проповедаше мојот сопруг. {1C 711.1}

Оваа визија ми беше дадена пред скоро две години. Непријателот на секој начин настојуваше да ме спречи светлината што Господ ми ја даде за поедини личности да не допре до нив. Прво, здравствената состојба на мојот сопруг беше така загрижувачка и така мачна што не можев ниту да пишувам. Потоа, постапките на моите браќа ме држеа во таква потиштеност и тага, така што не бев способна за никаква работа. Кога минатото лето тргнавме на пат, почнав да пишувам, но од едно во друго место преминувавме толку брзо, така што целото време го поминувавме само на состаноците. Бевме навистина премногу зафатени. Станував во четири часот наутро за да почнам со пишување. Сепак, постојаната зафатеност со возбудливи напори на состаноците толку го истоштува умот така што не бев способна за пишување, што многу тешко ме тиштеше. {1C 711.2}

Жал ми е што ова не можевте порано да го добиете, но Господ и сега може да направи да ви послужи на благослов, тоа е моја најискрена молитва. Драги брате, ти можеби веќе и самиот го согледа ова за што ти пишувам и се поправи. Барем се надевам дека е така. И ти и твојата сопруга ја имате нашата наклоност и ние постојано се молиме за вас. Заинтересирани сме и за нејзиното и за твоето вечно добро. Нејзината душа е драгоцена пред Бога. Ја молиме во Христово има да се стреми кон украсите на кроткиот и понизен дух што е драгоцено пред Бог. Укажувајќи на сестра Д, ангелот ги нагласи следните зборови: „На она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете.„ Ова се вистинските насоки каде треба да ги насочуваме своите мисли. Ако мислата е насочена кон нешто друго, треба веднаш да се пренасочи. Контролирајте ги своите мисли. Привикнувајте се да мислите само на она што донесува мир и ја поттикнува љубовта. {1C 711.3}

Ви го предавам ова сведоштво, со надеж и со молитва Бог да ве благослови, за и двајцата да можете да се подготвите и да бидете достојни за вечниот живот. {1C 712.1}

ДОДАТОК

Како помош за разбирање на околностите кои водеа кон давање на одредени сведоштва, следните забелешки се дел од објаснувањето подготвено од институцијата на која ѝ се доверени публикациите на Елена Вајт. {1C 713.1}

Стр. 116, **„Време за почеток на саботата”** - За период од некаде десет години адвентистите кои ја празнуваа саботата, ја држеа саботата од 18:00 часот во петок до 18:00 во сабота. Проповедникот Џосеф Бејтс во својот прв трактат за непрекинливоста на саботата од четвртата заповед, објавен во 1846-та година, објави причини за наводната библиска поддршка за ваквото празнување на саботата. Тој ја цитираше параболата за работниците во лозјето, т.е. последната група од оние кои биле повикани во „единаесеттиот час” на денот и кои работеле само еден час. Со нив била правена пресметка „кога се свечери”. Матеј 20:6,8,12. Споредувајќи го тоа со Христовото прашање, „Зар денот нема дванаесет часови?” тој (Џосеф) резонираше дека „вечерта” започнува со дванаесеттиот час, или шест часот попладне. Почитта кон неговите години и искуство како и неговиот побожен живот можеби биле главни причини за прифаќање на неговите заклучоци без понатамошно проучување. {1C 713.2}

Како што времето поминуваше и пораката се шириле, сè поголем број на почитувачи на саботата се сомневаа во таа пракса и го застапуваа заоѓањето на сонцето како време за започнување на саботата. Темелно библиско испитување на ова прашање беше направено од страна на проповедникот Џ.Н. Ендрус, кој напиша статија изнесувајќи библиски причини во прилог на почнувањето на саботата со заоѓањето на сонцето. Оваа статија беше изнесена и дискутирана на една саботна конференција во Батл Крик, на 17 ноември, 1855-та година, кога скоро сите присутни беа уверени дека заклучоците на проповедникот Ендрус се исправни. Изнесувањето на овој предмет на Г-ѓа Вајт во визија, дадено два дена подоцна, ги одговори прашањата кои се задржуваа во умовите на некои и кои влијаеа за единството меѓу верниците. Коментирајќи го ова искуство, илустрирајќи го делото на визиите за да ги потврди заклучоците кои се

основани на проучување на Библијата, наместо да претстави некое ново учење, проповедникот Јаков Вајт подоцна напиша: {1C 713.3}

„Природно се јавува прашањето, доколку визиите служат за да ги исправат заблудените, зашто таа (Елена Вајт) порано не ја виде грешката со започнување на саботата во 6 часот попладне во петок? Јас сум благодарен на Бога кој во Свое добро време ја исправи оваа заблуда, и не дозволи помеѓу нас да постои некоја неубава поделба во врска со ова прашање. Но, драг читателу, Божјото делување на оваа точка е во совршена хармонија со исправното разбирање на духовните дарови. Изгледа дека не е Божја желба преку даровите на Духов да го учи Својот народ во врска со библиските прашања се додека Неговите слуги вредно не ја истражиле Речта. Кога тоа беше направено за предметот на времето за почеток на саботата, и повеќето луѓе беа утврдени, а некои беа во опасност да излезат од хармонија со телото на овој предмет, тогаш, да, тогаш, беше времето Бог да ја манифестира Својата добрина во манифестирањето на даровите на Неговиот Дух во извршувањето на својата соодветна работа". - Преглед и Гласник, 25 февруари, 1868. {1C 713.4}

Стр. 116, 117, 122, **123**, „**Групата на весникот Гласник"** - Во летото од 1854 година помеѓу адвентистите на седмиот ден се појави првото несогласување (разединување) или отпад. Двајца луѓе кои ја проповедаа пораката беа укорени преку духот на пророштвото за својот остар, осудувачки дух; беа укорени и за алчност и расипничко користење на средствата кои им беа доверени. Станувајќи огорчени наместо да се покајат, тие заедно со неколкумина други се соединија во неправедно против обвинување на проповедникот Вајт, г-ѓата Вајт и други водачи, наведувајќи лажни обвинувања против нив. И покрај тоа што продолжија да ја застапуваат вистината за саботата, тие започнаа да издаваат еден клеветнички весник кој тие го нарекоа ***Гласник на вистината***. {1C 714.1}

Ним им се придружија проповедниците Стивенсон и Хол од Висконсин. Овие луѓе беа проповедници од деноминацијата адвентисти на првиот ден, кои исповедаа дека ги прифатија вистините на третата ангелска вест, но кои продолжија да држат доктрини во поглед на Векот кој доаѓа. Според оваа теорија, за време на милениумот ќе има „втора шанса" за спасение. Како и да е, тие се согласија да ја проповедаат пораката, без да го застапуваат тоа прашање, само ако Преглед не издава статии против таа доктрина. Сепак, како што и се споменува во текстот, тие не се држеа до своето ветување и наскоро му се спротивставуваа на Преглед и на оние кои го подржуваа. {1C 714.2}

Делото на овие „спротивставувачи на вистината" наскоро изумре. Двајцата Стивенсон и Хол го загубија својот разум. ***Гласникот на вистината*** престана со своето издавање во 1857-та година, а на почетокот на 1858-та проповедникот Вајт извести во поглед на групата: „Ниту еден од тие осумнаесет гласници за кои тие се фалеа дека се со нив сега отворено не проповедаат, и колку што знаеме тие немаат ниту едно јавно место каде редовно се собираат". - Преглед и Гласник, 14 јануари, 1858. {1C 714.3}

Стр. 190, **Систематско добродетелство** - Во раните денови на пораката, некои луѓе, поттикнати од нагонот на уверувањето излегоа да ги проповедаат ново откриените вистини. Тие беа зависни за својата издршка од сопствената работа или пак од доброволните дарови на верниците. Таквиот неизвесен начин на дарување беше повеќе или помалку нередовен и променлив по своите резултати. Рано во 1859-та година се почувствува потреба за поизвесен план, и во таа цел некои се оддадоа на сесрдно проучување. Од тоа проучување излезе планот на дарување наречен систематско добродетелство. Во хармонија со 1. Коринтјаните 16:2, давање редовно секој прв ден

од седмицата беше препорачливо, и, според тоа како е пишано во 2. Коринтјаните 8:12-14, беше сугерирано еднакво споделување на финансиските одговорности. Тој план бараше од браќата седмично да одвојуваат од 5 до 25 центи а сестрите од 2 до 10 центи, додека за оние кои поседуваа имот, требаа да дадат седмично од 1 до 5 центи за секои сто долари од вредноста на имотот. {1C 714.4}

Планот главно беше примен со наклоност и тука прими одобрување од духот на пророштвото. Најголемиот грев во црквата беше посочен како лакомост. (стр. 148). Систематското добродетелство не беше претставено како совршен план, затоа што исто така беше изјавено дека „Бог го води Својот народ" во таа работа, и „ги воздига" (145). Како што плановите за поддршка на делото се прошируваа, беше сè повеќе и повеќе поттикнуван дух на дарежливост додека конечно светлина од Библијата не го откри системот на десетоци и дарови каков што и денес ѝ е познат на црквата. {1C 714.5}

Стр. 210, **Организација** - Сè до 1860-та година, меѓу оние адвентисти кои ја држеа саботата не постоеше легална т.е. црковна организација. Тие дури немаа прифатено ни име. Тие за себеси зборуваа како за „Распрскано Стадо," „Малечкиот Остаток," или пак некоја комбинација од слични изразувања. Проповедникот Вајт објави преку весникот Преглед дека тој мора да одбие да продолжи да презема лична одговорност за позајмените пари на уредништвото на Преглед и Гласник. Тој понатака изрази надеж дека наскоро ќе дојде време кога „овој народ ќе биде во положба да го осигура црковниот имот, официјално да ги поседуваат домовите за богослужение, и оние луѓе кои ги пишуваат своите тестаменти, и кои сакаат тоа да го направат, да можат да препишат дел на издавачкото одделение". Тој ги повика своите браќа да сугерираат нешто за да може таа желба да се издејствува за „ние како народ" да можеме да си ги обезбедиме горенаведените предности. {1C 715.1}

Еден од првите одзиви на ова барање беше она од братот Б, кого и текстот го споменува, кој го изрази своето уверување дека би било погрешно да се регистрираме како верско тело според законот. Тоа тој мислеше би било како „да се здобиеме со име," каква што беше и желбата на градителите на вавилонската кула, и тоа би „било како започнување на Вавилон". Што се однесува до осигурување на домовите за богослужение, зар тие не се Божја сопственост и зар Тој не може да се грижи за Своето без помош на осигурителните компании? Потоа, тој рече, оние кои позајмуваат пари до уредништвото не треба да инсистираат на тоа да постои документ потпишан од легална корпорација, затоа што „тие му позајмуваат на Господа, и за тоа мора да имаат доверба во Бога". - Преглед и Гласник, 23. февруари, 22. март 1860. {1C 715.2}

По многу дискусија неизвесноста во поглед на прикладноста за легално организирање на издавачката дејност беше наголемо надмината и на конференцијата која се одржи во септември, 1860-та година, беше формирана Адвент Ревиењ Публисхинг Ассоциатион. Неколку месеци подоцна името беше променето во Севентх-дас Адвентист Публисхинг Ассоциатион. Дури и по овој чекор кај некои сè уште имаше колебање дали да се влезе во црковна организација, и предметот продолжи да се дискутира. Како и да е, бидејќи поголемиот дел беа за организација, движењето продолжи прво со организирање на цркви, потоа на државни унии и на крајот во 1863-та со формирање на Генералната Конференција. {1C 715.3}

Сведоштвото за „Организација" (стр. 206, 207) зборува за спротивставување кои се јави во Њујорк во поглед на организирањето како и за визијата во поглед на тоа. {1C 715.4}

Стр. 292 - **Маѓепсниците** во реалноста не ги претвориле стаповите во змии; меѓутоа преку маѓија, помогнати од големиот измамник, тие биле способни да направат тоа така да изгледа. Претворањето на стапови во живи змии било над моќта на сатаната. Кнезот на злото, и покрај тоа што ја поседува сета мудрост и сила на еден паднат ангел, нема сила да создаде или да даде живот; тоа е способност само на Бога. Но сето тоа што сатаната можел да го стори, тој го направил; тој направил фалсификат. За човечкиот поглед изгледало како стаповите навистина да се претворени во змии. Тоа требало да го веруваат фараонот и неговите дворјани. По нивниот изглед тие во ништо не се разликувале од змиите кои ги произвеле Мојсеј и Арон. Така сведоштвото зборува со библиски јазик; додека истиот Дух објаснува дека Библијата зборува за змиите онака како што тие изгледале. Види Сведоштво бр. 33, книга 5, стр. 696-698. {1C 716.1}

Стр. 355, **„Бунт во Соединетите Американски Држави”** - Во времето кога ова сведоштво беше пишувано, во почетокот на 1863-та година, адвентистите на седмиот ден беа соочени со сериозен проблем. Нацијата беше во војна. И покрај тоа што во своето срце не веруваа во војување, симпатиите на верниците на црквата, скоро без исклучок, беа целосно на страната на Владата во спротивставувањето на ропството. Како што се одвиваше конфликтот, сè повеќе и повеќе луѓе беа повикувани во војска. При секој повик, секоја област имаше должност да обезбеди одредена бројка на регрути, и кога бројот на доброволците беше под бараната бројка, беа повикувани други луѓе за да се задоволи недостатокот. За одредено време беше возможно со пари да се купи замена и така некој кој бил повикан да биде слободен. Бидејќи за оние адвентисти на седмиот ден кои беа повикувани не беше обезбедена положба во задна (неборбена служба), и не беше овозможено празнување на саботата, обично кога адвентистите беа повикувани, тие со пари го купуваа своето изземање. Ако некој човек не бил во можност да плати за себе, нему му било помогнато од одреден фонд кој бил собран за таа намена. {1C 716.2}

Сега, како што биле потребни повеќе луѓе, и кога националниот закон за регрутирање кој ги исклучувал таквите изземања бил неизбежен, нашите браќа биле во потешкотија во поглед на нивниот одѕив на таквото регрутирање, бидејќи би биле принудени да земат оружје во рака или да работат во сабота. {1C 716.3}

Неколку месеци пред појавата на ова сведоштво, проповедникот Вајт напишал статија во Преглед и Гласник под наслов „Нацијата,” за која се посочува на 269 страна. Тој верувал дека американската Влада е најдобра во светот и дека таа се бори за праведна причина. Неговиот најдобар совет во тоа време, за во случај на регрутирање, бил дека „би било лудило да се одбие”. Тој додал: {1C 716.4}

„Оној кој ќе се противи сè додека, во примена на војниот закон е застрелан, оди предалеку, земајќи така одговорност како за самоубиство”. - Преглед и Гласник, 12 август, 1862. {1C 716.5}

Природата на некои од одѕивите на луѓето кои се огласиле на таа статија, како што е тоа посочено од г-ѓа Вајт, биле такви што го воделе проповедникот Вајт да протестира против тоа виртуелно обвинување за „престапување на сабота и убиство” кое било изнесени против него. Таквите екстремисти биле укорени од г-ѓа Вајт од една страна, а од друга страна било дадено предупредување за оние кои биле наклонети да стапат во војска. {1C 716.6}

Во јули, 1864, државниот закон за регрутација бил така променет што сумата од 300 долари за изземање од војска била укината. Веднаш биле преземени чекори за да им се овозможи на младите адвентисти на седмиот ден да ги искористат привилегиите кои

им се овозможени на верските деноминации кои според својата совест се спротивставувале на носење на оружје - да бидат назначени во неборбена служба во болница или во грижата за робовите кои биле ослободени. Пред да се дошло до сериозна криза, овие напори беа успешни. Во неколку случаи младичи - адвентисти на седмиот ден - биле регрутирани во војска и биле назначени во служба во болница или во некоја друга неборбена служба. Каква и да била нивната назначена работа, тие се труделе нивната светлина да свети. Редовно во тек на неколку месеци низ списанието ***Преглед и Гласник*** биле објавувани прилозите за фондот за литература за војската, од кој требало да се обезбеди литература за дистрибуција меѓу војниците. {1C 717.1}

Искуствата на адвентистите на седмиот ден во поврзаност со граѓанската војна водеа да направат чекори кои ќе им обезбедат да бидат признаени и да добијат статус како луѓе кои не одат во борба, додека пак во исто време тоа им овозможи да ги следат налозите на Библијата во поглед на своите односи кон „властите" кои „се поставени од Бога". {1C 717.2}

Стр. 421, 456, **Реформа во облеката** - Фустаните кои главно биле носени од жените во Америка во времето кога ова било пишувано (1863, 1867) биле многу штетно за здравјето. Тие биле посебно непогодни поради својата екстремна должина, стеснувањето на половината со стегач, и тежината на тешките здолништа кои се обесувале за колковите. Околу декада порано неколку добро познати жени во земјата, започнале движење за прифаќање на нов стил на облека која би била слободна од таквите сериозни непријатности. Новиот модел на фустан бил нешто слично на турскиот костим кој била носен и од мажите и од жените. Тоа движење станало толку популарно што за некое време биле одржувани годишни конвенции за „реформниот фустан". {1C 717.3}

„Американскиот костим" за кој тука се зборува од страна на г-ѓа Вајт, бил модификација на поранешниот стил и бил поддржан од др. Хариет Аустин од Дансвил, Њујорк. Тоа било комбинација на кратка сукња, „која достигала некаде половина од колкот до коленото," и панталони, палто и елек (слични на машки). Види опис на страна 353. Овој така наречен „реформен фустан" ѝ бил покажан во 1864 година на г-ѓа Вајт како облека која не е соодветна да биде прифатена од Божјиот народ. {1C 717.4}

Во 1865 година, г-ѓа Вајт преку трактатот ***„Како да живееме,"*** број 6 апелирала до нашите сестри да прифатат стил на облека (фустан) која ќе биде и скромна и здрава. Следната година новоотворениот Институт за Реформа на Здравјето во Батл Крик преземал чекори да дизајнира модел на фустан кој ќе ги исправи крајностите на краткиот американски костим и на прекумерно долгиот фустан кој обично бил носен. {1C 717.5}

Во 1867, во Сведоштвото 11 се појавила првата статија, „реформа во облекувањето". Види страни 346-353. Тука прашањето за облеката било целосно прегледано и бил даден понатамошен совет. Бил препорачан општ модел кој ги применувал принципите кои ѝ биле откриени на г-ѓа Вајт и кон тоа било посочено како кон нешто „достојно за името на краток реформен фустан". Неа во визија не е било откриен некој специфичен модел, и кога за тоа подоцна дискутирала. Г-ѓа Вајт изјавила:{1C 717.6}

„Некои мислат дека тој модел којшто е даден е моделот кој сите треба да го прифатиме. Тоа не е така. Но нешто едноставно како тоа треба да биде најдобро што ние можеме да го прифатиме под овие околности. Мене не ми е даден некаков прецизен стил на облека како прецизно правило кое сите треба да нќ води во нашата

облека”. – Елена Г. Вајт, Писмо 19, 1897. Цитирано во ***Сторија за нашата здравствена порака, стр.* 442**. {1C 718.1}

Како што годините поминувале, преовладувачкиот стил на женската облека се променил на подобро, станувајќи поразумен и поздрав.

Стариот здравствен реформаторски фустан со својот прецизен модел повеќе не била ургиран, но секогаш постоело еднообразно сведоштво изнесено од г-ѓа Вајт во поглед на основните начела коишто треба да ги водат христијаните во овој поглед. Така во 1897 година таа напишала: {1C 718.2}

„Нашите сестри нека се облекуваат недекоративно, како што многу прават, имајќи облека од добар материјал, траен, скромен и соодветен за ова време и прашањето за облеката нека не го исполнува умот”. – Цитирано во ***Сторија за нашата здравствена порака, стр.* 442**. {1C 718.3}

Стр. 525 - За понатамошно објаснување на предметот на облеката читателот се упатува на ***Сведоштва за Црквата, книга 4, број 30, наслов, „Едноставност во облекувањето”.*** {1C 718.4}

Стр. 689 – Бидејќи од организацијата на друштвото за трактати во многу држави, која обезбедува книги и трактати за достојните сиромаси се преземени од нив, некои од споменатите дела сега се веќе во печат. {1C 718.5}

Од Повереништите за публикациите на Елена Вајт

(делумно скратено)



Кринолини - 1861 година